УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ

Билјана Миле Маринова

ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА ВО ТЕКСТОВИТЕ НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ ВО СПОРЕДБА СО НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

докторски труд

Скопје
2025

Докторанд:
БИЉАНА МИЛЕ МАРИНОВА

Тема:
ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА ВО ТЕКСТОВИТЕ НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ ВО СПОРЕДБА СО НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

Ментор:
проф. д-р ЉУДМИЛ СПАСОВ,
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

Лектура:
Билјана Маринова

Научна област:
МАКЕДОНИСТИКА – МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИНГВИСТИКА

Билјана Миле Маринова

ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА ВО ТЕКСТОВИТЕ НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ ВО СПОРЕДБА СО НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

А п с т р а к т

Јордан Хаџи Константинов-Џинот е еден од најистакнатите македонски интелектуалци од 19 век кој е активно вклучен во филолошките дискусии за идниот писмен јазик на Македонците. Со неговите ставови за модернизација и упростување на азбуката и, воопшто, на правописот, дава значаен придонес во оформувањето на македонскиот писмен јазик. Од овие причини, во рамките на македонската наука за јазикот потребно беше да се направи пообемно истражување чиј предмет се правописните правила во текстовите на Џинот, бидејќи недостасува пообемна анализа (досега не е направена) кај нас и пошироко.

Мотивацијата за пишување на овој докторски труд произлегува од фактот дека е неопходно потребно да се истражат правописните правила во писмениот јазик на Џинот, со што би се дале одговори на доста нејасни прашања кои предизвикуваат голем број полемики во нашата (но и во бугарската) научна и културна средина. Од големо значење за македонската лингвистика е поставувањето на ставовите и јазичната практика на Џинот во корелација со неговите современици од македонската, бугарската и српската јазична средина (Партениј Зографски, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Константин Миладинов, Константин Петковиќ, Христаки Павлович, Неофит Рилски, Петар Берон, Васил Априлов, Иван Богоров, Најден Геров, Христо Ботев, Вук Караџиќ, Ѓуро Даничиќ).

Во оваа дисертација се утврдуваат и споредбено се претставуваат применетите правописни правила во текстовите на Џинот, а преку тоа се покажува тенденцијата за упростување на правописот која се базира на живиот говор. Исто така, оваа дисертација ги открива правописните влијанија преку литературата со која бил во контакт Џинот, како и влијанието што врз него го имале неговите современици. Во анализата и споредбите се поаѓа од: азбуката (составот/системот на бележењето на гласовите); пишувањето на самогласките и согласките; правописните правила засновани на фонетски промени кај согласките; употребата на голема и на мала почетна буква; слеаното, полуслеаното и разделеното пишување на зборовите; интерпункцијата; правописните знаци; скратениците и скратувањата на зборовите; транскрипцијата и транслитерацијата на туѓите имиња; географските и други имиња и оформувањето текст/делови од текст/писмено обраќање.

Без сомнение, Џинот се наоѓал пред тежок проблем – да се изрази на својот мајчин јазик во услови кога од првата стандардизација на македонскиот писмен јазик го делат уште неколку децении исполнети со јазични дискусии, но и со притисоци од странските пропаганди на територијата на Македонија. Со неговиот ангажман во многу сфери на културно-општествениот живот и со вклученоста во решавањето на филолошките прашања дава значаен придонес за претстојното засилување на македонистичкото движење во осумдесеттите години на 19 век и за големите чекори што следуваат во поглед на изборот на дијалектната основа и упростувањето на правописот на идниот македонски писмен јазик.

Клучни зборови: Јордан Хаџи Константинов-Џинот; македонски просветител и преродбеник; азбука – графеми; правопис – правописни правила; упростување и модернизација на правописот; отфрлање на *ъ*, *ѫ* и *ѭ*; развој на македонскиот писмен јазик; средина на 19 век; втора половина на 19 век.

Biljana Mile Marinova

THE ORTHOGRAPHIC RULES IN THE WORKS OF JORDAN HADŽI KONSTANTINOV-DŽINOT IN COMPARISON TO HIS CONTEMPORARIES

A b s t r a c t

Jordan Hadži Konstantinov-Džinot is one of the most prominent Macedonian intellectuals of the 19th century, actively involved in philological discussions about the future written language of the Macedonians. With his views on the modernization and simplification of the alphabet and, more generally, the orthography, he made a significant contribution to the formation of the Macedonian written language. For these reasons, within the framework of Macedonian linguistic studies, it was necessary to conduct a more extensive investigation focusing on the orthographic rules in Džinot's texts, as a comprehensive analysis (which has not yet been carried out) is lacking both in our region and beyond.

The motivation for writing this doctoral dissertation stems from the fact that it is essential to investigate the orthographic rules in Džinot's written language, thereby providing answers to many unclear questions that spark numerous debates in our (and the Bulgarian) scientific and cultural circles. Of great importance to Macedonian linguistics is the positioning of Džinot's views and linguistic practices in correlation with his contemporaries from the Macedonian, Bulgarian, and Serbian linguistic spheres (Partenij Zografski, Ǵorǵi Pulevski, Kuzman Šapkarev, Rajko Žinzifov, Grigor Prličev, Konstantin Miladinov, Konstantin Petkovič, Hristaki Pavlovič, Neofit Rilski, Petar Beron, Vasil Aprilov, Ivan Bogorov, Najden Gerov, Hristo Botev, Vuk Karadžiḱ, Ǵuro Daničiḱ).

This dissertation identifies and comparatively presents the orthographic rules applied in Džinot's texts, demonstrating the tendency toward the simplification of orthography based on the living spoken language. This dissertation also uncovers the orthographic influences present in the literature Džinot was exposed to, as well as the impact of his contemporaries on his work. The analysis and comparisons focus on: the alphabet (composition/system of sound representation); the writing of vowels and consonants; orthographic rules based on phonetic changes in consonants; the use of uppercase and lowercase letters; the fused, semi-fused and separated writing of words; punctuation; orthographic symbols; abbreviations and shortened forms of words; the transcription and transliteration of foreign names; geographical and other names; and the structuring of text/parts of text/written communication.

Undoubtedly, Džinot faced a challenging problem – to express himself in his native language at a time when the first standardization of the Macedonian written language was still several decades away, marked by linguistic debates as well as pressures from foreign propaganda within the territory of Macedonia. Through his engagement in various spheres of cultural and social life and his involvement in addressing philological issues, Džinot made a significant contribution to the forthcoming strengthening of the Macedonian movement in the 1880s and to the major strides that followed regarding the selection of the dialectal basis and the simplification of the orthography for the future Macedonian written language.

Keywords: Jordan Hadži Konstantinov-Džinot; Macedonian educator and revivalist; alphabet – graphemes; orthography – orthographic rules; simplification and modernization of orthography; rejection of ъ, ѫ and ѣ; development of the Macedonian written language; mid-19th century; second half of the 19th century.

Благодарност

На почетокот, изразувам голема благодарност до мојот ментор, проф. д-р Људмил Спасов, кој со исклучителна професионалност и стручност несебично го насочуваше истражувачкиот процес обезбедувајќи важни насоки, критички согледувања и поддршка, без кои овој труд немаше да ја достигне својата научна целина. Професорот Спасов е ментор и на мојот магистерски труд, така што во изминатите години на соработка неговото менторство и академската визија имаа многу важна улога во развојот на мојот истражувачки пристап. Ја изразувам и мојата благодарност за споделените етички и животни лекции, кои имаат свој одраз врз мојот однос кон науката и кон животот.

Им благодарам на професорите од Катедрата за македонски јазик, со кои успешно завршив три студиски циклуси, за нивната несебична поддршка, за пренесените знаења и за посветеноста.

Благодарност до м-р Гоце Стојановски, раководител на Одделението за средување и обработка на архивски материјал – Битола, до д-р Јасмина Дамјановска, раководителка на Одделението за средување и обработка на архивски материјал – Велес, и до Државниот архив на Република Северна Македонија, за поддршката во обезбедувањето потребни архивски материјали.

Посебна благодарност упатувам до Бугарскиот историски архив, кој е дел од Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија, за можноста да ги користам нивните извори и за срдечната соработка. Нивната стручна помош и овозможувањето пристап до значајни архивски документи имаа суштинско значење за обработката на историско-јазичните материјали.

Билјана Маринова

Изјавувам дека докторскиот труд е оригинален труд што го имам изработено самостојно.

Изјавувам дека електронската верзија на докторскиот труд е идентична со отпечатениот докторски труд.

Потпис на авторот, с. р.

На сопругот Зоран,
како благодарност
за неизмерната поддршка

С О Д Р Ж И Н А

Вовед 11
1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот) и кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот) 17
1.1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот) 21
1.2. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот) 30
1.3. Правописните решенија и практики на „среднистите“ и „македонистите“ во однос на македонскиот јазик 37
1.4. Правописните решенија и практики во македонските текстови со грчко писмо (алфавит) 57
2. Правописните тенденции и правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот 64
2.1. Пишување на гласовите. Азбука (состав/систем на бележењето на гласовите) ... 72
2.2. Пишување на самогласките 73
2.2.1. Пишување на самогласката *а* 73
2.2.2. Пишување на самогласката *е* 73
2.2.3. Пишување на самогласката *и* 75
2.2.4. Пишување на самогласката *о* 83
2.2.5. Пишување на самогласката *у* 85
2.2.6. Пишување на самогласното *р* 86
2.2.7. Пишување на графемите *ѣ* и *я* 88
2.2.8. Пишување на графемата *ь* 92
2.2.9. Пишување на графемата *ъ* 94
2.2.10. Пишување на графемата *ѫ* 106
2.2.11. Пишување на графемата *ю* 106
2.2.12. Еднакви самогласки во непосреден допир 107
2.2.13. Испуштање на самогласките 108
2.2.13.1. Испуштање на *а* 108
2.2.13.2. Испуштање на *е* 108
2.2.13.3. Испуштање на *и* 109
2.2.13.4. Испуштање на *о* 109
2.2.13.5. Испуштање на *у* 109
2.3. Пишување на согласките 110
2.3.1. Пишување на согласката *б* 110
2.3.2. Пишување на согласката *в* 110
2.3.3. Пишување на согласката *ѓ* 112
2.3.4. Пишување на согласката *ǧ* 112
2.3.5. Пишување на согласката *ѕ* 113
2.3.6. Пишување на согласката *s* 113
2.3.7. Пишување на согласката *з* 114
2.3.8. Пишување на согласката *ж* 115
2.3.9. Пишување на согласката *ј* 115
2.3.10. Пишување на согласката *к* 118
2.3.11. Пишување на согласката *л* 118

2.3.12. Пишување на согласката *љ* 119
2.3.13. Пишување на согласката *м* 122
2.3.14. Пишување на согласката *н* 122
2.3.15. Пишување на согласката *њ* 123
2.3.16. Пишување на согласката *п* 124
2.3.17. Пишување на согласката *р* 125
2.3.18. Пишување на согласката *с* 125
2.3.19. Пишување на согласката *ш* 126
2.3.20. Пишување на согласката *ќ* 126
2.3.21. Пишување на графемата *ћ* 129
2.3.22. Пишување на согласката *ф* 131
2.3.23. Пишување на согласката *х* 131
2.3.24. Пишување на согласката *ц* 134
2.3.25. Пишување на согласката *ч* 135
2.3.26. Пишување на согласката *џ* 137
2.3.27. Пишување на согласката *ш* 138
2.3.28. Пишување на графемата *щ* 139
2.3.29. Пишување на графемата *ѳ* 140
2.3.30. Пишување на графемата *ѣ* 140
2.3.31. Пишување на графемата *ѣ* 141
2.3.32. Пишување на графемата *ѣ* 142
2.3.33. Употреба на постари графеми, други знаци и писма во преписи на (делови од) постари ракописи 142
2.3.34. Правописни правила засновани на фонетски и морфонолошки промени кај согласките 145
2.3.35. Согласни групи 151
2.3.36. Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање 153
2.3.37. Испуштање согласки 154
2.3.38. Морфонолошки промени на согласките 155
2.4. Употреба на голема и на мала почетна буква 156
2.4.1. Голема буква на почеток на реченица 156
2.4.2. Голема почетна буква на секој дел кај сопствените имиња 158
2.4.3. Голема почетна буква само на првиот дел од називот 162
2.4.4. Мала почетна буква 167
2.5. Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите 170
2.6. Интерпункција 187
2.6.1. Точка (.) 187
2.6.2. Прашалник (?) 188
2.6.3. Извичник (!) 189
2.6.4. Запирка (,) 191
2.6.5. Точка и запирка (;) 195
2.6.6. Две точки (:) 196
2.6.7. Три точки (...) 197
2.6.8. Загради ( ) 197
2.6.9. Црта (тире) (–) 198
2.6.10. Наводници („“) 199
2.6.11. Полунаводници (‘‘) и (‘ ’) 199
2.6.12. Знаци за директен говор 199
2.7. Правописни знаци 200

2.7.1. Точка 200
2.7.2. Запирка 201
2.7.3. Две точки 202
2.7.4. Црта (тире) 202
2.7.5. Цртичка 202
2.7.6. Загради 202
2.7.7. Коса црта 203
2.7.8. Надреден знак 203
2.7.9. Апостроф 203
2.7.10. Ѕвездичка 204
2.7.11. Белина 205
2.7.12. Други знаци 206
2.8. Скратеници и скратувања на зборовите 206
2.9. Делење на зборот на крајот од редот 208
2.10. Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња 208
2.10.1. Албански јазик 209
2.10.2. Латински јазик 209
2.10.3. Српски јазик 209
2.10.4. Бугарски јазик 210
2.10.5. Грчки јазик 210
2.10.6. Руски јазик 212
2.10.7. Англиски јазик 212
2.11. Географски и други имиња 213
2.12. Оформување текст/делови од текст/писмено обраќање 217
3. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од македонската јазична средина („среднистите“ и „македонистите“) 223
4. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од бугарската и српската јазична средина 236
5. Заклучни согледувања 247
6. Забелешки и список на скратеници 256
7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања 262
8. Литература 281
Биографија на авторката 294
АВТОРЕЗИМЕ 295

Вовед

Македонскиот 19 век е многу значаен на јазичен план бидејќи претставува период во кој се отвораат најважните јазични прашања што се однесуваат на македонскиот писмен јазик. Станува збор за обемна и специфична тема во рамките на историјата на македонскиот јазик што е предмет на истражување на голем број автори и сè уште предизвикува интерес со бројните аспекти што се малку разгледувани во рамките на македонската наука за јазикот. Важно место во периодизацијата на македонскиот јазик заземаат промените што го зафаќаат правописот во втората половина на 19 век, кога доаѓаат до израз тенденциите за упростување на азбуката и тогашните правописни принципи. Во однос на правописот, текстовите од периодот на 19 век покажуваат доста разлики во чија основа лежат различните сфаќања за изгледот на писмениот јазик, во науката познати како „среднистички“ и „македонистички“, при што е невозможно да се утврди единствена форма.

Во наведениот период расте свеста за употребата на народниот јазик кој ќе одговори на предизвиците на новото време, додека црковнословенскиот јазик ја ограничува својата употреба како јазик на богослужбените книги. Наспроти намалената употреба на црковнословенскиот јазик стои зголеменото влијание на соседните јазици преку засилените пропаганди на соседните држави (Србија, Грција и Бугарија). Во 19 век забележителен е позначителен контакт на македонскиот јазик со другите словенски јазици кои биле понапред во својот писмен развој преку литература од различен карактер (Конески 1986: 23). Основите на оформувањето на идниот писмен јазик во Македонија ги поставуваат првите македонски писатели – Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, со своите први печатени книги на народен јазик каде преовладува македонскиот народен јазик, односно современиот говор. Меѓу првите македонски претставници на 19 век кои ги поврзуваме со т.н. граѓанска литература и кои се занимаваат и со проблематиката на идниот писмен јазик на Македонците е Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Во контекст на ова, треба да се спомене и фактот дека Џинот е еден од првите кои го отвораат прашањето за писмениот јазик во Македонија, по што следува поголемо засилување на македонистичкото движење.

Во средината на 19 век доминираат две гледишта за решавање на македонското јазично прашање. На една страна се оние кои се залагаат за создавање еден заеднички словенски јазик кој ќе функционира како средство за поврзување помеѓу Словените, особено помеѓу Јужните Словени[1]. Ваквиот јазик би требало да биде „среден“, т.е. да се земат предвид и бугарските и македонските дијалектни јазични особености, како и дотогашната писмена практика, но јасно се изразува идејата дека во него треба да има елементи карактеристични за македонското говорно подрачје (Спасов 2005: 37–48). Еден од застапниците на ваквата идеја е и Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Второто гледиште настапува малку подоцна, тргнувајќи од шеесеттите и седумдесеттите години на 19 век и според застапниците на ова гледиште (т.н. „македонисти“) треба да се издели посебен македонски јазик врз народна основа бидејќи станува збор за посебен народ, со свои обичаи, културни традиции и со своја историја.

[1] Меѓу другото, станува збор за стремеж за поврзување на Јужните Словени – Македонците, Бугарите, но и Србите, оние од православната сфера. Стремежот за јазично единство на писмениот јазик се согледува и меѓу католичкото, протестантското и православното население кај Јужните Словени и на поширокиот простор, односно кај денешните Словенци, Хрвати и Срби, а поттикот за (јужно)словенското јазично обединување доаѓа од чешката средина (Damjanović 2021: 189–228; Спасов и др. 2022: 63–65).

Предмет на научен интерес во овој докторски труд се правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во споредба со неговите современици. При проучувањето на писменият јазик на Џинот треба да се има предвид специфичната јазична ситуација во Македонија во средината, односно во втората половина на 19 век. Писменият јазик на Џинот е показател на извесна модернизација во поглед на правописот, но и на архаизација, односно на усложнување во поглед на морфологијата со синтетизмот што го застапува како одраз на неговата тенденција за користење на граматички модели на словенската писмена традиција за обновување на падежниот систем во македонскиот јазик. Во однос на правописот, односно на изборот на графемите, Џинот се насочува кон упростување, односно отфрлање на некои графеми како што се ъ, ѫ и ѭ. Тој свесно и аргументирано (на начин што е својствен за него) се впушта во важната јазична дискусија што е актуелна во средината на 19 век кога немало некои поцврсти правила. Со ваквите промени што ги замислил, сметал дека македонскиот писмен јазик ќе се доближи до другите словенски јазици и ќе придонесе за јазично обединување помеѓу словенските народи, што е разбирливо за времето во кое живеел (Спасов 2005: 45).

Оваа докторска дисертација се надоврзува на мојот магистерски труд *Јазичниот синтетизам во писменият јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот*, одбранет во 2014 г. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (Деспотовска 2014), и дава значаен придонес кон проучувањето на писменият јазик на Џинот како важна точка во годините пред првата стандардизација на јазикот. Изборот на темата произлегува и од фактот што правописните принципи во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот кај нас и пошироко не се детално разработени, односно беше утврдено дека недостасува сеопфатна анализа што ќе ги прикаже во целост ставовите на Џинот за упростување и модернизација на системот на графиските знаци (описот на буквите, на азбуката), како и на правописните правила, но и нивната практична примена во неговите објавени дела во тогашните весници и во неговите писма. Писменият јазик на Џинот бил предмет на интерес кај нас на Х. Поленаковиќ, Бл. Конески, Т. Димитровски, О. Јашар-Настева (Поленаковиќ 1951; 1954а; 1955; 1957; Конески 1950; 1986; 1987; Димитровски 1982; 1983б; Конески, Јашар-Настева 1972). Наведените автори даваат значаен придонес во поглед на проучувањето на значењето на Џинот за развојот на македонскиот писмен јазик.

За разлика од писменият јазик на Џинот, неговото литературно творештво е анализирано од страна на поголем број истражувачи. Покрај Х. Поленаковиќ, В. Тушевски и Бл. Конески, со проучување на литературата на Џинот, како и неговата сестрана дејност како филолог, фолклорист, журналист, поет, историчар, филозоф, собирач на стари ракописи и основоположник на драмата во македонската литература, се занимавале и: Г. Тодоровски, Ѓ. Шоптрајанов, Р. Кантарџиев, Е. Зографска, Љ. Басотова, В. Тоциновски, М. Друговац, К. Џамбазовски, А. Матковски (Конески 1950; 1981; 1986; 1987; Тодоровски 2004; Шоптрајанов 1949; Кантарџиев 1996; Зографска 1978; Басотова 1983; 1991; Тоциновски 1983; Друговац 1996; Џамбазовски 1956; 1983; Матковски 1966).

Најзначаен придонес во проучувањето на Џинот имаат дадено Х. Поленаковиќ – со сознанијата кои се однесуваат на животниот пат и дејноста, литературата и писменият јазик на Џинот, како и со објавувањето на тешко достапни материјали за македонската научна јавност што се дел од кореспонденцијата на Џинот со други институции, и В. Тушевски – со докторската дисертација на тема *Јорѳан Хаџи Константинов-Џинот – живот и ѳело* (Поленаковиќ 1951; 1954а; 1954б; 1955; 1957; 1967; 1969; 1971б; 1973; Тушевски 1996; 2000; 2001; 2003; 2013).

На оваа тема има посветено внимание Т. Димитровски (Димитровски 1983б), осврнувајќи се на јазикот на Џинот и јазикот на Македонците (говорен и писмен). Исто така, Бл. Конески (Конески 1986) дава осврт на културно-историските состојби во 19 век и кус преглед на делата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, задржувајќи се и на неговиот јазик, па во моето истражување поаѓам од нивните резултати и заклучоци.

Животот и дејноста на Џинот, како и неговиот јазик, предизвикувале и сè уште предизвикуваат интерес и во бугарската научна средина. Во поглед на проучувањето на јазикот на Џинот во современата бугарска наука за јазикот се истакнуваат И. Радев, П. Радева и Т. Николова (Радев, Радева 1994; Николова 1995; 1996).

Во анализата што е претставена во овој труд како контролен пункт се користат различните изданија на правописите на македонскиот, бугарскиот и српскиот јазик од минатото и денес, но и статиите што се однесуваат на овие прашања во сите три средини: македонската, бугарската и српската. Предмет на истражувањето во оваа докторска дисертација е утврдување правописни правила во текстовите на Џинот и споредба со правописните правила од *Правопис на македонскиот јазик* (2015 г.) и *Македонскиот правопис* (1945 г.), но и со други изданија на правописите на македонскиот јазик, како и со современици на Џинот, со цел да се докаже неговата улога во оформувањето на македонскиот писмен јазик преку модернизацијата и упростувањето на правописните правила и преку употребата на живиот народен говор.

Јазичниот материјал што се разгледува во трудот е ексцерпиран од поезијата на Џинот, од неговите сценско-дијалошки игри, афоризмите, неговите патописи и други текстови кои се објавувани во *Цариградски вестник* (*Цариградски вѣстникъ*) и во списанието *Гласник* (*Гласникъ*) на Друштвото за српска словесност (Друштво српске словесности) од Белград. Исто така, предмет на анализа е кореспонденцијата на Џинот – преписката со Друштвото за српска словесност и со редакцијата на *Цариградски вестник*. Во текот на истражувањето беше реализирана посета на Бугарскиот историски архив во Софија, каде се чуваат три оригинални ракописи на Џинот како дел од фондот под бр. 786, со цел да се обезбеди подобар увид во неговата писмена практика.

Во ова истражување е дадена споредба на јазичниот материјал и правописните принципи од наведените текстови со:

а) правописните правила одразени во *Правопис на македонскиот јазик* (2015 г.) – денешната состојба во современиот македонски стандарден јазик;

б) правописните правила одразени во *Македонскиот правопис* од 1945 г., изготвен од Комисијата за азбука и правопис во рамките на тогашното Министерство за народна просвета, како и во другите последователни правописи, сè до последниот;

в) правописните принципи на современици на Џинот во македонската јазична средина: Партениј Зографски, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Константин Миладинов, Константин Петкович (Зографски 1857; 1858; 1859; Пулевски 1873; 1875; 1880; Шапкарев 1868; Зборник 1962; Прличев 1994; Конески, Јашар-Настева 1972; Стаматоски 1974; 1986; Конески 1986; Ристовски 1996; 2011; Спасов 1985; 1990; 2005; 2018);

г) правописните принципи на современици на Џинот во бугарската и во српската јазична средина: Христаки Павлович, Неофит Рилски, Петар Берон, Васил Априлов, Иван Богоров, Најден Геров, Христо Ботев, Вук Караџиќ, Ѓуро Даничиќ (Павлович 1833; 1845; Рилски 1835; Берон 1824; Богоров 1882; Мркаљ 1810; Обрадовиќ 1836; Караџић 1814; 1818; Даничић 1847; Мирчев 1979; Младенов 1979; Цонев 1984; Венедиктов 1990; Николић 1965; Чигоја 2010).

Во истражувањето се поаѓа од главната хипотеза: *Јордан Хаџи Константинов-Џинот, како еден од првите што го отвориле прашањето за писмениот јазик во Македонија, има значајно место во развојот на македонскиот писмен јазик*; а дополнителната хипотеза гласи: *Може да се следи придонесот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во оформувањето на македонскиот писмен јазик преку ставовите за модернизација и упростување на правописот и преку употребата на живиот народен говор.*

Главна задача е докажувањето на стремежот на Џинот за упростување и модернизација на правописните правила, со оглед на фактот дека досега на оваа тематика не е направено пообемно истражување (в. погоре).

Докторската дисертација ја има следнава структура:

0. Вовед

1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот) и кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот)

1.1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот)

1.2. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот)

1.3. Правописните решенија и практики на „среднистите“ и „македонистите“ во однос на македонскиот јазик

1.4. Правописните решенија и практики во македонските текстови со грчко писмо (алфавит)

2. Правописните тенденции и правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

2.1. Пишување на гласовите

а) азбука (состав/систем на бележењето на гласовите)

б) пишување на самогласките

в) пишување на согласките

г) согласни групи

д) правописни правила засновани на фонетски и морфонолошки промени кај согласките

2.2. Употреба на големата и на малата почетна буква

2.3. Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите

2.4. Интерпункција

2.5. Правописни знаци

2.6. Скратеници и скратувања на зборовите

2.7. Делење на зборот на крајот од редот

2.8. Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња

2.9. Географски и други имиња

2.10. Оформување текст/делови од текст/писмено обраќање

3. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од македонската јазична средина („среднистите“ и „македонистите“)

4. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од бугарската и српската јазична средина

5. Заклучни согледувања

6. Забелешки и список на скратеници

7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања

8. Литература.

Методологијата се состои од следниве чекори:

1. Ексцерпција на најкарактеристичните примери од текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот што се однесуваат на следниве аспекти: азбука (состав/систем на бележењето на гласовите); пишување на самогласките и согласките; правописни правила засновани на фонетски промени кај согласките; употреба на голема и на мала почетна буква; слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите; интерпункција; правописни знаци; скратеници и скратувања на зборовите; делење на зборот на крајот од редот; транскрипција и транслитерација на туѓите имиња; географски и други имиња; оформување текст/делови од текст/писмено обраќање. Со оваа постапка се опфатени: поезијата, сценско-дијалошките игри, патописите, афоризмите и статии на Џинот што се објавени во *Цареградски вестник*; текстови кои се објавени во списанието *Гласник* на Друштвото за српска словесност, како и писма што Џинот ги испраќал до редакциите на *Цареградски вестник* и на списанието *Гласник* – до Друштвото за српска словесност или до некои личности од неговото време.

2. При разработката на примерите од текстовите што се објавени во *Цареградски вестник* и во списанието *Гласник* се има предвид фактот и за можните влијанија од страна на коректорите/редакциите.

3. Утврдување систем на графеми што Џинот го користи во неговите текстови од различен карактер.

4. Разработка на примерите, тргнувајќи од идејата да се најдат и утврдат одделни правила во поглед на правописот.

5. Утврдување правописни правила до кои Џинот се придржува во неговите текстови од различен карактер.

6. Изработка на табели кои се основа за споредбата која се врши.

7. Статистика и табеларно прикажување на примерите од разработката.

8. Изработка на компаративни табели за примерите од разработката.

9. Споредба на резултатите од анализата со правописните правила во *Правописот на македонскиот јазик* (2015 г.), *Македонскиот правопис* (1945 г.) и другите правописи на македонскиот јазик.

10. Споредба на резултатите од анализата со правописните принципи на современици на Џинот во македонската јазична средина (Рајко Жинзифов, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков, Григор Прличев, Константин Миладинов, Константин Петкович).

11. Споредба на резултатите од анализата со правописните принципи на современици на Џинот во бугарската и српската јазична средина (Христаки Павлович, Неофит Рилски, Петар Берон, Васил Априлов, Иван Богоров, Најден Геров, Христо Ботев, Вук Караџиќ, Ѓуро Даничиќ).

12. Во текот на целата ексцерпција и разработка се споредуваат резултатите од анализите на примерите.

13. Извлекување заклучоци, тргнувајќи од присутната тенденција кон модернизација и упростување на правописот.

14. Особено значење меѓу применетите методи има методот на ексцерпција. Се употребуваат аналитичко-синтетичкиот метод, со што се соединуваат практиката и теоријата, како и статистичкиот метод преку кој се врши споредба на примерите од текстовите на Џинот со примери од *Правописот на македонскиот јазик* (2015 г.), *Македонскиот правопис* (1945 г.) и од другите правописи на македонскиот јазик, како

и со примери од текстови на современиците на Џинот. Се користат и методите на генерализација и специјализација. За да биде исцрпно истражувањето, се користи и методот на индукција со што може да се соберат повеќе податоци за применетите правописни принципи. Подоцна се користи методот на дедукција, со што проблемот се разгледува од теоретски аспект.

Овој докторски труд дава свој придонес со тоа што покажува нови теми во науката за македонскиот јазик од периодот на македонскиот 19 век што го одбележале доста комплексни случувања. Трудот ќе придонесе за дополнување на сознанијата за сложениот процес на развој на македонскиот писмен јазик во неговиот претстандарден период. Најголем придонес ќе има во областите на историјата на јазикот, историската граматика, а ќе биде од особено значење и за јужната славистика и балканистика. Поконкретно, резултатите од истражувањето ќе најдат своја примена во областа на македонистиката (јазик и литература), во областа на научните истражувања на македонскиот јазик (од деловите историја на македонскиот јазик, историска граматика и историска фонологија на македонскиот јазик, дијалектологија, морфологија, лексикологија, стилистика), во анализата на македонските текстови од 19 век, во историјата на јужнословенската лингвистика и литература, историјата на лингвистиката и литературата на словенските и на балканските народи.

1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот) и кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот)

Не може да се посочи друга балканска област во која национално-културниот развиток во последните два века бил толку сложен како во Македонија.[2]

Почетокот на 19 век на Балканскиот Полуостров го најавува крајот на османлиското владеење под силните притисоци на организираните борби за ослободување на поробените балкански народи. Положбата на покорените народи во рамките на Османлиската Империја постојано се влошува, а тие, пак, сè повеќе се мотивирани за поведување организирани борби за ослободување. Во овој период Османлиите воведуваат бројни реформи за да го спречат падот на Империјата, но реформите не ги даваат посакуваните резултати. Од друга страна, кај поробените балкански народи во почетокот на 19 век започнува силното национално будење, меѓу другото, и под влијание на засилените романтичарски движења во развиените европски земји во 18 век.

Во 1804 г. започнува Првото српско востание кое завршува неуспешно, но го зајакнува борбениот дух и силно го поттикнува националното будење, така што во 1815 г. со Второто српско востание Србите успеваат да добијат автономија (Pavlowitch 2014: 27, 30). Во 1821 г., на Пелопонез, Грција, започнува грчката борба за ослободување (Pavlowitch 2014: 36). Во грчкото ослободување се вклучуваат и европските сили (Русија, Велика Британија и Франција), па така, под притисок, во 1830 г. на територијата на Грција се формира независната грчка држава како прва независна држава на Балканот (Pavlowitch 2014: 39). Ситуацијата започнува да се менува по ослободувањето на Грција, така што во јануари 1844 г. претседателот на Владата на Грција, Јоанис Колетис (Ιωάννης Κωλέττης),[3] пред Парламентот ги изнел основите на надворешната политика како дел од познатата „Мегали идеја“ (грч. *Μεγάλη Ιδέα*), чија крајна цел е создавање „Велика Грција“ (Битовски 2003: 25). Во првите две децении на 19 век Цариградската патријаршија одигрува силно влијание во ширењето на грцизмот меѓу сите православни народи во Османлиската Империја преку дејствувањето на училиштата и верските објекти. Засилената грижа на митрополитите за отворање современи училишта резултира со реорганизација на грчкото училиште во Солун (1835 г.) и со отворање нови училишта во Струмица, Битола (1830 г.), Прилеп, Крушево (1847 г.) и во други градови, а експанзијата на грчкото образование во Македонија и на целата елинизациска политика ги поттикнува национално освестените Македонци да преземат конкретни акции за еманципација од грцизмот преку добивање право на сопствена црква и на своја народна просвета и култура (Битовски 2003: 25). Меѓу жестоките противници на елинизмот се истакнуваат Димитар Миладинов и Григор Прличев, кои првично се негови видни носители.

Кога зборуваме за странските пропаганди во Македонија, не треба да ја изоставиме романската пропаганда која е позната и како влашко движење. Во 1860 г. во Букурешт е основан Македонскиот комитет чија цел била да работи на

[2] Конески Бл., 2003. „Развитокот на современиот македонски литературен јазик“. *Историја на македонскиот народ – Македонија во деветнаесеттиот век до Балканските војни (1912 – 1913)*, том трети, редактор К. Битовски. Скопје: Институт за национална историја, 502.

[3] Битовски (2003: 25) ги истакнува зборовите на Колетис: „Елинизмот има два центри (...) Атина и Цариград... Цариград е големата престолнина на сите Грци.“

ослободување на Власите од грцизмот во европскиот дел на Османлиската Империја, но целта на Комитетот не можела лесно да се оствари бидејќи македонските Власи, пред сè, преку религијата, со децении биле поврзани со елинизмот и немале речиси никаква духовна врска со Романија (Битовски 2003: 46). Првото романско училиште во Македонија (и во Османлиската Империја) е отворено во с. Трново, Битолско (1864 г.), потоа во с. Гопеш, Битолско итн. (Битовски 2003: 46).

Првите ослободени[4] земји на Балканскиот Полуостров, Грција и Србија, први покажуваат интерес кон Македонија. Србија и Грција отвораат центри (конзулати) во повеќе македонски градови од каде ги организираат и контролираат своите пропагандни активности. Во 1876 г. во Бугарија избувнува Априлското востание кое е задушено, но влијаело на понатамошните борби за национално ослободување на Бугарите (Chary 2011: 33). Како резултат на руската победа во Руско-турската војна (1877 – 1878), со Санстефанскиот мировен договор[5] (3 март 1878 г.) помеѓу Русија и Османлиската Империја е формирано Кнежеството Бугарија. Поради незадоволството од Санстефанскиот мировен договор е одржан Берлинскиот конгрес (13 јуни – 13 јули 1878 г.) со кој се изменети границите на балканските земји: Романија, Србија и Црна Гора стануваат независни држави, а на Бугарија ѝ е доделен автономен статус (Chary 2011: 34; Howard 2017: 294).

Во овој период и во Македонија се случуваат организирани борби за ослободување кои завршуваат неуспешно (Негушко востание – 1822 г., Разловечко востание – 1876 г. и Кресненско востание – 1878 г.). Покрај Османлиската Империја, како експлоататор на македонското население се јавува и Цариградската патријаршија. Борбата што македонското граѓанство ја поведува против Патријаршијата започнува со жалби против злоупотребите на митрополитите за црковните давачки, продолжува со барања за замена на грчките архиереи со домашни лица и со барања за воведување на народниот јазик во училиштата, а на крајот следува барањето за обновување на Охридската архиепископија (Битовски 2003: 34). Македонскиот 19 век е силно разбрануван и од Младата македонска книжевна дружина која е формирана во 1891 г. во Бугарија, од ученици и студенти кои не биле задоволни од тогашните историски услови.

Јордан Хаџи Константинов-Џинот, започнувајќи ја својата просветителска работа (1838 г.) во родниот град Велес, меѓу првите се соочува со жестоките мерки на Грчката црква, но и со неподготвеноста на неговите влијателни сограѓани да му помогнат. Според Битовски (2003: 26–27), Џинот, дваесетина години подоцна, напишал дека велешките граѓани се неуки и слепо покорни на црковните авторитети, а присетувајќи се на својот прв конфликт со грчкиот владика, тој истакнал и недостаток на разбирање и поддршка за неговата учителска работа од страна на угледните велешани.

Национално-општествената ситуација во тоа време е сложена и дополнително комплицирана од обединувачкиот стремеж меѓу православните и неправославните Словени, изразен преку панславизмот, илиризмот и идеите за формирање заеднички

[4] Руско-турската војна завршува со Санстефанскиот мировен договор кој подоцна е ревидиран со одлуките на Берлинскиот конгрес. Србија добива независност од Османлиската Империја и значително ги проширува своите територии.
<https://www.britannica.com/event/Serbo-Turkish-War> пристапено на: 15.1.2024 г.

[5] Санстефанска Бугарија претставува проект за „Голема Бугарија“ кој не се остварува поради стремежот на големите сили да го одржат балансот на моќта во Европа. Во составот на т.н. Санстефанска Бугарија, освен Бугарија, било предвидено да се вклучи и речиси цела Македонија.
<https://www.britannica.com/event/Treaty-of-San-Stefano> пристапено на: 15.1.2024 г.

литературни јазици (Спасов и др. 2022: 63). Кај сите балкански народи, и словенски, и несловенски, 19 век е период во кој се отвораат прашања за националните писмени јазици за чие решавање постојат различни гледишта во услови кога сè уште не е јасно издиференцирана националната свест. Познато е дека во споменатиот период т.н. Илирско движење, со центар во Хрватска, се залагало за еден општ илирски литературен јазик за Јужните Словени и дека оваа идеја ја прифатиле и некои писатели од словенечката средина како што се Станко Враз (Stanko Vraz), Урбан Јарник (Urban Jarnik), Матија Мајар (Matija Majar) (Greenberg 2011: 372). Но, и покрај тоа, словенечкиот јазик се афирмирал како посебен литературен јазик, а „илирската" идеја придонесла да се реализира јазичната поврзаност во потесни рамки отколку што се замислувало првобитно – со усвојувањето на заедничкиот српско-хрватски литературен јазик (Конески 2003: 507).

За 19 век се доста важни процесите на стандардизација на јазиците што ги поврзуваме со изразените романтичарски движења и тоа што тие го носат со себе – борба за ослободување на поробените народи кои, пак, имаат право на сопствен јазик. Во овој период, стариот традиционален поим *народ* сфатен како културно-јазична заедница е ставен во втор план; во центарот на вниманието се поставува поимот *нација* со атрибутите „свој" јазик и „своја" територија (Тополињска 2000: 25). Во балканските земји, сложените процеси за стандардизација на јазиците ги реализираат мал број образовани луѓе, најчесто учители, писатели, а поретко научници-филолози, кои своите дискусии ги водат, најчесто, во тогашните весници и списанија (неретко до читателската публика се обраќаат и преку своите литературни дела) и започнуваат од изборот на дијалектната основа, па сè до специфичните прашања што се однесуваат на графиските системи и на правописните принципи.

Во рамките на лингвистиката, но и пошироко гледано – на општествен план, постојат различни мислења за македонското јазично прашање, особено за прашањата што се однесуваат на историјата на македонскиот јазик. Општо прифатено е тоа дека постои современ македонски стандарден јазик, додека за претстандардниот период на нашиот јазик постојат различни аргументи[6].

И во рамките на (јужно)словенските[7] јазици во 19 век се решаваат важни јазични прашања. За разлика од Македонците, Србите и Бугарите побрзо формираат држава во која се создаваат најповолни услови за решавање на јазичните прашања, секако, поврзани со стандардизацијата. Македонците и Бугарите се наоѓаат во рамките на Османлиската Империја, но се соочуваат и со силна елинизација која ја спроведува Цариградската патријаршија, што особено доаѓа до израз во Македонија. Во првата половина на 19 век била избрана, а околу педесеттите години на 19 век потврдена

[6] Според Брозовиќ (2000: 10–11), постојат и различни мислења за тоа кога почнува историјатот на македонскиот јазик, што зависи од тоа како временски ќе ги одредиме претстандардните процеси – дали ќе ги опфатиме само 18 и 19 век или и првите четири децении на 20 век.

[7] Словенските народи им припаѓаат на две европски културни сфери – *slavica ortodoxa* (ги опфаќа православните Јужни и Источни Словени од 9 век) и *slavica romana* (ги вклучува дел од Јужните Словени и Западните Словени). *Slavica ortodoxa* во помала или во поголема мера се поврзува со црковнословенскиот јазик – многу елементи на овој јазик се вградени во современата состојба на стандардните јазици што им припаѓаат на православните словенски јазици, додека словенските јазици од културната сфера на *slavica romana*, исто така, прифаќаат елементи од црковнословенскиот јазик, особено во средновековната фаза на нивниот развој, а во текот на нивната конечна стандардизација прифаќаат и многу елементи од западноевропските и од средноевропските литературни/стандардни јазици, односно во поголема мерка нивното конечно формирање е под влијание на италијанскиот, францускиот и, особено, на германскиот јазик (Спасов 2018: 13). Во овој контекст, Спасов (2018: 13) како пример го наведува рускиот стандарден јазик кој е смеса од црковнословенскиот јазик од јужнословенска проминенција со московскиот говор од 15 и 16 век.

нормата на српскохрватскиот јазик чии четири варијанти на четири различни територии денес по административен пат се претворени во четири одделни словенски јазици: хрватски, српски, босански и црногорски јазик. Во педесеттите години на 19 век започнува стандардизацијата на бугарскиот јазик. На конечната стандардизација ѝ претходат широки дискусии и различни ставови во однос на белезите што треба да ги има идниот писмен јазик за прашањата што се однесуваат на наследениот словенски граматички модел и на балканските белези на јазикот кои го доближуваат до соседниот словенски јазик – македонскиот. Дискусиите за балканските особини на бугарскиот јазик, кои го оддалечувале од наследениот словенски граматички модел, завршуваат со тоа што многу балкански црти биле отфрлени или преосмислени, пред сè, под влијание на рускиот јазик (Тополињска 2000: 26). Во 1878 г.[8] Бугарија добива автономија со помош на Руската Империја, по што се создаваат поволни услови што ќе доведат до стандардизација на бугарскиот јазик.

Во втората половина на 19 век се консолидирале и лужичките стандарди (иако нивната имплементација била возможна дури по Втората светска војна), кон половината на 19 век бележиме први стремежи за создавање на кашупскиот стандард, а во 19 век била одредена и дијалектната основа на словачкиот стандард, кој официјално бил прогласен дури по Првата светска војна (Тополињска 2000: 26).

Според Спасов (2000: 37), македонскиот, бугарскиот и српскиот јазик имаат доста сличности во процесот на стандардизација, а сличноста произлегува од фактот дека во македонската, бугарската и српската средина развојот на современиот јазичен стандард се става во релација со рускоцрковнословенската рецензија, која доминантно се употребува во овие краишта во 18 век како писмен јазик, мешана со домашната традиција на црковнословенската писменост. Од друга страна, во овој период меѓу Словените владеат идеи за некакви форми на заедништво што ги согледуваме во панславенизмот, илиризмот, во идеите за оформување заеднички словенски јазици (македонско-бугарски, словенечко-хрватско-српски, чешко-словачки). За 19 век се карактеристични и обидите за решавање на јазичните прашања на несловенските балкански јазици – грчкиот, албанскиот и ароманскиот.

[8] Бугарија добива автономија по речиси еден век изразено преродбенско движење на општествен план и по многу неуспешни востанија и дипломатски борби.

1.1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот)

Јужнословенските јазици лингвистички се претставуваат како дијалектен континуум во кој, низ историјата, се имаат јавено иновациски центри, формирани како жаришта на нови појави што водат кон создавање посебни дијасистеми (Конески 2021: 255). Македонскиот[9], српскиот и бугарскиот јазик, како три различни јазични дијасистеми, покажуваат разлики и сличности во процесот на стандардизација сфатен како нормализација на правописната, фонетската, граматичката и лексичката норма на писмениот јазик што се одвива во текот на 19, односно 20 век. Основата на македонскиот современ стандарден јазик ја даваат централните говори на западномакедонското наречје, на српскиот современ стандарден јазик – штокавското наречје, на бугарскиот современ стандарден јазик – источнобугарските говори. Имајќи ги предвид различните белези на трите јазици и различните општествено-историски услови, Македонците, Србите и Бугарите имаат и различен приод кон решавањето на јазичните прашања. За целата јужнословенска сфера важи фактот дека писмениот јазик темелен врз црковнословенска основа има мошне низок степен на граматичка нормализација, а во рамките на графијата и правописот постои голема несреденост (Спасов и др. 2022: 63).

Во текот на 19 век, во македонската, српската и бугарската јазична средина како писмен јазик се употребува црковнословенската традиција со рускословенска рецензија. Црковнословенската традиција е мешана со домашната традиција која има свои специфики во секоја од наведените средини: во Бугарија – таа е традиционална јусова писменост од бугарска провениенција, но и еден мешан тип на писмениот јазик со нејусов правопис, додека во Србија, по доаѓањето на руски учители и свештеници во 18 век, српскоцрковнословенскиот се заменува со рускословенски јазик, но не целосно, а надвор од црквата се формирал посебен облик на писмениот јазик чии главни компоненти се рускоцрковнословенскиот јазик, српскоцрковнословенскиот, како и елементи од живиот руски и живиот српски јазик[10] (Спасов и др. 2022: 63). Во овој период, во Македонија, доминира мешан тип на писмениот јазик со нејусов правопис.

---

[9] Со цел да се даде поширок контекст на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век, во овој дел ќе дадеме преглед на периодизацијата на македонскиот јазик. Во историјата на македонскиот писмен јазик се разликуваат неколку периоди и потпериоди. Блаже Конески (1975) е автор на периодизацијата на македонската јазична и книжевна историја. Според Спасов (2018: 17), во развојот на македонскиот писмен јазик се издвојуваат следниве периоди:

1. канонски период (9 – 11 век);
2. македонска редакција на црковнословенскиот јазик (12 и 13 век);
3. црковнословенски писмен јазик од македонска редакција, од српска редакција и од мешан тип (14 и 18 век);
4. почеток на македонскиот литературен (книжевен) јазик – појава на т.н. дамаскини (16 век);
5. навлегување на рускоцрковнословенската редакција и нејзино мешање со постоечката домашна писмена традиција во јазикот и во стилот (18 век);
6. употреба на два стила, два писмени јазика, низок (народен јазик) и висок (црковнословенски јазик) (прва половина на 19 век);
7. дискусија за обликот и за основата на современиот писмен јазик на Македонците (втора половина на 19 век);
8. прва стандардизација на современиот македонски јазик со книгата *За македонците работи* од Крсте Мисирков, издадена во 1903 г.;
9. конечна стандардизација на современиот македонски стандарден јазик од 1944 и 1945 г.

[10] Овој јазик е познат под именувањето *славеносерпски* (*славяносербскій*) (Спасов 2000: 37–38).

Покрај наведеното, несреденоста е воочлива и во поглед на именувањето на јазиците – очигледно е различното именување на секој од трите јужнословенски јазици. Србите својот јазик го именувале како *славеносербски/славеносерп̄ски*, *словенски*, *сербски*, додека Бугарите го именувале како *славјаноболг̄арски* (*славянобълг̄арски*), *болг̄арски* (*бълг̄арски*). И во Македонија се среќаваат различни именувања: *болг̄аро-срп̄ски*, *славјански*, *сербо-болг̄арски*, со што се означува посебниот јазик на Македонците кој е словенски и кој не е ниту бугарски, ниту српски, туку има елементи што го поврзуваат со двата словенски јазици.

Писмената традиција на сите словенски јазици започнува со старословенскиот јазик кој е најстариот писмен јазик на сите Словени. Него го поврзуваме со првата словенска азбука – глаголицата, со целокупната дејност на св. Кирил и св. Методиј која, меѓу другото, ги опфаќа и првите преводи на *Библијата̄* на старословенски јазик. Најраниот период на македонскиот писмен јазик, од 9 век и делумно од 10 век, всушност, е периодот кој им припаѓа на сите словенски народи и претставува основа на словенската писменост (Спасов 2018: 12; Конески 2021: 212). Не треба да ги изоставиме ниту двете книжевни школи што дејствуваат во Македонија – Охридската и Кратовско-злетовската книжевна школа чии писмени споменици имаат специфични правописни, граматички и лексички особености. Од овој период се и првите оригинални литературни дела (пофални и поучни слова, трактати), бидејќи литературата дотогаш била, пред сè, преводна. Овие текстови ја претставуваат македонската редакција на старословенскиот јазик[11] (Спасов 2018: 14). Меѓу 13 и 15 век настанува промена на граматичката структура на македонскиот јазик, при што синтетичката деклинација се заменува со аналитички начин на изразување на падежните односи под влијание на балканските несловенски јазици. Новата граматичка структура на македонскиот јазик, што се развивала во споменатиот контакт со балканските јазици, а и во меѓусебното влијание на самите словенски говори, била доволно изразена околу 15 век кога приближно и се обележува конституирањето на современиот тип на македонскиот јазик (Конески 2021: 16). На крајот на 14 и почетокот на 15 век во Македонија навлегува српската редакција на црковнословенскиот јазик која, главно, се меша со јазикот на традиционалната македонска писменост, додека почетокот на современиот македонски писмен јазик или македонскиот литературен (книжевен) јазик го поврзуваме со 16 век, кога се јавуваат текстови со црковнословенска и лаичка содржина, подоцна познати под името *дамаскини* врз народна, современа (дијалектна) основа (Спасов 2018: 15). Во поглед на ортографијата, по наметнувањето на српската редакција на црковнословенскиот јазик, јусовите знаци биле заменети со неназални вокали. За време на османлиското владеење, во текстовите со народен карактер започнуваат да навлегуваат и други графеми: *ѣ* (за *ќ* и *ѕ́*) и *џ*, односно во периодот од 16 до 18 век се забележува осовременување на пишаниот јазик, напуштање на црковнословенскиот код (Црвенковска 2021: 30). Со појавата на дамаскинарската литература сè повеќе расте употребата на живиот народен говор во писмениот јазичен израз како близок,

[11] Низ долгите векови на употреба, кирилицата се реформирала, пред сè, поради промените во фонологијата – поради фонетски промени се воведуваат или се отфрлаат некои знаци. Така, во ракописите од македонска редакција има нов начин на употреба на јусовите: депалатализационите процеси се одразиле и во писмото при што дошло до појава на мешање на носовките, се намалува бројот на прејотираните вокали, се упростува правописот со избирање на само една ерова буква (едноеров правопис); на пример, Добромировото евангелие, Битолскиот триод и други употребуваат само *ер* (ь), Охридскиот апостол, Болоњскиот псалтир и други употребуваат само *јор* (ъ) и сл. (Црвенковска 2021: 30).

прифатлив и разбирлив за обичниот човек. Во 18 век навлегува рускоцрковнословенската редакција преку ширењето на печатени книги од Русија.

До почетокот на 19 век како писмен јазик се користи црковнословенскиот јазик и неговата употреба се поврзува, пред сè, со религиозната сфера. Српската рецензија на црковнословенскиот јазик, која влегува во поширока употреба кај нас во 14 век, останува доминантна во јазикот на нашата писменост сè до 18 век кога постепено се истиснува од руската рецензија со ширењето богослужбени книги печатени во Русија (Конески, Јашар-Настева 1972: 31). Во првата половина на 19 век, во писмената практика, се изделуваат два стила на писмениот јазик: писмен јазик врз црковнословенска основа (од мешан тип на руската, српската и македонската редакција) во улога на висок стил и писмен јазик врз современа (разнодијалектна) основа – во улога на низок стил (Спасов 2018: 15; Конески 1975: 91; Конески 1986: 9).

Во 19 век, меѓу сите словенски народи што живеат во рамките на Османлиската Империја се водат широки дискусии за идните писмени јазици. Во исто време, и во Македонија се водат јазични дискусии за идниот писмен јазик, односно за тоа кои јазични особености треба да ги има македонскиот писмен јазик. Ова прашање се поставува во педесеттите и шеесеттите години на 19 век, кога започнува и т.н. црковна борба, при што се издвојуваат две гледишта. На една страна се оние што се залагаат за заеднички македонско-бугарски јазик, а на друга страна се т.н. „македонисти“ кои се залагаат за македонски писмен јазик врз народна основа.

Застапниците на првото гледиште се залагаат за создавање заеднички македонско-бугарски јазик, во што е одразена и борбата на македонското граѓанство против тогаш моќната Цариградската патријаршија. Идеи за еден вид заеднички македонско-бугарски јазик застапуваат Партениј Зографски, Рајко Жинзифов, Кузман Шапкарев. Но, ниту еден од македонските интелектуалци во втората половина на 19 век нема прифатено на Македонците да им се наметне бугарскиот литературен јазик заснован врз централните (источните) говори (Венедиктов 1990: 165; Спасов 1997: 65). Кога зборуваме за заеднички јазик, не треба да се изостави заложбата за заеднички македонско-српски јазик на српскиот политичар и научник Стојан Новаковиќ (Стојан Новаковић).

Според застапниците на второто гледиште, потребно е да се оформи посебен македонски писмен јазик. Ова гледиште добива уште повеќе приврзаници по 1871 г., кога Егзархијата ја проширува својата власт во Македонија, со што се зголемува и употребата на бугарскиот јазик и за што дури и во списанието *Лоза* (1892 г.) јасно доаѓа до израз целта за враќање на традицијата на македонските писатели од 19 век (Конески 1981: 58). Различните гледишта за идниот писмен јазик во Македонија и во Бугарија се разработени од Љ. Спасов (2005: 39–40; 2018: 30–33), според кој културните дејци од македонската и бугарската јазична средина може да се поделат на неколку подгрупи: националисти и хегемонисти – за бугарската средина; националисти и космополити – за македонската средина[12]. Во поглед на јазикот, Спасов (2000: 40)

[12] Според Спасов (2018: 31), од македонска гледна точка ова гледиште може да го означиме како космополитско бидејќи македонските интелектуалци се залагаат за создавање еден „среден“ литературен јазик, при што во создавањето на заедничкиот литературен јазик би се зеле елементи и од македонскиот народен јазик и од бугарскиот народен јазик. Македонските интелектуалци со космополитско гледиште се разликуваат меѓу себе во однос на застапеноста на јазичните елементи од македонскиот и од бугарскиот народен јазик и во однос на процентот на јазичните елементи што треба да бидат застапени во новиот литературен јазик од традиционалната словенска писменост (црковнословенска традиција) или од рускиот писмен јазик, при што важно е да се нагласи дека меѓу Бугарите, но и меѓу Македонците, постоела една струја што се залагала за прифаќање на поголем број јазични елементи од руската

истакнува дека националистите сметаат дека сè што постои во народниот јазик треба да се најде во литературниот јазик, додека хегемонистите, односно космополитите, сметаат дека тоа што постои во народниот јазик, но го нема во црковнословенскиот, не мора да биде дел од новиот литературен јазик и дека понатаму литературниот јазик треба да се доизгради со елементи од црковнословенскиот, кои поради различни причини се изгубиле во народниот јазик.

Во македонската јазична средина доминантно е гледиштето дека правописот треба што е можно повеќе да го одразува реалниот изговор, или со други зборови, очигледни се заложбите за некакво упростување на графискиот систем, но и на правописните принципи. Партениј Зографски го прифаќа темниот вокал како придружен елемент кај самогласните *р* и *л*, но не го прифаќа како посебна фонема. За упростување на правописот се и (космополитот/среднистот) Јордан Хаџи Константинов-Џинот и (националистот/македонистот) Константин Петковиќ.

Со интересни ставови за писмениот јазик е космополитот Григор Прличев. Тој застанува против модернизираниот и упростен правопис на Марин Дринов (Марин Стоянов Дринов), обвинувајќи дека тој ги уништил најважните правила на бугарската граматика, го променил стариот изговор и вовел нов (Спасов 2005: 44). Се залага за архаичен правопис и архаична граматика на писмениот јазик. Според сфаќањата на Прличев, јазикот треба да биде средство кое обединува, но со изградувањето писмени јазици кои се базираат на нивните разлики што произлегуваат, пред сè, од народните говори, се постигнува спротивното – јазикот разделува. И во македонската и во бугарската јазична средина победуваат оние што се залагаат за писмен јазик што ќе го следи живиот, народен говор и, според природниот тек на нештата, ќе има модернизиран и упростен правопис.

Во литературните дела што се создаваат во овој период често пати се отстапува простор и за претставување на ставови за решавањето на правописните и другите јазични прашања. Во втората половина на 19 век доаѓаат до израз засилените пропаганди на соседните држави и нивните обиди за наметнување на нивните јазици, што претставува и дополнителен поттик за решавање на прашањето за македонскиот писмен јазик во мошне тешки историски околности. Контактот со словенските јазици се чувствува во помал или поголем степен со оглед на тоа дека во текстовите на авторите од македонскиот 19 век се среќаваат елементи од бугарскиот, српскиот и рускиот јазик (Конески, Јашар-Настева 1972: 55).

Во врска со дејствувањето на српската пропаганда и создавањето заеднички македонско-српски јазик, потребно е да се спомене и обидот за поткопување на употребата на бугарскиот јазик во Македонија преку иницијативата на Стојан Новаковиќ, српски пратеник во Цариград, во 1889 г. да објави буквар во 7 000 примероци, во кој 70 % од текстот бил на македонски јазик, а 30 % на српски јазик (Конески 2020: 408, 409). Текстот под наслов *Бӯгарските̄ училиште̄ во Маке̄донија* (*Бӯгарске школе по̄ Маке̄донији*), објавен на српски јазик во списанието *Отаџбина*[13], книга 19, година 7, од 1888 г., Конески (1981: 162) му го припишува на С. Новаковиќ. Интересно е што оваа статија (стр. 78–95 во споменатото списание) не го содржи името и презимето на српскиот пратеник, туку само одредена шифра – „Х3 + 5“. Во неа, давајќи детален преглед со статистички податоци за сите бугарски училишта во македонските градови и села, вклучувајќи ги наставните предмети што се изучувале и

литературна традиција во нормирањето на заедничкиот литературен јазик за Македонците и за Бугарите (Спасов 2018: 31; Спасов 2005: 41; Конески 1986: 12, 103).

[13] *Отаџбина – књижевност, наука, ӡрушшвени живо̄т* е познато српско списание кое излегува со прекини во периодот 1875 – 1892 г. во Белград. [Заб.: срп. *отаџбина* – татковина.]

бројот на ученици, за будењето на македонската национална свест пишува (Новаковиќ 1888: 84): „Најпосле, има уште една појава што не треба да се испушти од предвид. Тоа е стремежот на Македонците да останат сами за себе, што го бара својот пат во средината на сите претходно споменати стремежи. И овој стремеж почнува да се буди, особено од спротивноста меѓу бугарскиот и македонскиот говор, и меѓу бугарскиот и македонскиот карактер, од времето кога бугарската пропаганда почна многу брзо и остро да удира по македонските карактеристики во името на панбугаризмот. Дури и меѓу платените професори на бугарските средни училишта во Македонија се наоѓаат луѓе во кои се будат овие стремежи исто онака како што тоа се гледа меѓу Малорусите против рускиот униформитет.“

Исто така, треба да се спомене и необјавената граматика на Венијамин Мачуковски, чие издавање било спречено по бројните остри реакции во Бугарија. Тој, во весникот *Право* бр. 28 од 18 септември 1872 г., објавува еден кус текст под наслов *Објава за бӯгарска ḡрама̄тика на маке̄донско наречје* (*Обявленіе За Бълḡарска Грамма̄тика по̄ Маке̄донско нарьчіе*) каде пишува за потребата од граматика на „македонско наречје“ нагласувајќи ја тежината со која се соочувале македонските ученици при изучувањето на бугарската граматика (Мачуковски 1872: 4): „Изученіето за Българската Грамматика въ Македонските училища е единъ отъ най-трудныте прѣдметы за учениците, и вмѣстѣ съ тѣмъ най-безтолковый. Онъ имъ отиима доста дълго врѣме, и това не имъ мѣшае пакъ да нематъ понятіе отъ грамматика. Това происходи отъ носообразностьта въ грамматическыте формы на досегашныте издадени Бълг. грамматики съ онія на македонското нарѣчіе. Това ми е дало поводъ отъ врѣме още да обърнамъ вниманіе върху нашето нарѣчіе и да го подведамъ подъ грамматическы формы и правила.“ На крајот на оваа објава го кажува своето мислење дека неговата граматика ќе биде голема помош за учениците во Македонија, но нагласува дека единствен проблем во реализацијата на неговата идеја е недостигот на парични средства и бара финансиска поддршка.

Ставовите на претставниците на македонскиот 19 век, односно на „среднистите“ и „македонистите“, ќе бидат детално разгледани во делот *1.3. Правопӣсните̄ решенија и пра̄ктӣки на „сре̄дниста̄“ и „маке̄дониста̄“ во о̄нос на маке̄донскиотӣ јазик* (в. стр. 37–57).

Во периодот од 1780 г. до првата четвртина на 19 век во Србија се водела дискусија за тоа кој јазик да се користи и како да се нарекува (Спасов и др. 2022: 64). Кон крајот на 18 век Србија доживува интензивен развој на културно-образовен план во чија основа лежи т.н. *славеносербски* јазик што претставува еден несистематизиран конгломерат од елементи на српската и руската редакција и на српскиот народен јазик (Тополињска 2000: 24–25). Во педесеттите години на 18 век, под руско влијание, во Србија започнува да се употребува руската граѓанска кирилица, азбука изготвена со познатата реформа на Петар Велики (1710 г.) според кирилскиот брзопис и латиницата (холандска антиква) (Грбиќ 2014: 61). Јазикот од овој период е познат како *славеносербски*. Во втората половина на 18 век и во почетокот на 19 век и кај Србите се јавува стремеж за упростување на графискиот систем и правописните принципи. Значаен придонес во поглед на решавањето на правописните и другите јазични прашања даваат Доситеј Обрадовиќ (Доситеј Обрадовић), Сава Мркаљ (Сава Мркаљ), Захарије Орфелин (Захарије Орфелин), Емануел Јанковиќ (Емануел Јанковић), Стефан Стратимировиќ (Стефан Стратимировић), Лукијан Мушицки (Лукијан Мушицки), Павле Солариќ (Павле Соларић), Виќентије Ракиќ (Вићентије Ракић), Стојан Новаковиќ. Слично како во нашата средина, и во српската јазична средина, кај

авторите од овој период извесен проблем предизвикува бележењето на согласките *ћ*, *ђ*, *љ*, *њ*, *ј*.

Една од најпознатите азбучни реформи од 19 век е реформата на Сава Мркаљ (1783 – 1833), која е објавена во книгата ***Сало дебелога ера либо азбукопротрес***[14] (Будим, 1810 г.). Мркаљ, со оваа реформа, за потребите на српскиот писмен (литературен) јазик на народна основа ја прилагодува рускоцрковнословенската кирилица (Грбић 2014: 62).

Сава Мркаљ ја реформирал тогашната црковнословенска кирилица на следниов начин:

а) ги отфрлил од употреба следниве графеми: ѕ, ѕ, ѿ, ѡ, ъ, ы, ѣ, є, ю, ѡ, ꙗ, ѫ, ѱ, ѯ, ѵ, й, ї, но ги оставил во црковнословенската кирилица за пишување и печатење на црковнословенски јазик;

б) графемата і („десетерично *и*“) без точка се користи за обележување на согласката *ј* во сите позиции во зборот;

в) диграмите **тьк**, **дьк**, **льк**, **ньк** ги означуваат согласките *ћ*, *ђ*, *љ*, *њ* во сите позиции во зборот;

г) Мркаљ, по извршената реформа, добива азбука со 25 букви: **а**, **б**, **в**, **г**, **д**, **є**, **ж**, **з**, **и**, **і**, **к**, **л**, **м**, **н**, **о**, **п**, **р**, **с**, **т**, **у**, **ф**, **х**, **ц**, **ч**, **ш**, а вклучувајќи ги и диграмите **тьк**, **дьк**, **льк**, **ньк** означува вкупно 29 фонеми (Младеновић 2010: 314).

Кога се зборува за тенденциите што го зафаќаат македонскиот (и бугарскиот) писмен јазик, треба да се има предвид и реформата на српскиот јазик и правопис од страна на Вук Стефановиќ Караџиќ (Вук Стефановић Караџић; 1787 – 1864). Со реформите што ги воведува Караџиќ се поставени основите на современиот српски јазичен (и правописен) стандард (Николић 1994: 220). Претходник на Караџиќ е Доситеј Обрадовиќ кој, истакнувајќи го значењето на народниот јазик, прв пишува книги на народен јазик. Според Конески (1981: 169), акцијата на Вук Караџиќ претставува антитрадиционалистички настап што е успешно спроведен во српската средина, а имала и свој одраз во развојот на писмените јазици од јужнословенската јазична средина од 19 век, па дури и во 20 век.

Караџиќ во 1818 г. составува азбука со 30 букви врз основа на фонетски принцип – за секој глас по една буква отфрлувајќи ги непотребните букви (*ю*, *й*, *ь*, *щ*, *я*) и воведувајќи шест нови (*ћ*, *ђ*, *љ*, *њ*, *ј* и *џ*) врз основа на претходно направената реформа на кирилицата од страна на Сава Мркаљ (Чигоја 2010: 535). Вуковата азбука е официјално призната дури во 1868 г. Всушност, за реформатор во вистинска смисла на зборот се смета Сава Мркаљ кој во 1810 г. во Будим ја објавил својата реформа на кирилицата во делото ***Сало дебелога ера либо азбукопротрес***. Реформата на Мркаљ не се однесува на воведување нови графеми, туку се однесува на исклучување на непотребните и менување – одземање или додавање одделни функции на веќе постоечки графеми или група графеми (Младеновић 2019: 126). Караџиќ ја презема азбуката на Мркаљ и ја внесува во граѓанската кирилица која понатаму ја менува во два наврати: во неговата *Писменица* (*Писменица сербскоѓа ꙗезика, по ѓовору просто̄ѓа народа напӣсана*[15]) (1814 г.) и во *Срп̄ски рјечник*[16] (1818 г.). Во 1814 г. ги воведува графемите *ћ*, *љ*, *њ* и *ꙗь*, а во 1818 г. – *ђ*, *џ* и *ј*, со што ја завршува реформата на српската

[14] <http://digital.bms.rs/ebiblioteka/publications/view/4107> пристапено на: 10.7.2023 г.

[15]<http://www.digitalna.nb.rs/view/URN:NB:RS:SD_02F04265A5384CE4D4DAEFE93E800D67#page/0/mode/1up> пристапено на: 18.8.2023 г.

[16] <https://archive.org/details/srpskirjecnik00kara/page/n5/mode/2up> пристапено на: 18.8.2023 г.

кирилица и создава совршена азбука според принципот *еѳен гласъ – еѳна буква* (Грбиќ 2014: 62).

Поаѓајќи од реформираната азбука на Сава Мркаљ, Караџиќ со тенденција целосно да го спроведе принципот *еѳен гласъ (фонема) – еѳен знакъ*, отишол чекор напред и во два наврати ја усовршувал азбуката, и тоа во 1814 г.: *а*, *б*, *в*, *г*, *ѳ*, *ѳь*, *е*, *ж*, *з*, *и*, *їи*, *к*, *л*, *љ*, *м*, *н*, *њ*, *о*, *п*, *р*, *с*, *т*, *ћ*, *у*, *ф*, *х*, *ц*, *ч*, *џ*, *ш*; и во 1818 г.: *а*, *б*, *в*, *г*, *ѳ*, *ђ*, *е*, *ж*, *з*, *и*, *ј*, *к*, *л*, *љ*, *м*, *н*, *њ*, *о*, *п*, *р*, *с*, *т*, *ћ*, *у*, *ф*, *х*, *ц*, *ч*, *џ*, *ш*, доведувајќи ја српската кирилица до целосно совршенство (Младеновиќ 2010: 317–318).

Вистинската победа на Вуковите идеи[17] се смета дека се случува дури во 1847 г. Тогаш, со новиот правопис, на народен српски јазик, се објавени три значајни книги: *Рат за српски језик и правопис*[18] (*Војна за српскиот језик и правопис*) од Ѓуро Даничиќ (Ђуро Даничиќ), преводот *Нови завјет Господа нашега Исуса Христа*[19] (*Нов завет*) од Вук Караџиќ и *Песме*[20] (*Песни*) од Бранко Радичевиќ (Бранко Радичевиќ). По реформата на српскиот јазик и по воведувањето на правописните реформи на Вук Караџиќ во првата половина на 19 век, српскиот писмен јазик станува отворен за влијанијата на европските несловенски писмени јазици.

Ѓуро Даничиќ (1825 – 1882) е еден од поддржувачите на Вуковите реформи и во согласност со тоа се залага за фонетски правопис отфрлајќи го етимолошкиот. Своите ставови за српскиот јазик и правопис ги изнесува во *Рат за српски језик и правопис*. Во ова дело главното внимание е насочено кон правописот, во врска со што Даничиќ истакнува дека српската книжевност заостанува поради тоа што сè уште не бил утврден графискиот систем на писмениот јазик (Даничиќ 1847: 1). Се задржува и на правописот на Милош Светиќ (Милош Светиќ)[21], односно Јован Хаџиќ (Јован Хаџиќ) кој бил еден од најжестоките противници на Караџиќ.

Современиот српски стандарден јазик се темели на новоштокавскиот дијалектен тип, кој е најраширен меѓу јужнословенскиот јазичен свет и е наднационален – со него се служат и Србите, и Црногорците, и Хрватите, и муслиманите/Бошњаците (Спасов 2000: 38). Процесот на србизација на словеносрпскиот јазик во предвуковскиот и вуковскиот период продолжил да се интензивира до крајот на првата половина на 19 век, кога е создаден денешниот српски литературен јазик за што најголема заслуга има Вук Караџиќ, но не треба да се изостават и писателите кои даваат значаен придонес: Захарије Орфелин, Јован Рајиќ (Јован Рајиќ), Доситеј Обрадовиќ, Емануел Јанковиќ, Аврам Мразовиќ (Аврам Мразовиќ), Јован Мушкатировиќ (Јован Мушкатировиќ), Лукијан Мушицки, Атанасије Стојковиќ (Атанасије Стојковиќ), Викентије Ракиќ, Павле Солариќ, Сава Мркаљ, Лука Милованов Георгијевиќ (Лука Милованов Георгијевиќ), Димитрије Исаиловиќ (Димитрије Исаиловиќ), Ѓуро Даничиќ, Бранко Радичевиќ (Грбиќ 2014: 62).

Во 19 век и во Бугарија се води дискусија за идниот писмен јазик која е насочена кон изборот на јазичните елементи што ќе ја дадат неговата основа. Јазичните дискусии се однесуваат на тоа дали можат да бидат прифатени јазични елементи што се среќаваат во бугарскиот народен јазик, но ги нема во црковнословенскиот јазик и во

[17] Вуковата јазична и правописна реформа добива потврда со Виенскиот книжевен договор од 16 март 1850 г., со кој е утврден единствениот книжевен јазик и правопис на Србите и Хрватите, а Вуковиот јазик и правопис официјално се прифатени во Кнежеството Србија дури во 1868 г., четири години по смртта на Караџиќ (Грбиќ 2014: 63).

[18] <http://digital.bms.rs/ebiblioteka/publications/view/2171> пристапено на: 9.7.2023 г.

[19] <http://digital.bms.rs/ebiblioteka/publications/view/1293> пристапено на: 10.7.2023 г.

[20] <http://digital.bms.rs/ebiblioteka/publications/view/2130> пристапено на: 10.7.2023 г.

[21] Вистинското име на Милош Светиќ е Јован Хаџиќ, Милош Светиќ претставува еден литературен псевдоним.

современиот руски писмен јазик, односно дали да се подведе новиот правопис под правилата на црковнословенскиот јазик или да се изгради врз основа на народните говори. Националистички насочените бугарски интелектуалци (националисти) сметаат дека во новиот литературен јазик треба да бидат прифатени јазичните елементи што му се својствени на народниот јазик и што ја покажуваат неговата посебност, додека бугарските интелектуалци (хегемонисти), кои се насочени словенофилски/русофилски, сметаат дека новиот литературен јазик треба да го истакне заедништвото на православните словенски народи во сите области (лексиката, на пр.) и, особено, на граматички план (Спасов 2018: 32). Според нив, добар пат за такво заедништво е прифаќањето на голем број елементи од рускиот литературен јазик бидејќи тој е тесно поврзан со црковнословенската писмена традиција (Венедиктов 1990: 6–8; Спасов 2005: 31–48). Мирчев (1979: 369) забележува дека во првата половина на 19 век доаѓаат до израз цртите на црковнословенскиот правопис дури и кај автори кои се залагале за употреба на народниот говор. Преродбенските бугарски писатели од најстарата генерација во својата книжевна практика се придржуваат до писмената традиција изразена во ракописите од 17 и 18 век и пишуваат на јазик што претставува синтеза од црковнословенски зборови од руска или српска варијанта и, во помал или поголем степен, од бугарските народни говори (Мирчев 1979: 369). Според Венедиктов (1990: 12), во овој период во Бугарија успева да стане доминантна позицијата на Васил Априлов (Васил Евстатиев Априлов), Иван Богоров (Иван Андреев Богоров) и многу други кои сметале дека во основата на писмениот јазик треба да биде разбирливиот народен јазик. Во врска со изборот на источнобугарското наречје за дијалектна основа на бугарскиот писмен јазик, интересен е фактот што на ова наречје пишувале поголем дел од писателите кои твореле во средината на 19 век бидејќи потекнувале од источните, односно од североисточните делови на Бугарија.

Во врска со правописните прашања, посебен интерес предизвикува прашањето за темниот вокал (*ѫ*). Хегемонистите (Христаки Павлович и Константин Фотинов) се залагаат *ѫ* да не се прифати со образложение дека овој глас го има кај необразованите жители на Стара Планина и дека тој во азбуката различно се бележи: *ѫ*, *ѣѫ*, *ь*, *ъ* (Спасов 2005: 43; Венедиктов 1990: 58–59). За разлика од нив, за националистите (Васил Априлов, Иван Богоров, Најден Геров) темниот вокал е важен белег на народниот бугарски јазик и поради тоа треба да се најде и во бугарскиот писмен јазик (Венедиктов 1990: 62).

Меѓу граматиките со најголемо влијание во Бугарија, но и во Македонија, е граматиката на Неофит Рилски (Неофит Рилски; 1793 – 1881) објавена под насловот ***Болгарска грамматіка сега первo сочинѣна*** во 1835 г., во Крагуевац, Р Србија. Оваа граматика е особено популарна меѓу Македонците што се залагале за еден вид заеднички македонско-бугарски јазик и веројатно била пример и за Јордан Хаџи Константинов-Џинот. Рилски се залага за мешана основа на писмениот јазик, како и за тоа црковнословенскиот јазик да биде „контролор“ во процесот на утврдувањето на нормата (Спасов 2000: 40). Во оваа граматика, Рилски изделува еден кус дел што се однесува на правописот и започнува со принципите што се однесуваат на пишувањето голема буква (Рилски 1835: 158–159). Тој нагласува дека со голема почетна буква се пишуваат: првиот збор во реченицата, првиот збор по реченица што завршува со точка, сопствените имиња на луѓето, градовите, местата итн. Според него (Рилски 1835: 159), со голема почетна буква се пишуваат и имињата на науките (**Грамма́тїка**), „имињата што означуваат некое достоинство“ (**Ца́рь**, **Воево́да**). Потоа се задржува на други правописни правила: употреба на ***и***, ***ї***, ***і***, ***ы***, ***ѵ***, ***ѧ*** (Рилски 1835: 159–163). Рилски најпрво

ги поставува правописните правила, а потоа ги потврдува со примери. Неофит Рилски го употребува **ѣ** на неговото етимолошко место, но нагласува дека не се слуша во народниот изговор, односно нема сопствен гласеж, за што наведува и примери: **нѣ́ма жена̀** vs **не́ма жена̀** (Рилски 1835: 26).

Истовремено со дискусиите за основата на бугарскиот писмен јазик се одвиваат и дискусиите за неговиот правопис – дали новиот правопис треба да ги следи правописните правила на црковнословенскиот јазик или во својата основа треба да го има народниот говор. Во литературата од првата половина на 19 век доста присутни се особеностите на црковнословенскиот правопис. Доказ за тоа се буквите и надбуквените знаци што ги користел Петар Берон (Петър Берон/Петър Хаджи Берович; 1799 – 1871) во неговиот *Рибен буквар* (**БУ́КВА́РЬ СЪ РАЗЛИ́ЧНЫ ПОУЧЕ́НІѦ**)[22] од 1824 г., кој бил пресуден во оформувањето на новобугарскиот литературен јазик (Мирчев 1979: 369). Берон ги користи грчките букви омега, ипсилон, тета, пси и кси, лигатурата **ѳ**, стариот знак *s* и африкатот *џ*[23]. Исто така, ги користи ъ и ь во финална позиција.

Во книгата *Изводъ отъ физикѫ* (*Заклучок од физика*) на Најден Геров (Найден Геров/ Найден Геров Добревич; 1823 – 1900), отпечатена во 1849 г. во Белград, за прв пат во бугарскиот правопис се прави разграничување на употребата на *ѫ* и ъ имајќи ја предвид етимологијата (Мирчев 1979: 371).

Христаки Павлович (Христаки Павлович; 1804 – 1848) е автор на првата бугарска книга со граѓанска азбука под наслов *Аріѳметіка или наука числителна (Аритметика или наука за броевите)*, која е отпечатена во Србија, во 1833 г. Павлович, иако е против употребата на еровите во финална позиција, но и против употребата на сите други непотребни букви[24], сепак, во неговата практика не го применува тоа за што се залага декларативно[25].

Васил Априлов (1789 – 1847) во 1836 г. ги повикува бугарските писатели да применуваат фонетски правопис, што практично го покажува во второто издание на неговата граматика од 1848 г. Во овој повик тој го нагласува значењето на создавањето единствен литературен јазик што ќе се користи во образованието и од страна на образованите Бугари. Со спротивни ставови е т.н. Пловдивска школа на Гаврил Крстевич (Гаврил Баев Кръстевич), која се залага за етимолошки правопис. Кон оваа школа се приклучува и Најден Геров и според нејзините правописни принципи го отпечатува неговиот *Речник на бугарскиот јазик*, кој поради тоа станува тешко разбирлив за бугарските интелектуалци (Мирчев 1979: 374–375).

Во седумдесеттите години на 19 век и во Бугарија се прават обиди за воведување на фонетски правопис. Ваквите обиди ги поврзуваме, пред сè, со интелектуалците кои своето образование го стекнувале во Белград. Така, Никола Прванов (Никола Първанов; околу 1837 – 1872), ученик на Даничиќ, ги отфрла еровите на крајот на зборот, како и *ы, щ*, *я*, *ю*, но неговите погледи не се прифатени – прифатени се принципите на Марин Дринов (1838 – 1906) за компромисен, етимолошко-фонетски правопис (Стаматоски 1986: 62). На овој обид на Прванов му

[22] <https://www.loc.gov/item/76515894> пристапено на: 15.6.2023 г.

[23] Африкатот *џ* е нов за бугарската кирилица и се среќава во подоцнежни текстови (Мирчев 1979: 369).

[24] Павлович е против употребата на трите графеми за изразување на *и* (*и*, *і*, *ы*), тој претпочита *і* (Мирчев 1979: 372).

[25] Павлович не ги користи непотребните букви само во неговата *Аритметика*, додека во неговата *Граматика* го применува стариот правопис (Мирчев 1979: 372).

претходи обидот за отфрлање на еровите во финална позиција на Петко Славејков (Петко Рачов Славейков; 1827 – 1895).

Значаен придонес во развојот на правописот на бугарскиот писмен јазик дава Љубен Каравелов (Любен Стойчев Каравелов; 1834 – 1879) со својот правописен систем, како застапник на идеите за фонетски правопис. Правописните принципи на Каравелов се целосно прифатени од Христо Ботев (Христо Ботьов Петков; 1848 – 1876) (Мирчев 1979: 377). Исто така, голем придонес во развојот на правописот на бугарскиот јазик има Марин Дринов, чиј правопис е традиционален. Дринов препорачува графемата *щ* да се замени со *шт*, ги задржува еровите во финална позиција имајќи ја предвид етимологијата (*градъ, конь, зетъ*) (Мирчев 1979: 377).

Рускиот стандарден јазик[26], особено во текот на 19 век, има одлучувачка улога во формирањето на бугарскиот стандарден јазик, како и во развојот на т.н. *славеносербски* литературен јазик, но има и помала или поголема улога во развојот на македонскиот писмен јазик, особено во текот на првата и на втората половина на 19 век (Спасов 2018: 13). Во 21 век, во споредба со другите словенски јазици, најблиску до црковнословенската традиција се рускиот и бугарскиот стандарден јазик. Во рамките на словенскиот јазичен свет, рускиот јазик прв ја добива својата стандардизација благодарение на стекнатата државност во втората половина на 18 век[27].

Кога зборуваме за развојот на македонскиот писмен јазик, но и за развојот на бугарскиот и српскиот писмен јазик, не треба да ги изоставиме евентуалните пуристички појави. Славистите, обично, под пуризам го подразбираат само чешкиот тип на пуризам, но постојат и други облици на пуризам, во другите јазици, вклучувајќи ги и словенските, како што во рамките на словенските јазици е познат пуризмот насочен кон црковнословенските елементи, кон ориентализмите или кон некој друг словенски стандарден јазик (Брозовиќ 2000: 15). Во македонската, српската и бугарската јазична средина, во претстандардниот приод, среќаваме јазични елементи на сите јазични рамништа кои се сметаат за непожелни.

1.2. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот)

Решавањето на јазичните прашања во 19 век кај сите балкански земји, словенски и несловенски, зависи од нивната положба во однос на Османлиската Империја. Земјите што успеваат да стекнат извесна автономија порано, во 19 век веќе имаат решено важни јазични прашања во поглед на оформувањето/стандардизацијата на националните писмени јазици, додека останатите видно заостануваат.

Грција е првата балканска држава што успева да се ослободи од власта на Османлиската Империја и да стекне автономија. Благодарение на помошта од европските сили (Русија, Велика Британија и Франција), во 1830 г. на територијата на

[26] Руското Царство наметнува хегемонизам врз помалите словенски и несловенски народи (заедници), при што за помалите словенски народи, особено за православните, но и за другите, Русија има улога на обединувач (Спасов 2018: 31).

[27] Во 17 век почнува брз раст на Московското кнежество, а создавањето модерна држава се рефлектира и на планот на јазикот што сукцесивно доведува до стандардизација на рускиот јазик (благодарение на неколкумина филолози-научници и на неколкумина писатели) во втората половина на 18 век, додека во религиозната сфера и натаму владее старословенскиот јазик од руска редакција (Тополињска 2000: 24).

Грција се формира независната грчка држава како прва независна држава на Балканот (Pavlowitch 2014: 39). Едно од најважните прашања што се наметнува во Грција во почетокот на 19 век[28], во науката познато како грчко јазично прашање (грч. *το γλωσσικό ζήτημα*), се однесува на тоа дали народниот грчки јазик – димотики (грч. *δημοτική*) може да биде добра основа на идниот писмен јазик што ќе се користи во сите сфери на општеството по ослободувањето од ропството наметнато од Османлиската Империја или, пак, ваквата функција треба да ја извршува јазикот познат под поимот катаревуса (грч. *καθαρεύουσα*) – конзервативна форма на новогрчкиот јазик, измислен кон крајот на 18 век, како писмен јазик и како компромис помеѓу старогрчкиот и современиот народен јазик – димотики. Во овој период, за доста истакнати грчки интелектуалци е неприфатливо националниот писмен јазик да не ја продолжи традицијата наследена од Античка Грција и Византија[29]. Оваа тема за јазикот силно ги разбранува грчкиот 19 и 20 век, а конечното решение со кое за официјален јазик е избран димотики е донесено дури во 1976 г.

Димотики го претставува грчкиот народен јазик, додека катаревуса е архаична и формална варијанта што според изговорот е блиска до новогрчкиот, но ги содржи лексичките и морфолошките карактеристики на старогрчкиот јазик. Поради специфичните фонолошки, морфолошки, синтаксички и лексички карактеристики, катаревуса е разбирлива, пред сè, за образованите луѓе, за интелигентскиот слој. Употребата на катаревуса е покомплицирана и поради нејзините чести промени што претставуваат варијанти и поради непостоењето стандардизирана форма. Некои од варијантите се доближуваат до народниот грчки јазик и тогаш тие се поразбирливи за обичниот човек.

Важна улога во развојот на јазичната дебата на почетокот на 19 век има лекарот Адамандиос Кораис (Ἀδαμάντιος Κοραῆς; 1748 – 1833), кој е роден во Смирна[30] (денешна Р Турција, а во времето на Кораис – во рамките на Османлиската Империја), но голем дел од својот живот го поминува во Париз, каде што пишува за образованието, јазикот и независноста на нациите; тој е првиот Грк во модерното време кој се стекнува со меѓународна репутација како класичен филолог и писател што систематски создал врска меѓу јазикот и националниот идентитет во предреволуционерниот период (Mackridge 2010: 102). За ставовите на Кораис пишува Битон (Beaton 1994: 301), наведувајќи дека тие покажуваат и извесна контрадикторност во зависност од периодот и контекстот со кој се поврзуваат:

1. Националното самоопределување зависи од успешното повторно пристапување до богатствата на старогрчкиот јазик.

2. Современиот писмен јазик мора во општи услови да одговара на граматиката на современиот народен јазик, што тој го сметал за еден неразделив дел.

[28] Јазичните дискусии започнуваат на крајот на 18 век и се одвиваат меѓу две страни: на една страна се оние што се залагаат за поархаичен јазик – Евгениј Вулгарис (Εὐγένιος Βούλγαρης; 1716 – 1806), Ламброс Фотијадис (Λάμπρος Φωτιάδης; 1752 – 1805) и Неофит Дукас (Νεόφυτος Δούκας; 1760 – 1845), а на друга страна се тие што се залагаат за поедноставен јазик – Јосипос Мојсиодакс (Ιώσηπος Μοισιόδαξ; 1725 – 1800), Димитриос Катарцис (Δημήτριος Καταρτζής; околу 1725 – 1807). Заложбите за поархаичен јазик биле поддржани и од фанариотите (Mackridge 2010: 80–101).

[29] Претставниците на двете различни страни за решавање на јазичното прашање се сатирично прикажани во драмата *Вавилонија (Η Βαβυλωνία)* од Д. К. Визандиос (Δημήτριος Βυζάντιος), објавена во 1836 г. (Mackridge 2010: 162).

[30] Во 1930 г., името на градот Смирна е променето во Измир. <https://www.ncesc.com/geographic-faq/why-was-smyrna-changed-to-izmir/?utm_source=chatgpt.com> пристапено на: 10.10.2024 г.

3. Овие два предлози би можеле да се усогласат преку прагматична програма на „поправање“ на оние елементи во народниот јазик што видно се разликуваат во споредба со елементите на старогрчкиот јазик.

Еден од најистакнатите претставници на движењето за употреба на народниот јазик е писателот Јоанис Виларас (Ιωάννης Βηλαράς; 1771 – 1823), чија граматика (грч. *Η ρομεηκη γλοσα*), се заснова на дијалект од неговиот роден Епир и е објавена во 1814 г. во Керкира (Крф) (Κέρκυρα). Во врска со ова прашање, значаен придонес дава и Дионисиос Соломос (Διονύσιος Σολωμός; 1798 – 1857), кој е еден од основоположниците на модерната грчка поезија меѓу кои се вбројува и Андреас Калвос (Ανδρέας Κάλβος; 1792 – 1869) (Horrocks 2010: 443).

Најважниот дел од овој процес е да се постигне обнова на правописот и замена на туѓите заемки со грчки еквиваленти, но Кораис, увидувајќи ја потребата од збогатување на речникот, се залага за повторно воведување на античките зборови, или со директно заемање или преку калкирање, обично според моделот на францускиот јазик (Horrocks 2010: 439). Кораис се смета за автор на катаревуса. Во 1834 г., една година по смртта на Кориас, со новиот закон кој важи сè до 1880 г. како јазик на училиштата се воведува старогрчкиот јазик, наместо јазичната разновидност на новогрчкиот јазик што ја промовира Кориас (Mackridge 2010: 162).

Во Атина, Александрос и Панајотис Суцос (Ἀλέξανδρος Σοῦτσος, 1803 – 1863; Παναγιώτης Σοῦτσος, 1806 – 1868), како и Александрос Ризос Рангавис (Ἀλέξανδρος Ῥίζος Ῥαγκαβής; 1809 – 1892), како тогашни директори на „Старото атинско училиште“, се обидуваат да го зајакнат престижот на грчкиот писмен јазик со обид да го приспособат за потребите на поезијата, но обидот не е сосема успешен (Horrocks 2010: 446). Бидејќи димотики не успеа да се наметне како официјален јазик во Грција во првите шеесет години од неговото постоење, главните спорови од овој период се одвиваа, неизбежно, помеѓу различни групи што се залагаа за архаизација. Во 1853 г., Панајотис Суцас објавува книга во која тврди дека јазичните проблеми може да се решат само со усогласување на писмениот јазик со јасно утврдените правила на старогрчкиот јазик (Horrocks 2010: 446).

Следниот период се однесува на периодот 1880 – 1929 г. кој се совпаѓа со консолидирањето на грчката буржоазија, почетоците на современата индустријализација и подемот на националното експанзионистичко движење. Во втората половина на 19 век, поточно кон осумдесеттите години, напредува решавањето на грчкото јазично прашање. Дводомниот (француско-грчки) филолог со грчко потекло Јанис Психарис (Ιωάννης/Γιάννης Ψυχάρης; 1854 – 1929) има клучна улога во борбата за воведување на димотики како писмен јазик предлагајќи да се доближи старогрчкиот јазик до народниот јазик преку промени на фонетско и морфолошки ниво, а бил свесен дека мора да се создаде литературен јазик со развивање книжевна норма која би била разбирлива за говорителите на сите грчки дијалекти (Horrocks 2010: 447–454). Во лингвистиката, Психарис е познат и по тоа што го воведува терминот *ѳиглосија* (грч. *διγλωσσία*) имајќи ја предвид јазичната ситуација во Грција.

Во 1911 г. катаревуса е прогласен за службен јазик, а димотики единствено се користел како јазик на учебниците во основното образование. Во 1941 г. настанува пресврт во корист на народниот јазик со објавувањето граматика на новогрчки јазик од Манолис Триандафилидис (Μανόλης Τριανταφυλλίδης; 1883 – 1959), а прашањето за грчкиот јазик се затвора на 30 април 1976 г. кога е донесена одлука новогрчкиот јазик да биде јазик на образованието во Грција (Mackridge 2010: 119, 267, 301). Во осумдесеттите години настанува значајно упростување на неговиот правопис. Како

резултат на сето ова, катаревуса сè повеќе ги губи сферите на употреба, но остава свој белег во стандардниот новогрчки јазик.

Според Роберт Елси (Elsie 2017: 6), еден од светски најпознатите албанолози, Албанците немаат долга традиција на пишување и неписменоста кај нив била широко распространета до средината на дваесеттиот век, иако отсекогаш постоела преокупација со азбуките. Еден од најголемите проблеми на албанското национално движење е наоѓањето соодветна и прифатлива азбука за албанскиот јазик, при што од албанските лидери биле предложени неколку азбуки (Elsie 2017: 12–13):

1. азбука *Истанбул* (*Istanbul*), претставена во 1879 г. од Сами бej Фрашери (Sami bey Frashëri; 1850 – 1904), која била најмногу употребувана и се базира на латиницата, со неколку дополнителни графеми од грчката азбука;

2. азбука *Башкими* (*Bashkimi*), која е креација на Друштвото „Башкими“ основано во Скадар (Shkodër) во 1899 г.; азбуката не содржи графеми со дијакритички знаци освен графемата *é*;

3. азбука *Агими* (*Agimi*), за која се вели дека била претставена на Меѓународниот конгрес на ориенталистите во Хамбург во 1902 г.; се базира на хрватски модел, со употреба на неколку графеми со дијакритички знаци, со што се избегнуваат комбинации на графеми како *xh* и *zh*.

Прашањето за албанската азбука се решава дури на Конгресот во Битола, 14 – 22 ноември 1908 г., при што е предложено да продолжи употребата на двете азбуки – широко употребуваната азбука *Истанбул* (со мали промени) и модифицирана верзија на азбуката *Башкими* (Elsie 2010: 89). Сама по себе во практиката се наметнува азбуката *Башкими* која, за разлика од азбуката *Истанбул*, не бара посебни знаци за грчките графеми (Elsie 2017: 13). На овој начин се формира основата на современата албанска азбука, која има 36 графеми, сите засновани на латиницата.

Како и во Македонија, и во Албанија во 18 и 19 век се пишува со грчко писмо на албански јазик. Станува збор, пред сè, за преводна религиозна литература од сферата на православното христијанство, како и за речници. Авторите се наоѓале пред доста предизвици бидејќи со грчкото писмо не можеле соодветно да ги обележат специфичните гласови од албанскиот јазик (*ë*, *q*, *dh*, *l*, *ll*, *gj*, *nj*, *s*, *sh*, *th*, *xh*, *z*, *zh*). Најстар запис на албански јазик со грчко писмо е т.н. *Велигденско евангелие* од 16 или 17 век (Elsie 2017: 33). Грчкото влијание е особено изразено во Јужна Албанија каде што дури е отежнато пишувањето на народен албански јазик, што претставува сериозен проблем кога станува збор за создавањето литературни дела на албански јазик и развој на албанската литература. Употребата на различни азбуки ја поврзуваме и со влијанието на различни цркви – во Северна Албанија, под влијание на Католичката црква, се користела латиницата, во Јужна Албанија, под влијание на Грчката православна црква, се користеле грчки графеми.

Во 19 век постојат обиди да се пишува и со арапско писмо, што е во тесна врска со муслиманската религија. Меѓутоа, до 1911 г. оваа азбука е отфрлена и сосема ретко се употребувала за пишување поезија во Косово дури до 1947 г. (Elsie 2017: 43). Покрај наведеното, се среќаваат и оригинални албански писма меѓу кои се истакнуваат: азбуката на Григориј од Драч[31] (ракопис на *Елбасанското евангелие*), која датира од 1761 г.; азбуката на Даскал Тодри (Dhaskal Todhri; околу 1730 – 1850), која датира од крајот на 18 век; азбуката на Јан Велара (Jan Vellara; 1771 – 1823), која датира од 1801

[31] <http://www.albanianliterature.net/authors/authors_early/gregory_of_durres/index.html> пристапено на: 23.8.2023 г.

г. и азбуката на Наум Веќилхарџи (Naum Veqilharxhi; 1797 – 1846) од регионот на Корча, која датира од 1844/1845 г. (Elsie 2017: 85–98).

Доста интересни за нас се текстовите на албански јазик запишани со кирилско писмо[32]. Оваа писмена практика била својствена за православните Албанци во Западна Македонија и се среќава во литургиски текстови, на икони и фрески на православни храмови. Во 1937 г., етнографот Миленко С. Филиповиќ (Milenko S. Filipović; 1902 – 1969) пронашол натпис од десет реда на кирилица на надгробна плоча во селото Дуф[33] кај Гостивар, што временски се поврзува со 1889 г. Под десетте реда напишани на албански јазик со кирилица, се наоѓаат шест реда напишани на кирилица, на македонски народен говор со извесно јазично влијание од српскиот јазик (Elsie 2017: 48–49):

	Транскрипција
КѢТѹ НѢНѢ К[...]Т ́РѢ́СѢ	Këtù nënë këtˈ rásë
ТЄФТОФѹН, [...]МООТѢ ЄНЄ	të ftofun […]mootë ene
КѢЛБЄТѢ ТРѹЙ ЄНДРЄСС	kalbetë truij e Ndress
БИРИ ДѹКОСѢ ЏЄЛЄПѢ ПРЄИ	biri Dukosë xhelepë prej
ДѹФИТѢ, [...] ЂѹШѢ ПОИ	Dufitë ën gjýshë po i
КѢНДОНѢ ЛЄТѢ Ѡ ОТѢ	këndonë le të thotë
[...]ЛЖЄ ЗОТѢ, РОИТИ	[…]lzhe zotë, rojti
ЏѢЛѢ: 75: ВЂТѢ ВДИЧ	xhallë 75 vjetë vdiç
1889: МѹЙ [...]РЂЛѢ: 26	1889: muj aprjellë 26
НѢ ШЄ́ЄР ТЄТОВ:	në shéer Tetov[35]
ѺВѢЙ СПОМЄ:	Ovaj spome
НИКѢ ПОДИГО:	nikˈ podigo
ШЄ БЛѢ[...]ДАР:	še blagodar:
НИ Мѹ СИНОВЄ	ni mu sinove
МЄТѹГОСКИ СОЙ	Metugoski soj
(ТЄТОВО)[34]	(Tetovo)[36]

[32] Пулевски во *Речникоѿ оџ четири јазика* (*Речник оѿ четири јазика*; македонски, албански, турски, грчки) и во *Речникоѿ оџ ѿри јазика* (*Речник оџ ѿри језика*; македонски, албански и турски), текстовите/зборовите на албански, турски и грчки јазик ги пишува со кирилица. Во овој контекст, од *Речникоѿ оџ ѿри јазика* ги издвојуваме следните примери (Пулевски 1875: 13): мак. *Што је васпиѿаније* vs алб. *Чиш ашѿ мсуме* vs тур. *Шу илим неанлр*. Бројот *четири* во *Речникоѿ оџ четири јазика* го пишува на следните начини (Пулевски 1873: 26): мак. *четири* vs алб. *каѿеръ* vs тур. *ѳорѿъ* vs грч. *ѳесера*, *ѿешера*.

[33] Дуф е село во општина Маврово и Ростуше, во областа Горен Полог, во близина на градот Гостивар.

[34] Доследното пренесување на текстот на кирилица од факсимилот на записот на надгробната плоча (Elsie 2017: 48) го изврши Б. Маринова.

[35] Под оваа ладна / плоча […] се распаѓа и / гние телото на Нˈдре, / синот на Дуко, сточар од / Дуф. Кој и да / го прочита ова, / нека рече: / Господ да му прости. / Живеел 75 години, починал / во 1889 година, 26 април, / во градот Тетово. / Овој споме- / ник го подигнаа / благодарни- / те негови синови, / семејството Метугоски / (Тетово) [Превод: Б. Маринова]

[36] Елси (Elsie 2017: 49) наведува дека транскирпцијата е извршена од страна на Миленко С. Филиповиќ [Milenko S. Filipović. „Albanisch mit kyrillischen Buchstaben“, in: *Zeitschrift für Balkanologie*, Wiesbaden, 7 (1969 – 1970), p. 22–23.].

На Албанскиот конгрес за правопис, одржан во Тирана, во ноември 1972 г., е утврден правописот и со тоа е стандардизиран албанскиот јазик.

Ароманците се транснационално, недржавотворно малцинство во Југоисточна Европа (Friedman 2001: 26). Татковината на Ароманците се наоѓа на Балканскиот Полуостров, на југ и на запад од реката Дунав, во (делови на) Грција, Албанија, Македонија, Србија, Бугарија и Романија. Помал број Ароманци има во поразвиените европски и прекуокеански земји поради миграциските процеси во чија основа лежи желбата за подобар живот. Најбројна аромaнска заедница има Грција. Ароманците имаат компактна географска дистрибуција на планината Пинд (*Πίνδος*) во северозападниот дел на Грција, која се смета за јадро на балканските Ароманци, а главен културен центар е градот Мецово (*Μέτσοβο*), покрај важниот културен центар Трикала (*Τρίκαλα*) (Minahan 2002: 174). Важен центар на Ароманците во Северна Македонија е градот Крушево, додека во Бугарија – градот Сливен. Ароманците од југот на Балканскиот Полуостров се именуваат со различни имиња: Аромани, Арм'њ, Аромуни, Влахи, Цинцари, но најраспространето е името Власи. Повеќето лингвисти, меѓу кои и Петар Скок, сметаат дека поимите Влав/Власи[37] се од галско или келтско потекло и настанале во времето на големата преселба на народите од Азија во Европа (Трпкоски-Трпку 1986: 20). Власите на Балканот се познати под различни имиња,[38] во зависност од тоа каде живеат:

– Влав/Власи, под овој општ назив се нарекуваат сите кои живеат на југот на Балканот;

– Арванито-Власи ги нарекуваат само тие кои живеат во Јужна Албанија;

– Куцовласи/Влахи ги нарекуваат само тие кои живеат во Грција;

– Цинцари ги нарекуваат во Србија и некои делови на поранешна Југославија;

– Армања е еден од називите што се користи во Албанија.

Во средината на 19 век, со поддршка на Романската влада, Ароманците на Балканот започнуваат да го дефинираат својот национален идентитет[39] (Minahan 2002: 174). Ароманците на Балканот се доста погодени од светските и балканските војни, а биле изложени на силни процеси на асимилација. По падот на тоталитарните режими во 1990-тите години и по воспоставувањето подемократски режими во регионот, ситуацијата на Ароманците значително се подобрува (Minahan 2002: 180).

Ароманскиот јазик (*limba armãneascã*, *limba armãnã*, *armãneashti*, *armãneashte*, *armãneashci*, *armãneashce* или *rrãmãneshti*) припаѓа на групата романски јазици (заедно со романскиот, италијанскиот, францускиот, шпанскиот, португалскиот). Романските јазици, како сродни јазици, настанале од народниот латински јазик во различни делови на Европа. Ароманскиот јазик има доста сличности со романскиот јазик, особено на морфолошки, синтаксички и лексички план – во поглед на наследениот речник од латинскиот јазик. Разликите на двата јазици се должат на настанатите промени како

[37] Со овој поим се именувале сите латинизирани народи што живееле во Римската Империја, кои се сретнале со келтско-галските племиња што доаѓале од исток. Самите Власи од југот на Балканот се нарекувале *Арм'њи* или *Влахи*, а во Романија ги нарекувале *Аром'ни*, или со политизираниот поим *Мачедо-Ром'ни* (Трпкоски-Трпку 1986: 20).

[38] Власите од југот на Балканот се разликуваат и според следната поделба: Власи-Грамустеани – според името на планината Грамос (Епир, Грција); Власи-Фрашероти – според подрачјето Фрашери во Албанија; Власи-Москополеани – според околината и градот Москополе (денес – Албанија; алб. Voskopjë); Власи-Меглени – тие кои живеат во регионот Меглен (Егејска Македонија, денес – Р Грција) (Трпкоски-Трпку 1986: 20).

[39] Во 1876 г. се отвора првото влашко училиште во Грција, а на крајот на 19 век функционираат речиси сто влашки училишта во Грција, Македонија и Албанија (Minahan 2002: 177).

резултат на контактот со различни јазици – романскиот е под влијание на словенските јазици, додека ароманскиот бил под силно грчко влијание. Според некои научници, ароманскиот, мегленороманскиот и истророманскиот се дијалекти на романскиот јазик, додека според други, претставуваат одделни јазици.

Како кај Македонците и Албанците, и кај Ароманците се среќаваат печатени книги на аромански јазик, но напишани со грчко писмо, кои датираат од 18 и (почетокот на) 19 век. Подоцна грчкото писмо е заменето со латиница.

Во 18 и 19 век, Москополе е значаен културен центар со доста добар стопански напредок, но во исто време е и центар на грчката култура. Во овој период се јавуваат првите аромански писатели – Теодор Кавалоти (Teodor Anastasie Cavalioti/Θεόδωρος Αναστασίου Καβαλλιώτης; 1718 – 1789), Даниил од Москополе (Москополеан) (Daniil Moscopoleanu/Δανιήλ Μοσχοπολίτης; 1754 – 1825) и Константин Укута (Constantin Ucuta). На почетокот на 19 век, во Будим и во Виена, под влијание на Ердељската школа (*Şcoala Ardeleană*), но со белегот на истата москополска клима од каде потекнуваат, се истакнуваат Јорји (Георги) Константин Рожа (Gheorghe Constantin Roja; 1786 – 1847), кому му се припишува првиот обид за унифицирање на ароманскиот и романскиот јазик со книгата *Вештината за читање романски со латински букви, кои се старите букви на Римјаните* (1809 г.), и Михаил Бојаџи (Mihail Boiagi; 1780 – 1828 или 1843), авторот на првата аромански граматика со наслов *Аромански или македоновлашка граматика* (1813 г.) (Барду 2009: 13). За разлика од прогрчки настроените Теодор Кавалоти и Даниил од Москополе, кои во своите книги пројавуваат преродбенска свест, балканска односно аромански, другиот москополец, Константин Укута, се послужил со просветителството за отворено да ја произнесе својата припадност кон ароманскиот род (Барду 2009: 20).

Стандардизацијата на ароманскиот јазик е комплексен и контроверзен процес што го карактеризираат повеќе обиди за стандардизација меѓу кои ги вбројуваме интернационалните конгреси во Германија (Фрајбург/Freiburg), како и Меѓународниот конгрес во Битола во 1997 г. Постоел голем интерес да се напушти користењето на романската азбука (која била користена дотогаш) и да се создаде нова азбука (врз основа на азбуката на Михаил Бојаџи). Користењето на романската азбука долго време било прифатливо од причини што ароманскиот јазик се сметал за дијалект на романскиот. Сепак, авторите биле исправени пред предизвици во врска со предавањето на специфичните аромански гласови. Тоа што е познато како „традиционален“ систем на пишување аромански, всушност, претставува систем кој е составен од неколку „традиционални“ азбуки во кои неколку графеми имаат дијакритички знаци што не се секогаш исти, а постојат и различни начини за пишување на истите зборови (Cunia 1997[40]). Така, на Вториот меѓународен конгрес за аромански јазик во Фрајбург (25 – 28 август 1988 г.) со големо задоволство се прифатени принципите на новата азбука (латиница без дијакритички знаци). Новата азбука е прифатена од средината за која е наменета од причини што е полесна за користење. Ароманската азбука која е избрана на Конгресот за стандардизација на ароманскиот систем на пишување има 34 букви: *a*, *ã*, *b*, *c*, *d*, *dh*, *dz*, *e*, *f*, *g*, *h*, *i*, *j*, *k*, *l*, *lj*, *m*, *n*, *nj*, *o*, *p*, *q*, *r*, *s*, *sh*, *t*, *th*, *ts*, *u*, *v*, *w*, *x*, *y*, *z* (Cunia 1997). На овој конгрес, исто така, се утврдени правописни принципи со кои се олеснува употребата на ароманскиот јазик во пишувана форма.

[40] Cunia, T. 1997. *On the standardization of the Aromanian system of writing (The Bituli-Macedonia symposium of August 1997)*. <https://web.archive.org/web/20080221090634/http://www.farsarotul.org/nl23_3.htm> пристапено на: 6.8.2023 г.

1.3. Правописните решенија и практики на „среднистите“ и „македонистите“ во однос на македонскиот јазик

Севкупниот развој на сите сегменти на општественото живеење во Македонија, во 19 век, заостанува во споредба со развојот во соседните словенски земји поради специфичните општествено-политички услови во кои се наоѓа. Уште на почетокот на 19 век се најавува крајот на Османлиската Империја, започнува националното будење на покорените народи што е проследено со обиди за решавање важни национални прашања. Важен белег на овој период се различните колебања во поглед на решавањето на важните општествени прашања, вклучувајќи ги и јазичните прашања. Меѓу најважните прашања од историјата на нашиот јазик се прашањата што се однесуваат на правописот и развојот на писмото. За македонскиот 19 век е карактеристично постепеното упростување на црковнословенската кирилица и, воопшто, упростувањето на правописните принципи, што претставува важен дел од обидите за стандардизација на македонскиот јазик. Ваквото упростување, пред сè, се однесува на графемите за кои не постоел реален изговор, за диграфите, како и за графемите што се преземени од грчкиот јазик.

За да го доловиме историскиот момент од 19 век во кој голем број наши писатели и други писмени луѓе се обидувале да напишат нешто на својот мајчин јазик, ќе го искористиме примерот на Трајко Стаматоски (1986: 19–20) со кој упатува на тешкотиите со кои се соочувале во услови на непостоење стандардизиран јазик, утврдена азбука и правопис: „Пред големи тешкотии се исправал секој наш човек што се зафаќал да ги изрази со писмо своите мисли на мајчиниот јазик. Какви напори морал да вложува тој во услови на немање на утврдена азбука и правопис, на литературен јазик, убаво илустрирале мнозина наши луѓе[41].“

Развојот на печатарската дејност во Македонија претставува голем поттик за нашите просветители. Од особено значење е отворањето на првата македонска печатница на Теодосиј Синаитски во Солун, во 1838 г., која работи сè до нејзиното второ опожарување во 1842 г. Потоа следува и затворањето на уште една печатница – печатницата на Кириjак Држиловић, чие последно печатено дело е *Кониковскоѿо еванг҃елие* на Павел Божигропски (1852 г.) (Ристовски 2000: 137). Во средината на 19 век е отворена уште една печатница која е позната како Ваташка печатница.

Во 19 век ги согледуваме почетоците на т.н. граѓанска литература во која доаѓа до израз живиот народен јазик. Со подемот на граѓанската литература расте и употребата на народниот јазик во писмениот јазичен израз бидејќи на овој начин текстовите се разбирливи за обичниот човек. Овие заклучоци се однесуваат на територијата на цела Македонија, а тоа значи и на оној дел што е под словенско влијание, односно каде што се употребува црковнословенската азбука, а тоа е дел од централниот и северниот дел на Македонија, како и на оној дел каде што се употребува

[41] Темко Попов ги изнесува своите сфаќања за македонскиот јазик во писмото што во мај 1888 г. го упатил од Солун до Деспот Баџовиќ, негов пријател и составувач на македонски буквар во Белград (Стаматоски 1986: 19–20): „Во предговороф на ова писмо ће ти предизвестам – пишува уште во почетокот Темко Попов – оти ја ће се помѫчам да ти пишам, колку је можно, на наше наречие, замествајћи оние речи, кои ја и незнам, со блгарскћи. Шчо да се чинит инако, Деспоте! Нашево наречие, кога можело да диктират на друћите славјанскћи наречиа, останало најсиромашко и, као питач, да спружвит рѫка било на блгарското, било на српското па и дури на руското! Не отричам ја оти свите славјанскћи наречиа се сходни помећу си и оти природно је да се взаемеет едното од другото, а не до вакво дере(дже), (дже, незнам како се пишит), до кое е дошло нашево кутро наречие, шчо да не можит чоек да си искажит мислите, без да употребит блгарскћи речи, ако той имат живено у блгарско, српски – ако у српско.“

грчкото писмо, а тоа е дел од централниот и јужниот дел на Македонија (Спасов 2018: 27). Во поглед на употребата на народниот јазик ќе го споменеме придонесот на Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и Теодосиј Синаитски. Тројцата автори ја согледале важноста на разбирливиот народен јазик за обичниот човек и увиделе дека единствено со негова употреба можат да ги постигнат целите што ги поставиле како автори. Понатаму, во текот на 19 век, се јавуваат и други автори кои создаваат сопствени литературни дела (Партениј Зографски, Рајко Жинзифов, браќата Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Марко Цепенков и др.), кои се трудат да воспостават еден поупростен правописен систем, да воспостават некаква норма во писмото, некогаш со приклонување кон една или кон друга варијанта на словенската кирилица, како и со отфрлање на одредени графеми (Црвенковска 2021: 32). Под влијание на правописните принципи на Вук Караџиќ, и во рамките на македонскиот писмен јазик се чувствува дополнителен импулс за упростување, а ваквата тенденција доаѓа до израз по педесеттите години на 19 век.

Литературата од 19 век во однос на азбуката и правописните принципи покажува доста разлики поради различните сфаќања за идниот писмен јазик, при што е невозможно да се утврди една форма и да се направи некаква стандардизација.

Големо значење за употребата на македонскиот јазик, за употребата на народниот говор има собирачката дејност која опфаќа собирање и издавање македонско народно творештво, а како најистакнати собирачи ќе ги споменеме браќата Миладиновци, Кузман Шапкарев, Стефан Верковиќ, Марко Цепенков. Дел од собраниот материјал не е објавен во времето во кое живееле, туку постхумно. Од ова време се издвојуваат следниве текстови (Спасов 2018: 40):

1. *Зборник на македонски народни песни* од браќата Миладиновци, издаден во Самобор во 1861 г.;
2. Зборници на македонски народни песни и приказни на Кузман Шапкарев, издадени во списанија во Бугарија и во Цариград;
3. Зборник на народни приказни и песни од Марко Цепенков, за првпат целосно објавен во 20 век;
4. *Зборник на народни приказни* од Стефан Верковиќ, објавен за првпат во Прага во 1932 г., од страна на П. Лавров и Ј. Поливка;
5. *Зборник на приказни, песни и обичаи од Југоисточна Македонија*, објавен во Париз во 1923 г.;
6. *Зборник на народни приказни, песни, обичаи од Јужна Македонија*, објавен во Париз во 1922 г.

Издавањето разновиден фолклорен материјал продолжува и во 20 век. Иако јазикот на народното творештво е поархаичен и се разликува од секојдневниот говор, собирачката дејност дава значаен импулс во натамошниот развој на македонскиот писмен јазик.

Термините *прва стандардизација на македонскиот јазик* (1903 г.) и *конечна стандардизација на македонскиот јазик* (1945 г.) се воведени од страна на Љ. Спасов (Spasov 2008: 421–422) со цел објективно да се прикаже сложениот процес на стандардизација на македонскиот јазик. Процесот на стандардизација на македонскиот јазик подразбира поставување фонолошка, правописна, граматичка и лексичка норма во почетокот на 20 век. Сите случувања на јазичен план од 19 век придонесоа за конечното решавање на македонското јазично прашање одразено во тоа што понатаму следува – првата стандардизација на македонскиот јазик што ја започнува Крсте

Мисирков[42] со неговата книга *За македонцките работи* во 1903 г., а завршува во 1945 г. со усвојувањето на предлог-решенијата на јазичната комисија формирана од Президиумот на АСНОМ во ноември 1944 г., во која главна улога има Блаже Конески. Конечната стандардизација на македонскиот јазик и создавањето на современиот македонски стандарден јазик се во тесна врска со прогласувањето на македонскиот јазик за службен[43] на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944[44] г.: „Тој акт беше индикативен, бидејќи покажуваше дека на јазикот му се одделува особено внимание и му се дава особено значење во моментот кога се работеше за врвна објава на националната идентификација на Македонците“ (Конески 1985: 9). Една година подоцна следува озаконувањето[45] на македонската азбука (5 мај 1945 г.[46]) и македонскиот правопис (7 јуни 1945 г.).

Во втората половина на 19 век доаѓаат до израз дискусиите за идниот писмен јазик на Македонците, кои се доста важни за стандардизацијата што следува на почетокот на 20 век. Во овој период, во Македонија, се актуелни две гледишта за создавањето на идниот македонски писмен јазик. Застапниците на првото гледиште се залагаат за создавање заеднички македонско-бугарски јазик, во што е одразена и борбата на македонското граѓанство против моќната Цариградската патријаршија[47]. Ова гледиште се поврзува со македонските интелектуалци со словенофилска ориентација (Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Рајко Жинзифов, Партениј Зографски, донекаде и Григор Прличев) кои се залагаат македонскиот писмен јазик да биде создаден врз црковнословенска основа (пред сè, од руска проминенција, со учество на традиционалниот македонски јусов правопис), или, пак, да биде според граѓанскиот модел на современиот руски литературен јазик, со учество на македонскиот народен јазик или, пак, се залагаат за создавање еден заеднички писмен јазик, пред сè, со Бугарите во чија основа би бил и тогашниот бугарски јазик (Спасов 2018: 15). Кога зборуваме за некакво јазично заедништво, треба да се спомене и идејата за заеднички македонско-српски јазик на дипломатскиот претставник на Србија во Цариград – Стојан Новаковиќ. Според застапниците на второто гледиште, потребно е да се оформи посебен македонски писмен јазик. Ова гледиште добива уште повеќе приврзаници по 1871 г., кога Егзархијата ја проширува својата власт во Македонија, со што се зголемува и употребата на бугарскиот јазик и за што дури и во списанието *Лоза* (1892

[42] На почетокот на 20 век, во 1903 г., Крсте Мисирков ја прави првата стандардизација на македонскиот писмен јазик и според тоа, периодот од 16 до 20 век претставува претстандарден период на македонскиот писмен јазик, додека периодот по 19 век, па сè до денес претставува стандарден период. (Конески 1975: 119–120; Спасов 2006: 23–30).

[43] На 2 август 1944 г., АСНОМ, на своето Прво заседание одржано во манастирот Св. Прохор Пчињски, донесува решение за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава. Решението, потпишано од претседателот Методија Андонов-Ченто, се состои од два члена:

Член 1

Во македонската држава како службен јазик се заведуе народниот македонски јазик.

Член 2

Ова решение влегуе веднага во сила.

[44] <http://www.slvesnik.com.mk/Issues/0B06AFA2DCBB4B42B443C52DC94D844E.pdf.> пристапено на: 22.5.2023 г.

[45] Во ноември 1944 г. од страна на Президиумот на АСНОМ е именувана Комисија за јазик и правопис, чија задача е да изработи предлог за азбука и правопис, што претставува важен дел од стандардизација на македонскиот јазик.

[46] Резолуцијата за македонската азбука е донесена на 3 мај 1945 г. од страна на Комисијата за азбука и правопис, а е усвоена на 5 мај 1945 г. од Народната влада на Македонија.

[47] Едно од најважните движења во 19 век е движењето за обнова на автокефалноста на Охридската архиепископија која зазема важно место во целокупното преродбенско дејствување во Македонија, особено во текот на борбата против пропагандите на соседните држави – Бугарија, Србија и Грција.

г.) јасно доаѓа до израз целта за враќање на традицијата на македонските писатели од 19 век (Конески 1981: 58). Под влијание на јазичните реформи на српскиот јазик воведени од страна на Вук Караџиќ, и во нашата јазична средина доаѓа до израз тенденцијата за упростување на традиционалниот правопис. Во втората половина на 19 век навлегува и руската граѓанска азбука – гражданка. Различните гледишта за идниот писмен јазик во Македонија и во Бугарија се разработени од Љ. Спасов (2005: 39–40; 2018: 29–35), според кој културните дејци од македонската и бугарската јазична средина може да се поделат на неколку подгрупи: националисти и хегемонисти – за бугарската средина и националисти и космополити за македонската средина (в. повеќе стр. 23–24; 27–30).

Во врска со оваа поделба, Спасов (2005: 39–40) ги донесува следните заклучоци: (1) хегемонистите/космополитите сметаат дека нивниот народ е дел од поголема заедница и дека во таа насока треба свесно да се откажуваат од своите јазични и културни особености во корист на претпоставеното заедништво; (2) хегемонистите се припадници на поголемиот народ, а космополитите на помалиот народ и дека во стремежот за заедништво победник е поголемиот кој го наметнува својот идентитет како општ, а помалиот е поразениот бидејќи го губи својот идентитет преземајќи го идентитетот на поголемиот; (3) националистите сметале дека единствениот јазик и географската определеност се двата најважни чинители во определувањето на луѓето како нација и дека е потребно изразување на националните карактеристики преку литературата, музиката, танцот и другите форми на културата.

Имајќи ги предвид познатите зборови на Стаматоски (1997: 82), дека „клучот беше во опитот на творците од македонскиот 19 век, низ кој се развиваше македонската литературна норма“, да ги разгледаме развојот на филолошката мисла во Македонија и правописните решенија и практики на „среднистите“ и „македонистите“ во однос на македонскиот јазик.

Првите македонски писатели, Кирил Пејчиновиќ и Јоаким Крчовски, пишувале на народен македонски јазик, секој на својот дијалект, со цел до обичниот човек да допре разбирливата содржина на нивните дела. И двајцата успеваат да дадат значаен придонес во создавањето услови за сите натамошни јазични дискусии кои се засилуваат во втората половина на 19 век и кои го отвораат прашањето за идниот македонски писмен јазик. Црковнословенскиот јазик го одразува високиот стил на пишување, додека со употребата на народниот јазик доаѓа до израз неопходноста во поглед на неговата употреба поради практични причини. Кај Пејчиновиќ и Крчовски, како и кај Теодосиј Синаитски, не доаѓа до израз ставот како би требало да изгледа идниот писмен јазик, туку и тројцата го согледуваат значењето на разбирливиот народен јазик за обичниот човек. Синаитски, сакајќи да го нагласи значењето на народниот јазик, во својот *Предговор* кон *Утешение грешним* од Кирил Пејчиновиќ пишува (Синаитски 1974: 52): „Но овој блажениј человек со толко труд и со божественаја ревност за христианскиј љубов седе и приведе оваја книжица глаголемаја *Утешение грешним*. Како седе и собра слово от божественое писание, от евангелие, от ветхаја завет, от псалтир, и от книги глаголемиа Илиа Миниат, и от други примерними историами – да приведе ги со толкование на прости јазик болгарскиј Долнија Миссии, скопскиј и тетовскиј, да ја чатат и простију народ да ублажает на таков православниј учител, оти можат да познајат от сие учение. И не можат да речат ’пошто не можеме да познаеме оти ест по славјанскиј или по росијски јазик‘. Еве кључ что отворует сердцето ваше: не кључ от злато или от сребро, но кључ от железо и чилик, что да не се вии. (...) Нека ест от чилик и железо та да отвори ковчегот, та да не ест от сребро и злато и да не може да отвори сердцето на простиот человек!“ Синаитски го именува

јазикот така како што би можел да се именува во периодот во кој живее, но со дополнителните определби „Долнија Миссии, скопскиј и тетовскиј“ ја истакнува јазичната посебност во однос на бугарскиот јазик.

За првите македонски писатели од 19 век, Крчовски и Пејчиновиќ, очигледно е приклонувањето кон графиските правила на руската редакција на црковнословенскиот јазик, со појава на некои елементи на домашната традиција како што е, на пример, кај Пејчиновиќ **нѣ** за изразување мекост на претходната согласка (Црвенковска 2021: 32). Во врска со ова, како резултат на анализата на *Огледало*[48] (1816 г.) и *Утешение грешним*[49] (1840 г.) од Пејчиновиќ, ќе издвоиме неколку примери: **трьпенѣ**, **нетрпенѣто**, **саканѣ**, **по́стенѣ**, **каменѣ** (*Утешение грешним*); **жне́енѣ**, **неве́рованѣ**, **ко́ленѣ**, **незна́енѣ**, **неслы́шанѣ**, како и **кри́лѣ** каде се изразува мекост на согласката **л** (со **лѣ**) (*Огледало*).

Еден од застапниците на идејата за т.н. општ македонско-бугарски јазик, во кој би доминирале елементите на македонскиот јазик, бидејќи би биле земени како основа, е Партениј Зографски. Како автор на првите учебници на македонски јазик, тој е еден од оние претставници на 19 век што се вклучиле во јазичните дискусии за идниот писмен јазик на Македонците. Своите ставови за јазикот најјасно ги изразува во неговата прва научна статија *Мисли за бѫгарскиоѫ јазик* (***Мисли за болгарскиѫ-отъ ꙗзикъ***), отпечатена во списанието *Бѫгарски книжици* (***Блъгарскы книжици***) бр. I, книга 1, од 1 јануари 1858 г. (Зографски 1858: 35): „**И дрꙋгїй потъ сме кажале, пакъ сега кажꙋваме, цто за да можетъ да се составитъ еденъ обцтїй писменнїй ꙗзикъ пьрво е потребно да излезатъ на ѥве си-те местни наречїꙗ и идїотизми на ꙗзик-отъ ни, вьрхꙋ кои-то обцтїй-отъ ꙗзикъ иматъ да се зиздатъ: догде се не направитъ тоа нецто никой не можетъ и неиматъ право да сꙋдитъ и да редитъ за обцтїй писменнїй ꙗзикъ, основꙋваецти се на едно толко, кое и да е оно, наречїе** (...) **Нашїй-отъ ꙗзикъ, како цто е познато, се дѣлитъ на две главни наречїꙗ, отъ кои-то едно-то се говоритъ во Болгарїꙗ и Тракїꙗ, а пакъ дрꙋго-то во Македонїꙗ**.“ Понатаму, го истакнува местото на македонскиот јазик во општиот македонско-бугарски јазик (Зографски 1858: 36): „**Македонско-то наречїе не толко не трѣбетъ и не можетъ да бидетъ искљученно отъ обцтїй-отъ писменнїй ꙗзикъ. По добро тьа беше ако оно сѧ прїимаше за главна негова основа; по таѧ причина цто оно е по пълнозвꙋчно, по плавно и по стройно, и въ мъного отношенїꙗ по пълно и по богато. Представители на тоа наречїе се югозападни-те страни на Македонїꙗ**.“ Зографски се задржува на разликите помеѓу „двете наречја“, мислејќи на македонските и на бугарските говори, а како прва разлика ја посочува разликата во изговорот, односно во акцентот. Потоа претставува одредени граматички правила што се однесуваат на македонскиот јазик, односно на правоговорот и правописот на одредени самогласки и согласки, а се задржува и на одредени морфолошки правила споменувајќи го и членот. Статијата ја завршува со стихови од народни песни на македонски јазик изразувајќи го својот став дека тие ќе го предизвикаат вниманието на читателите. Оваа студија, стручно речено, е на високо методолошко рамниште и претставува прва контрастивна анализа на македонскиот и на бугарскиот јазик (Спасов 2018: 32). Зографски не успеал да изготви граматика според неговата идеја за општ македонско-бугарски јазик, но извесна практична

[48] <http://digilib.nationallibrary.bg:8082/show-sk?id=3> пристапено на: 3.8.2023 г.
[49] <http://digilib.nationallibrary.bg:8082/show-sk?id=46> пристапено на: 3.8.2023 г.

реализација на неговата идеја согледуваме во јазикот на неговите дела каде се среќаваат бугарски јазични црти, а во основата, секако, лежат македонските говори, поточно – западномакедонското наречје со неговиот роден галички говор. Претходно, на истата тема пишува и во *Цареградски вестник* (*Цареградски вѣстникъ*), во изданието под бр. 315 од 9 февруари 1857 г., каде најпрво се задржува на потребата од создавање граматика – „нужно е веке да имаме единъ общій съ правила-та му писменный языкъ; а сега, всякой писатель и своя Грамматика“ (Зографски 1857: 4), а потоа се обидува научно да аргументира одредени јазични аспекти.

Ваквиот предлог на Зографски не е прифатен од бугарската страна, па неговиот јазик бил нарекуван „една мешаница од бугарскиот и српскиот“, „бугарско-српско наречје“ (Конески 1981: 150). Но, Зографски не ги менува своите ставови и покрај добиените негативни критики од широката јавност. Според Конески (2020: 386), во ваквите ставови на Партениј Зографски, како и, воопшто, во гледиштето за еден општ македонско-бугарски јазик, треба да се согледа еден обид за отфрлање на грцизмот со помош на оваа општа, заедничка кауза, но без намера да се воведе бугарскиот јазик во Македонија.

Во контекст на сето ова, треба да се има предвид дека во споменатиот период, бугарскиот јазик, во споредба со македонскиот, бил доста понапред во својот развој, што ќе го доведе до кодификација врз основа на источнобугарските говори. Од јазичните дискусии што се водат во Бугарија може да се заклучи дека во тамошната средина сè уште не биле решени важни правописни и други важни граматички прашања, а најблиску до решение било прашањето за основата на идниот писмен јазик – тоа да бидат источнобугарските говори. Така, од овој аспект, и повеќе од јасно е дека идејата на Партениј Зографски е целосно неприфатлива за Бугарите.

Ваквата идеја во некаква слична форма се среќава и кај Јордан Хаџи Константинов-Џинот, но и во јазикот на поезијата на Рајко Жинзифов, каде е очигледно влијанието на црковнословенскиот и рускиот јазик. Најдалеку со компромисот кон бугарскиот јазик отиде Рајко Жинзифов, но остана доследен во употребата на елементи на македонскиот јазик во неговиот писмен јазчен израз (Конески 1981: 259).

Јордан Хаџи Константинов-Џинот своите ставови за јазикот најопширно ги образложува во статиите што се објавени во *Цареградски вестник* под броевите 82, 83, 84 и 85 од 1852 г. Во однос на правописот, Џинот се залага за осовременување, додека во однос на граматиката на писмениот јазик – за архаизација (Конески 1987: 27). Се залага за упростување на правописот и прв во својата практика заклучува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна буква и ваквата негова практика е наследена и од страна на Мисирков, а присутна е и во денешниот современ правопис на нашиот јазик (Конески 1986: 23). Во наведените статии доста енергично ги брани своите ставови во негов препознатлив стил. Така, на пример, во статијата објавена во *Цареградски вестник* бр. 83 од 26 април 1852 г., истакнува дека е против употребата на графемите ъ, ѫ и ѣѫ (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3): „Той Болгаринъ кой то пише съ ъ, ѫ, ѣѫ, да не мечтава да се покаже высокоученъ, и списатель...“ Џинот настапува прилично емотивно, па самите букви за него „велико зло творатъ“, а при нивниот изговор „носове те имъ затулява“ и „вилицы те имъ стега како на мртовець“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3). Наспроти ставовите за упростување на правописот, стојат неговите идеи и практични примери за извесна архаизација на граматиката, наклонувајќи се кон општословенската писмена традиција преку задржувањето на инфинитивот и падежните наставки и преку отфрлањето на членските морфеми. Во педесеттите години на 19 век, Џинот е обземен од мислата да

го напушти својот писмен јазик што го користи во соработката со *Цареградски вестник* и со писмото од 9 февруари 1855 г. до Белградското читалиште бара да му дадат „една Српска граматика синтаксическа, и една Логика (...) и една свеска Шумадинка (...) Ова искам за да преокренам правописо ми на српски“ (Димитровски 1983б: 54).

Еден од следбениците на Зографски е Кузман Шапкарев, кој имал различни и променливи ставови во врска со решавањето на јазичните прашања во Македонија, за што пишува и Конески (2020: 391): 1. Шапкарев бил целосно на линијата со Партениј Зографски – за создавање општ македонско-бугарски јазик; 2. за Шапкарев, јазикот во неговите учебници претставувал една преодна форма преку која Македонците ќе можат полесно да се доближат до бугарскиот јазик и 3. Шапкарев бил македонист – сметал дека Македонците се одделен народ и треба да имаат посебен литературен јазик. Сето ова е разбирливо имајќи го предвид времето во кое тој има најактивна дејност – шеесеттите и седумдесеттите години на 19 век. Во *Предговорот* на неговата *Голема бугарска читанка* (*Голѣма бѫлгарска читанка*) од 1868 г., Шапкарев, нарекувајќи се себеси „единъ Македонецъ“, за својот јазик пишува дека не може да го нарече македонски, туку дека претставува „Западно-Македонско, смѣшяно съ денешното писменно Българско нарѣчіе“ (Шапкарев 1868: 4). Наспроти ова, во неговиот последен учебник *Мајчин јазик* (1874 г.), за разлика од неговите претходни книги, доаѓа до израз македонскиот јазик (Конески 2020: 400). Во основата на јазикот на Шапкарев лежи неговиот роден охридски говор.

Григор Прличев се залагал за архаичен правопис и архаична граматика на писмениот јазик, што најмногу доаѓа до израз во неговата *Кратка словенска граматика* (*Кратка славянска грамматика*) од 1868 г. Граматиката е од т.н. цариградски период од неговиот живот кога посериозно ги проучувал словенските јазици, особено бугарскиот и старословенскиот. Во 1868 г. отишол во Истанбул, кај Ив. Најденов, со намера да го учи бугарскиот јазик бидејќи бил занесен од идејата да создаде општословенски јазик за кој и самиот вели: „Знам оти е фантазија, но и нужда велика е“ (Конески 1981: 259). Тој се залагал за посилна архаизација на писмениот јазик и сметал дека традиционалниот македонски писмен јазик треба да заземе значајно место во еден писмен јазик заснован врз црковнословенска традиција поради фактот дека најстарата словенска писменост е настаната во Македонија (Спасов 2005: 71–79; Спасов 2018: 31). Ваквиот став за создавање општословенски јазик е разбирлив за времето во кое живее, а меѓу другото, веројатно е поттикнат од јазичната ситуација во грчката литература каде уште од антички времиња се разликуваат низок и висок стил на пишување, а воден е од желбата сите словенски народи да имаат еден заеднички писмен јазик, што би имал статус на стандардизиран јазик. Според Десподова (1996: 56), јазикот на Прличевата *Кратка словенска граматика* претставува еден вид симбиоза од црковнословенски, руски и народни форми и лексички елементи што Прличев се труди да ги поврзе во една органска целина, поради што јазикот станува вештачки, неизедначен, а во црковнословенскиот јазик кој има статус на писмен јазик за сите Словени, веројатно, го гледа спасот од грцизмот.

Прличев, уште на првата страница, пишува за кого е наменета граматиката:

„А. За самоукы что желаѣжтъ да разумѣватъ Славянскы списанія.

Б. За ученицы что желаѣжтъ да изучять Грамматикѫ-тѫ практично и скоро.

В. За поводъ на учены-тѣ да съставятъ пространнѫ, която бы послужила да слѣе Славянскы-тѣ нарѣчія въ едно общё, което бы могло да се употреби отъ списатели-тѣ.

Единство на языкъ доставя
Единство и силѫ на народы-тѣ.“

Ваквиот јазик на Прличев не е прифатен од неговите современици, па за неговата практична примена остануваат да сведочат само неговите обиди за препејување стихови од грчки јазик. Неговиот вештачки јазик (уште познат и како словенско есперанто) го применува во препевите на поемите *Серѳаротъ* и *Скенѳерберг*, во *Илијаѳа* од Хомер, како и во критичкото размислување *Критик и преведувач*.

Во говорите на Прличев, чија основна цел е да допрат до обичниот човек, се среќава неговиот роден охридски говор. Во контекст на ова, Пандев (2021: 45), правејќи споредба помеѓу Прличев и Константин Миладинов, наведува дека Прличев твори на различни јазици и варијанти, додека Миладинов останува верен на македонскиот народен јазик на рамниште на препознатлив идеостил издигнат врз јазикот на народната песна, но и во контакт со рускиот јазик.

Очигледно е влијанието на црковнословенскиот јазик во фонетскиот систем што Прличев го предлага во неговата *Кратка словенска граматика*. Тој го претставува својот систем на самогласки во делот *За произношеніе-то* (Прличев 1994: 8–9), со кој започнува неговата граматика, наведувајќи поделба на самогласките врз основа на корелацијата по мекост – на тврдите самогласки *ъ, а, ы, о, у, ѫ* им соодветствуваат меките *ь, я, и, е, ю, ѧ*.

Потоа се задржува на изговорот на еровите и на други самогласки утврдувајќи ги правописните принципи што се однесуваат на нивната употреба и давајќи соодветни примери од каде што јасно се согледуваат разликите меѓу македонскиот и бугарскиот јазик[50], односно очигледен е обидот на Прличев да ги афирмира македонските форми (Прличев 1994: 8):

„По нѣкои мѣста Ерове-тѣ се произносятъ како *ѫ*, и на край на думы-тѣ: Така въ Велгощи казватъ за молитвѫ "да живѣѭтѧ" str. 149 въ цьрковны-тѣ книгы е употребено *у* вмѣсто *ѫ*, *ю* вмѣсто *ѭ* обычай надви да казвамы, нужда, вкусъ трудъ судъ и пр. (...)

Окончяѭщи-тѣ на ъ искатъ твьрды гласны а окончяѭщи-тѣ на ь, мѣгкы учитель-я, ю, емъ, и, царь, царя, царю, царемъ, богъ, бога, богу, богомъ. Апостолъ-а, у, омъ. Които искатъ мѣгкы гласны, гы означявамы съ крьсть **+**. Мягкы гласны искать и окончяѭщи-тѣ на *я*, *й*, *іе* (или *ье*); буря, край, званіе (званье) и пр.“

Прличев објаснува дека ъ или ь се употребуваат во зависност од тоа дали следуваат по тврди согласки (ъ) или по меки согласки (ь). Согласките по кои се пишуваат меки самогласки ги обележува со крст (+).

Потоа се задржува на изговорот на *ё*, наведувајќи дека се изговара како *о*: „общё, третё“ (Прличев 1994: 9). Според Прличев (1994: 9), *г*, *к*, *ц* се поврзуваат со тврди самогласки, односно по нив треба да се пишуваат тврди самогласки („мѫкы, тѫгы“ наместо „мѫки, тѫги“); по *ц* се пишува *е* („отцемъ вм. отцомъ“); *ж*, *ч*, *ш*, *щ*, нарекувајќи ги „влажны по звука“, ги поврзува со меки гласови (наведува дека во Македонија се пишува „чедо, кѭ, пишехъ, можехъ, учехъ“ наместо „чядо, щѭ, чтото слѣдъ *ж*, *ч, ш, щ* да се пише *ъ, а,* у вм. *ь, я, ю* Н.П. мѫжъ, чадо, шумъ. Прѣовлада да се пише чадо, шумъ, мъжъ вм. чядо, шюмъ, мѫжъ.“). Наведените јасни и разбирливи укажувања, поткрепени со едноставни примери, се уште една потврда за тежнеењето

[50] Во однос на азбуката и правописот, Прличев е против новиот редуциран бугарски правопис и против реформите во азбуката според кои би останале само графемите што покриваат реален изговор, сметајќи дека со наведените промени ќе дојде до оддалечување од рускиот народ (Спасов 2005: 44).

на Приличев и македонските форми да се користат во писмениот јазик за кој се залагал.

Прличев не се придржува доследно до правилата што ги пропишува и тоа ја отежнува определбата на основната форма на неговиот општословенски јазик – во неговата свест е родниот охридски говор, кој го употребува секогаш кога сака да појасни нешто што, според него, може да биде недоволно разбирливо, додека црковнословенските елементи му овозможуваат да излезе од системот на својот дијалект и неговиот јазик да добие наддијалектен карактер (Десподова 1996: 56–57).

Кога зборуваме за македонскиот јазик во втората половина на 19 век, не треба да ги одминеме Константин Миладинов, кој пишувал на струшки говор со мала употреба на русизми и бугаризми, како и Марко Цепенков во чии дела се среќаваат централните македонски говори.

Константин Миладинов својот став за правописот на македонскиот писмен јазик го изнесува во *Предговорот* кон *Зборникот* (Зборник 1962: 6): „Правопис употребихме по возможноста најлесен и најсходен со произношението од словата; напр. вместо трите букви, ъ, ь, ѫ, каи имает еднакво произношение, употребихме една: ѫ; напр. сѫнце, сѫрце, рѫка, вм. сънхуе, сърчуе, ръка. К'де по грам. правила се пишит ѫ, но се произносит а, се употреби последново. Еднакво се грижехме да предадиме верно народното произношение, по кое се водит тукашниов правопис.“ Тој е свесен за потфатот што го презел – реформирање, односно упростување на правописот, па понатаму се задржува на објаснувањето на одделни правописни принципи (пишување безвучни букви на крајот од зборот, употреба на апостроф како замена за испуштен глас итн.). Со ваквите ставови во однос на правописните прашања, браќата Миладиновци извршија големо влијание врз голем број автори и собирачи на народни умотворби од 19 век. Во овој период, правописните принципи на Миладиновци биле широко прифатени. Од анализата на преписката на браќата Миладиновци, односно од писмата што не се напишани на грчки јазик, произлегува заклучокот дека тие се напишани на стилизиран јазик во кој преовладува струшкиот дијалект и дека тие не го прифаќаат бугарскиот јазичен стандард кој тогаш се формира, што покажува и дека не се сфаќаат како дел од современата бугарска нација (Спасов, Јовановски 2023: 182).

Марко Цепенков, еден од најистакнатите собирачи на македонски народни умотворби, има непроценливо значење за македонската национална историја, литература и лингвистика. Од правописните принципи на Цепенков ќе ги издвоиме случаите на предавањето на гласовите *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ* со *к*, *г*, *л*, *н* + *ь*, исто како и Чуповски[51] во единствениот текст[52] објавен на македонски јазик во санктпетербуршкиот *Македонски глас* (*Македонскій голосъ*) бр. 9, 1914 г., стр. 19. Ваквиот начин на предавање на гласовите е писмена практика во тоа време и речиси редовно се среќава кај македонските преродбеници, но и во бугарската јазична средина, меѓу бугарските интелектуалци при обележувањето дијалектен изговор што според нивното сфаќање, пред сè, се однесува на дијалектите во Македонија. Во врска со употребата на графемата *j*, се заклучува дека во текстовите на Цепенков се јавува *й*, а во почетокот на

[51] Чуповски го прифаќа фонетскиот правописен принцип кој е претходно афирмиран од Мисирков, додека нацртот на изборот на графемите на Чуповски се разликува од изборот на Мисирков, но се врзува со пошироката македонска писмена традиција од втората половина на 19 век (Спасов 2006: 15).

[52] Станува збор за песна со наслов *Крале Марко*, составена од 44 стиха, која Чуповски ја објавува под псевдонимот Посмртче.

зборот и стариот знак *я*:[53] язико, ясъ (Цепенков 1903а: 3); ятаганъ, ягне (Цепенков 1903в: 2); войвода, той, майка, найде (Цепенков 1903а: 3); крайо, мой, дойде (Цепенков 1903б: 3). Примерите за употреба на графемите *й* и *я* се извлечени од драмата *Црне војвода* која излегува во подлистоци на весникот *Автономна Македонија* (*Автономна Македония*) почнувајќи од 28 септември 1903 г.

Графемите *џ* и *ѕ* ги среќаваме во речничето на Цепенков, но во објаснувањата на зборовите што се дадени на бугарски јазик, гласот *џ* е предаден со *дж* (Стаматоски 1986: 67–68): ѕипаф, ѕока, ѕвечи, ганѕало, џарле, џграба, џебурлао, џмиринкьи, џбурна, џвркна.

Ефрем Каранов, еден македонски недоволно проучен фолклорист и филолог, испраќајќи му на Бугарското книжевно другарство свој зборник со македонски фолклорни материјали, во писмо од 17.2.1875 г. поставува и свои услови во однос на графискиот систем со кој тие треба да бидат испечатени барајќи „секое ъ на крајот да се отфрли, а секое ъ во средината да се замени со *ѫ*“ (Стаматоски 1986: 73). Бугарското книжевно другарство го прифатило барањето, при што само *Предговорот* бил напишан со правописот на Другарството (Стаматоски 1986: 73–74).

Ставови за упростување на азбуката и правописните правила има и Константин Петковић. Според Спасов (2005: 96), важна карактеристика на графијата и правописот со кои се служи Константин Петковић е стремежот за осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма, што се јавува под влијание на Вуковите принципи, влијанието на И. И. Срезневски, како и традицијата, особено руската. Константин Петковић го определуваме како „среднист“ бидејќи ја застапувал идејата за создавање среден македонско-бугарски јазик, а во исто време, според неговото дело, можеме да го сметаме како „македонист“. Во однос на правописните решенија на писмениот јазик на Константин Петковић,[54] може да се заклучи дека важен белег е стремежот за упростување и осовременување во однос на црковнословенската јазична норма. Петковић мошне рано ги прифатил Вуковите принципи, веројатно под влијание на И. И. Срезневски и поради ослободеноста од предрасудите што постоеле кон Караџиќ и неговото дело во Србија, но принципите не ги применува целосно бидејќи е под влијание и на традицијата, особено руската (Спасов 2005: 96).

Графијата и ортографијата на Петковић ќе ги разгледаме врз примери од речникот од 1848 г. (*Словарь болгаро-русскій*), кој е објавен како интегрален текст во првиот дел од книгата *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик – Бојата на јазикот* од Љ. Спасов (Спасов 2005: 110–259). Петковић се служи со приспособена руска азбука, но се среќаваат и зборови напишани со црковнословенската азбука, најчесто кога се објаснува потеклото на некој збор или кога се предава неговиот стар графички облик. За нашите специфични гласови ги користи следниве знаци (Спасов 2005: 97):

ѓ = г, гя , ђ, гю, г’, гь.
ѕ = s, дз.
ј = я, ю, ѥ, й, ь, ѣ.
љ = ля, ль, лю.
њ = ня, нь, ньо, нѣ.

[53] Стаматоски (1986: 65) накусо се осврнува на одредени корекции во ракопис на Цепенков сметајќи дека се извршени отпосле, веројатно по сугестија на Шишманов или дури можеби и лично од него, при што сите случаи кога прво било *й* и кога прво било *я* се коригирани со *і* (без свиен крак десно нагоре).

[54] Љ. Спасов (2005: 93–362) детално ги претставува правописните принципи на Константин Петковић, заедно со лингвистички анализи, интегрални текстови и факсимили од творештвото на Петковић.

ќ = к, кя, кю, ћ, к’, ќ, к|, кь.

џ = дж.

Колебањето во поглед на примената на одредени графеми при предавањето на одделни гласови е особено изразено кај *ќ* и *ѕ̑*. Често се среќава допишување на *ћ* и *ђ* над други графеми за овие гласови, а најинтересни се примерите кога Петковић ги користи графемите *ќ* односно *к’* и *ѕ̄’* за бележење на наведените гласови, со што се јавува како директен претходник на Крсте Мисирков (Спасов 2005: 97–98).

Во однос на употребата на одделни графеми, ќе се задржиме на следниве примери:

а) бележење на *ќ*: божик(ћ) (над *к* е напишано *ћ*) 25 зб., 4 стр.; бубакъ 11 зб., 5 об.[55] стр.; бубакенъ 12 зб., 5 об. стр.; бекяръ 18 зб., 5 об. стр.; бекярство 19 зб., 5 об. стр.; врюк’о 17 зб., 8 стр.; врюк’ина 18 зб., 8 стр.; врюќь 19 зб., 8 стр.; дукянъ, дукянче 20 зб., 13 об. стр.; кукя 12 зб., 24 стр.; кютамъ 15 зб., 25 стр.; кюркъ 16 зб., 25 стр.; к|éсе 24 зб., 27 стр.; маке’а 23 зб., 30 стр.; плакямъ (плаћамъ) 5 зб., 37 об. стр.; свек’(ћ)а (над *к* е напишано *ћ*) 2 зб., 41 об. стр.; цвекье 15 зб., 52 об. стр.; чеќичъ 25 зб., 54 об. стр.;

б) бележење на *ѕ̑*: веги-вежди 6 зб., 7 стр.; госпожда-госпоія 4 зб., 11 об. стр.; гюбре 20 зб., 12 стр.; гюбрище 21 зб., 12 стр.; дисаг’и 18 зб., 13 об. стр.; калугеръ 1 зб. 27 стр.; саг(ђ)и (над *ѕ̄* е напишано *ђ*) 13 зб., 41 стр.; тугь-чуждъ 21 зб., 44 стр.; тугиня 22 зб., 44 стр.; међю 2 зб., 53 стр.;

в) бележење на *љ*: беля 7 зб., 3 об. стр.; белькимъ 8 зб., 3 об. стр.; блювамъ 20 зб., 6 стр.; блюеньe 21 зб., 6 стр.; биляръ 14 зб., 6 об. стр.; билье = зелье 15 зб., 6 об. стр.;

г) бележење на *њ*: баня 24 зб., 3 об. стр.; банямъ се 1 зб., 4 стр.; боренћ 5 зб., 4 об. стр.; буденћ 12 зб., 4 об. стр.; бутанћ 22 зб., 4 об. стр.; біенћ 16 зб. 5 стр.; бриченћ 21 зб. 5 стр.; бришенћ 1 зб. 5 об. стр.; броенћ 4 зб. 5 об. стр.; брецанћ 23 зб. 6 стр.; блеюньe 2 зб., 6 об. стр.; билсуанье 3 зб., 6 об. стр.; бърцанье 10 зб., 6 об. стр.; буньище 11 зб., 6 об. стр.;

д) бележење на *j*: аба́джія 2 зб., 2 стр.; айдукъ 10 зб., 2 стр.; бей 11 зб., 4 стр.; во́йска 3 зб., 9 стр.; войвода 5 зб., 9 стр.; грозћ 25 зб., 11 об. стр.; дабъе 1 зб., 13 стр.; дивье 5 зб., 13 стр;

ѓ) бележење на *џ*: аба́джія 2 зб., 2 стр.; аджамія 12 зб., 2 стр.; аджамилакъ 13 зб., 2 стр.; баджа 3 зб., 3 стр.; бозаджія 24 зб., 4 стр.;

е) бележење на *s*: sумпулъ – дзумпулъ, зумпулъ 17 зб., 20 стр.

Во речникот се согледува колебање во поглед на употребата *s* – еднаш се среќава *s*, некогаш – *ѕз* или *з*. Најчесто, *з* се употребува во позиции каде што според денешниот правопис се пишува *s*: зидъ 7 зб., 19 стр.; зидамъ 8 зб., 19 стр.; зидина-зидинћ 9 зб., 19 стр.; зиданћ 8 зб., 19 об. стр.; звонецъ 18 зб., 20 стр. итн.

Петковић употребува *ъ* или *ь* на крајот на зборот, по согласка: азъ 4 зб., 2 стр.; айдукъ 10 зб., 2 стр.; бакамъ 2 зб., 3 об. стр.; бардакъ 3 зб., 3 об. стр.; десетъ 3 зб., 13 об. стр.; жвакамъ 24 зб. 18 стр.; витель 10 зб., 7 стр.; тръсть 11 зб., 45 об. стр.; гость (гостъ) 16 зб., 10 об. стр.; кървь 24 зб. 24 об. стр. Во овие случаи еровите немаат гласовна вредности и ги употребува по традиција.

Еровите се употребуваат за обележување на самогласните *р* и *л*. Ъ се употребува и за бележење на *ă* (но без некој поопределен систем), *ь* во пишувањето на *j*, *ќ*, *љ*, *њ*, но и на крајот на зборот, исто така без некој определен систем (Спасов 2005: 100).

[55] Скратеницата *об.* се однесува на опачината на листот на која се запишани зборовите од речникот (в. Спасов 2005: 95). Бројот до секој од примерите го означува местото на кое е запишан зборот во речникот.

Самогласните *р* и *л* ги бележи на следниот начин: бъркамъ 3 зб., 4 стр.; бърго 8 зб., 4 стр.; грънчаръ 19 зб., 12 стр.; жъртва 6 зб., 18 стр.; мърморамъ 4 зб., 27 стр.; мърморенѣ 5 зб., 27 стр.; отфърламъ 2 зб., 35 стр.; смрьди 18 зб., 43 об. стр.; срьна 22 зб., 43 об. стр.; тръсамъ 3 зб., 45 стр.; цървенъ (над *ц* е напишано *ч*) 3 зб., 55 об. стр.; вълкъ 20 зб., 7 об. стр.; вълчица 21 зб., 7 об. стр.; вълна 22 зб., 7 об. стр.; вълненъ 23 зб., 7 об. стр.; вълче 2 зб., 9 об. стр.; гълтамъ 7 зб., 11 стр.; гълтка 8 зб., 11 стр.; жълтъ-жътъ 7 зб., 18 стр.; жълтавица 8 зб., 18 стр.; жълтица 9 зб., 18 стр.; жълчка 17 зб., 18 стр.

Во поглед на употребата на *я*, *ю*, *щ*, *ъ*, *ь*, *ѥ*, *ѣ*, *ы*, *і*, *ї*, *ѫ*, *ѭ* и на други знаци од руската и старословенската азбука, може да се заклучи дека *я*, *ю*, *щ*, *ъ*, *ь* се употребуваат редовно, додека останатите графеми се употребуваат инцидентно, под влијание на традицијата и на рускиот јазик: *ѥ* (*ѥ*), *ѣ*, *ы*, *і*, *ї*, *ѫ*, *ѭ* (Спасов 2005: 100–101).

Петковић се служи со фонолошко-етимолошки правопис, но не со некои доследно спроведени правила, меѓутоа, сепак, може да се издели следново: (1) ако се работи за народни зборови, зборови од секојдневниот живот, зборови што се употребуваат, пред сѐ, во говорниот јазик, тогаш тие претежно се предадени во фонетски облик; (2) ако се работи за зборови од писмеността или зборови што изразуваат апстрактни содржини, зборови што опишуваат поими од црковно потекло, тогаш тие се предадени во нивниот етимолошки облик или во обликот што го имаат во јазикот од кој се заемени (Спасов 2005: 101).

Системот на графемите, како и ортографските принципи на Петковић, применети во збирката поговорки[56] (*Бълг҃арски народ҃ни п҃ословици*) се доста упростени во споредба со оние на речникот од 1848 г. Збирката не содржи податоци за времето на нејзиното настанување, единствено може да се заклучи дека настанала за време на студискиот престој на Петковић во Русија, на Петербуршкиот универзитет, кај рускиот славист И. И. Срезневски. Таа содржи 198 поговорки, кои се напишани со ситен и тешко читлив ракопис, на вкупно шест страници. Интегрален текст на збирката поговорки на Константин Петковић е даден во првиот дел од книгата *Избрани п҃ог҃лавја о҃ исто҃ријата на македо҃нскиот п҃исмен јазик – Бојата на јазико҃т* од Љ. Спасов (Спасов 2005: 284–291; 313–325). Петковић, во збирката, ги избегнува графемите што не означуваат реални гласови и отфрла графеми што се дел од црковнословенската традиција, како што се *ѫ*, *ѭ*, *ѧ*, *ѩ*, *ї*, *ю*, *ы*, *ѣ*, кои претходно ги користи во речникот. Јасно се открива стремежот еден глас да биде претставен со една графема, со ограничување во ретки случаи преку употребата на диграфи (на пример – графемата *ѳ҃ж*) (Спасов 2005: 299). Голем чекор напред во поглед на упростувањето на правописот е тоа што Петковић во голем број случаи не го пишува темниот вокал на крајот на зборот што завршува на согласка: /2/[57] бог, /17/ пе́тел, /61/ ве́тер, /132/ дъжд. Но, постои колебање и во поглед на употребата на темниот вокал, па се среќаваат исти зборови кои еднаш се напишани со темен вокал, а во следниот случај не содржат темен вокал во крајна позиција: /121/ от и /129/ отъ (предлог).

Како и во речникот, и во збирката поговорки јасно е изразено колебањето во бележењето на гласовите што денес ги означуваме со графемите *ј*, *ѕ҃*, *ќ*, *љ*. За нив Петковић ги употребува следните графеми: *г҃ј*, *кј* пред самогласки од заден ред (освен во партикулата за идно време – *кје*); *кь* односно *ке* пред самогласки од преден ред; во двата случаи графијата *ћ* се јавува како алтернатива, што значи и пред самогласки од преден и пред самогласки од заден ред; *ј* на почеток на зборот пред самогласки од

[56] За терминолошката регулација, според која поимот поговорка се толкува како поопшт од поимот пословица, в. *По҃говорките како авто҃номен семиото҃чен и јазичен микросисо҃тем* (Спасов 2005: 326–339).
[57] Бројот го означува редниот број на поговорката (во збирката поговорки) од која произлегува зборот.

преден и заден ред, меѓу две самогласки, пред согласка, како и на крајот на зборот; *й* на крајот од зборот, како и на крајот од слогот, во префиксот за суперлатив *най-*; *я* само во зборот *язик*; *ь* само во зборот *мажьо*; *лј* единствено како диграф; во сите позиции се бележи *нј* освен во два случаи каде на крајот на зборот има *нь*, кое е употребено и во наставката за збирна множина *-нье*, единствено во зборот *свиня* се употребува *ня* (Спасов 2005: 299).

Од друга страна, во преводот на повеста *Борис* од Јосипина Турноградска Урбанчич, од словенечки на македонски јазик, но со проширување на основата со елементи на бугарскиот јазик и на други словенски јазици, во духот на пансловенизимот, тој се служи со граѓанската азбука (гражданка) која му овозможува варијантен изговор на некои букви (*ѧ*, *ѣ*, *ѫ*, *ѭ*, *ъ*), додека во правописниот систем е доследен – на еден глас му соодветствува една буква (Спасов 2005: 347):

ѧ = е: глаѧда, свѧтѣ, сѧ, їѧзъікъ;

ѣ = е: слѣпо, прѣдь, свѣтли;

ѫ = а: вь царскѫ собѫ, новѫ вѣрѫ, рѫка;

ѭ = ъ (во ограничен број случаи): трѫбы, сѫдить, бѫдеть.

Правописот на Константин Петкович, во однос на словенската писмена традиција, можеме да го означиме како умерено иноваторски (Спасов 2005: 300).

Ѓорѓи Пулевски е еден од „македонистите“ чии идеи за македонскиот писмен јазик успеваат да доживеат практична реализација. Ја нагласува потребата од создавање писмен јазик што ќе се користи во училиштата и за пишување книги, а како пример како треба да изгледа ја посочува својата граматика. Тој, во својот *Речник од три језика* (1875 г.), нарекувајќи се „Мијак гаљички“ и употребувајќи ги термините Македонци и Македонија, повикува на создавање македонска граматика (Пулевски 1875: I): „Знања на многу језика, да је потребно, за свакога човека, од највишег до најнижег реда, који странствује у данашња времена, ово сам казао и у првој књизи (...) Па зато на с. македонском језику и написах ју. Почем у овом крају неразбира се језик бугарски, но овај језик има своје наречије мијачки, које значи чист разговор, на који су и црквени књига превели, од грчког Кирил и Ме~~ѳ~~одије, за наш народ.“ Пишува на македонски јазик, во најголем степен на неговиот роден галички говор. Според Бл. Ристовски (2011: 29), со Пулевски започнува новата епоха во борбата за јазична и културно-национална еманципација.

Во 1873 г. во Белград го издава својот прв речник – *Речник од четири јазика* (*Речник от четири јазика*; македонски, албански, турски, грчки), а во 1875 г., исто така во Белград, го издава својот втор речник – *Речник од три јазика* (*Речник од три језика*; македонски, албански и турски). Тој е автор и познатата *Македонска песнарка* (1879 г., Софија), а во 1880 г. излегува *Слогница речовска*. На Пулевски му останала во ракопис обемната *Славјанско-македонска општа историја*, а во *Слогницата*, пак, соопштува дека приготвил уште некои книги – *Родословница*, *Речница*, *Народна песнословница* и *Смисленица* (Стаматоски 1986: 46), кои, за жал, остануваат необјавени, а некои од нив не се ниту познати макар и во ракопис. Засега се познати само два од неговите ракописи: *Лазичница* (*Язичница)* и *Славјанско-македонска општа историја* (*Славянско-макьедонска општа история)* кои, според Ристовски (2003: XVII), се негови најзначајни дела напишани на најчист македонски јазик. Како и неговиот современик Григор Прличев, Пулевски го архаизира и го „словенизира“ литературниот израз во *Јазичницата*, конструира извесен деклинациски систем, употребува некои падежни форми што не му се својствени на народниот говор и создава специфична граматичка терминологија со богатство од неологизми и мошне интересни калкирања (Ристовски 2003: XVIII–XIX).

Во поглед на писмената практика на Пулевски може да се заклучи дека постојат разлики во графискиот систем меѓу делата што се печатени во Белград[58] и делата што се печатени во Софија. Графискиот систем во сите разгледувани дела не е еднаков. Во *Речникоѿ оꙋ чеѿири јазика* е употребен поархаичен графиски систем, а *Речникоѿ оꙋ ѿри јазика* е напишан со реформираната Вукова кирилица од 30 букви (Стаматоски 1986: 47). Коментирајќи го графискиот систем, нагласува: „Овиње слова ји истолкувал славни стихотвор Влкан Караџовски. Преписувајеħи песни, тује, нашол ово (љ), и ово (њ) и ово (ħ), аљи, требад, такви, гласеви, за јазиков наш, зашто, без овиње слова неможе да се пише, по гласов, кои је од јазиков наш. А овеја (ђ), слово је, истолкувано уште у старо време (...)“ (Пулевски 1875: 121). Претходно Пулевски пишува за бројот на букви во словенската, турската, еврејската, латинската, ерменската и грчката азбука (Пулевски 1875: 111–113). За словенската азбука нагласува (Пулевски 1875: 111): „Славјански имајед 44 току само, со 35 слова наичисто се пише.“ Потоа истакнува дека неговата книга е пишувана на „славјански“ („Со славјански је, писана само со 35 слова.“) и ги наведува сите букви од азбуката што ја користи (Пулевски 1875: 113): а, б, в, г, д, е, је, ж, з, и ј, к, л, љ, м, н, њ, о, п, р, с, т, у, ф, х, ц, ч, ш, ји, ја, ѳ, ђ, ħ, џ, ју.

За азбуката пишува и во неговата *Слоѓница речовска* (*Славянско-насельенискимакеѳонска Слоѓница речовска*) – истакнува дека „славянска букварка скровена е со 44 славянскихъ букви“ и потоа дава список на сите букви (Пулевски 1880: 8): „**Ѧ. Б. Ѣ. Г. Д. Є. Ж. Ꙁ. З. І. И. К. Л. Ꙗ. М. Ν. О. П. Ꙛ. Ꙋ. Ѳ. Ѵ. Оꙋ. Ф. Х. Ѿ. Ц. Ч. Ш. Щ. Ъ. Ы. Ь. Ѣ. Ѥ. Ю. Ѫ. Ѯ. Ѧ. Ѳ. Ѩ. Ѯ. ѲІ. Ѵ.**“ Пулевски отфрлува десет букви, меѓу кои и *ѕ*, ја додава буквата *џ* и така повторно доаѓа до графиски систем од 35 букви (Пулевски 1880: 11): „ **Ѧ. Б. Ѣ. Г. Д. Є. Ѥ. Ж. Ꙁ. ї. И. К. Л. М. Ν. О. П. Ꙛ. Ꙋ. Т. Ѵ. Ф. Х. Ц. Ч. Ш. Ъ. Ы. Ь. Ѣ. Ю. Ѫ. Ѯ. Ѧ. ѲІ.**“ Потоа нагласува дека со неговите букви ќе ги покрие сите гласови од неговиот говор (Пулевски 1880: 11): „Со горе реченихъ тридесетъ и петъ букви. свекоі речовски гласъ изявуваме. емъ. написуваме.“ Но, како што забележуваме, Пулевски не е сосема доследен во поглед на примената на графискиот систем што го препорачува и за кој смета дека е најсоодветен, па ја употребува *я* иако ја нема меѓу триесет и петте букви. Тој уште во првиот параграф по списокот на графемите, во зборформата *изявуваме* (Пулевски 1880: 11) ја користи графемата *я*. Графемата *я* речиси редовно ја употребува, а воопшто не ги употребува графемите *ѫ* и *ꙗ*. Уште во триесеттите години на 19 век, под влијание на руската граѓанска азбука, наместо *ꙗ* сè повеќе се употребува графемата *я*, а во осумдеседттите години *я* веќе целосно ја има истиснато *ꙗ* (Стаматоски 1986: 48). Пулевски ги разликува црковнословенската и граѓанската азбука, за што пишува и во делото *Слоѓница речовска*: „букварку право писачку. овая! ю, вельиме на две наречительнихъ иминья. Първо име є. църквенославянска букварка. а фторо име є. гражданскоправописачка букварка аи букви. на две засебинье ги именуваме. едни се. славянски букви, а други се гражданско славянскихъ“ (Пулевски 1880: 7). Тој се осврнува и на потеклото на буквите, па така пишувајќи за употребата на *ќ*, во фуснота, наведува (Пулевски 1880: 17): „сърби ю писуваетъ оваке. (ħ.).“

Имајќи ги предвид анализите на Т. Стаматоски (1986: 46–58), како еден од проучувачите на писмениот јазик на Пулевски, и нашите сопствени анализи, во кусиот преглед на писмената практика на Пулевски најпрво ќе се задржиме на специфичните гласови.

а) Согласката *ќ* ја предава на следниот начин:

[58] Извесни разлики постојат и меѓу делата печатени во Белград (в. повеќе Стаматоски 1986: 47).

– во *Речникоѿ оф четири јазика*: Божиќ 12[59], дуѓан 18, куќа 18, мустаќи 21, плеќи 21, ѓораф 23, гаќи 30, бобаѓъ 31, покуќнина 33, покуќанство 33, ѓоше 35, ѓошакъ 35, ѓурка 44, ѓосъ/косъ 45, гороцвеќе 49, лешта/леща/леќа 49, домаќинъ 70, домаќинка 70;
– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: трећијот 6, ноќот 7, вељејеќи 8, помоќ 14, сеќаваме 16, ќа (кажед) 17, цвеќе 25, трећо 30, шеќер 33, бобаќ 64, ноќја 88, ќерамиди 99, чекајеќи 97, бруќе 99, рабоќе 100, куќава 100, домаќин 101, преписувајеќи 121, идуќа 123, куќа 135, моќ 139;
– во *Слоѓница речовска*: кья (видимъ) 17, кукья 17, кукьи 17.

б) Согласката *ѕ́* се обележува на следниот начин:

– во *Речникоѿ оф четири јазика*: већа 21, већи 21, преца/прећа 31, леќенъ/леќанъ 33, ќаволль 55, сунќеръ 60, потврдќено 61, граѓанинъ 78;
– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: раѓајет 6, раѓаите (се) 8, помеѓу 17, меѓу 19, меѓа 20, паѓат 20, сунќер 35, панаѓури 44, туѓи 92, паѓајед 88, граѓа 99, измеѓу 99, преће 127, меѓусобно 158;
– во *Слоѓница речовска*: гьоа 17, гьиди 17, гьяконъ 17, гьумрукъ 17, гьузель 17, гьяволъ 17.

в) Во врска со бележењето на согласките *љ* и *л* ги издвојуваме следниве примери:

– во *Речникоѿ оф четири јазика*: хиљада 29, наполѣ 34, прљѣно 40, лубичъца/љубичица 49, зелѣ 50, криља 51, улѣ 51, оделѣни 61, волю/волју 79, неволя/неволју 80, странолубије 91, челловѣколјубије 91, честолюбиф 91, родољљубиви – во делот *Роѳољљубиви сѿомошѿествоваѿели*;
– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: видељината 5, аљ 6, одељи 6, биљки 6, раздељуват 6, кољку 7, љјуди 11, људи 12, невољји 12, вељит 16, ваљчеста 17, љицето 18, вељит 19, аљишта 54, љен 54, иљи 79, љетно 88, љубезна 94, обљигација 94, посље 102, мљеко 137, љеб 137, огљедало 141, прибљижив 144, љубов 158;
– во *Слоѓница речовска*: бельези 3, жельаеме 7, љутъ 16, вельиме 17, ильи 17.

г) Согласката *њ* ја предава на следниот начин:

– во *Речникоѿ оф четири јазика*: Преображенѣ 13, биенѣ (жилите) 24, сиренѣ 39, животинѣ 40, цивинѣ 40, коньъ/коня 40, янѣ 41, рамнѣ 43, мекинѣ 50, диня 50, конјска мува 52, князъ 53, сфиняръ 56, читанѣ 61, повезуванѣ 61, одобренѣ 61, роднинѣ 64, створенѣ 67, иманѣ 69, кушенѣ 83, теранѣ 84;
– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: семиња 6, мориња 6, дења 7, животиње 8, пилињата 9, сочување 13, милување 14, слушање 15, имиња 18, коњ 24, пиљиња 34, светкање 88, потребување 100, књига 124, коњјов 136;
– во *Слоѓница речовска*: мисльенье 3, речуванье 3, иминья 7, конь 16, пишенье 16, виканѣ 20, седенѣ 20.

д) Согласката *ј* ја предава на следниот начин:

– во *Речникоѿ оф четири јазика*[60]: светия 14, сотворения 14, јануаръ 25, војвода[61] 53, войска 58, бегай 66, настойникъ 68 (но и: настоиникъ 54), обичай 78, маимунъ 48, вуиковецъ 52, маисторъ 56, воиникъ 58, маика 63, гледаи 94 (но, на истата страница

[59] Бројот до секој од примерите ја означува страницата од каде што е земен примерот.

[60] Застапен е традиционалниот начин на предавање на согласката *ј* – пред сѐ, со *й*, односно *и* – со испуштање на дијакритичкиот знак на крајот на слогот и на зборот, со *ьо* во групата која не познава јотувана графија и со постепено навлегување на графемата *ј* (Стаматоски 1986: 53).

[61] Графемата *й*, односно *и* со прозодиски знак за краткост, е позната во рускиот брзопис уште во 17 век (Стаматоски 1986: 53).

и: погледај), земьотресъ 14, морски јежъ 51, земьомерије 59, број 10, огреја 15, украшеније 30, јогленъ 38;

– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*[62]: тије 12, вечнијот 12, таја 13, воспитаније 13, мије 14 (‘ние’), движеније 15, онаја 17, једнаква 18, краи 5, наинапред 5, доиде 5, свои 6, рађаите се 8, управуваите 9, доидуваме 14, калаи 28;
– во *Слоѓница речовска*[63]: наінапредъ 3, коі 4, своі 4, іьозиковъ 6, свекоі 11, изражаі 12, іьованъ 17, іьовановіьовъ 17.

ѓ) Согласката *џ* ја предава на следниот начин:

– во *Речникоѿ оф четири јазика*: поморанџа 47, патлиџанъ 50, папуџија 55; меянжия – во делот *Роѳолјьубиви сѳомоштествоваѿели* (*ж* наместо *џ*); но и: џучъ 39 (*џ* наместо *ж*);
– во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: џадији 27, мерџан 35, маџарски 41, ђеновеиски 61; но и: Кржаљији 48, бојажиски 100 (*ж* наместо *џ*); џици 61, џупа 65 (*џ* наместо *ж*);
– во *Слоѓница речовска*: џамъ 26, џамаданъ 26, џубе 26, хаџи 26, Џулыия 26.

Пулевски ја отфрла графемата *ѕ* заедно со останатите десет букви, иако таа е дел од најстарата кирилска азбука на старословенскиот јазик. На нејзино место ја употребува *з*. Тој ја употребува графемата *џ* во трите разгледувани дела. За неа, во фуснота, објаснува (Пулевски 1880: 11): „речену букву. сърби а и руси ю писуваетъ, а и за нашъ язически изражаі. занекоы изражениы речовскихъ. ильи. предметскихъ. потребнае.“ Се обидува и да коментира за присуството на графемата *џ* во некои словенски јазици, исто така во фуснота (Пулевски 1880: 26): „българс. правописание ю нематъ, а руско иматъ.“ Графемата *џ* ја нема и руската азбука од ова време (Стаматоски 1986: 66). Колкава мака имал при предавањето на оваа фонема зборуваат и примерите со обратна појава (*џ* наместо *ж*) во *Речникоѿ оф четири јазика*: ллоџица (кашика; ‘лажица’) 33; сетргна (трьџесе) 67; џалитъ (тугује) 80; имъкаџаје (казашеимъ) 82; намаџи (помажи) 90 (Стаматоски 1986: 54).

Во писмениот јазик на Пулевски се среќава двојно *лл*[64], кое тој го користи за да го означи тврдото *л* во *Речникоѿ оф четири јазика*: облакъ 15, точилло 20, гллава 21, кьллкови 22, згллопъ 23, стопалло 23, тузллуци 30, влына 31, сфилла 31, ллоџица 33, столлъ 34, целло 34, доллапъ 34, крилло 34, гллобоко 36, ллошо 36, лластаръ 46, гллушецъ 48, сллонъ 48, влладика 54, нулла 59, коллце 59, ллажъ 81, сллога 83, белло 86. Според укажувањата на проф. д-р Љ. Спасов, станува збор за влијание на латиничната практика од албанскиот јазик што се согледува дури и денес кога некои Албанци или Македонци од Албанија пишуваат со кирилица, при што со двојно *лл* го бележат тврдото *л*, за разлика од *љ* – кога употребуваат едно *л*.

Текстовите на останатите три јазици (албански, турски и грчки), во *Речникоѿ оф четири јазика*, Пулевски ги предава со кирилица, па и во нив го користи двојното *лл* како резултат на влијанието на албанската писмена практика.

Според Стаматоски (1986: 50), наведените примери јасно изделуваат три фази во графиската постапка на Пулевски:

а) за првата фаза, која е одразена во *Речникоѿ оф четири јазика* (1873 г.), е карактеристична употребата на графиите *ћ*, *ђ*, додека отсуството на графиите *љ*, *њ* се

[62] Графемата *ј* се употребува многу често, во сите позиции – помал број се примерите кога на крајот на слогот и на зборот се среќава *и* (Стаматоски 1986: 53).

[63] Врз основа на примерите може да се заклучи дека доследно се употребува графемата *і* (Стаматоски 1986: 53).

[64] Пулевски чувствувал разлика во изговорот на тројното *л* (тврдо, средно и меко), што претставува важна карактеристика на галичкиот говор, и настојувал да ја обележи и графиски (Стаматоски 1986: 55).

пополнува со користењето на старите јотувани графии *я*, *ю*, *ѣ*, кои во комбинација со *л*, *н* ја обележуваат вредноста на гласовите *љ*, *њ*;

б) втората фаза е претставена во *Речникоѿ оⷭ ѿри јазика* (1875 г.) и ги изразува принципите на реформираната Вукова азбука (редовна употреба на *ѣ*, *ѣ*, *љ*, *њ*);

в) третата фаза се поврзува со активноста на Пулевски во Софија и донесува доследност во означувањето на согласките *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ со к*, *г̄*, *л*, *н* + *ь*[65], што е разбирливо со оглед на местото и времето на дејствувањето па Пулевски – Софија, осумдесеттите години на 19 век.

Во писмената практика на Пулевски очигледно е упростувањето на правописот, но тој применува и некои постари графеми[66].

а) Употреба на графемата *ъ* (голем ер/јор):

– на крајот на зборот: чунъ 19, спллавфъ 19, гробъ 19, мермеръ 20, рубинъ 20, солъ 20, острофъ 62, многуспафь/самь спавао 70 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*); язикъ 3, требетъ 4, речъ 5 (*Слог̄ница речовска*);
– при бележењето на самогласните *р* и *л*: завързани 4, подпълнъ 4, извършуваме 7 (*Слог̄ница речовска*).

б) Употреба на графемата *ь* (мал ер/јер):

– во бележењето на *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ*, *ј* (*Слог̄ница речовска*);
– во бележењето на самогласните *р* и *л*: рьбетница 22, рьтеница 22, грьсъ 23, дрьвено 51, сфьрделлъ 57, крьвнина 73, крьвавъ 73 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*);
– случаи на употреба на самогласни *р* и *л* без бележење на *ь*: пржено 40, штркъ 45, крпачъ 56, српъ 57, крсти 64, црпка 86, крсница 89; вллна 31, тллчило 33, пллно 37, кллбаси 40, мллзница 41(*Речник оⷭ чеѿири јазика*).

в) Употреба на графемата *я*:

– освен за бележењето на *њ*, Пулевски ја пишува, иако не доследно, и во други случаи;
– *я*: покаяние 13, огрея 14, язови 18, шия 21, јануаръ 25, поясъ 30, миялка 33, ястије 86 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*); язикъ 3, коя 6, славянска 8 (*Слог̄ница речовска*).

г) Употреба на графемата *ю*:

– освен за бележењето на *љ*, Пулевски ја пишува, иако не доследно, и во други случаи;
– *ю*: юныи 25, юлыи 25, югъ 90, юнаштина 92, юнакъ 92 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*); правословию 3, свекою 7, кою 8 (*Слог̄ница речовска*).

д) Употреба на графемата *ѣ*[67]:

– небесѣхъ 11, побѣда 58, вѣкъ 62 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*); дѣиствуваешти 6, дѣла 8, засебинѣ[68] 12, хотѣние 18 (*Слог̄ница речовска*).

ѓ) Употреба на графемата *є*[69]:

– Богоявлениє 12, обрезаниє 12, Сретениє 12, Воскресениє 12 (*Речник оⷭ чеѿири јазика*); викаєтъ 20, но и: земаэшти 12 (*Слог̄ница речовска*).

е) Употреба на графемата *ы*[70]:

[65] Ваквиот начин на обележување на согласките *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ* со *к*, *г̄*, *л*, *н* + *ь* се среќава кај голем број претставници на македонскиот 19 век што твореле пред и по Пулевски.

[66] Во изложувањето на најважните белези на писмената практика на Пулевски се земени предвид анализите на Т. Стаматоски (1986: 46–58).

[67] Графемата *ѣ* има поретка употреба (Стаматоски 1986: 56).

[68] Според објаснувањето на Пулевски (1880: 8), *засебинѣ* се употребува со значење *каѿег̄орија*.

[69] Графемата *є* има поретка употреба (Стаматоски 1986: 56).

[70] Графемата *ы* има ретка употреба (Стаматоски 1986: 56).

– божый 8, касаы (‘залаци’) 87 (*Речник оⷭ четири јазика*); сказаниы 3, содържаниы 3, израженіы 3 (*Слоⷭница речовска*).

ж) Употреба на графемата *ѫ:*

– не ја употребува воопшто, единствено го објаснува нејзиниот изговор и објаснува во кои случаи се пишува (Пулевски 1880: 19, 21) наведувајќи само два примери (Пулевски 1880: 21): „овая (ѫ) затегнато-извиена буква. замошне. редокъ изражаі ни требетъ. само негде, негде! за некоі. стихъ песнинъ. ю изявуваме. воховаквихъ подобнихъ стихови као. І. нежальи. стано мори не се плачи. нерони тие съѫлзи. кървави. ІІ. нерони тие сълзи къѫѫрвави! потие ільелье беельи образи.“

з) Употреба на графемата *ѧ*:

– не ја употребува воопшто, единствено го објаснува нејзиниот изговор и објаснува во кои случаи се пишува, но не дава ниту еден пример бидејќи веќе е заменета со *я* (Пулевски 1880: 26).

s) Употреба на графемата щ[71]:

– не ја употребува воопшто.

Без сомнение, Пулевски се залага за упростување на графискиот систем и, воопшто, на правописот, што е разбирливо бидејќи неговите дела излегуваат во период кога правописните принципи на Вук Караџиќ се широко прифатени[72]. Освен тоа, тој се надоврзува на веќе започнатиот процес од страна на неговите претходници во Македонија, кои во извесен степен тежнеат кон фонетско-фонолошки правопис.

Сите реформи и обиди за реформи на графискиот систем и правописните принципи на македонскиот писмен јазик од страна на нашите „среднисти“ и, особено, на нашите „македонисти“ претставуваат добра основа за првата стандардизација на македонскиот јазик реализирана од Крсте Мисирков.

Во формирањето на писмените јазици доаѓа до израз и целта секој од јазиците да добие свои специфични белези благодарение на кои ќе се разликува од другите јазици. Во нашата јазична средина, ваквиот став за изделување на македонскиот јазик како посебен доаѓа до израз кај Крсте Мисирков со неговиот обид за кодификација на јазикот. Прашањето за идниот писмен јазик на Македонците добива аргументирани одговори во книгата *За макеⷭонцките работи* на Мисирков, поточно во нејзината петта статија – *Неколку зборои за макеⷭонцкиот литературен јазик* (*Неколку зборои за макеⷭонцкіот литературен іазик*). Мисирков нагласува дека во основата на македонскиот литературен јазик треба да бидат централните македонски говори, а се залага за фонетски правопис со мали отстапки пред етимологијата.

Книгата *За макеⷭонцките работи* од Крсте Мисирков е издадена во Софија, во 1903 г., и е составена од пет статии низ кои се претставува македонската национална програма. Тој ја претставува неопходноста од одделен македонски литературен јазик како највисок македонски национален интерес особено во периодот кога доаѓаат до израз туѓите пропаганди. Ги поставува следниве принципи што се клучни за стандардизацијата на јазикот:

1. дијалектната основа на современиот македонски стандарден јазик ја согледува во централните говори на западномакедонското наречје (на линијата Битола – Прилеп – Велес);

[71] Оваа графема не се среќава и кај Марко Цепенков (Стаматоски 1986: 57).

[72] Упростувањето на графиските системи на речниците (*Речникоⷮ оⷭ четири јазика* и *Речникоⷮ оⷭ ⷮри јазика*), особено во *Речникоⷮ оⷭ четири јазика*, е разбирливо: тие излегуваат во време кога во Србија победуваат Вуковите принципи, при што печатење на државни изданија со новиот правопис се дозволува од 1860 г., а стариот правопис е задолжителен во училиштата речиси уште една деценија, до 1868 г. (Стаматоски 1986: 57).

2. правописот на современиот македонски стандарден јазик се темели врз фонетско-фонолошки принципи со мали отстапки пред етимологијата;

3. во лексиката на современиот македонски стандарден јазик треба да се вклучуваат елементи од сите македонски говори.

Односот кон традицијата го изразува во петтата статија на книгата *За македонците работи*, но и во својата практика особено кога станува збор за ортографските принципи на македонскиот писмен јазик. Така, Бл. Конески (1975: 121–122) во постапката на Мисирков со која тој се откажува од правилото за испуштање на согласката *в* и пишува: *ѳоговор, правината, убаво, ѳржава, негови, фактови* и сл., во списанието *Вардар* од 1905 г., препознава замена на едни дијалектни карактеристики со други, но и дејство на факторот на традицијата[73]. Од сите принципи можеме да заклучиме дека Мисирков го стандардизира современиот македонски јазик врз антитрадициска основа, односно се поставува антитрадициски во однос на словенската писмена традиција, како и во однос на сопствената македонска црковнословенска писмена традиција (Спасов 2018: 41). Ако правописот на нашите писатели во втората половина на 19 век го сметаме како традиционален (или подобро – квазитрадиционален) (сп. Конески 1975: 120; Спасов 1985: 38), тогаш правописот на Крсте Мисирков ќе го означиме како иноваторски (или – антитрадиционален).

Во поглед на графискиот систем на Мисирков во неговата книга *За македонците работи*, може да се заклучи дека употребува 29 графеми. Тој јотата ја бележи со *і*, палаталните согласки со запирка десно над графемата (*н’*, *л’*, *к’*, *г’*), *ѕ* и *џ* ги бележи со диграфи – *ѳз* и *ѳж*, *ръ* со *р*, *лъ* со *ол*, а две години подоцна, во единствениот број на списанието *Вардар* (1905 г.) ја додава графемата ą како темен вокал (пр.: рąка, пąт) (Црвенковска 2021: 33–34). Бл. Ристовски (2011: 407) нагласува дека Мисирков, во списанието *Вардар*, прави промени во азбуката и правописот што се значајни за конечното дефинирање на македонскиот јазик и на правописот, кои речиси целосно се совпаѓаат со официјалната државна кодификација од 1944/1945 г.: (1) поставување на дијакритичкиот знак токму над графемите за македонските меки согласки – *ќ*, *ѓ*, *ӈ*, *ль*; (2) воведување нова графема ą со која се означува темниот вокал, со цел да се вклучи и охридскиот говор во основата на македонскиот литературен јазик; (3) не се испушта интервокалното *в*, со што целосно се изедначува со денешната правописна норма.

Мисирков ги образложува своите погледи за графискиот систем на еден јазик, за начинот на неговото градење во петтата статија која ја посветува на македонскиот литературен јазик (Мисирковъ 1903: 142): „За праописот као и за праецот на нашето културно развиіаін’е ке требит тука да се напраат неколку забелешки. Праописот на иеден іазик, као и изработуаін’ето на иеден литературен іазик можит да идит постепено и полусознател’но. Иеден чоек од иеден народ, шчо немат писменост, можит да изучит азбуката од иеден народ по културен од негоіот. Тоі чоек можит да употребуат туг’ата азбука и за гласои од негоіот іазик, или да изложит своите мисли со помок’та на туг’а азбуга[74]. Но ако во негоиіот іазик се имаат гласои, коіи се немаат во іазикот, от коі шчо

[73] Според Бл. Конески (1975: 121–122), на овој начин доаѓаме до еден момент во развојот на литературниот јазик кога во интересна врска стапуваат факторот на традицијата и потребата за надминување на дијалектната диференцијација. Конески, нагласувајќи ја позитивната улога на факторот традиција во надвладувањето на дијалектната раздробеност, го посочува примерот за брзо ширење на формите како што се – *во*, *со*, *волк* и сл., во писмената практика од 19 век, независно од нивната дијалектна ограниченост, благодарение на факторот на традицијата, бидејќи наведените форми се совпаѓаат со соодветните црковнословенски форми, иако тоа не е толку видливо.

[74] Азбуга – азбука, станува збор за печатна грешка.

се позаімуат азбуката, тогаі позаімуачот на туг'ата азбука ке напраит некои изменеін'а и дополнеін'а во неіа, со коіи ке бидит означена разликата во гласоите мег'у двата іазика. Таіа позаімена и преработена азбука се предаат от колено на колено и со предаін'ето сé се изменуат и се дотеруат до своіствата на іазикот на позаімуачите." За Мисирков е оправдано користењето туѓа азбука или графеми од туѓи азбуки во случај кога недостасува сопствена национална писменост, но секогаш треба да се има предвид дека во позајмената азбука неопходно е да се направат измени и дополнувања со цел во неа да биде одразена разликата во гласовите во однос на јазикот од кој се позајмува.

Според Конески (1975: 117–118), појавата на Мисирков не е неочекувана бидејќи уште во 1857 г. Партениј Зографски изјавува дека би било „безумно и несправедливо" Македонците да се откажат од своето „наречие" кога станува збор за обликот на литературниот јазик што ќе се употребува во Македонија, наведувајќи дека ваквата негова споредба не е случајна бидејќи Зографски има поинакво гледиште од Мисирков, застапувајќи се за „среден" македонско-бугарски јазик, поточно определено – за единствен литературен јазик за словенското население во Бугарија, Македонија и Јужна Србија.

Овој дел го привршуваме со зборовите на Мисирков, со кои тој го изразува своето незадоволство за македонскиот 19 век (Мисирковъ 1903: 143):

„Наі тешко се отрази оно на Македониіа, као централна провинциіа, па затоа во тоа време, кога у друзите праославни словени постепено се изработуаше писмениот іазик и праописот, ниіе се поеке се обезличаафме и готоо сосем се откажафме од нашиот іазик, као орган на литературна реча. Од време на време во течеін'е на цел XIX век ниіе имаме опитуачки да се пишит на македонцки, но зарди некоіи историіцки причини тиіе опитуачки не се овенчаа со успеф, каков би можело да се очекуат од ниф.

Литературните опитуачки на македонцките писачи во XIX век немаа за жалост таков значаі, да задобиіат последуачи, затоа, ако и сега во XX в. видиме некоіи опитуачки да се пишит на македонцки, то тоа се не праит сознател'но и од некакви патриотични влечеін'а и цели, а само за забаа. Во тоа се состоит разликата во нашето, т. е. македонцкото дуовно-национално возродуаін'е, от тоа на друзите праославни словенцки народи, со друзи зборои: као шчо по напред ниіе постепено и први се просветуафме со рисіанство и со писмо, а друзите словени – после нас и на брзо, така пак сега, во тоа време, кога сите праославни словени постепено си изработиіа своіи литературни іазици, своіи богати литератури и постепено изработени праописи, ниіе остааме назад от сите, туку речи, без литературни традициіи, не зато, шчо и немаме, а зашчо забораме своіето, изучааіки туг'ето."

Мисирков не е задоволен од македонскиот 19 век бидејќи тој не ги исполнил неговите очекувања во поглед на остварувањето на македонската национална програма, вклучувајќи го тука и правописот на јазикот, што подразбира стандардизација (Мисирковъ 1903: 143). Но, од денешна перспектива, кога од првата стандардизација нè делат повеќе од 120 години, а од конечната стандардизација – речиси 80 години, можеме да бидеме задоволни од постигнатото бидејќи во 20 век се надоврзавме на тоа што континуирано се работеше на јазичен план во 19 век.

Почнувајќи од четириесеттите години на 19 век, меѓу македонските интелектуалци се раѓа стремежот за модернизација на графискиот систем (на традиционалната црковнословенска азбука) и, воопшто, на правописните принципи имајќи го предвид изговорот. Суштествени белези на долготрајниот процес на модернизација на правописот се исфрлањето на графемите што изгубиле фонетска вредност, изборот на една графема за обележување на еден глас и расчленувањето на диграфите. Процесот на стандардизација на македонскиот јазик од крајот на 19 и

почетокот на 20 век се движи во обратна насока, односно македонскиот јазик е стандардизиран на една современа (синхрониска) основа, што значи дека современиот македонски стандарден јазик не е непосредно поврзан со најстарата писмена традиција (Спасов 2018: 12). Дадените примери од писмената практика на претставниците на македонскиот 19 век се јасен показател на тоа дека секој што го прифаќал предизвикот да пишува на мајчин македонски јазик се соочувал со низа тешкотии во услови кога јазикот не е стандардизиран и кога нема утврдена азбука и правопис. Но, секој од нив на свој начин се заложува за упростување на тогашниот графиски систем и, воопшто, на правописниот систем, со развиена свест дека секоја графема треба да претставува писмен знак за соодветната фонема за да се зачува врската меѓу изговорениот и напишаниот збор.

Во однос на прашањето за правописот, од анализата на македонските текстови од 19 век произлегува заклучокот дека еден автор може да примени различни графеми и правописни принципи во различни текстови во зависност од околностите во кои се создава текстот и неговата намена. Според Спасов (2005: 67), традиционалните кирилски графиски системи кои се употребувани во ова време се неспецифизирани, што значи дека може да покријат повеќе од еден говор/дијалект/јазик.

1.4. Правописните решенија и практики во македонските текстови со грчко писмо (алфавит)

Важно место во развојот на македонскиот писмен јазик зазема создавањето македонски текстови со грчко писмо, пред сè, во деловите од Македонија кои биле под силно грчко општествено и културно влијание, односно во Јужна и во дел од Централна Македонија[75]. Како последица на силното грчко влијание (в. стр. 17–19), кирилицата престанала да се употребува активно, а за пишување на македонски јазик се употребувал прилагодениот алфавит – грчкото писмо (Спасов 2018: 25). Во врска со употребата на грчкиот алфавит, Поленаковиќ (1971а: 202) наведува: „ (...) зачестената употреба на грчкиот алфавит во Македонија, за македонски јазик, и не само за него, станува поевидентна од времето по укинувањето на самостојната Охридска архиепископија, во 1767 година, кога се засилува грчката културна, црковна и книжевна пропаганда, кога започнува воведувањето на грчкиот јазик во богослужбата и кога во речиси сите градови во Македонија се основаат школи на грчки јазик со грчка наставна и друга литература.“ Кон ова се додава и фактот што голем број македонски интелектуалци, меѓу кои и браќата Миладиновци и Григор Прличев, своето образование го стекнале на грчки јазик, па наместо да ја користат словенската азбука, ги користат грчкиот јазик и грчката азбука барем во еден дел од својот работен век. Всушност, македонската јазична територија во 19 век е поделена на две сфери: во северната сфера е силно изразено црковнословенското влијание (пред сè, влијанието на руската редакција на црковнословенскиот јазик), во јужната сфера првенствено се користи народниот македонски јазик, а кирилицата отстапува пред грчката азбука (Конески 1975: 112).

Прв конкретен податок за употребата на грчкиот алфавит кај Словените (пред сè, кај македонските Словени) среќаваме во трактатот *За буквиѣ* од Црноризец

[75] Станува збор за областа Македонија во целина, а не за грчката административно-територијална единица Македонија (грч. Μακεδονία).

Храбар, каде уште во почетокот се наведува дека Словените пишувале со римски, но и со грчки букви немајќи своја азбука. Веројатно и по создавањето на првата словенска азбука, глаголицата, продолжила употребата на грчкиот алфавит, како и на латинската абецеда, во текот на вековите што следуваат и тоа не само од страна на македонските Словени/Македонците, туку од страна на сите народи на Балканот (Поленаковиќ 1971а: 202).

Може да се заклучи дека приспособувањето на нашиот народен јазик за писмена употреба во првата половина на 19 век се реализира во две основни варијанти во зависност до сферата на влијанието на црковнословенскиот или грчкиот јазик како јазици на културата, додека во втората половина на 19 век се менува ваквата состојба под силното влијание на словенските јазици (Конески, Јашар-Настева 1972: 45). На овој начин доаѓа до прекин со црковнословенската писмена традиција. Во македонските текстови со грчко писмо доаѓа до израз македонскиот народен јазик, што е особено важно за развојот на идниот писмен јазик и за намалувањето на влијанието на црковнословенскиот јазик. Разбирливо, во ваквите текстови преовладуваат грцизмите, наспроти помалиот број црковнословенизми, а очигледни се и обидите за образување нови зборови врз основа на моделите кои се карактеристични за народниот јазик. Станува збор, пред сè, за текстови што се преводи од грчки јазик, па нивните преведувачи и составувачи често пати граделе неологизми користејќи продуктивни наставки од народниот јазик (сп.: *самопоелвач, живодавач, Богојца* итн.) не можејќи да се послужат со црковнословенскиот во обидот да најдат соодветна замена за грчките апстрактни зборови и религиозни термини (Конески, Јашар-Настева 1972: 45). На македонски јазик со грчко писмо се создадени многу дела од кои најголем дел имаат религиозен карактер. Во јужните делови на Македонија (Егејска Македонија, Република Грција) со грчко писмо се пишувани преводи на евангелијата кои временски ги поврзуваме со преминот од 18 во 19 век. Најпознати примери за македонски текстови со грчко писмо се (Спасов 2018: 26–27):

1. Песна од костурскиот крај (се наоѓа во мал зборник односно речник од 16 век, што претставува првиот македонско-грчки речник со толкувања на околу 300 македонски зборови со грчки зборови);
2. *Четиријазичникот*[76] на поп Даниил од Москополе;
3. *Молитвеник* – напишан на струшки говор со грчки букви;
4. *Охридски речник*[77];
5. *Кониковско евангелие*[78];
6. *Кулакиско евангелие*[79];
7. *Трлиско евангелие*[80];

[76] *Четиријазичникот* на поп Даниил од Москополе е првата печатена книга на македонски народен јазик. Печатена е во 1802 г. во Венеција, а првото издание веројатно е отпечатено во 1794 г. Книгата е напишана на четири јазика: грчки, аромански, албански и македонски. Во македонскиот текст го согледуваме охридско-битолскиот говор. Сите четири колони на речникот се напишани со грчки алфавит. Македонскиот јазик во овој речник е именуван со поимот *вулгарика*. Преводот на македонски, од грчкиот оригинал, е направен по барање на авторот на книгата – охридскиот поп Стефанија (Поленаковиќ 1972: 204).

[77] Речникот е составен во 19 век со паралели на грчки и на македонски јазик.

[78] *Кониковското евангелие* е првото печатено евангелие на современ народен македонски јазик (Спасов 2018: 26). Евангелието е издадено од Павел Божигропски од село Кониково (Јужна Македонија, Република Грција) и е делумно испечатено во Солун во 1852 г.

[79] *Кулакиското евангелие* е ракопис на евангелие кој е напишан на јужномакедонски дијалект од околината на Солун во 1862 г. (Спасов 2018: 27). <http://drmj.manu.edu.mk/wp-content/uploads/2018/02/0010-Kulakia.pdf> пристапено на: 19.7.2023 г.

8. *Евангелие од Бобошчица*[81];

9. Еден говор[82] (беседа) на Григор Прличев, одржан во јуни на крајот од учебната 1866 г.;

10. *Житие на свети Јован Владимир*[83].

Речникот од 16 век (во чии рамки се наоѓа песната од костурскиот крај) е објавен од Чиро Џанели и Андре Вајан во 1958 г.[84], во издание на Институтот за словенски студии во Париз. Тој содржи вкупно 301 пример на често употребувани зборови, фрази и реченици кои се однесуваат на роднинските врски, делови од човечкото тело, предмети од домаќинството, исхраната, земјоделството, секојдневни говорни ситуации, од религијата итн., кои се напишани на македонски јазик, но со грчко писмо. Станува збор за дијалектен речник, двојазичен – македонски со објаснувања на грчки јазик, а во некои случаи среќаваме и толкување на македонски јазик. Ги издвојуваме следниве примери што содржат збор/фраза/реченица на македонски јазик (*господине; брате; да си здрав; да си прост; остави нè да спиеме; ела да јадеме; и да пиеме; да појдеме; да работиме; имате леб/да купиме*) запишани со грчко писмо, со толкување на значењето на грчки јазик (во изданието од 1958 г. се дадени и објаснувања на француски јазик, како и транскрипција/транслитерација на латиница од професорите Џанели и Вајан) (Giannelli, Vaillant 1958: 23):

1. + γκοσποντίνε (gospodíne)
   αυφέντι (ἀφέντη, seigneur!)
2. + μπράτε (bráte)
   ἀδελφὲ (ἀδελφέ, frère!)
3. + ντάσι στραύ (da si zdráv)
   ναχεις ὑγία (νά ’χης ὑγεία, porte-toi bien)
4. + ντάσι πρόστ (da si próst)
   νάσε συγχορίμενος (νά ’σαι συγχωρημένος, adieu)
5. + ὅσταβίνη ντὰ σπίμε (ostavi ni da spíme)
   ἄφησέ μας να κοιμηθούμε (ἄφησέ μας νὰ κοιμηθοῦμε, laisse nous dormir)
6. + ἔλα ντὰ ιάμε (éla da jáme)
   ἐλα νὰ φάμε (ἔλα νὰ φᾶμε, allons manger)
7. + ή ντα πήεμε (i da píeme)
   καὶ νὰ ποίωμε (καὶ νὰ πίωμε, et boire)
8. ντότ, ντὰ πόϊντιμε (dót, da pójdime)
   καὶ ἀπέκοι νὰ πάμε (καὶ ἀπέκει νὰ πᾶμε, et après allons)
9. ντα ραμπότημε (da rabótime)
   νὰ δουλεύσομε (νὰ δουλεύσωμεν, travailler)

---

[80] *Трлиското евангелие* е напишано во 1861 г., на југоисточен македонски дијалект од околината на Драма (грч. Δράμα) (Спасов 2018: 27).

[81] *Евангелието од Бобошчица* е напишано на југозападен македонски дијалект.
<http://drmj.manu.edu.mk/wp-content/uploads/2018/02/0009-Andre-Mazon.pdf > пристапено на: 19.7.2023 г.

[82] Овој текст е познат во две верзии. Постарата верзија е напишана со грчко писмо на охридски градски говор и не е објавена; поновата верзија е транскрибирана со кирилица, стилизирана во духот на словенската писмена традиција и е објавена во цариградското списание *Времја* (*Врѣмя*) во август 1866 г. (Конески 1996: 73–83; Спасов 2018: 27).
<https://upload.wikimedia.org/wikipedia/commons/9/9d/Vremya_avgust1866_Parlichev_chuvajsja_sebesi.pdf> пристапено на: 20.7.2023 г.

[83] Станува збор за житие за македонскиот средновековен крал Владимир, напишано во втората половина на 19 век, на охридски дијалект.

[84] Giannelli C., Vaillant A. 1958. *Un lexique macédonien du XVI^e siècle*. Paris: Institut d’Études slaves de l’Université de Paris.

10. ήματε χλιάπο, ντὰ κούπημε (ímate hljáb-o, da kúpime)

ἔχεται ψομῆ, νὰ ἀγοράσομε (ἔχετε ψωμί, νὰ ἀγοράσωμε, avezvous du pain, pour que nous l'achetions?)

Со оглед на тоа дека станува збор за мошне мал речнички материјал, анализата на правописната практика нема да даде одговор на многу прашања, особено за специфичните гласови – на пример, во речничкиот материјал ниту еднаш не се среќаваат графеми со кои се обележуваат специфичните гласови *ѕ́*, *s*, *ќ*.

Коникoвскоѿо, *Кулакискоѿо*, *Трлискоѿо* и *Бобошчанскоѿо еванг̑елие* претставуваат први посериозни преводи на *Новиоѿ завеѿ* на современ македонски јазик од 18 и од 19 век и се напишани со грчка азбука. *Коникoвскоѿо еванг̑елие* е најраното современо македонско евангелие печатено со грчко писмо во Солун во 1852 г. Текстовите на *Кулакискоѿо* и *Бобошчанскоѿо еванг̑елие* во првите изданија посветени на нив (*Кулакиско еванг̑елие* – Mazon, Vaillant 1938; *Бобошчанско еванг̑елие* – Mazon 1936) се предадени со латинична транскрипција/транслитерација, додека *Трлискоѿо еванг̑елие* е предадено со кирилична транскрипција/транслитерација (*Трлиско еванг̑елие* – Милетичъ 1920).

Текстот на *Бобошчанскоѿо еванг̑елие* за прв пат е објавен во книгата *Documents contes et chansons Slaves de L'Albanie du Sud* (*Документи, ѿ̑риказни и ѿ̑песни на Словениѿе оѳ Јужна Албанија*) од Андре Мазон во 1936 г. Се смета дека настанува околу 1880 г. Станува збор за три преводи – најголем дел од текстот е преведен од Димитри Цанцо, потоа следува преводот на Теодор Икономо и уште еден кус превод од анонимни преведувачи. Според Мазон (Mazon 1936: 114), најсоодветен е преводот на Цанцо поради доследноста во поглед на употребата на корчанскиот говор.

Ќе покажеме дел од преводот на Цанцо (дел од *Еванг̑елиеѿо сѿ̑оре̑ Лука*, 10), што кај Мазон е предаден со латиница, но со неколку фусноти со грчко писмо, на грчки јазик (Mazon 1836: 122–123):

11. Luc, X, 16-21.

Τῇ 8 Νοεμβρίου. Μετάφρασις τοῦ εὐαγγελίου τῆς θείας
λειτουργιὰς τῶν ἀρχιστρατήγων Μιχαὴλ καὶ Γαβριήλ.
Ἐκ τοῦ κατὰ Λουκᾶν.

[F^{o} 20] Réče Gospoíno naš Rístos apostolítim togóvi: «Toj ščo čúvi vam čúvi meáne, i toj ščo ne čúvi vam ne čúvi[5] meáne. A pa toj ščo ne čúvi meáne ne čúvi togva ščo púšči meáne». Se varnáe sedamdeseáta apostóli so rádos, i mu rekóe: «Gospoíne, i vradzíti[6] ni se svédve[7] nam so imeáto tvoe». I Rístos mu réče tíam: «I vídoj parvío vradzítim, óti pána kaj rófja ot nebéto. Ja jeáskaj vi dávam povél'a[8] ščo da topčíte nat zmíe i nat zmeóvi, i da topčíte nat sváta síla vragutómu, i ni éno ot seázi ne ža móži da vi vlápsa. Tóko ne se radveáte za sózi, óti duhovíti vi se svédve, tóko mnógo povék'e radvejté se óti imenisčáta vaše se pisáe vo nebeniščáta». Na toj sat mnógo se zarádva Rístos so dúho tógof, i réče: «Ti społájva, Tátko Gospoíne nebetómu i zemeátuj, óti seázi rabóte i skrí ot zneáni i úmni, i mu i káza fošneátem so istína, Tátko, zóščo sikvózi beáše ijtenéto[1] tvóe pret Tebe».

[5] ουλειμάγια. [6] βρατσίτη. [7] = υποτάσσεται. [8] ποβέλια. [1] ἠχτενέτο.

Грчкиот алфавит се среќава и на натписи и записи, фрески и икони на религиозни објекти особено во јужниот дел на Македонија. Освен во богослужбените текстови, грчкиот алфавит е употребуван и во приватната практика: при пишувањето трговски или други писма, при водењето трговски тефтери, при пишувањето црковни или училишни беседи (Поленаковиќ 1971а: 203)

Во овој период турскиот и грчкиот јазик биле јазици што уживале престиж (Конески 2021: 100). Наметнувањето на грчкото писмо во нашата писмена практика се

должи и на тоа што грчкиот јазик[85] имал статус на втор службен јазик во Османлиската Империја, додека турскиот јазик[86] бил прв службен јазик. Во периодот на владеењето на Турците како наследници на Источното Римско Царство (Византиското Царство), грчкото културно и јазично влијание се засилува на целата негова територија, особено во неговиот јужен дел, а Цариградската патријаршија го продолжува своето владеење по паѓањето на Цариград (1453 г.), при што византискиот грчки јазик ја задржува својата улога на заеднички јазик (*lingua communis*) на сите народи што ја населувале историската територија на поранешната Византија (Спасов 2018: 25).

Пишувањето македонски текстови со грчки алфавит е честа практика во текот на 19 век. За ова зборува и фактот што дури и *Зборникоѿ* на браќата Миладиновци (Зборник 1861 – 1961) првично е напишан со грчко писмо. Константин можеби размислувал дека во Македонија, особено во Охридско и во егејскиот дел на Македонија, полесно ќе се шири *Зборникоѿ* напечатен со грчки алфавит (Црвенковска 2021: 31).

Во изборот на графемите од грчкиот јазик одлучувачки е изговорот – се избира графемата што според изговорот е најблиску до изговорениот глас од македонскиот јазик, а по потреба се користат комбинации на графеми и/или дополнителни знаци. При пишувањето со грчко писмо настанува прилагодување на грчките графеми кон специфичните гласови на македонскиот јазик, па така гласовите како што се *ѕ*, *ж*, *ѕ*, *љ, њ*, *ќ*, *ч*, *џ*, *ш* се пишувале со комбинации на графеми и/или дополнителни знаци. Исто така, се создавале и посебни правописни правила за ситуациите кога се пишувало на македонски јазик со грчко писмо, кои, се разбира, се разликувале од правописните правила на грчкиот јазик.

Во речникот од 16 век, од костурскиот крај, специфичните гласови *ж*, *љ, њ*, *ч*, *џ, ш* се предадени на следниот начин:

а) бележење на согласката *ж*

103. + ἄρχυ (árž[i])
βρίζα (βρύζα, seigle) (Giannelli, Vaillant 1958: 32)

113. + ζελιάζω (željazo)
σήδιρο (σήδιρο, fer) (Giannelli, Vaillant 1958: 32)

б) бележење на согласката *љ* (> *л*)

63. + στό σι μπέλα, στό τε λούμπαμ
što si béla, što te lúbam (Giannelli, Vaillant 1958: 28)

в) бележење на согласката *њ* (> *н*)

108. + κόν (kón)
ἄλογο (cheval) (Giannelli, Vaillant 1958: 32)

г) бележење на согласката *ч*

45. + μέτζηκα (méč[i]ka)
ἀρκούδα (ours) (Giannelli, Vaillant 1958: 27)

46. + μάτζκα (mácka)
γάτα (chat) (Giannelli, Vaillant 1958: 27)

д) бележење на согласката *џ* (> *ѕ*)

112. + νότζια (nódzja)
ποδάρια (pieds) (Giannelli, Vaillant 1958: 32)

ѓ) бележење на согласката *ш* (> *с*)

27. + τρεσοπάσκα (tresopáška)[87]

[85] Се однесува на византискиот грчки јазик.
[86] Станува збор за османско-турскиот јазик.
[87] Заб.: тресиопашка, вид птица – лат. *Motacillidae*.

σουσουρίδα (bergeronnette, hoche-queue) (Giannelli, Vaillant 1958: 25)
62. + στό σι λέπα [στό σι λεμπέλα]
(štó si lépa [štó si le<pa>-béla]) (Giannelli, Vaillant 1958: 28)
102. +πησενήτζα (p[i]šenica)
σητάρι (Giannelli, Vaillant 1958: 31)

Во досегашните книжевно-историски истражувања се евидентирани три слова на Димитар Миладинов (1810 – 1862), напишани со грчко писмо, што подоцна ги преработил и транслитерирал неговиот зет од ќерка – Кузман Шапкарев: две надгробни слова, пишувани во 1830 и 1833 г.[88], а третото негово слово тој го подготвил во 1860 г. кога бил учител во Струга, како излагање за време на завршните испити на крајот од учебната година (Велев 2006: 93). Покрај овие три слова, во науката е познат и преводот на *Молитвеникот* од грчки на македонски јазик, на струшки говор, но со грчко писмо. Според зборовите на Антон П. Стоилов (Стоиловъ 1916: 17), на 50-годишнината од смртта на браќата Миладиновци (11 јануари 1912 г.), ќерката на Димитар Миладинов – Царевна Н. П. Алексиева (родена Миладинова) од Солун, на 9 јануари 1912 г. на Народната библиотека во Софија ѝ подарила еден молитвеник на струшки говор, напишан со грчки букви, преведен од татко ѝ на 1 јануари 1841 г. Според белешката која е додадена кон *Молитвеникот*, целта на овој текст била со него да се служат свештениците од Охридската епархија, а како што наведува Стоилов (Стоиловъ 1916: 18), поради големиот интерес за него, тој во своето дело *Документи и белешки од минатото на Буѓарите во Македонија*[89] го предава текстот со кирилица[90] .

1. *Вѣрую во єдинаго Бога*[91]

Βέρβαμ νά ἐτεν γόσποδα, τατκα, οφεδάρζιτελ, σασδάβατζοτ ὀτ νέμποτο, ἡ ὀτ ζέμιατα, ἡ ὀτ σιοτ βεκ ςό σέ πθ́λετ ἡ ὀτ ἀγγέλιτε ςό σε νέπθλετ.

Βέρβαμ ἡ νά ἔτεν Ἰήσασα χρίζοσα, νά σίνοτ γόσποδοφ σαμοροδένιοτ, τόη ςό σέ ρὸδι ὀτ τάτκα πρέτ σφὴτε βέκοη.

Βιζίνσκιοτ γόσποδα ςό σέ ρόδι ὀτ βίςινσκι γόσποδα ἡ νέ σέ νάπραη, βέρβαμ να φέτλοτο ςό σέ ρόδι ὀτ σφέτλο, ζάετνο ςό ῖέ σό τάτκα, τόη ςό σάσδαδε σφέ.

τόη ςό ποραδί νάσιατα κθ́ρτθ́λια, ἡ ποραδί νάς λιθ́γε σλέζε ὀτ νέμπεσι, ἡ σέ ζάτρθ́πι ὀτ σφέτι ντθ́χ, ἡ ὀτ μάρια δέβοηκα στόρι τζόεκ.

Βέρβαμ να τόη ςό σέ κλάδε νά κάρς ζάνας

В'ервам н'а 'еден г'оспода, татка, сфед'аржител, сазд'авачот 'от н'ебото, 'и 'от з'емјата, 'и 'от сиот век шт'о с'е п'улет 'и 'от 'анг'елите шт'о се н'епулет.

В'ервам 'и н'а 'еден 'Исуса Хр'истоса, н'а с'инот г'осподоф самород'ениот, т'ој шт'о с'е р'оди 'от т'атка пр'ет сф'ите в'екои.

Вист'инскиот г'оспода шт'о с'е р'оди 'от в'истински г'оспода 'и н'е с'е н'апрај, в'ервам н'а сф'етлото шт'о с'е р'оди 'от сф'етло, з'аедно шт'о ј'е с'о т'атка, т'ој шт'о с'аздаде сф'е.

т'ои шт'о порад'и н'ашата курт'улиа, 'и порад'и н'ас љуге сл'езе 'от н'ебеси, 'и с'е з'атрупи 'от сф'ети д'ух, 'и 'от м'ариа

[88] Според Велев (2006: 93), станува збор за периодот кога Димитар Миладинов не го познавал словенското писмо, па поради тоа словата ги превел на охридско-струшки говор и ги напишал со грчка азбука. Кон ова се додава и фактот што во овој период се врши мошне силна елинизација во образованието и во религијата, а кирилицата речиси е истисната од употреба во деловите со силно грчко влијание.

[89] Стоиловъ, А. П. 1916. *Документи и бѣлѣжки отъ миналото на Българитѣ въ Македония*. Отдѣленъ отпечатъкъ отъ Сборника на Българската академия на наукитѣ, кн. IX. София: БАН.

[90] Транскрибирањето на текстот со наслов *Вѣрую во єдинаго Бога* (*Верувам во еден Богˉ*), прикажан во овој реферат, го изврши Б. Маринова имајќи ја предвид потребата од значителен број интервенции во транскрипцијата/транслитерацијата чиј автор е А. Стоилов (Стоиловъ 1916: 18).

[91] *Верувам во еден Богˉ* е првата од вкупно петте молитви во *Молитвеникот* (в. Стоиловъ 1916: 18–21).

νά βρέμετο ὀτ Πόντια Πίλατα τζάροτ, ἡ πάτι, ἡ σέ ζάκοπα, ἡ σέ βάσκαρσι νά τρέκιοτ δέν, κάκο ςό βέλετ σφέτιτε κνίγι. ἡ κόγα σέ κάτζι να νέμπο σέδιτ ὀτ δέσνο τάτκϑ. ἡ πάκ σό σλάβα κέ δόητ δά ὀτ σϑδητ ζιβι ἡ ϑ̓μρενι, τόη ςό νεγόατα τζάρςινα κράη κε νέματ.

Βέρβαμ ἡ νά σφέτι ντϑ́χ γοσπόδαροτ ζιβοδάβατζοτ, ςό ὀτ τάτκα ἤζλεγβιτ, ἡ ζαέτνο σό τάτκα ἡ σό σίνα μϑ̓ σέ ποκλὸνβιμε, ἡ γό σλὰβιμε νέγο, ςό ϑ̔ςατα ὀτ προρότζιτε σμπόρβεσε.

Βέρβαμ ἡ να ἐτνα ὄπςα ἡ ἀπόςολσκα τζάρκβα. πρίκαζραμ ἐτνο καρζάανε ὀτ γρεχόιτε. τζέκαμ βασκάρςβενε ὀτ ϑ̓μρένιτε ἡ ζίβοτ ὀτ δρϑ́γιοτ βέκ.ˆΑμην'.

д'евојка ст'ори ч'оек.

В'ервам на т'ој шт'о с'е кл'аде н'а к'арст з'а нас н'а вр'емето 'от П'онтиа П'и́лата ц'арот, 'и п'ати, 'и с'е з'акопа, 'и с'е в'аскарси н'а тр'екиот д'ен, к'ако шт'о в'елет сф'етите кн'иги. и к'ога с'е к'ачи н'а н'ебо с'едит 'от д'есно т'атку. 'и п'ак с'о сл'ава к'е д'ојт д'а 'от судит живи 'и 'умрени, т'ој шт'о нег'оата ц'арштина кр'ај ке н'емат.

В'ервам 'и н'а сф'ети д'ух госп'одарот живод'авачот, шт'о 'от т'атка 'излегвит, 'и за'едно с'о т'атка 'и с'о с'ина м'у с'е покл'онвиме, 'и г'о сл'авиме н'его, шт'о 'устата 'от прор'оците зб'орвеше.

В'ервам 'и на 'една 'општа 'и а'п'остолска ц'арква. пр'иказвам 'едно каршт'аане 'от грех'оите. ч'екам васк'арствене 'от 'умр'ените и ж'ивот 'от др'угиот в'ек. 'Амин.

Во поглед на изборот на графемите и правописните принципи, може да се заклучи дека Миладинов се трудел со пишувањето да биде поблиску до изговорот и го применува принципот за секој глас по една буква, освен за некои специфични гласови како што во овој текст е обележувањето на фонемата *ч* (со *тζ*): σασδάβα**τζ**οτ – сазд'авачот; ζιβοδάβα**τζ**οτ – живод'авачот; **τζ**έκαμ – ч'екам.

Во текстот напишан со грчко писмо, Миладинов го обележал и акцентот – се согледува третосложниот македонски акцент, со мали отстапки (на пр.: ποραδί – порад'и; ζαέτνο – за'едно; ἀγγέλιτε – 'анг'елите; ϑ̓μρένιτε – 'умр'ените).

Македонските текстови со грчко писмо (алфавит) одиграле значајна улога во развојот на македонскиот писмен јазик бидејќи преку издвојувањето на влијанието на црковнословенскиот јазик, всушност, е извршена подготовка за создавање на современиот македонски писмен јазик врз синхрониска основа (Спасов 2018: 26). Со грчки алфавит се пишувало и на аромански и на албански јазик (в. стр. 33–36).

2. Правописните тенденции и правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Јордан Хаџи Константинов-Џинот е еден од првите претставници на македонскиот 19 век што активно се вклучува во филолошките дискусии за македонскиот писмен јазик, особено во дискусиите што се однесуваат на правописот и на развојот на графискиот систем. Тој е само еден од големиот број македонски автори од 19 век кои во услови на непостоење стандардизиран јазик, односно непостоење озаконети азбука и правопис, се соочувале со низа тешкотии во обидот да напишат нешто на мајчин македонски јазик.

Во делот што следува ќе бидат разгледани начините на кои Џинот ги решава правописните прашања во практиката. Од неговите ставови и од нивната практична реализација јасно се согледуваат намерите за модернизација и упростување на графискиот систем и на правописните принципи, односно доаѓа до израз стремежот за осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма. Придонесот на Џинот за решавањето на важните јазични и, пред сè, правописни прашања е голем затоа што и покрај неговите ставови за заеднички писмен јазик на Македонците и Бугарите, тој не пропушта да ги нагласи предностите на својот мајчин јазик, па дури и се повикува на доминација на некои македонски елементи во замисленият писмен јазик.

Гледано во поширок контекст, најважна карактеристика на кирилскиот графиски систем од 19 век е стремежот за ослободување од архаичноста што ја носи црковнословенската традиција: азбуката и правописот на црковнословенскиот јазик ги поврзуваме со црковните книги, додека граѓанската азбука со нејзиниот поупростен состав – со текстовите што имаат световен карактер (Стаматоски 1986: 13). Во втората половина на 19 век доаѓаат до израз тенденциите за упростување на графискиот систем, односно упростување на црковнословенската кирилица и на тогашните правописни принципи како важен дел од обидите за стандардизација на македонскиот јазик. Во втората половина на 19 век, во периодот кога дел од најзначајните претставници на 19 век се залагаат идниот писмен јазик во одреден степен да биде создаден врз црковнословенска основа или според граѓанскиот модел на современиот руски литературен јазик, со учество и на македонскиот јазик (в. Спасов 2018: 105), навлегува и руската граѓанска азбука позната под името гражданка. Граѓанската азбука ја согледуваме и во писмениот јазик на Џинот.

Џинот е меѓу првите македонски интелектуалци што воведуваат многу нови зборови од латинскиот, од црковнословенскиот и од класичниот грчки јазик што се употребувале и во други европски литературни јазици (Спасов 2018: 29). Според Конески (1975: 87), во речникот на Џинот за првпат доаѓаат до израз европеизмите, односно елементите на интернационалната лексика. Тој се служел со граѓанска кирилица и со него, всушност, започнува сложениот процес на упростување на графискиот систем – покажува иницијатива за отфрлање на ъ, ѫ, ѣ, а исто така ретко користи грчки графеми за некои од македонските гласови. Според Конески (1987: 27), тенденцијата за упростување на правописот и тенденцијата за архаизација на граматичката структура ги поврзуваме со убедувањето на Џинот дека треба да се земе пример од другите словенски јазици, мислејќи на рускиот (црковнословенскиот од руска рецензија) и од српскиот јазик во кои ги нема јусовите и гласните ерови, го нема членот, а се употребуваат падежите и инфинитивот, при што тој прави разлика меѓу народните говори и писмениот јазик, така што писмениот јазик не мора во сè да ја следи состојбата во народните говори. Важна карактеристика на графискиот систем и

на правописните принципи на Џинот е стремежот за осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма. Ваквиот стремеж особено доаѓа до израз по реформите на српскиот јазик и правопис од страна на Вук Караџиќ. Според Димитровски (1983б: 55), Џинот бил на страната на противниците на Вуковата реформа во Србија, повикувајќи се на авторитетот на д-р Јован Стејиќ (Јован Стејиħ) (в. Димитровски 1983б: 55–56).

Во статиите што се објавени во *Цареградски вестник* (*Цареградски вѣстникъ*), во броевите 82, 83, 84 и 85 од 1852 г., тој ги образложува своите ставови за најважните јазични прашања од средината на 19 век. Во однос на правописот се залага за осовременување, додека во однос на граматиката на писмениот јазик – за архаизација (Конески 1987: 27).

Џинот се обидува да воведе упростен правопис кој доста реално го одразува изговорот. Од анализираниот јазичен материјал очигледно е дека тој ја отфрла графемата ѣ – не е употребена ниту еднаш, додека графемата ѫ ја користи многу ретко и токму тука во најголем степен се гледа осовременувањето на графискиот систем: /ПАТ: ОКОБП-2/ Обытель Дебѫрца; /ПАТ: ОКОБП-2/ Обытель Зѫрзе; /ПАТ: ОКОБП-1/ Хѫдръ Бада. Покрај наведените примери, графемата ѫ е употребена и кога истакнува дека таа не треба да се употребува – „отъ днеска, мѣсто сѫмие, осавне осамие“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852д: 4). Во врска со употребата на ъ, ѫ и ѣ, три графеми што се дел од црковнословенската традиција, Џинот се изјаснува и во *Цареградски вестник* под броевите 82, 83, 84 и 85 од 1852 г., каде што пишува дека се сосема непотребни во графискиот систем. Графемите ъ, ѫ и ѣ ги нарекува „три каравлашко-вретенарски букви“ кои се навлезени во азбуката „ради Власы те и Цинцаре те“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852г: 3), изговорот иронично го поврзува со „носове те имъ затулява“ и „вилицы те имъ стега како на мртовець“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3), а самите букви за него „велико зло творатъ“, „замрсуватъ падежи те“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3). Со ова, всушност, јасно го изразува својот став за народната основа на идниот писмен јазик (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3): „Той Болгаринъ кой то пише съ ъ, ѫ, ѣ, да не мечтава да се покаже высокоученъ и списатель, не... мо... же!“ За да потврди дека неговите ставови се оправдани, тој истакнува дека не е осамен со ваквите негови сфаќања и наведува дека ја има истата граматика како „Смотринскій“ (Хаџи Константинов-Џинот 1852б: 3), мислејќи притоа на познатиот лингвист Мелетиј Смотрицки. Според Венедиктов (Венедиктов 1990: 61), ваквиот став на Џинот бил во контекст на неговиот предлог за чиста народна основа на писмениот јазик. Според Спасов (2005: 45), Џинот се залага за неприфаќање на темниот вокал во писмениот јазик бидејќи сметал дека писмениот јазик треба да ги обедини, а не да ги раздели Македонците и Бугарите. Димитровски (1983б: 63) нагласува дека ваквите негови ставови за ъ, ѫ, ѣ биле сфатени како гласно негодување против налагањето на бугарскиот писмен јазик во македонска средина, за што бил обвинет дека е српски шпион.

Но, наспроти ваквото тврдење, врз основа на анализираниот јазичен материјал може да се заклучи дека Џинот не бил сосема доследен во поглед на примената на правилата на чија употреба многу емотивно и енергично повикува, особено кога станува збор на употребата на ъ. Иако препорачува дека ъ не треба да се употребува, може да се заклучи дека е честа употребата на графемата ъ на крајот на зборот и неа ја користи дури и при пишувањето на името и презимето: /П: ТИ/ Іорданъ; /П: ТИ/ Константиновъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ Іорданъ Х. Константиновъ; /ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ Х. Константиновъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/, /ПИС: 6 јануари 1857/ Константіновъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Чиновъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Трайковъ. Во поглед на употребата на ъ

постои извесно колебање, бидејќи низ неговите текстови се среќаваат и примери каде оваа графема (што не покрива реален глас) не ја употребува.

Имајќи ги предвид податоците што се однесуваат на соработката на Џинот со Друштвото за српска словесност, од една страна, и *Цареградски вестник*, од друга страна, можеме да заклучиме дека тој свесно го менува својот правопис во зависност од намената на текстот. Во педесеттите години на 19 век, Џинот објавува дека сака да го промени својот писмен јазик што го користи во соработката со *Цареградски вестник* и со писмото од 9 февруари 1855 г. упатено до Белградското читалиште бара да му дадат „една Српска граматика синтаксическа, и една Логика... и една свеска Шумадинка... Ова искам за да преокренам правописо ми на српски“ (Димитровски 1983б: 54). Во поглавјето што следува ќе биде детално прикажана практичната реализација на ваквиот став на Џинот, пред сè, во делот што се однесува на употребата на графемата *ѣ*.

Јазичниот материјал што се разгледува во овој труд произлегува од различни видови текстови што се објавувани во различни публикации и од различни периоди на животот на Џинот. Опфатени се триесет и осум писма на Џинот, со цел да се избегнат можните корекции од страна на редакцијата[92] на познатиот неделник *Цареградски вестник*, каде што Џинот објавува најголем дел од своите текстови. Писмата се објавени од страна на Х. Поленаковиќ (1955; 1971б):

1. писмото од 9 февруари 1855[93] г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 9 февруари 1855/)[94];
2. писмото од 9 септември 1856 г.[95], испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 9 септември 1856/)[96];
3. писмото од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 9 септември 1856/)[97];
4. писмото од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-3: 9 септември 1856/)[98];
5. писмото од 12 февруари 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 12 февруари 1856/)[99];
6. писмото од 25 септември 1856 г., упатено до Јован К. Поповиќ (Јован К. Поповић), член на Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 25 септември 1856/)[100];
7. писмото од 25 март 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 25 март 1856/)[101];

---

[92] Веројатно по реакција на читатели во врска со јазикот на објавени текстови во *Цареградски вестник*, редакцијата на весникот се обраќа до нив во изданието под бр. 149 од 28 ноември 1853 г., информирајќи ги за нејзините цели да издаде посебна книга со собрани песни, приказни, пословици, гатанки итн., нагласувајќи дека на тој начин ќе се добие една книга во која ќе се содржат наречјата и белезите на јазикот од многу градови и села, без ништо да изменат: „Мы нищо нема да измѣниме, ами ще напечатаме това вещество така както ны ся допраща отъ разны-те на Болгарія мѣста.“

[93] Поленаковиќ (1955: 10) упатува на тоа дека можеби годината е погрешно напишана, веројатно станува збор за 1856 г., бидејќи соработката со Читалиштето на Друштвото за српска словесност ја започнува во 1855 г., имајќи ги предвид досегашните материјални докази.

[94] Поленаковиќ (1955: 9–10).

[95] Писмото е датирано со „9 ѳемваръ 1856“, веројатно вака Џинот го именува деветтиот месец во годината – септември.

[96] Поленаковиќ (1955: 7–9).

[97] Поленаковиќ (1955: 11).

[98] Поленаковиќ (1955: 12–13).

[99] Поленаковиќ (1955: 14–16).

[100] Поленаковиќ (1955: 16–18).

8. писмото од 15 април 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 15 април 1856/[102];
9. писмото од 28 април 1856 г., упатено до Читалиштето на Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 28 април 1856/)[103];
10. писмото од 28 април 1856 г., неадресирано, но веројатно упатено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 28 април 1856/)[104];
11. писмото од 7 мај 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 7 мај 1856/)[105];
12. писмото од 7 јуни 1856 г., упатено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 7 јуни 1856/)[106];
13. писмото од 7 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 7 јуни 1856/)[107];
14. писмото од 7 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-3: 7 јуни 1856/)[108];
15. писмото од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 12 јуни 1856/)[109];
16. писмото од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 12 јуни 1856/)[110];
17. писмото од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-3: 12 јуни 1856/)[111];
18. писмото од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-4: 12 јуни 1856/)[112];
19. писмото од 27 август 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 27 август 1856/)[113];
20. писмото од 1 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 1 септември 1856/)[114];
21. писмото од 4 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 4 септември 1856/)[115];
22. писмото од 9 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 9 октомври 1856/)[116];
23. писмото од 19 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 19 октомври 1856/)[117];
24. писмо (во форма на признаница) од 19 ноември 1856 г. (/ПИС: 19 ноември 1856/)[118];

---

[101] Поленаковиќ (1955: 18–20).
[102] Поленаковиќ (1955: 31).
[103] Поленаковиќ (1955: 22).
[104] Поленаковиќ (1955: 23–24).
[105] Поленаковиќ (1955: 24–26).
[106] Поленаковиќ (1955: 29–30).
[107] Поленаковиќ (1955: 30–31).
[108] Поленаковиќ (1955: 32).
[109] Поленаковиќ (1955: 28–29).
[110] Поленаковиќ (1955: 33–34).
[111] Поленаковиќ (1955: 34–35).
[112] Поленаковиќ (1955: 32).
[113] Поленаковиќ (1955: 35–37).
[114] Поленаковиќ (1955: 37–40).
[115] Поленаковиќ (1955: 40–41).
[116] Поленаковиќ (1955: 41).
[117] Поленаковиќ (1955: 41–44).

25. писмото од 29 декември 1856 г., испратено до професорот Владимир Јакшиќ (Владимир Јакшић), член на Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 29 декември 1856/)[119];
26. писмото од 6 јануари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 6 јануари 1857/)[120];
27. писмото од 15 февруари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 15 февруари 1857/)[121];
28. писмото од 23 февруари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 23 февруари 1857/)[122];
29. писмото од 4 декември 1858 г., упатено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 4 декември 1858/)[123];
30. писмото од 4 декември 1858 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 4 декември 1858/)[124];
31. писмото од 23 април 1859 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-1: 23 април 1859/)[125];
32. писмото од 23 април 1859 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС-2: 23 април 1859/)[126];
33. писмото од 12 февруари 1868 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 12 февруари 1868/)[127];
34. писмото од 10 август 1864 г., упатено до д-р Јанко Шафарик (Јанко Шафарик), член на Друштвото за српска словесност од Белград (/ПИС: 10 август 1864/)[128];
35. писмото од 30 август 1876 г., упатено до пријател на Џинот – нејасно е дали е упатено до некој Азетон или Антоние Ахчиев од Скопје (/ПИС: 30 август 1876/)[129];
36. писмото од 5 јуни 1877 г., упатено до пријател на Џинот – невозможно е да се утврди дали е упатено до некој Азетон или Антоние Ахчиев од Скопје (/ПИС: 5 јуни 1877/)[130];
37. писмото од 1 јули 1877 г., упатено до пријател на Џинот – не може да се утврди дали е упатено до некој Азетон или Антоние Ахчиев од Скопје (/ПИС: 1 јули 1877/)[131];
38. писмото од 22 октомври 1878 г., упатено до пријател на Џинот – според додатокот на писмото, станува збор за извесен Антоние (/ПИС: 22 октомври 1878/)[132].

Писмата од 1876, 1877 и 1878 г. се вбројуваат во неговите подоцнежни записи, имајќи предвид дека неговиот живот завршува во 1882 г., па го одразуваат неговиот

[118] Поленаковиќ (1955: 44).
[119] Поленаковиќ (1955: 45).
[120] Поленаковиќ (1955: 46).
[121] Поленаковиќ (1955: 49–50).
[122] Поленаковиќ (1955: 50–51).
[123] Поленаковиќ (1955: 53).
[124] Поленаковиќ (1955: 54).
[125] Поленаковиќ (1955: 55–57).
[126] Поленаковиќ (1955: 57–58).
[127] Поленаковиќ (1955: 58–59).
[128] Поленаковиќ (1955: 59–60).
[129] Поленаковиќ (1971б: 340–341).
[130] Поленаковиќ (1971б: 342).
[131] Поленаковиќ (1971б: 343–344).
[132] Поленаковиќ (1971б: 344–345).

писмен јазик од периодот кога зад себе веќе имал оставено бројни јазични и правописни дилеми.

Покрај писмата на Џинот, во анализата се вклучени: текстови кои претставуваат оригинални записи од творби на Џинот, во ракопис (под бр. 47–49 во списокот што следува); текстови од периодот 1851 – 1859 г. што се објавувани во *Цареѓрадски вестник* (под бр. 1–44 во списокот што следува); еден текст објавен во весникот *Македонија* (*Македония*) во 1926 г. (бр. 46 од списокот што следува) и две збирки афоризми што се објавени од Х. Поленаковиќ (1954б) дословно, без какви било измени (бр. 45 од списокот што следува). Во анализата не се земени предвид текстовите што се предадени со денешниот современ правопис. Во *Цареѓрадски вестник* се среќаваат и текстови кои се анонимни, но според јазикот, стилските белези и останатите карактеристики му се припишуваат на Џинот. Ваквите текстови не се предмет на анализа во овој докторски труд. Од литературните и публицистичките дела на Џинот се опфатени:

1. патописот [*Скопје*][133], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 200 од 14 ноември 1854 г. (/ПАТ: С/);
2. патописот *Велесъ* [*Велес*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 204 од 18 декември 1854 г. (/ПАТ: В/);
3. патописот *Прилепъ* [*Прилеп*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 205 од 25 декември 1854 г. (/ПАТ: П/);
4. патописот [*Кратово*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 208 од 15 јануари 1855 г. (/ПАТ: К/);
5. патописот *Манастир (Битоља)* [*Манастир (Битола)*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 210 од 29 јануари 1855 г. (/ПАТ: М-Б/);
6. патописот *Охридъ или Преспа* [*Охрид или Преспа*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 218 од 26 март 1855 г. (/ПАТ: ОП/);
7. патописот *Љубляно-Пеонія (Тиквешъ)* [*Љубљано-Пеонија (Тиквеш)*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 214 од 26 февруари 1855 г. (/ПАТ: ЉПТ/);
8. патописот *Цьрна Гора Скопска* [*Црна Гора Скопска*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 211 од 26 февруари 1855 г. (/ПАТ: ЦГС/);
9. патописот *Южна страна Скопска* [*Јужна страна скопска*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 225 од 21 мај 1855 г. (/ПАТ: ЈСС/);
10. патописот *Скопски доказателства (документи)* [*Скопски сведоштва (документи)*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 240 од 3 септември 1855 г. (/ПАТ: СДД/);
11. патописот *Статистическо описаніе на Дебрска Река въ Стара Болѓарія* [*Статистички опис на дебарска Река во стара Буѓарија*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 412 од 1 јануари 1859 г. (/ПАТ: СОДРСБ/);
12. патописот *Архіепископія Охридска или Болѓарская, и обытель Трескавечкая или Прилепская* [*Архиепископија Охридска или Буѓарска, и манастир трескавечки или прилепски*], објавен во *Цареѓрадски вестник* бр. 420 од 28 февруари 1859 г. (/ПАТ: АОБОТП/);
13. патописот под наслов *Описаніе на Кр'сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ* [*Опис на Кичево, Охрид, Битола и Прилеп*], објавен во два дела во *Цареѓрадски вестник* – бр. 422 од 14 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-1/) и бр. 423 од 21 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-2/);

[133] Покрај дословно пренесените наслови, во квадратни загради се дадени и нивните еквиваленти на современ македонски јазик – заб. на авторката.

14. патописот *Статистическо описаніе. Споменикъ за села называемый Моріево Прилепско* [*Статистички опис. Сведошшва за селаша наречени Мариово, Прилепско*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 458 од 3 декември 1859 г. (/ПАТ: СОСНМП/);
15. песната *Трудъ ми е Името* [*Труд ми е името*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 64 од 8 декември 1851 г. (/П: ТИ/);
16. песната *Рай Божій* [*Рај Божји*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 55 од 6 октомври 1851 г. (/П: РБ/);
17. песната *Діонисъ Вакхо, е Вы! Вакхо!* [*Дионис Вакхо*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 64 од 8 декември 1851 г. (/П: ДВ/);
18. песната *Аврора*, избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 88 од 21 јуни 1852 г. (/П: А/);
19. песната *Плачь на Скопско-то училище, многотрудное* [*Плач на скопското училиште*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 68 од 5 јануари 1852 г. (/П: ПСУМ/);
20. песната *Женитба Ива отъ Меглена, Болгарска Войвода. Въ Царствование-то Царя Шишмана* [*Женидба Ива од Меглена*][134], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 439 од 11 јули 1859 г. (/П: ЖИМ/);
21. песната *Прйтъвъ още отъ язычества*[135] *Болгарскаго въ Македонія* [*Прифев од древните верувања на Бугариште во Македонија*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 431 од 16 мај 1859 г. (/П: ПЈБМ/);
22. сценско-дијалошката игра *Мінерва и деветъ Музы и Острымечь се разговараятъ, ради изгубена Бьлгарія* [*Минерва, девеште музи и Остримеч разговараат за изгубена Бугарија*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 48 од 18 август 1851 г. (/СДИ: МДМОРИБ/);
23. сценско-дијалошката игра *Разговоръ или прави человѣкъ* [*Разговор или вистински човек*], објавена во два дела во *Цареградски вестник* бр. 53 од 22 септември 1851 г. (/СДИ: РПЧ-1/) и *Цареградски вестник* бр. 54 од 29 септември 1851 г. (/СДИ: РПЧ-2/);
24. сценско-дијалошката игра *Метаніе добро е жребіе. Доброто на куму има да паде. – Журналъ* [*Фрлање на доброто како жреб*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 89 од 28 јуни 1852 г. (/СДИ: МДЖ/);
25. сценско-дијалошката игра *Басня* [*Басна*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 190 од 11 септември 1854 г. (/СДИ: Б/);
26. сценско-дијалошката игра *Седумъ возрасти человѣческій* [*Седум возрасти човечки*], објавена во *Цареградски вестник* во два дела – бр. 56 од 13 октомври 1851 г. (/СДИ: СВЧ-1/) и бр. 57 од 20 октомври 1851 г. (/СДИ: СВЧ-2/);
27. сценско-дијалошката игра *Діалектически чинъ на молитва та Господня, Отче нашъ* [*Дијалектички чин на молитваша Господова, Оче наш*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 62 од 24 ноември 1851 г. (/СДИ: ДЧМГОН/);
28. сценско-дијалошката игра *Училище и ученіе* [*Училиште и учење*], објавена во *Цареградски вестник* во четири дела – бр. 93 од 26 јули 1852 ч. (/СДИ: УУ-1/), бр. 94 од 2 август 1852 г. (/СДИ: УУ-2/), бр. 95 од 9 август 1852 г. (/СДИ: УУ-3/), бр. 96 од 16 август 1852 г. (/СДИ: УУ-4/);

[134] Во еквивалентот се задржани падежните наставки со цел да се зачува јазичната автентичност на изразот.
[135] Рус. *язычество* – многубоштво; во овој случај станува збор за нехристијански, пагански верувања и обичаи.

29. сценско-дијалошката игра *Педагогизмъ за Болгарскы-те дѣца* [*Педагогија за бугарските деца*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 102 од 27 септември 1852 г. (/СДИ: ПБД/);
30. писмо-трактат[136] [*Айдинъ, 15 Маій 1861*] [*Ајдин, 15 мај 1861*], објавено во *Цареградски вестник* бр. 24 од 10 јуни 1861 г. (/ПИС: Т-1861/);
31. статија со наслов *Вѣнецъ пѣрвый* [*Венец пѣрв*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 63 од 1 декември 1851 г. (/С: ВП/);
32. статија со наслов *Богъ* [*Бог*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 44 од 21 јули 1851 г. (/С: Б/);
33. статија со наслов *Ученіе у Скопско то училище* [*Учењето во скопското училиште*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 59 од 3 ноември 1851 г. (/С: УСУ/);
34. статијата со наслов *Сновидѣніе или истинословіе* [*Сновидение или вистинословие*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 51 од 8 септември 1851 г. (/С: СИ/);
35. статијата со наслов [*Болгарски*] *ъ, ѫ, ѭ, литери Болгарски* [*Бугарски – ъ, ѫ, ѭ, букви бугарски*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 82 од 19 април 1852 г. (/С: Б-ЛБ-1/);
36. статија [*Болгарски – Продолженіе*] [*Бугарски – Продолжение*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 83 од 26 април 1852 г. (/С: Б-ЛБ-2/);
37. статија [*Болгарски*] *Продолженіе* [*Бугарски – Продолжение*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 84 од 3 мај 1852 г. (/С: Б-ЛБ-3/);
38. статијата со наслов *Болгарска писмменость. Прикладъ на ъ, ѫ, ѭ. Продолженіе и конецъ* [*Бугарска писменост – Примери за ъ, ѫ, ѭ. Продолжение и крај*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 85 од 10 мај 1852 г. (/С: Б-ЛБ-4/);
39. статијата со наслов *Обычаи Славянски* [*Обичаи словенски*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 101 од 20 септември 1852 г. (/С: ОС/);
40. статијата со наслов *Болгарска писмменость* [*Бугарска писменост*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 92 од 19 јули 1852 г. (/С: БП/);
41. статија [*Суеверија*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 88 од 21 јуни 1852 г. (/С: С/);
42. статија со наслов *Именникъ – къща и покъщина* [*Список на називи – куќа и покуќнина*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 433 од 30 мај 1859 г. (/С: И/);
43. текст со наслов *Обявленіе* [*Соопштение*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 149 од 28 ноември 1853 г. (/Т: О/);
44. текст со наслов *Извѣстіе – Преводи и сочиненія* [*Известување – Преводи и творби*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 424 од 28 март 1859 г. (/Т: И-ПС/);
45. афоризмите на Џинот, две збирки – (1) 13 април 1856 г. (/А-1/) и (2) 9 ноември 1856 г. (/А-2/), објавени без измени од Поленаковиќ (1954б: 72–78);
46. песната *Рѣка Вардаръ* [*Реката Вардар*], избор од поезијата, објавена во весникот *Македонија* бр. 69 од 31 декември 1926 г.[137] (/П: РВ/);
47. текст со наслов *Страданіе мое* [*Страдание мое*], Фонд 786 Nº – 1 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис (/ТР: СМ/)[138];

[136] Писмото е пишувано во Ајдин (денес Р Турција), на 15 мај 1861 г. Темата се однесува на православната религија, односно во писмото споредбено се претставени православието и католицизмот.
[137] Песната *Рѣка Вардаръ* е напишана во 1869 г., во Велес, според податоците што се дадени во објавената верзија во весникот *Македонија* од 1926 г., бр. 69.
[138] Факсимилите се наоѓаат во делот *7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања* (в. п. стр. 262).

48. текст со наслов *Умъ царуе и вѣруе* [*Ум царува и верува*], Фонд 786 Nº – 2 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис (/ТР: УЦВ/)[139];
49. дел од ракопис, Фонд 786 Nº – 3 во Бугарскиот историски архив во Софија (/ТР: ДЛ/)[140].

2.1. Пишување на гласовите. Азбука (состав/систем на бележењето на гласовите)

Врз основа на анализата на посочените писма, литературни и публицистички текстови, може да се заклучи дека во нив, за бележење на гласовите во македонскиот јазик, Јордан Хаџи Константинов-Џинот го употребува следниот инвентар на графеми.[141]

Табела бр. 1: Инвентар на графеми што ги употребува Јордан Хаџи Константинов-Џинот за бележење на гласовите во македонскиот јазик

а А	б Б	в В	г Г	д Д	жд Жд, ді Ді, (г)ю (Г)ю	е Е, є Є, Э	ж Ж
з З	и И, ы Ы, і І, ı І, ї Ї, ьі	ј Ј	й Й	ѣ Ѣ	я Я	к К	л Л, ъл, лъ, л’
ль Ль, лѣ Лѣ, ля Ля, лю Лю	м М	н Н	нѣ Нѣ, нь(я) Нь(я), ня Ня	о О	п П	р Р	р’, ’р, ър, ьр, ре, ер, ро, ѫр
с С	т Т, t	кя Кя, ћя Ћя, кі Кі	ћ Ћ	у У	ф Ф	х Х	ц Ц
ч Ч	џ Џ	дж Дж	ђ Ђ	ш Ш	щ Щ	ю Ю	ѳ Ѳ
ѧ, ѫ	ъ Ъ	ь Ь	ѫ Ѫ				
Постари графеми и други знаци со ретка употреба во преписи на (делови од) постари ракописи	ѡ, ѷ, ꙉ, ѿ, ѽ, ѵ, ѹ, ѻ, ѧ, ѩ, ◌͡◌						

Имајќи го предвид инвентарот на графемите, може да се заклучи дека Џинот, во својата писмена практика, користи седумдесетина писмени знаци (вбројувајќи ги сите диграфи и графемите со правописниот знак апостроф) за означување на гласовите во македонскиот писмен јазик од педесеттите до осумдесеттите години на 19 век.

Во анализираниот материјал воопшто не се среќава графемата *s*. Според Димитровски (1983б: 54), Џинот е под влијание на српскиот литературен јазик што во педесеттите години се употребувал во Србија со тогашното писмо со 36 букви (меѓу кои и: *ѣ*, *ђ*, *џ*, *й*, *і*, *ъ*, *ь*, *ы*, *ѣ*, *э*, *ю*, *я*) и правопис базиран врз морфолошко-етимолошки принцип.

[139] Истото.
[140] Истото.
[141] Редоследот мала/голема буква е според *Правопис на македонскиот јазик* од 2015 г. (Правопис на македонскиот јазик 2015: 3).

2.2. Пишување на самогласките

2.2.1. Пишување на самогласката *а*

а) Со *а* (*а*, *А*) се пишуваат зборовите: /ПИС: 15 февруари 1857/ анатема; / ПИС: 12 февруари 1868/ архіепископъ; /ПАТ: М-Б/ аскеръ; /С: С/ ангелыте; /ПИС: 4 септември 1856/ Албански[142]; /ПИС: 19 октомври 1856/ ако; /ПИС: 15 февруари 1857/ австрійски; /ПИС-2: 23 април 1859/ Атина; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Архіепископія (Охридска)[143]; /ПИС: 4 септември 1856/ треба; /ПИС: 1 септември 1856/ стапалата; /ПИС: 2 март 1856/ старина; /ПИС: 7 мај 1856/ Крчова; /ПИС: 12 февруари 1868/ таква; /ПИС: 30 август 1876/ алишъверишо; /ПИС: 4 септември 1856/ (да ве) уважамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ (да се) поклонамъ.

б) Некои зборови имаат двојни форми: /ПИС: 1 септември 1856/ манастырь vs /ПИС: 1 септември 1856/ монастырь; /ПИС: 19 октомври 1856/ или vs /ПИС: 23 февруари 1857/ али.

2.2.2. Пишување на самогласката *е*

а) За обележување на самогласката *е* најчесто се користи графемата *е* (*е*, *Е*). Графемата *е* се пишува во следниве зборови: /ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПАТ: ОП/ езеро; /ПАТ: JCC/ елены; /ПАТ: СОСНМП/ елекъ; /С: Б/ Етна; /ПИС: 25 септември 1856/ мое; /ПИС-1: 28 април 1856/ мене; /ПИС-1: 9 септември 1856/ цедило; /ПИС: 9 февруари 1855/ (пишемъ да) знаете; /ПИС: 25 септември 1856/ ветеръ; /ПИС-1: 28 април 1856/ денеска; /ПИС-2: 28 април 1856/ може; /ПИС-1: 28 април 1856/ знаете; /ПИС-1: 28 април 1856/ правете; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ познаете; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Подобре (мало разговори); /ПИС: 15 април 1856/ некое; /ПИС: 15 април 1856/ сега; /ПИС: 27 август 1856/ време; /ПИС: 27 август 1856/ горе; /ПИС: 27 август 1856/ пише; /ПИС: 27 август 1856/ (со все железо) е (30 ока); /ПИС: 27 август 1856/ Веелзевулъ; /ПИС: 27 август 1856/ Веелфегоръ; /ПИС: 9 октомври 1856/ една; /ПИС: 1 септември 1856/ место; /ПИС: 4 септември 1856/ целъ; /ПИС: 1 септември 1856/ едни; /ПИС: 4 септември 1856/ надѣемсе (‘се надевам’); /ПИС: 9 октомври 1856/ сега; /ПИС-1: 4 декември 1858/ мене; /ПИС-1: 4 декември 1858/ една; /ПИС-1: 4 декември 1858/ после; /ПИС-1: 23 април 1859/ место; /ПИС-1: 23 април 1859/ мене; /ПИС-1: 23 април 1859/ можете; /ПИС: 30 август 1876/ ечменъ (‘јачмен’); /ПИС: 19 октомври 1856/ светъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ место; /ПИС: 15 февруари 1857/ (самъ) дошелъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ (мученикъ) Петеръ; /ПИС: 12 февруари 1868/ можемъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ Евгеній; /ПИС: 19 октомври 1856/ Евсевіологично (Срдце) (според грч. *εὐσεβής* – побожен); /ПИС: 12 февруари 1868/ (е) чезнеелъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ есмъ (готовъ) (*есмъ* – сум; поархаична јазична форма); /ПИС: 30 август 1876/ Господине (*-е* како наставка за вокативната форма на именката); /ПИС: 19 октомври 1856/

[142] Во писмената практика на Џинот, со голема почетна буква започнуваат еден или повеќе зборови во рамките на една реченица што Џинот имал намера да ги нагласи за да го привлече вниманието на читателот (в. п. стр. 165–167).

[143] Со цел да се обезбеди поширок контекст во одредени јазични ситуации, во заградите се вметнати куси дополнувања што нудат дообјаснување на значењето или укажуваат на специфични граматички карактеристики. На одредени места, контекстот е проширен преку употреба на зборови и изрази што ги користи Јордан Хаџи Константинов-Џинот, со цел да се прецизира и збогати јазичната анализа.

(Заповѣдай) Брате В. Якшиће (*-е* како наставка за вокативната форма на именките); /ПАТ: М-Б/ двесте; /А-1/ келибаръ (‘килибар’); /А-2/ келибаръ.

б) Некои зборови имаат двојни форми: /ПИС-2: 28 април 1856/ (не) требе vs /ПИС-1: 7 јуни 1856/, /ПИС: 19 октомври 1856/ (не) треба; /ПИС: 27 август 1856/ еденъ vs /ПИС: 27 август 1856/ единъ; /ПИС: 1 септември 1856/ единъ (младый Князь).

в) Во писмената практика на Џинот се среќава суфиксот *-у* за образување несвршени глаголи од следниов тип: /ПИС-1: 9 септември 1856/ истражуеме; /ПИС: 9 февруари 1855/ се истражуе; /ПИС: 25 септември 1856/ нарачуе; /ПИС: 15 април 1856/ пригледнуете. Ваквите примери одразуваат важна карактеристика на велешкиот говор (в. п. Видоески, Марковиќ 2001: 41). Во *Правопис*$\overline{от}$ од 1945 г. (Македонски правопис 1945: 5–6), редовно се среќаваат вакви форми меѓу кои ги вбројуваме: *влег*$\overline{уе}$, *се уп*$\overline{от}$*ребуе*, *се јавуе*, *се уст*$\overline{ановуе}$, *се изјаснуе, ост*$\overline{ануе}$, *се п*$\overline{ишуе}$.

г) Гласот *е* се означува и со графемата *є* (*є*, *Є*) која ја поврзуваме со руската граѓанска азбука, а во 19 век се користела и во српскиот јазик сè до реформите на Вук Караџиќ. Во писмениот јазик на Џинот, графемата *є* се среќава во текстови кои имаат религиозна содржина и тоа кај сопствени имиња, во рамките на терминолошката лексика, а поретко и кај зборови што се дел од неутралната лексика: /ПИС: 25 март 1856/ Фотіє Патріарха; /ПИС: 25 март 1856/ Григоріє Богословъ; /ПИС: 25 март 1856/ Григоріє Нискый; /ПИС: 25 март 1856/ Евагріє; /ПИС: 25 март 1856/ Василіє великій; /ПИС: 25 март 1856/ єдинъ; /ПИС: 25 март 1856/ Леонтіє; /ПИС: 25 март 1856/ Игнатіє; /ПИС: 25 март 1856/ Леондіє лакедемонскы; /ПИС: 25 март 1856/ Даріє; /ПИС: 25 март 1856/ Пророкъ Исаіє; /ПИС: 25 март 1856/ Сказаніє; /ПИС: 25 март 1856/ Списаніє; /ПИС: 25 март 1856/ житіє; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ єли; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ єсть ! єсть ! все ! за ! и ! сто ! що ! ви ка ! же ! мъ !; /ПИС: 27 август 1856/ єсть; /ПИС: 27 август 1856/ єще (рус. *ещё* – уште, веќе); /ПИС: 27 август 1856/ єго; /ПИС: 27 август 1856/ воскресеніє; /ПИС-2: 23 април 1859/ преторъ є речь Болгарска; /ПИС-2: 23 април 1859/ Пританы є речь Болгарска.

д) Колебањето во поглед на употребата на графемите *е* и *є* најмногу доаѓа до израз во следниов извадок што покажува дека исти зборови еднаш се напишани со *є*, а следниот пат со *е* (сп.: єсть vs есть):

/ПИС: 27 август 1856/

Црковь имѣеть образъ Дечанскаго Манастыря, она <u>єсть</u> высока, но кровъ сняли свирѣпихъ Арнаутъ и оловный кругъ разхитили.

Внутръ єще стоютъ четыры мраморный столповъ зѣло художественно дѣлани, единаго столпа срушили Арнаутовъ; зане село называемое Люботинъ <u>есть</u> населено отъ Арнаутовъ.

Посочениов извадок, како и текстот со кој се поврзува, бележи значително поголема архаизација во споредба со јазичниот израз на Џинот што го согледуваме во неговите писма кои ги упатува до Друштвото за српска словесност од Белград, до пријатели, па дури и во споредба со текстовите објавени во *Цареград*$\overline{о}$*ски вест*$\overline{ник}$ што се предмет на анализа во овој труд.

ѓ) Во помал број случаи, за означување на гласот *е* се користи и писмениот знак *Э*, но само во почетна позиција на зборот и само како голема буква: /ПИС-2: 28 април 1856/ Энглези-те; /ПИС-2: 4 декември 1858/ (Апокалипсисъ и виденіе Енохово и Писма Душановы и Папины и Фотіеви и) Эммаоила царя; /ПИС: 25 септември 1856/ (Адреса.) Эго Благородію. Оваа графема ја поврзуваме со руската граѓанска азбука од 18 век, а активно се користи и во 19 век (Шицгал 1959: 155–156). Денес е дел од современата руска азбука.

2.2.3. Пишување на самогласката *и*

а) Гласот *и* се бележи со шест различни графеми: *и И*, *ы Ы*, *і І*, *ї Ї*, *ѵ Ѵ*, *ьі*.

б) Графемата *и* има најчеста употреба за означување на гласот *и* и ја среќаваме кај сите видови зборови во различни позиции во рамките на зборот: /С: И/ Именникъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ други; /ПАТ: ОКОБП-1/ кожи; /С: БП/ учители; /ПАТ: ОКОБП-1/ своите; /ПИС-2: 9 септември 1856/ древности; /ПИС-1: 9 септември 1856/ обклевети; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скопски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бугарски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ пути; /ПИС: 4 септември 1856/ ви се молимъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ они; /ПИС: 12 февруари 1856/ работи; /ПИС: 12 февруари 1856/ прибавиме; /ПИС: 12 февруари 1856/ истражиме; /ПИС: 12 февруари 1856/ некои; /ПИС: 12 февруари 1856/ наши; /ПИС: 25 септември 1856/ други; /ПИС: 27 август 1856/ книга; /ПИС: 25 септември 1856/ книги; /ПИС: 25 септември 1856/ Србите; /ПИС: 25 септември 1856/ они; /ПИС: 25 септември 1856/ пари; /ПИС: 25 септември 1856/ србски; /ПИС: 25 септември 1856/ верига (синжиръ); /ПИС-1: 28 април 1856/ три (години); /ПИС-1: 28 април 1856/ старини; /ПИС-1: 28 април 1856/ моли (се); /ПИС-2: 28 април 1856/ очи; /ПИС-2: 28 април 1856/ своите; /ПИС-2: 28 април 1856/ збирки; /ПИС-2: 28 април 1856/ нашите; /ПИС-2: 28 април 1856/ гонители; /ПИС-2: 28 април 1856/ пріятели; /ПИС-2: 28 април 1856/ Миліонпути; /ПИС-2: 28 април 1856/ сами; /ПИС-1: 28 април 1856/ црни; /ПИС: 7 мај 1856/ велики; /ПИС: 7 мај 1856/ зданіи; /ПИС: 7 мај 1856/ Арнаути; /ПИС: 7 мај 1856/ нозите, но и: /ПИС: 1 септември 1856/ нозыте (‘нозете’); /ПИС: 7 мај 1856/ роби (‘поробува’); /ПИС: 7 мај 1856/ клевети (формата е употребена како глаголска); /ПИС: 7 мај 1856/ монаси; /ПИС: 7 мај 1856/ докази; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ турски; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ вопроси (рус. *вопрос* – прашање, проблем); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ ответи (рус. *ответ* – одговор); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ лудости; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Каледонски; /ПИС: 19 октомври 1856/ три; /ПИС: 19 октомври 1856/ негови; /ПИС: 19 октомври 1856/ писма; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ разговори; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ борови; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Божидарови (книгы); /ПИС: 15 април 1856/ Рукописна (книга); /ПИС: 15 април 1856/ никаква; /ПИС: 15 април 1856/ документи; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ големците; /ПИС: 15 април 1856/ стари; /ПИС: 15 април 1856/ такви; /ПИС: 15 април 1856/ мислите (формата е употребена како глаголска); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ ствари; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ издание; /ПИС: 27 август 1856/ Славяни; /ПИС: 27 август 1856/ нашите; /ПИС: 27 август 1856/ луди; /ПИС: 27 август 1856/ высокогранатіи Ели (...) благуньи, Цери (*цер* – вид даб, лат. *Quercus cerris*); /ПИС: 1 септември 1856/ извори; /ПИС: 1 септември 1856/ други; /ПИС: 1 септември 1856/ едни; /ПИС: 1 септември 1856/ единъ (младый Князь); /ПИС: 1 септември 1856/ велики; /ПИС: 1 септември 1856/ трудолюбиви; /ПИС: 1 септември 1856/ милостиви; /ПИС: 1 септември 1856/ весели; /ПИС: 1 септември 1856/ гостолюбиви; /ПИС: 1 септември 1856/ трпѣливи; /ПИС: 1 септември 1856/ подруми; /ПИС: 1 септември 1856/ разорени; /ПИС: 1 септември 1856/ (200) кући; /ПИС: 1 септември 1856/ христяни (‘христијани’); /ПИС: 1 септември 1856/ Радевски ливади; /ПИС: 1 септември 1856/ найголемите; /ПИС: 1 септември 1856/ царските; /ПИС: 1 септември 1856/ селяни; /ПИС: 1 септември 1856/ (рукописны) Пергамени; /ПИС: 1 септември 1856/ (тетивы за) стрели; /ПИС: 4 септември 1856/ погрешки; /ПИС: 4 септември 1856/ (да ве) благодаримъ; /ПИС: 4 септември 1856/ древности; /ПИС: 9 октомври 1856/ мои; /ПИС: 9 октомври 1856/ книга; /ПИС: 9 октомври 1856/ (да сте гы) пріимили; /ПИС: 19 октомври 1856/ кои; /ПИС: 19 октомври 1856/ имате; /ПИС: 19 октомври 1856/ посилавамъ (рус. *послать*, срп. *̄послаш̄ти* – испрати); /ПИС: 19 октомври 1856/ превосходни соби (рус. *превосходный* – одличен, прекрасен); /ПИС: 19 октомври

1856/ (сто хиляды) Дукати; /ПИС: 19 октомври 1856/ мои; /ПИС: 19 октомври 1856/ старини; /ПИС: 19 октомври 1856/ моите; /ПИС: 19 октомври 1856/ очи; /ПИС: 19 октомври 1856/ или; /ПИС: 19 октомври 1856/ години; /ПИС: 19 октомври 1856/ (петъ) пути; /ПИС: 19 октомври 1856/ целивалъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ствари; /ПИС: 19 октомври 1856/ вси (рус., буг. *все*; стсл. ***вьсь***, ***вьси*** – сиот, сите); /ПИС: 19 октомври 1856/ изгубените; /ПИС: 19 октомври 1856/ Древности; /ПИС: 19 октомври 1856/ читанки; /ПИС: 19 октомври 1856/ учителите; /ПИС: 19 октомври 1856/ души; /ПИС: 19 октомври 1856/ нози (дијалектно – источни говори; 'нозе'); /ПИС: 29 декември 1856/ дни; /ПИС: 29 декември 1856/ тражимъ по манастирима (кньигы); /ПИС: 6 јануари 1857/ добри; /ПИС: 6 јануари 1857/ пари; /ПИС: 6 јануари 1857/ Христянинъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ единъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Хрістяни; /ПИС: 6 јануари 1857/ Срби; /ПИС: 6 јануари 1857/ скоплянски ('скопски'); /ПИС: 6 јануари 1857/ добрини; /ПИС: 15 февруари 1857/ прилози; /ПИС: 15 февруари 1857/ единъ (Пасапортъ); /ПИС: 19 октомври 1856/ австрійски; /ПИС: 15 февруари 1857/ Пергамени фоліянти; /ПИС: 23 февруари 1857/ или; /ПИС: 23 февруари 1857/ манастыри; /ПИС: 23 февруари 1857/ описание; /ПИС: 23 февруари 1857/ стари; /ПИС: 23 февруари 1857/ (шестъ) цели (месецы); /ПИС: 23 февруари 1857/ ваши; /ПИС: 23 февруари 1857/ ствари; /ПИС-1: 4 декември 1858/ книга; /ПИС-1: 4 декември 1858/ се трудим (не е употребен јер/јор во финална позиција); /ПИС-2: 4 декември 1858/ три; /ПИС-1: 23 април 1859/ собори; /ПИС-1: 23 април 1859/ Царски; /ПИС-1: 23 април 1859/ закони; /ПИС-1: 23 април 1859/ Граждански; /ПИС-1: 23 април 1859/ грекомани; /ПИС-1: 23 април 1859/ неучени и глупи; /ПИС-1: 23 април 1859/ (збирка отъ) стари (книгы); /ПИС-1: 23 април 1859/ кои; /ПИС-2: 23 април 1859/ стари рукописи; /ПИС-2: 23 април 1859/ списки; /ПИС-2: 23 април 1859/ закони; /ПИС-2: 23 април 1859/ ереси; /ПИС-2: 23 април 1859/ велики; /ПИС-2: 23 април 1859/ предмети; /ПИС-2: 23 април 1859/ листови; /ПИС-2: 23 април 1859/ изгубени; /ПИС-2: 23 април 1859/ би ви служилъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ гласниците; /ПИС: 12 февруари 1868/ простите; /ПИС: 12 февруари 1868/ учените; /ПИС: 12 февруари 1868/ мои; /ПИС: 12 февруари 1868/ пріятели; /ПИС: 12 февруари 1868/ рукописи; /ПИС: 12 февруари 1868/ списатели ('писатели'); /ПИС: 30 август 1876/ приятели; /ПИС: 10 август 1864/ име; /ПИС: 30 август 1876/ богати (човецы отъ) кои; /ПИС: 30 август 1876/ некои; /ПИС: 30 август 1876/ сиромаси; /ПИС: 30 август 1876/ има; /ПИС: 30 август 1876/ занаатчіи; /ПИС: 30 август 1876/ носи; /ПИС: 30 август 1876/ или; /ПИС: 30 август 1876/ идамъ; /ПИС: 30 август 1876/ се именуваше; /ПИС: 30 август 1876/ (хиляды) работи; /ПИС: 5 јуни 1877/ искренно; /ПИС: 1 јули 1877/ апостоли; /ПИС: 1 јули 1877/ свои; /ПИС: 1 јули 1877/ нечисти; /ПАТ: ОП/ цигански; /ПАТ: ЦГС/ шуми; /ПАТ: ЦГС/ цреши; /ПАТ: ЦГС/ круши; /ПАТ: ЦГС/ мушмули; /ПАТ: ЦГС/ оскоруши; /ПАТ: ЦГС/ праски; /ПАТ: ЦГС/ кајсіи; /ПАТ: ЦГС/ мисирки; /ПАТ: ЦГС/ шатки; /ПАТ: ЦГС/ гуски; /ПАТ: ЦГС/ кокошки; /ПАТ: ЈСС/ орли; /ПАТ: СДД/ документи; /ПАТ: СОСНМП/ обетки; /П: ДВ/ стомни.

в) Цинот доста често ја користи графемата *ы* во множинските форми на именки и придавки, како множинска наставка, а се среќава и во множинските форми на глаголските придавки: /ПАТ: П/ еснафы; /ПАТ: П/ монасы; /ПАТ: ОКОБП-1/ книгы; /С: БП/ Грецы; /С: БП/ зубы (vs /С: БП/ зуби); /С: БП/ похвалны; /П: ТИ/ столицы; /П: ТИ/ дѣчицыте; /ПАТ: ОКОБП-1/ достославны; /ПАТ: ОКОБП-1/ дивыте; /ПАТ: ОКОБП-1/ Арнауты; /ПАТ: ОКОБП-1/ простодушны; /С: БП/, /ПАТ: ОКОБП-1/ Болгары; /ПАТ: ОКОБП-2/ цинцары (vs /ПАТ: ОКОБП-2/ Цинцари); /ПАТ: ОКОБП-1/ красныте; /ПАТ: ОКОБП-1/ чардацы; /ПАТ: ОКОБП-1/ продолжены; /ПАТ: ОКОБП-2/ безобразны; /ПАТ: ОКОБП-2/ непокорны; /ПАТ: ОКОБП-2/ ленивы; /С: БП/ человѣцы; /С: БП/ очы; /С: БП/ основы; /С: БП/ усты; /С: БП/ ушы; /С: БП/ вилицы; /С: БП/ колцы; /ПИС-3: 9

септември 1856/ Соблазны; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Папины; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Клетвы; /ПИС: 12 февруари 1856/ матеріалны; /ПИС: 12 февруари 1856/ основы; /ПИС: 12 февруари 1856/ войницы; /ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПИС: 12 февруари 1856/ хиляды; /ПИС: 12 февруари 1856/ Латины, грецы[144] и Немцы и Французы и Енглезы; /ПИС: 12 февруари 1856/ старины; /ПИС: 12 февруари 1856/ растурены нашы градовы; /ПИС: 12 февруари 1856/ нашы Манастыры; /ПИС: 12 февруари 1856/ нашы цркwы; /ПИС: 12 февруари 1856/ нашы стары книгы; /ПИС: 12 февруари 1856/ царевы, кралевы, князевы; /ПИС: 12 февруари 1856/ грошевы; /ПИС: 12 февруари 1856/ лорды (великашы); /ПИС: 12 февруари 1856/ книгы; /ПИС: 25 септември 1856/ книгы, но и: /ПИС: 25 септември 1856/ книги; /ПИС-2: 9 септември 1856/ внимателны; /ПИС: 9 февруари 1855/ човецы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ годины; /ПИС: 12 февруари 1856/ никаквы; /ПИС: 12 февруари 1856/ полезны; /ПИС: 12 февруари 1856/ примѣтбы; /ПИС: 25 септември 1856/ човецы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Манастыры и цркwы и развалены манастиры и цркwы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ каквы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ книгы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ рукописны; /ПИС-3: 9 септември 1856/ враты на Иконы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Пергамены; /ПИС: 12 февруари 1856/ селяцы; /ПИС: 12 февруари 1856/ селяны; /ПИС: 12 февруари 1856/ бытки; /ПИС: 12 февруари 1856/ побѣдоносны; /ПИС: 12 февруари 1856/ питомы (и дивльи); /ПИС: 12 февруари 1856/ наравы; /ПИС: 12 февруари 1856/ лукавщыны; /ПИС: 12 февруари 1856/ древны развалины; /ПИС: 12 февруари 1856/ цркwицы; /ПИС: 12 февруари 1856/ нашы; /ПИС: 25 септември 1856/ другы; /ПИС: 25 септември 1856/ книгы; /ПИС: 25 септември 1856/ железны; /ПИС: 25 септември 1856/ Требницы; /ПИС: 25 март 1856/ любопитны; /ПИС: 25 март 1856/ чудесны; /ПИС: 25 март 1856/ приказны; /ПИС: 25 март 1856/ сребрены; /ПИС: 25 март 1856/ бакрны; /ПИС-1: 28 април 1856/ старины; /ПИС: 25 март 1856/ различны; /ПИС: 25 март 1856/ чудесны; /ПИС: 25 март 1856/ молитвы; /ПИС: 25 март 1856/ иностранны; /ПИС: 25 март 1856/ новцы; /ПИС-1: 28 април 1856/ годины; /ПИС-1: 28 април 1856/ (съ) вр’заны руцы; /ПИС-1: 28 април 1856/ стары; /ПИС-1: 28 април 1856/ старины, но и: /ПИС-1: 28 април 1856/ старини; /ПИС-1: 28 април 1856/ документы; /ПИС-1: 28 април 1856/ Гласницы; /ПИС: 7 мај 1856/ цркwы; /ПИС: 7 мај 1856/ манастыры; /ПИС-2: 28 април 1856/ денгубы; /ПИС-2: 28 април 1856/ многоядцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ вінопіицы; /ПИС-2: 28 април 1856/ венцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ старины; /ПИС-2: 28 април 1856/ грецы; /ПИС-2: 28 април 1856/ Магарцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ годины; /ПИС: 7 мај 1856/ болницы; /ПИС: 7 мај 1856/ странопріемницы; /ПИС: 7 мај 1856/ неговы; /ПИС: 7 мај 1856/ владицы; /ПИС: 7 мај 1856/ службы; /ПИС: 7 мај 1856/ Душановы; /ПИС: 7 мај 1856/ Турцы; /ПИС: 7 мај 1856/ айдуцы; /ПИС: 7 мај 1856/ Турцы Яничары; /ПИС: 7 мај 1856/ важны; /ПИС: 7 мај 1856/ бесны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ месецы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ споменицы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ стары; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ различны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ новцы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Деспоты; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ нашы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ сребрены; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ бакарны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ тучны (рус. *тучный* – во овој контекст ‘тежок’); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ исписаны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ годины; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Шумадинкы; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ неуредны; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ уредны; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ умотворы; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ другы; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ руцы; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ честны; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ образыте; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ благодарны; /ПИС: 15 април 1856/ каквы; /ПИС: 15 април 1856/ Духовы; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ нейны (чудеса); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ разны; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ изгубены; /ПИС: 27 август 1856/ веригы; /ПИС: 27 август

[144] Употребена е мала почетна буква со цел да се сугерира негативен став (в. п. стр. 159–160).

1856/ рудины; /ПИС: 27 август 1856/ Явуры (‘јавори’); /ПИС: 27 август 1856/ манастыры; /ПИС: 27 август 1856/ страны; /ПИС: 27 август 1856/ годыны; /ПИС: 27 август 1856/ (песъ) Арцивурцы; /ПИС: 27 август 1856/ тужны; /ПИС: 27 август 1856/ безумны; /ПИС: 27 август 1856/ владыцы; /ПИС: 27 август 1856/ нашы; /ПИС: 27 август 1856/ Славяны; /ПИС: 27 август 1856/ Славяните; /ПИС: 27 август 1856/ народы; /ПИС: 27 август 1856/ чифуты[145] (потекнува од тур. *Çifut* – Евреин, навредливо, со негативна конотација); /ПИС: 1 септември 1856/ собы; /ПИС: 1 септември 1856/ чардацы; /ПИС: 1 септември 1856/ чесмы; /ПИС: 1 септември 1856/ кладенцы; /ПИС: 1 септември 1856/ границы; /ПИС: 1 септември 1856/ црквы; /ПИС: 1 септември 1856/ Црногорцы; /ПИС: 1 септември 1856/ мученицы; /ПИС: 1 септември 1856/ достозамѣчателны (рус. *достозамечательный*, *достопримечательный* – достоен за внимание); /ПИС: 1 септември 1856/ стѣны (‘стени’); /ПИС: 1 септември 1856/ прекорамениць; /ПИС: 1 септември 1856/ црковны; /ПИС: 1 септември 1856/ мраморны; /ПИС: 1 септември 1856/ изрезаны; /ПИС: 1 септември 1856/ Црквены; /ПИС: 1 септември 1856/ житницы; /ПИС: 1 септември 1856/ царевыте; /ПИС: 1 септември 1856/ рукописны; /ПИС: 1 септември 1856/ Пиштолы; /ПИС: 1 септември 1856/ знаковы; /ПИС: 1 септември 1856/ развалены црквы; /ПИС: 1 септември 1856/ хиляды; /ПИС: 1 септември 1856/ тетивы (за стрели); /ПИС: 1 септември 1856/ найфины туловы; /ПИС: 1 септември 1856/ ножевы; /ПИС: 4 септември 1856/ нозыте; /ПИС: 9 октомври 1856/ благодарны; /ПИС: 9 октомври 1856/ рукописны; /ПИС: 9 октомври 1856/ другы; /ПИС: 9 октомври 1856/ нужды; /ПИС: 9 октомври 1856/ годины; /ПИС: 9 октомври 1856/ разны; /ПИС: 9 октомври 1856/ новцы; /ПИС: 19 октомври 1856/ старыте; /ПИС: 19 октомври 1856/ нейны Музы; /ПИС: 19 октомври 1856/ хиляды (Дукати); /ПИС: 19 октомври 1856/ годины; /ПИС: 19 октомври 1856/ месецы; /ПИС: 19 октомври 1856/ документы, но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ документи; /ПИС: 19 октомври 1856/ книгы; /ПИС: 19 октомври 1856/ другы; /ПИС: 19 октомври 1856/ часловцы (во овој контекст станува збор за *Часослов* – црковно-богослужбена книга што се употребува во богослужбената практика на православното христијанство); /ПИС: 19 октомври 1856/ Псалтирцы; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодарны; /ПИС: 19 октомври 1856/ книгыте; /ПИС: 29 декември 1856/ кньигы; /ПИС: 29 декември 1856/ владыка; /ПИС: 29 декември 1856/ старины; /ПИС: 29 декември 1856/ Турцы; /ПИС: 6 јануари 1857/ причыны; /ПИС: 6 јануари 1857/ старины; /ПИС: 6 јануари 1857/ кньигы; /ПИС: 6 јануари 1857/ новцы; /ПИС: 6 јануари 1857/ другы; /ПИС: 6 јануари 1857/ владыка; /ПИС: 6 јануари 1857/ гадны; /ПИС: 15 февруари 1857/ защитницы; /ПИС: 15 февруари 1857/ дѣчицы; /ПИС: 15 февруари 1857/ годины; /ПИС: 15 февруари 1857/ (вамъ на) службы (во овој случај *ы* има функција на падежна наставка); /ПИС: 23 февруари 1857/ месецы; /ПИС: 23 февруари 1857/ важны и вредны; /ПИС-1: 23 април 1859/ прекрасны; /ПИС-2: 23 април 1859/ полны; /ПИС: 12 февруари 1868/ стары; /ПИС: 30 август 1876/ (богати) човецы; /ПИС: 30 август 1876/ ученицы; /ПИС: 30 август 1876/ трговцы; /ПИС: 30 август 1876/ денгубцы; /ПИС: 30 август 1876/ велешаны; /ПИС: 30 август 1876/ последны; /ПИС: 30 август 1876/ первенцы; /ПИС: 30 август 1876/ хиляды; /ПИС: 5 јуни 1877/ домашны; /ПИС: 5 јуни 1877/ сродны; /ПИС: 23 февруари 1857/ разны; /ПИС: 23 февруари 1857/ стары; /ПИС: 23 февруари 1857/ кньигы; /ПАТ: М-Б/ консулы; /ПИС-1: 23 април 1859/ старины; /ПИС-1: 23 април 1859/ книгы; /ПИС-1: 23 април 1859/ глупацы; /ПИС-2: 23

[145] /ПИС: 27 август 1856/ Единъ грекъ от 35 чифуты повече зло мысли на славенскаго народа (...) – од страна на Цинот се изразуваат негативни ставови за припадници на етнички заедници. Негативните ставови за припадници на одредени нации кои се изразени во овој труд не ги одразуваат ставовите на авторката.

април 1859/ царски свадбы, т. е. Женитбы; /ПИС-2: 23 април 1859/ Законы; /ПИС-2: 23 април 1859/ изложены (‘претставени’); /ПИС-2: 23 април 1859/ капацы; /ПИС-2: 23 април 1859/ разны книгы; /ПИС-2: 23 април 1859/ старины; /ПИС: 12 февруари 1868/ драгоцены; /ПИС: 12 февруари 1868/ другы; /ПИС: 12 февруари 1868/ разны; /ПИС: 30 август 1876/ враждебницыте (рус. *враждебный* – непријателски, во овој контекст ‘непријателите’); /ПИС: 30 август 1876/ завидливыте; /ПИС: 30 август 1876/ силны клеветы; /ПИС: 30 август 1876/ църны; /ПИС: 5 јуни 1877/ турцы (употребена е мала почетна буква); /ПИС: 5 јуни 1877/ народыте; /ПИС: 5 јуни 1877/ човецы; /ПИС: 5 јуни 1877/ нашы; /ПИС: 5 јуни 1877/ лошыте; /ПИС: 5 јуни 1877/ добрыте; /ПИС: 5 јуни 1877/ лошы; /ПИС: 5 јуни 1877/ добры; /ПИС: 5 јуни 1877/ слободны; /ПИС: 5 јуни 1877/ обширны; /С: БП/ нашы; /ПАТ: ОКОБП-1/ нашыте; /ПАТ: С/ горы; /ПАТ: С/ калугеры; /ПАТ: М-Б/ синагогы; /ПАТ: С/ древны-те; /ПАТ: ОП/ белвицы; /ПАТ: ОП/ летницы; /ПАТ: ОП/ Краповы (употребена е голема почетна буква); /ПАТ: ОП/ мрены; /ПАТ: ЉПТ/ красноличны; /ПАТ: ЦГС/ минералы; /ПАТ: ЦГС/ овцы; /ПАТ: ЦГС/ козы; /ПАТ: ЦГС/ орасы; /ПАТ: ЈСС/ елены; /ПАТ: ЈСС/ кошуты; /ПАТ: ЈСС/ ясовцы; /ПАТ: ЈСС/ лисицы; /ПАТ: ЈСС/ верверицы; /ПАТ: ЈСС/ заяцы; /ПАТ: СОДРСБ/ калугеры; /ПАТ: СОДРСБ/ убійцы; /ПАТ: СОДРСБ/ разбойницы; /ПАТ: АОБОТП/ поповы; /ПАТ: АОБОТП/ церквы; /СДИ: РПЧ-2/ жены; /С: Б-ЛБ-1/ буквы; /СДИ: УУ-1/ курбаны; /П: ЖИМ/ корабы; /П: ЖИМ/ мачкы; /П: ЖИМ/ главы; /ПАТ: ЦГС/ ягоды; /ПАТ: ЦГС/ орасы; /П: ПЈБМ/ кметовы; /А-1/ брояницы; /СДИ: УУ-2/ петоцы; /С: УСУ/ безличны.

Графемата *ы* се среќава и во рамките на некои топоними, односно ојконими и ороними: /ПАТ: К/ Кочаны; /ПАТ: ЉПТ/ Кавадарцы (Говедарцы); /ПИС: 25 септември 1856/ Љубанцы; /ПАТ: ЦГС/ Булачаны; /ПАТ: ЦГС/ Радишаны; /ПАТ: ЦГС/ Мирковцы; /ПАТ: ЈСС/ Орешаны; /ПАТ: ЈСС/ Осинчаны; /ПАТ: ЈСС/ Количаны; /ПИС: 1 септември 1856/ (Село) Шинковцы; /ПИС: 1 септември 1856/ Студенчаны.

Се среќава и кај личните заменски форми (основната форма, формите за директен и за индиректен предмет), показните заменки и кај некои броеви: /ПИС: 1 септември 1856/ Молимъ васъ споменете гы въ „Гласника“ вашего и речете имъ Богъ гы (...); /ПИС: 30 август 1876/ Ты си човекъ...; /ПИС: 25 септември 1856/ гы (раздалъ); /ПИС: 30 август 1876/ (сумъ) гы (заборавилъ); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ гы (крми); /ПАТ: ОКОБП-1/ гы; /С: БП/, /ПИС-2: 28 април 1856/ мы; /ПАТ: ОКОБП-1/, /П: ТИ/, /ПИС-2: 23 април 1859/ вы vs /ПИС: 9 февруари 1855/ ви (преставлямъ); /ПАТ: ОКОБП-1/ овыи; /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС-2: 28 април 1856/ мы; /ПИС: 12 февруари 1856/, /ПИС: 30 август 1876/ гы; /ПИС: 12 февруари 1856/, /ПИС: 30 август 1876/, /ПИС: 5 јуни 1877/ ты; /ПИС: 19 октомври 1856/ Ты (‘ти’); /ПИС: 27 август 1856/, /ПИС: 25 септември 1856/, /ПИС: 27 август 1856/ четыры.

Со графемата *ы* завршува честичката *би* (*бы*) на можниот начин: /С: БП/ бы гледале; /ПИС: 25 септември 1856/ бы дошолъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ бы ималъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ бы потражилъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ бы се изображилъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ не бы далъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ бы щамбалъ (‘би печател’); /ПИС-1: 7 јуни 1856/, /ПИС: 19 октомври 1856/ бы ималъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ бы целивалъ; /ПИС: 27 август 1856/ бы замыслилъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ бы былъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ бы знале.

Графемата *ы* се среќава и во други позиции на зборот: /С: БП/ рылки; /ПАТ: ОКОБП-1/ было; /ПАТ: ОКОБП-1/ была; /П: ТИ/ быдоха; /П: ТИ/ свыриха; /ПАТ: ОКОБП-2/ Бытола; /ПАТ: ОКОБП-1/ обытель; /ПАТ: ОКОБП-1/ обытели; /ПАТ: ОКОБП-1/ сына (‘машко дете во однос на своите родители’, *-а* претставува падежна наставка); /ПИС: 12 февруари 1856/ купышъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ владыка;

/ПИС: 12 февруари 1856/ крывъ; /ПИС-3: 9 септември 1856/ языци; /ПИС: 12 февруари 1856/ обычай; /ПИС: 12 февруари 1856/ лукавщыны; /ПИС: 25 септември 1856/ четыры; /ПИС: 25 септември 1856/ Манастырь (Кучевишта); /ПИС: 7 мај 1856/ манастыры; /ПИС-2: 28 април 1856/ се вика; /ПИС-2: 28 април 1856/ бы былъ; /ПИС: 7 мај 1856/ былъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ не быва; /ПИС-2: 28 април 1856/ премыслиле; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (да ме) пытате; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ (сте) премыслиле; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ покрыена; /ПИС: 27 август 1856/ высока; /ПИС: 27 август 1856/ высокогранатіи (срп. *гра̄на* – гранка, во овој контекст ‘со високи гранки’); /ПИС: 27 август 1856/ манастыры; /ПИС: 27 август 1856/ бы замыслилъ; /ПИС: 1 септември 1856/ бытка (Косовска); /ПИС: 1 септември 1856/ овыя; /ПИС: 4 септември 1856/ быва (добро); /ПИС: 4 септември 1856/ (да ве) пытамъ (‘да ве прашам’); /ПИС: 19 октомври 1856/ пытамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скрыената; /ПИС: 19 октомври 1856/ крыво; /ПИС: 29 декември 1856/ несмыслени (Турцы) (*несмыслен* – бесмислен, неразумен); /ПИС: 6 јануари 1857/ причыны; /ПИС-1: 4 декември 1858/ бы было; /ПИС-1: 23 април 1859/ было; /ПИС: 5 јуни 1877/ высокослепоуміето; /ПИС: 5 јуни 1877/ выше (‘повеќе’); /ПИС-1: 23 април 1859/ бы преполнилъ; /ПИС: 25 септември 1856/ мыслимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/, /ПИС-1: 12 јуни 1856/, /ПИС-1: 23 април 1859/, /ПИС: 4 септември 1856/ мысла (зборот претставува именка); /ПИС: 27 август 1856/ (зло) мысли (*мысли* – глаголска форма); /ПИС: 30 август 1876/ владыка; /ПИС: 30 август 1876/ мыслите (*мыслите* – глаголска форма); /ПИС: 5 јуни 1877/ промыслата.

Покрај графемата *ы*, во песната *Рѣка Варѳаръ*, издадена во весникот *Македонија* во 1926 г., се употребува и диграфот *ьі* за означување на гласот *и* во средината на зборот, но и на крајот на зборот, пред сè, како множинска наставка кај именски и придавски форми: /П: РВ/ търговцьі; /П: РВ/ старьі; /П: РВ/ Гъстиварцьі; /П: РВ/ Тетовцьі; /П: РВ/ Мьіяцьі; /П: РВ/ най-старьі.

г) Графемата *і* често се употребува во позиција пред самогласки или во почетокот на зборот, а поретко се пишува меѓу две согласки: /ПАТ: ОКОБП-1/ Патріарха; /ПАТ: ОКОБП-1/ Іустиніанъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ мужіе (‘мажи’); /ПАТ: ОКОБП-1/, /С: БП/ писаніе; /ПАТ: ОКОБП-1/ Евангеліе; /П: ТИ/ пріимай; /П: ТИ/ Іорданъ; /ПАТ: П/ Маріа; /ПАТ: К/ Тесалія; /ПАТ: М-Б/ Венеція; /ПАТ: К/ Тракія; /П: ТИ/ Бьлгарскіи; /С: БП/ хладнокровіе; /С: БП/ Причастіе; /С: БП/ правописаніе; /ПАТ: С/ (святаго чудотворца) Нікита; /ПИС: 12 февруари 1856/ чувствованіе; /ПИС: 12 февруари 1856/ осниваніе; /ПИС-1: 9 септември 1856/ пріятеля; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Патріархія; /ПИС: 9 февруари 1855/ (12) гоненіи; /ПИС: 9 февруари 1855/ светіи; /ПИС: 25 септември 1856/ діалекти; /ПИС: 9 февруари 1855/ Прорицаніи; /ПИС: 9 февруари 1855/ (миѳологическо) съ Алегоріи и Тропологіи и Аналогіи; /ПИС-3: 9 септември 1856/ мужіе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ страданіе; /ПИС: 25 март 1856/ Евангеліе; /ПИС: 25 септември 1856/ обѣщаніе; /ПИС: 12 февруари 1856/ пріимува; /ПИС: 12 февруари 1856/ пріимай; /ПИС: 12 февруари 1856/ пріими; /ПИС: 25 септември 1856/ (Папа) Нікола, но и: /ПИС: 25 септември 1856/ (Папа) Никола; /ПИС: 25 септември 1856/ пріима; /ПИС: 25 септември 1856/ пріимихъ; /ПИС: 25 септември 1856/ іощъ (срп. *још* – уште); /ПИС: 25 септември 1856/ описаніе; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ царіе; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ краліе; /ПИС: 1 септември 1856/ мужіе; /ПИС: 27 август 1856/ Брестіе (*брест̄*, латински *Ulmus*, во овој контекст ‘бресје’); /ПИС-2: 28 април 1856/ Миліонпути; /ПИС: 25 септември 1856/ Литургіи; /ПИС: 25 септември 1856/ Руссія; /ПИС: 25 март 1856/ содержаніе; /ПИС-1: 28 април 1856/ ке пріимете; /ПИС: 9 октомври 1856/ пріимите; ПИС-1: 28 април 1856/ Господіе; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Братіе; /ПИС-2: 28 април 1856/ ніе; /ПИС-2: 28 април 1856/ вінопіицы; /ПИС-2: 28 април 1856/ пріятно; /ПИС: 7 мај 1856/ убіенъ; /ПИС: 7 мај 1856/ стрпеніе; /ПИС-1:

7 јуни 1856/ (коньи) Діамидови (станува збор за Диомедовите коњи, според грчката митологија; грч. *Διομήδης* – Диомед); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ разоренiето; /ПИС: 15 април 1856/ стрпѣніе; /ПИС: 15 април 1856/ Господіе; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ (име) Божіе; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ поученіи; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ содржанiето; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Обявленіе; /ПИС: 27 август 1856/ подъкриліе; /ПИС: 27 август 1856/ высокогранатіи; /ПИС: 27 август 1856/ Побожіе; /ПИС: 27 август 1856/ небреженіе; /ПИС: 27 август 1856/ Хрістіяныте; /ПИС: 27 август 1856/ Архіерейте; /ПИС: 27 август 1856/ (Танталово) мученіе; /ПИС: 27 август 1856/ (Господи Јисусе Хрісте сыне) Божій; /ПИС: 1 септември 1856/ исцѣленіе; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Вознесенiе; /ПИС: 1 септември 1856/ трпѣніе; /ПИС: 1 септември 1856/ Гостолюбіе; /ПИС: 1 септември 1856/ (Манастырь) Побожіе; /ПИС: 1 септември 1856/ (на главы съ) Діадима (‘дијадема’); /ПИС: 1 септември 1856/ Благовѣщенiе; /ПИС: 1 септември 1856/ (име) Божіе; /ПИС: 4 септември 1856/ комисія; /ПИС: 9 октомври 1856/ Добродушіе; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіето; /ПИС: 19 октомври 1856/ човеколюбіе; /ПИС: 19 октомври 1856/ Евсевіологично (Срдце) (според грч. *εὐσεβής* – побожен); /ПИС: 19 октомври 1856/ Пріятельство; /ПИС: 19 октомври 1856/ пріятельството; /ПИС: 19 октомври 1856/ періодично; /ПИС: 19 октомври 1856/ Діаметрално; /ПИС: 19 октомври 1856/ бадіява (тур. *bedava* – бадијала, залудно, без корист); /ПИС: 19 октомври 1856/ намѣреніе; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіе; /ПИС: 29 декември 1856/ злоключеніе; /ПИС: 6 јануари 1857/ состояніе; /ПИС-1: 23 април 1859/ установленіе; /ПИС: 6 јануари 1857/ Хрістово; /ПИС: 6 јануари 1857/ Родославіе; /ПИС: 6 јануари 1857/ разореніе; /ПИС: 6 јануари 1857/ исторія; /ПИС: 15 февруари 1857/ австрійски; /ПИС: 15 февруари 1857/ Добродушіе; /ПИС-1: 4 декември 1858/ безчестіе; /ПИС: 12 февруари 1856/ уваженіе**;** /ПИС-1: 4 декември 1858/ просвещеніе; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Архіепископія; /ПИС-1: 23 април 1859/ статія; /ПИС-2: 23 април 1859/ вѣнчанія; /ПИС-2: 23 април 1859/ археологія; /ПИС-2: 23 април 1859/ исторія; /ПИС-2: 23 април 1859/ Обрученіе (означува дел од црковниот обичај за време на склучувањето брак, кога се разменуваат прстените на брачната двојка); /ПИС-2: 23 април 1859/ (царя) Алексія (Комнена); /ПИС-2: 23 април 1859/ бадіява; /ПИС: 12 февруари 1868/ собираніе; /ПИС: 12 февруари 1868/ притѣсненіе; /ПИС: 12 февруари 1868/ гоненіе; /ПИС: 12 февруари 1868/ пріятели; /ПИС: 12 февруари 1868/ Македонія; /ПИС: 12 февруари 1868/ напредіето; /ПИС: 12 февруари 1868/ писаніе; /ПИС: 12 февруари 1868/ философія; /ПИС: 30 август 1876/ занаатчіи; /ПИС: 30 август 1876/ пріятели; /ПИС: 30 август 1876/ кирія; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 30 август 1876/ іманѣ; /ПИС: 30 август 1876/ поученія; /ПИС: 5 јуни 1877/ притесненіе; /ПИС: 5 јуни 1877/ собратія хрістіяны; /ПИС: 5 јуни 1877/ вінско; /ПИС: 5 јуни 1877/ пожеланіята; /ПИС: 30 август 1876/ пріятель; /ПИС: 5 јуни 1877/ піянството; /ПИС: 5 јуни 1877/ высокослепоумiето; /ПАТ: К/ страннопріемливы; /ПАТ: К/ благоразумiе; /ПАТ: К/ братолюбіе; /ПАТ: ЉПТ/ кадія (тур. *kadı* – судија); /П: ДВ/ віното; /П: ПСУМ/ Географія; /СДИ: УУ-1/ Скопіе; /ПИС: 6 јануари 1857/ 6 Јануарій 1857. Како што може да се заклучи од дадените примери, многу поретко графемата *і* се среќава помеѓу две согласки: /ПАТ: ОКОБП-1/ Владиміра; /ПИС: 27 август 1856/ Хрістянинъ; /ПИС: 27 август 1856/ епіскопи.

д) Ретка употреба за означување на гласот *и* има графемата *ı*: /ПАТ: ОКОБП-1/, /ПАТ: ОКОБП-2/ Описанıе; /ПАТ: ЉПТ/ Љубљано-Пеонія; /Т: О/ Обявленıе; /Т: И-ПС/ Извѣстıе; /С: СИ/ Сновиденıе; /С: СИ/ истинословıе. Таа се среќава исклучиво во некои текстови на Џинот што се објавени во *Цареградски вестник*, така што што нејзиното присуство може да се објасни и како интервенција на редакцијата на весникот. Оваа

графема се среќава и во други текстови објавени на страниците на познатиот цариградски неделник, напишани од други автори.

ѓ) Графемата *ї* се употребува во позиција пред самогласки и се среќава исклучиво во едно писмо на Џинот, во писмото од 9 септември 1856 г. упатено до Друштвото за српска словесност во Белград: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе фисическо; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе Мѣста Нагоричино.

е) Не се ретки примерите во кои Џинот, при запишувањето на исти збороформи, користи различни графеми со еднаков или приближно еднаков изговор, односно покажува колебање во поглед на употребата. Очигледно е дека тој се наоѓал пред вистински предизвик околу употребата на одредени графеми во услови кога не постои стандардизирана форма на јазикот и кога се активни дискусиите за решавање на правописните прашања во македонската јазична средина, но и кај соседните словенски јазици. Најдобри показатели се примерите во кои дури и во рамките на една реченица, за исти збороформи, користи различни графеми со еднаков изговор.

Табела бр. 2: Различни начини на бележење на самогласката *и* кај исти збороформи во рамките на една реченица

и vs *ы*	
/ПИС-2: 23 април 1859/	**Притани** въ Атина vs **Пританы** є речь Болгарска
/ПИС: 27 август 1856/	**Славяни** vs **Славяны**
/ПИС-1: 12 јуни 1856/	**стари** книгы vs **стары**, различны новцы
и vs *і*	
/ПИС: 30 август 1876/	Имахъ около 3000 **приятели** само богати човецы отъ кои отвај некои живатъ а другы изумреха и гы нема; от сиромаси още 12000 **пріятели** ималъ самъ а ученицы може до 5000, оть нихъ има трговцы, занаатчіи и денгубцы кои и на зло ходатъ, па некой сумъ гы заборавилъ, гдѣ да се явимъ или гражданинъ или селякъ токо ще ми се покаже да е былъ мой ученикъ.

Збороформите на именката *книґа* покажуваат колебање во поглед на употребата на различните графеми за бележење на гласот *и*.

Табела бр. 3: Колебање во поглед на употребата на различни графеми за бележење на самогласката *и* во збороформи на именката *книґа*

/ПИС: 9 октомври 1856/	книга
/ПИС: 25 септември 1856/	книги
/ПИС-2: 7 јуни 1856/	книгы
/ПИС: 29 декември 1856/	кньигы
/ПИС: 23 февруари 1857/	кньигы
/ПИС: 19 октомври 1856/	книгыте
/ПИС: 22 октомври 1878/	кныгы

Колебање во поглед на употребата се согледува и во примерите во кои не може да се утврди некаква систематичност во врска со изборот на графемите дури и кај збороформи што се употребени во ист текст или, пак, во иста реченица: /ПИС-2: 23 април 1859/ како се судатъ пан**и**, супан**и** войвод**ы** и кнезов**ы**; /ПИС: 19 октомври 1856/ 3 сребрен**и** и 5 бакарн**ы** новцы; /ПИС: 25 март 1856/ Урошев**и**, Душанов**ы**, влькашинов**ы**, Лазаров**ы**, Деспотов**и**; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Писма Душанов**ы** и Папин**ы** и Фотіев**и**.

Интересни се примерите во кои *ви* ја означува кусата заменска форма за индиректен предмет, за второто лице во множина (*вам*, *ви*), додека формата *вы* ја претставува основната (подметска) форма на личната заменка за второто лице во множина (*вие*):

- /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я имамъ честь да **ви** досаждамъ съ мои неуредны лудости, а **вы** немате време да ми досадите съ честь и уредны умотворы.
- /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я съ сила ве моламъ да **ви** се отговоримъ, а **вы** за това кое не само вамъ но и на другы що е нуждно нећете да ми се извѣстите.
- /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я си являмъ предъ васъ моето ветрогонство и цандрливость (холость), а **вы** нећете ни кротость-та и тихость-та да си појавите.
- /ПИС-3: 9 септември 1856/ ...все ова на кратко **ви** преставямъ, а **вы** како много учены мужіе оставамъ на васъ како е вамъ драго и угодно.
- /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Ево има толико писма како **ви** праћамъ, **вы** нема ни едно.

Исклочок од оваа констатација е следниов пример во кој, Џинот, со формата *ви* ја означува и кусата заменска форма за индиректен предмет, за второто лице во множина *(ви)*, и основната (подметска) форма на личната заменка за второ лице во множина (*вие*): /ПИС-2: 28 април 1856/ Я безпрестанно все ке **ви** испракям що е добро и пріятно, та **ви** како знаете, тако правете.

Џинот, во рамките на една сложена реченица, ги користи зборoформите *ми* и *мы* за означување на основната (подметска) форма на личната заменка за првото лице во множина (*ние* – според денешниот правопис): /ПИС-2: 28 април 1856/ Може и това да сте премыслиле, заръ **ми** това незнаеме, защо единъ неученъ изъ Турске да насъ упутуе и подстрекава на това дѣло за кое треба **мы** сами да следуеме?

2.2.4. Пишување на самогласката *о*

а) Со *о* се пишуваат следниве зборови: /ПИС: 5 јуни 1877/ овде; /ПИС: 30 август 1876/ очи; /ПИС: 30 август 1876/ огинь; /ПАТ: СОСНМП/ обетки; /ПАТ: ЦГС/ оскоруши (*оскоруша* – шумско овошно дрво со сочни плодови во вид на круша што се јадат откако ќе нагнијат; лат. *Sorbus domestica*); /С: С/ Охридъ; /ПАТ: ЈСС/ орли; /ПИС: 25 март 1856/ полна; /ПИС-1: 9 септември 1856/ мирно; /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС-1: 28 април 1856/ писмо; /ПИС-1: 28 април 1856/ точно; /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС-2: 28 април 1856/, /ПИС-1: 12 јуни 1856/ добро; /ПИС-1: 28 април 1856/ уредно; /ПИС-2: 28 април 1856/ пріятно; /ПИС-1: 28 април 1856/ осуетенъ; ПИС-1: 28 април 1856/ остаемъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (50) листови; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ жално; /ПИС: 27 август 1856/ обе (страны); /ПИС: 27 август 1856/ (30) ока (станува збор за мерка за тежина – 1282 грама); /ПИС: 27 август 1856/ докле (срп. *ɵакле* – значи); /ПИС: 1 септември 1856/ повелика; ПИС: 1 септември 1856/ но; /ПИС: 9 октомври 1856/ трошокъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ подъ (‘под’; предлог); /ПИС: 19 октомври 1856/ око (станува збор за органот на сетилото за вид); /ПИС: 19 октомври 1856/ ако; /ПИС: 19 октомври 1856/ одъ (‘од’; предлог); /ПИС: 19 октомври 1856/ помощь; /ПИС: 6 јануари 1857/ отворено; /ПИС-1: 23 април 1859/ Болгари; /ПИС-1: 23 април 1859/ одма; /ПИС: 30 август 1876/ охлаждава; /ПИС: 10 август 1864/ описва; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Озера (‘езера’); /ПАТ: ЈСС/ босилокъ (‘босилек’; лат. *Osymum basilicum*).

б) Некои зборови имаат двојни и тројни форми, но и повеќе форми: *во* vs *въ* (/ПИС: 9 февруари 1855/ во; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Ова Слово стой въ една стара и гнила книга рукописна, въ коя има разны поученіи; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ въ една стара книга); *со* vs *съ* vs *с* vs *сосъ* (/ПИС-3: 9 септември 1856/ со все срдце; /ПИС-3: 9 септември 1856/ с чудесны страшны; /ПИС-1: 9 септември 1856/ съ писмо; /ПИС: 27 август 1856/ со все железо е 30 ока; /ПИС: 19 октомври 1856/ съ две нози; /П: ТИ/ сосъ); *како* vs *какъ* (/ПИС-1: 7 јуни 1856/, /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС: 27 август 1856/, /ПИС: 1 септември 1856/, /ПИС: 4 септември 1856/, /ПИС: 19 октомври 1856/ како; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ какъ); *манаст҃ырь* vs *монаст҃ырь* (/ПИС: 1 септември 1856/ манастырь; /ПИС: 1 септември 1856/ монастырь); *от҃* vs *от҃ъ* vs *о҆т҃ъ* (/ПИС: 30 август 1876/ от сиромаси; /ПИС: 30 август 1876/ от мене; /ПИС: 30 август 1876/ оть нихъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ одъ Дружството).

в) Во некои зборови употребата на *о* ја поврзуваме со дијалектни карактеристики на северните македонски говори, а кај некои од формите се забележува извесно приближување до српскиот јазик, при што зборовите често пати имаат изменета форма, што покажува дека Цинот не го владеел добро српскиот јазик или, пак, можеби станува збор и за свесно заемање со цел да се воведат нови зборови[146]: /ПИС-1: 9 септември 1856/ вамо; /ПИС: 25 септември 1856/ вршимо; /ПИС-1: 9 септември 1856/, /ПИС: 25 септември 1856/, /ПИС: 4 септември 1856/, /ПИС: 1 септември 1856/, /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС: 19 октомври 1856/, /ПИС-2: 23 април 1859/ тако; /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС-3: 12 јуни 1856/ колко; /ПИС-3: 9 септември 1856/, /ПИС-1: 28 април 1856/ малко; /ПИС-3: 9 септември 1856/, /ПИС: 25 март 1856/, /ПИС: 12 февруари 1856/, /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС-2: 23 април 1859/, /ПИС: 19 октомври 1856/, /ПИС: 4 септември 1856/, /ПИС: 9 октомври 1856/ много; /ПИС-3: 9 септември 1856/ мошно; /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС: 25 септември 1856/ ово; /ПИС-1: 9 септември 1856/ наопако; /ПИС-1: 9 септември 1856/, /ПИС-3: 9 септември 1856/, /ПИС: 25 септември 1856/ нито; /ПИС-1: 28 април 1856/ дотолко; /ПИС: 7 мај 1856/ хилядо (цркwы); /ПИС-1: 7 јуни 1856/, /ПИС: 23 февруари 1857/, /ПИС-2: 28 април 1856/, /ПИС: 19 октомври 1856/ ево; ПИС-1: 12 јуни 1856/ свако; /ПИС: 27 август 1856/, /ПИС: 1 септември 1856/ овако; /ПИС: 27 август 1856/, /ПИС: 30 август 1876/ около; /ПИС: 1 септември 1856/ мало; /ПИС: 4 септември 1856/ голубъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ колько; /ПИС: 19 октомври 1856/ только; /ПИС: 19 октомври 1856/ наймалко; /ПИС-1: 4 декември 1858/ мошно мало; /ПИС-1: 23 април 1859/ преко; /ПИС: 5 јуни 1877/ току (да се смири) (‘туку’); /ПИС: 30 август 1876/ токо (‘туку’).

Во писмениот јазик на Цинот се среќава прилогот *още* (‘уште’; /ПИС: 30 август 1876/, /ПИС-1: 28 април 1856/, /ПИС: 9 октомври 1856/), што го поврзуваме со малешевско-пиринските говори[147]: /ПИС: 30 август 1876/ още 12000 пріятели.

г) Со сврзувачки елемент *о* се пишуваат сложените зборови (в. п. стр. 178): /ПИС: 1 септември 1856/ достозамѣчателны; /ПИС: 1 септември 1856/ прекорамениць; /ПАТ: К/ благоразуміе; /ПАТ: К/ братолюбіе; /ПИС-1: 23 април 1859/ влагомеръ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ чанколизъ (тур. *çanak* – чинија, сад за јадење; *чанколизъ* – подлизурко).

---

[146] Од извршената анализа произлегува и заклучокот дека во писмениот јазик на Цинот доаѓа до израз доста побогата лексика во споредба со лексиката на неговите современици. Тој воведува многу нови зборови што според потеклото претставуваат интернационализми, а користи и зборови од црковнословенскиот и од рускиот јазик.

[147] Изговорот /*ш҃т*, *ж҆*/ е карактеристичен за пиринскиот говор, сп.: *ош҃те*, *оѓниш҃те*, *ѓуш҃тер*, *҆ожд҆* (Видоески, Марковиќ 2001: 112).

2.2.5. Пишување на самогласката *у*

а) Со *у* се пишуваат следниве зборови: /ПАТ: СДД/ улица; /ПИС-1: 9 септември 1856/ нуди; /ПИС: 7 мај 1856/ Бугарія; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (зыданъ отъ младаго) Уроша; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ уверете; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ умренъ; /ПИС: 27 август 1856/ безумны; /ПИС: 27 август 1856/ умирамъ; /ПИС: 1 септември 1856/ (Река) Туричевска; /ПИС: 1 септември 1856/ ту (има петъ црквы) (‘тука’); /ПИС: 4 септември 1856/ духо (‘духот’); /ПИС: 23 февруари 1857/ утре; /ПИС: 5 јуни 1877/ учитель; /ПИС: 30 август 1876/ сумъ (исчиталъ); /ПИС: 30 август 1876/ услуга; /ПИС-1: 23 април 1859/ установленіе; /ПИС-2: 23 април 1859/ сум (сиромахъ); /ПИС: 12 февруари 1868/ ученъ; /ПИС-2: 4 декември 1858/ уреденъ; /ПИС: 27 август 1856/ (высокогранатіи Ели...) благуньи (дијалектно – источни говори; ‘сладун, вид даб’, лат. *Quercus pubescens*).

б) Во некои зборови употребата на *у* ја поврзуваме со дијалектни карактеристики на северните македонски говори: /ПИС-1: 9 септември 1856/ (петъ) пути (‘пат/пати’; со броеви и со други зборови за количество го покажува бројот, количеството на повторување на бројот); /ПИС-1: 9 септември 1856/ руцы (‘раце’); /ПИС-1: 28 април 1856/ руцы; /ПИС-1: 28 април 1856/ дужность; /ПИС-2: 28 април 1856/ мученъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ Миліонпути; /ПИС-2: 28 април 1856/ буде; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мыслимъ на овой начинъ да) буде (попріятно); /ПИС-2: 28 април 1856/ 6 зуби; /ПИС-2: 28 април 1856/ мушко; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ дужныте; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ рука; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Рукописна (книга); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (сто) руцы; /ПИС: 15 април 1856/ мука; /ПИС: 15 април 1856/ унапредъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ рукописна; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ (може да) буде (лажа); /ПИС: 27 август 1856/ внутръ (‘внатре’); /ПИС: 27 август 1856/ Явуры (‘јавор’, вид листопадно шумско дрво од фамилијата *Aceraceae*); /ПИС: 27 август 1856/ тужны; /ПИС: 27 август 1856/ гнусно; /ПИС: 27 август 1856/ (Сисифови) муки; /ПИС: 27 август 1856/ (Танталово) мученіе; /ПИС: 27 август 1856/ (35) пути; /ПИС: 1 септември 1856/ мученицы; /ПИС: 1 септември 1856/ (Они са отъ вси мученицы) по умучени (*по умучени* – помачени); /ПИС: 1 септември 1856/ рукописны; /ПИС: 4 септември 1856/ путь; ПИС: 4 септември 1856/ мужественъ; /ПИС: 4 септември 1856/ голубъ; /ПИС: 4 септември 1856/ буде; /ПИС: 9 октомври 1856/ (два) рукописа; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке буде; /ПИС: 19 октомври 1856/ (петъ) пути; /ПИС: 19 октомври 1856/ внутрешно; /ПИС: 19 октомври 1856/ руцыте; /ПИС: 19 октомври 1856/ будете (благодарны); /ПИС: 29 декември 1856/ (на несмыслени Турцы) ке (ме) предаду; /ПИС: 6 јануари 1857/ мутамъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Турцы су добри (*су* – се); /ПИС: 6 јануари 1857/ (въ единъ Христянинъ) у (ћућа му); /ПИС: 6 јануари 1857/ ке буде; /ПИС: 15 февруари 1857/ не могу (‘не можам’); /ПИС: 15 февруари 1857/ (не могу овде въ Београдъ) у (ханъ да трошимъ); /ПИС-1: 4 декември 1858/ увразуми; /ПИС-1: 4 декември 1858/ (за добръ слуга) да (му) будам; /ПИС-1: 23 април 1859/ мученикъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ рукоплесканћ; /ПИС: 12 февруари 1868/ се улигуемъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ пуна (‘полна’); /ПИС: 12 февруари 1868/ рукописи; /ПИС: 12 февруари 1868/ ту (стой) (‘тука’); /ПИС: 30 август 1876/ мука; /ПИС: 5 јуни 1877/ У насъ (е голема врукина) (‘кај нас’); /СДИ: СВЧ-2/ мужъ (‘маж’); /ПИС: 4 септември 1856/ мужественъ.

в) Покрај графемата *у*, Џинот многу ретко ја користи графемата **ѹ** што е дел од старословенската азбука и се изговарала како денешната самогласка *у*: /ПИС: 25 март 1856/ (преписахъ изъ) старѹю (едину книгу); /ПИС: 27 август 1856/ (Характеръ) ѹ три (народы)[148].

[148] /ПИС: 27 август 1856/

2.2.6. Пишување на самогласното *р*

а) Гласот *р* може да врши функција на самогласка, односно да се јави како носител на слогот. Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 6), самогласното *р* се пишува без апостроф кога се наоѓа меѓу две согласки (*врв*, *грло*, *дрво*, *жртва*, *прст*, *срце*, *црква* и др.) и кога се наоѓа на крајот на зборот (*тембр)*, а кога се наоѓа на почетокот на зборот и по него следува согласка, самогласното *р* се пишува со апостроф (*'рбет*, *'рѓа*, *'рж*, *'ржи*, *'рскавица*, *'рт*, *'рти*, *'рчи*)[149].

б) Џинот го предава самогласното *р* на неколку начини (*р*, *р'*, *'р ър*, *ьр*, *ер*, *ре*, *ро*, *жр*), но најбројни се примерите во кои самогласното *р* го пишува без придружна буква (*р*). Според Конески (1986: 23), Џинот прв во својата практика заклучува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна буква и ваквата негова практика е наследена и од страна на Мисирков, а присутна е и во денешниот современ правопис на нашиот јазик.

в) Очигледни се колебањата во поглед на предавањето на самогласното *р*, кое Јордан Хаџи Константинов-Џинот се обидува да го претстави на неколку различни начини и јасно е дека го разликува од ситуациите во кои *р* врши улога на согласка.

Табела бр. 4: Начини на предавање на самогласното *р*

р	/ПАТ: ОКОБП-1/ Крстчова (се однесува на топонимот Кичево); /ПАТ: ОКОБП-1/ Дебрска; /ПАТ: ОКОБП-1/ црква; /ПИС-1: 9 септември 1856/ расрди; /ПИС-1: 9 септември 1856/ брбушка; /ПИС-1: 9 септември 1856/ срдце; /ПИС: 12 февруари 1856/ срдце; /ПИС-4: 12 јуни 1856/ срце; /ПИС: 9 февруари 1855/ Црковная; /ПИС: 9 февруари 1855/ срдце; /ПИС: 12 февруари 1856/ срдца; /ПИС: 27 август 1856/ срдце; /ПИС-3: 9 септември 1856/ срдце; /ПИС: 12 февруари 1856/ црквицы; /ПИС: 12 февруари 1856/ црквы; /ПИС: 25 март 1856/ србски; /ПИС: 25 март 1856/ бакрны; /ПИС-3: 9 септември 1856/ црквы; /ПИС: 7 мај 1856/ прво; /ПИС: 7 мај 1856/ 365 црквы; /ПИС: 7 мај 1856/ Крчова; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ простосрдечный; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость ('особина на човек што е склон кон караници, расправии, пакосен човек'); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ содржанієто; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ содржава; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ крми; /ПИС: 27 август 1856/ трпите; /ПИС: 1 септември 1856/ црква; /ПИС: 1 септември 1856/ црквата; /ПИС: 1 септември 1856/ црква (св. Петка); /ПИС: 1 септември 1856/ Црнъ (Камень); /ПИС: 1 септември 1856/ црквы; /ПИС: 1 септември 1856/ црква (храмъ св. Вознесеніе); /ПИС: 1 септември 1856/ мртви; /ПИС: 1 септември 1856/ држи; /ПИС: 1 септември 1856/ Црквены; /ПИС: 9 октомври 1856/ први; /ПИС: 9 октомври 1856/ срдцето; /ПИС: 19 октомври 1856/ срдце; /ПИС: 19 октомври 1856/ срдца; /ПИС: 5 јуни 1877/ сърдце; /ПИС: 15 февруари 1857/ Србство; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Србскаго; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Крчовско; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Дебрско; /ПИС-1: 23 април 1859/ срдце; /ПИС 25 септември 1856/

Характеръ ѳ три народы:

Единъ грекъ от 35 чифуты повече зло мысли на славенскаго народа, а еденъ Цынцаръ (Краденородникъ или копилякъ) 35 пути повече отъ грека зло мысли словомъ и дѣлом врзъ Славяныте. Види книга называемая Меркурій (Ермисъ).

[149] Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 6), овие зборови се пишуваат со апостроф и кога им се додава префикс што завршува на самогласка (*за'рѓа*, *за'ржи*, *про'рти),* но кога им се додава префикс што завршува на согласка, апостроф не се пишува (*безрбетник*, *изрти*, *сржи*).

р	срдце; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ срдцето; /ПИС: 12 февруари 1868/ срдцето; /ПИС: 30 август 1876/ трговцы; /ПИС: 30 август 1876/ срдце; /ПИС: 5 јуни 1877/ смрт; /ПАТ: АОБОТП/ мртовецъ; /П: ПЈБМ/ црна; /СДИ: СВЧ-1/ мртво; /А-1/ брбливъ; /ТР: ДЛ/ воскреснеме; /А-2/ Црнъ
р’	/ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’сточва; /ПАТ: ОКОБП-1/ Тр’ново; /ПАТ: ОКОБП-1/ (въ) цр’ковъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’стчовска; /ПИС-1: 28 април 1856/ вр’заны; /ПИС-1: 28 април 1856/ пр’во; /ПИС: 1 септември 1856/ Цр’на (Гора Скопска); /ПИС: 1 септември 1856/ бр’зо; /ПИС: 9 октомври 1856/ Ср’бски; /ПИС: 19 октомври 1856/ др’жи; /ПИС-1: 23 април 1859/ содр’жаніе; /ПИС-1: 4 декември 1858/ (имя Правительство Княжества) Ср’бій; /ПАТ: АОБОТП/ златовр’хная (обытель); /ПАТ: СОСНМП/ кр’стены; /П: ЖИМ/ Вр’бяна; /П: ЖИМ/ Вр’бица
’р	/ПАТ: СОДРСБ/ см’рть; /П: ЖИМ/ м’ртовъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ С’рбске (Словесности)
ър	/ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце; /ПИС: 10 август 1864/ содържава; /ПИС: 5 јуни 1877/ търпимъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ върна (дождь) (‘врнеше’); /ПИС: 1 јули 1877/ невоздържаніето; /ПИС: 1 јули 1877/ църквата; /ПИС: 1 јули 1877/ църквите; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: М-Б/ търговцыте; /ПАТ: ЈСС/ Говърлево; /П: ЖИМ/ Скърбенъ; /П: ЖИМ/ потърпите; /СДИ: Б/ Бърбърко; /СДИ: ДЧМГОН/ първое; /С: УСУ/ църковны; /П: РВ/ търпиме
ер	/ПАТ: ОКОБП-1/ жертва; /П: ТИ/ сердце; /П: ТИ/ совершенно; /С: БП/ держи; /С: БП/ сердца; /ПИС: 9 февруари 1855/ Церква; /ПИС: 9 февруари 1855/ перво; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Гербъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ смерть; /ПИС-3: 9 септември 1856/ жертва; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ дерзнахъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ перво; /ПИС 25 септември 1856/ жертва; /ПИС: 25 март 1856/ керфъ (‘крв’); /ПИС: 25 март 1856/ содержаніе; /ПИС: 27 август 1856/ мертовецъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ жертва; /ПИС: 9 октомври 1856/ жертвеника; /ПИС-2: 23 април 1859/ жертва; /ПИС: 12 февруари 1868/ Жертвеникъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ жертвенникъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ четверта; /ПИС: 30 август 1876/ привержена; /ПИС: 30 август 1876/ первенцы; /ПАТ: С/ смерть-та; /ПАТ: К/ держи; /ПАТ: СОДРСБ/ жертва; /ПАТ: АОБОТП/ церквы; /П: ПСУМ/ терпишъ; /С: Б-ЛБ-3/ мертовца; /С: ОС/ перви-те; /С: БП/ тернія; /СДИ: ДЧМГОН/ найперва; /Т: О/ содержава; /СДИ: /С: Б-ЛБ-2/ жертва; /Т: И-ПС/ терпеніе; /Т: И-ПС/ Терпко (според современиот стандарден јазик – *Трпко*); /П: РВ/ Церна (‘црна’)
ьр	/ПАТ: ЦГС/ Цьрна
ре	/СВЧ-1/ древо то (‘дрвото’); /ПАТ: ОКОБП-1/ (храмъ Св. Іоанна) Крестителя; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Крещеніе; /ПИС: 1 септември 1856/ крестовидна; /ПИС: 1 септември 1856/ крестовидно; /ПИС: 1 јули 1877/ (святое) крещеніе; /ПИС-2: 23 април 1859/ Крещеніе (Болгарыте); /ПИС-2: 23 април 1859/ Крещеніе (Руссите)
ро	/ПАТ: ОКОБП-1/ безкровная (‘бескрвна’); /С: БП/ хладнокровіе
жр	/ПАТ: ОКОБП-2/ (Обытель) Зжрзе (‘Зрзе’); /ПАТ: ЦГС/ Бжрдовцы (се однесува на с. Бардовци, Скопско); /ПАТ: АОБОТП/ Тжрновской (‘Трновска’)

Од наведените примери може да се согледа тенденцијата за предавање на самогласното *р* без придружна буква, но очигледно е и колебањето во поглед на предавањето, така што во рамките на еден ист текст може да се сретне и еден ист збор запишан на различни начини: /ПАТ: ОКОБП-1/ црква vs /ПАТ: ОКОБП-1/ (въ) цр'ковъ.

2.2.7. Пишување на графемите *ѣ* и *я*

а) Цинот ги користи и графемите *ѣ* (*ѣ* = *је*; *ѣ* = *е*; *ѣ* = *ја*) и *я* (*я* = *ја*). Јатот го пишува на неговото етимолошко место под влијание на црковнословенскиот правопис и претставува важен дел од практиката до средината на 19 век[150], додека графемата *я* ја поврзуваме со руската граѓанска азбука.

б) Графемата *ѣ* ја среќаваме во следните примери: /ПАТ: ОКОБП-1/ лѣто (6837) ('година'); /П: ТИ/ дѣло ('дело'); /ПАТ: ОКОБП-1/ рѣка ('река'); /П: ТИ/ дѣчицыте ('дечињата'); /С: БП/ рѣчникъ; /ПАТ: ОКОБП-1/, /С: БП/ мѣсто; /С: БП/ отвѣтъ (рус. *ответ* – одговор); /С: БП/ свѣтлость; /С: БП/ Мѣстоимѣніе (рус. *местоимение* – заменка); /ПАТ: ОКОБП-1/ увѣреніе; /С: БП/ Нарѣчіе; /С: БП/ послѣ ('после'); /С: БП/ сладкорѣчиваго; /ПИС-1: 9 септември 1856/ гдѣ (да прибегнамъ) ('каде'); /ПИС: 9 февруари 1855/ помѣстны; /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС: 12 февруари 1856/ дѣло; /ПИС-3: 9 септември 1856/ повѣроятно; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Совѣти; /ПИС: 12 февруари 1856/ побѣдоносны; /ПИС: 12 февруари 1856/ суевѣріе; /ПИС: 12 февруари 1856/ (500) лѣта (множинска форма; 'години'); /ПИС: 12 февруари 1856/ вѣра; /ПИС: 12 февруари 1856/ вѣренъ; /ПИС: 25 септември 1856/ обѣщаніе ('ветување'); /ПИС: 25 септември 1856/ нарѣчіе; /ПИС: 25 септември 1856/ вѣроисповѣданіе; /ПИС: 25 септември 1856/, /ПИС-2: 28 април 1856/ отвѣтъ; /ПИС: 25 март 1856/ рѣчи; /ПИС: 25 март 1856/ бесѣди; /ПИС-1: 28 април 1856/ Вѣруйте; /ПИС-2: 28 април 1856/ гнѣвъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ вѣрно; /ПИС: 7 мај 1856/ свирѣпите; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ извѣстите; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ не ми се извѣстявате; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ недоумѣнителный; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ извѣстите; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ увѣримъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ побѣдиле; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ вѣренъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Скопѣ, но и: /ПИС: 12 февруари 1868/ Скопя; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ увѣрявамъ; /ПИС: 15 април 1856/ стрпѣніе; /ПИС: 27 август 1856/ имѣеть; /ПИС: 27 август 1856/ сѣвера ('север'; зборoформата содржи падежна наставка); /ПИС: 27 август 1856/ (имам) замѣчати ('имам забележано'); /ПИС: 27 август 1856/ дѣла; /ПИС: 1 септември 1856/ Свидѣтели; /ПИС: 1 септември 1856/ гдѣ (делиле скопскія границы); /ПИС: 1 септември 1856/ трпѣливи; /ПИС: 1 септември 1856/ трпѣніе; /ПИС: 1 септември 1856/ достозамѣчателны (рус. *достозамечательный*, *достопримечательный* – достоен за внимание); /ПИС: 1 септември 1856/ мѣста; /ПИС: 1 септември 1856/ тѣла; /ПИС: 1 септември 1856/ стѣны ('стени'); /ПИС: 1 септември 1856/ (село) Побожѣ (станува збор за селото Побожје, општина Чучер-Сандево); /ПИС: 1 септември 1856/ пустѣе; ('пустее'); /ПИС: 1 септември 1856/ Благовѣщеніе; /ПИС: 4 септември 1856/ посѣштавате; /ПИС: 4 септември 1856/ надѣемсе ('се надевам'); /ПИС: 9 октомври 1856/ вѣруйте; /ПИС: 19 октомври 1856/ сѣдище; /ПИС: 19 октомври 1856/ дѣца, но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ (за ученѣ Скопски) деца; /ПИС: 19 октомври 1856/

[150] Ваквата јазична ситуација се среќава и во писмениот јазик на Неофит Рилски кој го употребува *ѣ* на неговото етимолошко место, но нагласува дека не се слуша во народниот изговор, односно нема сопствен гласеж, за што наведува и примери: **н҃ѣ́мл женѧ** vs **не́мл женѧ** (Рилски 1835: 26).

издѣйствуе; /ПИС: 19 октомври 1856/ успѣли; /ПИС: 19 октомври 1856/ Опредѣлете; /ПИС: 19 октомври 1856/ дѣло; /ПИС: 19 октомври 1856/ намѣреніе; /ПИС: 29 декември 1856/ Лѣтопис (Србски); /ПИС: 29 декември 1856/ вѣчито; /ПИС: 6 јануари 1857/ недѣля (‘недела’); /ПИС: 6 јануари 1857/ бѣдно, но и: /ПИС: 6 јануари 1857/ бедно; /ПИС: 6 јануари 1857/ станѣ (срп. *сѣтање* – состојба); /ПИС: 15 февруари 1857/ дѣчицы; /ПИС: 15 февруари 1857/ да обезбѣдите; /ПИС: 15 февруари 1857/ да издѣйствуете; /ПИС: 15 февруари 1857/ бѣда; /ПИС-1: 4 декември 1858/ предѣлъ (Охридски) (‘предел, дел’); /ПИС-1: 23 април 1859/ обѣщалъ (‘вети’); /ПИС-1: 23 април 1859/ вѣрно; /ПИС-2: 23 април 1859/ вѣнчанія; /ПИС: 12 февруари 1868/ притѣсненіе (рус. *притеснение*, во овој случај ‘дејство што ја ограничува човековата слобода, угнетување‘); /ПИС: 12 февруари 1868/ повѣсти (’истории‘; во овој случај зборoформата содржи наставка за множина); /ПИС: 10 август 1864/ цѣла (‘цела’); /ПИС: 30 август 1876/ прибѣжище; /ПИС: 30 август 1876/ дѣте; /ПИС: 30 август 1876/ вѣчно; /ПИС: 30 август 1876/ гдѣ (да идамъ); /ПИС: 5 јуни 1877/ тѣло; /ПИС: 5 јуни 1877/ лѣностьта; /ПАТ: ОП/ рѣка-та; /П: ДВ/ грозѣ; /П: ПЈБМ/ Припѣвъ; /С: Б-ЛБ-4/ свидѣтелство; /СДИ: УУ-3/ суевѣріе; /А-1/ тѣлото; /Т: О/ свѣтъ (‘свет’).

в) Графемата *ѣ* ја среќаваме кај глаголските именки како дел од наставката *-нѣ*: /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ подпоможуенѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ истраживанѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ іманѣ; /ПИС: 19 октомври 1856/ трепнуенѣ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ученѣ; /ПИС: 15 февруари 1857/ страданѣ; /ПИС: 15 февруари 1857/ дохожданѣ (мое); /ПИС-1: 4 декември 1858/ (мое) труденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ.

г) Со графемата *ѣ* се означува и наставката за збирна множина на именките (*-је*, според правописот на македонскиот современ стандарден јазик): /ПИС: 12 февруари 1856/ гробѣ (форма на збирната множина, ‘гробје’); /ПИС: 25 септември 1856/ гроздѣ (форма на збирната множина, ‘грозје’); /ПИС: 1 септември 1856/ (Црквены) дубѣ (форма на збирната множина, ‘дабје’); /ПИС: 27 август 1856/ Дубѣ (форма на збирната множина, ‘дабје’).

д) Графемата *я* се среќава кај сите видови зборови и во различни позиции во рамките на зборот. Во почетна позиција ја среќаваме во следните примери: /С: БП/ языкъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско приморіе; /П: ТИ/ ябока (‘јаболка’; множинска форма); /С: БП/ явиме; /ПИС: 7 мај 1856/ Янина (се однесува на градот Јанина, грч. *Ιωάννινα*); /ПИС-1: 9 септември 1856/ се явамъ (‘соопшти, извести’); /ПИС: 12 февруари 1856/, /ПИС: 7 мај 1856/ явамъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ якость; /ПИС: 7 мај 1856/ (Турцы) Яничары; /ПИС: 1 септември 1856/ Янковъ рыдъ; /ПАТ: ЈСС/ ясовцы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/, /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (ке ме) яви; /ПИС-1: 7 јуни 1856/, /ПИС-1: 23 април 1859/ являмъ; /ПИС: 27 август 1856/ Явуры (‘јавори’); /ПИС: 12 февруари 1868/ языкъ; /ПИС: 30 август 1876/, /ПИС: 1 јули 1877/ ядатъ; /ПАТ: ЦГС/ ягоды; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яица (‘јајца’); /ПИС: 30 август 1876/ яде; /ПИС-2: 4 декември 1858/ (Владимиръ) Якшићъ.

ѓ) Графемата *я* ја среќаваме и во финална позиција кај зборови што претставуваат:

– топоними и антропоними: /ПАТ: ОКОБП-1/ Касторія (се однесува на градот Костур, грч. *Καστοριά*); /ПАТ: ОКОБП-1/ Болгарія; /ПАТ: ОКОБП-1/ Србія; /ПАТ: ОКОБП-1/ Унгарія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Македонія; /ПИС: 25 септември 1856/ Руссія; /ПИС: 7 мај 1856/ Бугарія; /ПИС: 7 мај 1856/ Алія; /ПИС: 27 август 1856/ Турція; /ПИС: 25 септември 1856/ Србія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Помпея; /ПИС: 19 октомври 1856/ Србія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Бугарія; /ПИС: 1 септември 1856/ св.

Димитрія; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Илія, /ПИС: 12 февруари 1868/ Македонія; /СДИ: МДМОРИБ/ Романія; /П: РВ/ Пеонія;

– множински форми на глаголски именки: /ПИС: 12 февруари 1856/ Хуленія; /ПИС: 25 март 1856/ ученія; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Негодованія; /ПИС: 30 август 1876/ поученія; /ПИС: 5 јуни 1877/ пожеланията (од *їожеланія*); /Т: И-ПС/ сочиненія;

– именки што ја содржат зборообразувачката морфема *-ія*: /ПАТ: ОКОБП-1/ Грекоманія; /ПИС: 9 февруари 1855/ хронологія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Географія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Терезія; /ПИС-2: 28 април 1856/ археологія; /ПИС: 1 јули 1877/ литургія; /ПИС: 4 септември 1856/ комисія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Историја; ПИС: 1 септември 1856/ сајбија (тур. *sahip* – сопственик, господар); /ПИС: 6 јануари 1857/ историја; /ПИС: 23 февруари 1857/ комисија; /ПИС-1: 4 декември 1858/ кирија; /ПИС-1: 23 април 1859/ статија; /ПИС-2: 23 април 1859/ археологија; ПИС-2: 23 април 1859/ историја; /ПИС: 12 февруари 1868/ философија; /ПИС: 1 септември 1856/ историја; /ПИС: 30 август 1876/ кирија; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Архиепископија; /П: ПСУМ/ Географија; /С: Б-ЛБ-4/ Етимологија; /СДИ: МДМОРИБ/ Поезија; /ПИС: 27 август 1856/ зданија; /ПИС: 12 февруари 1856/ безпристрастија.

е) Се среќава и во рамките на придавските и заменските форми: /С: БП/, /ПИС: 25 септември 1856/ моја; /ПАТ: ОКОБП-1/, /ПИС: 25 септември 1856/, /ПИС: 25 март 1856/ која; /ПИС: 25 март 1856/, /ПИС-1: 23 април 1859/, /ПИС-2: 23 април 1859/ нејa; /ПИС-1: 9 септември 1856/, ПИС-3: 9 септември 1856/, /ПИС: 22 октомври 1878/ Я (‘јас’; основна форма на личната заменка за првото лице во еднина); /ПИС: 19 октомври 1856/ я (‘јас’; основна форма на личната заменка за првото лице во еднина); /ПИС: 22 октомври 1878/ твоја; /ПИС: 12 февруари 1856/ овыя (книгы) (‘овие’; употребена како показна заменка); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ моја; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ која; /ПИС-2: 28 април 1856/ своја; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ никоја; /ПИС: 1 септември 1856/ таја (бразда) (‘таа’; употребена како показна заменка); /ПИС-1: 12 јуни 1856/, /ПИС: 1 септември 1856/ која; /ПИС: 4 септември 1856/ овая (‘оваа’); /ПИС: 4 септември 1856/ моја; /ПИС: 30 август 1876/ која я (показаха); /ПИС: 12 февруари 1868/ всякъ (‘секој’; лично-предметна заменка); /ПИС: 19 октомври 1856/ твоята; /ПИС: 19 октомври 1856/ тыя (‘тие’).

Од правописен аспект, интересни се следниве примери: /ПИС: 12 февруари 1868/ А **я** готовъ самъ за все що можемъ (*я* – јас; основна форма на личната заменка за првото лице во еднина); /ПИС: 12 февруари 1868/ Ако **я** печатите ке ви **я**’ пратиме (*я* – куса заменска форма за директен предмет); /ПИС: 12 февруари 1868/ **Таја** книга **я** превелъ (славный Евгеній) (*Таја* – показна заменка; ‘таа’; *я* – куса заменска форма за директен предмет); /ПИС: 12 февруари 1868/ **Овая** книга ке му **я** поклонимъ (*Овая* – показна заменка, ‘оваа’; *я* – куса заменска форма за директен предмет); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ ке ви **я** пратамъ (*я* – куса заменска форма за директен предмет). Како што може да се види од дадените примери, со формата *я* Џинот ги означува и основната (подметска) форма на личната заменка за првото лице во еднина (*јас*) и кусата заменска форма за директен предмет за третото лице во еднина, женски род (*ја*).

ж) Графемата *я* е дел и од некои поархаични форми за нашиот писмен јазик, а во одреден дел од зборoформите ја претставува и падежната наставка: /ПАТ: ОКОБП-1/ царя; /ПАТ: ОКОБП-1/ Краля; /ПИС: 27 август 1856/ называемая; ПИС: 1 септември 1856/ (делиле) скопскія (границы); /С: БП/ другыя; /ПАТ: ОКОБП-1/ Святаго; /ПАТ: ОКОБП-1/ достопамятнаго; /ПАТ: ОКОБП-1/ первая; /ПАТ: ОКОБП-1/ называемая; /ПИС: 12 февруари 1856/ светскія (лукавщыны), /ПИС: 1 септември 1856/ св. Пантелея; /ПИС: 5 јуни 1877/ священна; /ПИС: 5 јуни 1877/ собратія (хрістіяны); /ПИС: 5 јуни 1877/ (промыслата) Божја; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Авксентија (од *Авксентиј*); /ПИС:

25 март 1856/ молебныя; /ПИС: 25 март 1856/ св. в. м. Георгія; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Георгія; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Бріярея (од *Бриарej/Вриарej* – суштество од грчката митологија; грч. *Βριάρεως*).

з) Графемата *я* ја среќаваме во следните примери: /ПАТ: ОКОБП-1/ растояніе; /ПАТ: ОКОБП-1/, /С: БП/ имаятъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ говорятъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ незнаятъ; /П: ТИ/ ся преобразиха (‘се преобразија’); /С: БП/ отдаваятъ; /С: БП/ собираятъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ (си) знаятъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ ткаятъ; /ПИС: 1 јули 1877/ піяница; /ПАТ: СОДРСБ/ темянъ; /ПИС: 25 септември 1856/ сѣямъ (од *сее*; во овој контекст ‘сеам’); /ПИС-2: 28 април 1856/ пріятели; /ПИС-2: 28 април 1856/ пріятно; /ПИС-1: 9 септември 1856/ убіятъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Обявленье; /ПИС-2: 28 април 1856/ многоядцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ оякнеме; /ПИС-2: 28 април 1856/ крыятъ; /ПИС: 7 мај 1856/ біятъ; /ПИС: 7 мај 1856/ убиваятъ; /ПИС: 7 мај 1856/ хараятъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ наместуятъ; /ПИС: 27 август 1856/ Славяни; /ПИС: 27 август 1856/ Славяны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ стоятъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ постоянъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Обявленіе; /ПИС: 27 август 1856/ Хрістянинъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ хрістіяны; /ПИС: 1 септември 1856/ Стояново (село); /ПИС: 1 септември 1856/ (Планина) Гнояни (се однесува на возвишение во областа Црногорија, северно од Скопје); /ПИС: 1 септември 1856/ христяни; /ПИС: 1 септември 1856/ Аялетъ (тур. *eyalet* – ејалет, пашалак, најголема административно-територијална единица во Османлиското Царство); /ПИС: 1 септември 1856/ стоятъ; /ПИС: 1 септември 1856/ мыятъ (се); /ПИС: 19 октомври 1856/ бадіява; /ПИС: 4 септември 1856/ постояно; /ПИС: 19 октомври 1856/ стоямъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ се надеѣямъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ се крыямъ; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Патріярха, но и: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Патріархии (не се пишува графемата *я*; збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 5 јуни 1877/ піянството; /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістянинъ; /ПИС: 1 јули 1877/ свящеиицыте; /ПИС: 1 јули 1877/ темянътъ; /ПИС: 30 август 1876/ наяденъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ искаятъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ ругаятъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ сумъ се надѣялъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ не веруямъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ повторявамъ; /ПИС: 27 август 1856/ упропастуятъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ не се двоямъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ бадіява; /ПИС: 12 февруари 1868/ пріятели; /ПИС: 1 септември 1856/ препоясанъ; /ПИС: 1 јули 1877/ упропястява; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ не ми се извѣстявате; /ПИС: 1 септември 1856/ одѣянъ (съ царска Порфира) (‘облечен’); /ПИС: 4 септември 1856/ постояный; /ПИС: 19 октомври 1856/ Приіятель; /ПИС: 22 октомври 1878/ хиляды (пути); /ПАТ: JCC/ заяцы.

s) Графемата *я* е дел од диграфите што се користат за означување на гласовите *љ*, *њ*, *ќ*: /ПИС: 12 февруари 1868/ Скопля; /ПИС: 7 мај 1856/ пракяятъ; /ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Княжества (Ср’бій). Нејзината употреба во споменатиот контекст ќе биде разгледана во делот за согласките (в. п. стр.: 119–124; 126–128).

2.2.8. Пишување на графемата *ь*

а) Во помал број примери, Џинот, по традиција, ја употребува графемата *ь* на крајот на зборот, по согласка. Ваквата практика за употреба на *ь* на крајот на зборот, по согласка, се среќава и кај менливите и кај неменливите зборови, но најчеста е употребата кај именките.

[157] В. п. во делот *2.3.33. Уѣотреба на ѣостари ѓрафеми, ѳруѓи знаци и ѣисма во ѣреѣиси на (ѳелови оѳ) ѣостари ракоѣиси*, стр. 142–145.

[158] Според *Правоѣисоѣ на македонскиоѣ јазик* (2015: 6), две еднакви самогласки се пишуваат кај глаголите од *е*-група со основа на *-е*: *вее*, *ѓрее*, *ѣее*, *сее*, *се смее*.

Именката *маало* (‘одделен дел на градска или селска населба’; Правопис на македонскиот јазик 2015: 6) во писмената практика на Џинот се предава со формата *махало* (тур. *mahalle*): /ПИС: 30 август 1876/ махалото.

в) Во писмената практика на Џинот, глаголските форми на глаголите од *а*-група во трето лице во множина, во сегашно време (/С: БП/ имаятъ; /С: БП/ собираятъ) и во минатите определени времиња (каде речиси редовно е пишувањето на графемата *х* во аористната и имперфектната парадигма: /ПИС-3: 7 јуни 1856/ кажаха, /П: ТИ/ седнаха; в. п. стр. 131–133) не содржат удвоени согласки како што е случајот во денешниот современ стандарден јазик: *слушаат*, *цртаат*, *читаат; слушаа*, *цртаа*, *читаа; нацртаа*, *послушаа* (Правопис на македонскиот јазик 2015: 6).

2.2.13. Испуштање на самогласките

2.2.13.1. Испуштање на *а*

а) Испуштање на *а* среќаваме кај именки што според денешниот правопис завршуваат на *-изам*[159] (*цензуализам*, *скептицизам*, *латинизам*): /ПИС-3: 9 септември 1856/ Цензуализмь; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Скептицизмь; /ПИС-2: 28 април 1856/ латинизмъ; /СДИ: ПБД/ Педагогизмъ. Отсуството на *а* во овие примери го поврзуваме со фактот што зборовите ја имаат истата или приближно истата форма како во јазиците од кои потекнуваат или од кои веројатно се преземени, бидејќи, како што е познато, интернационализмите се важен белег на јазикот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот (пр.: *скептицизам* – грч. *σκεπτικισμός*; лат. *scepticismus*; рус. *скептицизм*; анг. s*kepticism*; фр. *scepticisme*).

б) Отсуството на *а* е карактеристично и за некои придавки и именки што според денешниот правопис завршуваат на *-ар* вклучувајќи и изведени форми (*добар*, *бодар*, *вепар*, *Дебар*, *бакарни*) и кои веројатно на ваков начин се пишуваат по традиција: /ПИС: 9 февруари 1855/ добръ; /ПИС: 4 септември 1856/ добро; /ПИС-1: 4 декември 1858/ добръ; /ПИС-2: 28 април 1856/ бодръ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ вепръ; /ПИС: 7 мај 1856/ Дебръ; /ПИС: 25 март 1856/ бакрны.

в) Самогласката *а* не се употребува и во следниве примери: /ПИС: 19 октомври 1856/ (...) **то** срамно ми е да искамъ... (*што* – тоа); /ПИС: 30 август 1876/ (...) **зато** на тебе бехъ се оставилъ (*зашто* – затоа).

2.2.13.2. Испуштање на *е*

а) Самогласката *е* се испушта во множинските форми на некои именки што според денешниот правопис во еднина завршуваат на *-ец*: /ПИС: 1 септември 1856/ кладенцы; /ПИС: 30 август 1876/ первенцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ венцы.

б) Самогласката *е* се испушта во множинските форми на *-и* кај некои именки: /ПИС-1: 9 септември 1856/, /ПИС: 25 март 1856/ дни; /ПАТ: ЈСС/ орли.

в) Испуштање на *е* среќаваме во следниве форми: /ПИС: 9 февруари 1855/, /ПИС: 12 февруари 1856/, /ПИС: 7 мај 1856/, /ПИС-3: 7 јуни 1856/, /ПИС-3: 12 јуни

[159] Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 6), испуштање на *а* има кај именките што завршуваат на *-изам* во нивната членувана форма (и евентуалната множина): *оптимизам – оптимизмот*, *реализам – реализмот*, *турцизам – турцизмот – турцизми*, *шовинизам – шовинизмот* итн.

1856/, /ПИС: 27 август 1856/, /ПИС: 1 септември 1856/ /ПИС-1: 23 април 1859/ днеска (‘денеска’); /ПИС: 30 август 1876/ живатъ (‘живеат’).

г) Испуштање на *е* се согледува и во зборoформи што содржат падежни наставки: /ПИС: 27 август 1856/ (около) венца (‘околу венецот’).

2.2.13.3. Испуштање на *и*

Самогласката *и* не се среќава редовно во формите на именката *христијанин* (/ПИС: 5 јуни 1877/ хрістіяны; /ПИС: 27 август 1856/ Хрістіяныте): /ПИС: 7 мај 1856/ хрістяныте; /ПИС: 6 јануари 1857/ Христянинъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Хрістяни.

2.2.13.4. Испуштање на *о*

Самогласката *о* се испушта во следниве форми: /ПИС: 12 февруари 1868/ (...) Податцы (‘податоци’; станува збор за испуштање на *о* во множинска форма на именка што завршува на *-ок*[160]); /ПИС: 4 септември 1856/ кротка (од *кроток*[161]; испуштање на *о* кај придавка што завршува на *-ок*); /ПИС: 30 август 1876/ не забравамъ (‘не заборавам’).

2.2.13.5. Испуштање на *у*

Самогласката *у* не се пишува редовно во формите на бројот *седум*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ седмь (пути); /ПИС: 9 февруари 1855/ седмъ (вселенски собори).

[160] Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 9), самогласката *о* се испушта во множината на одредени именки со завршок на *-ок*: *опинок/-ок – опинци*, *потомок/-ок – потомци*, *предок/-ок – предци*. Но, кај повеќето именки со завршок на *-ок*, *о* се чува: *мозок/-ок – мозоци*, *сведок/-ок – сведоци*, *список/-ок – списоци*. Самогласката *о* се чува и во множинската форма *податоци* (< *податок*).

[161] Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 9), кај придавките на *-ок*, *о* главно се испушта во сите форми: *краток – краткиот*, *кратка/-о/-и*, *кревок – кревкиот*, *кревка/-о/-и*, *низок – нискиот*, *ниска/-о/-и*, *редок – ретkиот*, *ретка/-о/-и*, а се чува кај следниве придавки: *висок/-иот – висока/-о/-и*, *длабок/-иот – длабока/-о/-и*, *широк/-иот – широка/-о/-и.*

2.3. Пишување на согласките

Врз основа на анализата, може да се заклучи дека Јордан Хаџи Константинов-Џинот ги користи следниве графеми за обележување на согласките во македонскиот јазик од втората половина на 19 век:

Табела бр. 16: Инвентар на графеми што ги употребува Јордан Хаџи Константинов-Џинот за обележување на согласките во македонскиот јазик

б Б	в В	г Г	д Д	жд Жд, ді Ді, (г)ю (Г)ю	ж Ж	з З	ј Ј
й Й	к К	л Л, ъл, лъ, л’	ль Ль, лѣ Лѣ, ля Ля, лю Лю	м М	н Н	нѣ Нѣ, нь(я) Нь(я), ня Ня	п П
р Р	с С	т Т, t	кя Кя, ћя Ћя, кі Кі	ћ Ћ	ф Ф	х Х	ц Ц
ч Ч	џ Џ	дж Дж	ђ Ђ	ш Ш	щ Щ	ѳ Ѳ	ѧ, ѳ

Во делот што следува ќе биде даден приказ на употребата на наведените графеми во писмената практика на Џинот. Ќе бидат разгледани различни примери од неговите литературни и публицистички текстови, од писмата, со цел да се утврди доследноста во поглед на примената, да се разгледаат колебањата и варијациите имајќи ги предвид можните влијанија од страна на историските и лингвистичките фактори врз изборот на графемите.

2.3.1. Пишување на согласката *б*

а) Графемата *б* се пишува во почетокот на зборовите: /ПИС: 30 август 1876/ братство; /ПАТ: JCC/ босилокъ (‘босилек’; лат. *Osymum basilicum*); /ПИС: 5 јуни 1877/ Божія; /ПИС: 1 јули 1877/ бѣсове (‘бесови’); /ПИС: 1 јули 1877/ болести; /ПИС: 1 јули 1877/ блудството; /ПИС: 1 јули 1877/ брате (вокативна форма на именка); /ПИС: 1 јули 1877/ болестьта; /ПИС: 1 јули 1877/ (пары се не) броятъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ блаженъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Бугарія; /ПИС-1: 23 април 1859/ Болгари; /С: Б-ЛБ-1/ буквы; /С: Б-ЛБ-1/ башъ; /С: И/ бунгуръ; /А-1/ брояницы; /А-2/ брашно.

б) Графемата *б* се пишува и во зборовите: /ПИС: 4 септември 1856/ голубъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ робъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ хлебъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ хлѣбъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ родолюбъ; но и: /ПИС: 27 август 1856/ столпъ (‘столб’).

2.3.2. Пишување на согласката *в*

а) Графемата *в* се пишува во почетокот на зборовите: /ПИС: 7 мај 1856/ велики; /ПИС: 4 септември 1856/ влакно; /ПИС: 27 август 1856/ види; /ПИС: 30 август 1876/ време; /ПИС: 30 август 1876/ времето; /ПИС: 30 август 1876/ враждебницыте (‘непријателите’; стсл. **врѧжьдєнiє** – непријателство, злоба); /ПИС: 30 август 1876/ велешаны; /ПИС: 30 август 1876/ владыка; /ПИС: 30 август 1876/ вѣчно (‘вечно’);

/ПИС: 5 јуни 1877/ враговете (‘непријателите’); /ПИС: 5 јуни 1877/ весело; /ПИС-2: 23 април 1859/ войводы; /ПИС: 5 јуни 1877/ врукина; /ПИС: 30 август 1876/ вси (те ядатъ) (‘сите’; стсл. ***вьсь***, ***вьсѣ***, ***вьсє*** – секој, сѐ, сите); /ПИС: 5 јуни 1877/ всекой (‘секој’; стсл. ***вьсакъ***, ***вьсѣкъ***); /ПИС: 5 јуни 1877/ васъ; /ПИС: 1 јули 1877/ вино; /ПИС: 5 јуни 1877/ вінско (придавка образувана од именката *вино*); /ПИС: 5 јуни 1877/ врукината; /ПИС: 1 јули 1877/ власть; /ПИС: 1 јули 1877/ Вартоломей; /ПИС: 1 јули 1877/ вѣра (‘вера’); /ПИС: 1 јули 1877/ высокоуміето; /ПИС: 4 септември 1856/ весело; /ПИС: 1 јули 1877/ ведно (‘заедно’); /ПИС: 1 јули 1877/ вѣрата; /ПИС: 1 јули 1877/ вечъ (‘веќе’); /ПИС: 22 октомври 1878/ време; /ПИС: 22 октомври 1878/ времето; /ПИС: 22 октомври 1878/ вещи (‘предмети, нешта, лични работи’; стсл. ***вєщь***); /ПИС: 22 октомври 1878/ воля; /ПИС-1: 23 април 1859/ време; /ПИС-1: 23 април 1859/ всичко (‘се’); /ПИС-1: 23 април 1859/ всекому; /ПИС: 29 декември 1856/ владыка; /ПИС-1: 4 декември 1858/ велика; /ПИС-2: 4 декември 1858/ времена (‘време’); /ПИС-1: 4 декември 1858/ все (‘сѐ’; стсл. ***вьсь***, ***вьсѣ***, ***вьсє***); /ПИС-1: 23 април 1859/ велесъ (името на градот е напишано со мала почетна буква); /ПИС-2: 23 април 1859/ Всички (‘сите’); /ПИС: 12 февруари 1868/ все (‘сѐ’); /ПАТ: ЈСС/ верверицы; /ПАТ: СОДРСБ/ восокъ; /П: ДВ/ вонка (‘надвор’); /П: ДВ/ віното; /П: ЖИМ/ Войвода; /П: ЖИМ/ воздуха (зборофомата содржи падежна наставка); /СДИ: СВЧ-1/ врачь (‘лекар’); /СДИ: ПБД/ воздушны; /С: ВП/ вѣнецъ; /СДИ: УУ-2/ войска.

б) Графемата *в* се пишува и во зборовите: /ПИС-2: 28 април 1856/ ево; /ПИС: 1 септември 1856/ това (‘тоа’); /ПИС: 9 октомври 1856/ затова (‘затоа’); /ПИС: 1 септември 1856/ ковале; /ПИС: 1 септември 1856/ Црква; /ПИС: 1 септември 1856/ называемая (‘наречена’; постара, партиципна форма); /ПИС-2: 23 април 1859/ бадіява (тур. *bedava* – бадијала, залудно, без корист); /ПИС: 19 октомври 1856/ бадіява; /ПИС: 19 октомври 1856/ това; /ПИС: 1 јули 1877/ равенъ (‘рамен’); /ПИС-1: 4 декември 1858/ такво; /ПИС-1: 23 април 1859/ диво; /ПИС: 12 февруари 1868/ чувства; /ПАТ: К/ чувствително; /ПИС: 12 февруари 1868/ (Г. Коста А.) Сидовъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ готовъ; /ПИС: 25 септември 1856/ св. (Савве Србскаго); /ПИС: 7 мај 1856/ (се е) претворилъ; /ПИС: 7 мај 1856/ (Турбанъ) Мохамедовъ; /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево; /ПАТ: М-Б/ чавка; /ПАТ: ЦГС/ овцы.

в) Графемата *в* се пишува и во формите на предлогот *во*, што во писмената практика на Џинот се среќава како *въ* и, поретко, *в*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ въ (Цариградъ); /ПИС: 25 март 1856/ въ (Цариградъ); /ПИС: 25 септември 1856/ въ (Скопѣ); /ПИС: 25 март 1856/ въ (коя ке видите); /ПИС: 19 октомври 1856/ въ (всичка); /ПИС: 19 октомври 1856/ въ (годината); /ПИС: 19 октомври 1856/ въ (манастырь); /ПИС: 6 јануари 1857/ въ (Београдъ); /ПИС: 6 јануари 1857/ въ (Скопѣ); /ПИС: 15 февруари 1857/ въ (Београдъ); /ПИС: 12 февруари 1868/ въ (мала Азія); /ПИС: 12 февруари 1868/ въ (Скопя); /ПИС: 12 февруари 1868/ въ (Београдъ); /ПИС-1: 4 декември 1858/ въ (Струга); /ПИС: 12 февруари 1868/ въ (Македонія); /ПИС-1: 23 април 1859/ въ (Алексинецъ); /ПИС: 5 јуни 1877/ в (зло ще умре); /ПИС: 7 мај 1856/ (се е претворилъ) в (Турбанъ Мохамедовъ); /ПИС: 27 август 1856/ в (Кара-Георгіево), но и: /ПИС-1: 9 септември 1856/ у (манастыръ); /ПИС: 12 февруари 1856/ у (Прилепъ); /ПИС: 12 февруари 1856/ у (Солунъ).

г) Графемата *в* не се пишува во следните глаголски форми: /ПИС: 12 февруари 1856/ поклонуе; /ПИС-2: 28 април 1856/ упутуе; /ПИС-2: 28 април 1856/ следуеме; /ПИС: 27 август 1856/ подпишуе; /ПИС-2: 4 декември 1858/ описуе; /ПИС: 12 февруари 1868/ се радуе; /ПИС: 1 јули 1877/ помилуе; /ПИС: 22 октомври 1878/ се радуе; /ПИС: 19 октомври 1856/ издѣйствуе; /ПИС: 19 октомври 1856/ председателствуе; /ПИС: 4

септември 1856/ совѣтуе; /ПИС: 19 октомври 1856/ остануямъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ трепнуенѣ. Станува збор за употреба на суфиксот *-у* за образување несвршени глаголи, што претставува важна карактеристика на велешкиот говор (в. п. Видоески, Марковиќ 2001: 41). Ваквите глаголски форми се употребуваат и во *Правопис*$\overline{от}$ од 1945 г. (Македонски правопис 1945: 5–6). Наспроти сите овие примери стои глаголската форма *милуваме*: /ПИС: 27 август 1856/ милуваме.

2.3.3. Пишување на согласката *г̄*

а) Во почетокот на зборот *г̄* се пишува во: /ПИС: 15 април 1856/ готовъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ гнила; /ПИС: 27 август 1856/ гласъ; /ПАТ: СОСНМП/ гробаръ; /ПАТ: СОСНМП/ герданъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ гори (*г̄ори* – глаголска форма); /ПИС: 19 октомври 1856/ година; /ПИС-1: 23 април 1859/ глупи; /ПИС-1: 23 април 1859/ (ме) глоби (‘казни’); /ПИС-1: 23 април 1859/ глупацы; /ПАТ: ЦГС/ гуски; /ПИС: 30 август 1876/ гаровина (‘гореж, гламна, остаток на непотполно согорување’; во овој случај се споредува – *църны како г̄аровина*); /ПИС: 30 август 1876/ господство; /ПИС: 30 август 1876/ гдѣ (‘каде’); /ПИС: 30 август 1876/ голема; /ПИС: 30 август 1876/ грамматика; /ПИС: 1 јули 1877/ гоморство; /ПИС: 1 јули 1877/ гы гоныме; /ПИС: 1 јули 1877/ Господь; /ПИС: 1 јули 1877/ Господень; /ПИС: 1 јули 1877/ грозіе (‘грозје’); /ПИС: 1 јули 1877/ гонителите; /ПИС: 22 октомври 1878/ грехъ (‘грев’); /ПИС: 22 октомври 1878/ граматика; /ПАТ: ЦГС/ говеда; /ПИС: 5 јуни 1877/ греховно (‘грешно, гревовно’); /С: УСУ/ глаголи.

б) Графемата *г̄* се пишува и во зборовите: /ПИС-2: 28 април 1856/ негли (‘можеби’); /ПАТ: СОДРСБ/ калугеръ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ тугинца (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ лага (но и: /ПИС-3: 12 јуни 1856/ лажа); /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево; /ПИС: 27 август 1856/ книга; /ПИС: 1 септември 1856/ друго; /ПИС: 9 октомври 1856/ другы; /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПИС: 1 септември 1856/ калугера (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС: 27 август 1856/ кругъ.

в) Колебање во поглед на употребата на *г̄* се јавува во примерот каде во рамките на една реченица Цинот ги користи формите *наш*$\overline{т}$*рагъ* и *наш*$\overline{т}$*ракъ* (срп. *наш*$\overline{т}$*раг* – назад): /ПИС: 23 февруари 1857/ (...) да ми гы дадете **<u>натрагъ</u>**, а я ваши 15 дуката вратиѣ ви **<u>натракъ</u>** сега. Веројатно, во пишувањето влијаело тоа што во говорената форма на јазикот секоја звучна согласка на крајот на зборот се изговара како нејзиниот безвучен парник, па првиот пат зборот го пишува со звучна согласка (*г̄*), а во вториот случај ја употребува безвучната (*к*) – така како што се слуша во говорената форма на јазикот. Секако, имаме предвид дека ъ во овој случај нема гласовна вредност.

2.3.4. Пишување на согласката *ǥ*

а) Графемата *ǥ* се пишува во почетокот на следните зборови: /ПИС: 1 септември 1856/ долина; /ПИС: 4 септември 1856/ дава; /ПИС: 12 февруари 1868/ доказъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ друга; /ПИС: 30 август 1876/ дѣте (‘дете’); /ПИС: 30 август 1876/ дѣцата; /ПИС: 30 август 1876/ добрина; /ПИС: 5 јуни 1877/ дома; /ПИС: 1 јули 1877/ дванадесетъте; /ПИС: 1 јули 1877/ духовете (нечисти); /ПИС: 1 јули 1877/ (нечисти)

духове; /ПИС: 1 јули 1877/ демоны; /ПИС: 1 јули 1877/ даръ; /ПИС: 1 јули 1877/ далъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ душа; /ПИС: 1 јули 1877/ душата; /ПИС: 1 јули 1877/ (ке си дойдемъ право) дома; /ПИС: 22 октомври 1878/ дисаги (*ꙋисаѓи* – две споени торби, обично ткаени, што се носат преку рамо или се префрлаат преку товарен добиток); /ПИС: 22 октомври 1878/ дойдамъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ деца; /ПИС: 22 октомври 1878/ другъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ добръ; /ПИС: 22 октомври 1878 добро; /ПИС: 22 октомври 1878/ другы; /ПИС: 19 октомври 1856/ Дружството (станува збор за Друштвото за српска словесност од Белград); /ПАТ: М-Б/ двесте; /П: ПСУМ/ денъ; /СДИ: РПЧ-1/ день.

б) Графемата *ꙋ* се пишува и во зборовите: /ПИС: 4 септември 1856/ припадамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ред; /ПИС: 19 октомври 1856/ одъ (‘од’; предлог).

2.3.5. Пишување на согласката *ѓ*

а) Графемата *ѓ* не се среќава во анализираниот материјал, а нејзината гласовна вредност се предава на четири различни начини:

- со графемата *ѓ*: /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПИС: 1 септември 1856/ калугера (зборформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ калугеръ;
- со диграфот *ꙗі*: /ПИС: 5 јуни 1877/ діаволътъ (‘ѓаволот’); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ діакона (‘ѓакон’; формата содржи падежна наставка); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Душанъ Стефанъ како отишелъ въ) Діаволополе; /С: СИ/ Діаволъ;
- со диграфот *жꙗ*: /ПИС: 6 јануари 1857/ гражданство (‘граѓанство’); /ПИС: 29 декември 1856/ (скоплянски) граждане; /С: БП/ между (‘меѓу’); /С: БП/ чужди (‘туѓи’);
- со диграфот *ѓю*: /ПАТ: СОСНМП/ Гюргіовдень; /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія[162] (*ѓумрукчија* – цариник; од тур. *gümrük* – царинарница).

б) Пред самогласките *е* и *и* се пишува *ѓ* во следните зборови: /ПАТ: ОКОБП-2/ Географія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій; /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево.

2.3.6. Пишување на согласката *s*

Графемата *s* не се среќава ниту еднаш. Во сите позиции каде што според денешниот правопис се користи *s*, Џинот ја употребува *з*: /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ зидана; /ПАТ: ОКОБП-1/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ созыдаха; /ПАТ: ОКОБП-1/ зидовы; /ПАТ: JCC/ зыдары-те; /ПИС: 27 август 1856/ звона (‘звона’; множинска форма на именка); /ПАТ: ОКОБП-1/ звона; /ПАТ: ОКОБП-1/ звѣзда (‘звезда’); /С: БП/ зидаме; /ПИС-3: 9 септември 1856/ зыдани; /ПИС-3: 9 септември 1856/ зыданъ; /ПИС: 7 мај 1856/ зыданъ; /ПИС: 1 септември 1856/ зыдана; /ПИС: 1 септември 1856/ зыданъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ созидалъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ се обзирамъ (‘се обзирам’); /ПИС: 1 јули 1877/ се не зыда (*зыꙋа* – гради, прави сид;

[162] Џинот ја изостава почетната графема *ѓ* на диграфот *ѓю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на специфичниот глас *ѓ*.

глаголска форма); /ПИС: 27 август 1856/ (мраморный столповъ) зѣло (художественно дѣлани) (стсл. ѕѣло – мошне); /С: БП/ зидаме; /С: И/ зыдаятъ; /С: И/ зыдъ.

2.3.7. Пишување на согласката *з*

а) Во почетокот на зборот *з* се пишува во следниве примери: /ПИС-2: 28 април 1856/ задатакъ (срп. *заѳа̄так* – задача); /ПИС-2: 28 април 1856/ (се е) згадило; /ПИС-2: 28 април 1856/ заслуга; /ПАТ: JCC/ заяцы; /ПИС-2: 28 април 1856/ заръ (со употреба како прашална честица); /ПИС-2: 28 април 1856/ запевамъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ знамъ; /ПИС: 7 мај 1856/ зло; /ПИС: 7 мај 1856/ зданіи (‘зданија’; множинска форма); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ збирка; /ПИС: 27 август 1856/ зло; /ПИС: 1 септември 1856/ задъ; /ПИС: 1 септември 1856/ (Стреза Краля) Загорскаго; /ПИС: 1 септември 1856/ знаковы; /ПИС: 19 октомври 1856/ заисто (срп. *заиста̄* – навистина); /ПИС: 15 февруари 1857/ збирка; /ПИС-1: 4 декември 1858/ заборавамъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ зло; /ПИС-1: 23 април 1859/ збирка; /ПИС: 30 август 1876/ занаатчіи; /ПИС: 30 август 1876/ злоба; /ПИС: 30 август 1876/ запали; /ПИС: 30 август 1876/ заборавихте; /ПИС: 30 август 1876/ заплата (‘плата, паричен надоместок’); /ПИС: 5 јуни 1877/ закаснявате; /ПИС: 1 јули 1877/ злобата; /ПИС: 22 октомври 1878/ земя (‘земја’); /ПИС: 1 јули 1877/ заслепленіето.

б) Графемата *з* се пишува и во зборовите: /ПИС-1: 28 април 1856/ безъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ мрзко (‘омразено, одвратно’; стсл. **мрѣзѣкъ**); /ПИС-2: 28 април 1856/ изглодале; /ПИС-2: 28 април 1856/ изъ (‘од’); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ разореніето; /ПИС: 15 април 1856/ полза; /ПИС: 15 април 1856/ безъ; /ПИС: 15 април 1856/ излажамъ; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ издание; /ПИС: 27 август 1856/ изъ; /ПИС: 27 август 1856/ безумны; /ПИС: 1 септември 1856/ извори; /ПИС: 1 септември 1856/ бр’зо; /ПИС: 1 септември 1856/ разорена; /ПИС: 1 септември 1856/ разорено; /ПИС: 1 септември 1856/ нози (множинска форма од именката *но̄га*); /ПИС: 1 септември 1856/ Стреза (Краля) Загорскаго; /ПИС: 1 септември 1856/ изрезаны; /ПИС: 1 септември 1856/ бразда; /ПИС: 1 септември 1856/ разорени; /ПИС: 1 септември 1856/ (по србски) се зове (‘се вика’); /ПИС: 4 септември 1856/ нозыте (‘нозете’); /ПИС: 4 септември 1856/ азъ (‘јас’); /ПИС: 19 октомври 1856/ Музы; /ПИС: 19 октомври 1856/ (съ две) нози (множинска форма од именката *но̄га*); /ПИС: 19 октомври 1856/ познатъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ изображено; /ПИС: 19 октомври 1856/ без (не се употребува јор/јер во крајна позиција); /ПИС: 15 февруари 1857/ безъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ познаете; /ПИС-1: 4 декември 1858/ безчестили; /ПИС-1: 4 декември 1858/ безчестіе; /ПИС-1: 4 декември 1858/ безчесть; /ПИС-1: 23 април 1859/ безъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ безчести; /ПИС-1: 23 април 1859/ (ме) безчестиле; /ПИС-1: 4 декември 1858/ показуваше; /ПИС-1: 23 април 1859/ доказалъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ полза; /ПИС: 30 август 1876/ показаха; /ПИС: 12 февруари 1856/ Конгрезъ (‘конгрес’).

2.3.8. Пишување на согласката *ж*

а) Графемата *ж* се пишува во почетокот на зборот во следните примери: /ПИС-4: 12 јуни 1856/ желимъ (стсл. ***жєлати***, ***жєлѣти*** – сака, има желба; срп. *жели* – сака); ПИС-1: 7 јуни 1856/ желателенъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ желейки (‘сакајќи’); /ПИС: 27 август 1856/ живъ; /ПИС: 1 септември 1856/ житницы; /ПИС: 1 септември 1856/ желите; /ПИС: 4 септември 1856/ жена; /ПИС: 9 октомври 1856/ желите; /ПИС: 9 октомври 1856/ жертва; /ПИС: 9 октомври 1856/ жертвеника; /ПИС: 19 октомври 1856/ животъ; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Житіе; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Житіе (Слово Кирилла Философа Болгарскаго); /ПИС-2: 4 декември 1858/ животъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ жертва; /ПИС: 12 февруари 1868/ жали; /ПИС: 1 јули 1877/ животъ; /СДИ: РПЧ-2/ жены.

б) Графемата *ж* се пишува и во следните зборови: /ПИС: 1 септември 1856/ изображенъ (‘прикажан, врежан’); /ПИС: 19 октомври 1856/ изображено; /ПИС-1: 23 април 1859/ забележувахъ.

2.3.9. Пишување на согласката *ј*

а) Џинот ја користи графемата *ј* за означување на согласката *ј* во следните случаи:

- во почетна позиција на зборот, при пишувањето на неговото име *Јорѳан*, кога го запишува целосно или со скратеница (*Ј.*)[163]: /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 15 април 1856/ Ј. Х. К.; /ПИС: 25 март 1856/ Ј. Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Ј. Х. К. Чиновъ Трайковъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Јордань Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Ј. Х. Константіновъ Ч. Трайковъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Ј. Х. К.; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Ј. Х. Константіновъ; /ПИС: 4 септември 1856/ Ј. Х. Константіновъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Ј. Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Јордань Х. Константіновъ Чиновъ Траиковъ[164]; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Ј. Х. К.; /ПИС-1: 23 април 1859/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 30 август 1876/ Ј. Х. Константиновъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Ј. Х. Константиновъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Ј. Х. К.; /ТР: СМ/ Јор. Х Константиновъ; /ТР: УЦВ/ Јорданъ; /ТР: ДЛ/ Јорданъ; но и: /ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ Х. Константиновъ;
- во почетна позиција на зборот во следните примери: /ПИС: 27 август 1856/ Јерархіята[165] (грч. *Ἱεραρχία*; *ἱερός* – свет, *ἄρχω* – управување; во овој случај се однесува на црковната хиерархија); /ПИС: 27 август 1856/

[163] Името на Џинот во *Царегр̄аѳски вест̄ник* е запишано поинаку, со графемата *І* во почетна позиција – *Іорѳанъ* (/П: ТИ/, /С: БП/). Според оваа аналогија, и името Јован, во споменатиот неделник, се пишува со графемата *І* – /ПАТ: ОКОБП-1/ Святый Іоаннъ Владиміръ (‘свети Јован Владимир’).

[164] Ова е еден од ретките примери во кои сонантот *ј* се предава со *и* наместо според вообичаената практика на Џинот – со *й* (сп.: /ПИС: 25 септември 1856/ Трайковъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Трайковъ).

[165] По графемата *я* ја пишува и графемата *а*.

(Господи) Јисусе Хрісте; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисусъ Хрістосъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Св. Јоаннъ Дамаскинъ (името е дадено во список, со почетна голема буква на скратеницата *Св.*); /ПИС: 1 септември 1856/ Јовъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ 1854 Јануарій (Первый); /ПИС: 6 јануари 1857/ 6 Јануарій 1857;

– во средината на зборот: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (да си) појавите.

б) Гласот *ј* на крајот на зборот го бележи на вообичаен начин со *й*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ той; /ПИС: 9 февруари 1855/ овой; /ПИС: 9 февруари 1855/ кой; /ПИС: 12 февруари 1856/ некой; /ПИС: 25 септември 1856/ никой; /ПИС: 25 септември 1856/ чай; /ПИС: 7 мај 1856/ никой; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ никой; /ПИС: 1 септември 1856/ стой (‘стои’; глаголска форма за третото лице во еднина на сегашното време); /ПИС: 4 септември 1856/ овой; /ПИС: 5 јуни 1877/ некой; /ПИС: 12 февруари 1868/ кой (‘кој’); /ПИС: 12 февруари 1868/ стой (‘стои’); /ПИС: 30 август 1876/ мой (ученикъ); /ПИС-1: 23 април 1859/ кой; /ПИС-1: 23 април 1859/ той (‘тој’); /ПИС: 30 август 1876/ никой; /ПИС: 30 август 1876/ той; /ПИС: 22 октомври 1878/ некой; /ПИС: 22 октомври 1878/ мой; /ПИС: 4 септември 1856/ нейныте (‘нејзините’); /ПИС-1: 23 април 1859/ нейно; /ПИС: 19 октомври 1856/ твой; /ПАТ: ОКОБП-2/ кой; /С: БП/ кой; /ПАТ: ОКОБП-1/ никой. Како што може да се види од примерите, графемата *й* ја користи при образувањето форми на сегашното време (за третото лице во еднина), форми на личните и показните заменки, како и во пишувањето на формите на присвојните заменски придавки што според денешниот правопис завршуваат на *-ј*.

Графемата *й* се пишува и на крајот на следните зборови: /ПИС-1: 9 септември 1856/ край (‘завршок на населено место’); /ПИС: 30 август 1876/ рай; /ПИС: 22 октомври 1878/ Тогай (‘тогаш’); /ПИС: 19 октомври 1856/ покрай; /ПИС: 25 септември 1856/ Миней (‘книга со текстови за светителите во православната црква, распоредени по денови за секој ден во месецот’); /ПИС: 19 октомври 1856/ Лицей (‘лицеј, средно училиште од интернатски тип’).

Меѓу формите што завршуваат со графемата *й* се среќаваат и сопствени имиња: /СДИ: РПЧ-1/ Благой; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій (Кастріотъ) (‘Георгиј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ Діонисій (‘Дионисиј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ Григорій (‘Григориј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ (Великій) Атанасій (‘Атанасиј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ (великій) Василій (‘Василиј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ Тимотей (‘Тимотеј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ Генадій (‘Генадиј’); /ПИС-1: 23 април 1859/ (великій) Тарасій (‘Тарасиј’); /ПИС: 27 август 1856/ Меркурій (‘Меркуриј’); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Філотей (‘Филотеј’); /ПИС: 27 август 1856/ Азмостей (‘Азмостеј’).

в) Графемата *й* е дел и од наставката *-йки* за формите на глаголскиот прилог: /ПИС: 5 јуни 1877/ видейки; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ желейки; /ПИС: 27 август 1856/ гледайки; /ПИС: 23 февруари 1857/ доходейки; /ПИС: 23 февруари 1857/ радуейки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /С: БП/ говорейки.

г) Исто така, графемата *й* се среќава и во рамките на формообразувачката честица *най-* за формите на суперлативот: /ПИС: 9 октомври 1856/ найпокорный; /ПИС: 12 февруари 1856/ наймужественный; /ПИС: 12 февруари 1856/ найвѣрный; /ПИС: 12 февруари 1856/ найблагодушны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ наймилый; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ найстары; /ПИС: 19 октомври 1856/ наймало; /ПИС: 19 октомври 1856/ наймалко; /ПИС: 19 октомври 1856/ наймилый; /ПИС: 6 јануари 1857/ найвелико; /ПИС: 30 август 1876/ найвеликъ; /ПИС: 30 август 1876/ найпосле; /ПИС: 1 септември 1856/ найголемите; /ПАТ: ОКОБП-1/ най славны. Како што може да се види од дадените примери, по традиција, се среќава и на крајот на зборот кај некои поархаични суперлативни форми: /ПИС: 9 октомври 1856/ найпокорный; /ПИС: 12 февруари 1856/

наймужественный; /ПИС: 12 февруари 1856/ найвѣрный; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ наймилый; /ПИС: 19 октомври 1856/ наймилый.

д) Оваа графема ја среќаваме и во следните зборови: /ПИС: 12 февруари 1856/ (Македонските и питомы и дивльи) обычай (*обычай* – множинска форма на именка); /ПИС: 12 февруари 1856/ войнство; /ПИС-2: 28 април 1856/ знайте (форма на заповедниот начин); /ПИС: 12 февруари 1856/ дай (форма на заповедниот начин); /ПИС: 12 февруари 1856/ пріимай (форма на заповедниот начин); /ПИС: 7 мај 1856/ айдуцы; /ПИС: 7 мај 1856/ влайко (се однесува на припадник на етничката група Власи); /ПИС: 7 мај 1856/ влайка (изведена форма од *влайко*; зборoформата содржи падежна наставка); /ПИС: 7 мај 1856/ влайковъ (гробъ) (‘влашки гроб’); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ простосрдечный; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ ревнивый (‘ревносен’); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ стоймъ; /ПИС: 15 април 1856/ Имайте (стрпѣніе) (форма на заповедниот начин); /ПИС: 15 април 1856/ не чекайте (форма на заповедниот начин); /ПИС: 15 април 1856/ имайте (страхъ) (форма на заповедниот начин); /ПИС: 9 октомври 1856/ вѣруйте (ми) (форма на заповедниот начин); /ПИС: 19 октомври 1856/ пойскай (ми) (форма на заповедниот начин); /ПИС: 19 октомври 1856/ Заповѣдай (Брате В. Якшиће) (форма на заповедниот начин); /С: Б-ЛБ-4/ знайте (форма на заповедниот начин); /СДИ: Б/ найде; /СДИ: Б/ чувай (форма на заповедниот начин); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ крми (гой) – (авторот, употребувајќи загради, го дообјаснува значењето со глаголската форма *гой* за третото лице во еднина на сегашното време); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ верный; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ постояный; /ПИС: 27 август 1856/ мраморный; /ПИС: 27 август 1856/ (врхъ) Планинскій; /ПИС: 27 август 1856/ Египетскій блудный Азмостей; /ПИС: 27 август 1856/ заблуденый; /ПИС: 1 септември 1856/ младый (Князь); /ПИС: 1 септември 1856/ (Манастыры) Матейчъ (станува збор за манастирите во с. Матејче); /ПИС: 1 септември 1856/ войнство; /ПИС: 4 септември 1856/ Тесалийски; /ПИС: 19 октомври 1856/ пристойно; /ПИС: 19 октомври 1856/ Ришелевскій Лицей (*Ришељевски лицеј* – познато училиште во Одеса, отворено во 1817 г., работи и ден-денес); /ПИС: 19 октомври 1856/ (самь твой) готовый; /ПИС: 29 декември 1856/ Плачевный (J. X. Константіновъ); /ПИС: 29 декември 1856/ бѣдный (J. X. Константіновъ); /ПИС: 15 февруари 1857/ Любезный мой (защитницы); /ПИС: 15 февруари 1857/ (Пасапорть) австрійски; /ПИС-1: 23 април 1859/ (не можете да) найдете; /ПИС-2: 23 април 1859/ войводы; /П: ЖИМ/ майка; /ПИС-2: 23 април 1859/ (царски) обычай; /ПИС-2: 23 април 1859/ ке дойде; /ПИС: 5 јуни 1877/ спокойствіето; /СДИ: ДЧМГОН/ свойство; /СДИ: УУ-2/ войска; /ПИС: 5 јуни 1877/ (ще) дойдамъ; /ПИС: 1 јули 1877/ (ке) дойдемъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ дойдамъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Славянскый; /ПАТ: ОКОБП-1/ Болгарскый (языкь); /ПАТ: СОДРСБ/ убійцы; /П: ТИ/ девойки; /П: ТИ/ дойдоха; /П: ТИ/ дай (форма на заповедниот начин); /П: ТИ/ следуйте (форма на заповедниот начин); /С: БП/ Цариградскій; /С: БП/ достойни. Како што може да се види од примерите, оваа графема ја користи и при образувањето форми на заповедниот начин, како и во некои поархаични придавски форми, каде ја употребува по традиција.

ѓ) Цинот ги користи и графемите *я* (*я* = *ја*) и *ѣ* (*ѣ* = *је*; *ѣ* = *е*; *ѣ* = *ја*): /ПИС: 25 септември 1856/ гроздѣ (‘грозје’; форма на збирната множина,); /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско приморіе; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /С: БП/ рѣчникъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ недѣля (‘недела’). Употребата на наведените графеми детално е прикажана претходно во делот за самогласките (в. п. стр. 88–91).

2.3.10. Пишување на согласката *к*

а) Со графемата *к* започнуваат следните зборови: /ПИС-2: 23 април 1859/ кожа; /ПИС-2: 23 април 1859/ кнезовы; /ПАТ: СОДРСБ/ калугеръ; /ПИС: 10 август 1864/ книжица; /ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС: 30 август 1876/ къщичка (‘куќичка’); /ПИС: 30 август 1876/ кокошката; /ПАТ: JCC/ конопъ; /ПАТ: JCC/ кромидъ; /ПИС: 30 август 1876/ кога; /ПИС: 30 август 1876/ се крыямъ; /ПИС: 1 јули 1877/ клеветыте; /ПИС: 1 јули 1877/ клеветникът; /ПИС: 1 јули 1877/ клеветницы; /ПИС: 1 јули 1877/ кућа; /ПАТ: ЉПТ/ кадія; /ПИС: 22 октомври 1878/ книжка; /ПАТ: М-Б/ консулы; /ПИС: 22 октомври 1878/ кныгы; /ПАТ: ЦГС/ круши; /ПАТ: ЦГС/ кайсіи; /ПАТ: ЦГС/ кокошки; /ПАТ: JCC/ кошуты; /ПАТ: ОП/ кафеане; /ПАТ: ОП/ кайцы (множинска форма од *каик*; рибарски чамци); /ПИС: 22 октомври 1878/ колай (‘лесно, без тешкотии’); /СДИ: Б/ камили; /А-1/ келибаръ (‘килибар’); /А-2/ келибаръ; /СДИ: УУ-4/ крыля; /ПИС: 22 октомври 1878/ (сумъ) казалъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ кажамъ.

б) *К* се пишува пред самогласките *е* и *и* во зборовите: /ПИС: 4 септември 1856/ Македонски; /ПИС: 12 февруари 1868/ Македонія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скептичното; /ПИС: 30 август 1876/ кирія; /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи; /ПИС: 5 јуни 1877/ врукина; /ПИС: 4 септември 1856/ паки (‘повторно’).

в) Графемата *к* се употребува во многу случаи кои според денешниот правопис се пишуваат со *ќ*: /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ (‘Ќустендил’); /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки; /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС: 9 февруари 1855/ ке (испратамъ); ПИС-2: 23 април 1859/ ке (дойде) (в. п. стр. 126–128).

2.3.11. Пишување на согласката *л*

а) Графемата *л* се пишува во почетокот на зборот во следните примери: /ПИС: 1 септември 1856/ ливади; /ПАТ: JCC/ лисицы; /ПАТ: JCC/ ленъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Леона (Отца) (зборофомата содржи падежна наставка; *Леон*); /ПИС: 19 октомври 1856/ лице; /ПИС-2: 23 април 1859/ лица; /ПИС: 12 февруари 1868/ ласкамъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ лажата (‘лагата’); /ПИС: 1 јули 1877/ ленивостьта; /ПИС: 1 јули 1877/ (да се) лечиме; /ПИС: 1 јули 1877/ литургія; /ПИС: 1 јули 1877/ лапачите; /С: И/ Лажичарникъ.

б) *Л* се пишува и во зборовите: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ инструментално; /ПИС-4: 12 јуни 1856/ желимъ; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ жално; /ПИС: 12 февруари 1868/ (да се) улигуемъ; /ПИС: 1 јули 1877/ молитвы; /ПИС-1: 23 април 1859/ Правителството; /ПИС: 27 август 1856/ (в) земли (зборофомата содржи падежна наставка).

в) Некогашното самогласно *л* се среќава многу ретко и се бележи со диграфите *лъ* и *ъл*: /Т: И/ тлъчникъ; /С: УСУ/ дължина.

2.3.12. Пишување на согласката *љ*

а) Јордан Хаџи Константинов-Џинот во својата писмена практика прави разлика помеѓу мекото и тврдото *л*, што покажуваат примерите од делот *2.3.11. Пишување на согласката л* (в. п. стр. 118). Според Конески (1996а: 68; 2004: 115), со графемата *љ* се означува меката согласка што му се спротивставува на тврдото *л*, а еден вид полумеко *л*, еднакво по изговор со *л* пред самогласките *е*, *и*, постои во системот на велешкиот говор.

б) Гласот *љ*, односно мекото *л,* во писмената практика на Џинот се предадени со неколку различни диграфи: *лћ*, *ля*, *ль*, *лю*, а во еден случај користи и запирка десно во горниот дел на графемата *л* (*л'*): /ПИС: 25 март 1856/ пол'зу (зборoформата содржи падежна наставка; *по̄лза*). Станува збор за вообичаени начини на бележење во тоа време што се среќаваат и кај други современици на Џинот.

Табела бр. 17: Начини на предавање на согласката *љ*

лћ	**ля**	**ль**	**лю**
1. /ПИС: 27 август 1856/ пепелћ	1. /ПИС: 9 февруари 1855/ хиляда	1. /ПИС: 12 февруари 1856/ дивльи	1. /ПИС: 12 февруари 1856/ люби
2. /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплћ	2. /ПИС: 9 февруари 1855/ преставлямъ	2. /ПИС-2: 28 април 1856/ учительство	2. /ПИС: 12 февруари 1856/ властолюбство
3. /ПИС: 5 јуни 1877/ лћностьта	3. /ПИС: 12 февруари 1856/ (Моріовски) селяны	3. /ПИС-2: 28 април 1856/ учитель	3. /ПИС: 12 февруари 1856/ гостолюбивый
4. /ПАТ: ОКОБП-1/ послћ	4. /ПИС: 12 февруари 1856/ земля	4. /ПИС: 7 мај 1856/ губительство	4. /ПИС: 12 февруари 1856/ любовъ
5. /ПАТ: ОКОБП-1/ Най послћ	5. /ПИС-1: 28 април 1856/ 3 апрля (‘април‘; зборoформата содржи падежна наставка)	5. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ польза	5. /ПИС: 25 март 1856/ любопитство
6. /ПАТ: ОКОБП-1/ лћто (6837)	6. /ПИС-1: 28 април 1856/ пріятеля (зборoформата содржи падежна наставка)	6. /ПИС-1: 9 септември 1856/ доказательства	6. /ПИС: 25 март 1856/ любопитны
	7. /ПИС-2: 28 април 1856/ воля	7. /ПИС: 19 октомври 1856/ Пріятельство	7. /ПИС-2: 28 април 1856/ по трудолюбивъ
	8. /ПИС: 7 мај 1856/ хилядо (црквы)	8. /ПИС: 19 октомври 1856/ пріятельството	8. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ возлюбленното
	9. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ являмъ	9. /ПИС: 19 октомври 1856/ Правительство	9. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ любовъ
	10. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ хилядо	10. /ПИС: 19 октомври 1856/ колько	10. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ любимъ
	11. /ПИС: 27 август 1856/ копилякъ	11. /ПИС: 19 октомври 1856/ только	11. /ПИС-1: 9 септември 1856/ залюби
	12. /ПИС: 1 септември 1856/ Краля (зборoформата содржи падежна	12. /ПИС: 19 октомври 1856/ правительството	12. /ПИС-1: 9 септември 1856/ любовь

	наставка)		
	13. /ПИС: 1 септември 1856/ селяни	13. /ПИС: 6 јануари 1857/ Правительство	13. /ПИС-3: 9 септември 1856/ Љубляне (топоним во областа Тиквешија)
	14. /ПИС: 1 септември 1856/ хиляды	14. /ПИС: 6 јануари 1857/ светительство	14. /ПИС: 25 септември 1856/ Љубанцы
	15. /ПИС: 19 октомври 1856/ Перпендикулярно (лат. *perpendicularis* – поим од геометријата, перпендикуларно, пресекување под агол од 90 степени)	15. /ПИС-1: 4 декември 1858/ Правительство	15. /ПИС: 27 август 1856/ Люботинъ
	16. /ПИС: 19 октомври 1856/ хиляды	16. /ПИС-1: 4 декември 1858/ Попечительство (Просвещенія) (*Попечительство* – настојништво, раководен орган)	16. /ПИС: 27 август 1856/ заключали
	17. /ПИС: 29 декември 1856/ скоплянски (граждане)	17. /ПИС-2/ правительство	17. /ПИС: 27 август 1856/ Љубанцы
	18. /ПИС: 6 јануари 1857/ скоплянски (мезличъ)	18. /ПИС-1: 23 април 1859/ Гильфердингъ	18. /ПИС: 27 август 1856/ трудолюбивите
	19. /ПИС-1: 4 декември 1858/ подкреплявате	19. /ПИС-2: 4 декември 1858/ колько	19. /ПИС: 1 септември 1856/ трудолюбиви
	20. /ПИС: 30 август 1876/ селякъ	20. /ПАТ: ОКОБП-1/ Ельбасана (‘Елбасан’; зборoформата содржи падежна наставка)	20. /ПИС: 1 септември 1856/ гостолюбиви
	21. /ПИС: 1 јули 1877/ неволя		21. /ПИС: 1 септември 1856/ Гостолюбіе
	22. /ПИС: 1 јули 1877/ исцеляватъ		22. /ПИС: 19 октомври 1856/ Любимъ
	23. /ПИС: 22 октомври 1878/ хиляды		23. /ПИС: 19 октомври 1856/ (Сладкій ми) Добродѣтелю!
	24. /ПИС: 22 октомври 1878/ воля		24. /ПИС: 19 октомври 1856/ човеколюбіе
	25. /С: БП/ земля		25. /ПИС: 19 октомври 1856/ родолюбъ
	26. /С: БП/ крыля		26. /ПИС: 29 декември 1856/ злоключеніе
	27. /ПИС-2/ недѣля		27. /ПИС: 15 февруари 1857/ любовъ
	28. /ПАТ: ОКОБП-1/ хилядо (добрины)		28. /ПИС: 15 февруари 1857/ Любезный (мой защитницы!)
	29. /ПАТ: ОКОБП-2/		29. /ПИС: 23 февруари

	селяны		1857/ братолюбство
	30. /ПИС-1: 9 септември 1856/ хиляды		30. /ПИС-1: 4 декември 1858/ любопытна
	31. /ПИС-3: 9 септември 1856/ Веляновы		31. /ПИС-1: 23 април 1859/ любимъ
	32. /ПИС: 25 септември 1856/ 9 и 12 февраля (‘февруари’; збороформата содржи падежна наставка)		32. /ПИС: 12 февруари 1868/ родолюбства
	33. /ПИС-2: 23 април 1859/ желята (‘желбата’)		33. /ПИС: 12 февруари 1868/ любовь
	34. /ПИС: 1 јули 1877/ исцѣляватъ		34. /ПИС: 30 август 1876/ љубовта
	35. /ПАТ: М-Б/ Битоля		35. /ПИС: 30 август 1876/ любовъ
	36. /ПАТ: ЉПТ/ Љубљано-Пеонія		36. /ПИС: 1 јули 1877/ любов (не се употребува јор/јер во крајна позиција)
	37. /ПАТ: СОСНМП/ земля		37. /ПИС: 22 октомври 1878/ люды
	38. /СДИ: РПЧ-1/ Селяко		38. /ПИС: 1 јули 1877/ Пріятелю (мой) (вокативна форма на именка)
	39. /СДИ: Б/ селяни-те		39. /ПИС: 1 јули 1877/ небратолюбіето
	40. /С: УСУ/ земля та		40. /ПАТ: ОКОБП-2/ трудолюбивъ
	41. /СДИ: УУ-4/ крыля		41. /ПАТ: ОКОБП-2/ трудолюбиви
	42. /ПИС: 30 август 1876/ недѣля		42. /ПАТ: ОКОБП-2/ любопытни
			43. /ПАТ: ОКОБП-1/ кралюе (збороформата содржи падежна наставка)
			44. /ПАТ: ОКОБП-1/ родолюбецъ
			45. /П: ТИ/ любимъ
			46. /ПАТ: К/ браолюбіе
			47. /ПАТ: АОБОТП/ честолюбивы
			48. /СДИ: РПЧ-1/ Добролюбъ
			49. /П: ЖИМ/ Лютвидъ
			50. /СДИ: МДМОРИБ/ люби

			51. /А-1/ Любезенъ
			52. /С: Б/ любовь

в) Од наведените примери може да се заклучи дека во случаите каде што според денешниот правопис се среќава коренот *љуб-*, Џинот доследно пишува *люб-* (/ПИС: 15 февруари 1857/ любовъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ трудолюбивъ; /ПИС: 23 февруари 1857/ братолюбство; /ПИС-1: 4 декември 1858/ љубопытна итн.), а таму каде што според денешниот правопис се пишува сонантската група *-лј-* Џинот пишува *-ля-* (/ПИС: 9 февруари 1855/ хиляда; /С: БП/ крыля; /ПИС: 22 октомври 1878/ воля vs *илјаѳа*, *крилја*, *волја*).

2.3.13. Пишување на согласката *м*

Графемата *м* се пишува во почетокот на зборот во следните примери: /ПИС: 4 септември 1856/ Македонски; /ПИС: 30 август 1876/ мене; /ПАТ: ЦГС/ млеко; /ПИС: 30 август 1876/ мыслите (глаголска форма); /ПИС: 30 август 1876/ махалото (тур. *mahalle* – маало, дел на градска или селска населба); /ПИС: 30 август 1876/ може; /ПИС: 30 август 1876/ молать; /ПИС: 30 август 1876/ миръ; /ПИС: 30 август 1876/ мука (‘мака’); /ПИС: 5 јуни 1877/ Міратъ (‘мирот’; употребена е голема почетна буква); /ПИС: 1 јули 1877/ мытаръ (стсл. ***мытарь*** – цариник); /ПИС: 1 јули 1877/ мужеложство (содомство и гоморство) (толкувањето на значењето на поимот е дадено во загради од страна на авторот – Џинот); /ПИС: 1 јули 1877/ молитвы; /ПАТ: ЦГС/ минералы; /ПИС: 1 јули 1877/ не са могли; /ПИС: 1 јули 1877/ манастирыте; /ПИС: 22 октомври 1878/ мука; /ПИС: 22 октомври 1878/ место; /ПАТ: ЦГС/ мушмули; /ПАТ: ЦГС/ мисирки; /ПИС: 22 октомври 1878/ мудры; /ПИС: 22 октомври 1878/ моето; /ПИС: 22 октомври 1878/ мирно; /П: ДВ/ механа (тур. *meyhane* – меана, крчма, гостилница); /П: ЖИМ/ майка.

2.3.14. Пишување на согласката *н*

а) Со графемата *н* започнуваат следните зборови: /ПИС: 30 август 1876/ никого; /ПИС: 30 август 1876/ нищо; /ПИС: 30 август 1876/ ни; /ПИС: 30 август 1876/ нещатъ (‘нејќат’); /ПИС: 30 август 1876/ нещалъ (‘нејќел’); /ПИС: 30 август 1876/ нема; /ПИС: 30 август 1876/ назобенъ; /ПИС: 30 август 1876/ недѣля; /ПИС: 5 јуни 1877/ наскоро; /ПИС: 5 јуни 1877/ нашы; /ПИС: 5 јуни 1877/ народыте; /ПИС: 5 јуни 1877/ наспано; /ПИС: 5 јуни 1877/ некня (‘некни’); /ПИС: 1 јули 1877/ неволя; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ (печатена) на (1802); /ПИС: 1 јули 1877/ невоздържанієто; /ПИС: 1 јули 1877/ нелюбовьта; /ПИС: 1 јули 1877/ нестроенієто; /ПИС: 1 јули 1877/ несогласієто; /ПИС: 1 јули 1877/ небратолюбієто; /ПИС: 1 јули 1877/ нищо; /ПИС: 1 јули 1877/ нашь; /ПИС: 1 јули 1877/ нихъ; /ПИС: 1 јули 1877/ наравы; /ПИС: 22 октомври 1878/ нема; /ПИС: 22 октомври 1878/ назадъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ негли (‘можеби’); /ПИС: 22 октомври 1878/ науки; /ПИС: 22 октомври 1878/ ново; /ПИС: 22 октомври 1878/ Небо; /ПИС: 22 октомври 1878/ народы; /ПИС: 22 октомври 1878/ нула (станува збор за цифрен знак –

0, што означува отсуство); /ПИС: 1 јули 1877/ никаковъ; /ПИС: 1 јули 1877/ никаква; /ПИС: 1 јули 1877/ недугы (*неⷣугъ* – болест, телесен или душевен недостаток).

б) Графемата *н* се пишува и во зборовите: /ПИС-3: 7 јуни 1856/ сочинена; /ПИС: 19 октомври 1856/ просторно; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скептичното; /ПИС-2: 4 декември 1858/ многоцененъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ драгоцена; /ПИС: 12 февруари 1868/ драгоцены.

2.3.15. Пишување на согласката *њ*

а) Според Конески (1996а: 70), мекото *н* се добило во прасловенскиот јазик од групата *nj* (со старо јотување; * *kon'ь*, *ban'a*, *n'ego*), а меко *н* се добило и со ново јотување во групата *-ньj-* по губењето на еровите (*носен'е*, *молен'е*).

Гласот *њ*, односно мекото *н*[166], во писмената практика на Цинот се предадени со три различни диграфи: *нъ*, *ня*, *нь(я)*.

Табела бр. 18: Начини на предавање на согласката *њ*

нѣ	/ПИС: 9 февруари 1855/ отговаранѣ; /ПИС: 9 февруари 1855/ знанѣ; /ПИС: 7 мај 1856/ милостинѣ; /ПИС-1: 28 април 1856/ истраживанѣ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ станѣ (срп. *стање* – состојба); /ПИС: 6 јануари 1857/ станѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ подпоможуенѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ истраживанѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ рукоплесканѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /ПИС: 22 октомври 1878/ (моето) седенѣ; /ПАТ: ОКОБП-1/ трнѣ; /П: ТИ/, /ПАТ: ОКОБП-1/ ученѣ; /ПАТ: ОКОБП-2/ нѣкой; /П: ТИ/ гнѣздо; /ПАТ: ЦГС/ свинѣ; /П: ДВ/ копанѣ; /СДИ: РПЧ-2/ живеенѣ; /С: С/ каменѣ; /СДИ: МДМОРИБ/ Вранѣ; /СДИ: СВЧ-1/ кршенѣ; /СДИ: СВЧ-1/ срденѣ
ня	/ПИС: 12 февруари 1856/ князевы; /ПИС: 15 април 1856/ сумня (срп. *сумња* – сомневање); /ПИС-3: 9 септември 1856/ дополняваме; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ спомињте; /ПИС: 1 септември 1856/ Князь; /ПИС: 1 септември 1856/ (Манастирско село) Бошняни; /ПИС: 1 септември 1856/ (се праватъ найдобри) Шейшаниня (Пиштолы) (тур. *şişhane* – вид долга пушка чиј внатрешен дел на цевката има шест жлебови); /ПИС-1: 4 декември 1858/ (Правительство) Княжества (Ср'бій); /ПИС: 5 јуни 1877/ некня; /ПИС: 1 јули 1877/ изгонятъ; /ПИС: 1 јули 1877/ изгоняватъ; /П: ТИ/ просвещеня; /П: ТИ/ дѣчиня; /ПАТ: ОКОБП-1/ подчиняваше; /ПАТ: ОКОБП-2/ Болгарчиня; /ПАТ: ОКОБП-2/ Цинцарчиня; /ПАТ: ОКОБП-1/ пленяше; /ПАТ: В/ Пчиня; /ПАТ: ЉПТ/ свиня; /ПАТ: ЦГС/ (село) Баняни; /П: РВ/ Пчиня; /С: ВП/ княжествата; /С: СИ/ Князъ
нь(я)	/ПИС-1: 28 април 1856/ захтеванье; /ПИС: 6 јануари 1857/ кньижество; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бошньякъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ коньи ('коњи'); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Неманьицы (и Кули) Неманьиковы; /ПИС: 25 септември 1856/ Обявленье; /ПИС: 23 февруари 1857/ (две рукописне) кньиге; /ПИС: 30 август 1876/ конь; /ПАТ: ОКОБП-1/ Крньино

Овие начини на бележење на *њ* се вообичаени за времето на Цинот. Од наведените примери може да се заклучи дека во случаите каде што, според денешниот правопис, се среќава наставката *-ње* во рамките на глаголските именки или наставките *-је* и *-ја* за формите на збирната множина (при што се добиваат завршоци *-ње*, *-ња*), Јордан Хаџи Константинов-Цинот доследно пишува *-нъ* (/ПИС: 7 мај 1856/ милостинѣ;

[166] Конески (1996: 71) го наведува велешкиот говор, родниот говор на Јордан Хаџи Константинов-Цинот, како еден од говорите што го чуваат мекото *н* во системот и што покажуваат нефонетско заменување на *н* со овој глас на крајот на некои зборови (*ⷳрон'*, *лимон'*), а во случаите како *корен'*, *камен'*, има наклонување кон формите за збирна множина (*корен'е*, *камен'е*), што се одразило и на изговорот на мекото *н* и во другите случаи.

/ПИС-1: 28 април 1856/ истраживанѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /С: С/ каменѣ итн.), додека множинската наставка *-ињa*, според денешниот правопис, ја предава со *-иня* (/ПАТ: ОКОБП-2/ Болгарчиня; /ПАТ: ОКОБП-2/ Цинцарчиня).

б) Интересни решенија во поглед на изборот на графемите може да се согледаат во примерите со зборoформата *книг҃и* во писмото од 23 февруари 1857 г. Така, во примерот /ПИС: 23 февруари 1857/ *ѳве рукоп҃исне кньиг҃е*, употребата на *нь* е резултат на неговото свесно приклонување кон српскиот јазик и правопис. Понатаму, во рамките на истото писмо се среќаваат уште две различни зборoформи, од кои едната содржи *нь*, а другата не содржи и претставува затврднато *н*: /ПИС: 23 февруари 1857/ кньигы vs /ПИС: 23 февруари 1857/ книгы.

2.3.16. Пишување на согласката *п҃*

а) Графемата *п҃* се пишува на почетокот на следните зборови: /ПИС: 9 октомври 1856/ писмо; /ПИС: 9 октомври 1856/ пакъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ поне (стсл. ***понє*** – барем); /ПИС: 19 ноември 1856/ Признаница; /ПИС: 30 август 1876/ пріатели; /ПИС: 30 август 1876/ пріятелщина; /ПИС: 30 август 1876/ прибѣжище; /ПИС: 30 август 1876/ повече; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 30 август 1876/ прость; /ПИС: 30 август 1876/ прилега; /ПИС: 30 август 1876/ поученія; /ПИС-1: 23 април 1859/ после; /ПИС: 5 јуни 1877/ после; /ПИС-2: 23 април 1859/ пани (‘господа’; пол., чеш., словач. *pan* – господин); /ПИС: 12 февруари 1868/ писаніе; /ПИС: 12 февруари 1868/ превелъ; //ПИС: 12 февруари 1868/ (се е) превело; /ПИС: 12 февруари 1868/ правилото; ПИС: 30 август 1876/ право; /ПИС: 30 август 1876/ простотата; /ПИС: 30 август 1876/ первенцы; /ПИС: 5 јуни 1877/ предаденъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ плотьта (*п҃лоть҃та* – членувана форма); /ПИС: 1 јули 1877/ подстреканіето (‘поттикнување нешто лошо’); /ПИС: 1 јули 1877/ предъ; /ПИС: 1 јули 1877/ піяница; /ПИС: 1 јули 1877/ путь (‘пат, површина наменета за одење или за патување од едно место во друго’); /ПИС: 1 јули 1877/ право; /ПИС: 5 јуни 1877/ правите; /ПИС: 5 јуни 1877/ пожеланіята; /ПИС: 5 јуни 1877/ піянството; /ПИС: 1 јули 1877/ протестаны (*п҃роть҃стан҃ти* – припадници на протестантизмот; во зборoформата е испуштена согласката *т҃*); /ПИС: 1 јули 1877/ полно; /ПИС: 1 јули 1877/ Причещеніе; /ПИС: 1 јули 1877/ песъкъ (‘песок’); /ПИС: 22 октомври 1878/ писмо; /ПИС: 22 октомври 1878/ поуките; /ПИС: 22 октомври 1878/ правилото; /ПИС: 22 октомври 1878/ Прилепъ; /ПИС: 30 август 1876/ пріятель; /ПИС: 30 август 1876/ пріятелъ; /ПИС: 30 август 1876/ приятели; /ПИС: 30 август 1876/ пріятели; /ПАТ: СОСНМП/ поясъ; /СДИ: МДЖ/ Помощь; /П: ПСУМ/ примѣръ (‘пример’); /С: И/ Пиперникъ; /А-2/ пепелъ.

б) Со графемата *п҃* го пишува и зборот *ст҃олб* – според денешниот правопис: /ПИС: 1 септември 1856/ столпъ; /ПИС: 27 август 1856/ (мраморный) столповъ (‘столбови’). Цинот, веројатно воден од изговорот, одлучува зборот да го напише со графемата *т҃* (како знак за безвучната согласка *т҃*), бидејќи звучните согласки на крајот на зборот, како што е согласката *б*, во македонскиот јазик се изговараат како нивниот безвучен парник – во овој случај *п҃*. Се разбира, јор на крајот на зборот нема гласовна вредност.

2.3.17. Пишување на согласката *р*

а) Со графемата *р* се бележи согласката *р* во следните случаи: /ПИС-1: 23 април 1859/ ругале; /ПАТ: СОСНМП/ руда; /ПИС: 30 август 1876/ рай; /ПИС: 30 август 1876/ работите; /ПИС: 30 август 1876/ ревнитель; /ПИС: 30 август 1876/ разговоръ; /ПИС: 30 август 1876/ (хиляды) работи; /ПИС: 1 јули 1877/ раскошностьта; /ПИС: 1 јули 1877/ разорєніе; /ПИС: 1 јули 1877/ расколницы; /ПИС: 1 јули 1877/ разумъ; /ПИС: 1 јули 1877/ равенъ (‘еднаков’); /ПИС: 1 јули 1877/ развратницы; /С: Б-ЛБ-4/ Римъ; /ПИС: 1 јули 1877/ репіе (стсл. ***ρєпıє*** – чичка; лат. *Arctium*).

б) Употребата на самогласното *р* се разгледува во делот *2.2. Пишување на самоѓласкӣте* (в. п. стр. 86–88).

2.3.18. Пишување на согласката *с*

а) Со графемата *с* започнуваат следните зборови: /ПИС-2: 9 септември 1856/ село; /ПИС: 12 февруари 1856/ Славяне (‘Словени’); /ПИС: 25 март 1856/ Сирахъ (філософъ); /ПИС: 1 септември 1856/ собы; /ПИС: 25 март 1856/ съ (‘со’; предлог); /ПИС: 1 септември 1856/ съ (изобилна студена вода); /ПИС: 27 август 1856/ населено; /ПИС: 1 септември 1856/ столпъ; /ПИС: 27 август 1856/ (мраморный) столповъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ сила; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ сто (‘број и количество 100’); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ стара; /ПИС: 1 септември 1856/ съ (надписъ: Стефанъ властелинъ); /ПИС: 1 септември 1856/ Стояново село; /ПИС: 1 септември 1856/ Сливовиѣъ (Сливовиќ – месност во општина Чучер-Сандево); /ПИС: 1 септември 1856/ (држи) скиптро (станува збор за *скип̄т̄ар* – царски жезол со бесценети камења и резба); /ПИС: 15 февруари 1857/ слуга; /ПИС: 23 февруари 1857/ сега; /ПИС: 4 септември 1856/ снага; /ПИС: 19 октомври 1856/ съ (надежда); /ПИС: 29 декември 1856/ старины; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Слово (станува збор за литературен вид со религиозна содржина); /ПИС-1: 23 април 1859/ сакате; /ПИС-1: 23 април 1859/ стари; /ПИС-1: 23 април 1859/ скоро; /ПИС-1: 23 април 1859/ срдце; /ПИС-1: 23 април 1859/ съ старины; /ПИС: 30 август 1876/ само; /ПИС: 30 август 1876/ светлостъ; /ПИС: 30 август 1876/ светъ; /ПИС: 30 август 1876/ страна; /ПИС: 30 август 1876/ смехъ; /ПИС: 30 август 1876/ сестрите; /ПИС: 30 август 1876/ старицата; /ПИС: 5 јуни 1877/ священна; /ПИС: 5 јуни 1877/ смрть; /ПИС: 5 јуни 1877/ сродность; /ПИС: 5 јуни 1877/ сладко; /ПИС: 5 јуни 1877/ спокойствіето; /ПИС: 5 јуни 1877/ сърдце; /ПИС: 5 јуни 1877/ сега; /ПИС: 1 јули 1877/ срдце; /ПИС: 1 јули 1877/ сила; /ПИС: 1 јули 1877/ содомство; /ПИС: 1 јули 1877/ свещеннство; /ПИС: 1 јули 1877/ се не сѣе (‘не се сее’); /ПИС: 22 октомври 1878/ списатели (‘писатели’); /ПИС-2: 23 април 1859/ судатъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ супани (‘жупани’); /ПИС: 12 февруари 1868/ само; /ПИС: 12 февруари 1868/ списатели; /ПИС: 12 февруари 1868/ слова (литературен вид со религиозна содржина; множинска форма); /ПИС: 5 јуни 1877/ сегашно; /ПИС: 5 јуни 1877/ собратія (хрістіяны); /ПИС: 5 јуни 1877/ слепо; /ПИС: 1 јули 1877/ страсти; /ПИС: 1 јули 1877/ священицыте; /ПИС: 1 јули 1877/ Слеповѣрцы; /ПИС: 1 јули 1877/ светъ; /ПИС: 1 јули 1877/ священството; /ПИС: 1 јули 1877/ средство; /ПИС: 1 јули 1877/ срдцето; /ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце; /ПИС: 22 октомври 1878/ седенѣ; /ПИС: 22 октомври 1878/ сигурно; /ПИС: 22 октомври 1878/ скоро; /ПИС: 22 октомври 1878/ сега; /ПИС: 22 октомври 1878/ спроти; /ПИС: 22 октомври 1878/ Само с (бугарски ученъ човеъ) (предлогот *с* е употребен без јор/јер); /ПАТ: М-Б/ синагогы; /П: А/ свѣща (‘свеќа’); /П: ПСУМ/ солнце (‘сонце’); /П:

РБ/ сосъ (гуслица) (‘со’);/П: ПЈБМ/ самодива; /П: ЖИМ/ сабя; /С: И/ Соларникъ; /С: Б-ЛБ-4/ свидѣтелство; /СДИ: СВЧ-1/ страхъ; /СДИ: ДЧМГОН/ свойство; /С: И/ Софра.

б) Именката *конгрес* (според денешниот правопис) кај Цинот ја има формата *конгрезъ*: /ПИС: 12 февруари 1856/ Конгрезъ Црногорски за Славяне и грецы.

2.3.19. Пишување на согласката *т*

а) Со графемата *т* започнуваат следните зборови: /ПИС: 30 август 1876/ твое; /ПАТ: ЈСС/ тутунъ; /ПАТ: СОДРСБ/ темянъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ твоя; /ПИС: 12 февруари 1868/ таква; /ПИС: 30 август 1876/ тебе; /ПИС: 30 август 1876/ те; /ПИС: 22 октомври 1878/ Тогай; /ПИС: 1 јули 1877/ тълкованіе; /ПИС: 1 јули 1877/ трошенѣто; /ПИС: 1 јули 1877/ тарафать (тур. *taraf* – страна; во овој случај се однесува на поделеност на групи во која доаѓаат до израз неединството, неслогата, раздорот); /ПИС: 1 јули 1877/ темянътъ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /ПИС: 22 октомври 1878/ та (со употреба како сврзник); /ПИС: 5 јуни 1877/ тѣло; /ПИС: 30 август 1876/ той (‘тој’); /ПИС: 19 октомври 1856/ титла; /ПИС: 30 август 1876/ (се) трудите; /ПИС: 5 јуни 1877/ тогава; /П: ЖИМ/ Тещта (‘мајка на сопругата’); /СДИ: ПБД/ тато; /С: СИ/ Тетинъ.

б) Графемата *т* се употребува и во следните зборови: /ПИС: 1 септември 1856/ растояніе; /ПИС-1: 23 април 1859/ (страдамъ) отъ (*отъ* – предлог; ‘од’); /ПИС: 15 февруари 1857/ (Пергамени) фоліянти (*фолијант* – книга во фолио-формат; според *фолио* – посебен формат на книга со големина на половина табак, најчесто пишувана на рака); /ПИС: 5 јуни 1877/ тогава (ще почитавашъ); /ПИС: 5 јуни 1877/ (ще се) исушитъ.

в) Согласната група *шт* се предава на два начини: со графемата *щ* (/ПИС: 12 февруари 1856/ щомъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ що; /ПИС-1: 9 септември 1856/ защо; /ПИС-1: 9 септември 1856/ читалище) и со *шт* (/ПИС-3: 12 јуни 1856/ што; /ПИС: 1 септември 1856/ Штитови; /ПИС: 23 февруари 1857/ іоштъ) (в. п. стр. 138–140).

г) Во некои случаи, согласката *т* се бележи и со графемите *t*, *ѳ* и *ѧ* (в. п. стр. 140–141).

д) Удвојувањето и испуштањето на *т* во писмената практика на Цинот се разгледуваат во делот *2.3.36. Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање* (в. п. стр. 153–155).

2.3.20. Пишување на согласката *ќ*

а) Во анализираниот материјал, колебањето е изразено и при предавањето на *ќ*. Гласот *ќ* кај Цинот се бележи на неколку начини: со употреба на графемата *к* без никакви дополнителни знаци за смекнување; со употреба на дифафите – *кя*, *кі*, *ћ*, *ћя*.

б) Пред преднојазичните самогласки *е*, *и* се предава со *к*: /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ (‘Ќустендил’); /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки; /ПИС: 25 септември 1856/ киріята.

в) *К* се среќава и во рамките на глаголскиот прилог, во наставката *-йки* (*-јќи* според денешниот правопис): /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ желейки; /ПИС: 23 февруари 1857/ доходейки; /ПИС: 23 февруари 1857/ радуейки; /ПИС: 5 јуни 1877/ видейки; /П: ЖИМ/ говорейки; /СДИ: Б/ слушайки; /С: Б/ оживуейки.

г) Честичката *ќе* (според денешниот правопис) во најголем број случаи има форма *ке*.

Табела бр. 19: Пишување на честичката *ќе* (*ке*)

1. /ПИС: 9 февруари 1855/	2. /ПИС: 9 февруари 1855/	3. /ПИС: 9 февруари 1855/	4. /ПИС: 9 февруари 1855/	5. /ПИС: 9 февруари 1855/
ке воспрііма	ке будемо	не ке умремо	ке будатъ	ке испратамъ
6. /ПИС: 9 февруари 1855/	7. /ПИС: 12 февруари 1856/	8. /ПИС: 12 февруари 1856/	9. /ПИС: 25 март 1856/	10. /ПИС: 25 март 1856/
ке предаде	ке следуямъ	ке видите	ке дадамъ	ке видите
11. /ПИС-1: 9 септември 1856/	12. /ПИС-3: 9 септември 1856/	13. /ПИС-3: 9 септември 1856/	14. /ПИС: 9 октомври 1856/	15. /ПИС: 19 октомври 1856/
ке служимъ	ке угоди	ке буде	ке пратамъ	ке се трудимъ
16. /ПИС: 12 февруари 1856/	17. /ПИС: 12 февруари 1856/	18. /ПИС: 12 февруари 1856/	19. /ПИС: 12 февруари 1856/	20. /ПИС: 25 септември 1856/
ке пишеме	ке тражиме	ке опишемъ	ке пишувамъ	ке поклонимъ
21. /ПИС: 25 септември 1856/	22. /ПИС: 25 септември 1856/	23. /ПИС: 25 септември 1856/	24. /ПИС: 25 септември 1856/	25. /ПИС: 25 септември 1856/
ке поможатъ	ке испишемъ	ке быдамъ	ке служамъ	ке идамъ
26. /ПИС: 25 септември 1856/	27. /ПИС: 25 септември 1856/	28. /ПИС: 25 септември 1856/	29. /ПИС-1: 7 јуни 1856/	30. /ПИС-3: 7 јуни 1856/
ке пратамъ	ке принесамъ	ке окренимъ	ке яви	ке тргнатъ
31. /ПИС-1: 12 јуни 1856/	32. /ПИС-1: 12 јуни 1856/	33. /ПИС-1: 28 април 1856/	34. /ПИС-1: 28 април 1856/	35. /ПИС-2: 28 април 1856/
ке пратамъ	ке яви	ке дадимъ	ке прибавимъ	ке ослабнатъ
36. /ПИС-2: 28 април 1856/	37. /ПИС-2: 28 април 1856/	38. /ПИС-1: 28 април 1856/	39. /ПИС: 27 август 1856/	40. /ПИС: 4 септември 1856/
ке метнатъ	ке назначатъ	ке пріимете	ке трпите	ке изнайдеме
41. /ПИС: 9 октомври 1856/	42. /ПИС: 19 октомври 1856/	43. /ПИС: 19 октомври 1856/	44. /ПИС-1: 9 септември 1856/	45. /ПИС: 19 октомври 1856/
ке принесемъ	ке имаме	ке издѣйствуе	ке убіеме	ке пракямъ
46. /ПИС: 19 октомври 1856/	47. /ПИС: 19 октомври 1856/	48. /ПИС: 19 октомври 1856/	49. /ПИС: 19 октомври 1856/	50. /ПИС: 19 октомври 1856/

ке речете	ке пратамъ	ке будам (*буѳам* – не се употребува jор/jер во крајна позиција)	ке испрати	ке буде
51. /ПИС: 29 декември 1856/	52. /ПИС: 6 јануари 1857/	53. /ПИС: 6 јануари 1857/	54. /ПИС: 15 февруари 1857/	55. /ПИС-1: 23 април 1859/
ке (ме) предаду	ке потучиме	ке буде	ке учимъ	ке испратимъ
56. /ПИС-1: 23 април 1859/	57. /ПИС-1: 23 април 1859/	58. /ПИС-2: 23 април 1859/	59. /ПИС-2: 23 април 1859/	60. /ПИС: 12 февруари 1868/
ке пратимъ	ке тужимъ	ке дойде	ке исполнихъ	ке пратиме
61. /ПИС: 12 февруари 1868/	62. /ПИС-1: 28 април 1856/	63. /ПИС: 1 јули 1877/	64. /ПИС: 22 октомври 1878/	65. /ПИС: 22 октомври 1878/
ке поклонимъ	ке се трудамъ	ке дойдемъ	ке прочети	ке каже
66. /ПИС-3: 12 јуни 1856/	67. /ПИС-1: 9 септември 1856/	68. /ПИС-1: 9 септември 1856/	69. /ПИС-1: 23 април 1859/	70. /ПИС: 19 октомври 1856/
ке лажамъ	ке дойде	ке каже	ке пратамъ	ке додадешъ

д) Исто така, Џинот го користи и диграфот *кя* за означување на гласот *ќ*: /ПИС: 12 февруари 1856/ пракямъ; /ПИС: 25 март 1856/ пракямъ; /ПИС: 25 септември 1856/ пракямъ; /ПИС: 25 септември 1856/ се пракя; /ПИС: 7 мај 1856/ пракяятъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ испракямъ, /ПИС-1: 12 јуни 1856/ пракямъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ пракямъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ плакя; /ПИС: 15 април 1856/ не пракяте; /ПИС-1: 23 април 1859/ плакя; /ПИС-1: 23 април 1859/ пракямъ; /ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС: 30 август 1876/ пракяшъ; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Капу-кяя (тур. *kapukahyasi* – висок државен достоинственик, претставник во Високата порта на Отоманското Царство); /ПАТ: ОКОБП-2/ Павликянска; /ПАТ: С/ бракя; /С: Б/ бракята; /СДИ: СВЧ-2/ кукя.

ѓ) Во анализираниот материјал за обележување на *ќ* го користи и диграфот *кі* при пишувањето на името на градот Ќустендил (/ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила), а е присутна и графемата *ћ*, која во македонските текстови се среќава уште одамна, додека во текстовите на Џинот ја среќаваме во неговите писма упатени до Друштвото за српска словесност од Белград, но и во писма упатени до негов пријател од Македонија (в. п. стр. 129–130). Сите овие примери јасно укажуваат на колебањето на Џинот при обележувањето на гласот *ќ*. Колку проблеми му задавало бележењето на овој глас покажува и примерот во кој за бележење го користи диграфот *ћя*: /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраћямъ.

2.3.21. Пишување на графемата *ћ*

а) Графемата *ћ* редовно се користи кај презимињата што завршуваат на *-ћ* во српската јазична средина: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Х. Трајковиќъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ (Браћа) Поповиѣи (‘браќата Поповиќ’); /ПИС: 25 септември 1856/ (Г. Савва) Милиѣевиѣа (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-1: 9 септември 1856/ (Г. Стефанъ) Верховиѣ (не се употребува јор/јер во крајна позиција); /ПИС: 25 септември 1856/ (Вука) Бранковиѣа (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ (Святаго Стефана) Лазаревиѣа (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-1: 4 декември 1858/ (Владимиръ) Якшиѣъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Неманиѣи (се однесува на српската династија Неманиќ); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Лю ! бо ! ми ! ра ! П! Не! на ! до ! ви ! ѣа! (*Ненадовиѣа* – збороформата содржи падежна наставка); /С: Б-ЛБ-4/ (Вука) Караџиѣа (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 4 септември 1856/ (Марка) Кралевиѣа (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 19 октомври 1856/ (Заповѣдай Брате В.) Якшиѣе (вокативна форма). Исто така, со *ћ* се пишува и името на месноста Сливовиќ (месност во општина Чучер-Сандево, во близина на планината Скопска Црна Гора): /ПИС: 1 септември 1856/ Сливовиѣъ.

б) Оваа графема се среќава и во рамките на именките, во различна позиција на зборот, главно за обележување на гласот *ќ* или, поретко, за бележење на српското *ћ* во зборови преземени од српскиот јазик: /ПИС: 12 февруари 1856/ браћа (‘браќа’); /ПИС: 6 јануари 1857/ браћа; /ПИС-1: 9 септември 1856/ собраћа (со употреба како именска форма); /ПИС-1: 28 април 1856/ (Милый мой) Браћа; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Браћа (мой); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (Милыи мои) Браћа; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (Сладкій ми) Браћо; /ПИС: 6 јануари 1857/ ћућа (‘куќа’); /ПИС: 6 јануари 1857/ поћућнина[167] (‘покуќнина’); /ПИС: 1 јули 1877/ кућа (‘куќа’); /ПИС: 1 септември 1856/ (200) куѣи (‘куќи’); /ПИС: 19 октомври 1856/ (годишна) плаћа (‘плата’); /ПИС: 19 октомври 1856/ помоћъ (‘помош’); /ПИС-1: 4 декември 1858/ помоћъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ (Скоро мои) Браћо; /ПИС-1: 23 април 1859/ плаћа (‘плата’); /А-2/ нећатъ.

Имајќи ги предвид податоците што се однесуваат на соработката на Џинот со Друштвото за српска словесност, од една страна, и *Цареградски вестник*, од друга страна, можеме да заклучиме дека тој свесно го менува својот правопис во зависност од намената на текстот. Во педесеттите години на 19 век, Џинот објавува дека сака да го промени својот писмен јазик што го користи во соработката со *Цареградски вестник* и со писмото од 9 февруари 1855 г. до Белградското читалиште бара да му дадат „една Српска граматика синтаксическа, и една Логика... и една свеска Шумадинка... Ова искам за да преокренам правописо ми на српски“ (Димитровски 1983б: 54). Во анализираниот јазичен материјал, во текстовите што се наменети за *Цареградски вестник*, каде што се и отпечатени, како и во писмата од 30 август 1876 г. и 5 јуни 1877 г., испратени до пријател на Џинот од Македонија, речиси не ја употребува графемата *ћ*, што не е случај со писмата што Џинот ги испраќа до Друштвото за српска словесност во Белград. Во писмото од 1 јули 1877 г., упатено до истиот пријател, графемата *ћ* ја употребува само еднаш: /ПИС: 1 јули 1877/ кућа. Во анализираниот јазичен материјал што е објавен во *Цареградски вестник*, графемата *ћ*

[167] Формите *ћућа* (vs *кућа*), *йоћућнина* (vs *йокућанство*), како и колебањето во поглед на употребата, покажуваат дека Џинот е почетник во изучувањето на српскиот јазик, а во овој контекст особено е интересен примерот: /ПИС: 6 јануари 1857/ Да ми пошлете единъ Пашошъ Србски. Овој пример, исто така, може да се толкува и како хиперкоректност.

се среќава во пишувањето на презимето на еден од противниците на Вуковата реформа – д-р Јован Стејиќ (Јован Стејић): /С: Б-ЛБ-3/ Дръ. Іоаванъ[168] Стеићъ.

Од друга страна, треба да имаме предвид дека графемата *ћ* во писмената практика на македонска територија се јавува уште во 16 век, а не е исклучено таа да се употребувала и порано (Стаматоски 1986: 26).

в) Исто така, оваа графема е дел од наставките *-ићи*, *-йћи* – во рамките на некои поархаични форми на глаголскиот прилог, и од наставката *-ћи* (*-јући*) – кај форми што во голем степен наликуваат на српскиот сегашен глаголски прилог (срп. *глагољски прилог садашњи*)[169]: /ПИС-1: 28 април 1856/ прочетуеиħи; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ прочетуейħи; /ПИС: 19 октомври 1856/ имаюħи; /ПИС-1: 9 септември 1856/ неймаюħи; /ПИС: 12 февруари 1856/ незнаюħи; /ПИС-1: 9 септември 1856/ біюħи (‘тепајќи’); /ПИС: 19 октомври 1856/ чекаюħи.

г) Графемата *ћ* се среќава и во други глаголски форми: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ нећете; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраћямъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ праћамъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ (Кога що) ћешъ!?; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ праћа; /ПИС: 4 септември 1856/ хоћете ли да испраћамъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ праћате; /ПИС: 19 октомври 1856/ плаћате; /ПИС: 19 октомври 1856/ праћамъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ испраћамъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ учинићу; /ПИС: 23 февруари 1857/ вратићу; /ПИС: 9 февруари 1855/ биће (добро); /ПИС: 19 октомври 1856/ ке праћамъ.

д) Гласот *ќ* од честицата *ќе* (според денешниот правопис) во мал број случаи се предава со графемата *ћ* (*ће*).

Табела бр. 20: Пишување на честичката *ќе* (*ће*)

1. /ПИС: 1 септември 1856/	**2.** /ПИС: 1 септември 1856/	**3.** /ПИС-1: 9 септември 1856/	**4.** /ПИС: 23 февруари 1857/
ће описеме	ће испишемъ	ће чинамъ	ће доплатити

ѓ) Интересни се примерите во кои сврзникот *будући* го употребува за воведување причина во реченицата (во случајот, ‘бидејќи’): /ПИС: 19 октомври 1856/ **Будући** кажешъ да сте успѣли 2 дуката месечно, то срамно ми е да искамъ (...); /ПИС: 12 февруари 1868/ Писма можете сигурно да и пратите до Г. Коста А. Сидовъ въ Скопя, **будући** онъ има ортакъ въ Београдъ.

е) Со графемата *ћ* се пишуваат и компаративната и суперлативната форма на прилогот *многу*, кои во писмената практика на Џинот ги имаат следните форми: /ПИС: 19 октомври 1856/ повеће; /ПИС: 4 септември 1856/ највеће. Се среќава и кај прилогот *ноќе*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ ноће.

[168] Іоаванъ – Јован, според денешниот правопис. Очигледно е дека Џинот се колебал при пишувањето на името (сп.: /ПИС-1: 9 септември 1856/ св. Іоаннъ; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Св. Іоаннъ Дамаскинъ).

[169] Сегашниот глаголскиот прилог во српскиот јазик претставува нелична глаголска форма која се образува со додавање на наставката *-ћи* на глаголската форма за трето лице множина во сегашно време: *чекајући*, *знајући*, *причајући*, *разговарајући*, *видећи*, *желећи*, *учећи*, *будући*.

2.3.22. Пишување на согласката *ф*

а) Со графемата *ф* започнуваат следните зборови: /ПИС: 12 февруари 1856/ февраръ (‘февруари’); /ПИС: 9 февруари 1855/ 9 февралъ (‘февруари’); /ПИС: 25 март 1856/ философъ; /ПИС: 25 март 1856/ Фотіє (Патріярха); /ПИС: 25 март 1856/ (Сирахъ) філософъ; /ПИС: 25 март 1856/ Филонъ философъ; /ПИС: 25 март 1856/ (Платонъ) філософъ; /ПИС: 25 март 1856/ Филостинъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ Французи-те; /ПИС: 25 септември 1856/ (Писмо) Фотія (Патріярха) (зборoформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ 9 и 12 февраля (зборoформата содржи падежна наставка); /ПИС: 12 февруари 1868/ философія; /ПИС: 1 јули 1877/ Филиппъ; /ПИС: 25 септември 1856/ (облеченъ) файнъ (анг. *fine* – добро, убаво, елегантно; *облеченъ файнъ* – облечен во убава облека, елегантно; во овој случај – облечен според европска мода); /ПИС: 25 март 1856/ (Аристотель великий) філософъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ (Пергамени) фоліянти (*фолијанти* – книга во фолио-формат; според *фолио* – посебен формат на книга со големина на половина табак, најчесто пишувана на рака); /СДИ: МДМОРИБ/ Фараона (‘фараон’; зборoформата содржи падежна наставка); /СДИ: МДМОРИБ/ флауту (‘флејта’; зборoформата содржи падежна наставка); /СДИ: ДЧМГОН/ философи; /С: И/ фенеръ.

б) Со *ф* се пишуваат и: /ПИС: 25 септември 1856/ Кафе; /ПИС: 27 август 1856/ Веелфегоръ; /ПИС: 25 март 1856/ Метафрасть; /ПИС: 25 март 1856/ керфъ (‘крв’); /ПИС: 1 септември 1856/ (царска) Порфира (порфира – долга пурпурна мантија што ја носеле монарсите во свечени пригоди); /ПИС-1: 4 декември 1858/ чифути (тур. *Çıfıt* – Чивут, пејоратив за Евреин; множинска форма); /ПИС-1: 4 декември 1858/ телеграфъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ телеграфира; /ПИС-1: 23 април 1859/ телеграфска.

в) Очигледно е чувањето на некогашната група *-хв-* (в. п. стр. 134): /ПИС: 19 октомври 1856/ хвалимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ хврли (‘фрли’); /ПИС: 12 февруари 1868/) Хвала; /ПИС: 7 мај 1856/ ухватена итн.

2.3.23. Пишување на согласката *х*

а) Во анализираниот јазичен материјал редовно е пишувањето на графемата *х* во аористната и имперфектната парадигма. Присуството на *х* во аористната и имперфектната парадигма се објаснува со проширувањето на дијалектната основа кон исток, бидејќи гласот *х* во источното македонско наречје доследно се чува. Исто така, треба да се има предвид фактот што велешкиот говор е еден граничен говор, бидејќи говорите јужно од линијата Скопје – Велес – Св. Николе – Злетово – Пробиштип влегуваат во рамките на југоисточното македонско наречје.

Табела бр. 21: Употреба на графемата *х* во аористната и имперфектната парадигма

1. /ПИС-1: 9 септември 1856/	2. /ПИС-1: 9 септември 1856/	3. /ПИС-1: 9 септември 1856/	4. /ПИС-1: 9 септември 1856/	5. /ПИС-1: 9 септември 1856/
судеха	влекоха	дадоха	призваха	рекоха
6. /ПИС-1: 9 септември 1856/	7. /ПИС-1: 9 септември 1856/	8. /ПИС-1: 9 септември 1856/	9. /ПИС-1: 9 септември 1856/	10. /ПИС-1: 9 септември 1856/
разориха	отмаха	отидохъ	останахъ	проповѣдахъ
11. /ПИС-1: 9 септември 1856/	12. /ПИС-1: 9 септември 1856/	13. /ПИС-1: 9 септември 1856/	14. /ПИС: 12 февруари 1856/	15. /ПИС: 12 февруари 1856/
испросихъ	дойдохъ	пратихъ	принудиха	писахъ
16. /ПИС-1: 9 септември 1856/	17. /ПИС-1: 9 септември 1856/	18. /ПИС-1: 9 септември 1856/	19. /ПИС-1: 9 септември 1856/	20. /ПИС-1: 9 септември 1856/
изрекоха	показаха	се заклеха	се узбояха	оставиха
21. /ПИС-3: 9 септември 1856/	22. /ПИС: 25 септември 1856/	23. /ПИС: 25 септември 1856/	24. /ПИС: 25 септември 1856/	25. /ПИС: 25 септември 1856/
пріимахъ	пріимихъ	добихъ	потрошихъ	не изедохъ
26. /ПИС: 12 февруари 1856/	27. /ПИС-2: 28 април 1856/	28. /ПИС-2: 28 април 1856/	29. /ПИС-2: 28 април 1856/	30. /ПИС-2: 28 април 1856/
се наостриха	назначихъ	писахъ	излегоха	родихъ
31. /ПИС-2: 28 април 1856/	32. /ПИС-2: 28 април 1856/	33. /ПИС: 7 мај 1856/	34. /ПИС: 7 мај 1856/	35. /ПИС-1: 9 септември 1856/
рекоха	назначихъ	изсекоха	станаха	нанесоха
36. /ПИС-1: 12 јуни 1856/	37. /ПИС: 12 февруари 1868/	38. /ПИС: 12 февруари 1868/	39. /ПИС: 12 февруари 1868/	40. /ПИС: 30 август 1876/
дерзнахъ	имахме	имах (не се употребува јор/јер во крајна позиција)	принесохъ	добихъ
41. /ПИС: 30 август 1876/	42. /ПИС: 30 август 1876/	43. /ПИС: 30 август 1876/	44. /ПИС: 30 август 1876/	45. /ПИС: 30 август 1876/
изложиха	отидоха	показаха	оставиха	заборавихте
46. /ПИС: 30 август 1876/	47. /ПИС: 30 август 1876/	48. /ПИС: 5 јуни 1877/	49. /ПИС: 5 јуни 1877/	50. /ПИС: 22 октомври 1878/
имахъ	изумреха	немахъ	платиха	донесоха

51. /ПИС: 22 октомври 1878/	52. /ПИС: 22 октомври 1878/	53. /ПИС-1: 9 септември 1856/	54. /ПИС-1: 28 април 1856/	55. /ПИС-2: 28 април 1856/
заборавихме	прекратихъ	отидохъ	разумехъ	молехъ
56. /ПИС-1: 4 декември 1858/	57. /ПИС-2: 4 декември 1858/	58. /ПИС-1: 23 април 1859/	59. /ПИС-1: 23 април 1859/	60. /ПИС-1: 23 април 1859/
отидохъ	обрѣтохъ	немахъ	забележувахъ	гониха
61. /ПИС-2: 23 април 1859/	62. /П: ТИ/	63. /П: ТИ/	64. /П: ТИ/	65. /П: ТИ/
имахъ	станаха	поеха	преобразиха	седнаха
66. /ПАТ: ОКОБП-1/	67. /ПАТ: ОКОБП-2/	68. /ПИС-1: 9 септември 1856/	69. /ПИС: 19 октомври 1856/	70. /ПИС: 19 октомври 1856/
приведоха	изопачиха	станахъ	примѣтихъ (‘забележав’)	пройдоха
71. /ПИС: 19 октомври 1856/	72. /ПИС: 19 октомври 1856/	73. /П: ТИ/	74. /ПИС-1: 4 декември 1858/	75. /ПИС: 6 јануари 1857/
учинихъ	имахъ	гледахъ	потрошихъ	предадоха
76. /ПИС-2: 23 април 1859/	77. /ПИС: 23 февруари 1857/	78. /ПИС: 23 февруари 1857/	79. /ПИС: 29 декември 1856/	80. /ПИС-3: 7 јуни 1856/
приносихъ	пратихъ	писахте	искахъ	кажаха
81. /ПИС-3: 12 јуни 1856/	82. /ПИС-3: 12 јуни 1856/	83. /ПИС-2: 7 јуни 1856/	84. /СДИ: МДЖ/	85. /С: Б-ЛБ-1/
дадохте	излагахъ	видохъ	видохме	испущаха

б) Графемата *х* се пишува на почетокот на зборовите: /ПИС: 7 мај 1856/ хараятъ (срп. *харашти* – пустоши, унштува, ограбува); /ПИС: 12 февруари 1856/ Хуленія; /ПИС: 27 август 1856/ художественно (стсл. ***художество*** – уметност, занает; рус. *художественно* – уметнички); /ПИС: 1 септември 1856/ храмъ; /ПИС: 1 септември 1856/ христяни; /ПИС: 4 септември 1856/ хоћете (срп. *хтети* – сака); /ПИС: 19 октомври 1856/ халки (железны) (тур. *halka* – алка, едно парче од верига, обрач од метал); /ПИС: 27 август 1856/ характеръ (‘карактер’); /ПИС: 27 август 1856/ халки (железны); /ПИС: 27 август 1856/ храна; /ПИС: 15 февруари 1857/ ханъ (тур. *han* – ан); /ПИС: 15 април 1856/ храныте; /ПИС: 30 август 1876/ хиляды (работи); /ПИС: 30 август 1876/ хаиръ (тур. *hayır* – среќа, корист, добивка); /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістянинъ; /ПИС: 1 јули 1877/ хулбата (од *хули* – напаѓа грубо со зборови, навредува, исмева нешто што е свето); /ПИС: 1 јули 1877/ хоръ; /ПИС-2: 28 април 1856/ хлебъ; /ПИС: 1 јули 1877/ (семе) хлебно; /ПАТ: ОКОБП-1/ хлѣбъ (стсл. ***хлѣбъ*** – леб); /ПИС: 22 октомври 1878/ хаберъ (тур. *haber* – абер, глас, вест); /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістянинъ; /ПИС: 1 јули 1877/ хрістяны; /ПИС: 30 август 1876/ Христово (Братство); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Хилфердингъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Хріста; /ПИС: 6 јануари 1857/ Хрістово; /ПИС: 19 октомври 1856/ хиляды; /ПИС: 25 септември 1856/ (да ме) храни; /ПИС: 25

септември 1856/ храна; /СДИ: УУ-1/ халва (тур. *helva* – алва); /СДИ: ДЧМГОН/ хладъ; /С: И/ хурка (‘фурка, дрвена алатка за предење’).

в) Графемата *х* се среќава уште во следните примери: /ПИС: 12 февруари 1856/ воздухъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ приходъ; /СДИ: РПЧ-1/ сахатъ (тур. *saat* – час); /ПИС: 30 август 1876/ махалото (тур. *mahalle* – маало, дел на градска или селска населба); /ПИС: 9 февруари 1855/ Небесных; /ПИС: 9 февруари 1855/ Полских; /ПИС: 9 февруари 1855/ подземных; /ПИС: 1 септември 1856/ тихо; /ПИС: 4 септември 1856/ тихо; /ПИС: 5 јуни 1877/ греховно; /ПИС: 27 август 1856/ свирѣпихъ; /ПИС: 27 август 1856/ Ибрахимъ-бега; /ПИС: 27 август 1856/ Мехметъ; /ПИС: 27 август 1856/ (противъ) Архіерейте; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Архистратигъ Михайлъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ превосходни (‘одлични, извонредни, најдобри’); /ПИС: 19 октомври 1856/ превосходителенъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ махъ (срп. *мах* – момент, миг); /ПИС: 15 април 1856/ Духовы; /ПИС: 15 април 1856/ (чекамъ да ме) прехраныте; /ПИС-1: 28 април 1856/ захтевате (срп. *захтевати* – бара).

г) Во анализираните примери е очигледно чувањето на некогашната група *-хв-*: /ПИС: 19 октомври 1856/ хвалимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ хврли (‘фрли’); /ПИС: 12 февруари 1868/ Хвала; /ПИС: 7 мај 1856/ ухватена; /ПАТ: ОКОБП-1/ хванали; /ПИС-1: 9 септември 1856/ похвали; /ПИС: 12 февруари 1856/ се хвали; /ПИС-2: 28 април 1856/ хватъ; /П: РБ/ хвалимъ; /СДИ: Б/ Хвалбаджія-та.

д) Графемата *х* се пишува и во следните зборови: /ПИС: 22 октомври 1878/ грехъ; /ПИС: 30 август 1876/ смехъ; /ПИС: 25 септември 1856/ духъ; /ПИС: 15 април 1856/ страхъ; /ПИС: 27 август 1856/ врхъ; /ПИС: 27 август 1856/ прахъ; /ПИС: 7 мај 1856/ врхъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ прахъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ сиромахъ; /ПИС: 30 август 1876/ бехъ (пишалъ); /ПИС: 22 октомври 1878/ бехъ (ви испратилъ); /ПИС: 12 февруари 1856/ нихъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ нихъ; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ нихъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ нихъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ нихъ; /ПИС: 7 мај 1856/ нихна (‘нивна’); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ нихна; /ПИС: 19 октомври 1856/ нихни; /ПИС: 27 август 1856/ нихныте; /ПИС: 30 август 1876/ нихъ; /СДИ: СВЧ-1/ страхъ; /С: С/ глуха (доба). Дадените примери претставуваат важни дијалектни карактеристики на источното македонско наречје[170].

ѓ) Се чува *х* во зборовите: /СДИ: ПБД/ ходишъ; /ПИС-2: 9 септември 1856/ (не) ходилъ; /ПИС: 30 август 1876/ ходатъ; /ПИС: 1 јули 1877/ ходилъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ ходатъ; /ПИС: 23 февруари 1857/ ходимъ; /ПИС: 23 февруари 1857/ доходейки; /ПИС: 15 февруари 1857/ дохожданѣ (мое въ Београдъ).

2.3.24. Пишување на согласката *џ*

а) Графемата *џ* се пишува во почетокот на зборовите: /ПИС-1: 28 април 1856/ црни; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ целивамъ; /ПИС: 27 август 1856/ Црковь; /ПИС: 27 август 1856/ Цынцаръ; /ПИС: 1 септември 1856/ црквата; /ПИС: 1 септември 1856/ црква; /ПИС: 1 септември 1856/ царь; /ПИС: 1 септември 1856/ Црногорцы; /ПИС: 1 септември 1856/ царските; /ПИС: 1 септември 1856/ царевыте; /ПИС: 1 септември 1856/ царіе (‘цареви’); /ПИС: 4 септември 1856/ целъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ Цицеронъ; /ПАТ: ОП/ циганьски; /ПИС: 19 октомври 1856/ целивамъ; /ПИС: 29 декември 1856/ (ке)

[170] Фонемата /х/ се чува, главно, на крајот на слогот (пред согласка и во финална позиција) речиси во сите говори од ова дијалектно подрачје (Видоески, Марковиќ 2001: 115).

цркне; /ПИС-1: 23 април 1859/ целивамъ; /ПИС: 10 август 1864/ цѣла (рукописна книжица); /ПИС: 27 август 1856/ Цери (множинска форма; *цер* – вид даб, лат. *Quercus cerris*); /ПАТ: ЦГС/ цреши; /ПИС: 19 октомври 1856/ (бы) целивалъ; /П: ПЈБМ/ црна; /С: И/ цедило; /С: И/ цевки.

б) Графемата *ц* се пишува и во следните зборови: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ лица; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Конецъ (стсл. **конецъ** – крај, завршеток); /ПИС: 27 август 1856/ мертовецъ; /ПИС: 27 август 1856/ владыцы; /ПИС: 1 септември 1856/ Иконица (месност во околината на с. Побожје, Скопско); /ПИС: 4 септември 1856/ лице; /ПИС: 19 октомври 1856/ лице; /ПИС-2: 23 април 1859/ лица; /ПИС: 30 август 1876/ яица (‘јајца’); /ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПИС: 1 јули 1877/ расколницы; /ПИС: 1 септември 1856/ кладенцы.

2.3.25. Пишување на согласката *ч*

а) Согласката *ч* се бележи со графемата *ч*. Таа се пишува на почетокот на зборовите: /ПИС: 12 февруари 1856/ часа (‘мерка за време’); /ПИС: 25 септември 1856/ Читалище; /ПИС: 25 септември 1856/ чекамъ; /ПИС: 25 септември 1856/ човецы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ чекамъ; /ПИС: 7 мај 1856/ човечество; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ чукате; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ човекъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ честны; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ читава (збирка) (‘цела’); /ПИС: 15 април 1856/ чудновата (‘чудна’); /ПИС: 15 април 1856/ чекамъ; /ПИС: 15 април 1856/ (тражамъ) чаирето (наглава) (се однесува на барање помош, спас, излез од некоја ситуација; тур. *çare* – лек, средство, начин); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ чекамъ; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ чудеса; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ чудновати; /ПИС: 27 август 1856/ четыры; /ПИС: 1 септември 1856/ чесмы (‘чешми’); /ПИС: 1 септември 1856/ чесма (‘чешма’); /ПИС: 1 септември 1856/ (два) часа; /ПИС: 1 септември 1856/ чудотворецъ; /ПИС: 1 септември 1856/ часовникъ; /ПИС: 1 септември 1856/ чисто; /ПИС: 1 септември 1856/ часъ; /ПИС: 1 септември 1856/ читава; /ПИС: 9 октомври 1856/ чудеса; /ПИС: 19 октомври 1856/ чрезъ (стсл. **чрѣзъ** – низ, преку); /ПИС: 19 октомври 1856/ читанки; /ПИС: 19 октомври 1856/ часловцы (во овој контекст станува збор за *Часослов* – црковно-богослужбена книга што се употребува во богослужбената практика на православното христијство); /ПИС: 19 октомври 1856/ човекъ; /ПИС: 29 декември 1856/ честь; /ПИС: 29 декември 1856/ чинатъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ часъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ човекъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ честь; /ПИС: 23 февруари 1857/ чекамъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ чисто; /ПИС-1: 23 април 1859/ честно; /ПИС-2: 23 април 1859/ Чинъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ чудновати; /ПИС-2: 23 април 1859/ чудесна; /ПИС-2: 23 април 1859/ чисто; /ПИС: 12 февруари 1868/ човеченъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ човекъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ (да се) чинимъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ чувства; /ПИС: 12 февруари 1868/ чезнеелъ; /ПИС: 30 август 1876/ човецы; /ПИС: 5 јуни 1877/ човецы; /ПИС: 30 август 1876/ честь; /ПИС: 30 август 1876/ чудесенъ; /ПИС: 30 август 1876/ числителница (се однесува на математика, односно на аритметика – дел од математиката, наука за броевите); /ПИС: 5 јуни 1877/ челадъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ чини; /ПИС: 5 јуни 1877/ чекамъ; /ПИС: 1 септември 1856/ чардацы; /ПИС: 5 јуни 1877/ човечката; /ПИС: 5 јуни 1877/ чува; /ПИС: 1 јули 1877/ чинъ; /ПИС: 1 јули 1877/ чисто; /ПИС: 1 јули 1877/ червливы (‘црвливи’, стсл. **чрьвь**); /ПИС: 1 јули 1877/ чеда; /ПИС: 1 јули 1877/ (сиротинските) чада; /ПИС: 1 јули 1877/ човекъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ чекамъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ честа; /ПИС: 25 септември 1856/ (се) чува; /ПИС-1: 4 декември 1858/ чифути (тур. *Çıfit* – Чивут; Евреин

– со пејоративно значење; во овој случај – Евреи); /ПИС: 22 октомври 1878/ човечеството; /ПАТ: К/ чувствително; /ПАТ: М-Б/ чавка; /ПАТ: ЉПТ/ часовникъ; /ПАТ: СОСНМП/ Чебренъ; /СДИ: СВЧ-2/ чудовище; /СДИ: МДЖ/ (видохме) че (бездобро останаха) (*че* – дека); /П: ДВ/ черно; /С: С/ черна; /С: С/ черно; /СДИ: МДЖ/ чарнаго (гроба); /ПАТ: К/ Черна гора Скопска.

б) Примери во кои се среќава графемата *ч* се прикажани во следната табела:

Табела бр. 22: Употреба на графемата *ч* во различни позиции во зборовите

1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ мезличъ (тур. *meclis* – совет, собрание)	2. /ПИС: 1 јули 1877/ различны
3. /ПИС: 25 септември 1856/ нарачуе	4. /ПИС: 25 септември 1856/ лично
5. /ПИС-1: 9 септември 1856/ Ніколаевича (збороформа со падежна наставка)	6. /ПИС: 25 март 1856/ притчи[171] (‘приказни’; множинска форма, според срп. *̄прича*)
7. /ПИС-2: 28 април 1856/ назначихъ	8. /ПИС-2: 28 април 1856/ мученъ
9. /ПИС: 7 мај 1856/ благочестивый	10. /ПИС-2: 28 април 1856/ очи
11. /ПИС: 7 мај 1856/ сечатъ	12. /ПИС: 7 мај 1856/ равновеличественъ (‘рамновеличествен’)
13. /ПИС: 7 мај 1856/ Булачани	14. /ПИС: 7 мај 1856/ момче
15. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ просто-сердечный	16. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ молчите
17. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ рече	18. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ мучиле
19. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ печатница	20. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ врача (збороформа со падежна наставка; стсл. **врачь** – лекар)
21. /ПИС: 15 април 1856/ тече	22. /ПИС: 15 април 1856/ вечъ
23. /ПИС-3: 7 јуни 1856/ сочинена	24. /ПИС: 1 јули 1877/ Причещеніе
25. /ПИС-3: 12 јуни 1856/ точно	26. ПИС 12 јунъ 1856 - 2/ причина
27. /ПИС: 27 август 1856/ далече	28. /ПИС: 27 август 1856/ заключали
29. /ПИС: 27 август 1856/ свештеничеството	30. /ПИС: 27 август 1856/ (имам) замѣчати (‘имам забележано’)
31. /ПИС: 27 август 1856/ плаче	32. /ПИС: 27 август 1856/ (се) почини
33. /ПИС: 27 август 1856/ повече	34. /ПИС: 27 август 1856/ (срдце ке ми) препуче (‘препука’)
35. /ПИС: 1 септември 1856/ (св. Стефанъ) Дечански	36. /ПИС: 1 септември 1856/ обично
37. /ПИС: 1 септември 1856/ плоча	38. /ПИС: 1 септември 1856/ Туричево (станува збор за топоним)
39. /ПИС: 4 септември 1856/ плачемъ	40. /ПИС: 1 септември 1856/ далече
41. /ПИС: 4 септември 1856/ почитамъ	42. /ПИС: 1 септември 1856/ манастирче
43. /ПИС: 9 октомври 1856/ вечъ (‘веќе’)	44. /ПИС: 4 септември 1856/ рече
45. /ПИС: 19 октомври 1856/ начерталъ (‘нацртал’; стсл. ***начрьтати***)	46. /ПИС: 9 октомври 1856/ грческа
47. /ПИС: 19 октомври 1856/ очи	48. /ПИС: 9 октомври 1856/ безъ да се починамъ (*̄починам* – одморам)
49. /ПИС: 19 октомври 1856/ Періодически	50. /ПИС: 19 октомври 1856/ періодично
51. /ПИС: 19 октомври 1856/ Почитувамъ	52. /ПИС: 19 октомври 1856/ начинъ
53. /ПИС: 19 октомври 1856/ Органо-чувственно (станува збор за искрена почит)	54. /ПИС: 19 октомври 1856/ Олимбически (vs /ПИС: 19 октомври 1856/ Олимбіядски)
55. /ПИС: 19 октомври 1856/ месечно	56. /ПИС: 19 октомври 1856/ Скептичното
57. /ПИС: 19 октомври 1856/ вечъ	58. /ПИС: 19 октомври 1856/ почитуемъ
59. /ПИС: 19 октомври 1856/ клечамъ	60. /ПИС: 19 октомври 1856/ учителите
61. /ПИС: 29 декември 1856/ (да) поучи (‘даде	62. /ПИС: 19 октомври 1856/ поучи (‘даде

[171] Покрај оваа лексема, Цинот ја користи и лексемата *̄приказна* и тоа во истото писмо: /ПИС: 25 март 1856/ приказны.

	поука, посоветува’)		поука, посоветува’)
63.	/ПИС: 6 јануари 1857/ (двадесетъ и) четыри часа	64.	/ПИС: 19 октомври 1856/ почни (да ми шилѣешъ)
65.	/ПИС: 6 јануари 1857/ Турчи се (форма на заповедниот начин)	66.	/ПИС: 19 ноември 1856/ (Господара Х. Христа Х. К.) Поповича (зборoформата содржи падежна наставка)
67.	/ПИС: 15 февруари 1857/ причина	68.	/ПИС: 6 јануари 1857/ причыны
69.	/ПИС: 15 февруари 1857/ ке учимъ	70.	/ПИС: 6 јануари 1857/ мезличъ
71.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ дочувана	72.	/ПИС: 6 јануари 1857/ прочетите
73.	/ПИС-1: 23 април 1859/ (да ми плати) почтено (’чесно‘)	74.	/ПИС: 15 февруари 1857/ дѣчицы
75.	/ПИС: 12 февруари 1868/ учители	76.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ учинилъ
77.	/ПИС: 30 август 1876/ повече	78.	/ПИС-2: 23 април 1859/ Что (е Римпапа?) (*чт҃о* – што; стсл. **чьто**)
79.	/ПИС: 1 јули 1877/ лапачите	80.	/П: ДВ/ Что да правимъ о леле!
81.	/ПАТ: В/ Пчиня	82.	/ПИС: 30 август 1876/ ученицы
83.	/ПИС: 5 јуни 1877/ учитель	84.	/ПИС: 30 август 1876/ очи
85.	/ПИС-2: 28 април 1856/ ке назначатъ	86.	/ПИС: 22 октомври 1878/ плаче

в) Графемата *ч* се среќава и во рамките на групата *чер-* (*чр- > чер-)*[172]: /ПИС: 1 јули 1877/ червливы (‘црвлив’; стсл. ***чрьвь***); /ПИС: 19 октомври 1856/ начерталъ (‘нацртал’; стсл. ***начрьтати***).

2.3.26. Пишување на согласката *џ*

Графемата *џ* во анализираниот јазичен материјал се среќава ретко, а гласот *џ* често го бележи исто како и други негови современици – со *ѳж* или само со *ж*:

- /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость (особина на човек што е склон кон караници, расправии, пакосен човек); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Џамаларска (според *џамалар* – учесник во обредната игра џамала[173]; василичар); /ПАТ: В/ џаміи;
- /ПАТ: ОКОБП-2/ кираджіи (‘кирации’);
- /ПИС: 25 септември 1856/ синжиръ (тур. *zincir* – синџир, верига); /С: И/ тенжера (тур. *tencere* – тенџере; длабок сад со капак и две рачки од страните во кој се готват јадења); /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи.

[172] Почетните групи *чр-*, *чр̥-* постепено се елиминирале од македонските говори. Според Конески (2021: 106), западните периферни говори поминале низ две фази во развојот на овие групи (во постарата фаза *чр- > чер-*, а во поновата – *чр̥-* или поминало во *цр̥-* или се разложило со појава на секундарен вокал), додека во некои југоисточни говори *чер-* се добило како од *чр-*, така и од *чр̥-*.

[173] Обредна игра со машки маскирани поворки што се одржува во деновите околу Стара Нова Година (14 јануари).

2.3.27. Пишување на согласката *ш*

а) За бележење на согласката *ш* се користи графемата *ш*, со исклучок на случаи кога *ш* е употребена во рамките на согласната група *шт* (тогаш најчесто се користи графемата *щ).*

б) Графемата *ш* се пишува на почетокот на следните зборови: /ПИС-1: 9 септември 1856/ шпіонъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ шпіонъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Шумадинкы (се однесува на книжевното списание *Шумадинка*[174]); /ПИС: 15 април 1856/ шубе (тур. *şüphe* – несигурност, сомнеж); /ПИС: 1 септември 1856/ Шмидъ; /ПИС: 1 септември 1856/ (Село) Шинковцы; /ПИС: 1 септември 1856/ Шливова (црква св. Петка); /ПАТ: ЦГС/ шатки; /ПИС: 1 септември 1856/ (најдобри) Шейшаниня Пиштолы (тур. *şişhane* – вид долга пушка чиј внатрешен дел на цевката има шест жлебови); /ПАТ: ЦГС/ шуми.

в) Графемата *ш* се пишува и во следните зборови: /ПИС-1: 28 април 1856/ ваше; /ПИС-1: 28 април 1856/ трошакъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Пасошъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ скупштина (во овој случај – 'група', според. срп. *скупина*); /ПИС-2: 28 април 1856/ (да) потрошиме; /ПИС-2: 28 април 1856/ крошна; /ПИС-2: 28 април 1856/ тарашторба (се однесува на некој што создава неред); /ПИС: 1 септември 1856/ варошъ; /ПИС: 1 септември 1856/ пушки; /ПИС: 1 септември 1856/ наши; /ПИС: 4 септември 1856/ мыша (глушца); /ПИС: 4 септември 1856/ (да) испишеме; /ПИС: 9 октомври 1856/ Добродушіе; /ПИС: 19 октомври 1856/ можешъ ми речешъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке додадешъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ внутрешно; /ПИС: 19 октомври 1856/ (ме) пыташъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ више; /ПИС: 19 октомври 1856/ годишна (плаћа); /ПИС: 19 октомври 1856/ души; /ПИС: 19 октомври 1856/ слушамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіе; /ПИС: 19 ноември 1856/ Повише ('повеќе'); /ПИС: 29 декември 1856/ душа; /ПИС-2: 28 април 1856/ душа; /ПИС: 7 мај 1856/ (300) души; /ПИС-2: 28 април 1856/ мушко; /ПИС: 7 мај 1856/ благодушный; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіето; /ПИС: 7 мај 1856/ прекршилъ; /ПИС: 7 мај 1856/ (Синанъ) Паша; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ лажешъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ вашъ; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ више; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ душа; /ПИС: 27 август 1856/ (полу) рушенъ; /ПИС: 27 август 1856/ пише; /ПИС: 27 август 1856/ нашы; /ПИС: 27 август 1856/ нашето; /ПИС: 1 септември 1856/ више; /ПИС: 7 мај 1856/ скрышко що е ('скришно'); /ПИС: 4 септември 1856/ боиш (не се употребува јор/јер во крајна позиција); /ПИС: 4 септември 1856/ бойшъ ('плашиш'); /ПИС: 6 јануари 1857/ Пашошъ (Српски); /ПИС: 6 јануари 1857/ Паша (Београдски); /ПИС: 15 февруари 1857/ савршена (надежда); /ПИС: 15 февруари 1857/ ваше; /ПИС-1: 4 декември 1858/ потрошихъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ (ми се) показуваше выше (отъ Братъ); /ПИС-1: 23 април 1859/ годишно; /ПИС-1: 23 април 1859/ душа; /ПИС-1: 23 април 1859/ депешата; /ПИС: 10 август 1864/ наше; /ПИС: 30 август 1876/ кокошката; /ПИС: 30 август 1876/ се именуваше; /ПИС: 1 јули 1877/ душата.

г) Именката *чешма* (според денешниот правопис) ја пишува на следниот начин: /ПИС: 1 септември 1856/ чесма (тур. *çesme*); /ПИС: 1 септември 1856/ чесмы ('чешми'; множинска форма).

д) Графемата *ш* се среќава и во рамките на согласната група *шт*: /ПИС-3: 12 јуни 1856/ што (сте премыслиле); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ што (ми дадохте и) што (ве излагахъ); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ што (захтевате отъ мене); /ПИС-3: 12 јуни 1856/

[174] Уредник на книжевното списание *Шумадинка* е Љубомир П. Ненадовиќ (Љубомир П. Ненадовић; 1826 – 1895) кој неколкупати се споменува во писмата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот што се предмет на анализа во овој труд. Списанието било многу популарно меѓу младите читатели во периодот во кој излегувало (1850 – 1857, со прекини) и имало голем број претплатници.

обѣштамъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ свешто (‘сешто’); /ПИС-3: 12 јуни 1856/ (Богъ е) штедрый; /ПИС: 1 септември 1856/ Штитови; /ПИС: 4 септември 1856/ (недостойна) ни зашто (‘за ништо’; срп. *низашта*); /ПИС: 4 септември 1856/ посѣштавате; /ПИС: 6 јануари 1857/ іоштъ (‘уште’); /ПИС: 23 февруари 1857/ іоштъ.

ѓ) Интересни се личноглаголските форми што Џинот ги изведува од глаголи од српскиот јазик (*слати, шаљем)* – *шилѣшъ*, *шилѣешъ* и *пошлете* што се среќаваат во писмото од 19 октомври 1956 г.: /ПИС: 19 октомври 1856/ шилѣшъ (‘праќаш’); /ПИС: 19 октомври 1856/ (почни да ми) шилѣешъ (‘праќаш’); /ПИС: 6 јануари 1857/ (Да ми) пошлете (’пратите‘).

е) Во зборот *чколо* се забележува промена на фрикативната согласка *ш* во африкатот *ч* (*ш* > *ч*) во почетокот на зборот, пред *к*: /ПИС: 30 август 1876/ (въ) чколото (*чколо* – училиште); /П: ДВ/ чколо.

ж) Именката *помош* (според денешниот правопис) ја пишува со графемата *ѣ* – *помоѣъ* (/ПИС: 19 октомври 1856/).

2.3.28. Пишување на графемата *щ*

а) Графемата *щ* се користи за бележење на согласната група *шт*.

б) Графемата *щ* се пишува на почетокот на следните зборови: /ПИС: 12 февруари 1856/ щомъ (‘штом’); /ПИС-1: 9 септември 1856/ що (‘што’); /ПИС: 25 септември 1856/ щомъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ щомъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ щомъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ що; /ПИС: 7 мај 1856/ щедръ; /ПИС-1: 28 април 1856/ щетенъ; /ПИС: 7 мај 1856/ защитилъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ щомъ; /ПИС: 27 август 1856/ що (праватъ); /ПИС: 1 септември 1856/ щамбанъ (‘штампан, отпечатен’); /ПИС: 1 септември 1856/ што (желите); /ПИС: 22 октомври 1878/ Щипъ (‘Штип’); /ПИС: 30 август 1876/ що годе; ПИС: 19 октомври 1856/ бы щамбалъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ щогодъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ що; /ПИС-1: 23 април 1859/ щетни; /ПИС-1: 23 април 1859/ що (ме гониха); /П: РБ/ щерка (‘ќерка’).

в) Графемата *щ* се пишува и во следните зборови: /ПИС-1: 9 септември 1856/ защо; /ПИС-1: 9 септември 1856/ читалище; /ПИС-2: 28 април 1856/ защо; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ горещна; /ПИС: 15 април 1856/ денонощно; /ПИС: 15 април 1856/ училища; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ още; /ПИС: 27 август 1856/ свештеничеството; /ПИС: 27 август 1856/ свештениците; /ПИС: 27 август 1856/ свештенически; /ПИС: 1 септември 1856/ (извори) рыкающе (течатъ); /ПИС: 1 септември 1856/ Градище (Манастырско); /ПИС: 1 септември 1856/ Солище (станува збор за топоним); /ПИС-1: 4 декември 1858/ просвещеніе; /ПИС-2: 23 април 1859/ општо; /ПИС: 12 февруари 1868/ училища; /ПИС: 30 август 1876/ прибѣжище; /ПИС: 12 февруари 1868/ нещо; /ПИС: 30 август 1876/ още (12000 пріятели); /ПИС: 30 август 1876/ пріятелщина; /ПИС: 1 јули 1877/ свештеницыте; /ПИС: 1 јули 1877/ нищо; /ПИС: 1 јули 1877/ свештеннство; /ПИС: 1 јули 1877/ Причещеніе; /ПИС: 1 јули 1877/ општината; /ПИС: 12 февруари 1856/ Обыталище (во овој пример – ‘живеалиште, место за живеење’); /ПИС: 12 февруари 1856/ лукавщыны; /ПИС: 25 септември 1856/ іощъ (но и: /ПИС: 6 јануари 1857/ іоштъ); /ПИС: 25 септември 1856/ нищо; /ПИС: 25 септември 1856/ обѣщаніе; /ПИС: 25 септември 1856/ понещо; /ПИС: 7 мај 1856/ нищо; /ПИС: 25 март 1856/ вещи (‘предмети, нешта, лични работи’; стсл. ***вѣщь***); /ПИС-2: 28 април 1856/ вештви (множинска форма од буг. *вещество*; во овој пример – ‘материјали’); /ПИС-3: 9 септември 1856/ Крещеніе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Пещеры; /ПИС: 25 март 1856/ опрощеніе; /ПИС-1: 28 април 1856/

още; /ПИС-2: 28 април 1856/ општо; /ПИС: 1 септември 1856/ Благовѣщеніе; /ПИС: 9 октомври 1856/ още; /ПИС: 9 октомври 1856/ свещо що желите (‘сѐ што сакате’); /ПИС: 9 октомври 1856/ (мало трошокъ) защо; /ПИС: 19 октомври 1856/ сѣдище; /ПИС: 19 октомври 1856/ помощь; /ПИС: 19 октомври 1856/ (Скопско) училище; /ПИС: 19 октомври 1856/ нещо; /ПИС: 19 октомври 1856/ поща (‘пошта’); /ПИС: 19 октомври 1856/ помощникъ; /ПИС: 29 декември 1856/ защитете (ме); /ПИС: 15 февруари 1857/ щомъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ защитително (писмо); /ПАТ: ЦГС/ Ращакъ; /ПАТ: ЦГС/ Кучевище; /СДИ: РПЧ-2/ ноще (‘ноќе’); /ПИС: 22 октомври 1878/ се вращамъ.

г) Графемата *щ* се среќава и во рамките на честицата *ще* што е дел од формите на идното време: /ПИС: 30 август 1876/ ще седимъ; /ПИС: 30 август 1876/ не ще може; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще се исушитъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще дојдамъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще умре; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще се поправи; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще почитавашъ; /ПИС: 1 јули 1877/ не ще можете; /ПИС: 1 јули 1877/ ще изчезнатъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ ще дојдамъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ ще давамъ; /ПИС: 10 август 1864/ ще испратимъ; /ПИС: 30 август 1876/ ще умрамъ; /ПИС: 30 август 1876/ ще живамъ (‘ќе живеам’).

2.3.29. Пишување на графемата *ѳ*

а) Графемата *ѳ* (тита; грч. *θῆτα*; *ѳ*, *Θ*) се користи и во раната кирилица, но потекнува од грчката азбука. Во писмената практика на Џинот се употребува многу ретко, пред сѐ, во зборови што потекнуваат од грчкиот јазик, вклучувајќи и грчки антропоними и топоними: /ПИС: 9 февруари 1855/ миѳологическо (според грч. *μυθολογία* – митологија); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Ѳеофілакта (зборoформата содржи падежна наставка; грч. *Θεοφύλακτος* – Теофилакт); /ПИС: 25 март 1856/ Ѳимонъ (грч. *Θείμων*); /ПИС: 25 септември 1856/ Ѳермопилъ (во овој пример – ‘теснец’, според грч. *Θερμοπύλες*). Исто така, со оваа графема се пишува и името на месецот септември: /ПИС: 25 септември 1856/ 25 Ѳемврuъ 1856.

б) Очигледно е дека Џинот се колебал како да го запише името на месецот септември, па го пишува на различни начини употребувајќи ја и графемата *ѳ*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ 9 ѳемврuъ 1856; /ПИС: 25 септември 1856/ 25 Ѳемврuъ 1856 (но и: /ПИС: 1 септември 1856/ 1 Сентабрuъ 1856; /ПИС: 4 септември 1856/ 4 Сентабрuъ 1856).

2.3.30. Пишување на графемата ѧ

Покрај графемата *ѳ*, Џинот многу ретко ја користи и графемата ѧ (*ѧ*, Ѳ) што е дел од старословенската азбука и се изговарала како грчката буква тита (*ѳ*). Во писмената практика на Џинот се среќава во рамките на антропоними од религиозната сфера: /ПИС: 1 јули 1877/ Ѳома (Тома; грч. *Θωμάς*); /ПИС: 1 јули 1877/ Матѳей (Матеј; грч. *Ματθαίος*); /ПИС: 1 јули 1877/ Ѳаддей (Тадеј; грч. *Θαδδαίος*). Наведените антропоними водат потекло од арамејскиот јазик.

2.3.31. Пишување на графемата *t*

а) Во некои писма на Џинот, од 1855 и 1856 г., од почетокот на неговата соработка со Друштвото за српска словесност од Белград, се среќава и графемата *t* [напишана на латиница; в. п. Поленаковиќ (1955: 7–18); Шоптрајанов (1949: 59–61)]. Можеби зад ова се крие обид на Џинот за некаква иновација[175] во поглед на пишувањето.

Во подоцнежните писма на местото на оваа графема ја користи графемата *т҃*, а поретко *ѳ* или *щ* (за согласната група *шт*)*:* /ПИС: 25 септември 1856/ пише**т**е vs /ПИС: 9 октомври 1856/ пише**т**е; /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**т**ъ vs /ПИС: 30 август 1876/ о**т**ъ vs /ПИС: 19 октомври 1856/ о**д**ъ; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (1 Свезка Новине) Читали**шт**не vs /ПИС: 15 април 1856/ (да ми не пракяте Новине) читали**щ**не.

Табела бр. 23: Употреба на графемата *t* во писмата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

1.	/ПИС-1: 9 септември 1856/ што	2.	/ПИС-1: 9 септември 1856/ отъ
3.	/ПИС: 9 февруари 1855/ отъ (Браћа Поповићи)	4.	/ПИС: 25 септември 1856/ отъ
5.	/ПИС: 25 септември 1856/ чистота	6.	/ПИС-1: 9 септември 1856/ отговоратъ
7.	/ПИС: 12 февруари 1856/ се отговорихъ	8.	/ПИС: 9 февруари 1855/ отговаранѣ
9.	/ПИС: 25 септември 1856/ войството	10.	/ПИС: 12 февруари 1856/ човечеството
11.	/ПИС: 9 февруари 1855/ (Правителство) Читалиштно	12.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ (1 Свезка Новине) Читалиштне
13.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ желите	14.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ пишете
15.	/ПИС: 25 септември 1856/ пишете	16.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ отъ
17.	/ПИС: 12 февруари 1856/ простите (Славяне)	18.	/ПИС: 12 февруари 1856/ Истата
19.	/ПИС: 12 февруари 1856/ отсемъ	20.	/ПИС: 12 февруари 1856/ ке се отговоримъ
21.	/ПИС: 25 септември 1856/ крепоста	22.	/ПИС: 25 септември 1856/ (описаніе Манастырь) Кучевишта

б) Примерите во писмото од 9 септември 1856 г., упатено до Друштвото за српска словесност во Белград, укажуваат на недоследноста во ортографската практика на Џинот. Изборот на две различни графеми (*t* vs *т҃*) за обележување на истата согласка *т҃* во истиот предлог (*отъ* vs *от҃ъ*) во рамките на една реченица го отсликува предизвикот со кој се соочувал при пишувањето на мајчин јазик: /ПИС-3: 9 септември 1856/ **Отъ** Крещеніе на Србліте до опустошеніи Србскаго царства каквы книгы рукописны сме имали и **отъ** каквы языци сме ги преписувале.

[175] Во богатата библиотека на Џинот се наоѓале книги напишани на латински, хрватски, чешки, германски и француски јазик (Шоптрајанов 1949: 73–121). Во анализата на белешките што Џинот ги водел на страниците на книгите што ги поседувал, и Шоптрајанов (1949: 59–61) констатира дека се употребува графемата *t* (напишана на латиница): Јорданъ Х. Константиновъ (белешка во форма на автограф); Јорданъ Х. Константіновъ. Меѓу книгите напишани на латиница (Шоптрајанов 1949: 73–78), вбројуваме една книга од областа на педагогијата чиј автор е хрватскиот лексикограф и педагог Иван Филиповиќ (Ivan Filipović; 1823 – 1895) и една граматика (*Нова славонска и ѓерманска ѓрамат҃ика*) од хрватскиот писател Матија Антун Рељковиќ (Matija Antun Relković [Reljković]; 1732 – 1798):
Filipović, Ivan. 1870. *Bečke pedagogijske slike*. U Zagrebu: Tiskom Lav. Hartmana i družbe.
Relkovich, Mathiam Antonium. 1789. *Nova Slavonska, i Nimacska grammatika/Neue Slavonisch, und Deutsche Grammatik, in drei Theile getheilet*. Darnach folget ein Vocabularium, oder Wörterbuch Slavonisch, und Deutsch nebst einen Auszug der gemeinsten, und im Reden vorkommenenden Gesprächen. Dritte Auflage. Wien: Joseph Eolen von Kurzbeck.

2.3.32. Пишување на графемата *ђ*

Графемата *ђ* ја среќаваме во пишувањето на именката *зг̄рађа* (срп. *г̄рађа* – граѓа, материјал, документи, податоци и сл.): /ПИС: 1 септември 1856/ (изнајдеме читава) зграђа (за наша српска историја); /ПИС: 12 февруари 1868/ (истраживанѣ старине за) зграђа (се однесува на истражување за обезбедување материјал – документи, податоци и сл)**.** Исто така, во почетна позиција се среќава во топонимот *Ђумуржина*[176] (/ПИС-3: 9 септември 1856/).

2.3.33. Употреба на постари графеми, други знаци и писма во преписи на (делови од) постари ракописи

а) Како што е познато, Џинот е еден од најпознатите собирачи на стари писмени споменци од Македонија. Собраните материјали често пати ги праќал во Друштвото за српска словесност од Белград и секогаш детално наведувал што точно испраќа, при што користел постари графеми и други знаци кои биле доследно пренесени од оригиналните текстови со цел да обезбеди автентичност. Така, при препишувањето постари текстови или делови од нив, тој употребува постари графеми и други знаци (**ѡ**, **ѷ**, **ѕ**, **ѽ**, **ѿ**, **ґ**, **Ѵ**, **Ꙗ**, **ѧ**, **ѩ**, **◌̑**) кои не биле дел од неговата вообичаена писмена практика одразена во оригиналните литературни дела или во писмата до пријателите и во најголем дел од писмата до Друштвото за српска словесност од Белград.

Поленаковиќ (1955: 20) наведува дека кон писмото од 25 март 1856 г. Џинот приложил два текста (/ПИС: 25 март 1856/):

1. Слово Їѡанна попа къ ⁀црѕ кѷ манаилови;

2. ѿветь ⁀црѣ кѷ Маноила къ попѕ іѽнѕ**.**

На крајот на овие текстови Џинот дава коментар за нивното потекло и за неговата намера да испрати значајни материјали до Друштвото за српска словесност во Белград (Поленаковиќ 1955: 20): /ПИС: 25 март 1856/ Сіи двѣ важнѣйшій и достозамѣчателный писма преписахъ изъ старѕю едину книгу, въ нея суть разныхъ словъ и повѣстей и т. д. и т. д. и т. д. Сію книгу послати буду избранному Дружству Словесности на дар.

б) Во продолжение, се прикажани седум примери[177] од писмата на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во кои се согледуваат: (1) постари графеми што се дел од старословенската/црковнословенската кирилица и знаци што се дел од писмената практика на старословенски и црковнословенски јазик, вклучувајќи ги пишувањето скратеници и изразувањето бројна вредност со графеми; (2) употреба на латинични графеми; (3) текстови напишани на грчки јазик со грчка азбука. Употребата на постарите графеми и знаци нема да биде предмет на дополнителна анализа поради тоа што Џинот ги употребува со цел да обезбеди автентичност, односно ги препишува од постари записи.

[176] Денес – Комотини (грч. *Κομοτηνή*), град во Р Грција. Името го добил веројатно според тур. *Gümülcine*.
[177] Извадоците се поставени во рамки со цел да се постигне автентично прикажување на целокупната организација на текстот и да се долови употребата на постарите графеми, другите знаци и писма во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

1. /ПИС-2: 12 јуни 1856/

Обявленіе

Книга глаголемая Покаяніи грѣховъ, ѿ святаго Димитрія Мироточца. Пиша грешный Філотей отъ Манастырь Марковъ.

Она има 30 листа изгубени, а содржанієто е ова:

2 слова Честнаго и изящнаго філософа и учителя святаго Евангелія, Георгія діакона главе бѣседа, яже въ великій Петокъ бывша и глаголана проявляющыя; и отъ покаяныя показающыя почесть. Содржава 13 листовы.

3. Иже въ святыхъ отца нашего Григорія Архіепископа Константіня града Богослова, на Пасху и на опожденіе, три и полъ листовъ

4. Тогожде II. слово на святую Пасху. Содржава 24 листовы.

5. Иже въ святыхъ отца нашего Григорія Архіепіскопа Константіна града Богослова, въ новую неделю слово г҃, содржава 8 листовы.

6. Иже въ святыхъ отца нашего Григорія Богослова, на святую пятдесетницу, слово д҃, содржава 14 листовы.

7. Григорія Богослова о маккавеевъ слово є҃, содржава 12 листовы.

8. Григорія Богослова, о мученицѣ кипріанѣ, слово, ѕ҃, содржава 13 ½ листова.

9. Григорія Богослова, о съравнители Јуліанѣ, слово з҃, содржава 13 листа.

10. Григорія Богослова на рождество Хрістово, слово ив҃, содржава 12 ½ листа.

11. Григорія Богослова, надгробное слово великому василію, слово к҃, содржава 57 листовы;

12. Григорія Богослова, на святая просвѣщенія, слово і҃., содржава 44 листовы.

13. Григорія Богослова, о святѣмъ Аѳанасіи, слово кі҃., содржава 22 листи.

14. Григорія Богослова, о Григорій Братѣ Василіевѣ, наставци по избранію всего собора, сирѣчъ по хиротонію, слово гі҃., содржава 5 листа.

15. Григоріи Богословъ, О пришествіи ри҃ (150) Епіскопъ съборное, слово кі҃, содржи 20 листа.

16. Григорія Богослова, о нищелюбствій, слово сі҃, содржава 25 ½ листовы;

17. Григорія Богослова, О отцы млькщуязвы ради града, слово ѕі҃, содржава 20 листови и още има изгубены на край, и

Овая книга ке ви я дадамъ за да ви засведочамъ, какъ искам да ви учинамъ свако добро.

12 јунь 1856 Ј. Х. Константіновъ
Скопѣ

2. /ПИС: 27 август 1856/

Внутръ олтаря сіє писмо есть начертано:

Лиси ꙗзвини имоутъ а сі҃ъ члвѣческы не иматъ
где главꙋ приклонити: и птици нёбные гн҃зда҃ ∴

Низу есть писано на столпѣ

† Милwсрьдъ а нескаредниъ (!)

3. /ПИС: 27 август 1856/

Звона Београдска отъ 1810 пленета в Кара-Георгіево време отъ Скоплянскаго Ибрахимъ-бега отца днешнаго Мехметъ Али Бега.

Горе подпишуе овако: **Бодрствуйте духомъ питаѣ.**

Въ среде звона на обе страны има по единъ образъ святому Савве, и овако гласи: **Сѵ̃тый Савва Сербски просветитель**.

А около венца овако пише:

† Просвещенной юности у заведенной великой школи у Београдѣ 1810 года

4. /ПИС: 1 септември 1856/

Овыя Писма въ дворо црковны на единъ полукамень мраморны отъ столпъ стоятъ изрезаны:

HERCVL CIANLRLVS(?)[178] RHILOGA
LYSDON

/ПИС: 1 септември 1856/ На една плоча надъгробна въ Побожѣ овако пише:

D. M.
MVΛL̈MEBGVRI ΛLESCOL̈SI
XѦΛINLHSNIİVѦEFYUΛNVSBE
COPѦTRİPOSVİT
SUİT[179]

5. /ПИС: 12 февруари 1868/

Ученному Дружству Србске Словесности.
Τριά πράγματα ὀφείλει νὰ ἐυλαβῆται
πρὸ πάνθων ὁ συνετὸς ἄνθρωπος; δηλαδη
τοὺς νόμους τοὺς μεγάλους ἄνδρας καὶ τοὺς
λόγους τῶν ἀγαθων ἀνθρώπον[180] (Е. Ж).

Господіе!

Отъ 1855 година имахме Писмавзаймности за подпоможуенѣ собираніе и истраживанѣ старине за зграђа србской Повѣстницы итд. въ всичко тогава мое притѣсненіе и гоненіе отъ грчка Патріархія за да ми разоратъ Скопско, велешко и Прилепско училища Славенски, я на Србски Жертвеникъ Музинъ принесохъ нещо даръ и живость на србската поѣстница.

6. /ПИС: 10 август 1864/ Слово по общемъ языцѣ въ притча блуднаго. Прѣвѣденно отъ бг̃олюбазнаго Епи̃па Пелагоніѳ и Прилѣпа Смиреннаго Григоріа. Слово к̈в̈ содържава 29 листа, а пакъ рукописа има 250 листове.

[178] Текстот е нечитлив.
[179] Текстот содржи латинични и кирилични букви и очигледно е дека Цинот имал проблем при неговото расчитување.
[180] Три нешта, пред сè, треба да почитува разумниот човек: законите, големите мажи и зборовите на добрите луѓе. [Превод: Б. Маринова]

7. /ПИС-2: 12 јуни 1856/ СЛОВО КѵРіЛЛА СЛАВЕНЦѢ СОЛУНСКАГѠ ФІЛОСОФА БУГАРСКАГѠ

в) Некогаш, Џинот пишува одредени изрази на грчки јазик, но со кирилица: /ПАТ: ОП/ Они не знаятъ да речатъ Христосъ Воскресе, но **Христо-са-нести**[181] а не **Гристосъ анести**. Они не знаятъ да речатъ ке идиме въ рай, но **на прадисо**[182].

2.3.34. Правописни правила засновани на фонетски и морфонолошки промени кај согласките

При изговорот на согласките во низа настануваат различни фонетски промени кои често пати имаат свој одраз и во правописот на македонскиот јазик (в. п. Правопис на македонскиот јазик 2015: 17).

Во врска со примената на принципот на едначење по звучност[183] може да се заклучи дека е навистина голем бројот на примери во кои не се бележи едначењето по звучност. Од анализираните текстови произлегуваат следниве формули и конкретни примери.

Табела бр. 24: Примена на принципот на едначење по звучност во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

СзСб > СзСб[184]	СбСз > СбСз[185]	СзСб > СбСб[186]	СбСз > СзСз[187]
1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ Сла**дк**ій	1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**тг**оратъ	1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ и**сп**росихъ	
2. /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**бк**левети	2. /ПИС: 25 септември 1856/ о**тг**оворимъ	2. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ и**сп**исаны	
3. /ПИС-1: 9 септември 1856/ под**ст**рекавамъ	3. /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**тв**едоха	3. /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**тс**вудъ	
4. /ПИС-1: 9 септември 1856/ под**п**исъ	4. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ о**тг**оворимъ	4. /ПИС: 12 февруари 1856/ и**сп**ишамъ	
5. /ПИС: 12 февруари 1856/ ср**бс**ки	5. /ПИС: 7 мај 1856/ про**сб**а	5. /ПИС: 30 август 1876/ и**сч**италъ	

[181] *Христός ἀνέστη* (грч.), со значење *Христ̄ос воскресе*. [Превод: Б. Маринова]
[182] *Θα πάμε στον παράδεισο* (грч.), со значење *ќе оџиме во рајоᾱ̀*. [Превод: Б. Маринова]
[183] Кога во говорната низа ќе се најдат во непосреден допир две согласки со различна звучност, тие се изедначуваат по звучност – или двете стануваат звучни (*б*, *в*, *г̄*, *ǧ*, *ѓ*, *ж*, *з*, *ѕ*, *џ*) или двете безвучни (*п̄*, *ф*, *к*, *т̄*, *ќ*, *ш*, *с*, *ц*, *ч*, *х*), и тоа според втората согласка: *заб – зайче*, *свайт̄ – свадба*. Сонантите (*ј*, *л*, *љ*, *м*, *н*, *њ*, *р*) не влијаат врз едначењето по звучност: *жалост̄ – жалослив*, *мирис – мирислив* (Правопис на македонскиот јазик 2015: 17).
[184] Сз – согласка звучна; Сб – согласка безвучна.
[185] Истото.
[186] Истото.
[187] Истото.

6. /ПИС-1: 9 септември 1856/ Ср**бс**ки	6. /ПИС-3: 12 јуни 1856/ о**тг**оворите	6. /ПИС: 27 август 1856/ неи**сч**истена	
7. /ПИС-1: 9 септември 1856/ 104 бе**зч**естій	7. /ПИС: 30 август 1876/ о**тв**ај (‘одвај’)	7. /ПИС: 19 октомври 1856/ ра**сп**ратете	
8. /ПИС: 9 февруари 1855/ Ср**бс**ка	8. /ПИС: 30 август 1876/ о**тб**ирашъ	8. /ПИС: 23 февруари 1857/ и**сп**роводихъ	
9. /ПИС: 9 февруари 1855/ ср**бс**ки	9. /ПИС: 12 февруари 1868/ о**тг**овори	9. /ПИС: 1 јули 1877/ и**сц**еляватъ	
10. /ПИС: 9 февруари 1855/ Ср**бс**ко	10. /ПИС: 19 октомври 1856/ о**тг**оворилъ		
11. /ПИС: 9 февруари 1855/ Ср**бс**кому	11. /С: БП/ о**тд**аваятъ		
12. /ПИС-3: 9 септември 1856/ найслад**к**ое	12. /П: ЖИМ/ жени**тб**а		
13. /ПИС-3: 9 септември 1856/ бе**зч**исленны			
14. /ПИС-3: 9 септември 1856/ под**к**овица			
15. /ПИС: 12 февруари 1856/ раз**с**ужденіе			
16. /ПИС: 12 февруари 1856/ бе**зч**естамъ			
17. /ПИС: 12 февруари 1856/ властолю**бс**тво			
18. /ПИС-1: 28 април 1856/ пред**с**тавете			
19. /ПИС-2: 28 април 1856/ под**с**трекава			
20. /ПИС: 7 мај 1856/ слад**к**ото			
21. /ПИС: 7 мај 1856/ из**с**екли			
22. /ПИС-3: 9 септември 1856/ Свез**к**а			
23. /ПИС-3: 9 септември 1856/ францу**зк**а			
24. /ПИС: 12 февруари 1856/ бе**зп**ристрастія			
25. /ПИС: 12 февруари 1856/ бе**зч**ести			
26. /ПИС-3: 9 септември 1856/ бе**зп**римѣрна			
27. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ со**бс**твенно			

28.	/ПИС-1: 12 јуни 1856/ Слад**к**ій			
29.	/ПИС-1: 7 јуни 1856/ Ср**бс**тво			
30.	/ПИС: 15 април 1856/ ред**к**и			
31.	/ПИС: 27 август 1856/ под**п**ишуе			
32.	/ПИС: 27 август 1856/ Београд**с**ка[188]			
33.	/ПИС: 1 септември 1856/ ср**бс**ки			
34.	/ПИС: 1 септември 1856/ Ср**бс**кото			
35.	/ПИС: 27 август 1856/ бе**зч**инуятъ			
36.	/ПИС: 1 септември 1856/ Ср**бс**ка			
37.	/ПИС: 1 септември 1856/ ср**бс**ки			
38.	/ПИС: 9 октомври 1856/ пресла**дк**ое			
39.	/ПИС: 9 октомври 1856/ пред**с**тавамъ			
40.	/ПИС: 9 октомври 1856/ Ср**бс**тво			
41.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Слад**к**ій			
42.	/ПИС: 19 октомври 1856/ пред**с**едателствуе			
43.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Ср**бс**ке			
44.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Дру**жс**твото			
45.	/ПИС: 9 октомври 1856/ сред**с**тва[189]			
46.	/ПИС: 19 октомври 1856/ сред**с**тво[190]			
47.	/ПИС: 19 октомври 1856/			

[188] Според *Правопӣсот̄ на маке̑донскиот̄ јазик* од 2015 г., не се бележи едначењето по звучност на *ѕ* пред суфиксот *-ски* (в. п. Правопис на македонскиот јазик 2015: 18).
[189] Според *Правопӣсот̄ на маке̑донскиот̄ јазик* од 2015 г., не се бележи едначењето по звучност на *ѕ* пред суфиксот *-стӣво* (в. п. Правопис на македонскиот јазик 2015: 18).
[190] Истото.

	слад**к**о			
48.	/ПИС: 19 октомври 1856/ бе**зц**ени			
49.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Сред**с**тво[191]			
50.	/ПИС: 19 октомври 1856/ под**к**репи			
51.	/ПИС: 19 октомври 1856/ свез**к**а			
52.	/ПИС: 19 октомври 1856/ без**п**рестанно			
53.	/ПИС: 29 декември 1856/ Ср**бс**ки			
54.	/ПИС: 15 февруари 1857/ пресла**дк**о Ср**бс**тво			
55.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ Дру**жс**тву			
56.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ С'р**бс**ке			
57.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ бе**зч**естіе			
58.	/ПИС-1: 23 април 1859/ бе**зч**ести			
59.	/ПИС-1: 23 април 1859/ бе**зч**естили			
60.	/ПИС: 12 февруари 1868/ родолю**бс**тва			
61.	/ПИС: 1 септември 1856/ над**п**исъ			
62.	/ПИС: 5 јуни 1877/ о**бк**леветенъ			
63.	/ПИС: 5 јуни 1877/ о**бш**ирны			
64.	/ПИС: 1 јули 1877/ блуд**с**твото[192]			
65.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ бе**зч**естили			
66.	/ПИС-1: 4			


[191] Истото.
[192] Истото.

	декември 1858/ под**к**реплявате			
67.	/ПИС: 12 февруари 1868/ под**п**оможуенѣ			
68.	/ПИС-1: 23 април 1859/ Цариград**с**ко[193]			
69.	/ПИС-1: 23 април 1859/ бе**зч**естиле			
70.	/ПИС-2: 23 април 1859/ ср**бс**ки			
71.	/ПИС: 15 февруари 1857/ бе**зп**латежно			
72.	/ПИС: 5 јуни 1877/ слад**к**о			
73.	/ПИС: 1 јули 1877/ под**с**треканіето			
74.	/ПИС: 23 февруари 1857/ братолю**бс**тво			
75.	/ПИС: 30 август 1876/ денгу**бц**ы[194]			
76.	/ПИС: 12 февруари 1856/ под**с**мее			
77.	/ПИС: 25 март 1856/ ср**бс**ки			
78.	/ПИС-2: 28 април 1856/ бе**зп**рестанно			
79.	/ПИС-2: 28 април 1856/ бе**зп**рестанно			
80.	/ПИС: 1 јули 1877/ и**зп**омежду			
81.	/ПИС: 22 октомври 1878/ кни**жк**а			
82.	/ПИС: 1 јули 1877/ и**зч**езнать			
83.	/ПИС: 22 октомври 1878/ о**бк**левети			
84.	/ПАТ: ОП/ бе**зч**есть-та			
85.	/П: ТИ/ ра**зс**уди			
86.	/П: ТИ/ бе**зс**рамна			
87.	/П: ТИ/бе**зц**енно			
88.	/С: БП/ новобе**зп**равилно			

[193] Според *Правопис̄от на маке̑донскиот̄ јазик* од 2015 г., не се бележи едначењето по звучност на *ѳ* пред суфиксот *-ски* (в. п. Правопис на македонскиот јазик 2015: 18).

[194] Не се бележи едначењето по звучност пред *ц* на граница на основата и множинската наставка *-и*: *крадци*, *очевидци*, *пр̄едци* (Правопис на македонскиот јазик 2015: 18).

89.	/С: БП/ сладкорѣчиваго			
90.	/С: БП/ пресладкое			
91.	/ПАТ: ОКОБП-2/ безчесть			
92.	/ПАТ: ОКОБП-1/ подчиняваше			
93.	/ПАТ: ОКОБП-1/ подпоръ			
94.	/П: ПЈБМ/ подпирала			
95.	/ПАТ: ОКОБП-2/ Охридска[195]			
96.	/ПАТ: ЉПТ/ редка			
97.	/ПАТ: АОБОТП/ надпреваратъ			
98.	/П: ПСУМ/ безчести			
99.	/СДИ: РПЧ-2/ безсрамно			
100.	/СДИ: УУ-1/ гробчето			
101.	/СДИ: УУ-1/ робчето			
102.	/П: РБ/ сладко			
103.	/СДИ: Б/ безсрама			
104.	/А-2/ безконечно			



Графички приказ бр. 1: Процентуален приказ на примената на принципот на едначење по звучност во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

[195] Според *Правопис̄от на македонскиот̄ јазик* од 2015 г., не се бележи едначењето по звучност на *ǵ* пред суфиксот *-ски* (в. п. Правопис на македонскиот јазик 2015: 18).

Како што може да се види, најбројни се примерите во кои две согласки со различна звучност, што се наоѓаат во непосреден допир во говорната низа, остануваат непроменети и не се изедначуваат по звучност (СзСб > СзСб – 83 %; СбСз > СбСз – 10 %, односно вкупно – 93 %).

Многу мал број примери покажуваат едначење по звучност, односно кога една до друга ќе се најдат звучна и безвучна согласка, тие се изедначуваат според втората согласка, па се добиваат две безвучни согласки (само 7 % од примерите). Едначењето по звучност, во овие случаи, настанува при додавање префикси:

из- > ис- /ПИС-1: 9 септември 1856/ испросихъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ исписаны; /ПИС: 12 февруари 1856/ испишамъ; /ПИС: 30 август 1876/ исчиталъ; /ПИС: 27 август 1856/ неисчистена; /ПИС: 23 февруари 1857/ испроводихъ; /ПИС: 1 јули 1877/ исцеляватъ

од- > от- /ПИС-1: 9 септември 1856/ отсвудъ

раз- > рас- /ПИС: 19 октомври 1856/ распратете

Нема ниту еден пример што покажува едначење по звучност со резултат две звучни согласки (четвртата колона од претходната табела бр. 24).

Не се бележи едначењето по звучност на *д* пред суфиксот *-ски* (/ПИС: 27 август 1856/ Београ**дс**ка; /ПИС-1: 23 април 1859/ Цариград**с**ко; /ПАТ: ОКОБП-2/ Охрид**с**ка) и пред *ц* на граница на основата и множинската наставка *-и* (/ПИС: 30 август 1876/ денгу**бц**ы).

2.3.35. Согласни групи

а) Групата (-)*мн-* се изговара и се пишува во зборовите: /ПИС: 4 септември 1856/ много; /ПИС: 19 октомври 1856/ срамно; /ПИС: 9 февруари 1855/ подземных; /ПИС-3: 9 септември 1856/ многоценно; /ПИС: 19 октомври 1856/ подземнаго; /ПИС: 19 октомври 1856/ Мнемосина; /ПИС: 7 мај 1856/ странопріемницы; /ПИС: 7 мај 1856/ наймного; /ПИС: 25 септември 1856/ стрмноходъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Многострадалный; /ПИС: 9 февруари 1855/ многотрудливъ; /ПИС: 25 септември 1856/ многочестно; /ПИС: 9 февруари 1855/ Струмница; /ПАТ: ОП/ Слимница (денес – Сливница, Преспа).

б) Со (-)*вн-* се пишуваат зборовите: /ПИС: 1 септември 1856/ сравнатъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ внутрешно; /ПИС: 7 мај 1856/ равновеличественъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ славный; /ПИС: 27 август 1856/ оловный; /ПИС: 27 август 1856/ внутръ (‘внатре’); /ПИС-2: 9 септември 1856/ древности; /ПАТ: ОКОБП-1/ достославны; /ПИС-2: 9 септември 1856/ внимателны; /ПИС: 12 февруари 1856/ древны; /ПИС: 1 септември 1856/ црковны; /ПАТ: ОКОБП-1/ безкровная (‘бескрвна’); /ПИС: 6 јануари 1857/ Высокославное; /ПИС: 12 февруари 1868/ книжевности; /ПАТ: ОКОБП-1/ най славны.

в) Согласката *с* зад почетното *ѝ* не преминува во *ц*, како што е во денешниот современ стандарден јазик[196] кај одредени зборови, туку останува непроменета: /ПИС: 12 февруари 1856/ Псовти; /А-1/ псулъ.

Согласната група *ѝс-* во почетокот на зборот се среќава во зборовите: /ПИС: 19 октомври 1856/ Псалтирцы; /ПИС: 19 октомври 1856/ Психическо.

Согласната група *-ѝс-* се пишува и се изговара во зборовите: /ПИС: 19 октомври 1856/ Скопско; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Апокалипсисъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скопское; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скопски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Прилепски; /ПИС: 27 август 1856/ Кинопсъ.

г) Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, согласката *ш* преминува во *ч* пред *к*: /ПИС: 30 август 1876/ чколото (*чколо* – училиште; *школо* – разг.).

д) Групата (-)*цр-* се изговара и се пишува во зборовите: /ПИС: 29 декември 1856/ цркне; /ПИС-1: 28 април 1856/ црни; /ПИС: 12 февруари 1856/ црквы; /ПИС: 12 февруари 1856/ црквицы; /ПИС: 1 септември 1856/ Црногорцы; /ПИС: 1 септември 1856/ Црнъ (Камень); /ПИС: 1 септември 1856/ црковны; /ПИС: 9 февруари 1855/ Црковная; /ПИС: 1 септември 1856/ Црногорски; /ПИС: 12 февруари 1856/ Црна (гора) (но и: /ПАТ: К/ Черна гора Скопска).

Групата (-)*црв-* не се среќава во анализираниот материјал. Џинот ја употребува зборформата *червливы* (/ПИС: 1 јули 1877/; ‘црвливи’, стсл. ***чрьвь***). Оваа разлика (*црв-* vs *черв-*) ја објаснуваме со фактот што во некои југоисточни македонски дијалекти групата (-)*црв-* се изговара како (-)*черв-*.

ѓ) Групите (-)*шт̄-*, (-)*жд-* се пишуваат во зборовите: /ПИС-1: 9 септември 1856/ между; /ПИС: 12 февруари 1856/ осужди; /ПИС: 30 август 1876/ гражданинъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ граждански; /ПИС: 19 октомври 1856/ надежда (‘надеж’); /ПИС: 29 декември 1856/ граждане (‘граѓани’); /ПИС: 15 февруари 1857/ надежда; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Гражданскій; /ПИС: 12 февруари 1868/ нужда; /ПИС: 30 август 1876/ охлаждава; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ досаждамъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ нуждно; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ нуждата; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Тогожде (‘тогаш’); /ПИС: 15 февруари 1857/ дохожданѣ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Такожде (‘исто така’); /ПИС: 19 октомври 1856/ самъ нужденъ (‘сум потребен’); /ПИС: 19 октомври 1856/ нужда (но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ нужно; /ПИС: 19 октомври 1856/ пренужно).

е) Согласките *т̄*, *д* се изговараат и се пишуваат меѓу *з* и *р*, *с* и *р* во зборовите: /ПИС: 1 јули 1877/ здравъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Поздравля; /ПИС: 30 август 1876/ здраво; /ПИС: 7 мај 1856/ стрпеніе; /ПИС: 22 октомври 1878/ страна; /ПИС-1: 23 април 1859/ пространо; /ПИС-1: 23 април 1859/ страдамъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ австрійски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ истражуеме; /ПИС: 1 септември 1856/ стрели; /ПИС: 7 мај 1856/ странопріемницы; /ПИС: 27 август 1856/ страны; /ПИС-3: 9 септември 1856/ страданіе; /ПИС: 15 април 1856/ стрпѣніе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ страшны; /ПИС: 15 февруари 1857/ страданѣ; /ПИС: 12 февруари 1856/ безпристрастія; /ПИС: 1 септември 1856/ Стрезова; /ПИС: 12 февруари 1856/ (Георгій) Кастріотъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ пристрастникъ; /ПИС: 25 септември 1856/ стрмноходъ; /ПИС: 15 април 1856/ страхъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Архистратигъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ строгъ; /ПИС: 1 септември 1856/ прекрасноустроенъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Струга; /ПИС: 1 септември 1856/ Стреза (Краля Загорскаго); /ПИС-1: 7 јуни 1856/

[196] Согласката *с* зад почетното *ѝ* преминува во *ц*, односно со (-)*ѝц-* се изговараат и се пишуваат зборовите: *ѝцала*, *ѝцалт̄*, *ѝци*, *ѝцовиса*, *ѝцост̄*, *ѝцуе*; но: *ѝсалм*, *ѝсалт̄ир* (Правопис на македонскиот јазик 2015: 19).

инструментално; /ПИС: 1 јули 1877/ нестроенiето; /ПИС-1: 28 април 1856/ истраживанѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ подстреканiето (‘поттикнување нешто лошо’); /ПИС: 30 август 1876/ страна; /ПИС: 30 август 1876/ сестрите; /ПИС: 1 јули 1877/ страсти; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Многострадалный; /ПИС: 19 октомври 1856/ страдамъ; /ПИС: 1 септември 1856/ страна; /ПИС-1: 28 април 1856/ страна. Согласката *т҃* се чува и во формата /П: РБ/ радостно.

Согласките *т҃*, *д* не се изговараат и не се вметнуваат во групите (-)*зр*- и (-)*ср*- во зборовите: /ПИС: 9 февруари 1855/ Призренъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ срамъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ сребрены; /ПАТ: К/ сребро; /ПИС: 5 јуни 1877/ сродны; /ПИС: 5 јуни 1877/ сродность; /ПИС: 19 октомври 1856/ срамно; /ПИС: 1 септември 1856/ сравнатъ; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ среда.

2.3.36. Согласки во непосреден допир – удвојување и испуштање

Ако согласките што се нашле во непосреден допир се наоѓаат меѓу две самогласки, тие се удвојуваат (Правопис на македонскиот јазик 2015: 20). Согласките не се удвојуваат ако не се меѓу две самогласки. Постојат исклучоци од ова правило, на пример, префиксите *ис*- (*исели*, *исвири*) и *рас*- (*расели*, *раскока*) кои никогаш не се удвојуваат без оглед на тоа дали се или не се меѓу две самогласки. Од друга страна, префиксот *п҃рот҃ив*- секогаш се удвојува: *п҃рот҃иввреѳност҃*, *п҃рот҃иввлаѳин* (Правопис на македонскиот јазик 2015: 20).

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот удвоени се пишуваат:

-нн-: /ПАТ: ОКОБП-1/ Іоанна (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС-1: 9 септември 1856/ св. Јоаннъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ отечестенницы (‘сограѓани’; рус. *соотечественник* – сограѓанин); /ПИС-1: 9 септември 1856/ пространно; /ПИС: 25 септември 1856/ искренно; /ПИС-3: 9 септември 1856/ безчисленны; /ПИС-3: 9 септември 1856/ многоценно; /ПИС: 12 февруари 1856/ истинно; /ПИС: 25 септември 1856/ мужевственно; /ПИС: 12 февруари 1856/ најмужественный; /ПИС: 12 февруари 1856/ пространна; /ПИС: 25 март 1856/ иностранны; /ПИС-1: 28 април 1856/ странны; /ПИС-2: 28 април 1856/ безпрестанно; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ собственно; /ПИС: 27 август 1856/ художественно; /ПИС: 27 август 1856/ священницыте; /ПИС: 19 октомври 1856/ Истинната; /ПИС: 19 октомври 1856/ Степенно (од *с҃тепен*); /ПИС: 19 октомври 1856/ постепенно; /ПИС: 19 октомври 1856/ мысленното; /ПИС: 19 октомври 1856/ искренно; /ПИС: 19 октомври 1856/ безпрестанно; /ПИС: 29 декември 1856/ ученное; /ПИС: 23 февруари 1857/ дружественна; /ПИС-1: 4 декември 1858/ многоценна; /ПИС-2: 4 декември 1858/ многоценна; /ПИС-1: 23 април 1859/ многоценна; /ПИС-1: 23 април 1859/ смысленно; /ПИС: 1 јули 1877/ священнство; /ПИС: 12 февруари 1868/ священное; /ПИС: 30 август 1876/ искренна; /ПИС: 5 јуни 1877/ искренно; /ПИС: 5 јуни 1877/ священна; /ПИС: 27 август 1856/ священницыте; /ПИС: 27 август 1856/ свештеничеството; /ПИС-2: 23 април 1859/ пространно; /ПАТ: К/ страннопріемливы; /ПАТ: К/ священникъ; /ПАТ: СОДРСБ/ безпрестанно; /С: Б-ЛБ-3/ ученность; /С: Б-ЛБ-3/ ученность-та; /П: РБ/ постоянно;

-бб-: /С: С/ суббота;

-вв-: /ПИС: 25 септември 1856/ св. Савве (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС: 1 септември 1856/ (река) Саввица; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Савва;

/ПИС: 25 септември 1856/ Г. Савва (Милићевића); /ПИС: 1 септември 1856/ (Изворъ святаго) Саввы (збороформата содржи падежна наставка);

-лл-: /ПИС: 12 февруари 1856/ Кирилла (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-2: 4 декември 1858/ Кирилла; /ПИС-1: 23 април 1859/ Кириллъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ Каллиста (Патріарха) (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ еллинска; /П: РБ/ Аполло;

-мм-: /ПИС-2: 4 декември 1858/ Эмманоила (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 30 август 1876/ грамматика; /С: Б-ЛБ-2/ грамматика;

-п̄п̄-: /ПИС: 1 јули 1877/ Филиппъ;

-рр-: /ПИС: 9 февруари 1855/ Ферръ[197] Олимбійски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Серресъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Серресъ;

-сс-: /ПИС-2: 23 април 1859/ Руссите; /ПИС: 9 февруари 1855/ Мысслимъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Велессъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Русскаго (Консула) (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ Руссія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Велессъ;

-т̄т̄-: /ПИС: 1 јули 1877/ (Евангеліе отъ) Маттея; но: /СДИ: СВЧ-1/ смрта (според денешниот современ правопис – *смр*т̄*та*); /ПИС: 1 јули 1877/ дванаесете (според денешниот современ правопис – *ѳванаесет*т̄*е*); /ПИС-1: 4 декември 1858/ Десета (според денешниот современ правопис – *ѳесет*т̄*та*); /ПИС-2: 23 април 1859/ десета (според денешниот современ правопис – *ѳесет*т̄*та*); /ПИС-2: 23 април 1859/ пета (и шеста се разни книгы) (според денешниот современ правопис – *пет*т̄*та*)[198].

Во ниту еден збор во анализираниот материјал не се среќава удвојување на сонантот *ј* (*-јј-*).

2.3.37. Испуштање согласки

а) Одделни согласки се испуштаат во пишувањето во некои согласни групи, но и во некои други случаи:

- испуштање на *т̄*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ авсрійскоto; /ПИС: 1 јули 1877/ протестаны (испуштање на *т̄*, според денешниот правопис – *прот*т̄*ест*т̄*анти*);
- губење на крајното *-т̄* во членуваните форми на именките од машки род што завршуваат согласка (*-от̄* > *-о*): /ПИС: 9 февруари 1855/ правописо; /ПИС: 25 септември 1856/ Термопило; /ПИС: 7 мај 1856/ Манастыро; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ трудо; /ПАТ: ОП/ развытоко; /ПАТ: ОП/ умо; /ПИС: 12 февруари 1856/ (дочувалъ) родо; /ПИС: 1 септември 1856/ скиптро (станува збор за *скип*т̄*тар* – царски жезол со бесценети камење и резба); /ПИС: 4 септември 1856/ духо (ми бодрь); /ПИС: 30 август 1876/ алишъверишо; /ПИС: 1 септември 1856/ манастыро; /ПИС: 1 септември 1856/ дворо (црковны); /ПИС-1: 23 април 1859/ умо и языко; /ПАТ: СДД/ (на) путь-о; /СДИ: РПЧ-1/ дено; /СДИ: МДМОРИБ/ Клобуко (‘капа, шешир’); /А-1/ язико;
- групата *-ст̄н-* преминува во *-сн-* во /ПАТ: ОКОБП-2/ най чесно;
- испуштање на *к*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ (Сладкій ми) као (Братъ!); /ПИС: 9 февруари 1855/ као (Србинъ); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (тихо) као (Србинъ);

[197] Веројатно станува збор за градот Бер (грч. *Βέροια*; тур. *Karaferye*), денес – Р Грција.

[198] Во анализираниот материјал не се среќава удвоено *т̄* во членуваната форма на простите и редните броеви што завршуваат на *-т̄*.

– испуштање на *г̄*: /ПИС: 19 октомври 1856/ (поскоро) и (дајте на Г. Одавића) (испуштање на *г̄* од кусата заменска форма за директен предмет – *г̄и*; *и* vs *г̄и*);
– испуштање на *ǫ*: /ПИС: 7 мај 1856/ Пре (Косовскаго Боя);
– колебање во поглед на испуштањето на *ǫ* во групите *здј-* > *-зј-* и *ждн-* > *-жн-*: /ПИС: 1 јули 1877/ грозіе (‘грозје’); /ПИС: 19 октомври 1856/ нужно; /ПИС: 19 октомври 1856/ пренужно; но и: /ПИС: 25 септември 1856/ гроздѣ (форма на збирната множина, ‘грозје’); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ нуждно;
– испуштање на *в*/*х*: /ПИС: 19 октомври 1856/ сирома (‘сиромав’);
– испуштање на *ǫ* од групата *жǫр-*: /СДИ: МДЖ/ жребіе (‘ждреб’).

б) Согласката *ш̄* се чува следните случаи:
– /ПИС: 27 август 1856/ Брестіе (од *брес ш̄*, лат. *Ulmus*, ‘бресје’);
– /ПИС: 6 јануари 1857/ жалостно; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ болестенъ; /ПИС: 27 август 1856/ жалостно; /ПИС-1: 23 април 1859/ честно (групата *-сш̄н-* не преминува во *-сн-* во наведените примери).

2.3.38. Морфонолошки промени на согласките

Од анализата на јазичниот материјал ги издвојуваме следните морфонолошки промени на согласките:
– кај именки што завршуваат на *к(ъ)*, согласката *к* се менува во согласката *ц*: /ПИС: 30 август 1876/ ученикъ – ПИС: 30 август 1876/ ученицы; ПИС-1: 28 април 1856/ човекъ – /ПИС: 30 август 1876/ човецы; /ПИС: 12 февруари 1856/ грекъ – /ПИС: 12 февруари 1856/ грецы; /ПИС: 1 септември 1856/ Требникъ – /ПИС: 25 септември 1856/ Требницы; /ПИС: 19 октомври 1856/ Гласникъ – /ПИС-1: 28 април 1856/ Гласницы; /ПИС-1: 23 април 1859/ мученикъ – /ПИС: 1 септември 1856/ мученицы; како и во зборовите: /ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПАТ: ОКОБП-1/ чардацы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ споменицы; /ПИС-1: 23 април 1859/ глупацы; /ПИС-2: 23 април 1859/ капацы;
– промена на согласката *г̄* во согласката *з* има во множинската форма *нози* (/ПИС: 1 септември 1856/; дијалектно – источни говори, ‘нозе’);
– согласката *в*, односно *х*, се менува во согласките *ш* и *с*: /ПИС: 25 март 1856/ Патріарха (зборoформата содржи падежна наставка) – /ПИС-2: 23 април 1859/ Патріаршества; /ПИС-2: 23 април 1859/ сиромахъ – /ПИС: 30 август 1876/ сиромаси; како и: /ПИС: 7 мај 1856/ монаси;
– промена на согласката *з* > *ж* се среќава во именските образувања наспрема нивните глаголски корени: /ПИС: 12 февруари 1868/ доказъ – /ПИС: 7 мај 1856/ докажамъ;
– промена на согласката *ш̄* > *кя* (*кя* како дограф за означување на *ќ*) се јавува кај одделни глаголи во свршената наспрема несвршената форма: /ПИС-1: 23 април 1859/ плати – /ПИС-2: 23 април 1859/ плакя; /ПИС: 29 декември 1856/ прати – /ПИС: 19 октомври 1856/ пракямъ;
– промена на согласката *н* > *нъ* се среќава кај мал број именки во еднинската наспрема нивните збирномножински форми: /ПАТ: ОКОБП-1/ трнѣ; /С: С/ каменѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ;
– согласката *к* којашто се јавува во основата на глаголите во минато определено свршено време и во глаголската л-форма, во формите за сегашно време

преминува во *ч*: /ПИС-2: 28 април 1856/ рекоха – /ПИС: 19 октомври 1856/ реколъ – /ПИС: 4 септември 1856/ рече.

2.4. Употреба на голема и на мала почетна буква

Во делот што следува ќе бидат прикажани случаите во кои Јордан Хаџи Константинов-Џинот, во својата писмена практика, употребува голема и мала почетна буква.

Според *Правопис̄от на македонскиот̄ јазик* (2015: 39), во македонскиот јазик голема почетна буква се пишува во првиот збор во реченицата, во имиња и во зборовни состави со статус на имиња, додека еден зборовен состав може да се пишува со голема почетна буква на сите делови, со голема почетна буква само на првиот дел или со мала почетна буква на сите делови.

2.4.1. Голема буква на почеток на реченица

а) Со голема почетна буква се пишува првиот збор во реченицата:

/ПИС-2: 23 април 1859/ Получихъ десета свеска Гласникъ и ваше писмо отъ 25 апреля, отъ кое разумехъ желята ви за стари рукописи. – /ПИС-2: 23 април 1859/ Имамъ ви послатъ разны и Достопримѣчателни и полны археологія, наша Древна исторія списки, закони, вѣнчанія царски свадбы, т. е. женитбы, како се судатъ пани, супани войводы и кнезовы.

б) Со голема почетна буква се пишува и почетниот збор во реченичните еквиваленти:

/ПИС-3: 9 септември 1856/

1. Негодованія греческаго Патріярха?
2. Соблазны и козенства Папины?
3. Обещаніи греческаго Императора?
4. Совѣти Папины?
5. Клетвы и укори и запрещенія Патріархии?

в) Во писмената практика на Џинот, со мала почетна буква се пишува првиот збор во мал број рече̏ниици:

/ПИС: 15 април 1856/ Каквы книгы и каквы документи и стари новцы искате? готовъ самъ безъ шубе да ви пратимъ! а вы имайте страхъ да не ве излажамъ. Ако така мыслите може да имате некой такви Духовы! – /ПИС: 7 мај 1856/ Біятъ, убиваятъ, сечатъ, хараятъ, никой нема да гы тражи. въ Булачани изсекоха едно младо момче, въ бразда еднего другаго, въ друго село другего итд. – /ПИС: 29 декември 1856/ кажете и Х. Георгію брата свог’ да поучи. – /ПИС: 30 август 1876/ имате и право: защо простотата скоро охлаждава; а па отъ друга страна вы много се трудите, работите, и алишъверишо човека го прави да истине отъ свой пріятели. – /ПИС: 6 јануари 1857/ Аманъ! аманъ има 15 дена на Таванъ се крыямъ за ваша честь и исторія. – /ПИС: 1 септември 1856/ въ манастыро има до 40 рукописны Пергамени и единъ Тріодъ (Трипесникъ) щамбанъ въ Подгорица, и единъ Требникъ щамбанъ въ Подъгорица. – /ПИС: 25 септември 1856/ Ученно Дружство ако ме пріима и да ме храни, я всичка моя

душа и мое срдце жертва за него ке гы принесамъ, и писмо мое абіе на србски ке окренимъ. все що самъ писалъ на Г. Савва Милићевића въ писма мои отъ 9 и 12 февраля, на това готовъ самъ да заслужимъ мужевственно и съ србски духъ. – /ПИС-3: 9 септември 1856/ все ова на кратко ви преставямъ, а вы како много учены мужіе оставамъ на васъ како е вамъ драго и угодно. – /ПИС: 19 октомври 1856/ ви распратете въ всичка Стара Србія и Бугарія за старина, ако другъ повеће отъ мене принесе, я вамъ робъ ке ви будам.

г) По три точки, ако со тоа завршува реченицата, односно ако е прекината, но понатаму не продолжува, се пишува голема буква:

/ПИС: 7 мај 1856/ Нека дойдеме до Манастырь Матейчъ, кой е днеска пусть, и лежи како мртовъ Исполинъ въ найбесныте Арнаути... Пре Косовскаго Боя, два путъ го е похарал Силенъ влахъ Алія, и погубилъ 80 монаси.

д) Со мала почетна буква се пишува првиот збор на реченицата што доаѓа по две точки:

/ПИС: 19 октомври 1856/ Я на това самъ се отговорилъ: ако ми издѣйствуе годишна плаћа все що годъ старина имъ пракямъ и ке имъ пракямъ бадіява.

ѓ) Голема буква се пишува на почетокот на првиот збор на реченицата што доаѓа по друга реченица која завршува со извичник или со прашалник:

/ПИС-3: 12 јуни 1856/ И за коя причина ке ве лажамъ, што ми дадохте и што ве излагахъ? – Како самъ живилъ до сега, тако и отъ сега! Богъ е штедрый! Молимъ ви се пунопокорно да ми не споминяте лага.

/ПИС: 1 јули 1877/ Кои са тыя демоны? Коя е тя власть и сила? Кои са тыя болести и недугы? Како иска да се исцѣлявать?

Во мал број примери се пишува мала буква на почетокот на првиот збор на реченицата што доаѓа по друга реченица која завршува со извичник или со прашалник:

/ПИС-3: 12 јуни 1856/ Не Братіе, не лажамъ! ни па до днеска самъ излагалъ (...) – /ПИС: 5 јуни 1877/ Непочитавашли лошыте како добрыте? ты и Бога непочитавашъ и слепо живишъ.

е) Ако во реченицата се јавува извичник што се однесува на конкретен збор или на нејзин дел, а потоа реченицата продолжува, зборот по интерпункцискиот знак се пишува со мала почетна буква:

/ПИС: 12 февруари 1868/ (...) всякъ ученъ и човеченъ човекъ Хвала! и Благодариме! – съ рукоплесканѣ ке да ми рече.

ж) Во писмата што ги испраќа Јордан Хаџи Константинов-Џинот, по обраќањето каде што стои запирка, се пишува голема почетна буква ако текстот оди во нов ред:

/ПИС: 22 октомври 1878/

Брате Антоніе,

Незнаемъ писмо, та да ти кажамъ моето сърдце и душа.

/ПИС: 22 октомври 1878/

Милій ми Брате,

Има време отъ какъ чекамъ отъ честа ви писмо, чекамъ но нема да ми пратите.

з) Во писмата, по обраќањето, во случаите кога стои извичник зад обраќањето, текстот продолжува со голема буква:

/ПИС: 15 април 1856/

Господіе!

Молимъ вечъ да ми не пракяте Новине читалищне отъ 1847 защо я имамъ 1500 комата разны книгы кои и сега са редки между училища, та Новини искамъ отъ 1856 да тече за унапредъ.

s) Со голема почетна буква се пишуваат вокативните форми на општите именки што Џинот ги користи во случаите кога им се обраќа на пријатели или членови на Друштвото за српска словеност од Белград, како и вокативните форми на општите именки во литературните дела:

- /ПИС: 6 јануари 1857/ Охъ мене! Скоро мои Браћо! – /ПИС: 5 јуни 1877/ Най милій ми Брате! – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Не Братіе, не лажамъ!
- /П: ЖИМ/ Море Зете мой, Зете непознати (...) (вокативна форма од именката *зеѿ*).

2.4.2. Голема почетна буква на секој дел кај сопствените имиња[199]

а) Со голема почетна буква се пишуваат личните имиња, презимињата, фамилијарните имиња и други определби што влегуваат во состав на името: /С: Б-ЛБ-4/ Василій Априловъ; /С: Б-ЛБ-4/ Кифаловъ; /С: Б-ЛБ-4/ Беровъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Стефанъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій Кастріотъ; /П: ЖИМ/ Неда; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Курита (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Кориванта (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Ѳеофілакта Болгарскаго (збороформите содржат падежни наставки); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Нікифора Каліста Ксантопула (збороформите содржат падежни наставки); /ПИС: 22 октомври 1878/ Теофраста, Антифона, Антистена, Ливаніа, Илеа, Дипарха, Андокиди, Лисіа, Платона, Исократа, Демостена; С. С. Јоана Златоуста Маргарити (...) Ефреема Сирина, Дионисія Јеромонаха, Анастасия Синайтского, С. Максима Мудраго, Дамаскина Монаха Каменскаго, Теофила Мудрейщаго, Симеона Новаго Богослова (збороформите содржат падежни наставки); /СДИ: МДМОРИБ/ Острымечь; /ПИС: 25 септември 1856/ Вука Бранковића (збороформите содржат падежни наставки); /ПИС-2: 23 април 1859/ Андрей Первозванъ; /ПИС: 27 август 1856/ Веелзевулъ; /ПИС: 27 август 1856/ Азмостей; /ПИС: 27 август 1856/ Веелфегоръ; /ПИС: 27 август 1856/ Астартъ; /ПИС: 27 август 1856/ Далонъ; /ПИС: 27 август 1856/ Вилъ Навуходоносоровъ; /ПИС: 27 август 1856/ Симонъ; /ПИС: 27 август 1856/ Арцивурцы; /ПИС: 27 август 1856/ Кинопсъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Ахметъ Палиа; /ПИС: 12 февруари 1856/ Волкашина (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 12 февруари 1856/ (на Сина своего) Марка (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ Богора (Михаила) (збороформите содржат падежни наставки; Џинот дава дообјаснување употребувајќи загради); но и: /ПИС: 22 октомври 1878/ Атанасія великаго (збороформите содржат падежни наставки).

[199] Според *Правоѿисоѿ на македоѳонскиоѿ јазик* (2015: 43), сопствените имиња ги опфаќаат личните имиња, презимињата, прекарите, псевдонимите, фамилијарните, племенските, етничките, географските имиња (имињата на галаксии, cosвездија, планети, sвезди, континенти, држави, прекуморски територии, региони, општини, градови, села, населби, океани, мориња, реки, водопади и др.). Во рамките на сопствените имиња со мала почетна буква се пишуваат службените зборови (предлозите, сврзниците и честичките) тогаш кога со нив не почнува името.

Називите на титулите (*цар*, *паша*, *бегъ*) што стојат до личните имиња најчесто се пишуваат со голема буква: /ПИС: 27 август 1856/ Мехметъ Али Бега (зборофомата *Бега* содржи падежна наставка); /ПИС: 7 мај 1856/ Синанъ Паша; /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Богоръ; /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Лазарь; /ПИС: 7 мај 1856/ Царь Јустиніянъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Царь Манойлъ; но и: /ПИС: 7 мај 1856/ царь Душанъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ царь Урошъ; /ПИС: 1 септември 1856/ царица Милица; /ПИС: 27 август 1856/ Ибрахимъ-бега (зборофомата *бега* содржи падежна наставка).

Називите на функциите употребени без нивите носители, односно без лични имиња, се пишуваат со големи букви: /ПИС: 6 јануари 1857/ Паша Београдски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Консула Австрійскаго; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Капу-кехая Србски (тур. *kapukahyasi* – висок државен достоинственик, претставник во Високата порта на Отоманското Царство).

б) Со голема почетна буква се пишуваат и присвојните придавки изведени од лични имиња и презимиња со наставките *-ов*, *-ев* и *-ин*: /ПИС: 27 август 1856/ Сисифови (муки); /ПИС: 27 август 1856/ Танталово (мученіе); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (коньи) Діамидови; /ПИС: 1 септември 1856/ (крепость) Стрезова; /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістово (добро); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Божидарови (книгы); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (згради) Марковы и Вукашиновы; /ПИС: 12 февруари 1856/ Царь Душановы (села); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мечъ) Душановъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Душановы; /ПИС: 12 февруари 1856/ Душанова; /ПИС: 7 мај 1856/ Тифонова; /ПИС: 25 март 1856/ Урошеви; /ПИС: 25 март 1856/ Душановы; /ПИС: 7 мај 1856/ Душановы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Душановы; /ПИС: 1 септември 1856/ Шливова (црква св. Петка); /ПИС: 25 март 1856/ Лазаровы, Деспотови; /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Неманьиковы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Радуловы; /ПИС: 6 јануари 1857/ (рождество) Хрістово; /П: РВ/ Вардарова (вода); но и: /ПИС: 25 март 1856/ влькашиновы.

Во примерот: /ПИС: 25 март 1856/ *Урошеви, Душановы, влькашиновы, Лазаровы, Деспотови*, Џинот покажува недоследност во поглед на употребата на големата буква кај присвојните придавки изведени од сопствени имиња дури и во рамките на една реченица.

в) Имињата на жителите на региони и држави, вклучувајќи ги и називите на етничките групи на Балканскиот Полуостров, се пишуваат со голема буква: /ПИС: 12 февруари 1856/ Французы; /ПИС: 12 февруари 1856/ Немцы (според срп. *Немачка* – Германија); /ПИС: 12 февруари 1856/ Латины; /ПИС: 12 февруари 1856/ Енглезы; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Србли; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бугари; /ПИС: 12 февруари 1856/ Славяне (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС: 12 февруари 1856/ Латинъ; ПИС: 12 февруари 1856/ Немецъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Болгарыте; /ПИС-2: 23 април 1859/ Руссите; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Србліте; /ПИС: 27 август 1856/ Славяни; /ПИС: 12 февруари 1856/ Болгари (Брайлски, Одески); /С: И/ Готи; /ПИС-2: 23 април 1859/ Скити; /ПИС-2: 23 април 1859/ Пелазге (зборофомата содржи падежна наставка – Пелазги); /ПИС-2: 23 април 1859/ Гети; /ПИС-2: 23 април 1859/ Масагети; /ПИС-2: 23 април 1859/ Македоны; но и: /ПИС: 1 септември 1856/ Црногорцы[200]; /ПИС: 12 февруари 1856/ грецы; /ПИС-1: 9 септември 1856/ грецыте; /ПИС: 12 февруари 1856/ грекъ; /ПИС: 7 мај 1856/ влахъ.

Интересни се случаите во кои за означување на имиња на жители на држави, царства (*Грци*, *Турци*) употребува мала буква: /ПИС-2: 28 април 1856/ Будући отъ

[200] Се однесува на жители на подрачјето на Скопска Црна Гора.

учительство ми се е згадило, и до душа мрзко ми е, гонители **грецы** коските ми изглодале (...) – /ПИС: 22 октомври 1878/ (...) **турцыте** още како що си знаятъ и ткаятъ, тамо вамо (...) –/ПИС: 22 октомври 1878/ И това не гледамъ, но ако ме обклевети некой, та за инатъ **турцыте** да ме вращатъ назадъ! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Пытамъ гы защо ме давате на **турцы**? – /ПИС: 12 февруари 1856/ (...) Латины, **грецы** и Немцы и Французы и Енглезы (...) – /ПИС: 12 февруари 1856/ ако некой на ова се подсмее – онъ е лудъ, онъ е Латинъ **грекъ** и Немецъ непостоянъ! – /ПИС: 27 август 1856/ Единъ **грекъ** от 35 чифуты повече зло мысли на славенскаго народа, а еденъ Цынцаръ (Краденородникъ или копилякъ) 35 пути повече отъ **грека** зло мысли словомъ и дѣлом врзъ Славяныте. – /ПИС-1: 9 септември 1856/ (...) 4 **грека** между нихъ и 4 Бугарски опадника, на Турцы (...) – /ПИС: 7 мај 1856/ Онъ роби, грабы несито, клевети, предава на **турцы** (...).

Во случаите кога со мала буква ги означува имињата на жителите (*т҃урци*, *г҃рци*), контекстот најчесто е негативен, односно се сугерираат негативни ставови и непријатни чувства[201] на Цинот кон припадници на наведените етнички групи во периодот кога од претставници на турската и грчката власт постојано е прогонуван.

г) Со голема буква се пишуваат имињата на божества и на конкретни митолошки суштества заедно со други определби што влегуваат во состав на името: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Церберъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Цербера (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 1 септември 1856/ Пана Бога Пастырскаго и Шумскаго (збороформите содржат падежни наставки).

д) Лични имиња заедно со други определби што влегуваат во состав на името[202], поврзани со религиозната сфера, се пишуваат со голема буква на секој дел: /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда Предателът; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Архистратигъ Михайлъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Господь; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисусъ Хрістосъ Синъ Божій; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисус Хрістосъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Тимотей; /ПИС-1: 23 април 1859/ Теофилъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Діонисій; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Пророка Илія; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Царь Стефанъ; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Стефанъ Дечански; /ПИС: 1 јули 1877/ Богъ; /ПИС: 10 август 1864/ Кирила Философа; /ПИС: 1 септември 1856/ Јовъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Авраамъ; /ПИС-3: 9 септември 1856/ св. Спасъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисуса Христа; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Царя Стефана Силнаго Душана; /ПИС: 23 февруари 1857/ Папа Иноцентія; /ПИС: 25 септември 1856/ Святаго Стефана Лазаревића; /ПИС: 25 септември 1856/ Папа Нікола; /ПИС: 25 септември 1856/ св. Савве Србскаго; /ПИС-1: 23 април 1859/ Великій Атанасій; именувања на ѓаволот – /ПИС: 27 август 1856/ Сатана, Веелзевулъ; но и: /ПИС: 12 февруари 1868/ (господина) Боголюбиваго Михайла Митрополита Београдскаго и архіепископа Србскаго; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда, клеветникът и Предателът Господень; /ПИС-1: 23 април 1859/ Григорій чудотворецъ; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Николая чудотворецъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ мученикъ Петеръ; /ПИС-1: 23 април 1859/ великій Василій; /ПИС-1: 23 април 1859/ великій Григорій Нискій; /ПИС-1: 23 април 1859/ великій Кириллъ Александрійскій; /ПИС-1: 23 април 1859/ святѣшій Генадій; /ПИС-1: 23 април 1859/ великій Тарасій.

Абревијацијата *св.* (‘свети, света’) најчесто се пишува со мала почетна буква.

ѓ) Географските имиња, административните единици и неофицијалните имиња на територии (државите, макрорегионите и микрорегионите; регионите – во географска или друга смисла; административните единици – покраини, општини, окрузи, жупании,

[201] Негативните ставови за припадници на одредени нации, кои се среќаваат во текстовите на Цинот, не ги одразуваат ставовите на авторката. Примерите се користат исклучиво за јазична анализа.
[202] Голем број збороформи содржат падежни наставки.

области и др.; океаните, мориња̀та, заливите, езерата, реките и водопадите; планините и врвовите; клисурите и пештерите; котлините, низините, висорамнините и долините) се пишуваат со голема почетна буква на секој дел од името:

- /ПИС-1: 9 септември 1856/ Србія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Македонія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Бугарія; /ПИС: 25 септември 1856/ Србія; /ПИС: 27 август 1856/ Турція; /ПИС: 19 октомври 1856/ Стара Србія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Бугарія; но и: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Србскаго царства (збороформите содржат падежни наставки); /ПИС: 12 февруари 1868/ мала Азія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Црна гора;
- /ПАТ: К/ Тесалія; /ПАТ: К/ Тракія; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Крчовско, Дебрско, Охридско; /ПИС-1: 4 декември 1858/ (предѣлъ) Охридски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Азотъ; /ПАТ: ОП/ Преспа; /ПАТ: ЉПТ/ Тыквешія; /ПАТ: СОСНМП/ Моріево (‘Мариово’); /ПАТ: СОСНМП/ Чебренъ; /СДИ: УУ-4/ Мегленъ;
- /ПИС: 30 август 1876/ Велесъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Солунъ; /С: ВП/ Солонъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Велессъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Струга; /ПАТ: ЉПТ/ Струмица; /ПИС: 10 август 1864/ Равени (збороформата содржи падежна наставка; се однесува на италијанскиот град Равена); /ПИС: 1 септември 1856/ Подъгорица; /ПИС: 1 септември 1856/ Подгорица; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Демиркапиія; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Едеса; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Аврет-исаръ; ПАТ: ЉПТ/ Демиръ Капиія (но и: /ПАТ: ЉПТ/ Демиръ капиія);
- /ПИС: 12 февруари 1856/ Мокро Планина; /ПАТ: ОП/ Петренска Планина; /ПИС: 7 мај 1856/ Црна Гора Скопска; /ПИС: 1 септември 1856/ Планина Гнояни; /ПИС: 25 септември 1856/ Тесность (Θермопилъ); /ПИС: 25 септември 1856/ Планина Крепость; /ПИС: 1 септември 1856/ Црнъ Камень; /ПИС: 25 септември 1856/ Црна гора[203]; но и: / П: ЖИМ/ Света гора (се однесува на црковната автономна област на полуостровот Халкидики, денешна Р Грција);
- /ПИС: 1 септември 1856/ Туричево; /ПИС: 1 септември 1856/ Иконица; /ПИС: 1 септември 1856/ Студенчаны; /ПИС: 1 септември 1856/ Стара Скопска Студеница; /ПИС: 7 мај 1856/ Булачани; /ПИС: 1 септември 1856/ Побожѣ; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Неманьицы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста Тыквешки) Любляне; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Нагоричино (но и: /ПИС-3: 9 септември 1856/ нагоричино); /ПАТ: ЦГС/ (село) Црешово; /ПАТ: ЦГС/ Булачаны; /ПАТ: ЦГС/ Ращакъ; /ПАТ: ЦГС/ Радишаны; /ПАТ: ЦГС/ Бродецъ; /ПАТ: ЦГС/ Кучевище; /ПАТ: ЦГС/ Мирковцы; /ПАТ: ЦГС/ Бразда; /ПАТ: ЦГС/ (село) Баняни; /ПАТ: ЦГС/ (село) Блатце; /ПАТ: ЦГС/ Чучеръ; /ПАТ: ЦГС/ Орманъ; /ПАТ: ЦГС/ Кучково; /ПАТ: ЦГС/ Бжрдовцы; /ПАТ: ЦГС/ (село) Сарай; /ПАТ: ЦГС/ Высбегово; /ПАТ: ЦГС/ Шуто Оризари; /ПАТ: ЈСС/ Количаны; /ПАТ: ЈСС/ Орешаны; /ПАТ: ЈСС/ Осинчаны; /ПАТ: ЈСС/ (село) Долно Лисиче; /ПАТ: ЈСС/ (село) Драчево; /ПАТ: ЈСС/ (село) Лисиче; /ПАТ: ЈСС/ Нерезѣ (се однесува на с. Нерези, Скопско); /ПАТ: ЈСС/ (село) Киселавода; /ПАТ: ЈСС/ Говърлево; /ПАТ: СОДРСБ/ Янче; /ПАТ: СОДРСБ/ Галичникъ; /ПАТ: СОДРСБ/ Гари; /ПАТ: СОДРСБ/ Тресанче (се

[203] Се однесува на Скопска Црна Гора.

однесува на с. Тресонче); /ПАТ: СОДРСБ/ Сельце; /ПАТ: СОСНМП/ Витолища; /ПАТ: СОСНМП/ Мелница; /ПАТ: СОСНМП/ Градешница;

– /ПИС: 12 февруари 1856/ Србско Адріатско Приморѣ; /ПАТ: М-Б/ Драгоръ; /ПИС: 1 септември 1856/ Войводина вода; /ПИС-2: 23 април 1859/ (Река) Истръ (кой и нареколъ име) Дунавъ; /ПАТ: ЦГС/ Лепенецъ; /ПАТ: ОП/ Дрина (се однесува на реката Дрим; збороформата содржи падежна наставка); /ПАТ: ЉПТ/ (река) Црна; /СДИ: МДМОРИБ/ Дунай (река); /П: РВ/ Вардаръ; /П: РВ/ Треска; /П: РВ/ Пчиня; /П: РВ/ Тополка; /П: РВ/ Бабунка; /П: РВ/ Церна; /П: РВ/ Бошава; /П: РВ/ Брегалница; но и: /ПИС: 10 август 1864/ (река) брегалница; /СДИ: УУ-4/ вардаръ; /С: ОС/ Атлантическо-то море; /С: ОС/ Балтійско-то (Блатно-то) море; /С: ОС/ Средиземн-то море; /СДИ: МДМОРИБ/ Черното море.

Некогаш со мала почетна буква го пишува името на градот Велес: /ПИС-2: 23 април 1859/ велесъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ велессъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Они въ велесъ на вси глупацы вѣрно докажале да е заисто и днеска ме ругаятъ.

е) Со голема почетна буква на секој дел од називот се пишуваат називите на органите на власта: /ПИС-1: 4 декември 1858/ Попечительство Просвещенія (*Попечительство* – настојништво, раководен орган); /ПИС-1: 4 декември 1858/ Правительство Княжества Ср'бій; /ПИС: 6 јануари 1857/ Высокославное Правительство.

ж) Верските институции и називите на верските објекти ги пишува со голема почетна буква на секој дел од називот: /ПИС-2: 23 април 1859/ Охридска Архіепископія; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Архіепископія Охридска; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Манастырь Марковъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Манастырь св. Пророка Илія; /ПИС: 25 септември 1856/ Манастырь Кучевишта; /ПИС: 1 септември 1856/ Монастырь Св. Арахангела Михайла; /ПИС: 1 септември 1856/ Манастыры Матейчъ; но и: /ПИС: 1 септември 1856/ Кожленски манастырь; /ПИС: 1 септември 1856/ Марковъ манастырь; /ПИС-3: 9 септември 1856/ манастырь Буково Србски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ манастыръ св. Јоаннъ.

2.4.3. Голема почетна буква само на првиот дел од називот

а) Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, со голема почетна буква само на првиот дел од називот се пишуваат:

– закони, историски настани и други собири: /ПИС: 7 мај 1856/ Косовска битка; /ПИС: 1 септември 1856/ бытка Косовска; /ПИС-2: 23 април 1859/ Законы Јустиніана (И-Стояна); /ПИС-2: 23 април 1859/ Законы Солона Ликурга и Мойсея; но и: /ПИС: 7 мај 1856/ Косовскаго Боя; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Законикъ Духовны и гражданскі; /ПИС: 12 февруари 1856/ Конгрезъ Црногорски за Славяне и грецы;
– називите на дипломатски претставништва: /ПИС-1: 9 септември 1856/ австрійското Посолство (рус. *посольство*; буг. *посолство* – дипломатско претставништво на странска држава);
– установи, претпријатија и медиуми: /ПИС: 19 октомври 1856/ Ришелевскій Лицей; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скопское училище; /ПИС-1: 9 септември 1856/ читалище Београдско; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Цариградски вѣстникъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Ц. Вѣстникъ (се

однесува на *Цариградски вестник*); /ПИС-1: 4 декември 1858/ Гласникъ (се однесува на списанието *Гласник*); /ПИС-1: 28 април 1856/ Гласницы (се однесува на списанието *Гласник*); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Шумадинкы (се однесува на книжевното списание *Шумадинка*); /С: Б-ЛБ-4/ Ватиканска та библіотека; но и: /С: Б-ЛБ-4/ Росско-имераторска та публична Библіотека.

Цинот на различни начини ги запишува називите на Друштвото за српска словесност од Белград и на Читалиштето на Друштвото за српска словесност, колебајќи се околу употребата на големата буква: /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Дружство србске Словесности; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Дружству С'рбске Словесности; /ПИС: 29 декември 1856/ Высокославеное ученное Дружство; /ПИС: 6 јануари 1857/ ученно Србско Дружство; /ПИС: 19 октомври 1856/ Дружство Србске Словесности; /ПИС: 25 септември 1856/ Ученно Дружство; /ПИС: 25 септември 1856/ Ученно дружство; /ПИС: 25 септември 1856/ ученно дружство; /ПИС: 25 септември 1856/ ученно Дружство; /ПИС: 25 септември 1856/ Ученно дружство; /ПИС: 9 февруари 1855/ Правителство Читалиштно; /ПИС: 25 септември 1856/ Читалище на Ученно Дружство.

б) Исто така, голема почетна буква користи и во пишувањето поими поврзани со христијанската религија: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Патріархія; /ПИС: 12 февруари 1856/ св. Пости; /ПИС-1: 9 септември 1856/ (немилостивъ) Епіскопъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Римпапа; /ПИС: 30 август 1876/ (Христово) Братство; /ПИС: 5 јуни 1877/ (промыслата) Божія; /ПИС: 27 август 1856/ (противъ) Архіерейте; /ПИС-2: 23 април 1859/ Крещеніе Болгарыте; /ПИС-2: 23 април 1859/ Крещеніе Руссите; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Крещеніе на Србліте; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (враты на) Иконы; /ПИС: 25 март 1856/ Святое писание; /ПИС-1: 23 април 1859/ Соборъ на Фотія; /ПИС: 7 мај 1856/ (Нашъ) Митрополитъ; /ПИС: 1 септември 1856/ (име) Божіе; /ПИС: 1 јули 1877/ святаго Духа; /ПИС-2: 23 април 1859/ Патріаршества (прво е до цариградското) Болгарското, (после са) Антіохійското и Александріиското; /ПИС: 25 март 1856/ Евангеліе; /ПИС: 1 јули 1877/ святое Причещеніе; /ПИС-1: 23 април 1859/ Анатема; /ПИС: 1 јули 1877/ Спасителя; /СДИ: РПЧ-1/ Рай; /СДИ: РПЧ-1/ Господь; но и: /ПИС: 12 февруари 1856/ св. крещеніе.

в) Верските празници се пишуваат со голема почетна буква: /ПИС: 1 септември 1856/ Благовѣщеніе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Богоявленіе; /ПАТ: СОСНМП/ Василица; /ПАТ: СОСНМП/ Митровдень; /ПАТ: СОСНМП/ Духовдень; /ПАТ: СОСНМП/ Гюргіовдень; /СДИ: УУ-1/ Митровдень; /СДИ: УУ-1/ Духовдень.

Имињата на празниците во некои случаи се напишани со мала почетна буква: /ПИС: 25 септември 1856/ великденъ; /ПАТ: СОСНМП/ спасовденъ.

г) Насловите и поднасловите на уметнички, научни и други дела се пишуваат со голема почетна буква[204]: /ПИС: 1 септември 1856/ Свидѣтели Манастирски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Похвално слово Царя Лазара; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Краегранесіе Стефана Деспота; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Историческо описаніе Женидба Прекраснаго Јосифа съ Асенеѳи; /ПИС: 29 декември 1856/ Лѣтопис Србски; /ПИС: 9 февруари 1855/ Всеобщая Исторія съ Географія, хронологія Номизматика Стематографія, Политическа критика, религіозны препирки, и Ѳеократія съ Ѳеодицея; /ПИС: 9 февруари 1855/ Библейска Исторія Ѳеократія до Саула, Еудей до Илія Жреца,

[204] Насловите и поднасловите во текстовите на Цинот започнуваат со голема почетна буква, но во својот состав содржат и други зборови напишани со големи почетни букви – најчесто сопствени имиња или нивни определби. Понекогаш, општите именки во нивниот состав, исто така се напишани со големи почетни букви, што веројатно укажува дека Цинот имал намера да ги нагласи употребувајќи голема буква.

Царства до Плененіе Јудейското Царство отъ Навуходоносора, Архіерейство т. е. Макавеевъ до Символъ Апостолски. Съ Географія и съ вси Пророчески книгы; /ПИС: 9 февруари 1855/ Црковная Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Празниковъ каноновъ до раздѣленіе латинская Церква; /ПИС: 9 февруари 1855/ Миѳологія Олимбійских Небесных и Полских и подземных боговъ Полу Боговъ, Иройічески вѣкъ съ хронологія и Географія. Съ законовъ играхъ Олимбійскихъ Немесейскихъ, Делфински и Додонски Прорицаніи, мѣсецевъ, Празниковъ и т. д. – всекое створеніе Овидіево съ Богословіе, фисика и Исторія всекое Богословіе миѳологическо съ Алегоріи и Тропологіи и Аналогіи; /ПИС: 9 февруари 1855/ Србска грамматика Синтактическа; /ПИС: 9 февруари 1855/ (една) Логика; /ПИС: 9 февруари 1855/ (една) Географія; /ПИС: 9 февруари 1855/ (една) Свеска Шумадинка; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе св. в. м. Георгія; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе св. Ніколая; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе Авгара царя; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе на св. Петки; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Стара Србія до Йпиръ Солунъ Серресъ и Ђумуржина; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Горъ рѣки Озера и знаменити Кладенци (источниковъ); /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Градовъ и селъ и древних Крепостей и развалени градовы; /ПИС: 1 јули 1877/ Евангеліе отъ Маттея; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Путь до Манастырь Топлица; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Законикъ Духовныи и Гражданскій, и Архіепископія Охридска; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Житіе и правило святителя Наума на Рукописъ славянски; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Апостоль Србски; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Апокалипсисъ и виденіе Енохово и Писма Душановы и Папины и Фотіеви и Эммаоила царя; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Житіе Слово Кирилла Философа Болгарскаго; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Исакъ Сиріянинъ и разны писма; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Книга велика отъ разны Списатели, списани въ Деспота Стефана времена; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Шестодневникъ и разны Слова; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Книга Діоптра; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Другіи Законикъ и писма св. Саввы Неманя, и Писма княза Скопскаго въ време Косовскаго Боя; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Разны Документы; /ПИС: 12 февруари 1868/ Житіе С. Наума; /15 февраръ 1857 /Писмо Царицы Неды до брата своего Милутина Стефана Дечана; /ПИС: 15 февруари 1857/ Писмо Папе Ніколи къ Болгаромъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ Писмо Синанъ Паши противъ Стефана Деспота Браничевскаго; /ПИС: 15 февруари 1857/ Ответъ противъ Синань Паши; /ПИС: 15 февруари 1857/ Житіе Стефана Херцеоглу Беглербегу; /ПИС: 15 февруари 1857/ Описаніе Качаника и градъ Лютица Богдане; /ПИС-2: 23 април 1859/ Житіе закона; /ПИС-2: 23 април 1859/ Библія; /ПИС: 1 септември 1856/ Тріодъ (Трипесникъ); /ПИС: 1 септември 1856/ Требникъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Писмо Фотія Патріярха; /ПИС: 25 септември 1856/ Повесть Царя Лазаря Србскаго; /ПИС: 12 февруари 1856/ Описаніе Сопотъ велешки; /ПИС: 7 мај 1856/ Нещо за Матейчъ Манастырь; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Краегранесіе Деспота Стефана; /ПИС: 23 февруари 1857/ Житіе Княза Стрегана; /ПИС: 23 февруари 1857/ Житіе св. Петке; /ПИС: 23 февруари 1857/ Слово Кирилла Философа; /ПИС: 1 септември 1856/ Манастырь Побожіе; /ПИС-2: 23 април 1859/ Установленіе великаго Константіна; /ПИС-2: 23 април 1859/ Обычай Алексія Комнина, т. е. царски обычай; /ПИС-2: 23 април 1859/ Обрученіе царя Алексія Комнена; /ПИС: 25 септември 1856/ Писмо Попъ Јованово; /ПИС: 25 септември 1856/ Обявленье; но и: /ПИС-3: 7 јуни 1856/ житіе св. Климента архіепископа Болгарскаго; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ похвала Княза Лазара; /ПИС: 12 февруари 1856/ писмо Конгрезъ Црногорски за Славяне и грецы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ животословїе Господара Стреза, и крепость его.

д) Со голема почетна буква се пишуваат и имињата на науките: /П: ПСУМ/ Географія; /ПИС: 4 септември 1856/ (Србска) Исторія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ (еллинска)

Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ (Всеобщая) Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Географія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Номизматика; /ПИС: 9 февруари 1855/ Стематографія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Ѳеократія съ Ѳеодицея; /ПИС: 9 февруари 1855/ (Библейска) Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Ѳеократія; /ПИС: 9 февруари 1855/ (Црковная) Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Миѳологія (Олимбійских Небесных и Полских и подземных боговъ Полу Боговъ); /ПИС: 9 февруари 1855/ Алегоріи (збороформатa содржи падежна наставка); /ПИС: 9 февруари 1855/ Тропологіи (збороформатa содржи падежна наставка); /ПИС: 9 февруари 1855/ Аналогіи (збороформатa содржи падежна наставка); /СДИ: МДМОРИБ/ Реторика; /С: Б-ЛБ-4/ Етимологія; /С: УСУ/ Алгебра; /С: УСУ/ Астрономія; но и: /ПИС: 9 февруари 1855/ Србска грамматика Синтактическа; /ПИС: 9 февруари 1855/ фисика.

ѓ) Со голема почетна буква започнуваат еден или повеќе зборови во рамките на една реченица, што Џинот има намера да ги истакне во обидот да го привлече вниманието на читателот: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Инатъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ 13.000,000 Псовти; /ПИС-1: 9 септември 1856/ 16.000 Неблагодарности; /ПИС: 9 февруари 1855/ Стара Србія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Србская Исторія; /ПИС: 12 февруари 1856/ створеніе Света; /ПИС: 12 февруари 1856/ нашы Манастыры; /ПИС-1: 4 декември 1858/ преблагодаранъ отъ Рода Србскаго; /ПИС: 15 февруари 1857/ пресладко Србство; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Србска Исторія; /ПИС-1: 4 декември 1858/ отъ Рода Србскаго; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Србска Исторія; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Србски Родъ; /ПИС: 1 септември 1856/ одѣянъ съ царска Порфира; /ПИС: 1 септември 1856/ на главы съ Діадима; /ПИС-1: 9 септември 1856/ 15 Рукописны велики книгы и разны Статіи и сочіненія; /ПИС: 9 октомври 1856/ пресладкое наше Србство; /ПИС: 12 февруари 1856/ пространна Статія; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Цензуализмь; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Скептицизмь; /ПИС-1: 9 септември 1856/ до край Града; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Разни доказательства; /ПИС-3: 9 септември 1856/ 1 Свезка Новине Читалиштне; /ПИС-1: 4 декември 1858/ просвещеніе Славянское; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ отъ Гречески и Римски лехски и турски царіе; ПИС-1: 9 септември 1856/ Грекоманъ.

Со цел да се долови суштината на употребата на голема буква во овој контекст, во прилог се дадени реченици во кои со голема почетна буква започнуваат еден или повеќе зборови што Џинот имал намера да ги истакне во своето писмено изразување.

Табела бр. 25: Употреба на голема почетна буква за истакнување зборови во рамките на реченици

1.	/ПИС: 12 февруари 1856/ Се наостриха вси мои браћа Болгари съ хиляды Псовти и Хуленія.
2.	/ПИС-2: 28 април 1856/ Будући отъ учительство ми се е згадило, и до душа мрзко ми е, гонители грецы коските ми изглодале, пріятели мои како Магарцы ме излагале Миліонпути, а я обученъ да се трудамъ, затова ви писахъ негли ке сполучамъ съ таква една заслуга една корка хлебъ...!
3.	/ПИС: 12 февруари 1856/ Мы ако лажеме и баба, Трагъ не лаже!
4.	/ПИС: 1 септември 1856/ Тетово е стара Србска варошъ гдѣ за Србското войнство се ковале Штитови и се правиле тетивы за стрели, и найфины туловы; и днеска се праватъ найдобри Шейшаниня Пиштолы, пушки и ножевы.
5.	/ПИС-2: 23 април 1859/ Имамъ ви послатъ разны и Достопримѣчателни и полны археологія, наша Древна исторія списки, закони, вѣнчанія царски свадбы, т. е. женитбы, како се судатъ пани, супани войводы и кнезовы.
6.	/ПИС: 22 октомври 1878/ Човекъ кога чита в нихъ, чини му се да е въ ново Небо и нова земя (...)
7.	/ПИС: 6 јануари 1857/ Да ми пошлете единъ Пашошъ Србски (...)
8.	/ПИС: 9 февруари 1855/ Јордане! вы искате да послужите за Наша Старина и стара Србія, имашъ ли знанѣ историческо?
9.	/ПИС: 29 декември 1856/ Молимъ васъ защитете ме, за ваша честь и Србска славна исторія!

10.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Въ 36 редъ въ писмо Твое се начертавашъ подъ титла „Приіятель“.
11.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Видимъ въ Твое писмо, какъ много се благодарите отъ старыте Писма кои Србскому роду посилавамъ; Тако и я се благодаримъ на Васъ[205] Србска Душо, коя добро се старашъ за Мене; видимъ въ писмото на 6 редъ да имате сѣдище Психическо, и да председателствуе Мнемосина и деветъ нейны Музы; а на 13 ред примѣтихъ да имате и Евсевіологично Срдце, въ кое си созидалъ превосходни соби на кротоста и благодушіето и Истинната, покрай колурійте нихни и мене беднаго си ме начерталъ; хвалимъ отъ срдца, Твое човеколюбіе!
12.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Можешъ ми речешъ: како ке ми додадешъ очи и срдце, я очи и срдце не можамъ да дадамъ, но глазословіето и Срдцесловіето т. е. все що е нужно що удобъ се не намира за Србска Исторія за сто хиляды Дукати; това я за твое Пріятельство на светъ ке явимъ.
13.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Како я що самъ нужденъ за трошакъ тако и вы имате нужда за изгубените Древности.
14.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Ако бы ималъ Средство да се препитавамъ, за всекое Слово да ми даде човекъ по сто хиляды гроша не бы гы далъ (...)
15.	/ПИС: 19 октомври 1856/ А я не читанки и часловцы, но Скрыената светлость Србска отъ Бога Мамона подземнаго, въ руцыте ваши я праћамъ.
16.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Не требе я ответъ да искамъ самъ, кога чесное Дружство іощъ има време отъ мене да иска кое му е нужно и пренужно, и ОНО кога знае како требе мене да ме подкрепи.
17.	/ПИС: 12 февруари 1868/ Даклемъ пріймете за сега овый Податцы, кои самъ гы извлеколъ отъ драгоцены рукописи.
18.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Любимъ твоето сладко име, и твоята мысла; Почитувамъ Скептичното (мысленното) твое око; ако бы го ималъ твоето лице изображено на часъ по петъ пути бы го целивалъ.
19.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Г. и Брата моегъ Јова К. Поповъ внутрешно т. е. Органо-чувственно почитуемъ (...)
20.	/ПИС: 6 јануари 1857/ (...) скрыенъ въ единъ гадны Таванъ (...)
21.	/ПИС: 1 јули 1877/ Духове или демоны нечисти са: Плотските страсти, т. е. блудството, піянството, обяденіето, невоздържаніето, ленивостьта, раскошностьта, прекомера трошенѣто, скотската любовъ, содомство и гоморство, т. е. мужеложство, преко естество съ жените содомство и т. д.
22.	/ПИС: 1 јули 1877/ Болести са: Завистьта, ненавистьта, Гордостьта, высокоуміето, злобата, хулбата, омразата, подстреканіето, между си нелюбовьта, нестроеніето, небратолюбието, несогласіето, тарафать, клеветыте, заслепленіето на простите, убійството на училищата и дѣцата, инатотъ и т. д.
23.	/ПИС: 15 февруари 1857/ Молимъ ваше Добродушіе и любовъ (...)
24.	/ПИС: 5 јуни 1877/ Молимъ Бога, да ме крепи и да ме чува отъ плотьта, діаволътъ и Міратъ т. е. отъ моето тѣло, отъ высокослепоуміето, отъ лажата, отъ пожеланіята, отъ лѣностьта, отъ піянството васъ вінско, мене отъ – греховно.
25.	/ПИС: 25 септември 1856/ И искамъ единъ Пасошъ Србски та слободно да скитамъ.
26.	/ПИС: 1 јули 1877/ Разореніе на священицьте т. е. Духовный чинъ или всички хоръ црковный, Еретицы, расколницы протестаны, Слеповѣрцы т. е. това не е нищо, онова не е нищо, това е отъ святы Отцы отъ човецы, червливы и недосолены хрістяны, недокрстены чеда, безъ чисто срдце священнство и т. д.
27.	/ПИС: 9 октомври 1856/ на ваше Добродушіе Надѣемъ се найпокорный слуга Ј. Х. Константіновъ
28.	/ПИС: 1 септември 1856/ Овыя Писма въ дворо црковны на единъ полукамень мраморны отъ столпъ стоятъ изрезаны (...)
29.	/ПИС: 7 мај 1856/ Царь Јустиніянъ е градилъ Болницы и странопріемницы; тако и царь Душанъ е градилъ болницы и странопріемницы.
30.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Заповѣдай Брате В. Якшиће поучи ме отъ Срдца и души те слушамъ!
31.	/ПИС: 4 септември 1856/ Онъ ме совѣтуе хиляды пути да ви се поклонамъ, да ве почитамъ, да ве уважамъ, да ве благодаримъ, а найвеће да ви се молимъ, да припадамъ предъ нозыте ваши, да ве пытамъ хоћете ли да испраћамъ древности т. е. Новцы, и Писма, хоћете ли и вы да ме посѣштавате

[205] Ова е еден од ретките примери во кои збороформата *вас* (*Васъ*; долга заменска форма) ја пишува со голема почетна буква кога се обраќа на едно лице.

	и т. д.?
32.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Онъ ми е рекольъ на три негови писма, какъ заисто ке ти издѣйствуе Дружство Србске Словесности отъ Правительство годишна Плаћа 3500 гроша за ученѣ Скопски деца; но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ Я на това самъ се отговорилъ: ако ми издѣйствуе годишна плаћа все що годъ старина имъ пракямъ и ке имъ пракямъ бадіява.
33.	/ПИС: 19 октомври 1856/ И Новине ако ми шилѣшъ това ке буде новъ животъ въ мене.
34.	/ПИС: 15 февруари 1857/ (...) да ми издѣйствуете единъ Пасапортъ австрійски (...)
35.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ Стари Манастыры и црквы и развалены манастиры и црквы, и на кое време были зыдани и отъ кои Господари.
36.	/ПИС: 1 септември 1856/ Црквата е всреде дворъ (...), Ктиторъ е св. Царь Стефанъ (...)
37.	/ПИС-1: 12 јуни 1856/ (...) ке му пратамъ една Рукописна книга (...)
38.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ (...) ми се показуваше выше отъ Братъ (...)
39.	/ПИС: 9 февруари 1855/ Азъ! съ ревниво срдце, и крепка душа, и чисто срдце, и Постоянство.
40.	/ПИС: 27 август 1856/ Они що праватъ въ Турція на кротките Славяни, Праведныте и трудолюбивите Болгаре, ни самый Сатана, Веелзевулъ, Египетскій блудный Азмостей, ни Веелфегоръ, Астартъ и Далонъ, ни Вилъ Навуходоносоровъ, ни Симонъ волхвъ, ни песъ Арцивурцы, ни заблуденый Кинопсъ неправитъ (...)
41.	/ПИС: 25 септември 1856/ Ке испишемъ овыя Писма и ке гы сообщимъ (...)
42.	/ПИС: 15 април 1856/ (...) да ми не пракяте Новине читалищне (...)
43.	/ПИС: 15 февруари 1857/ За ваша доброта: имамъ да ви пратимъ следующій Достоважнѣйшій Писма.
44.	/ПИС: 12 февруари 1856/ (...) Немецъ мысли да е Терезія (кантаръ) на все светъ (...)
45.	/ПИС: 1 септември 1856/ Они са отъ вси мученицы по умучени, ни Јовъ, ни Авраамъ неможатъ съ нихъ да се сравнатъ въ трпѣніе и Гостолюбіе.
46.	/ПИС-1: 28 април 1856/ А ако бы ималъ да живимъ, тако ми Бога и ваше Сочовечество нищо не бы вы потражилъ, и како Господаръ бы се изображилъ према ваша литерална скупштина!
47.	/ПИС: 1 септември 1856/ Молимъ васъ споменете гы въ „Гласника“ вашего и речете имъ Богъ гы е Простилъ!
48.	/ПИС: 7 мај 1856/ (...) два путъ го е похарал Силенъ влахъ Алія (...)
49.	/ПИС: 12 февруари 1868/ (...) я на Србски Жертвеникъ Музинъ принесохъ нещо даръ и живость на србската поѣстница.
50.	/ПИС: 12 февруари 1868/ (...) да принесамъ на Србскій жертвенникъ Музинъ (...)
51.	/ПИС: 7 мај 1856/ После това самъ погубленъ е былъ отъ Страханина и влайка, влайко убіенъ е былъ и гробо му е на врхъ Планина, и се зове влайковъ гробъ.
52.	/ПИС-4: 12 јуни 1856/ Ова Житиіе лежи въ една стара книга (...)
53.	/ПИС-2: 12 јуни 1856/ Ова Слово стой въ една стара и гнила книга рукописна (...)
54.	/ПИС: 1 јули 1877/ Видиш ли брате, какъ Господь нашь Јисус Хрістосъ на вси апостоли равенъ даръ имъ е далъ надъ Духовете нечисти (...).
55.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ Защо му се даде отъ французка Гербъ Олелъ[206] Криноносецъ и подковица?

2.4.4. Мала почетна буква

а) Со мала почетна буква се пишуваат општите именки (со исклучок на случаите наведени претходно, в. п. стр. 158–167): /ПИС: 1 септември 1856/ царица; /ПИС: 1 септември 1856/ границы; /ПИС: 7 мај 1856/ конакъ; /ПИС: 1 јули 1877/ демоны; /ПИС: 19 октомври 1856/ писмо; /ПИС: 10 август 1864/ река.

б) Дел од придавките, со исклучок на присвојните придавки изведени од сопствени имиња на *-ов/-ев* и *-ин*, се пишуваат со мала буква: /ПИС: 1 септември 1856/ скопскія (границы); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (црквы) србскія; /ПИС: 27 август 1856/ кротките (Славяни); /ПИС: 27 август 1856/ трудолюбивите (Болгаре); /ПИС: 27 август

[206] Станува збор за орел.

1856/ блудный (Азмостей); /ПИС: 27 август 1856/ заблуденый (Кинопсъ); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ лехски и турски (царіе); ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) челевечки; но и: /ПИС: 27 август 1856/ Праведныте (и трудолюбивите) Болгаре.

Голем е бројот на придавките, особено на односните придавки, што се пишуваат со голема почетна буква: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (вепръ) Каледонски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Велешкій (владыка); /ПИС: 1 септември 1856/ (села) Црногорски (се однесува на Скопска Црна Гора); /ПИС: 19 октомври 1856/ Скопско (училище); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Тетовски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Кратовски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Галицкы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (места) Велешки; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Прилепски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Бытолски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Тыквешки; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Воденски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Женскія; /ПИС: 25 септември 1856/ Скопская (крепость); /ПИС: 9 октомври 1856/ Србске (новине); /ПИС: 19 октомври 1856/ (за ученѣ) Скопски (деца); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (нашы) Србски (царіе краліе); /ПИС: 27 август 1856/ (путь) Моравски; /ПИС: 27 август 1856/ (звона) Београдска; /ПИС-2: 28 април 1856/ Олимбіиски (венцы); /ПИС: 9 октомври 1856/ Србске (новине); /ПИС: 4 септември 1856/ (Манастиры) Старо-србски; /ПИС: 4 септември 1856/ Србска (Исторія); /ПИС: 7 мај 1856/ Турски (конакъ); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скопски (владыка); /ПИС: 27 август 1856/ Египетскій (блудный) Азмостей; /ПИС: 12 февруари 1856/ Моріовски (села); /ПИС: 12 февруари 1856/ Моріовски (селяны); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Гречески и Римски (царіе); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Російски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Славянски; /ПИС: 1 септември 1856/ Манастирски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бугарски; /ПИС: 4 септември 1856/ Албански; /ПИС: 4 септември 1856/ Македонски; /ПИС: 4 септември 1856/ Тесалийски; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Додоларска; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Цамаларска.

Примерот: /ПИС: 12 февруари 1868/ *(...) за да ми разорат҃ъ Скопско, велешко и Прилепско училища Славенски* (...), покажува недоследност во употребата на малата почетна буква кај придавките – две односни придавки (*Скопско* и *Прилепско*) се пишуваат со голема почетна буква, додека придавката *велешко* е напишана со мала буква.

в) Заменките се пишуваат со мала почетна буква, со мали исклучоци (в. п. стр. 165–167): /ПИС-1: 28 април 1856/ А ако бы ималъ да живимъ, тако ми Бога и ваше Сочовечество нищо не бы вы потражилъ (...) – /ПИС-1: 9 септември 1856/ После па наново стана владыка да ме клевети и ме призва ми рече: Бре учителы Азъ самъ Турчинъ отъ 50 годины вамо, та ке те затрыямъ дибидусъ. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Въ 36 редъ въ писмо Твое се начертавашъ подъ титла „Приіятель“.

г) Глаголите, броевите, прилозите, предлозите, сврзниците, честичките, извиците и модалните зборови се пишуваат со мала почетна буква: /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Се ласкамъ съ име Божіе много ствари да ви пратимъ. Но чекамъ киражіи. Днеска ми кажаха какъ до въ среда или петокъ ке тргнатъ киражіи за въ Београдъ, со нихъ ке ви пратамъ до 80 стари новцы различны, и две стари книгы и више (...) – /ПИС: 1 јули 1877/ Господь нашъ Јисусъ Хрістосъ Синъ Божій призва дванаесете апостоли ученицы (...) – /ПИС-1: 9 септември 1856/ Петъ пути предъ Паши ме судеха; седмь пути ноће ме влекоха; – найпосле владыката и Х. Трайковићъ и грецы немилостиви на Турцы въ мезличъ дадоха подписъ да ме погубатъ (...) – /ПИС-1: 28 април 1856/ Я самъ 35 годины па косата ми обеле, 6 зуби ми излегоха, и безъ да се починамъ въ гнѣвъ пребивамъ: аманъ до Бога ми се вика!

д) Името на месецот, при пишувањето на датумите, во поголем број случаи се пишува со голема почетна буква.

Табела бр. 26: Начини на пишување датуми во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот од аспект на употребата на голема почетна буква

Употреба на голема почетна буква	Употреба на мала почетна буква
1. /ПИС: 7 мај 1856/ 7 Маій 1856	1. /ПИС: 15 април 1856/ 15 апрелъ 1856
2. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ 7 Юнъ 1856	2. /ПИС-1: 28 април 1856/ 28 апрелъ 1856
3. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ 12 Юнъ 1856	3. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ 7 јунъ 1856
4. /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 12 Юниъ 1856	4. /ПИС-3: 7 јуни 1856/ 7 јунъ 1856
5. /ПИС: 1 септември 1856/ 1 Сентабръ 1856	5. /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 12 јунь 1856
6. /ПИС: 9 октомври 1856/ 9 Октабръ 1856	6. /ПИС: 19 октомври 1856/ 19 октобръ 1856
7. /ПИС: 25 септември 1856/ 25 Ѳемваръ 1856	7. /ПИС: 27 август 1856/ 27 августь 1856
8. /ПИС: 29 декември 1856/ 29 Декемб. 1856	8. /ПИС: 23 февруари 1857/ 23 февруаръ 1857
9. /ПИС: 6 јануари 1857/ Јануарій 1857	9. /ПИС: 15 февруари 1857/ 15 февраръ 1857
10. /ПИС: 19 ноември 1856/ 19 Новембръ 1856	10. /ПИС-1: 23 април 1859/ 23 апрелъ 1859
11. /ПИС-2: 4 декември 1858/ 4 Декамбръ 1858	11. /ПИС: 12 февруари 1868/ 12 февр. 1868
12. /ПИС-1: 4 декември 1858/ 4 Декембръ 1858	12. /ПИС: 30 август 1876/ 30 августъ 1876
13. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ 12 Юнь 1856	13. /ПИС-2: 23 април 1859/ 23 апрелъ 1859
14. /ПИС: 5 јуни 1877/ 5 Юнъ 1877	14. /ПИС-3: 9 септември 1856/ 8 фебраря
15. /ПИС: 4 септември 1856/ 4 Сентабръ 1856	/
16. /ПИС-1: 9 септември 1856/ 1854 Јануарій Первый	/
17. /ПИС-3: 9 септември 1856/ Декабря	/
18. /ПИС: 1 јули 1877/ 1. Юлъ 1877	/

ѓ) Со мала почетна буква ги пишува и:

- деновите од седмицата: /ПИС-3: 7 јуни 1856/ среда, петокъ;
- страните на светот: /ПИС: 27 август 1856/ сѣвера (‘север’, зборoформата содржи падежна наставка); /ПАТ: М-Б/ западо-юга (зборoформата содржи падежна наставка);
- лица именувани според територијална или друга припадност – жителите на населени места (градови): /ПИС: 30 август 1876/ велешаны; /ПИС-1: 9 септември 1856/ велешанинъ; но и: /ПИС-1: 23 април 1859/ Велешани;
- паричните единици: /ПИС: 19 октомври 1856/ динаръ;
- мерните единици: /ПИС: 27 август 1856/ (30) ока (‘мерка за тежина’);
- имињата на буквите: /ПИС-2: 23 април 1859/ По азъ, вѣди е разложена въ 24 книгы (...);
- животинските видови: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ вепръ; /ПАТ: ОП/ белвицы; /ПАТ: ОП/ летницы; /ПАТ: ОП/ мрены; /ПАТ: ЦГС/ мисирки; /ПАТ: ЦГС/ шатки; /ПАТ: ЦГС/ гуски; /ПАТ: ЦГС/ кокошки; /ПАТ: ЦГС/ свинѣ; /ПАТ: ЦГС/ овцы; /ПАТ: ЦГС/ козы; /ПАТ: ЦГС/ говеда; /ПАТ: JCC/ елены; /ПАТ: JCC/ кошуты; /ПАТ: JCC/ ясовцы; /ПАТ: JCC/ лисицы; /ПАТ: JCC/ верверицы; /ПАТ: JCC/ орли; /ПАТ: JCC/ заяцы; но: /ПАТ: ОП/ Краповы (употребена е голема почетна буква);
- растителните видови: /ПАТ: ЉПТ/ сусамъ; /ПАТ: ЉПТ/ анасонъ (аласонъ); /ПАТ: ЦГС/ цреши; /ПАТ: ЦГС/ круши; /ПАТ: ЦГС/ мушмули; /ПАТ: ЦГС/ оскоруши; /ПАТ: ЦГС/ ягоды; /ПАТ: ЦГС/ орасы; /ПАТ: ЦГС/ праски (бресквы); /ПАТ: ЦГС/ кайсіи; /ПАТ: ЦГС/ царевка-пченка; /ПАТ: JCC/ тутунъ; /ПАТ: JCC/ ленъ; /ПАТ: JCC/ конопъ; /ПАТ: JCC/ кромидъ; но и: /ПИС: 27 август 1856/ Ели, Дубѣ, благуньи, Цери, Явуры и Брестіе (имиња на растенија).

е) Поимот *христијанин* и зборoформите што произлегуваат најчесто ги пишува со голема почетна буква: /ПИС: 12 февруари 1856/ (Славянинъ) Хрістіянинъ; /ПИС: 27

август 1856/ Хрістянинъ; /ПИС: 27 август 1856/ Хрістіяныте; /ПИС: 6 јануари 1857/ Христянинъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістянинъ; но и: /ПИС: 1 јули 1877/ хрістяны; /ПИС: 1 септември 1856/ христяни. Исто така, голема почетна буква користи и при пишувањето видови митолошки суштества (кога се повеќе од ист вид): /ПИС: 19 октомври 1856/ Музы; /СДИ: МДМОРИБ/ Музы.

ж) Називите на природните јазици во некои случаи ги пишува со мала почетна буква: /ПИС: 25 септември 1856/ хорватски; /ПИС: 25 септември 1856/ чехски; /ПИС: 25 септември 1856/ гречески; /ПИС: 12 февруари 1868/ славенски; /ПИС: 25 септември 1856/ латински.

Во некои случаи, имињата на јазиците ги пишува со голема буква: /ПИС: 25 септември 1856/ Славянски; /ПИС: 25 септември 1856/ Російскій; /ПИС: 25 септември 1856/ Србски; /ПИС: 25 септември 1856/ Лехски; /ПИС: 25 септември 1856/ Немечки; /С: БП/ Немачки; /С: БП/ Латински; /С: БП/ Француски; /С: БП/ Гречески; /Т: О/ Славянское, Россійское, Болгарское, Славяно-Венгерское, Илирійское, Богемское, Сербское, Вендское, Сорабское, Болабское, Кашубское, Полское, Малороссійское и Суздалское; /Т: О/ Еллинское, Ново-греческое, Албанское, Влашкое, Еврейское, Турское, Арменское, Лазское и Циганское; /ПИС: 12 февруари 1868/ старо-Србско (наречіе).

з) Како што може да се види од примерите, важна карактеристика на писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот е недоследноста во поглед на употребата на малата почетна буква кај придавките, во пишувањето на имињата на месеците, на жителите на населени места, на припадниците на верски движења, на јазиците, видовите митолошки суштества и растителните видови. Кога зборуваме за употребата на малата и на големата почетна буква, треба да ги имаме предвид и ситуациите во кои тој ја користи големата буква со цел да нагласи одредени зборови и да постигне поголем ефект кај читателот.

Ваквата постапка е разбирлива бидејќи во времето на Џинот не постои ниту утврдена азбука ниту утврден правопис, па тој, пишувајќи, се наоѓал пред вистински предизвик. Исто така, голем дел од неговите писма се пишувани кога тој се наоѓал во сериозни животни неприлики, прогонуван и измачуван, во моменти на емоционална раздразнетост, што лесно се воочува од содржината на писмата. Од секоја реченица на писмата извира неговата желба да допре до читателот преку впечатливото опишување, објаснување, убедување со употреба на богата лексика, со одличен правопис зад кој се крие извонреден познавач на силата на пишаниот збор.

2.5. Слеано, полуслеано и разделено пишување на зборовите

а) Сложените зборови и изрази во современиот македонски стандарден јазик можат да се пишуваат слеано, полуслеано или разделено, односно како сложенки, полусложенки или синтагми. Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 57), како семантички и формални критериуми врз кои се дефинираат правописните правила за изделување на сложените зборови и изрази се наведуваат следните: поимското значење на сложениот збор, односот (рамноправен или нерамноправен) на компонентите што влегуваат во неговиот состав, самостојноста или несамостојноста на компонентите од кои е образуван, граматичкото (морфолошко и синтаксичко), зборообразувачкото и акцентското оформување на сложениот збор, како и автентичноста на правилата за образување сложени зборови во македонскиот јазик и

туѓојазичните влијанија. Врз основа на наведеното, правописната проблематика на сложените зборови и изрази во *Правопис̄от на макед̄онскиот̄ јазик* од 2015 г. се обработува по зборовни групи.

Правописната проблематика на сложените зборови и изрази во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, исто така, се обработува по зборовни групи со посебен осврт кон спецификите на писмената практика од 19 век.

б) Слеано се пишуваат следниве именки:

- сложените именки со составна самогласка *-о-*: /ПИС: 12 февруари 1856/ чудодѣйствіи; /ПИС: 25 септември 1856/ вѣроисповѣданіе; /ПИС: 25 септември 1856/ стрмноходъ; /ПИС: 7 мај 1856/ странопріемницы; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Номизлатоистражитель; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Криноносецъ; /ПИС: 1 јули 1877/ законопреступницы; /ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіе; /ПИС: 12 февруари 1868/ лѣсочисленіето; /ПИС-1: 23 април 1859/ кишомеръ; /ПИС-1: 23 април 1859/ топлотописъ; /ПИС: 27 август 1856/ Краденородникъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ Добродушіе; /ПИС: 1 јули 1877/ Слеповѣрцы; /ПИС: 1 јули 1877/ высокоумієто; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Шестодневникъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ влагомеръ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ чанколизъ (тур. *çanak* – чинија, сад за јадење; *чанколизъ* – подлизурко); /ПАТ: СОДРСБ/ молитвословъ; /С: Б-ЛБ-4/ юсосписатели;
- сложените именки со составна самогласка *-е-*: /ПИС: 19 октомври 1856/ Срдцесловіето;
- сложените именки со составна самогласка *-а-*: /ПИС: 12 февруари 1868/ Писмавзаймности;
- сложените именки на кои првата компонента им е глаголска форма на заповедниот начин: ПИС-1: 9 септември 1856/ лижисаханъ (според тур. *sahan* – чинија, сад во кој се послужува храната, послужавник; *лижисаханъ* – подлизурко);
- сложени географски и други имиња на кои составните компоненети им се поврзани со составна самогласка *-и-* /ПИС: 1 септември 1856/ Беливирова крепость;
- сложени географски и други имиња: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Демиркапиія; /ПИС-2: 23 април 1859/ (Андрей) Первозванъ;
- туѓите географски имиња се пишуваат според транскрипцијата од изворниот јазик или според усвоената практика: /ПИС: 15 февруари 1857/ Београдъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Подъгорица; /ПИС: 1 септември 1856/ Подгорица;
- сложени именки со непосредно срастување: /ПИС-2: 28 април 1856/ тарашторба; /ПИС-2: 23 април 1859/ Римпапа;
- сложени имиња на празници: /ПИС: 25 септември 1856/ великденъ; /ПИС: 1 септември 1856/ Благовѣщеніе; /СДИ: УУ-1/ Митровдень /СДИ: УУ-1/ Духовдень.

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат многу мал број именки: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Аврет-исаръ; /ПАТ: М-Б/ западо-юга; /ПАТ: ЦГС/ царевка-пченка.

Разделено се пишуваат:

- сложените географски имиња во кои составните делови се чувствуваат како наполно самостојни зборови: /ПИС: 12 февруари 1856/ Мокро Планина; /ПИС: 7 мај 1856/ Црна Гора Скопска; /ПИС: 1 септември 1856/ Планина

Гнояни; /ПИС: 25 септември 1856/ Планина Крепость; /ПИС: 1 септември 1856/ Црнъ Камень; /ПИС: 1 септември 1856/ Стара Скопска Студеница;

- имиња на празници во мал број примери: /С: С/ Духовъ день;
- именките што доаѓаат пред името и/или презимето со значење на титула, потекло, занимање, функција и сл. се пишуваат разделено: /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Богоръ; /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Лазарь; /ПИС: 7 мај 1856/ Царь Јустиніянъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Царь Манойлъ; /ПИС: 7 мај 1856/ царь Душанъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ царь Урошъ; /ПИС: 1 септември 1856/ царица Милица;
- ориенталните титули, чинови и сл. – *аг̄а*, *бег̄*, *ефенѳи*, *оџа*, *п̄аша*, се пишуваат разделено: /ПИС: 27 август 1856/ Мехметъ Али Бега; /ПИС: 7 мај 1856/ Синанъ Паша; кога доаѓаат по името, како составен дел од него, некогаш се поврзуваат со цртичка: /ПАТ: СДД/ Амзи-паша; /ПИС: 27 август 1856/ Ибрахимъ-бега.

Имајќи ги предвид состојбите во писмениот јазик од 19 век, ќе го разгледаме начинот на пишување на членските морфеми кај именките. Како што е познато, Џинот е против употребата на членските морфеми и во една од неговите статии објавени во *Цареґраѳски вес̄тник* се обидува аргументирано да го искаже својот став дека треба да се користат падежните наставки наместо членските морфеми (Хаџи Константинов-Џинот 1852д: 4): „ (...) пусти членове како тернія засадены (...) Неоставаятъ нигде падежи да приклонатъ глава.“ И покрај ваквиот став, тој, сепак, ги употребува членските морфеми веројатно не можејќи да ја избегне македонската јазична реалност. Членските морфеми се среќаваат напишани разделено (/П: ПСУМ/ наука та), полуслеано – со употребена цртичка (/ПАТ: ОКОБП-2/ Егуменъ-атъ) или слеано (/ПАТ: ОКОБП-1/ црквата).

Табела бр. 27: Начин на пишување на членските морфеми кај именките во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот


Слеано пишување	Полуслеано пишување	Разделено пишување
1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ владыката	1. /ПИС: 25 септември 1856/ крепость-та	1. /П: ПСУМ/ наука та
2. /ПИС-2: 28 април 1856/ косата	2. /ПИС-2: 28 април 1856/ Енглези-те	2. /П: ПСУМ/ чадо то
3. /ПИС-2: 28 април 1856/ учительството	3. /ПИС-2: 28 април 1856/ Французи-те	3. /СДИ: РПЧ-2/ срдца та
4. /ПИС: 25 септември 1856/ Србите	4. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ кротость-та	4. /СДИ: РПЧ-2/ деца та
5. /ПИС: 12 февруари 1856/ юсовыте	5. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ тихость-та	5. /СДИ: РПЧ-2/ петли те
6. /ПИС-1: 9 септември 1856/ обѣщаніето	6. /ПАТ: ОКОБП-2/ дѣца-та	6. /СДИ: РПЧ-2/ стреи те
7. /ПИС: 12 февруари 1856/ небото	7. /ПАТ: ОКОБП-2/ Цынцары-те	7. /С: Б-ЛБ-3/ земля та
8. /ПИС: 12 февруари 1856/ землята	8. /ПАТ: ОКОБП-2/ Егуменъ-атъ	8. /С: Б-ЛБ-3/ падежи те
9. /ПИС: 12 февруари 1856/ воловыте	9. /ПАТ: С/ смерть-та	9. /С: УСУ/ земля та
10. /ПИС-1: 9 септември 1856/ сеймените	10. /ПАТ: В/ момцы-те	10. /СДИ: СВЧ-1/ хрістіянство то
11. /ПИС-1: 9 септември 1856/ грецыте	11. /ПАТ: В/ икона-та	11. /СДИ: СВЧ-2/ кандило то
12. /ПИС: 25 март 1856/	12. /ПАТ: П/ крѣпость-та	12. /СДИ: ДЧМГОН/ молитва

	книгыте				та
13.	/ПИС-3: 9 септември 1856/ Срблите	13.	/ПАТ: М-Б/ споменицы-те	13.	/СДИ: ДЧМГОН/ страсти те
14.	/ПИС: 12 февруари 1856/ Србите	14.	/ПАТ: ОП/ рѣка-та	14.	/СДИ: ДЧМГОН/ вода та
15.	/ПИС-1: 28 април 1856/ коските	15.	/ПАТ: ОП/ безчесть-та	15.	/СДИ: ДЧМГОН/ солнце то
16.	/ПИС-1: 12 јуни 1856/ времето	16.	/ПАТ: ОП/ езеро-то	16.	/СДИ: ДЧМГОН/ планети те
17.	/ПИС: 7 мај 1856/ хрістяныте	17.	/ПАТ: ЈСС/ зыдары-те	17.	/СДИ: ДЧМГОН/ луна та
18.	/ПИС-1: 7 јуни 1856/ нуждата	18.	/ПАТ: СДД/ кале-то	18.	/С: Б-ЛБ-2/ рукописи те
19.	/ПИС: 7 мај 1856/ монасыте	19.	/ПАТ: СДД/ сила-та	19.	/С: Б-ЛБ-2/ истина та
20.	/ПИС-1: 7 јуни 1856/ работата	20.	/ПАТ: СДД/ гробница-та	20.	/С: Б-ЛБ-2/ старина та
21.	/ПИС-2: 12 јуни 1856/ содржанієто	21.	/ПАТ: СДД/ кандила-та	21.	/С: Б-ЛБ-2/ дѣца та
22.	/ПИС-2: 7 јуни 1856/ образыте	22.	/П: А/ Очи-те	22.	/СДИ: СВЧ-1/ древо то (‘дрвото’)
23.	/ПИС-2: 7 јуни 1856/ разоренієто	23.	/П: А/ вещицы-те	23.	/С: ВП/ Болгари те
24.	/ПИС: 27 август 1856/ Јерархіята	24.	/СДИ: РПЧ-1/ день-атъ	24.	/С: Б-ЛБ-2/ вилицы те
25.	/ПИС: 27 август 1856/ свещеничеството	25.	/СДИ: РПЧ-1/ време-то		
26.	/ПИС: 27 август 1856/ Хрістіяныте	26.	/СДИ: РПЧ-2/ нощь-та		
27.	/ПИС: 27 август 1856/ Архіерейте	27.	/СДИ: РПЧ-2/ жены-те		
28.	/ПИС: 27 август 1856/ свещенницыте	28.	/С: С/ Кукавица-та		
29.	/ПИС: 27 август 1856/ поповите	29.	/С: С/ Ластовица-та		
30.	/ПИС: 1 септември 1856/ црквата	30.	/С: С/ Щркъ-атъ		
31.	/ПИС: 1 септември 1856/ стапалата	31.	/С: С/ Пупунецъ-атъ		
32.	/ПИС: 1 септември 1856/ царевыте	32.	/С: С/ самовили-те		
33.	/ПИС: 4 септември 1856/ нозыте	33.	/С: Б-ЛБ-1/ зубы те		
34.	/ПИС: 27 август 1856/ Славяныте	34.	/С: Б-ЛБ-1/ вилицы те		
35.	/ПИС: 19 октомври 1856/ писмото	35.	/С: Б-ЛБ-3/ ученность-та		
36.	/ПИС: 19 октомври 1856/ благодушіето	36.	/С: ОС/ сродность-та		
37.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Истинната	37.	/С: ОС/ Славяни-те		
38.	/ПИС: 19 октомври 1856/ кротоста	38.	/П: ЖИМ/ Змей-атъ		
39.	/ПИС: 19 октомври 1856/ правительството	39.	/СДИ: МДЖ/ Правда-та		
40.	/ПИС: 19 октомври 1856/ тѣлото	40.	/СДИ: МДЖ/ лага-та		
41.	/ПИС: 19 октомври 1856/	41.	/СДИ: МДЖ/ лукавство-то		


	цената			
42.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Книгыте	42.	/СДИ: МДЖ/ лицемѣріе-то	
43.	/ПИС: 19 октомври 1856/ учителите	43.	/СДИ: МДЖ/ клевета-та	
44.	/ПИС: 19 октомври 1856/ руцыте	44.	/СДИ: Б/ село-то	
45.	/ПИС-1: 23 април 1859/ книгата	45.	/СДИ: Б/ селяни-те	
46.	/ПИС-1: 23 април 1859/ Правителството	46.	/СДИ: Б/ облаци-те	
47.	/ПИС-1: 23 април 1859/ Рукописите	47.	/СДИ: Б/ природа-та	
48.	/ПИС-1: 23 април 1859/ погодописите	48.	/СДИ: Б/ лажа-та	
49.	/ПИС-2: 23 април 1859/ желята	49.	/СДИ: Б/ Хвалбаджія-та	
50.	/ПИС-2: 23 април 1859/ Болгарыте	50.	/СДИ: ДЧМГОН/ Свѣтъ-атъ	
51.	/ПИС-2: 23 април 1859/ Руссите	51.	/СДИ: ПБД/ Болгарскы-те	
52.	/ПИС-2: 23 април 1859/ гласниците	52.	/С: Б/ народъ-атъ	
53.	/ПИС: 12 февруари 1868/ срдцето	53.	/Т: О/ рѣчи-те	
54.	/ПИС: 12 февруари 1868/ напредіето	54.	/Т: О/ броевы-те	
55.	/ПИС: 12 февруари 1868/ правилото	55.	/Т: И-ПС/ училища-та	
56.	/ПИС: 30 август 1876/ враждебницыте	56.	/СДИ: СВЧ-1/ дѣца та	
57.	/ПИС: 30 август 1876/ чколото	57.	/Т: О/ ученіе-то	
58.	/ПИС: 30 август 1876/ любовта			
59.	/ПИС: 30 август 1876/ кокошката			
60.	/ПИС: 30 август 1876/ времето			
61.	/ПИС: 30 август 1876/ махалото (тур. *mahalle* – маало, дел на градска или селска населба)			
62.	/ПИС: 30 август 1876/ дѣцата			
63.	/ПИС: 5 јуни 1877/ спокойствіето			
64.	/ПИС: 30 август 1876/ сестрите			
65.	/ПИС: 30 август 1876/ старицата			
66.	/ПИС: 5 јуни 1877/ времето			
67.	/ПИС: 5 јуни 1877/ народыте			
68.	/ПИС: 5 јуни 1877/ промыслата			
69.	/ПИС: 5 јуни 1877/ плотьта			

70.	/ПИС: 5 јуни 1877/ діаволътъ		
71.	/ПИС: 5 јуни 1877/ лажата		
72.	/ПИС: 5 јуни 1877/ лѣностьта		
73.	/ПИС: 5 јуни 1877/ пожеланіята		
74.	/ПИС: 5 јуни 1877/ піянството		
75.	/ПИС: 5 јуни 1877/ высокослепоумієто		
76.	/ПИС: 5 јуни 1877/ Міратъ (‘мирот’)		
77.	/ПИС: 5 јуни 1877/ врукината		
78.	/ПИС: 1 јули 1877/ блудството		
79.	/ПИС: 1 јули 1877/ піянството		
80.	/ПИС: 1 јули 1877/ обяденіето		
81.	/ПИС: 1 јули 1877/ невоздържаніето		
82.	/ПИС: 1 јули 1877/ ленивостьта		
83.	/ПИС: 1 јули 1877/ раскошностьта		
84.	/ПИС: 1 јули 1877/ омразата		
85.	/ПИС: 1 јули 1877/ высокоумієто		
86.	/ПИС: 1 јули 1877/ нелюбовьта		
87.	/ПИС: 1 јули 1877/ нестроеніето		
88.	/ПИС: 1 јули 1877/ несогласіето		
89.	/ПИС: 1 јули 1877/ небратолюбіето		
90.	/ПИС: 1 јули 1877/ заслепленіето		
91.	/ПИС: 1 јули 1877/ клеветыте		
92.	/ПИС: 1 јули 1877/ дѣцата		
93.	/ПИС: 1 јули 1877/ училищата		
94.	/ПИС: 1 јули 1877/ убійството		
95.	/ПИС: 1 јули 1877/ инатотъ		
96.	/ПИС: 1 јули 1877/ священицыте		
97.	/ПИС: 1 јули 1877/ църквата		
98.	/ПИС: 1 јули 1877/ болестиныте		
99.	/ПИС: 1 јули 1877/ Предателътъ		

100.	/ПИС: 1 јули 1877/ болестьта		
101.	/ПИС: 1 јули 1877/ душата		
102.	/ПИС: 1 јули 1877/ църквите		
103.	/ПИС: 1 јули 1877/ манастирьте		
104.	/ПИС: 1 јули 1877/ гонителите		
105.	/ПИС: 1 јули 1877/ лапачите		
106.	/ПИС: 1 јули 1877/ убіициьте		
107.	/ПИС: 22 октомври 1878/ времето		
108.	/ПИС: 1 јули 1877/ срдцето		
109.	/ПИС: 1 јули 1877/ вѣрата		
110.	/ПИС: 22 октомври 1878/ поуките		
111.	/ПИС: 22 октомври 1878/ човечеството		
112.	/ПИС: 22 октомври 1878/ правилото		
113.	/ПИС: 19 октомври 1856/ пріятельството		
114.	/ПИС: 19 октомври 1856/ Дружството		
115.	/ПИС: 19 октомври 1856/ тѣлото		
116.	/ПИС: 30 август 1876/ простотата		
117.	/ПИС: 9 октомври 1856/ срдцето		
118.	/ПИС-1: 23 април 1859/ депешата		
119.	/ПИС-2: 23 април 1859/ желята		
120.	/ПИС: 12 февруари 1868/ лѣсочисленіето		
121.	/ПАТ: ОКОБП-2/ Цинцарьте		
122.	/ПАТ: ОКОБП-1/ црквата		
123.	/ПАТ: С/ плочата		
124.	/ПАТ: М-Б/ търговцьте		
125.	/П: ДВ/ грнцьте		
126.	/П: ДВ/ віното		
127.	/П: ДВ/ момите		
128.	/СДИ: РПЧ-1/ доброто		
129.	/С: С/ годината		
130.	/С: С/ ангельте		
131.	/СДИ: УУ-1/ гробчето		
132.	/СДИ: УУ-1/ робчето		
133.	/СДИ: СВЧ-1/ младенцьте		
134.	/С: Б/ бракята		
135.	/А-1/ тѣлото		
136.	/С: ВП/ княжествата		



Графички приказ бр. 2: Начин на пишување на членските морфеми кај именките во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот



Графички приказ бр. 3: Процентуален приказ на начинот на пишување на членските морфеми кај именките во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Како што може да се види од дадените примери и од графичките прикази, најмногубројни се случаите во кои членските морфеми се пишуваат слеано со именката (63 % од примерите, односно 136 примери), додека најмал број се случаите на разделено пишување (11 %, односно 24 примери). Уште една потврда за колебањето во поглед на пишувањето на членските морфеми е примерот во кој во рамките на еден текст, во три последователни искази, применува различен начин на пишување на членските морфеми кај именките (полуслеано, разделено и слеано пишување): /СДИ: ДЧМГОН/ **Свѣтъ-атъ** е първое сотвореніе. **Небо то** второе. **Землята** третое.

Изделувањето на членските морфеми претставува вообичаено правописно правило во овој период, а кога станува збор за употребата на членските морфеми во нашиот писмен јазик, а и во писмениот јазик на Бугарите, треба да се споменат и ставовите на познатиот бугарски граматичар Неофит Рилски (1835: 76–96) кој во својата граматика членските морфеми ги пишува разделено (сп.: **воєво́да та**, **воєво́ды те**, **а҃по́столи те**, **радость та҆**, **лице҆ то**). Граматиката на Неофит Рилски (1835 г.) одигрува големо влијание не само во бугарската средина, туку и во македонската, особено кај дел од Македонците што се залагаат за заеднички македонско-бугарски јазик – се смета дека таа има извесно влијание и кај Цинот, со забелешка дека постојат и разлики имајќи ја предвид македонската јазична реалност (в. Спасов 2005: 41–42).

в) Слеано се пишуваат следниве придавки:

- сложените придавки образувани од придавска и именска основа, поврзани со составна самогласка *-о-*; сложените придавки на кои првата компонента им е прилог; сложените придавки во кои првиот дел е бројна придавка: /ПИС: 25 март 1856/ глубокомыслены; /ПИС: 7 мај 1856/ благодушный; /ПИС: 7 мај 1856/ благочестивый; /ПИС: 7 мај 1856/ равновеличественъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ многотрудливъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ доброуменъ; /ПИС: 25 март 1856/ душеполезни; /ПИС: 27 август 1856/ высокогранатіи; /ПИС: 12 февруари 1868/ подлочовеченъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ Малопросветеното; /ПИС: 1 септември 1856/ прекрасноустроенъ; /ПИС: 1 септември 1856/ достозамѣчателны; /ПИС: 19 октомври 1856/ долготрпѣлив; /ПИС-2: 4 декември 1858/ многоценна; /ПИС-2: 4 декември 1858/ многоцененъ; /ПИС: 15 февруари 1857/ пунопокорный; /ПИС: 19 октомври 1856/ превосходителенъ; /ПИС: 1 септември 1856/ крестовидна; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Многострадалный; /ПИС-3: 9 септември 1856/ многотрудно; /ПИС-3: 9 септември 1856/ многоценно; /ПИС: 25 септември 1856/ многочестно; /ПАТ: К/ благоразуміе; /ПАТ: К/ братолюбіе; /ПАТ: ОП/ старославянскій; /ПАТ: ЉПТ/ красноличны; /ПАТ: ЈСС/ благоплодна; /ПАТ: АОБОТП/ честолюбивы; /ПАТ: АОБОТП/ гологлавъ; /СДИ: СВЧ-1/ многоговорливъ; /СДИ: УУ-2/ Богобоязливи;
- сложените придавки изведени од двочлени географски имиња: /ПИС: 1 септември 1856/ (села) Црногорски;
- членските морфеми кај придавките се пишуваат слеано во најголем број случаи: /ПИС: 7 мај 1856/ сладкото; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ возлюбленното; /ПИС: 12 февруари 1868/ српската; /ПИС: 12 февруари 1868/ нашата; /ПИС: 12 февруари 1868/ учените; /ПИС: 12 февруари 1868/ Малопросветеното; /ПИС: 30 август 1876/ завидливыте; /ПИС: 30 август 1876/ последната; /ПИС-2: 28 април 1856/ своите; /ПИС-2: 28 април 1856/ нашите; /ПИС-1: 28 април 1856/ моето; /ПИС: 7 мај 1856/ найбесныте; /ПИС: 7 мај 1856/ неговото; /ПИС: 7 мај 1856/ свирѣпите; /ПИС: 5 јуни 1877/ човечката; /ПИС: 5 јуни 1877/ лошыте; /ПИС: 5 јуни 1877/ добрыте; /ПИС: 1 јули 1877/ скотската; /ПИС: 1 јули 1877/ простите; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ моето; /ПАТ: ОКОБП-1/ младыте; /ПАТ: ОКОБП-1/ своите; /ПИС: 5 јуни 1877/ моето; /ПИС: 1 јули 1877/ злыте; /ПИС: 12 февруари 1868/ простите; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скрыената; /ПИС: 27 август 1856/ кротките; /ПИС: 1 јули 1877/ последната; /ПИС: 22 октомври 1878/ моето; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ дужныте; /ПИС: 1 септември 1856/ Србското; /ПИС: 27 август 1856/

Праведныте; /ПИС: 27 август 1856/ трудолюбивите; /ПИС: 27 август 1856/ нашето; /ПИС: 27 август 1856/ нашите; /ПИС: 27 август 1856/ нихныте; /ПИС: 1 септември 1856/ манастирската; /ПИС: 1 септември 1856/ другата; /ПИС: 1 септември 1856/ царските; /ПИС: 4 септември 1856/ нейныте; /ПИС: 19 октомври 1856/ старыте; /ПИС: 19 октомври 1856/ моите; /ПИС: 19 октомври 1856/ твоето; /ПИС: 19 октомври 1856/ твоята; /ПИС: 19 октомври 1856/ Скептичното; /ПИС: 19 октомври 1856/ мысленното; /ПИС: 19 октомври 1856/ изгубените.

Полуслеано (со цртичка) се пишуваат:

- сложените придавки образувани, главно, од две придавки што се во рамноправен однос: /ПИС: 12 февруари 1868/ старо-Србско (наречіе); /ПИС: 4 септември 1856/ (цркwы и Манастиры) Старо-србски;
- членски морфеми кај придавки во текстови објавени во *Цареградски вестник*: /ПАТ: С/ древны-те; /ПАТ: В/ красны-те; /ПАТ: К/ стары-те; /ПАТ: К/ кратовски-те; /ПАТ: К/ наша-та; /ПАТ: ОП/ Христова-та; /ПАТ: ЈСС/ кротки-те; /ПАТ: СДД/ негово-то; /ПАТ: СДД/ царски-те; /С: ОС/ перви-те.

Разделено се пишуваат:

- сложените придавки на кои првиот член им е скратена основа на *полoвина* – *полъ*, *полу*: /ПИС: 9 февруари 1855/ Полу Боговъ; /ПИС: 27 август 1856/ полу рушенъ; /ПИС: 1 септември 1856/ полъ часъ;
- членските морфеми кај некои придавки: /СДИ: РПЧ-2/ свои те /СДИ: РПЧ-2/ мали те; /С: Б-ЛБ-1/ рукописны те; /С: Б-ЛБ-1/ наши те; /СДИ: СВЧ-1/ благородни те; /С: Б-ЛБ-2/ мали те; /С: Б-ЛБ-2/ просветени те[207].

г) Најголем дел од броевите во писмениот јазик на Цинот се запишани со арапски цифри (арапски систем за бележење броеви): /ПИС: 19 октомври 1856/ 8 (месецы); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 2 (слова); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 13 ½ (листова); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 13 (листа); /ПИС: 27 август 1856/ 3 (часа); /ПИС: 27 август 1856/ 30 (ока); /ПИС: 27 август 1856/ 50 (годыны); /ПИС: 27 август 1856/ 500 (години); /ПИС: 27 август 1856/ 35 (чифуты); /ПИС: 27 август 1856/ 35 (пути); /ПИС: 1 септември 1856/ 200 (кући); /ПИС: 1 септември 1856/ 40 (рукописны Пергамени); /ПИС: 19 октомври 1856/ 7 (дена); /ПИС: 19 октомври 1856/ 6 (редъ); /ПИС: 19 октомври 1856/ 36 (редъ); /ПИС: 19 октомври 1856/ 13 (ред); /ПИС: 19 октомври 1856/ 4 (години); /ПИС: 19 октомври 1856/ 3500 (гроша); /ПИС: 19 октомври 1856/ 2 (дуката); /ПИС: 19 октомври 1856/ 3 (сребрени) и 5 (бакарны новцы); /ПИС: 19 ноември 1856/ 15 (цесара); /ПИС: 6 јануари 1857/ 15 (дена); /ПИС: 6 јануари 1857/ 25 (Стари кньигы).

Цинот, исто така, ги користи и римските броеви (римски систем за бележење броеви):

- за пишување броеви на списанија: /ПИС: 19 октомври 1856/ Гласникъ VIII свезка (да ми пратите);
- во редоследното наведување наслови на книги и други материјали во писмата што ги испраќа до Друштвото за српска словесност од Белград:

/ПИС: 19 октомври 1856/

I. Писмо Каллиста Патріарха хула противо Душана царя.

[207] Сите примери за разделено пишување на членските морфеми кај придавките произлегуваат од текстовите објавени во *Цареградски вестник*. Ваквата јазична ситуација ќе биде предмет на натамошни споредби и анализи.

II. Отговорно писмо отъ Црква Грачалница – Противо Каллиста Патріарха, отъ протопопа Ефіміа Зріанова.
III. „Смрть Царя Душана и совѣщаніе властемъ на Діаволополѣ“.
IV. Ровь изри и изкопа и паде въ яму совѣть кнезь Лазара на Поле Косово.
V. „Писмо Папа Нікола къ Болгаромъ“.
VI. Писмо Фотіа Патріарха къ Болгаромъ и другы много безцени документи.

Покрај наведеното, во писмената практика на Џинот слеано се пишуваат:

– /СДИ: РПЧ-1/ дванадесять; /ПИС: 19 ноември 1856/ петнадесетъ; /ПИС: 27 август 1856/ тридеветъ (‘триесет и девет’); /С: СИ/ стохіляди;
– членските морфеми во составот на простите и сложените броеви: /СДИ: РПЧ-1/ петьте; /ПИС: 1 јули 1877/ дванадесетъте.

Разделено се пишуваат:

– сложените бројни изрази: /ПИС: 6 јануари 1857/ двадесетъ и четыри (часа); /ПИС: 19 октомври 1856/ сто хиляды (гроша); /ПИС: 19 октомври 1856/ сто хиляды (Дукати); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ три и полъ (листовъ);
– бројните прилози изведени од броеви со именската форма *-п҃ути* (*-п҃аѭи*): /ПИС: 19 октомври 1856/ петъ пути; /ПИС: 25 септември 1856/ сто и тридесетъ хиляды пути;
– повеќечлените бројни изрази со *-мина*: /ПИС: 6 јануари 1857/ 7 мина.

д) Слеано се пишуваат следниве заменки:

– сложените заменки: /ПИС: 5 јуни 1877/ всекой (‘секој’; стсл. ***вьсакъ***, ***вьсѣкъ***); /ПИС-1: 23 април 1859/ всекому; /ПИС: 19 октомври 1856/ всекое; /ПИС: 9 февруари 1855/ всекое;
– (во некои случаи) кратките заменски форми, кога се употребуваат со присвојно значење по именки што значат сродство: /ПИС-2: 9 септември 1856/ дщеркаму.

Разделено се пишуваат:

– двата дела на неопределените заменки: /ПИС: 30 август 1876/ що годе;
– формата *се* од повратната заменка *себе* во исказите: /ПИС: 1 јули 1877/ себе се (упропастява).

ѓ) Слеано се пишуваат следните глаголски форми:

– негацијата *не* кај глаголски форми изведени од глаголите – *сум*, *има*, *може*, *сака*, *п҃рави*, *знае*, *смее*, *испҍолни, жали*, *лаже*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ неймаюћи; /ПИС: 12 февруари 1856/ незнаюћи; /ПИС-3: 9 септември 1856/ нежаламъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ нелаже; /ПИС: 25 септември 1856/ незнаеме; /ПИС-2: 28 април 1856/ незнаеме; /ПИС: 25 септември 1856/ несме (имале); /ПИС-1: 28 април 1856/ неймамъ; /ПИС: 1 септември 1856/ неможатъ; /ПИС: 27 август 1856/ неправитъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ незнамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ несте (чули); /ПИС: 23 февруари 1857/ нехтете (ме пріимитъ); /ПИС-1: 4 декември 1858/ немамъ; /ПИС: 30 август 1876/ неискамъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС: 22 октомври 1878/ несемъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Незнаемъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Незнаешъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ несмеемъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ неможатъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ неможе; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Неисполнихъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ несте (виделе); /ПИС: 15 февруари 1857/ неймамъ; /Т: И-ПС/ неможелъ; /СДИ: Б/ незнамъ; /СДИ: УУ-4/

незнае; /А-1/ Незнае; /А-1/ незнаятъ (но и: /А-1/ не знаешъ); /А-2/ неможамъ;

- сложените глаголи: /ПИС: 9 февруари 1855/ (иска да) путеходатъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ (се) путеходи; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ удовлетворимъ;
- глаголска форма со куса форма на лично-повратната заменка (*се*) во постпозиција: /ПИС: 4 септември 1856/ надѣемсе (‘се надевам’);
- глаголските придавки со одречната честичка *не*, кај кои таа доаѓа како префикс: /ПИС: 27 август 1856/ неисчистена; /ПИС: 1 јули 1877/ недоучены; /ПИС: 1 јули 1877/ неучены; /ПИС: 1 јули 1877/ недосолены; /ПИС: 1 јули 1877/ недокрстены; /ПИС-1: 23 април 1859/ неучени;
- членските морфеми во составот на глаголските именки: /ПИС: 1 јули 1877/ трошенѣто.

Разделено се пишуваат:

- честичката *ќе* (*ке*, *ће*, *ще*) и формите за сегашно време при образувањето форми на идното време: /ПИС: 25 септември 1856/ ке поможатъ; ПИС 25 септември 1856/ ке пратимъ; /ПИС: 25 септември 1856/ ке пратамъ; /ПИС: 25 март 1856/ ке пратамъ; /ПИС: 25 март 1856/ ке писамъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ ке пріимете; /ПИС-1: 28 април 1856/ ке дадимъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ ке прибавимъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ ке ослабнатъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ ке метнатъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ ке назначатъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ ке пратамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ ке изнайдеме; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ ке лажамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке дадам; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке буде; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке имаме; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке издѣйствуе; /ПИС: 15 февруари 1857/ ке учимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке се трудимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке испрати; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке пратамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ке праѣамъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ ке цркне; /ПИС: 29 декември 1856/ ке цркне; /ПИС: 12 февруари 1868/ ке поклонимъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ ке рече; /ПИС-1: 23 април 1859/ ке пратимъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ ке тужимъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ ке испратимъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ ке буде; /ПИС: 29 декември 1856/ ке предаду; /ПИС: 1 септември 1856/ ће описеме; /ПИС: 23 февруари 1857/ ће доплатити; /ПИС: 10 август 1864/ ще испратимъ;
- одречната честичка *не* се пишува разделено од личноглаголските форми во најголем број случаи[208].

[208] Од аспект на пишувањето на глаголските форми, во анализираниот материјал одречната честичка *не* се среќава напишана слеано со личноглаголските форми: /ПАТ: ОКОБП-2/ незнаемъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ незнаятъ; /С: БП/ неимаятъ; /С: БП/ негрѣшиме; /ПАТ: ОКОБП-2/ нехулимъ. Наспроти ова стојат примерите кои се побројни и во кои одречната честичка *не* и личноглаголските форми ги пишува разделено, како што е и според денешниот правопис на македонскиот јазик: /ПАТ: ОКОБП-2/ не губатъ; /С: БП/ не виделъ; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ не лажамъ. Слеано ја пишува и негацијата во состав на глаголскиот прилог немајќи – /ПИС-4/ немайки.

Табела бр. 28: Пишување на одречната честичка *не* кај личноглаголските форми

Разделено пишување	**Слеано пишување**[209]
1. /ПИС-2: 9 септември 1856/ не ходилъ	1. /ПИС-1: 9 септември 1856/ неймаюћи
2. /ПИС: 12 февруари 1856/ не се учувалъ	2. /ПИС: 12 февруари 1856/ незнаюћи
3. /ПИС: 25 септември 1856/ не знаеме	3. /ПИС-3: 9 септември 1856/ нежаламъ
4. /ПИС-2: 28 април 1856/ не быва	4. /ПИС: 12 февруари 1856/ нелаже
5. /ПИС: 12 февруари 1856/ не бы было	5. /ПИС: 25 септември 1856/ незнаеме
6. /ПИС: 12 февруари 1856/ не добива	6. /ПИС-2: 28 април 1856/ незнаеме
7. /ПИС: 25 септември 1856/ не сменъ	7. /ПИС: 25 септември 1856/ несме (имале)
8. /ПИС: 25 септември 1856/ се не бой	8. /ПИС-1: 28 април 1856/ неймамъ
9. /ПИС-2: 28 април 1856/ не требе	9. /ПИС: 1 септември 1856/ неможатъ
10. /ПИС-2: 28 април 1856/ не се трпи	10. /ПИС: 27 август 1856/ неправитъ
11. /ПИС-1: 28 април 1856/ не е собралъ	11. /ПИС: 19 октомври 1856/ незнамъ
12. /ПИС-2: 28 април 1856/ не даде	12. /ПИС: 19 октомври 1856/ несте (чули)
13. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ да не заборавите	13. /ПИС: 23 февруари 1857/ нехтете (ме пріимитъ)
14. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ не лажешъ	14. /ПИС-1: 4 декември 1858/ немамъ
15. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ не се извѣстявате	15. /ПИС: 30 август 1876/ неискамъ
16. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ не побѣдиле	16. /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки
17. /ПИС-1: 7 јуни 1856/ не треба	17. /ПИС: 22 октомври 1878/ несемъ
18. /ПИС: 15 април 1856/ се не туркамъ	18. /ПИС: 22 октомври 1878/ незнаемъ
19. /ПИС: 15 април 1856/ не чекайте	19. /ПИС: 22 октомври 1878/ незнаешъ
20. /ПИС: 15 април 1856/ не пракяте	20. /ПИС: 22 октомври 1878/ несмеемъ
21. /ПИС-3: 12 јуни 1856/ не лажамъ	21. /ПИС: 22 октомври 1878/ неможатъ
22. /ПИС-3: 12 јуни 1856/ не споминяте	22. /ПИС: 22 октомври 1878/ неможе
23. /ПИС-3: 12 јуни 1856/ не може	23. /ПИС-1: 9 септември 1856/ неисполнихъ
24. /ПИС: 9 октомври 1856/ не можете	24. /ПИС-1: 23 април 1859/ несте (виделе)
25. /ПИС: 19 октомври 1856/ не е ималъ	25. /ПИС: 15 февруари 1857/ неймамъ
26. /ПИС: 19 октомври 1856/ не знамъ	26. /ПАТ: СОСНМП/ немаше
27. /ПИС: 19 октомври 1856/ не пытате	27. /СДИ: РПЧ-2/ неможе
28. /ПИС: 19 октомври 1856/ не бы далъ	28. /СДИ: РПЧ-1/ несумъ
29. /ПИС: 19 октомври 1856/ не требе	29. /П: ЖИМ/ недоведешъ
30. /ПИС: 23 февруари 1857/ не са (важны)	30. /СДИ: МДМОРИБ/ незнамъ
31. /ПИС: 23 февруари 1857/ не можете	31. /СДИ: УУ-2/ негоизгоре
32. /ПИС-1: 23 април 1859/ не бы далъ	32. /СДИ: УУ-2/ негоудави
33. /ПИС-1: 23 април 1859/ не можете	33. /СДИ: УУ-2/ негопресече
34. /ПИС-1: 4 декември 1858/ не се двоямъ	34. /СДИ: Б/ незнамъ
35. /ПИС: 15 февруари 1857/ не могу	35. /СДИ: УУ-4/ незнае
36. /ПИС: 30 август 1876/ не оставиха	36. /Т: И-ПС/ неможелъ
37. /ПИС: 30 август 1876/ не дава	37. /Т: И-ПС/ неможе
38. /ПИС: 30 август 1876/ не носи	38. /А-1/ Незнае
39. /ПИС: 30 август 1876/ не отбирашъ	39. /А-1/ незнаятъ
40. /ПИС: 30 август 1876/ не забравамъ	40. /А-2/ неможамъ
41. /ПИС: 5 јуни 1877/ не платиха	
42. /ПИС: 30 август 1876/ не ще може	
43. /ПИС: 30 август 1876/ не пракямъ	
44. /ПИС: 1 јули 1877/ не може (да чува)	
45. /ПИС: 1 јули 1877/ не може (да буде)	
46. /ПИС: 1 јули 1877/ не бива	
47. /ПИС: 22 октомври 1878/ не знамъ	
48. /ПИС: 22 октомври 1878/ не е собирало	

[209] Според *Правопис͡от на македонскиот͡ јазик* (2015: 74), слеано се пишуваат глаголите: *нејќе, нема* (со формите на промената: *нејќам*, *нејќеш*, *нејќе*, *нејќеме*, *нејќе͡те*, *нејќа͡т* и др.; *немам*, *немаш*, *нема*, *немаме*, *нема͡те*, *немаа͡т* и др.).

49.	/ПИС: 22 октомври 1878/ не преносятъ	
50.	/ПИС: 22 октомври 1878/ не гледамъ	
51.	/ПИС: 1 јули 1877/ се не зыда	
52.	/ПИС: 1 јули 1877/ не ще можете	
53.	/ПИС: 22 октомври 1878/ се не боимъ	
54.	/ПИС: 30 август 1876/ не знамъ	
55.	/ПИС-1: 4 декември 1858/ не сам престаналъ да се не трудимъ	
56.	/А-1/ не знаешъ	
57.	/ПИС: 29 декември 1856/ не тражимъ	
58.	/ПИС: 19 октомври 1856/ се не лаже	
59.	/ПИС: 25 септември 1856/ не изедохъ	
60.	/ПАТ: СОСНМП/ не може (да быде)	

Разделено се пишуваат и кусите заменски форми кога се употребуваат по формите на заповедниот начин: /ПИС: 9 февруари 1855/ дайте гы; /ПИС: 9 октомври 1856/ вѣруйте ми; /ПИС: 19 октомври 1856/ пойскай ми; /ПИС: 19 октомври 1856/ платете ми; како и честичките и/или кусите заменски форми употребени пред личноглаголски форми во следните примери: /ПИС: 25 септември 1856/ гы потрошихъ; /ПИС: 25 септември 1856/ гы раздалъ; /ПИС: 25 септември 1856/ ми даде да си платамъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ си седимъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ ми гы изглоди; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Молимъ да ми испратите; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ да ви се отговоримъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ ме дави; /ПИС: 15 април 1856/ чекамъ да ме прехраныте; /ПИС: 27 август 1856/ да се почини; /ПИС: 1 септември 1856/ се праватъ; /ПИС: 1 септември 1856/ се правиле; /ПИС: 4 септември 1856/ да ви се поклонамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ да ве почитамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ да ве уважамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ да ве благодаримъ; /ПИС: 4 септември 1856/ да ве пытамъ; /ПИС: 4 септември 1856/ да гы испишеме; /ПИС: 9 октомври 1856/ да сте гы пріимили; /ПИС: 9 октомври 1856/ се надеѣямъ да добіямъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ молимъ да ми пишете; /ПИС: 9 октомври 1856/ да се представамъ; /ПИС: 9 октомври 1856/ сте се увѣрили; /ПИС: 9 октомври 1856/ да ми подадете; /ПИС: 9 октомври 1856/ да ми дадете; /ПИС: 19 октомври 1856/ Можешъ ми речешъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ не можамъ да дадамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ бы го целивалъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ се ласка; /ПИС: 19 октомври 1856/ се каже; /ПИС: 19 октомври 1856/ сумъ се надѣялъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ви е дошло; /ПИС: 22 октомври 1878/ може да се радуе; /ПИС: 1 јули 1877/ да се лечиме; /ПИС: 30 август 1876/ сумъ гы заборавилъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ да се поклонимъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ да се ласкамъ, да се улигуемъ и да се чинимъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ ми гы не прати; /ПИС-1: 23 април 1859/ бы ве преполнилъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ да се не тужимъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ ме посрамоти; /ПИС-1: 4 декември 1858/ да ме подкреплявате; /ПИС: 15 февруари 1857/ да ме обезбѣдите; /ПИС: 23 февруари 1857/ имамъ да си ходимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ се лаже; /ПИС: 19 октомври 1856/ да ви послужимъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ бы ималъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ да се препитавамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ бы гы щамбалъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ може да ме хврли.

е) Слеано се пишуваат следниве прилози:

- сложените прилози што како втор дел ги имаат именските форми *-пѫтъ*, *-пѫти* (*-пат*, *-пати*): /ПИС-2: 28 април 1856/ Миліонпути; но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ петъ пути; /ПИС: 7 мај 1856/ два путъ (ако двата дела на овие прилози посебно се акцентираат, тогаш се пишуваат разделено);
- изразот *затоа* употребен како прилог се пишува слеано: /ПИС: 30 август 1876/ (...) зато на тебе бехъ се оставилъ (*зато* – затоа);

– сложените прилози: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Пунопокорно; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ пунопокорно; /ПИС: 4 септември 1856/ пунопокорно;
– срастените прилози од предлог и прилог или именка: /ПИС-1: 9 септември 1856/ найзусть; /ПИС: 5 јуни 1877/ наскоро; /ПИС: 6 јануари 1857/ поскоро.

Некои од сложените прилози[210] кои според *Правопӣсот̄ на македо̄нскиот̄ јазик* (2015: 77) се пишуваат полусеано, во писмениот јазик на Џинот се пишуваат разделено: /ПИС: 22 октомври 1878/ тамо вамо; /ПИС: 30 август 1876/ що годе.

ж) Слеано се пишуваат предлогот *по̄крај* (/ПИС: 19 октомври 1856/ покрай), како и сврзникот *камоли* (/ПИС-3: 12 јуни 1856/ камоли).

з) Слеано се пишуваат следните честички:

– честичката *не*, кога е составен дел на именките, придавките и прилозите и образува со нив нов збор: /ПИС-1: 9 септември 1856/ немилостиви; /ПИС-1: 9 септември 1856/ немилостивъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ непостоянъ; /ПИС-1: 28 април 1856/ нечовеченъ; /ПИС: 7 мај 1856/ несито (‘ненаситно’); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ неуредны; /ПИС: 27 август 1856/ неисчистена; /ПИС: 4 септември 1856/ недостойна; /ПИС: 19 октомври 1856/ неправиленъ; /ПИС: 1 јули 1877/ нечисти; /ПИС: 1 јули 1877/ недоучены; /ПИС: 1 јули 1877/ неучены; /ПИС: 1 јули 1877/ недосолены; /ПИС: 1 јули 1877/ недокрстены; /ПИС-1: 23 април 1859/ неучени; /ПИС: 29 декември 1856/ несмыслени; /ПИС: 1 јули 1877/ нелюбовьта; /ПИС: 1 јули 1877/ нестроенiето; /ПИС: 1 јули 1877/ несогласiето; /ПИС: 1 јули 1877/ небратолюбiето;
– честичката *ни* во одречните заменки: /ПИС: 7 мај 1856/ никой; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ никой;
– честичката *ни* во одречните заменски придавки: /ПИС: 15 април 1856/ никаква; /ПИС: 1 јули 1877/ никаковъ; /ПИС: 1 јули 1877/ никаква.

При степенувањето на придавките, но и при степенувањето на некои прилози, честичките *по̄-* и *нај-* најчесто се пишуваат слеано со придавката, односно со прилогот (64 % од примерите; в. п. Графички приказ бр. 4)[211].


[210] Полуслеано се пишуваат сложените прилози (Правопис на македонскиот јазик 2015: 77): *брг̄у-брг̄у*, *брзо-брзо*, *ваму-т̄аму*, покрај *вамут̄аму*, *г̄оре-долу*, покрај *г̄оредолу*, *ден-денес* и *ден-денеска*, *денес-ут̄ре*, *дење-ноќе*, *зг̄ора-зг̄ора*, *наг̄оре-надолу*, *надве-нат̄ри*, *овде-онде*, *кај-г̄оде*, *како-г̄оде*, *ког̄а-г̄оде*, колку-годе и др.

[211] Џинот покажува колебање и при пишувањето на компаративната и суперлативната форма на придавките и прилозите. Честичката *по̄-* во компаративните форми и честичката *нај-* во суперлативните форми на придавките и прилозите се среќаваат напишани слеано, полуслеано и разделено: /ПИС-2: 7 јуни 1856/ подобро; /ПИС: 12 февруари 1856/ найюначки; /ПАТ: СОСНМП/; най-плодоносна; /П: РВ/ най-старьі; /ПИС-2: 23 април 1859/ по мала; /ПАТ: ОКОБП-2/ най богати. Како што може да се види од примерите, најголем дел од примерите за полуслеано и разделено пишување произлегуваат од текстовите објавени во *Цареградски вест̄ник*. Ваквата јазична ситуација ќе биде предмет на натамошни споредби и анализи.

Табела бр. 29: Начини на пишување на степенуваните форми на придавките и прилозите

Слеано пишување	**Полуслеано пишување**	**Разделено пишување**
1. /ПИС-3: 9 септември 1856/ найвнимателно	1. /ПАТ: СОСНМП/ най-плодоносна	1. /ПИС-2: 23 април 1859/ по мала
2. /ПИС: 12 февруари 1856/ наймужественный	2. /П: РВ/ най-старьі	2. /ПИС-2: 28 април 1856/ по трудолюбивъ
3. /ПИС: 12 февруари 1856/ найпосле		3. /ПИС: 7 мај 1856/ по бесенъ
4. /ПИС: 12 февруари 1856/ найюначки		4. /ПИС: 25 септември 1856/ по добре
5. /ПИС: 12 февруари 1856/ найстари		5. /ПИС: 5 јуни 1877/ Най милій
6. /ПИС: 7 мај 1856/ наймного		6. /ПАТ: В/ наи высоки
7. ПИС-3: 9 септември 1856/ попріятно		7. /ПАТ: М-Б/ най малыте
8. /ПИС: 12 февруари 1856/ найвърный		8. /ПАТ: М-Б/ най чесенъ
9. /ПИС: 12 февруари 1856/ найблагодушны		9. /ПАТ: ЉПТ/ най вкусныте
10. /ПИС: 25 септември 1856/ поголема		10. /ПАТ: ЉПТ/ най опасното
11. /ПИС-3: 9 септември 1856/ найсладкое		11. /ПАТ: ЦГС/ най бело
12. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ наймилый		12. /ПАТ: ЈСС/ наи милостивы-те
13. /ПИС-1: 12 јуни 1856/ найдобрый		13. /ПАТ: ЈСС/ най велики-те
14. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ подобро		14. /С: Б-ЛБ-1/ най послѣдни те
15. /ПИС-2: 7 јуни 1856/ найстары		15. /СДИ: СВЧ-1/ най мудри
16. /ПИС: 1 септември 1856/ найголемите		16. /СДИ: УУ-2/ най чисто
17. /ПИС: 1 септември 1856/ найдобри		
18. /ПИС: 1 септември 1856/ найфины		
19. /ПИС: 4 септември 1856/ найвеће		
20. /ПИС: 4 септември 1856/ наипокорный		
21. /ПИС: 9 октомври 1856/ найпокорный		
22. /ПИС: 19 октомври 1856/ наймало		
23. /ПИС: 30 август 1876/ найпосле		
24. /ПИС: 19 октомври 1856/ наймилый		
25. /ПИС: 30 август 1876/ найвеликъ		
26. /ПИС: 19 октомври 1856/ наймалко		
27. /ПИС: 19 октомври 1856/		

	поважни		
28.	/ПИС: 1 септември 1856/ повелика		
29.	/ПИС: 9 октомври 1856/ подобри		
30.	/ПИС: 6 јануари 1857/ највелико		
31.	/СДИ: ДЧМГОН/ најпрва		
32.	/А-2/ повеликъ		



Графички приказ бр. 4: Начини на пишување на степенуваните форми на придавките и прилозите во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

s) Честичката *ли* се пишува на следните начини:

- слеано со личноглаголската форма: /ПИС: 5 јуни 1877/ Непочитавашли лошыте (...);
- разделено од формите на глаголот и прилозите: /ПИС: 1 јули 1877/ Видиш ли (...); /ПИС: 4 септември 1856/ (...) хоћете ли да испраћамъ (...); /ПИС: 4 септември 1856/ (...) хоћете ли и вы да ме посѣштавате (...); /ПИС: 22 октомври 1878/ (...) кога ли назадъ (...).

и) Слеано се пишуваат некои од модалните зборови: /ПИС-3: 9 септември 1856/ повѣроятно.

2.6. Интерпункција

Интерпункцијата ги опфаќа правилата за употреба на интерпункциските знаци и претставува систем од писмени знаци со кои се означуваат почетокот и крајот на реченицite, границата и односите меѓу реченични членови и меѓу дел-реченицite, интонацијата, темпото и паузите при зборувањето.

Во македонскиот јазик се користат следните интерпункциски знаци: точка (.), прашалник (?), извичник (!), запирка (,), точка и запирка (;) две точки (:), три точки (...), загради – заоблени () и квадратни [ ], црта (тире) (–), наводници („ “) и полунаводници (’ ‘) и (‘ ’). Во делот што следува ќе биде разгледана употребата на интерпункциските знаци во писмата, во литературното творештво и во публицистичките текстови на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

2.6.1. Точка (.)

а) Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со точка се бележи крајот на расказна реченица (проста или сложена) или логички напишана мисла што претставува целина и ја пренесуваме како реченица:

/ПИС-1: 9 септември 1856/ На мезличъ мене ме призваха и ми рекоха: до три дни ако не си станешъ, ке те убіеме; и тако Скопское училище владыка и грецы го разориха. – /ПИС-1: 9 септември 1856/ После па наново стана владыка да ме клевети и ме призва ми рече: Бре учителы Азъ самъ Турчинъ отъ 50 годины вамо, та ке те затрыямъ дибидусъ. – Тако ми се похвали и Х. Трайковиќъ.

б) Точка се пишува на крајот на заповедна реченица кога е таа искажана мирно, без заповед:

/ПИС: 9 октомври 1856/ Да ми дадете мало трошокъ защо немамъ. – /ПИС: 9 октомври 1856/ Да ми праќате Србске новине въ Скопѣ.

в) Точка се пишува на крајот на искази што претставуваат реченични соодветници:

/ПИС: 9 февруари 1855/

1. Отъ Скодра покрай Приморіе Албанско (Адріатско) Дурусь, Кавая, Елбасань, Авлоня, до Ипирь (Янина).

2. Отъ Призрень Пекь Діаково, Прищина, Гилани, Легена (Тетова), Куманова, Паланка, Кратова и Кочани.

3. Отъ Скопѣ, Дебръ, Крчава, Галишникъ (Быгоръ св. Јоаннъ Ман.), Охрідъ, Костуръ, Бытола, Србличе.

4. Отъ Велессъ, Тыквешъ, Челевецъ, (Демиркапія), Водень (Едеса), Негушъ, Ферръ Олимбійски, Солунъ.

5. Отъ Щипъ, Струмница, Малешевія, Дорянъ, Кликушъ, Серресъ, Драма.

г) Точка не се пишува по други интерпункциски знаци (прашалник, извичник, три точки) на крајот од реченицата:

/ПИС: 1 јули 1877/ Коя е тя власть и сила? Кои са тыя болести и недугы? Како иска да се исцѣлявать? – /ПИС-1: 28 април 1856/ Вѣруйте ми!

д) Точка не се пишува по скратувања на зборови што завршуваат со точка како правописен знак:

/ПИС-2: 4 декември 1858/ 11. Другіи Законикъ и писма св. Саввы Неманя, и Писма княза Скопскаго въ време Косовскаго Боя, и т. д.

ѓ) Точка не се пишува меѓу стиховите во поезијата каде што наредниот ред започнува со голема буква:

/ПИС-1: 9 септември 1856/
Любовь ме нуди
Ова да ви явим
ако и не е потребно.

е) Точка се пишува по наслови и поднаслови кога текстот продолжува во нов ред:

/ПИС: 25 март 1856/

7. Слово нравоучителноє[212], яко подобаетъ вѣрному чисто и право житіє имѣти.

8. Предисловіє св. Іоанна Златоустаго.

9. Отъ Патерика нравоученія[213].

10. Повѣсть зѣло полезна о смерти, єже сь смерти никомуже убѣжати никакоже.

ж) Во многу ретки случаи, Џинот не пишува точка на крајот на расказна реченица:

/ПИС: 19 ноември 1856/ Повише 15 цесара послати ми отъ 5 истаго месеца отъ дружство Србске словесности вароши Београда пріміо есмь, отъ Господара Х. Хріста Х. К. Поповича, т. е. петнадесетъ цесраски[214] дуката[215]

2.6.2. Прашалник (?)

а) Прашалник се пишува на крајот од прашална реченица што содржи прашални зборови или изрази:

/ПИС-3: 9 септември 1856/ Защо му се даде отъ французка Гербъ Олелъ Криноносецъ и подковица? – /ПИС: 1 јули 1877/ Кои са тыя демоны? Коя е тя власть и сила? Кои са тыя болести и недугы? Како иска да се исцѣлявать? – /ПИС-2: 28 април 1856/ Кой е лудъ како мене некъ учитель буде?[216] – /ПИС-2: 23 април 1859/ Что е Римпапа? – /ПИС: 15 април 1856/ Каквы книгы и каквы документи и стари новцы искате?

Во некои случаи, прашалната реченица има малку поинаков збороред и не започнува со прашален збор или израз:

/ПИС-2: 23 април 1859/ Чинъ или лица Патріаршески колко се? – /ПИС-3: 9 септември 1856/ Душанъ Стефанъ како отишелъ въ Діаволополе? – /ПИС: 27 август 1856/ Кои се намирате подъ гречески епіскопи, докога Сисифови муки и Танталово мученіе ке трпите? – /ПИС-1: 23 април 1859/ Я ни сумъ бегалъ, и защо да бегамъ? – /ПИС-2: 28 април 1856/ Може и това да сте премыслиле, заръ ми това незнаеме, защо единъ неученъ изъ Турске да насъ упутуе и подстрекава на това дѣло за кое треба мы сами да следуеме? – /ПИС-2: 28 април 1856/ Знате ли я що бехъ пред'ызмыслилъ?

---

[212] Во пишувањето на зборoформата изоставена е самогласката *а* (*нравоучителноє* vs *наравоучителноє*).

[213] Во пишувањето на зборoформата изоставена е самогласката *а* (*нравоученія* vs *наравоученія*).

[214] Во пишувањето на зборoформата променет е редоследот на графемите (*цесраски* vs *цесарски*).

[215] На крајот на реченицата не е напишан интерпункциски знак.

[216] Во оваа реченица повеќе доаѓа до израз чувствената состојба, односно реакцијата на Џинот – неговото незадоволство од учителствувањето во лоши услови, па можеби недостасува интерпункцискиот знак извичник со цел да се зголеми изразноста на извичната содржина и да се означи гнев.

б) Прашалник се пишува на крајот од прашална реченица во чиј состав нема прашални зборови или изрази, а прашалниот карактер го добива со помош на интонацијата:

/ПИС: 9 февруари 1855/ На овой начинъ иска да се путеходи и да се истражуе все що е было Србско? – /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Да не лажешъ? – /ПИС-2: 23 април 1859/ Андрей Первозванъ? Охридска Архіепископія?

в) Прашалник се пишува и на крајот на прашални реченици што содржат честичка *ли*: /ПИС: 1 јули 1877/ Видиш ли брате, какъ Господь нашь Јисус Хрістосъ на вси апостоли равенъ даръ имъ е далъ надъ Духовете нечисти и на болестиныте? – /ПИС: 5 јуни 1877/ Непочитавашли лошыте како добрыте? – /ПИС: 22 октомври 1878/ Ако е тамо мирно, научи се от Мустафа, и пиши ми за все, и ще има ли 10–15 дѣца да учамъ?

г) Прашалник се пишува на крајот од алтернативно прашање: /ПИС: 19 октомври 1856/ Хоћете ли ме поткрепитъ или само Діаметрално се владате съ мене доклемъ все мои старини ви испратимъ? – /ПИС: 19 октомври 1856/ Не знамъ постепенно или періодично или просторно или Олимбіядски ке го имаме пріятельството?

д) Во писмената практика на Џинот, прашалник се пишува на крајот од исказна реченица во којашто е прекажана содржината на директно прашање:

/ПИС: 6 јануари 1857/ Пытамъ гы защо ме давате на турцы? /ПИС: 22 октомври 1878/ Питамъ гы защо? /ПИС: 5 јуни 1877/ Но чудимъ се защо закаснявате и наскоро не ми писвате да ви знамъ що правите, и како сте дома? – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Затова сега съ ова писмо ве моламъ прво, да не речете си являмъ нуждата но се являмъ предъ всичко высокославное Дружство како човекъ вѣренъ, постоянъ и желателенъ за општо добро; и волимъ да самъ умренъ, а не толко честны лица да облажамъ, волимъ да самъ прахъ и нищо, и не да ми се рече лаже, и єли то за исто що каже?

ѓ) Џинот, ретко, прашалникот го употребува заедно со извичник (?!) за да се зголеми изразноста на прашалната содржина и да се означи чудење: /ПИС-1: 9 септември 1856/ На каковъ начинъ искате да ви послужамъ?!

2.6.3. Извичник (!)

а) Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои Јордан Хаџи Константинов-Џинот изразува чувствени состојби или реакции – душевна болка, возбуда, чудење, одушевеност, изненадување, предупредување, лутина, страв, гнев, надеж и сл.:

/ПИС-3: 12 јуни 1856/ Богъ е штедрый! – /ПИС: 22 октомври 1878/ И това не гледамъ, но ако ме обклевети некой, та за инатъ турцыте да ме вращатъ назадъ! – /ПИС: 22 октомври 1878/ Отъ мука место не ме е собирало! – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Како самъ живилъ до сега, тако и отъ сега! – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Ахъ колко ми е жално што сте премыслиле да я васъ ве лажамъ! – /ПИС: 29 декември 1856/ Скоро защо на несмыслени Турцы ке ме предаду душа ке ми цркне! – /ПИС: 22 октомври 1878/ Отговоръ ще давамъ за вси деца до сега що учамъ, Богъ ще ме суди! – /ПИС: 29 декември 1856/ Молете Митрополита да прати едно писмо до Скопски владыка да се не дираю у мене, кои никому нищо не тражимъ! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Много добрини учинићу ви само да ме ослободите! – /ПИС-1: 28 април 1856/ Я самъ 35 годины па косата ми обеле, 6 зуби ми излегоха, и безъ да се починамъ въ гнѣвъ

пребивамъ: аманъ до Бога ми се вика! – /ПИС-2: 28 април 1856/ Некъ е по ваша воля! – /ПИС: 15 април 1856/ Ако така мыслите може да имате некой такви Духовы! – /ПИС: 27 август 1856/ Тужны нашы Славяны! – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Не Братіе, не лажамъ! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Охъ мене! Скоро мои Браћо!

б) Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразува заповед или молба:

/ПИС-1: 28 април 1856/ Вѣруйте ми! – /ПИС: 27 август 1856/ Избави нашите Славяны не отъ Турцы, но отъ Гречески луди и безумны владыцы! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Избавете ме избавете ме! – /ПИС: 19 октомври 1856/ Заповѣдай Брате В. Якшиће поучи ме отъ Срдца и души те слушамъ! – /ПИС: 29 декември 1856/ – Молимъ васъ защитете ме, за ваша честь и Србска славна исторія! – /ПИС: 1 септември 1856/ Молимъ васъ споменете гы въ „Гласника“ вашего и речете имъ Богъ гы е Простилъ! – /ПИС: 15 април 1856/ Господіе! Молимъ вечъ да ми не пракяте Новине читалищне отъ 1847 защо я имамъ 1500 комата разны книгы кои и сега са редки между училища, та Новини искамъ отъ 1856 да тече за унапредъ.

в) Извичник се пишува на крајот од извични реченици со кои се изразуваат благослови или клетви:

/ПИС-1: 4 декември 1858/ Богъ нека го увразуми!

г) Извичник се пишува по нагласени форми за обраќање или за повикување, по извици и честички:

/ПИС-3: 9 септември 1856/ Сладкій ми Брате! /ПИС-3: 9 септември 1856/ Господине! /ПИС-1: 28 април 1856/ Та! – /ПИС-1: 28 април 1856/ Милый мой Браћа! – /ПИС: 9 октомври 1856/ Милостивый Господіе! – /ПИС: 27 август 1856/ Братецъ! – /ПИС: 27 август 1856/ Господи Јисусе Христе сыне Божій! – /ПИС: 19 октомври 1856/ Сладкій ми Добродѣтелю! – /ПИС: 15 февруари 1857/ Любезный мой защитницы! – /ПИС-1: 4 декември 1858/ Г. Г. Дружству С’рбске Словесности! – /ПИС-1: 9 септември 1856/ Сладкій ми као Братъ! – /ПИС: 15 април 1856/ Господіе! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Аманъ!

д) Извичник се пишува на крајот на реченици со кои се изразува готовност:

/ПИС: 15 април 1856/ Каквы книгы и каквы документи и стари новцы искате? готовъ[217] самъ безъ шубе да ви пратимъ! – /ПИС-1: 28 април 1856/ А ако бы ималъ да живимъ, тако ми Бога и ваше Сочовечество нищо не бы вы потражилъ, и како Господаръ бы се изображилъ према ваша литерална скупштина! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Много добрини учинићу ви само да ме ослободите!

ѓ) Извичник во состав на реченицата се пишува за да се искаже чудење, револт, предупредување, за да се привлече вниманието на читателот и сл., при што извичникот се пишува по зборови или изрази (*Сеѓа!*) и дури и по слогови (*По ! ѳа ! ракъ!*) што се изговараат со извична интонација, а по интерпункцискиот знак извичник, во овие случаи, често пати се пишува мала почетна буква:

/ПИС-1: 12 јуни 1856/ Прімите гы отъ моя горещна любовъ према васъ наймилый. По ! да ! ракъ! – Па ако ме познаете какъ самъ ревнивый и простосрдечный вашъ собратъ; дужныте споредъ ваше Благородно Дру! ж ! ство ! да ме не заборавите. – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ За все точно да ми се отговорите, што захтевате отъ мене, ако ви се обѣштамъ не може да буде лажа – не лажамъ! не лажамъ! не лажамъ! – /ПИС: 6 јануари 1857/ Аманъ! аманъ има 15 дена на Таванъ се крыямъ за ваша честь и исторія. – /ПИС: 12 февруари 1868/ Сега! немамъ таква нужда да се ласкамъ, да се улигуемъ и да се чинимъ подлочовеченъ, но имамъ пуна живость чувства родолюбства и любовь

[217] Првиот збор во реченицата е напишан со мала почетна буква.

Отечества нашего, видимъ нашата деветъ педи слепота въ Македонія, та стенка и жали срдцето ми. – /ПИС: 12 февруари 1868/ ...всякъ ученъ и човеченъ човекъ Хвала! и Благодариме! – съ рукоплесканѣ ке да ми рече.

е) За да се зголеми изразноста на извичната содржина и да се означи чудење, Џинот, заедно со извичникот, употребува и прашалник (!?): /ПИС: 12 февруари 1856/ Кога що ћешъ!?

2.6.4. Запирка (,)

Со запирка се бележат паузите во зборувањето со кои се одделуваат реченичните членови, вметнатите делови и изделените елементи во составот на реченицата. Запирката од пишаниот текст претставува куса пауза при зборувањето.

Запирката во простата реченица, во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, се користи при: набројување, дополнување, нагласување и изделување.

а) Запирка при набројување

- Запирка се пишува меѓу членовите на набројувачката низа: /ПИС: 9 февруари 1855/ Миѳологіи Славенски, обычайны, суеверны, исмыслены, стварны и Привидны. – /ПИС: 9 февруари 1855/ Скодра покрай Приморіе Албанско (Адріатско) Дурусь, Кавая, Елбасань, Авлоня, до Ипиръ (Янина). – /ПИС: 9 февруари 1855/ 2. Отъ Призренъ Пекь Діаково, Прищина, Гилани, Легена (Тетова), Куманова, Паланка, Кратова и Кочани. – /ПИС: 9 февруари 1855/ 3. Отъ Скопѣ, Дебръ, Крчава, Галишникъ (Быгоръ св. Јоаннъ Ман.), Охрідъ, Костуръ, Бытола, Србличе. – /ПИС: 9 февруари 1855/ 4. Отъ Велессъ, Тыквешъ, Челевецъ, (Демиркапія), Воденъ (Едеса), Негушъ, Ферръ Олимбійски, Солунъ. – /ПИС: 9 февруари 1855/ 5. Отъ Щипъ, Струмница, Малешевія, Дорянъ, Кликушъ, Серресъ, Драма. – /ПИС: 7 мај 1856/ Біятъ, убиваятъ, сечатъ, харяятъ, никой нема да гы тражи. – /ПИС: 7 мај 1856/ Булачани изсекоха едно младо момче, въ бразда еднего другаго, въ друго село другего итд. – /ПИС: 1 јули 1877/ Болести са: Завистьта, ненавистьта, Гордостьта, высокоумієто, злобата, хулбата, омразата, подстреканієто, между си нелюбовьта, нестроенієто, небратолюбието, несогласієто, тарафать, клеветыте, заслепленієто на простите, убійството на училищата и дѣцата, инатотъ и т. д. – /ПИС: 1 јули 1877/ Духове или демоны нечисти са: Плотските страсти, т. е. блудството, піянството, обяденієто, невоздържанієто, ленивостьта, раскошностьта, прекомера трошенѣто, скотската любовъ, содомство и гоморство, т. е. мужеложство, преко естество съ жените содомство и т. д. – /ПИС: 4 септември 1856/ Онъ ме совѣтуе хиляды пути да ви се поклонамъ, да ве почитамъ, да ве уважамъ, да ве благодаримъ, а найвеће да ви се молимъ, да припадамъ предъ нозыте ваши, да ве пытамъ хоћете ли да испраћамъ древности т. е. Новцы, и Писма, хоћете ли и вы да ме посѣштавате и т. д.? – /ПИС: 1 септември 1856/ (...) ће описеме Манастыры Матейчъ, св. Илія, Благовѣщеніе, Кожленски манастырь, св. Пантелея, Марковъ манастырь, Студенчаны или Стара Скопска Студеница коя е развалена и т. д. – /ПИС: 1 јули 1877/ Съ ощо, съ покаяніе, съ исповѣданіе, съ литургія, съ молитвы, съ святое Причещеніе, съ умъ съ здравъ разумъ, съ права вѣра, съ любов, съ добро ученіе кое е солъ и светъ отъ святаго Духа, кое е полно благодети, съ Јисуса Христа. – /ПИС: 1 јули 1877/ Вси мы сме апостолы и имаме

власть отъ Спасителя, да гы гоныме, да се лечиме. – /ПИС: 1 септември 1856/ Подъ манастырь е село Кучъ, кое има 200 куѣи вси христяни Црногорцы, мужіе трудолюбиви, милостиви, весели, гостолюбиви, трпѣливи итд.

– Запирка не се пишува пред сврзникот *и* што се среќава во набројувачката низа: /ПИС: 27 август 1856/ Нынѣ пустѣетъ высокый Люботинъ и стрелутъ его высокогранатіи Ели, Дубѣ, благуньи, Цери, Явуры и Брестіе. – /ПИС: 27 август 1856/ Они що праватъ въ Турція на кротките Славяни, Праведныте и трудолюбивите Болгаре, ни самый Сатана, Веелзевулъ, Египетскій блудный Азмостей, ни Веелфегоръ, Астартъ и Далонъ, ни Вилъ Навуходоносоровъ, ни Симонъ волхвъ, ни песъ Арцивурцы, ни заблуденый Кинопсъ неправитъ и т. д. гнусно е да милуваме нихныте священически дѣла, а жалостно е како безчинуятъ и въ тридеветъ лакти в земли нашето славенство упропастуятъ. – /ПИС: 1 септември 1856/ Манастырь св. Архистратигъ Михайлъ на обично место прекрасноустроенъ, съ собы и чардацы, чесмы съ изобилна студена вода, коя увеселява манастырь.
– Недоследност во поглед на употребата на запирката при набројување се воочува во следните примери: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Стара Србія до Йпиръ Солунъ Серресъ и Ђумуржина; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Горъ рѣки Озера и знаменити Кладенци (источниковъ).
– Употреба на запирка пред сврзникот *и*: /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Ова Слово стой въ една стара и гнила книга рукописна, въ коя има разны поученіи, и вопроси чудновати.

б) Запирка при дополнување

– Ѫинот употребува запирка по глаголскиот прилог, односно по состави кои содржат глаголски прилог кога се наоѓаат на почетокот на реченицата: /ПИС: 27 август 1856/ Гледайки срдце ке ми препуче, на всякъ день умирамъ. – /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Желейки да ви учинимъ добро, ако искате ке ви я пратамъ.
– Со запирка се одделува вметнат зборовен состав со кој се дополнува содржината на реченицата: /ПИС: 1 септември 1856/ Црнъ Камень, или Аялетъ сайбія съ царица Милица гдѣ делиле скопскія границы, после бытка Косовска.
– Употреба на запирка при дополнување на содржината на реченицата: /ПИС: 27 август 1856/ Люботинъ спитъ между манастыры называемы Любанцы и Побожіе, за коихъ въ другое писмо имами замѣчати. – /ПИС-3: 9 септември 1856/ Мыслимъ на овой начинъ да буде попріятно за Србска Исторія, и повѣроятно.

в) Запирка при нагласување

– Запирка се пишува пред сврзник или честичка за да се нагласи значењето на членовите во набројувачката низа: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Церберъ, и вепръ Каледонски, и коньи Діамидови три годины ме мучиле, и ме не побѣдиле. – /ПИС: 1 септември 1856/ Село Побожѣ е было едно отъ найголемите села Црногорски, и се е славило съ царските житницы, и царевыте селяни. – /ПИС: 1 септември 1856/ Река Саввица, и чудо св. Савва гдѣ удрилъ съ нози, и днеска стоятъ стапалата. – /ПИС: 1 септември 1856/ Тетово е стара Србска варошъ гдѣ за Србското войнство се ковале Штитови и се правиле тетивы за стрели, и найфины туловы; и днеска се праватъ найдобри Шейшаниня Пиштолы, пушки и ножевы. – /ПИС: 23 февруари 1857/ Пре шесть месецы како вамъ испроводихъ две рукописне кньиге, и едну грчку, и 75 новцы; после пакъ 2 кньиге и 75 новцы, и писма Папа Иноцентія, Житіе Княза Стрегана, Житіе св. Петке, Слово Кирилла Философа, и разны стары манастыри описание итд. – /ПИС: 30 август

1876/ Азъ отъ ваше господство нищо неискамъ, ни яденѣ, ни піенѣ, ни да ми пракяшъ що годе. – /ПИС: 1 септември 1856/ Они са отъ вси мученицы по умучени, ни Јовъ, ни Авраамъ неможатъ съ нихъ да се сравнатъ въ трпѣніе и Гостолюбіе. – [но и:] /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе Градовъ и селъ и древних Крепостей и развалени градовы.

– Запирка се употребува пред нагласување воведено со *т҃о есть* (*т. е.*): /ПИС: 25 септември 1856/ Ке испишемъ овыя Писма и ке гы сообщимъ Читалишту, т. е.[218] – [но и:] /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Ова Житіе е отъ Божидарови книгы т. е. отъ негова печатница, отъ српскаго книжника.

г) Запирка при изделување

– Џинот, во некои примери, не употребува запирка при изделувањето на именските форми за обраќање: /ПИС: 19 октомври 1856/ Заповѣдай Брате В. Якшиће поучи ме отъ Срдца и души те слушамъ! [но и:] /ПИС: 22 октомври 1878/ Я, брате мой, сумъ въ неучены люды, кои неможатъ ни дури да умратъ да познаять що е човекъ ученъ.

– Честичката *но* на почетокот на реченицата не се одделува со запирка: /ПИС: 1 септември 1856/ Но тако пустѣе това манастирче подъ власть на еднего тврдици калугера. – /ПИС: 23 февруари 1857/ Но ако не можете и не са важны и вредны оныя ствари кой вамъ гы пратихъ, да ми гы дадете натрагъ, а я ваши 15 дуката вратићу ви натракъ сега. – /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Се ласкамъ съ име Божіе много ствари да ви пратимъ. Но чекамъ киражіи. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Но будући до сега нищо нема, поне за това до сега що самъ ви пратилъ какво е пристойно платете ми. – /ПИС: 25 септември 1856/ Но после великденъ ке идамъ низъ всичка Црна гора щомъ іощъ по добре да испитамъ.

д) Запирката меѓу речениците во составот на сложената реченица

– Запирката се среќава и во бесврзнички реченици: /ПИС: 1 септември 1856/ Село Побожѣ е полъ часъ далече подъ Манастырь, има две црквы св. Димитрія и св. Петка.

– Запирка се употребува во речениците во кои се изразува спротивност и кои се поврзани со сврзникот *а*: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я имамъ честь да ви досаждамъ съ мои неуредны лудости, а вы немате време да ми досадите съ честь и уредны умотворы. – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я съ сила ве моламъ да ви се отговоримъ, а вы за това кое не само вамъ но и на другы що е нуждно нећете да ми се извѣстите. – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я си являмъ предъ васъ моето ветрогонство и џандрливость (холость), а вы нећете ни кротость-та и тихость-та да си појавите. – /ПИС: 27 август 1856/ Сей монастиыръ лежитъ въ подъкриліе Црныя Горы отъ скупа 3 часа далече на сѣвера на высокой рудины, а зданія єго якоже прекрасный мертовецъ въ прахъ лежутъ и чаятъ воскресеніе царя Стефана Силнаго Душа(на). – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Подобре (мало разговори), / а не дубравны борови. – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Я отца ми не го лажамъ, а камо ли васъ. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Ево пройдоха 8 месецы чекаюћи, неймамъ већъ никаква отъ нигде помоћъ ни динаръ, а дѣца три годины учамъ без пара.

– Со запирка се одделуваат дел-реченицте поврзани со сврзникот *и*: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я како Курита и Кориванта (Додоларска и Џамаларска) предъ васъ играмъ, и вы нећете ни да ми чукате инструментално. – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я безъ да престанамъ за возлюбленното наше Србство се старамъ ако и да немамъ никоя польза, и вы само ако имате польза се старате. – /ПИС: 9 октомври 1856/

[218] По абревијацијата *т. е.* следува набројување на наслови во вертикална низа.

Мыслимъ први мои два рукописа и една греческа книга чудеса и житіе св. Климента да сте гы пріимили, и да сте благодарны отъ нихъ.

- Со запирка се одделуваат дел-речениците поврзани со сврзникот *т҃а*: /ПИС: 15 април 1856/ Молимъ вечъ да ми не пракяте Новине читалищне отъ 1847 защо я имамъ 1500 комата разны книгы кои и сега са редки между училища, та Новини искамъ отъ 1856 да тече за унапредъ. – /ПИС: 22 октомври 1878/ Незнаешъ самъ да читашъ, та да ти писвамъ що искамъ.
- Со запирка се одделуваат дел-речениците поврзани со сврзникот *т҃а*: /ПИС: 29 декември 1856/ Зло големо ми чинатъ, аманъ отмете ме, па имамъ вѣчито за васъ да се трудимъ. – [но и:] ПИС: 7 мај 1856/ Богъ прво да избави хрістяныте отъ владицы па после отъ Турцы.
- Со запирка се одделуваат дел-речениците поврзани со сврзникот *но*: /ПИС: 27 август 1856/ Црковь имѣеть образъ Дечанскаго Манастыря, она єсть высока, но кровъ сняли свирѣпихъ Арнаутъ и оловный кругъ разхитили. – /ПИС: 9 октомври 1856/ Пакъ ке ви пратамъ другы подобри рукописей, но васъ молимъ да ми пишете за свещо що желите. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Книгыте даръ що си ми далъ іощъ нисам пріимилъ, но клечамъ предъ тебе и нози ти целивамъ за нихъ. – /ПИС: 1 септември 1856/ Скроена е крестовидно какъ и манастирската, но мало повелика. – /ПИС-3: 9 септември 1856/ Ова дѣло е многотрудно, но после ке буде многоценно. – /ПИС: 30 август 1876/ Не ти пракямъ писма да ми дадешъ яденѣ, но да ти дадам яденѣ и честь. – /ПИС: 5 јуни 1877/ У насъ е голема врукина, но търпимъ, весело, сладко и наспано си живимъ и молимъ се Богу на вси добро да даде. – /ПИС: 22 октомври 1878/ И това не гледамъ, но ако ме обклевети некой, та за инатъ турцыте да ме вращатъ назадъ! – /ПИС: 22 октомври 1878/ Отъ свяка страна ме зоватъ и ме уверяватъ да се не боимъ, но азъ стоймъ уплашенъ, защо петъ товары вещи съ колай не ся преносятъ.
- Употреба на запирка во условните зависносложени реченици: /ПИС: 10 август 1864/ Ако искате да го печатите на наше име, ще ви го испратимъ. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Пакъ ако искате іощъ, готовъ сумъ съ искренно срдце да ви послужимъ. – /СДИ: РПЧ-1/ Ако прави добро, дено есть день. – /СДИ: РПЧ-1/ Но ако прави зло, дено е вечна мука. – /А-1/ Човекъ ако рече имамъ пріятели, онъ лаже.
- Недоследност во поглед на употребата на запирка во условните зависносложени реченици: /ПИС: 12 февруари 1868/ Ако я печатите ке ви я’ пратиме. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Ако си ми пріятель все мои писма съ една речъ Србскому нашему Роду ке гы поклонимъ!
- Запирката во рамките на сложените реченици со повеќе од две дел-реченици: /ПИС: 19 октомври 1856/ Ако бы ималъ Средство да се препитавамъ, за всекое Слово да ми даде човекъ по сто хиляды гроша не бы гы далъ, но самъ бы гы щамбалъ, та за 2 дуката не е, но како Богъ ве учи, и наймалко въ годината како плаћате на учителите кой учатъ Псалтирцы, часловцы и читанки! – /ПИС: 4 септември 1856/ Подлата ми снага коя е недостойна ни зашто, дава путь на духо ми бодрь, место нейныте погрешки, онъ да се отговори. – /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я ако бы ималъ сто руцы подобно Вріарею, съ вси сто руцы за велика потреба бы ви помогнувалъ, а вы имате не само сто руцы како Бріярея, но хилядо, но нећете да ме пытате, въ какво станѣ есмь. – /ПИС: 1 септември 1856/ Кога бегалъ отъ Стреза Краля Загорскаго, ту се е напилъ вода, на тая бразда и до днеска мыятъ се за исцѣленіе. – /ПИС-4: 12 јуни 1856/ Ова Житиіе лежи въ една стара книга, коя ке ви я пратамъ, да бы знале какъ отъ срце и душа и мысла и

крепость ве любимъ, и желимъ за свако добро. – /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Днеска ми кажаха какъ до въ среда или петокъ ке тргнатъ киражіи за въ Београдъ, со нихъ ке ви пратамъ до 80 стари новцы различны, и две стари книгы и више: и една еллинска Исторія, за св. Еалуклія и вели нейны чудеса, и житіе св. Климента архіепископа Болгарскаго сочинено отъ Ѳеофілакта Болгарскаго, сочинена е отъ Нікифора Каліста Ксантопула, печатена на 1802. – /ПИС-1: 23 април 1859/ Ако я сакате моята збирка отъ стари книгы, скоро пратете ми 130 дуката цесарски, и азъ одма ке ви гы испратимъ. – /ПИС: 19 октомври 1856/ До сега вашему Дружству честь що учинихъ, ако бехъ учинилъ на Одеските Болгаре или Ришелевскій Лицей, имахъ готови новцы и новине „Пчела“ или „Инвалидъ“ или „Вѣдомости Московскія“, а я сирома чекайки отъ Дружство помоћъ и Новине страдамъ. – /ПИС: 22 октомври 1878/ Човекъ кога чита в нихъ, чини му се да е въ ново Небо и нова земя и отъ радость ни поуките може да плаче защо се е родилъ и грехъ и може да се радуе защо е блаженъ ако се просвети и да стане како е правилото на човечеството. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Будући кажешъ да сте успѣли 2 дуката месечно, то срамно ми е да искамъ, и незнамъ какъ да искамъ. – /ПИС: 22 октомври 1878/ Азъ човекъ несемъ со една книжка и едны дисаги, токо да станамъ и гдѣ искамъ да ходимъ и назадъ да се вращамъ.

2.6.5. Точка и запирка (;)

а) Знакот точка и запирка во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот се користи за да се означи одделување независни реченици во составот на една сложена реченица:

/ПИС: 7 мај 1856/ Царь Јустиніянъ е градилъ Болницы и странопріемницы; тако и царь Душанъ е градилъ болницы и странопріемницы. – /ПИС: 1 септември 1856/ Тетово е стара Србска варошъ гдѣ за Србското войнство се ковале Штитови и се правиле тетивы за стрели, и найфины туловы; и днеска се праватъ найдобри Шейшаниня Пиштолы, пушки и ножевы. – /ПИС: 9 октомври 1856/ Затова пакъ сега пріимите още две книгы рукописны; и вечъ се надеѣямъ да добіямъ и писмо отъ васъ.

б) Знакот точка и запирка се пишува во сложени реченици составени од повеќе видови различни реченици (зависни и независни):

/ПИС: 19 октомври 1856/ Видимъ въ Твое писмо, какъ много се благодарите отъ старыте Писма кои Србскому роду посилавамъ; Тако и я се благодаримъ на Васъ Србска Душо, коя добро се старашъ за Мене; видимъ въ писмото на 6 редъ да имате сѣдище Психическо, и да председателствуе Мнемосина и деветъ нейны Музы; а на 13 ред примѣтихъ да имате и Евсевіологично Срдце, въ кое си созидалъ превосходни соби на кротоста и благодушіето и Истинната, покрай колурійте нихни и мене беднаго си ме начерталъ; хвалимъ отъ срдца, Твое човеколюбіе! – /ПИС: 19 октомври 1856/ Г. и Брата моегъ Јова К. Поповъ внутрешно т. е. Органо-чувственно почитуемъ; Онъ ми е реколъ на три негови писма, какъ заисто ке ти издѣйствуе Дружство Србске Словесности отъ Правительство годишна Плаћа 3500 гроша за ученѣ Скопски деца.

в) Џинот го употребува знакот точка и запирка и кога следува реченица која претставува дообјаснување:

/ПИС-3: 12 јуни 1856/ Ти! Я не лажемъ; но лажата е покрыена въ големците; нихна е мати коя гы крми (гой). – /ПИС: 4 септември 1856/ Я все за овой планъ мыслимъ; а надѣемсе да вы, ово имате мыслитъ. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Можешъ

ми речешъ: како ке ми додадешъ очи и срдце, я очи и срдце не можамъ да дадамъ, но глазословіето и Срдцесловіето т. е. все що е нужно що удобъ се не намира за Србска Исторія за сто хиляды Дукати; това я за твое Пріятельство на светъ ке явимъ. – /ПИС: 12 февруари 1868/ Малопросветеното мое човечество, се радуе за напредіето на книжевности всеславенской; за то пакъ возимамъ дрзость да се поклонимъ на Жертвенника Србской Музъ. – /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Въ Цариградъ на Г. К. Николаевића србскага Капу-кяя самъ му пратилъ една рукописна книга въ коя има похвала Княза Лазара, и Краегранесіе Деспота Стефана, тамамъ я пріими, вечъ ни ответъ не ми даде; и камоли благодарность. – /ПАТ: М-Б/ Манастырь много мука е виделъ отъ воништва, много и добро е виделъ отъ войски; онъ е былъ единъ отъ най малыте вароши до 1825; а днеска е вторый градъ въ европейска Турція.

г) Знакот точка и запирка се употребува и кога се набројуваат зборови или група зборови поврзани со заеднички карактеристики:

/ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе Мѣста Нагоричино и животъ Царя Лагана, онъ е былъ отъ нагоричино[219]; мѣста Неманьицы и Кули Неманьиковы; мѣста Легеновы (Тетовски) и животословїе Господара Стреза, и крепость его; мѣста Кратовски и кули Радуловы; места Велешки.

д) Знакот точка и запирка се користи при набројување подолги зборовни состави што содржат запирки како интерпункциски знаци:

/ПИС: 5 јуни 1877/ Азъ видейки се гонетъ и завиденъ и обклеветенъ отъ нашы собратія хрістіяны и предаденъ на турцы; немайки на сегашно време да се плачаиъ; и да си искажемъ що ме оглодали и обрали, чекамъ времето, кое ще се поправи и нареди за спокойствіето на народыте; дома си седимъ и сега на ова притесненіе си молимъ Богу и за мене, и за враговете ни и понапредъ отъ всичко молимъ се за царя нашего. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Любимъ твоето сладко име, и твоята мысла; Почитувамъ Скептичното (мысленното) твое око; ако бы го ималъ твоето лице изображено на часъ по петъ пути бы го целивалъ.

2.6.6. Две точки (:)

а) Во писмената практика на Цинот, интерпункцискиот знак две точки се употребува при набројување (зборови, зборовни состави, дел-реченици): /ПИС: 1 јули 1877/ Болести са: Завистьта, ненавистьта, Гордостьта, высокоуміето, злобата, хулбата, омразата, подстреканіето, между си нелюбовьта, нестроеніето, небратолюбието, несогласіето, тарафать, клеветыте, заслепленіето на простите, убійството на училищата и дѣцата, инатотъ и т. д.

Две точки се пишуваат и кога набројувањето е во вертикална низа:

/ПИС-2: 12 јуни 1856/

Она има 30 листа изгубени, а содржанієто е ова:

2 слова Честнаго и изящнаго філософа и учителя святаго Евангелія, Георгія діакона главе бѣседа, яже въ великій Петокъ бывша и глаголана проявляющыя; и отъ покаяныя показающыя почесть. Содржава 13 листовы.

3. Иже въ святыхъ отца нашего Григорія Архіепископа Константіня града Богослова, на Пасху и на опожденіе, три и полъ листовъ

4. Тогожде II. слово на святую Пасху. Содржава 24 листовы.

[219] Топонимот *наѓоричино* е напишан со мала почетна буква.

б) Две точки се пишуваат и во случаите кога се изнесува содржина што дообјаснува дел од реченицата или целата реченица: /ПИС: 19 октомври 1856/ Ако го имаме Степенно: единъ Степень др'жи една година. Ако буде Періодически: на махъ на махъ ке буде, а ако е Олимбически за 4 години ке буде, а просторно ни самъ Цицеронъ съ Помпея не е ималъ. – /ПИС: 15 февруари 1857/ За ваша доброта: имамъ да ви пратимъ следующій Достоважнѣйшій Писма. – /ПИС: 30 август 1876/ имате[220] и право: защо простотата скоро охлаждава; а па отъ друга страна вы много се трудите, работите, и алишъверишо човека го прави да истине отъ свой пріятели. – /ПИС: 30 август 1876/ Едно време Х. Георе т. е. Пискулъ Георе се именуваше: бехъ му пишалъ на смехъ како сумъ въ голема мука и се крыямъ, да ми спомогнешъ защо нема хаиръ отъ мене.

в) Точка и запирка се употребува и при нагласувањето на одделни реченици или дел-реченици: /ПИС: 19 октомври 1856/ Я на това самъ се отговорилъ: ако ми издѣйствуе годишна плаћа все що годъ старина имъ пракямъ и ке имъ пракямъ бадіява.

2.6.7. Три точки (...)

а) Во писмената практика на Џинот, интерпункциските знак три точки има ретка употреба и се пишува на крајот на незавршен исказ или во ситуациите кога се среќава испрекинат говор:

/ПИС: 19 октомври 1856/ Защо е пренужно до сега да сте ме подимале на свакій начинъ, ако ви е познатъ Ангель скудости... – /ПИС-1: 28 април 1856/ Я самъ ке се трудамъ безъ много трошакъ ке ви прибавимъ толико старины, колко другъ до денеска що не ви е собралъ... – /С: Б-ЛБ-2/ Той Болгаринъ кой то пише съ ъ. ѫ. ѭ. да не мечтава да се покаже высокоученъ, и списатель, не... мо... же! ... то... ва! ... бу... де! ...

б) Некогаш три точки се пишуваат по друг интерпункциски знак, најчесто извичник: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Неисполнихъ обѣщаніето на исто време цѣлокупно на Г. Ніколаевича, онъ ми се расрди! ...

2.6.8. Загради ( )

Јордан Хаџи Константинов-Џинот го употребува интерпункциските знак загради за да внесува појаснувања, забелешки за одредени зборови или делови од реченициte: /ПИС-3: 9 септември 1856/ мѣста Легеновы (Тетовски) и животословїе Господара Стреза, и крепость его; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Мѣста Прилепски и Азотъ (згради Марковы и Вукашиновы); /ПИС: 9 февруари 1855/ Галишникъ (Быгоръ св. Јоаннъ Ман.); /ПИС-3: 9 септември 1856/ мѣста Бытолски (манастырь Буково Србски; мѣста Тыквешки (Любляне); Мѣста челевечки (Демиркапиія) Мѣста Воденски (Едеса) и црквы србскія; Мѣста Женскія (Аврет-исаръ) и крепости Душановы; Мѣста Галицкы и Тумбы (рыдовы) Душановы; /ПИС: 1 јули 1877/ мытаръ (юмрукчія); /ПИС: 1 јули 1877/ недугы (невольи) и болестины; /ПИС-3: 9 септември 1856/ отъ 20 (али 10) Декабря; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я како Курита и Кориванта (Додоларска и Џамаларска) предъ васъ играмъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ гора Хорив (Синай); /ПИС: 12 февруари

[220] Првиот збор во реченицата е напишан со мала почетна буква.

1856/ лорды (великашы); /ПИС: 12 февруари 1856/ юсовыте (ѫ, ѭ); /ПАТ: В/ мошей (цаміи); /ПИС: 27 август 1856/ Цынцаръ (Краденородникъ или копилякъ); /ПИС: 27 август 1856/ Меркурій (Ермисъ); /С: УСУ/ тестаменти (завѣщанія); /С: Б-ЛБ-2/ мыши (глувцы); /С: Б-ЛБ-4/ чекори (корачи); /С: И/ сукало (оклагія); /С: И/ дирецы (дрѫцы); /ПАТ: М-Б/ Манастырь (Битоля); /ПАТ: ЉПТ/ Љубљяно-Пеонія (Тиквешъ); /ПАТ: ЉПТ/ анасонъ (аласонъ); /ПАТ: ЦГС/ праски (бресквы); /ПАТ: ЉПТ/ часовникъ (сахатъ); /ПИС: 4 септември 1856/ „И отъ мыша (глушца) быва добро“; /ПАТ: М-Б/ Таймсъ (Тимесъ)[221].

2.6.9. Црта (тире) (–)

а) Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, цртата се користи пред или по вметнати реченици или зборовни состави:

/ПИС: 12 февруари 1856/ Мы ако лажеме и баба, Трагъ не лаже! – ако некой на ова се подсмее – онъ е лудъ, онъ е Латинъ грекъ и Немецъ непостоянъ!

/ПИС: 12 февруари 1856/ Немецъ мысли да е Терезія (кантаръ) на все светъ: Французъ се чини Дедо Ное що дочуваль родо, а не се учувалъ отпіянство се оголелъ и крывъ му е былъ Ханаань; – Енглезъ мысли да сотворилъ небото и землята, отсемъ човечествоto що иска да му е робъ, иска и воловыте да му се лорды (великашы); знаешь ли що е ова?!

/ПИС-1: 9 септември 1856/ После па наново стана владыка да ме клевети и ме призва ми рече: Бре учитель! Азъ самъ Турчинъ отъ 50 годины вамо, та ке те затрыямъ дибидусъ. – Тако ми се похвали и Х. Трайковићъ.

/ПИС-1: 9 септември 1856/ Нашы Браћа Србли и Бугари се узбояха, ме оставиха као брбушка на цедило! – си потрошихъ 15 хиляды гроша низащо!

б) Црта се пишува при пренесување директен говор:

/ПИС: 4 септември 1856/

„Царь Муратъ попыталъ Марка Кралевића:
боиш ли се отъ шта Марко?
Боим се отъ влакно светлый царе,
рече Марко. – Пакъ Муратъ попыта:
Зашто отъ влакно се бойшъ? – Боимъ се
Защо въ око ако ми влезе треба да
плачемъ како жена“.

в) Цртата се користи на крајот на реченица, после интерпункцискиот знак точка, при што следната реченица започнува во нов параграф:

/ПИС-1: 28 април 1856/ 15 книгы Рукописей ке ви дадимъ, и още ке прибавимъ, но не за мене. –

/ПИС-1: 9 септември 1856/ Я утиснатъ отсвудъ неймаући гдѣ да прибегнамъ отидохъ въ Цариградъ да се явамъ предъ Русскаго Консула, но до гдѣ да идамъ въ Цариградъ онъ си стана, останахъ безъ пріятеля. –

/ПИС: 9 февруари 1855/ На овой начинь биће добро да се истражи всичка наша Србска Старина. –

Кой ке воспріима овой мученъ трудъ?

[221] Станува збор за познатиот британски весник *Тајмс* (анг. *The Times*).

2.6.10. Наводници („“)

а) Јордан Хаџи Константинов-Џинот го користи интерпункцискиот знак наводници за да ги издели зборовите што сака да ги нагласи, да ги истакне според неговото лично видување: /ПИС: 19 октомври 1856/ Въ 36 редъ въ писмо Твое се начертавашъ подъ титла „Приіятель“. – /ПИС: 19 октомври 1856/ Ты ако заисто си ми „Пріятель“ пойскай ми моите очи или срдце, въ едно трепнуенѣ око ке ти гы дадам.

б) Меѓу наводници се ставени насловите на весниците, списанијата и некои литературни дела: /ПИС: 19 октомври 1856/ (...) имахъ готови новцы и новине „Пчела“ или „Инвалидъ“ или „Вѣдомости Московскія“ (...); /ПИС: 10 август 1864/ Имаме цѣла рукописна книжица отъ 90 листове „Правило и Житіе на святаго Наума“; /ПИС: 5 јуни 1877/ Искамъ да ти истълковамъ „Слава вышнихъ“ (...); /ПИС: 1 септември 1856/ Молимъ васъ споменете гы въ „Гласника“ вашего (...); но и: /ПИС: 19 октомври 1856/ Гласникъ (VIII свезка да ми пратите); /ПАТ: М-Б/ Таймсъ (Тимесъ)[222]; /ПАТ: М-Б/ Тилеграфъ[223].

в) Во наводници се издвојуваат и искази, реченици што Џинот ги презел од друг во неговите сопствени искажувања: /ПИС-2: 28 април 1856/ „Да бы быль проклетъ той день въ който се родихъ, и кога рекоха мушко дете е!“

2.6.11. Полунаводници (’‘) и (‘ ’)

Во писмената практика на Џинот не се среќава интерпункцискиот знак полунаводници.

2.6.12. Знаци за директен говор

а) Јордан Хаџи Константинов-Џинот го означува директниот говор со црта (тире), наводници или воопшто не го бележи со интерпункциски знаци.

Во писмата на Џинот се среќаваат многу мал број примери што се однесуваат на бележењето на директниот говор. Џинот покажува недоследност во поглед на примената на знаците за бележење на директниот говор затоа што на почетокот и на крајот на исказот во некои примери употребува само црта (тире) без оглед на тоа дали исказот почнува во нов ред или не[224], а некаде и воопшто не го бележи.

Во врска со употребата на знаците за бележење на директниот говор, може да се утврди следното: (1) употреба на црта за бележење на директниот говор, но недоследно, со исклучоци дури и во рамките на ист пасус; (2) употреба на наводници за бележење на директниот говор (наводници се стават на почетокот и на крајот на исказот кога директниот говор не почнува во нов ред):

/ПИС: 4 септември 1856/

„Царь Муратъ попыталъ Марка Кралевића:

---

[222] Станува збор за познатиот британски весник *Тајмс* (англ. *The Times*).

[223] Се однесува на британскиот дневен весник *Телеграф* (англ. *The Telegraph*).

[224] Според *Правопис на македонскиот јазик* (2015: 126), црта се пишува кога директниот говор почнува во нов ред, а наводници се стават пред почетокот и на крајот на исказот кога директниот говор не почнува во нов ред.

боиш ли се отъ шта Марко?
Боим се отъ влакно светлый царе,
рече Марко. – Пакъ Муратъ попыта:
Зашто отъ влакно се бойшъ? – Боимъ се
Защо въ око ако ми влезе треба да
плачемъ како жена“.

– /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Я все едно се трудимъ да ве увѣримъ какъ самь искренъ за свешто, вы ми говорите: „Ели то заисто?“ за кое явля Ј.

б) Во некои случаи не се употребуваат знаци за бележење на директниот говор: /ПИС-1: 9 септември 1856/ вопр. Јордане! вы искате да послужите за Наша Старина и стара Србія, имашъ ли знанѣ историческо?

2.7. Правописни знаци

Во македонскиот јазик се користат следните правописни знаци: точка (.), запирка (,), две точки (:), црта (–), цртичка (-), загради (( ), [ ]), коса црта (/), надреден знак (`), апостроф (’), ѕвездичка (*), белина (празно место) и други знаци (математички знаци, знаци во лингвистиката итн.). Некои од знаците (точка, запирка, две точки, црта, загради, коса црта) се употребуваат и како правописни и како интерпункциски знаци.

Во делот што следува ќе биде прикажана употребата на наведените правописни знаци во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот.

2.7.1. Точка

Точката како правописен знак се пишува:

– при скратување на зборовите, вклучувајќи и антропоними: /ПИС: 12 февруари 1868/ февр. – *февруари*; /ПИС-3: 9 септември 1856/ св. в. (мученика Георгія) – *свеѿи великомаченик*; /ПИС: 25 март 1856/ т. е. – *ѿо есѿ*; /ПИС-1: 9 септември 1856/ др. – *ѳруг҃о*; /ПИС: 25 март 1856/ т. д. и т. д. – *ѿака наѿаму, и ѿака наѿаму*; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Х. Георгія;
– при скратување на компоненти од личното име на Џинот (*Јорѳан Хаџи Конс҃ѿан҃ѿинов Чинов Трајков*), што се наведува на крајот на писмата и на творбите објавени во *Цареградски вес҃ѿник* како идентификација за авторот на писмото/творбата: ПИС-1: 9 септември 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Ј. Х. Константіновъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Јордань Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Ј. Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Ј. Х. Константіновъ Ч. Трайковъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ Јордань Х. Константіновъ Чиновъ Траиковъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ПИС: 4 септември 1856/ Ј. Х. Константіновъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Ј. Х. Константиновъ;
– при пишувањето на датумите: /ПИС: 1 јули 1877/ 1. Юлъ 1877;

- во пишувањето на арапските броеви[225]: /ПИС-1: 9 септември 1856/ 13.000,000 (Псовти); /ПИС-1: 9 септември 1856/ 16.000 (Неблагодарности);
- зад броеви (арапски или римски), кога нешто се набројува, при вертикална организација на текстот:

/ПИС: 15 февруари 1857/

1. Совѣтъ Цара Душана на село Діаволи (Шейтанъ ћой).
2. Писмо Калиста Патріарха анатема противо Душана.
3. Отвѣтъ против Калиста отъ Црквы Градчалницы написа прото попъ Ефиміе Зріяновић.
4. Леточисленіе Србское до Гюргя Деспота,
5. Писмо Царицы Неды до брата своего Милутина Стефана Дечана.

(...)

/ПИС: 19 октомври 1856/

I. Писмо Каллиста Патріарха хула противо Душана царя.

II. Отговорно писмо отъ Црква Грачалница – Противо Каллиста Патріарха, отъ протопопа Ефіміа Зріанова“.

III. „Смрть Царя Душана и совѣщаніе властемъ на Діаволополѣ“.

(...)

2.7.2. Запирка

Правописниот знак запирка се пишува:

- при пишување броеви, кај целите броеви меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн.: /ПИС: 12 февруари 1856/ 350,000 (избрано войнство); /ПИС: 12 февруари 1856/ 50,000 (грека); /ПИС: 12 февруари 1856/ 30,000 (Бугара); /ПИС: 12 февруари 1856/ 13,000 (Арнаута); /ПИС: 12 февруари 1856/ 20,000 (Ермена); /ПИС: 12 февруари 1856/ 60,000 (Татара); /ПИС: 12 февруари 1856/ 100,000 (Турцы); /ПИС: 12 февруари 1856/ 77,000 (Арапа); /ПАТ: ЦГС/ 1,000,000 (кокошки, мисрки и гуски); /С: Б-ЛБ-3/ 10,000 (Славяно-Россо-Болгарскій рѣчи);
- кај изразите што означуваат место и време во писмата на Џинот не се пишува запирка, туку се одделуваат со пишување во нов ред, на левата страна:

/ПИС-1: 7 јуни 1856/

7 Јунъ 1856
Скопѣ

[225] Кај целите броеви меѓу класите на илјадите, десетките илјади, стотките илјади, милионите итн., Џинот не остава остава белина.

2.7.3. Две точки

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот не се употребува правописниот знак две точки.

2.7.4. Црта (тире)

Цртата како правописен знак има ретка употреба во писменото изразување на Џинот. Таа се употребува за да се означи однос *09 – 90* или *90*: /ПИС: 12 февруари 1856/ 25–30 (Моріовски села); /ПИС: 22 октомври 1878/ 10–15 (дѣца да учамъ).

2.7.5. Цртичка

Цртичката како правописен знак се пишува во следните случаи:

- кај неполно сраснатите зборови: /ПИС: 19 октомври 1856/ Органо-чувственно; /ПИС: 4 септември 1856/ Старо-србски; /ПИС: 12 февруари 1868/ старо-Србско; /С: Б-ЛБ-3/ Славяно-Россо-Болгарскій (рѣчи);
- при дообјаснување на еден збор со друг: /ПИС: 15 април 1856/ шубе-сумня;
- во рамките на одредени турцизми: /ПИС-3: 12 јуни 1856/ Капу-кяя; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Капу-кехая (тур. *kapukahyasi* – висок државен достоинственик, претставник во Високата порта на Отоманското Царство); /ПИС-3: 9 септември 1856/ Аврет-исаръ; /ПАТ: ЉПТ/ Љубляно-Пеонія (Тиквешъ); /ПИС: 27 август 1856/ Ибрахимъ-бега;
- при изделувањето на членските морфеми кај именките: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ кротость-та; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ тихость-та; /ПИС: 25 септември 1856/ крепость-та; /ПИС-2: 28 април 1856/ Французи-те; /ПАТ: ОКОБП-2/ Цынцары-те;
- при пренесување на дел од зборот во друг ред: /ТР: СМ/ осло-бодамъ; /ТР: СМ/ ху-лителны; /ТР: СМ/ мо-же (в. п. стр. 208).

2.7.6. Загради

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот правописниот знак загради се пишува при употребата на правописниот знак ѕвездичка. Знакот ѕвездичка се поставува во загради на крајот на реченицата, по знакот точка. Вториот дел од заградите се користи во објаснувањето во фуснота (в. п. стр. 204–205).

/ПАТ: ОКОБП-1/ Внука Симеона I царя Болгарскаго кой царувалъ в Охромѣ. (*)

---

*) Охридъ, Преспа, е далечъ 6 часа (...)

Во некои случаи, на местото на sвездичката покрај зборовите што треба да се објаснат се употребуваат букви, исто така поставени во загради со објаснување во фуснота, кое е обележано со вториот дел од заградите (в. п. стр. 204–205).

2.7.7. Коса црта

Косата црта како правописен знак има ретка употреба во писменото изразување на Џинот. Таа се употребува за да се означи количество приближно или точно до средина или дополу од нешто во форма на дропка: /ПИС: 25 септември 1856/ 1/2 (часъ); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 13 ½ (листова); /ПИС-2: 12 јуни 1856/ 12 ½ (лист).

2.7.8. Надреден знак

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот не се употребува надреден знак.

2.7.9. Апостроф

Апострофот (’) како правописен знак се употребува во следните случаи:

- кога отпаднал некој глас од зборот: /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Цензуализмь и Скептицизмь) нек’ (ради за все); /ПИС: 29 декември 1856/ (брата) свог’ (да поучи);
- за обележување на самогласното *р*: /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’сточва; /ПАТ: ОКОБП-1/ Тр’ново; /ПАТ: ОКОБП-1/ (въ) цр’ковъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’стчовска; /ПИС-1: 28 април 1856/ вр’заны; /ПИС-1: 28 април 1856/ пр’во; /ПИС: 1 септември 1856/ Цр’на Гора Скопска; /ПИС: 1 септември 1856/ бр’зо; /ПИС: 9 октомври 1856/ Ср’бски; /ПИС: 19 октомври 1856/ др’жи; /ПИС-1: 23 април 1859/ содр’жаніе; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Дружству С’рбске Словесности; /ПИС-1: 4 декември 1858/ (Правительство Княжества) Ср’бій;
- по графемата *з* во мал број примери: /ПИС-1: 12 јуни 1856/ без’ (да се починамъ); /ПИС: 25 септември 1856/ Раз’градъ; /СДИ: УУ-4/ без’ очи; /СДИ: УУ-4/ без’ ушы; /СДИ: УУ-4/ без’ усты;
- по графемата *я* со која се означува кусата заменска форма за директен предмет, но недоследно, во мал број примери: /ПИС: 12 февруари 1868/ Ако я печатите ке ви я’ пратиме;
- во рамките на некои глаголски форми: /ПИС-2: 28 април 1856/ пред’ызмыслилъ.

2.7.10. Ѕвездичка

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот се среќава правописниот знак ѕвездичка во патописот под наслов *Описаніе на Кр'сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ*, објавен во *Цареградски вестник* бр. 422 од 14 март 1859 г. Знакот ѕвездичка е поставен во загради на крајот на реченицата, по знакот точка. Објаснувањето следува по една хоризонтална линија и е означено со ѕведичка и со вториот дел од знакот загради (во фуснота).

/ПАТ: ОКОБП-1/
Кр'сточова е населенъ още отъ време Святаго Іоанна Владиміра, Краля Болгарскаго. Внука Симеона I царя Болгарскаго кой царувалъ в Охромѣ. (*)

---

*) Охридъ, Преспа, е далечъ 6 часа отъ сегашнаго Охрида, и основанъ е надъ езеро Лихнидонъ. Отъ сего достопамятнаго града, наши най славны Болгары, Бѣлизарій Іустиніанъ и други много достославны мужіе са се родиле. Тука е преведено всичко Священно писаніе на нашь Болгарски языкъ. За увѣреніе Болгарскаго языка, имамъ вы послатъ Евангеліе списано во време Асена царя и брата Александра Деспота, и великаго Патріарха Іоакыма Болгарскаго въ царствующій градъ Тр'ново отъ лѣта 6746.

Правописниот знак ѕвездичка го користи и во /ПАТ: СОСНМП/, при што во делот од текстот впишан во колоната[226] има повеќе објаснувања и бројот на ѕвездичките се зголемува секогаш за една повеќе.

/ПАТ: СОСНМП/
Моріево са 19 села старо-болгарски, Болгари православны кр'стены отъ нашего Царя богатаго и благочестиваго (*) Михаила Борца (**Бориша**[227]) (**) Болгарскаго, и при сына му Симеона царя, тогава бѣха годины ѕ҃ ѵ҃ г҃ı (6413) (***).

(...)

---

*) Имамъ старъ рукописъ; въ него пише Боришъ а не Борись, и богатый царь Болгарскій.
**) Царъ Симеонъ, дедо Іоанну Владимиру Кралю Болгароилирскому убіенъ быде отъ Шура своего Еретика Масаліана и Македоніева и Аполинаріева.
***) Тако пише въ старый рукописъ.

Исто така, зборовите што треба да се објаснат се бележат и со букви, по азбучен редослед, поставени во загради, од нивната десна страна. Објаснувањата одат во фусноти и се бележат со истите букви и вториот дел од знакот загради:

---

[226] Една страница од познатиот *Цареградски вестник* содржи најчесто четири колони во кои се впишуваат текстовите по редослед (вертикален редослед). За поставување граници, се користат и хоризонтални линии, за поделба на колоните.
[227] Зборoформата *Бориша* е напишана со затемнети букви.

/П: ПЈБМ/

(...)
Що е подпоръ подпирала,
се юнацы посвр’шены (а)
Що е шинтри (б) ударала.
се невѣсти сокайцы (г)
Що е покровъ покривала.
се девойки ситны леси (д)

_____

а) Мы южны Болгари въ Македоніи, саршуенѣ зоваме годежо, мѣнежо. Единъ момокъ (ергень) и една мома, кога ся испросатъ, мы кажеме се свршиха.
б) Тенкы тщицы отъ кой праватъ лобовы за решета.

(...)

2.7.11. Белина

Белината како правописен знак го претставува празното место во текстот и таа се употребува во следните случаи:

- помеѓу зборовите, за да се означи крајот на секој збор: /ПИС-2: 28 април 1856/ Я самъ 35 годины па косата ми обеле, 6 зуби ми излегоха, и безъ да се починамъ въ гнѣвъ пребивамъ (...);
- зад интерпункциските знаци: точка, запирка, точка и запирка, две точки, три точки, прашалник и извичник;
- при пишувањето на датумите, меѓу составните делови на датумите: /ПИС: 5 јуни 1877/ 5 Јунъ 1877; /ПИС-1: 9 септември 1856/ 1854 Јануарій Первый; /ПИС: 1 јули 1877/ 1. Юлъ 1877;
- кај скратувањата, меѓу два или повеќе скратени збора: /ПИС-1: 9 септември 1856/ и др. – и друго; /ПИС: 9 февруари 1855/ и т. д. – и така натаму; /ПИС: 25 март 1856/ св. в. м. (Георгія) – свети великомаченик;
- помеѓу иницијалите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот што стојат на крајот на некои негови писма, белешки и други објави: /ПИС: 22 октомври 1878/ J. X. K.; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ J. X. K.; /ПИС: 15 април 1856/ J. X. K.;
- при пишувањето на зборовите: /ПИС: 30 август 1876/ здраво живо; /ПИС: 22 октомври 1878/ тамо вамо; /ПИС: 30 август 1876/ що годе; /ПИС: 25 септември 1856/ три четыры (пути); /ПИС: 27 август 1856/ Мехметъ Али Бега.

Белината не се употребува кај апострофот напишан пред или по самогласното *р*: /ПИС: 1 септември 1856/ бр’зо; /ПИС: 19 октомври 1856/ др’жи; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’сточва; /ПАТ: СОДРСБ/ см’рть; /П: ЖИМ/ м’ртовъ.

2.7.12. Други знаци

Јордан Хаџи Константинов-Џинот употребува специјален знак (≠) за да означи парични средства. Од контекстот не може да се утврди дали станува збор за грошеви[228] (*ґрош* – турска ситна монета од 40 пари), дукати[229] (*ѳукатъ* – златник, златна пара) или, пак, динари[230]. Наведениот знак го користи само во едно писмо, во писмото од 4 декември 1858 г.: /ПИС-1: 4 декември 1858/ Съ тыя 50≠ що ми гы даде Попечительство Просвещенія, въ Београдъ потрошихъ за мене 12≠. – /ПИС-1: 4 декември 1858/ За кирія до Велесь 7≠. – /ПИС-1: 4 декември 1858/ Г. Владимиръ Якшићъ кой ми се показуваше выше отъ Братъ ме посрамоти и до Алексинецъ на телеграфъ ме е запрелъ и узе ми 3≠, а я ни сумъ оглобилъ човека, ни сумъ обялъ ни сумъ излагалъ.

Џинот го користи и знакот за степен (º). Знакот за степен стои од десната страна на бројот и означува географска ширина: /ПАТ: СОДРСБ/ Дебръ лежи между 38º и 40º степень в Западо-Севра (...) Помеѓу бројот и знакот не се остава белина.

2.8. Скратеници и скратувања на зборовите

Според *Правопис̄от на македонскиот* (2015: 149), скратениците во македонскиот јазик претставуваат акроними – изведени зборови кои се добиваат со скратување на зборовите кои влегуваат во состав на повеќекомпонентни имиња, наслови и називи и тие треба да се разликуваат од скратувањата на зборовите, т. е. абревијациите – кратења на одделни зборови кои често се употребуваат заради заштеда на време и на простор.

Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот не се среќаваат скратеници – акроними.

Од друга страна, Џинот, заради заштеда на време и простор, често пати скратува некои пофреквентни зборови. Скратувањето на зборовите не ја намалува разбирливоста на текстовите.

Зборовите се скратуваат така што се пишува точка на местото на кратење. Најчести се следниве скратувања на зборовите:

- *Г.* – господин; *Г-нъ* – господин: /ПИС: 25 септември 1856/ Г. Савва Милићевића; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Г. Радосавлевића Остр.; /С: Б-ЛБ-4/ Г. Василій Априловъ; /ПИС-1: 4 декември 1858/ Г. Владимиръ Якшићъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Г. Аксаковъ; /ПИС: 12 февруари 1868/ Г. Коста А. Сидовъ; /ПАТ: К/ Г-нъ Михановичъ;
- *Дръ*. – доктор: /С: Б-ЛБ-3/ Дръ. Іоаванъ Стеићъ;
- скратување на антропоними: /ПИС-1: 9 септември 1856/ К. Ніколаевича; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Х. Трайковићъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ Јова К. Поповъ /ПИС-2: 9 септември 1856/ А. Хилфердингъ; /ПИС: 25 март 1856/ Ј. Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Г. Х. Георгія; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Г. Радосавлевића Остр.; /ПИС: 12 февруари 1868/ Г. Коста А.

[228] /ПИС-1: 23 април 1859/ Па ако ми дава Правителството плаћа 3500 гроша годишно тогава азъ съ срдце душа и мысла бы ве преполнилъ съ старины, и Богъ бы ме благословилъ и благодарилъ.

[229] /ПИС-2: 23 април 1859/ Тражимъ за нея 130 цесарски Дуката, ако желите скоро да ви я пратимъ, поскоро прате(те) ми стой тридесет дуката и ке ви дойде немедлено.

[230] /ПИС: 19 октомври 1856/ Ево пройдоха 8 месецы чекаюћи, неймамъ већъ никаква отъ нигде помоћъ ни динаръ, а дѣца три годины учамъ без пара.

Сидовъ; /ПИС: 29 декември 1856/ Нікче Х. Трайковъ, Зафиръ братъ Х. Георгіевъ Поповичъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Ј. Х. К. Чиновъ Трайковъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (...) вы ми говорите: „Ели то заисто?“ за кое явля Ј.[231];

- скратување на имиња на институции (*Д.* – Друштво; *Др.* – Друштво): /ПИС: 25 март 1856/ Д. Србске Словесности; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Др. Србске Словесности;
- скратување на имиња на месеци во годината: /ПИС: 29 декември 1856/ 29 Декемб. 1856; /ПИС: 12 февруари 1868/ 12 февр. 1868;
- скратување на други зборови пред првата самогласка: *и ѳр.* – и друго (/ПИС-1: 9 септември 1856/ и др.); *св.* – свети, света, свето (/ПИС: 1 септември 1856/ црква храмъ св. Вознесеніе; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Житіе св. Ніколая; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Димитрія; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Петка; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Илія; /ПИС: 1 септември 1856/ св. Пантелея; /ПИС: 25 март 1856/ Предисловіє св. Јоанна Златоустаго; /ПИС: 9 октомври 1856/ св. Климента; /ПИС-2: 4 декември 1858/ 3. Св.[232] Јоаннъ Дамаскинъ; /ПИС-2: 4 декември 1858/ 11. Другіи Законикъ и писма св. Саввы Неманя);
- *С.* – свети: /ПИС: 12 февруари 1868/ Житіе С. Наума;
- *св. в. м.* – свети великомаченик: /ПИС: 25 март 1856/ св. в. м. Георгія;
- *лис.* – листови: /ПИС: 10 август 1864/ 260 лис.;
- *вопр.* – прашање (рус. *вопрос*; буг. *въпрос*): /ПИС: 9 февруари 1855/ вопр.;
- *Отв.* – одговор (рус. *ответ*; буг. *ответ, отговор*): /ПИС: 9 февруари 1855/ Отв.;
- скратувања кои отстапуваат од македонските принципи: *т. е.* – *то есть* (/ПИС: 27 август 1856/ священницыте т. е. поповите; /ПИС: 4 септември 1856/ црквы и Манастиры Старо-србски т. е. Албански, Македонски и Тесалийски; /ПИС: 19 октомври 1856/ глазословіето и Срдцесловіето т. е. все що е; /ПИС: 30 август 1876/ Х. Георе т. е. Пискулъ Георе се именуваше; /ПИС: 1 јули 1877/ Плотските страсти, т. е. блудството, піянството; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Документи т. е. надгробны на плочи; /ПИС: 25 март 1856/ иностранны новцы т. е. Урошеви, Душановы, влькашиновы, Лазаровы, Деспотови; /ПИС: 1 септември 1856/ Тетивица т. е. Легенъ (...) днеска по србски се зове Тетова; /ПИС: 19 октомври 1856/ внутрешно т. е. Органо-чувственно; /ПИС-2: 23 април 1859/ царски свадбы, т. е. женитбы; /ПИС: 29 декември 1856/ Петмина т. е. Нікче Х. Трайковъ, Зафиръ братъ Х. Георгіевъ Поповичъ, Георги Трайковъ и Панушко Янакіевъ и Атанасъ Синадинъ и владыка; /ПИС-2: 23 април 1859/ Обычай Алексія Комнина, т. е. царски обычай); *и т. ѳ.*; *итѳ.* – и така натаму (/ПИС: 25 март 1856/ Ке ви пратамъ стотина комата србски сребрены и бакрны, и иностранны новцы т. е. Урошеви, Душановы, влькашиновы, Лазаровы, Деспотови и т. д. и т. д. на даръ. – /ПИС: 1 јули 1877/ (...) клеветыте, заслепленіето на простите, убійството на училищата и дѣцата, инатотъ и т. д. – /ПИС: 1 јули 1877/ (...) защо имате си Јуды, предатели, клеветницы, законопреступницы, развратницы, святотатцы и темнянътъ що го ядатъ отъ църквите и отъ манастирыте и т. д. – /ПИС: 22 октомври 1878/ Та отъ Велесъ и Скопѣ, Щипъ и Прилепъ и т. д. и т. д. нема послепы. – /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описаніе чаушъ Манастырь Србски въ Солунъ и т. д. и т. д. и т. д. – /ПИС: 1 септември 1856/ (...) ће описеме Манастыры Матейчъ, св. Илія, Благовѣщеніе,

[231] *Ј.* се однесува на Јордан (Хаџи Константинов-Џинот).

[232] Абревијацијата започнува со голема почетна буква како дел од набројување во вертикална низа.

Кожленски манастырь, св. Пантелея, Марковъ манастырь, Студенчаны или Стара Скопска Студеница коя е развалена и т. д. – /ПИС: 27 август 1856/ Они що праватъ въ Турція на кротките Славяни, Праведныте и трудолюбивите Болгаре, ни самый Сатана, Веелзевулъ, Египетскій блудный Азмостей, ни Веелфегоръ, Астартъ и Далонъ, ни Вилъ Навуходоносоровъ, ни Симонъ волхвъ, ни песъ Арцивурцы, ни заблуденый Кинопсъ неправитъ и т. д. – /ПИС-2: 4 декември 1858/ 11. Другіи Законикъ и писма св. Саввы Неманя, и Писма княза Скопскаго въ време Косовскаго Боя, и т. д. – /ПИС-1: 4 декември 1858/ Книга многоценна итд.).

2.9. Делење на зборот на крајот од редот

Кога нема доволно простор за последниот збор во редот, тој се дели – едниот дел останува, а другиот дел се пренесува во следниот ред. При пренесувањето на зборот во нов ред се употребува цртичка (-) која се пишува по првиот дел од зборот.

Делењето на зборот на крајот од редот во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот се разгледува во неговите оригинални записи затоа што тие ги исклучуваат можните корекции од страна на различните редакции што ги издаваат и реиздаваат неговите творби.

Џинот, при пренесувањето на зборот во друг ред, користи цртичка која ја пишува по првиот дел од зборот и се раководи од правилото за природното делење на зборот на слогови: /ТР: УЦВ/ учи-лището; /ТР: СМ/ пра-ви; /ТР: СМ/ про-тиво; /ТР: СМ/ пер-вото; /ТР: СМ/ осло-бодамъ; /ТР: СМ/ ху-лителны; /ТР: СМ/ мо-же; /ТР: СМ/ не-ма; /ТР: ДЛ/ разуме-вателi; /ТР: ДЛ/ челове-чество; /ТР: ДЛ/ все-що; /ТР: ДЛ/ пре-селникъ.

Ако внатре во зборот има една до друга две согласки, тогаш тие при пренесувањето се разделуваат: /ТР: УЦВ/ без-честь; /ТР: УЦВ/ вер-ху; /ТР: ДЛ/ ветер-ски.

Во анализираниот материјал не се среќава делење на еднословен збор.

2.10. Транскрипција и транслитерација на туѓите имиња

Јордан Хаџи Константинов-Џинот ги пишува туѓите имиња со кирилично писмо, така како што се изговараат, при што ретко користи графеми што се дел од туѓата писмена традиција.

При пренесувањето на туѓите имиња има предвид дека нивните гласовни вредности се прилагодуваат кон гласовниот систем на македонскиот јазик, а гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови.

Некои имиња во нашиот јазик навлегле со посредство на други јазици, што, секако, влијаело врз нивниот изговор.

2.10.1. Албански јазик

Имајќи го предвид изговорот, Џинот ги запишал албанските топоними[233] на следниов начин:

- *Durrës* – /ПИС: 9 февруари 1855/ Дурусь[234] (самогласката *ë* е предадена со *у*, не е предадена со *е* или *а*);
- *Kavajë* – /ПИС: 9 февруари 1855/ Кавая[235];
- *Shkodër* – /ПИС: 9 февруари 1855/ Скодра[236] (*sh* ја предава со *ск*, а не со *ш*).

2.10.2. Латински јазик

Во формата *Цицеронъ* (/ПИС: 19 октомври 1856/; лат. *Cicero*) е одразено традиционалното читање на латинските имиња.

Самогласката *-i* меѓу две самогласки се предава со *-ій*: Gaius – /ПИС: 25 март 1856/ Гайя[237].

Дифтонгот *au* според традиционалното и класичното читање се предава со *ав*: *Aurora* – /П: А/ Аврора.

Латинскиот топоним *Pompeii* ја има формата Помпея (/ПИС: 19 октомври 1856/).

Други антропоними: *Minerva* – /СДИ: МДМОРИБ/ Мінерва; *Iuppiter* – /СДИ: МДМОРИБ/ Юпитеръ.

2.10.3. Српски јазик

Графемата *ѣ* што се среќава во презимиња на познати српски личности или други помалку познати современици на Џинот, при пренесувањето на македонски останува непроменета: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Стефанъ Верховић (срп. *Сте̄фан Верковић*[238]); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Радосавлевићъ (срп. *Радосављевић*); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Трайковићъ (срп. *Трајковић*); /ПИС: 9 февруари 1855/ (Браћа) Поповићи (според срп. *Попо̄вић*); /ПИС-2: 4 декември 1858/ Владимиръ Якшићъ (срп. *Владимир Јакшић*).

Својата форма ја задржува и топонимот *Београд* – /ПИС: 6 јануари 1857/ Београдъ.

Во еден случај, презимето на српскиот претставник во Високата порта на Отоманското Царство го предава со *ч*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ К. Ніколаевича[239]. Исто така, со *ч* се предава графемата *ѣ* во презимињата *Попович(а)*, *Михановичъ* и

[233] Имињата на албански јазик, дадени со коси букви, ја одразуваат јазичната состојба во современиот стандарден албански јазик.
[234] Драч, денешна Р Албанија.
[235] Кавája, град во Западна Албанија.
[236] Скадар, град во денешна Р Албанија.
[237] Зборoформата содржи падежна наставка (од *Гај*).
[238] Имињата на српски јазик, дадени во загради, ја одразуваат јазичната состојба во современиот стандарден српски јазик.
[239] Зборoформата содржи падежна наставка.

Обрадовичъ (/ПИС: 19 ноември 1856/ Поповича[240] – срп. *Поповић*; /ПАТ: К/ Михановичъ – срп. *Михановић*; /ПИС: 12 февруари 1868/ Доситей Обрадовичъ – срп. *Доситеј Обрадовић*).

Други топоними: /ПИС-1: 4 декември 1858/ Алексинецъ[241] (срп. *Алексинац*); /ПИС: 9 февруари 1855/ Діаково[242] (срп. *Гаково*; герм. *Gakowa /Gaumarkt*).

Транскрипција на топоними што денес се наоѓаат на територијата на Р Косово:

- /ПИС: 9 февруари 1855/ Гилани[243] (срп. *Гњилане*; алб. *Gjilan*);
- /ПИС: 9 февруари 1855/ Призренъ (срп. *Призрен*; алб. *Prizreni*);
- /ПИС: 9 февруари 1855/ Прищина (срп. *Приштина*; алб. *Prishtinë*).

Името на градот *Пеќ* го пишува на следниот начин: /ПИС: 9 февруари 1855/ Пекь (срп. *Пећ*; тур. *İpek*; алб. *Pejë*).

2.10.4. Бугарски јазик

Бугарската мека согласка *к* пред *ю* во топонимот *Ќустендил* (буг. *Кюстендил*) ја предава со *к(е)* или *к(io)*: /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила[244].

2.10.5. Грчки јазик

Предавањето на грчките имиња зависи од изговорот на гласовите, вклучувајќи ги и дифтонзите, во старогрчкиот, византискиот грчки и во новогрчкиот јазик. Во врска со пренесувањето на грчките имиња во писмената практика на Цинот, може да се заклучи следново:

- грчката согласка *Ξ*, *ξ* се предава со *Кс*/*кс*: *Ξενοφῶντοξ* – /ПИС: 25 март 1856/ Ксенофонтъ; *Δημώναξ* – /ПИС: 25 март 1856/ Димонаксъ; *Ἀλέξανδρος* – /ПИС: 25 март 1856/ Александеръ;[245]
- грчката согласка *Θ*, *θ* се предава со кирилската буква што произлегува од неа – *Θ*, *ѳ*: *Θείμων* – /ПИС: 25 март 1856/ Ѳимонъ; *Θεοτόκος*[246] – /ПИС: 12 февруари 1868/ Ѳеотоки; *Θεοφύλακτος* – /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Ѳеофілакта;[247] но и со *ѿ* во: *Θεόφιλος* – /ПИС-1: 23 април 1859/ Теофилъ; *Πυθαγόρας* – /ПИС: 25 март 1856/ Питагоръ; *Βαρθολομαίος* – /ПИС: 1 јули 1877/ Вартоломей;
- согласката *Φ*, *φ* се предава со *Ф*/*ф*: *Φίλιππος* – /ПИС: 1 јули 1877/ Филиппъ; *Φίλων* – /ПИС: 25 март 1856/ Филонъ; *Φώτιος* – /ПИС: 25 март 1856/ Фотіє;

[240] Истото.
[241] Град во денешна Р Србија.
[242] Мало населено место во денешна Р Србија, во близина на границите со Р Унгарија и Р Хрватска.
[243] Гњилане, град во источниот дел на Косово.
[244] Зборoформата содржи падежна наставка.
[245] *Александар*, според современиот македонски стандарден јазик. Цинот не ја предава наставката *-δρος* со *-ѳар*.
[246] Богородица.
[247] Зборoформата содржи падежна наставка (од *Теофилакѿ*).

- χ не се предава со *х*: *Πλούταρχος* – /ПИС: 25 март 1856/ Плутаръ;[248]
- согласката *β* се предава со *б* според класичниот или со *в* според новогрчкиот изговор: *Βριάρεως* – /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Бріярея[249]; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Врiарею;[250]
- согласката *Σ*, *ς*, *σ* се заменува со *с*: *Σέρρες* – /ПИС: 9 февруари 1855/ Серресъ; *Σόλων* – /ПИС: 25 март 1856/ Солонъ; *Σοφοκλής* – /ПИС: 25 март 1856/ Софоклитъ[251]; *Σωκράτης* – /ПИС: 25 март 1856/ Сократъ; *Ταράσιος* – /ПИС-1: 23 април 1859/ Тарасій; *Καστοριά* – /ПАТ: ОКОБП-1/ Касторія[252]; *Μνημοσύνη* – /ПИС: 19 октомври 1856/ Мнемосина;
- грчките имиња со самогласка пред наставката *-ος* добиваат наставка *-ій*: *Διονύσιος* – /ПИС-1: 23 април 1859/ Діонисій; *Ευγένιος* – /ПИС: 12 февруари 1868/ Евгеній;
- наставките *-ος*, *-ης* кај сопствените именки отпаѓаат: *Κλεόστρατος* – /ПИС: 25 март 1856/ Клеостратъ; *Ἀριστοτέλης* – /ПИС: 25 март 1856/ Аристотель; *Ἀριστείδης* – /ПИС: 25 март 1856/ Аристидъ; *Διογένης* – /ПИС: 25 март 1856/ Діогенъ; *Ἐπίκουρος* – /ПИС: 25 март 1856/ Епикуръ; *Ἐπίκτητος* – /ПИС: 25 март 1856/ Епиктитъ; *Δημοκρίτος* – /ПИС: 25 март 1856/ Димократъ;[253] Ιπποκράτης – /СДИ: СВЧ-1/ Іппократъ;[254]
- дифтонгот *εὐ* се предава со *ев*: *Εὐάγριος* – /ПИС: 25 март 1856/ Евагріє;
- името на митолошкото суштество Кербер го пишува на следниот начин: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Церберъ (грч. *Κέρβερος*);
- дифтонгот *ου* се предава со *у*: Λουκιανός – /ПИС: 25 март 1856/ Лукіянъ; Οὐρανία – /СДИ: МДМОРИБ/ Уранія;
- две еднакви согласки се предаваат со една: *Ἔδεσσα* – /ПИС-3: 9 септември 1856/ Едеса; *Γεννάδιος* – /ПИС-1: 23 април 1859/ Генадій;
- кај некои лични имиња наставката *-ος* пред која се наоѓа самогласката *ι* се заменува со *-є*: *Λεόντιος* – /ПИС: 25 март 1856/ Леонтіє; *Ἰγνάτιος* – /ПИС: 25 март 1856/ Игнатіє;
- кај некои лични имиња наставката *-ας* што се наоѓа пред согласка, се замнува со *-ієс*: Λεωνίδας – /ПИС: 25 март 1856/ Леондіє (лакедемонскы)[255];
- се задржува наставката *-ων* кај личните имиња: Πλάτων – /ПИС: 25 март 1856/ Платонъ; Δίων – /ПИС: 25 март 1856/ Діонъ[256] (римскій);
- дифтонгот *ει* се предава со *і*: Κλειώ – /СДИ: МДМОРИБ/ Кліо;
- грчките женски имиња што завршуваат на *-η* добиваат завршок *-а*: Ἀντιγόνη – /Т: И-ПС/ Антигона.

[248] Плутарх, според современиот македонски стандарден јазик.
[249] Зборoформата содржи падежна наставка.
[250] Истото.
[251] Софокле.
[252] Костур (Касторија, денешна Р Грција).
[253] Демокрит, според современиот македонски стандарден јазик.
[254] Хипократ, според современиот македонски стандарден јазик.
[255] Леонид I, цар на Спарта.
[256] Касиј Дион (лат. *Lucius Cassius Dio*) – римски историчар со грчко потекло.

2.10.6. Руски јазик

Руските имиња од неруско потекло ја задржуваат руската форма. Таков е случајот со името на рускиот лингвист Гиљфердинг (рус. *Алекса́ндр Фёдорович Гильфе́рдинг*): /ПИС-1: 23 април 1859/ Гильфердингъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Хилфердингъ[257].

2.10.7. Англиски јазик

Насловите на британските весници *Тајмс* и *Телеграф* ги предава на следниот начин:

- *The Times* – /ПАТ: М-Б/ Таймсъ (Тимесъ) (дифтонгот графиски претставен како *i* го предава со *ай*);
- *The Telegraph* – /ПАТ: М-Б/ Тилеграфъ (со *и* ја предава англиската графема *e*; диграфот *ph* со кој во англискиот се предава согласката *ф*, Џинот, исто така, го предава со *ф*).

[257] Пол. *Aleksandr Fiodorowicz Hilferding* (*Gilfierding*). Гиљфердинг, руски лингвист, има германско потекло и е роден во Варшава, Полска.

2.11. Географски и други имиња

А

/С: И/ Азіа
/ПИС-1: 4 декември 1858/ Алексинецъ[258]; /ПИС-1: 23 април 1859/ Алексинецъ
/С: Б-ЛБ-4/ Америка
/ПИС: 12 февруари 1856/ Арапа[259]
/ПИС: 27 август 1856/ Арнаутъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Арнаута[260]

Б

/ПИС: 25 септември 1856/ Београд; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Београдъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Београдъ
/ПАТ: М-Б/ Берлинъ
/ПАТ: М-Б/ Бечъ (Віена)
/ПИС: 9 февруари 1855/ Бытола; [но и:] /ПАТ: М-Б/ Манастырь (Битоля)
/ПИС: 19 октомври 1856/ Бугарія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Болгаринъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бугары

В

/ПИС-2: 4 декември 1858/ Велесъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Велессъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ велесъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ велешанинъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ Велешани
/ПАТ: М-Б/ Венеція
/ПИС: 9 февруари 1855/ Воденъ (Едеса); /СДИ: УУ-4/ Воденъ
/СДИ: МДМОРИБ/ Вранѣ

Г

/ПИС: 9 февруари 1855/ Гилани[261]
/СДИ: УУ-1/ Гостиваръ
/ПИС: 12 февруари 1856/ грекъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ грецы; /ПИС: 12 февруари 1856/ грецы; /ПИС-2: 28 април 1856/ грецы; /ПИС: 12 февруари 1856/ грека[262]

Д

/ПИС: 9 февруари 1855/ Дебръ; /ПАТ: СОДРСБ/ Дебръ
/ПАТ: ЉПТ/ Демиръ капиія; /ПАТ: ЉПТ/ Демиръ Капиія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Демиркапія
/ПИС: 9 февруари 1855/ Дорянъ[263]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Драма
/ПИС: 9 февруари 1855/ Дурусь[264]

[258] Град во денешна Р Србија; срп. *Алексинац*.
[259] Зборoформата содржи падежна наставка; Арап – припадник на народ во Северна Африка и Блискиот Исток.
[260] Зборoформата содржи падежна наставка; Арнаут – тур. *Arnavut*, арх. *Албанец*.
[261] Гњилане, град во Источно Косово; алб. *Gjilan*, срп. *Гњилане*.
[262] Зборoформата содржи падежна наставка.
[263] Дојран.
[264] Драч, Албанија; алб. *Durrës*.

Е

/С: Б-ЛБ-4/ Европа
/ПИС: 9 февруари 1855/ Елбасань
/ПИС: 12 февруари 1856/ Енглезъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Енглезы
/ПИС: 12 февруари 1856/ Ермена[265]

И

/ПАТ: М-Б/ Италія

Я

/ПИС: 7 мај 1856/ Янина

К

/ПАТ: ЉПТ/ Кавадарцы (Говедарцы)
/ПИС: 9 февруари 1855/ Кавая[266]
/ПАТ: ОКОБП-1/ Касторія[267]; /ПИС: 15 февруари 1857/ Костура[268]
/ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ[269]; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила[270]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Кликушъ[271]
/ПИС: 25 септември 1856/ Косово
/ПАТ: К/ Кочаны; /ПИС: 9 февруари 1855/ Кочани
/ПАТ: С/ Кратово; /ПАТ: К/ Кратова[272]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Крчава; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр'сточва; ПАТ: ОКОБП-1/ Крстчова
/СДИ: УУ-4/ Кукушъ
/СДИ: УУ-1/ Куманово

Л

/ПАТ: М-Б/ Лайпцикъ[273]; ПАТ: ОП/ Лайпцигъ
/ПИС: 12 февруари 1856/ Латинъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Латины
/СДИ: МДМОРИБ/ Лесковецъ

М

/ПИС: 12 февруари 1856/ Македонія
/ПИС: 12 февруари 1868/ мала Азія
/ПИС-1: 23 април 1859/ Москва

Н

/ПАТ: С/ Неаполъ
/ПИС: 9 февруари 1855/ Негушъ[274]

---

[265] Зборформата содржи падежна наставка, Ерменци.
[266] Кавája, град во денешна Западна Албанија; алб. *Kavajë*.
[267] Костур; грч. *Καστοριά*.
[268] Зборформата содржи падежна настава, *Костӯр*.
[269] Ќустендил; буг. *Кюстендил*.
[270] Зборформата содржи падежна наставка.
[271] Кукуш; грч. *Κιλκίς*, тур. *Kılkış*.
[272] Зборформата содржи падежна наставка.
[273] Лајпциг, денешна СР Германија; герм. *Leipzig*.

/ПИС: 12 февруари 1856/ Немецъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Немцы
/С: С/ Нишь, /СДИ: МДМОРИБ/ Нишъ

О

/ПИС-1: 23 април 1859/ Одеса
/С: Б-ЛБ-4/ Океаніа
/ПИС-2: 9 септември 1856/ Охридъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Охрідъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Охридчаны

П

/ПИС: 9 февруари 1855/ Паланка[275]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Пекь[276]
/ПИС: 19 октомври 1856/ Помпея
/ПИС: 9 февруари 1855/ Призренъ
/ПИС: 22 октомври 1878/ Прилепъ
/ПИС: 9 февруари 1855/ Прищина

Р

/СДИ: МДМОРИБ/ Романія
/ПИС: 25 септември 1856/ Руссія; /ПИС: 12 февруари 1856/ Русинъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Руссите

С

/ПИС: 9 февруари 1855/ Серресъ[277]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Скодра[278]
/ПИС: 9 февруари 1855/ Скопѣ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Скопѣ; ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплѣ; /СДИ: УУ-1/ Скопіе
/ПИС-1: 9 септември 1856/ Славянъ; /ПИС: 27 август 1856/ Славяни; /ПИС: 27 август 1856/ Славяны
/ПИС: 12 февруари 1856/ Солунъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Солунъ; /С: ВП/ Солонъ
/ПИС-2: 9 септември 1856/ София
/ПИС: 9 февруари 1855/ Србинъ; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Србинъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Србинъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ Срби; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Србли
/ПИС-1: 4 декември 1858/ Струга
/ПАТ: ЉПТ/ Струмица; /СДИ: УУ-4/ Струмница[279]

Т

/ПИС: 12 февруари 1856/ Татара[280]
/ПИС: 1 септември 1856/ Тетово; /СДИ: УУ-1/ Тетово
/ПАТ: С/ Тріестъ[281]

---

[274] Негуш, град во Берско, денешна Р Грција; грч. *Νάουσα*.
[275] Крива Паланка.
[276] Пеќ, град во западниот дел на Косово; срп. *Пећ*, алб. *Pejë*, тур. *İpek*.
[277] Серез, град во денешна Р Грција; грч. *Σέρρες*, тур. *Serez*.
[278] Скадар, град во денешна Р Албанија; алб. *Shkodër*, тур. *İşkodra*.
[279] Се однесува на денешниот град Струмица.
[280] Зборoформата содржи падежна наставка; Татар – припадник на етничка група во азискиот дел на Русија; тур. *Tatarlar*, алб. *Tatar*.
[281] Трст, Италија.

/ПАТ: М-Б/ Трикала[282]
/ПИС: 27 август 1856/ Турція; /СДИ: УУ-2/ Турція; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Турчинъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Турцы; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Турцы; /ПИС: 12 февруари 1856/ Турцы; /ПИС: 22 октомври 1878/ турцыте

Ф

/ПАТ: М-Б/ Флорина[283]
/ПИС: 12 февруари 1856/ Французъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Французы

Ц

/ПАТ: М-Б/ Цареградъ
/ПИС: 12 февруари 1856/ Црна гора

Ч

/С: ОС/ Чехія

Ђ

/ПИС-3: 9 септември 1856/ Ђумуржина[284]

Ш

/ПАТ: К/ Шкодра[285]

Щ

/ПИС: 9 февруари 1855/ Щипъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ Щипъ

[282] Град во денешна Р Грција; грч. *Τρίκαλα*.
[283] Лерин (Флорина; грч. *Φλώρινα*), денешна Р Грција.
[284] Комотини (грч. *Κομοτηνή*), град во денешна Р Грција. Името *Ђумуржина* се добило веројатно според тур. *Gümülcine*.
[285] Скадар, град во денешна Р Албанија; алб. *Shkodër*, тур. *İşkodra*.

2.12. Оформување текст/делови од текст/писмено обраќање

Писмата, литературните и публицистичките творби на Јордан Хаџи Константинов-Џинот претставуваат добро организирани текстови од аспект на композицијата и, во најголем дел, составните целини се соодветно визуелно изделени. Станува збор за текстови што имаат јасна и едноставна содржина, а често пати во нив е одразена и емоционалната состојба на Џинот во периоди на прогонства и измачувања. Богатиот лексички фонд, инвентарот на графемите и применетите правописни принципи ни даваат право да заклучиме дека Џинот сторил многу за развојот на македонскиот писмен јазик.

Во делот што следува ќе бидат претставени основните принципи на оформувањето текстови (писма, литературни и публицистички видови) од страна на Џинот.

а) Во писмата на Џинот, некогаш и непосредно по самата адреса на примачот на писмото, тој се обраќа емотивно обидувајќи се да го привлече вниманието и барајќи помош:

/ПИС: 6 јануари 1857/ Адреса: Высокославное Правительство, и ученно Србско Дружство. Избавете ме избавете ме! защо за ваше народность
страдамъ, скоро, защо душа ке ми цркне.
въ Београдъ

б) Писмата на Џинот често пати започнуваат со мото (мудри мисли, стихови – на македонски или грчки јазик, куси искази на грчки јазик), а некогаш содржат и цртежи. Цртежите се наоѓаат на левата страна на писмата, додека мотото се наоѓа на десната страна. Во ист ред со мотото, или во следниот, нов ред стои обраќањето на авторот до адресатот на писмата.[286]

/ПИС-1: 9 септември 1856/ Сладкій ми као Братъ!	Љубовь ме нуди Ова да ви явим ако и не е потребно.
/ПИС-3: 9 септември 1856/	Кой за општо добро се труди, Богу и роду ке угоди.
/ПИС: 25 септември 1856/	„Мы служиме за душа, но требе и за въ гуша“

[286] Извадоците од делот *2.12. Оформување текст/делови од текст/писмено обраќање* се поставени во рамки со цел да се постигне автентично прикажување на оформувањето на текстот.

/ПИС-1: 7 јуни 1856/

Кругъ
Τριά ὁ Ἑρμῆς μ᾽εὐπείθηαν, μεγαλοφώνως κράζει,
κ' ἐκείνας ὅλας ἐν ταυτῷ εἰς τὴν βουλὴν συνάζει
εἰς τὸ μέσον κάθητ᾽ ἡ Παλλὰς ἡ δίκ᾽ ἀριστερά της
καὶ ἡ λαμπρὰ ἀλήθεια ἀπὸ τὰ δεξιά της[287]

/ПИС: 19 октомври 1856/

„Τό μέν γάρ χέγειν ἐνχῆς ερ-
γον ἐφι, τό δὲ συμβῆναι τύ-
χης(α)“[288].

/ПИС: 4 септември 1856/
(Цртеж: Жена со факли и глобус[289])

„И отъ мыша (глушца) быва добро“
„Царь Муратъ попыталъ Марка Кралевића:
боиш ли се отъ шта Марко?
Сладкій Брате! Боим се отъ влакно светлый царе,
рече Марко. – Пакъ Муратъ попыта:
Зашто отъ влакно се бойшъ? – Боимъ се
Защо въ око ако ми влезе треба да
плачемъ како жена“.

/ПИС-1: 12 јуни 1856/

Сладкій ми Браћо!

„всякому може да се рече:
имашъ право, а
всякому не се пріемува
да му се рече: Да не лажешъ?...“

/ПИС: 9 октомври 1856/ (Цртеж)

Милостивый Господіе!

Мыслимъ први мои два рукописа и една греческа книга чудеса и житіе св. Климента да сте гы пріимили, и да сте благодарны отъ нихъ. Затова пакъ сега пріимите още две книгы рукописны; и вечъ се надеѣямъ да добіямъ и писмо отъ васъ.

[287] „Три пати Хермес викна гласно со покорност, / и ги собра сите во соборот / во средината седеше Палада, со правдата на левата страна / и со светлата вистина од нејзината десна страна.“ [препрев: Б. Маринова]
[288] „Да се држиш за нешто е дело на раката, но нешто да се случи е [дело] на среќата.“ [превод: Б. Маринова]
[289] В. п. Поленаковиќ (1955: 40).

/ПИС-1: 28 април 1856/ Господіе!

Прочетуеиħи ваше отъ 3 апрля писмо, точно разумехъ за онова кое захтевате, и все това отъ мене добро и уредно ке пріимете.

/ПИС: 30 август 1876/

Господине мой,

Имахъ около 3000 приятели само богати човецы отъ кои отвај некои живатъ а другы изумреха и гы нема; от сиромаси още 12000 пріятели ималъ самъ а ученицы може до 5000, оть нихъ има трговцы, занаатчіи и денгубцы кои и на зло ходатъ, па некой сумъ гы заборавилъ, гдѣ да се явимъ или гражданинъ или селякъ токо ще ми се покаже да е былъ мой ученикъ.

в) Некои од писмата содржат поднаслови кои се напишани во нов ред со голема почетна буква и, најчесто, без точка на крајот на поднасловот:

/ПИС-3: 7 јуни 1856/

Конецъ

Се ласкамъ съ име Божіе много ствари да ви пратимъ. Но чекамъ киражіи. Днеска ми кажаха какъ до въ среда или петокъ ке тргнатъ киражіи за въ Београдъ, со нихъ ке ви пратамъ до 80 стари новцы различны, и две стари книгы и више: и една еллинска Исторія, за св. Еалуклія и вели нейны чудеса, и житіе св. Климента архіепископа Болгарскаго сочинено отъ Ѳеофілакта Болгарскаго, сочинена е отъ Нікифора Каліста Ксантопула, печатена на 1802. Прво издание.

7 јунъ 1856 J. X. K.

Скопѣ

/ПИС-2: 28 април 1856/

Отвѣтъ.

Задатакъ ніе мученъ; и якость не требе, кога човекъ може и съ слабость да собере вси тыя вещести. Мы таквія денгубы и многоядцы и вінопіицы, не сме, та да сработиме едно, а да потрошиме десетъ. Я ве молехъ за општо добро, и имамъ тоя хватъ щомъ да принесамъ въ врбова крошна Олимбіиски венцы, та затова тоя планъ ви назначихъ. Некъ е по ваша воля! –

г) Некои писма содржат вметнати текстови на македонски или на грчки јазик, а на крајот на секое писмо од левата страна се запишани местото и датумот на пишување, а од десната страна – името и презимето на Џинот, некогаш придружени со дополнителни определби. Името и презимето на авторот во најголем број случаи е наведено и под секој од текстовите објавени во *Цареградски вестник*, а дополнителни определби како во наведениот пример (/ПАТ: СОДРСБ/) се среќаваат ретко.

/ПИС-2: 28 април 1856/

Ево на това ответъ

Доста е толко колкото ви назначихъ, и вѣрно знайте оть мене другъ не быва по трудолюбивъ и бодръ на това дѣло. Ево и ви запевамъ:

Ὄμματα εἶχαν ἑκατὸν τοῦ ᾽Αργου αἱματώδη,
σῶμα ἰσχνὸν καὶ σπαστικόν, γλῶσσαν ξηρὰν φλογώδη.
Εἶπαν πῶς ἦτον τάχατε ἑκειν᾽ ἡ βασκα(ν)ία
καὶ ὄντος ἦτον φθονερόν, ὄντος αὐτοκακία[290].

Я безпрестанно все ке ви испракям що е добро и пріятно, та ви како знаете, тако правете.

Ако вы лажете, и я лажамъ. – Я това знамъ: Богъ и Добротворство, и право куме црни очи, и па запевамъ:

Τοῦ Ὀδυσσέως
ἢ τοῦ Θησέως
νὰ ἀποκτήση τὸ μέγα κλέος[291]

28 апрелъ 1856 тако щетенъ и осуетенъ остаемъ
Скопѣ Јорданъ Х. Константіновъ
Чиновъ Трайковъ

/ПИС-1: 7 јуни 1856/

Ова писмо прочетуейћи ве увѣрявамъ за много да ве удовлетворимъ

Работата ке ме яви,
Не треба никой да ме дави.
Подобре мало разговори,
а не дубравны борови.

Милыи мои Браћа!

Предъ васъ стоймъ какъ
болестенъ предъ врача,

7 Јунъ 1856 Јорданъ Х. Константіновъ
Скопѣ Чиновъ Трайковъ

[290] Имаа очи, стотина, крвави, како оние на Аргус, / тенко и грчевито тело, сув, огнен јазик. / Рекоа дека можеби тоа беше злобното око, / и навистина беше завидливо, навистина беше чиста злоба. [препев: Б. Маринова]

[291] На Одисеј / или на Тезеј, / за да ја достигнат големата слава. [превод: Б. Маринова]

/ПИС: 6 јануари 1857/

(...)

Како прочетите ова бѣдно и жалостно писмо, единъ часъ поскоро избаветеме! Защо на таванъ теменъ и чаден на студъ собранъ седамъ, душа ке ми цркне. Охъ мене! Скоро мои Браћо! Това ке ви буде найвелико светительство.

6 Јануарій 1857
въ Скопѣ
скрыенъ въ единъ
гадны Таванъ

Сокрыенъ въ бедно станѣ
сужный Ј. Х. Константіновъ
упованіе мое Богъ и Србско
правительство

/ПИС: 29 декември 1856/

(...)

Скоро защо на несмыслени Турцы ке ме предаду душа ке ми цркне! Зло големо ми чинатъ, аманъ отмете ме, па имамъ вѣчито за васъ да се трудимъ.

29 Декемб.
1856 Скопѣ

Плачевный и бѣдный
Ј. Х. Константіновъ

/ПАТ: СОДРСБ/

Многострадалный Болгаринъ
Іорданъ Х. Константіновъ

д) Некои писма и текстови содржат набројувања дадени во вертикални низи, како и одлично оформени делови во обид сликовито и прегледно да се претстават одредени податоци:

/ПИС: 9 октомври 1856/

Сега ве молимъ три средства да ми подадете:

1. Да ми дадете мало трошокъ защо немамъ.
2. Да ми праћате Србске новине въ Скопѣ.
3. Ср’бски книгы – за овыя три нужды, три годины безъ да се починамъ разны пасма и новцы ке ви праћамъ.

/ПИС: 1 јули 1877/

1. юлъ 1877 Велесъ

Пріятелю мой,

1. Господь нашъ Јисусъ Хрістосъ Синъ Божій призва дванаесете апостоли ученицы свои, даде имъ власть на духовете нечисти, щото да гы изгонятъ, и да исцеляватъ всяка неволя и всяка болезнъ.
2. На дванадесете апостолы имената се: Първый Симонъ, който се нарица Петеръ, и Андрія братъ му; Јаковъ Зеведеевъ, и Јоаннъ братъ му.

3. Филиппъ и Вартоломей: ѳома, и Мат҃ѳ҃ей мытаръ (юмрукчія); Јаковъ Алфеевъ, и Леввей, нареченный ѳаддей;
4. Симонъ Кананитъ, и Јуда Искаріотскій, който и го предаде.

Евангеліе отъ Маттея.

/ПАТ: СОДРСБ/

Тыя села са населени само отъ Хрістіяни.

СЕЛА НА МАЛА РЕКА:

Беличища 65 кущи.
Никерово има 45 кущи
Лазарево поле има 250 кущи.
Тресанче 120 кущи.
Сельце 50 кущи.
Росоки 65 кущи.
Галичникъ има 500 кущи. Ту има даровити людіе, отъ тука е родомъ Х. Парѳенія Зографски; имать двама учители Г. Кузманъ и Г. Крсто, кои са по разбудени Болгары, него Велесь Прилепъ и Скопѣ.
Янче има 45 кущи.
Осой 35 кущи.
Сушица 25 кущи.
Гари 85 кущи.

3. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од македонската јазична средина („среднистите“ и „македонистите“)

Меѓу најважните случувања што на јазичен план го одбележуваат македонскиот 19 век се обидите за стандардизација на македонскиот писмен јазик преку постепеното упростување на црковнословенската кирилица и преку упростувањето на правописните принципи. Под влијание на Вуковата реформа, упростувањето доаѓа до израз во втората половина на 19 век. Текстовите од 19 век, од аспект на азбуката и правописот, покажуваат доста разлики поради различните ставови за идниот писмен јазик, при што не е возможно да се направи некаква стандардизација.

Во делот што следува ќе биде претставена позицијата што ја зазема Јордан Хаџи Константинов-Џинот меѓу македонските „среднисти“ и „македонисти“ од аспект на применетите правописни правила, односно ќе биде прикажана споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од македонската јазична средина – „среднистите“ и „македонистите“ (в. стр. 37–57 во овој труд).

Идеите за создавање заеднички македонско-бугарски јазик ги поврзуваме со „среднистите“ – македонските интелектуалци со словенофилска ориентација (Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Партениј Зографски, Рајко Жинзифов, донекаде и Григор Прличев). Тие се залагаат македонскиот писмен јазик да биде создаден врз црковнословенска основа (пред сè, од руска проминенција, со учество на традиционалниот македонски јусов правопис), или, пак, да биде според граѓанскиот модел на современиот руски литературен јазик, со учество на македонскиот народен јазик или, пак, се залагаат за создавање еден заеднички писмен јазик, пред сè, со Бугарите во чија основа би бил и тогашниот бугарски јазик (Спасов 2018: 15).

Партениј Зографски, еден од првите македонски преродбеници што се вклучиле во јазичните дискусии, е главен застапник на идејата за создавање општ писмен јазик за Бугарите[292] и за Македонците, при што тој поставува строги правила за идниот заеднички јазик давајќи им предност на западномакедонските говори (Поленаковиќ 1989: 19). Во неговата прва научна статија *Мисли за бу҃гарскиоу҃ јазик* (***Мисли за болгарскіи-отъ ѧзикъ***), отпечатена во списанието *Бу҃гарски книжици* (***Блъгарскы книжици***) бр. I, книга 1, од 1 јануари 1858 г. (Зографски 1858: 35–42), се согледува влијанието на јазичната редакција на познатото бугарско преродбенско списание во поглед на изборот на одделни графеми. Така, врз основа на анализата, може да се заклучи дека во статија на Зографски, како и во останатите текстови на списанието, се користат постари графеми меѓу кои се следните: **ѹ** и **ꙋ**[293] (за означување на самогласката *у*), **щ** (за означување на согласната група *шт҃*), **н** (за означување на согласката *н*), **ї** (за означување на самогласката *и*), **ѧ** и **ѫ** (за означување на носовките); **ю** (со гласовна вредност *ју*); **χ** (за означување на согласката *х*), **ꙗ** (за означување на согласката *р*).

[292] Идеите на Зографски се неприфатливи за Бугарите, а во ваквиот негов став не се согледува целта за воведување на бугарскиот јазик во Македонија. Според Конески (2020: 386), во поддршката на идејата за општ македонско-бугарски јазик, што ја застапува Зографски, е одразен стремежот на македонското граѓанство – борбата против грцизмот да се води под една заедничка кауза (општата бугарска кауза), но со став да не се воведува бугарскиот јазик во Македонија, туку да се создаде еден општ, заеднички јазик.

[293] Се употребуваат и двете графеми без некој определен систем во кои случаи се употребува **ѹ**, а во кои **ꙋ**.

Графискиот систем што се среќава во статијата на Зографски, која е објавена на страниците на *Цареградски вестник* (*Цареградски вѣстникъ*), конкретно, во изданието под бр. 315 од 9 февруари 1857 г., се разликува од графискиот систем употребен во статијата *Мисли за бугарскиот јазик*. Графискиот систем што се употребува во статијата *Мисли за бугарскиот јазик* се одликува со поголема архаичност во поглед на изборот на графемите и во поглед на нивната форма, односно се очигледни различните стилови на пишување на графемите, што е во тесна врска со традицијата на пишување.

Како и во писмената практика на Цинот, и кај Зографски не се среќава графемата *s* за означување на согласката *s* – **зиздатъ** (Зографски 1858: 35). Од дијалектолошки аспект, согласката *s* не се среќава ниту во родниот говор на Зографски – галичкиот. Во наведената статија, Зографски се задржува на одредени правописни правила опфаќајќи го правописот на *ж* и *ш* пред *ǫ* и *т*, а потоа пишува за самогласките *а*, *е*, *и*, како и за еровите – *ъ* и *ь* (Зографски 1858: 37):

„**1) Оно не тьрпитъ следѫщ-те шипѫци бѫкви[294] Ж и Ш предъ Д и Т, и въ таковъ слѫчай последни-те или се ѹмѧгчаваетъ; или сохранѫваетъ твьрдо-то свое произношенїе.**

2) Бѫква-та Я секога иматъ пълно и ѧсно произношенїе, а не, како въ дрѫго-то наречїе, отривисто и полѫгласно.

3) Є и О ни въ каковъ слѫчай не си измен ѫваетъ свое-то произношенїе, како въ дрѫго-то наречїе, пьрва-та на И, а дрѫга-та на Ѹ.

4) Ъ и Ь сочѫвале свое-то полѫгласїе тамъ, где и во дрѫго то наречїе, и толко въ едно поднаречїе се превратиле въ полногласна О, како: Корстъ, Цорковь, Ворбь, полнъ, Вортъ, Торга и проч. на место: Кьрстъ, Цьрковь, Въртъ и проч.“

За графемата *ѣ* истакнува дека се изговара како *е* (Зографски 1858: 37): „**Ѣ секога, безъ исключенїе, се произноситъ како чисто Є, и никога не звѫчитъ како Ѧ, како що ставатъ въ дрѫго-то наречїе.**“

За графемата *ѫ* пишува дека не се употребува во зборовите (Зографски 1858: 37): **ода**, **ѹбаво**, **оро**, **арно**, **пишеа**, **одеа, стоеа** (наместо: **хода**, **хѫбаво**, **ходеха, стоеха**); или се изговара како *ф*: **пишефъ**, **читафъ**, **прафъ**, **фала**, **фьрлм** (наместо: **пишехъ**, **прахъ**, **хвала**). Потоа се задржува на графемата *ѫ* (Зографски 1858: 38) наведувајќи дека се изговара како *а*, а на некои места како *о* (**рака**, **мака**, **лажа** vs **рока**, **мока**, **ложа**). Според Зографски (1858: 38), графемата *ѫ* се среќава во мал број зборови, и тоа во средината на зборот. На крајот на овој дел го изразува своето мислење дека графемата *ѫ* не треба да се употребува кога не е неопходно со цел да не се усложнува правописот (Зографски 1858: 38–39).

За графемата *ы* нагласува дека има еднаков изговор со графемата *и*, според тоа, слично како и *ѫ*, треба да биде отфрлена од правописот како сосема непотребна (Зографски 1858: 40): „**Тоа что казахме за ѫ можеме да кажеме и за ы. Понеже овам бѫква иматъ совьршенно еднакво произносѫванье со и и николко не се отличѫватъ отъ него нѫжно е, споредъ наше-то мнение, да се изхвьрлитъ отъ новоболгарска-та писменность, како совьршенно негоднїй членъ.**“

Од споредбата на правописните принципи на Јордан Хаџи Константинов-Цинот и Партениј Зографски ги издвојуваме следните клучни белешки:

[294] Станува збор за групите *шт* и *жд*, добиени од прасловенските **tj*, **dj*, на чие место во повеќето македонски говори се јавуваат *ѓ* и *ќ*: *меѓу* : *между*, *свеќа* : *свешта* (Конески 1986: 104).

- Џинот и Зографски употребуваат ъ или ь на крајот на зборот, по согласка: /С: БП/ писменность; /ПИС: 25 септември 1856/ калугеръ; /ПИС-1: 28 април 1856/ знамъ vs **членъ**; **имать**; **писменность** (Зографски 1858: 40);
- и двајцата се против употребата на ѫ сметајќи ја за непотребна графема која го усложнува правописот, но ја употребуваат кај мал број зборови: /ПАТ: ОКОБП-1/ Обытель Дебѫрца; /ПАТ: ОКОБП-2/ Обытель Зѫрзе vs **пѫть** (Зографски 1858: 36);
- Зографски, како и Џинот – во помал број примери (в. стр. 172–178 во овој труд), членските морфеми ги пишува полуслеано, со употреба на цртичка: **зелени-не** (Зографски 1858: 41); **пѫшки-те**; **кони-те** (Зографски 1858: 42) vs /ПАТ: ЈСС/ зыдары-те; /СДИ: МДЖ/ клевета-та;
- и двајцата не ја користат графемата *s*, на нејзино место во анализираниот јазичен материјал се среќава *з*: **зиздать** (Зографски 1858: 35) vs /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ.

Кузман Шапкарев, еден од следбениците на Зографски, има различни ставови за решавањето на јазичните прашања што се однесуваат на идниот писмен јазик во Македонија. Според Конески (2020: 391), тој се јавува како истомисленик на Партеније Зографски за создавање заеднички македонско-бугарски јазик и јазикот од неговите учебници за него претставува една преодна форма за доближување до бугарскиот јазик, но на крајот – тој е македонист за кого Македонците се одделен народ и треба да имаат посебен писмен јазик. Во неговата *Голема буѓарска читанка* (*Голѣма бълѓарска читанка*) од 1868 г. доаѓаат до израз белезите на македонскиот јазик иако за јазикот пишува дека не може да го нарече македонски, туку дека претставува „Западно-Македонско, смѣшяно съ денешното писменно Българско нарѣчіе“ (Шапкарев 1868: 4).

Интересно е што наспроти голем број негови современици и наспроти една честа практика од тоа време – членските морфеми да се пишуваат полуслеано, со употреба на цртичка, кај Шапкарев, во наведеното дело, се пишуваат слеано: македонското (Шапкарев 1868: 3); мѣсечината, дьрвото, водата, выното (Шапкарев 1868: 14); езерата (Шапкарев 1868: 16); мачката, овцата (Шапкарев 1868: 18). За разлика од наведеното, честиците со кои се образуваат компаративните и суперлативните форми, *по-* и *нај-*, се пишуваат со употреба на цртичка, полуслеано: по-твьрдѫ, по-далечнѫ, най-ближнето (Шапкарев 1868: 3); по-пространно (Шапкарев 1868: 4); най-милъ (Шапкарев 1868: 22).

Во поглед на употребата на одделни графеми, една од најголемите разлики со инвентарот на графеми што се среќава во писмената практика на Џинот е тоа што во наведеното дело на Шапкарев редовно се употребува графемата ѫ во различни позиции на зборот: мѫченицы, постѫпиме, Македонскѫ младежиѭ (Шапкарев 1868: 6); мѫчилъ (Шапкарев 1868: 20); кокошкѫ (Шапкарев 1868: 25); пѫть, пѫтници (Шапкарев 1868: 29); еднѫ долинѫ (Шапкарев 1868: 31); главѫтѫ (Шапкарев 1868: 31); еднѫ кукіѭ (Шапкарев 1868: 32). Во анализираниот јазичен материјал не се среќаваат графемите *s* и *ѵ*: зидари (Шапкарев 1868: 18); звѣзды (Шапкарев 1868: 43); звѣзда (Шапкарев 1868: 46); казанджіи (Шапкарев 1868: 18). Исто така, како и Џинот, употребува ъ или ь во крајна позиција на зборот, по согласка: свѣтъвъ (‘светов’; Шапкарев 1868: 32); царьтъ, дервишьтъ (Шапкарев 1868: 37); потресенъ, пріятель (Шапкарев 1868: 38); старость (Шапкарев 1868: 39); уменъ, орачь (Шапкарев 1868: 40); каменъ (Шапкарев 1868: 51); сторитъ (Шапкарев 1868: 52); трудъ (Шапкарев 1868: 54); смьрть (Шапкарев 1868: 55). За разлика од Џинот, тој ја користи графемата *іе*: іе

почнѫлъ (Шапкарев 1868: 56); ıе потрѣбно (Шапкарев 1868: 60); родителитıе (Шапкарев 1868: 62).

Во врска со гласовната промена едначење на согласките по звучност, може да се заклучи дека во анализираниот јазичен материјал се ретки примерите во кои оваа гласовна промена се бележи во пишувањето, како и кај голем број негови современици вклучувајќи го и Џинот: безчестни (Шапкарев 1868: 7); подчиненытѣ (Шапкарев 1868: 9); безкрайно (Шапкарев 1868: 14); подкрѣвалъ (Шапкарев 1868: 39); разказалъ (Шапкарев 1868: 53); разпердушена (Шапкарев 1868: 55); разположеніето (Шапкарев 1868: 78) vs истъркалятъ (Шапкарев 1868: 51).

Григор Прличев ја застапува идејата за архаизација на писмениот јазик, односно за создавање општословенски јазик со архаичен правопис и архаична граматика. Оваа идеја се обидува детално да ја претстави во неговата *Крат̄ка словенска ґрамат̄ика* (*Крат̄ка славянска ґраммат̄ика*) од 1868 г.

Системот на самогласките на замисленият општословенски јазик го претставува во делот *За ᾱпроизношеніе-т̄о* (Прличев 1994: 8–9), со кој започнува неговата граматика, наведувајќи поделба на самогласките врз основа на корелацијата по мекост – на тврдите самогласки ъ, *а*, *ы*, *о*, *у*, *ѫ* им соодветствуваат меките *ь*, *я*, *и*, *е*, *ю*, *ѧ*. Потоа следува образложувањето на изговорот на еровите и на други самогласки вклучувајќи ги правописните принципи што се однесуваат на нивната употреба, а сето тоа е потврдено со соодветни примери од кои доаѓаат до израз разликите меѓу македонскиот[295] и бугарскиот јазик.

Во споредба со системот на графемите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, кај Приличев е сосема очигледно усложнувањето на правописниот систем под влијание на црковнословенскиот јазик (Прличев 1994: 8):

„По нѣкои мѣста Ерове-тѣ се произносятъ како ѫ, и на край на думы-тѣ: Така въ Велгощи казватъ за молитвѫ "да живѣѭтѧ" str. 149 въ цьрковны-тѣ книгы е употребено у вмѣсто ѫ, ю вмѣсто ѭ обычай надви да казвамы, нужда, вкусъ трудъ судъ и пр. (...)

Окончяѭщи-тѣ на ъ искатъ твьрды гласны а окончяѭщи-тѣ на ь, мѣгкы учитель-я, ю, емъ, и, царь, царя, царю, царемъ, богъ, бога, богу, богомъ. Апостолъ-а, у, омъ. Които искатъ мѣгкы гласны, гы означявамы съ крьсть +. Мягкы гласны искать и окончяѭщи-тѣ на я, й, іе (или ье); буря, край, званıе (званье) и пр.“

За разлика од Џинот, Прличев не ја отфрла графемата ѫ како непотребна, а ја користи и ѭ.

И во писмената практика на Џинот и во писмената практика на Прличев се употребуваат еровите во крајна позиција, по согласка. Кај Прличев се објаснуваат случаите во кои се употребуваат ъ и ь (Прличев 1994: 8): ъ или ь се употребуваат во зависност од тоа дали следуваат по тврди согласки (ъ) или по меки согласки (ь). Согласките по кои се пишуваат меки самогласки ги обележува со крст (+).

Прличев, за разлика од Џинот, ја употребува графемата *ё* и во неговата граматика се задржува на изговорот на *ё*, наведувајќи дека се изговара како *о*: „общё, третё“ (Прличев 1994: 9). Понатаму, Прличев (1994: 9) ја објаснува употребата на тврдите и на меките самогласки: *ґ*, *к*, *ᾱ* се поврзуваат со тврди самогласки, односно по нив треба да се пишуваат тврди самогласки („мѫкы, тѫгы“ наместо „мѫки, тѫги“); по *ᾱ* се пишува *е* („отцемъ вм. отцомъ“); *ж*, *ч*, *ш*, *щ*, нарекувајќи ги „влажны по звука“, ги поврзува со меки гласови (наведува дека во Македонија се пишува „чедо, кѭ, пишехъ, можехъ, учехъ“ наместо „чядо, щѭ, чтото слѣдъ ж, ч, ш, щ да се пише ъ, а, у вм. ь, я, ю

[295] Прличев ги афирмира македонските форми.

Н.П. мѫжъ, чадо, шумъ. Прѣовлада да се пише чадо, шумъ, мъжъ вм. чядо, шюмъ, мѫжъ“).

Наспроти ставовите на „среднистите“, според „македонистите“, неопходно е да се оформи одделен македонски писмен јазик. Ова гледиште добива сè повеќе приврзаници по 1871 г., во периодот кога Бугарската егзархија ја проширува својата власт во Македонија, при што се зголемува и употребата на бугарскиот јазик (Конески 1981: 58). И во македонската јазична средина, под влијание на јазичните реформи на српскиот јазик од страна на Вук Караџиќ, доаѓа до израз тенденцијата за упростување на традиционалниот правопис. Во втората половина на 19 век навлегува и руската граѓанска азбука – гражданка.

Како што е познато, браќата Миладиновци со нивните правописни принципи во насока на упростување на правописот извршиле големо влијание врз голем број автори и собирачи на народни умотворби. Константин Миладинов се осврнува на реформирањето, односно на упростувањето на правописот[296] во *Предговорот* кон *Зборникот*. Тој се обидува при пишувањето да се води од изговорот, а за гласовите кои имаат еднаков изговор да употребува една графема (Зборник 1962: 6): „Правопис употребихме по возможноста најлесен и најсходен со произношението од словата; напр. вместо трите букви, ъ, ь, ѫ, каи имает еднакво произношение, употребихме една: ѫ; напр. сѫнце, сѫрце, рѫка, вм. сънхуе, сърчуе, ръка. К’де по грам. правила се пишит ѫ, но се произносит а, се употреби последново. Еднакво се грижехме да предадиме верно народното произношение, покое се водит тукашниов правопис...“ За разлика од него, Џинот е против употребата на графемата ѫ, оценувајќи ја за сосема непотребна, а при бележењето на исти гласови често пати користи различни графеми. Според Стаматоски (2001: 171), Константин Миладинов го следи Џинот кој, десет години пред него, во статиите објавени во *Цареградски вестник* се осврнува на употребата на ъ, ѫ и ѣѫ искажувајќи го својот став дека се непотребни во насока на упростувањето на правописот. При пишувањето на звучните согласки на крајот на зборот, Миладинов се определува, исто така, да се води од изговорот и зборовите ги запишува со нивните безвучни парници (Зборник 1962: 6): „Еднакво се грижехме да предадиме верно народното произношение, по кое се водит тукашниот правопис; напр. млат-ъ, нотъ, ретъ, мегю, бракя; и др. вм. младъ, нодъ, редъ, медъ, братъя.“ Понатаму се задржува и на употребата на апострофот (Зборник 1962: 6): „Апострофот се употреби; к’де по наречија се исфрљает букви; напр. не’ѣста, ’уба’а, ду’о’и, зме’о’и, отъ, напр’амъ, до’итъ, зе’итро на’ѣтъ, и др. вм. невѣста, хубава, духови, змехови, хотъ (ходъ), напрвамъ, дойдити, земитъ, найдатро и др.“ И Џинот во неговата писмена практика го употребува апострофот во случаите кога отпаднал некој глас од зборот: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Цензуализмь и Скептицизмь нек’ ради за все; /ПИС: 29 декември 1856/ брата свог’ да поучи.

Од правописните принципи на Марко Цепенков ги издвоивме случаите на предавањето на гласовите *ќ*, *ѓ*, *љ*, *њ* со *к*, *г*, *л*, *н* + *ь*, што претставува вообичаен начин на предавање на наведените гласови. Ваквата практика речиси редовно се среќава кај македонските преродбеници, па и кај Џинот, но и во бугарската јазична средина, меѓу

[296] Во *Предговорот* кон *Зборникот* јасно се искажува ставот на Константин Миладинов за упростување на правописот преку упростувањето на графискиот систем и преку отфрлањето на непотребните графеми, што претставува значајно отстапување од црковнословенската традиција. Според Стаматоски (2004: 54) ваквиот став на Миладинов се должи на неговата добра упатеност во јазичната проблематика – добро му биле познати ставовите на И. И. Срезневски, голем пријател и почитувач на Вук Караџиќ и професор на Константин Петкович, а може да се претпостави и дека му биле познати статиите на Џинот што се објавувани во *Цареградски вестник*.

бугарските интелектуалци при обележувањето дијалектен изговор, според нивното сфаќање, што пред сè, се однесува на дијалектите во Македонија. За разлика од Цепенков, во писмената практика на Џинот се согледуваат различни начини на предавање на наведените специфични гласови: гласот *љ* го предава со *лѣ*, *ля*, *ль*, *лю*; гласот *њ* – со *нѣ*, *ня*, *нь(я)*. Во врска со употребата на графемата *j*, се заклучува дека во текстовите на Цепенков се јавува *й*, а во почетокот на зборот и стариот знак *я*:[297] язико, ясъ (Цепенков 1903а: 3); ятаганъ, ягне (Цепенков 1903в: 2); войвода, той, майка, найде (Цепенков 1903а: 3); мой, дойде (Цепенков 1903б: 3).[298] Џинот ја користи графемата *j* во почетна позиција на зборот при пишување на неговото сопствено име, но и во други примери: /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 27 август 1856/ Јерархіяата (грч. *Ἱεραρχία*; *ἱερός* – свет, *ἄρχω* – управување; во овој случај се однесува на црковната хиерархија); /ПИС: 27 август 1856/ (Господи) Јисусе Христе; /ПИС: 1 јули 1877/ Јисусъ Христосъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Св. Јоаннъ Дамаскинъ. Кај Џинот, гласот *j* на крајот на зборот се бележи на вообичаен начин – со *й*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ той; /ПИС: 9 февруари 1855/ овой; /ПИС: 9 февруари 1855/ кой; /ПИС: 12 февруари 1856/ некой; /ПИС: 25 септември 1856/ никой; /ПИС: 25 септември 1856/ чай; /ПИС: 19 октомври 1856/ Лицей (‘лицеј, средно училиште од интернатски тип’); /СДИ: РПЧ-1/ Благой; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій (Кастріотъ). Оваа графема кај Џинот се среќава и во зборовите: /ПИС: 1 септември 1856/ войнство; /ПИС: 19 октомври 1856/ пристойно; /ПАТ: СОДРСБ/ убійцы; /П: ТИ/ девойки. Џинот ги користи и графемите *я* (*я* = *ја*) и *ѣ* (*ѣ* = *је*; *ѣ* = *е*; *ѣ* = *ја*): /ПАТ: ОКОБП-1/ лѣто (6837) (‘година’); /П: ТИ/ дѣло (‘дело’); /ПИС: 25 септември 1856/ гроздѣ (‘грозје’; форма на збирната множина); /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско приморіе; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ. Употребата наведените графеми детално е прикажана претходно во овој труд (в. стр. 88–91; 115–117).

Графемите *џ* и *s* ги среќаваме во речничето на Цепенков (*supаф*, *soка*, *svечи*, *ḡанsало*, *џарле*, *џḡраба*, *џебурлао*, *џмиринкьи*, *џбурна*, *џвркна*), додека во објаснувањата на зборовите што се дадени на бугарски јазик, гласот *џ* е предаден со *ѳж* (Стаматоски 1986: 67–68). Кај Џинот, во анализираниот материјал, воопшто не се среќава графемата *s*, а во сите позиции каде што според денешниот правопис се користи *s*, Џинот ја употребува *з*: /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ зидовы; /ПАТ: ЈСС/ зыдары-те; /ПИС: 27 август 1856/ звона (‘svона’; множинска форма на именка); /ПАТ: ОКОБП-1/ звѣзда (‘svезда’); /ПИС: 27 август 1856/ (мраморный столповъ) зѣло (художественно дѣлани) (стсл. ѕѣло – мошне); /С: БП/ зидаме; /С: И/ зыдаятъ; /С: И/ зыдъ. Во поглед на употребата на графемата *џ* од страна на Џинот, може да се заклучи дека во анализираниот материјал се среќава мошне ретко: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость (‘особина на човек што е склон кон караници, расправии, пакосен човек’); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Џамаларска (според *џамалар* – учесник во обредната игра џамала; василичар); /ПАТ: В/ џаміи. Џинот често го бележи гласот *џ* исто како и други негови современици – со *ѳж* или само со *ж*: /ПАТ: ОКОБП-2/ кираджіи (‘кирации’); /ПИС: 25 септември 1856/ синжиръ (тур. *zincir*); /С: И/ тенжера (тур. *tencere* – тенџере; длабок сад со капак и две рачки од страните во кој се готват јадења); /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи.

[297] Според Стаматоски (1986: 65), веројатно отпосле се извршени корекции во ракописот на Цепенков, по сугестија на Шишманов или дури можеби и лично од него, при што сите случаи кога прво била употребена графемата *й* и кога прво била употребена *я* се коригирани со *і* (без свиен крак десно нагоре).

[298] Примерите за употреба на графемите *й* и *я* се извлечени од драмата *Црне војводa* која излегува во подлистоци на весникот *Автономна Македонија* (*Автономна Македония*) почнувајќи од 28 септември 1903 г.

Ставови за упростување на азбуката и правописните правила има и Константин Петковиќ како еден од првите поддржувачи на правописната реформа на Вук Караџиќ во македонската јазична средина (Спасов 2018: 98). Петковиќ можеме да го сметаме за „среднист“ поради идејата за создавање среден македонско-бугарски јазик, но истовремено, поради неговото дело, тој е „македонист“. Важна карактеристика на графијата и правописот со кои се служи Константин Петковиќ е стремежот за осовременување и упростување во однос на црковнословенската писмена норма, што се јавува под влијание на Вуковите принципи, влијанието на И. И. Срезневски, како и традицијата, особено руската (Спасов 2005: 96).

Примерите што се користат во споредбата на графискиот систем и правописните принципи на Петковиќ[299] и Џинот се извлечени од речникот на Петковиќ од 1848 г., објавен како интегрален текст во првиот дел од книгата *Избрани поглавја од историјата на македонскиот писмен јазик – Бојата на јазикот* од Љ. Спасов (Спасов 2005: 110–259).

Табела бр. 1: Споредба на бележењето на гласовите *ѓ*, *ѕ*, *ј*, *љ*, *њ*, *ќ* и *џ* во писмената практика на Константин Петковиќ и Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Од писмената практика на Константин Петковиќ	Од писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот
а) Бележење на *ѓ* **ѓ = г, гя, ђ, гю, г’, гь, жд, ђю** веги-вежди 6 зб., 7 стр.; госпожда-госпогя 4 зб., 11 об. стр.; гюбре 20 зб., 12 стр.; гюбрище 21 зб., 12 стр.; дисаг’и 18 зб., 13 об. стр.; калугеръ 1 зб. 27 стр.; саг(ђ)и (над *г* е напишано *ђ*) 13 зб., 41 стр.; тугь-чуждъ 21 зб., 44 стр.; тугиня 22 зб., 44 стр.; међю 2 зб., 53 стр.	а) Бележење на *ѓ* **ѓ = жд, ді, ђ, г, (г)ю**[300] /ПИС: 6 јануари 1857/ гражданство; /ПИС: 29 декември 1856/ (скоплянски) граждане; /С: БП/ между; /С: БП/ чужди; /ПИС: 5 јуни 1877/ діаволътъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ діакона (‘ѓакон’; зборформата содржи падежна наставка); /С: СИ/ Діаволъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПИС: 25 септември 1856/ калугеръ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій; /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево; /ПИС: 12 февруари 1868/ (истраживанѣ старине за) зграђа (се однесува на истражување за обезбедување материјал – документи, податоци и сл.); /ПИС: 1 септември 1856/ зграђа (за наша србска историја); /ПАТ: СОСНМП/ Гюргіовдень; /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія (*ѓумрукчија* – цариник; од тур. *gümrük* – царинарница)
б) Бележење на *ѕ* **ѕ = ѕ, дз, з** ѕумпулъ – дзумпулъ, зумпулъ 17 зб., 20 стр.; зидъ 7 зб., 19 стр.; зидамъ 8 зб., 19 стр.; зидина-зидинѣ 9 зб., 19 стр.; зиданѣ 8 зб., 19 об. стр.; звонецъ 18 зб., 20 стр.	б) Бележење на *ѕ* **ѕ = з** /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ зидана; /ПАТ: ОКОБП-1/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ созыдаха; /ПАТ: ОКОБП-1/ зидовы; /ПАТ: ЈСС/ зыдары-те; /ПИС: 27 август 1856/ звона (‘звона’; множинска форма на именка); /ПАТ: ОКОБП-1/ звѣзда; /С: БП/ зидаме; /ПИС-3: 9 септември 1856/ зыданъ; /ПИС: 1 септември 1856/ зыдана; /ПИС: 1 септември 1856/ зыданъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ созидалъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ се обзирамъ; /ПИС: 1 јули 1877/ се не зыда (*зыда* – гради, прави вид; глаголска форма); /ПИС: 27 август 1856/

[299] Петковиќ се служи со приспособена руска азбука, но се среќаваат и зборови напишани со црковнословенската азбука, најчесто кога се објаснува потеклото на некој збор или кога се предава неговиот стар графички облик (Спасов 2005: 97).

[300] Џинот ја изостава почетната графема *г* на диграфот *гю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на специфичниот глас *ѓ*.

	(мраморный столповъ) зѣло (художественно дѣлани) (стсл. ѕѣло – мошне); /С: БП/ зидаме; /С: И/ зыдаятъ; /С: И/ зыдъ
в) Бележење на *ј* **ј = я, ю, ѥ, й, ь, ъ, ѣ** аба́джія 2 зб., 2 стр.; айдукъ 10 зб., 2 стр.; бей 11 зб., 4 стр.; во́йска 3 зб., 9 стр.; врюк'ина 18 зб., 8 стр.; войвода 5 зб., 9 стр.; грозѣ 25 зб., 11 об. стр.; дабье 1 зб., 13 стр.; дивье 5 зб., 13 стр.; вріѥ 23 зб., 8 стр.	в) Бележење на *ј* **ј = ј, й, я, ѣ, ю, і** /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда; /ПИС: 6 јануари 1857/ 6 Јануарій 1857; /ПИС: 30 август 1876/ никой; /ПИС: 30 август 1876/ той; /ПИС: 22 октомври 1878/ некой; /СДИ: РПЧ-1/ Благой; /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско приморіе; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /П: ТИ/ ябока ('јаболка'; множинска форма); /С: БП/ явиме; /ПИС: 7 мај 1856/ Янина (се однесува на градот Јанина; грч. *Ιωάννινα*); /П: ПЈБМ/ јунацы; /СДИ: ДЧМГОН/ союзы; ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ Х. Константиновъ
г) Бележење на *љ* **љ = ля, ль, лю** беля 7 зб., 3 об. стр.; белькимъ 8 зб., 3 об. стр.; блювамъ 20 зб., 6 стр.; блюенѥ 21 зб., 6 стр.; биляръ 14 зб., 6 об. стр.; билье = зелье 15 зб., 6 об. стр.	г) Бележење на *љ* **љ = лѣ, ля, ль, лю** /ПИС: 27 август 1856/ пепелѣ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплѣ; /ПИС: 5 јуни 1877/ лѣностьта; /ПИС: 9 февруари 1855/ хиляда; /ПИС: 12 февруари 1856/ земля; /ПИС-2: 28 април 1856/ воля; /С: БП/ крыля; /ПИС: 1 јули 1877/ неволя; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ являмъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ учительство; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ польза; /ПИС: 12 февруари 1856/ люби; /ПИС: 12 февруари 1856/ властолюбство; /ПИС: 12 февруари 1856/ гостолюбивый; /ПИС: 12 февруари 1856/ любовъ
д) Бележење на *њ* **њ = ня, нь, ње, нѣ** баня 24 зб., 3 об. стр.; банямъ се 1 зб., 4 стр.; боренѣ 5 зб., 4 об. стр.; буденѣ 12 зб., 4 об. стр.; бутанѣ 22 зб., 4 об. стр.; біенѣ 16 зб. 5 стр.; бриченѣ 21 зб. 5 стр.; бришенѣ 1 зб. 5 об. стр.; броенѣ 4 зб. 5 об. стр.; блюенѥ 21 зб., 6 стр.; брецанѣ 23 зб. 6 стр.; блеѥнье 2 зб., 6 об. стр.; билсуанье 3 зб., 6 об. стр.; бърцанье 10 зб., 6 об. стр.; буньище 11 зб., 6 об. стр.	д) Бележење на *њ* **њ = нѣ, ня, нь(я)** /ПИС: 9 февруари 1855/ знанѣ; /ПИС: 7 мај 1856/ милостинѣ; /ПИС-1: 28 април 1856/ истраживанѣ; /ПИС: 12 февруари 1856/ князевы; /ПИС: 1 септември 1856/ (Манастирско село) Бошняни; /ПИС: 6 јануари 1857/ кньижество; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бошньякъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ коньи ('коњи'); /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ іманѣ; /ПИС: 19 октомври 1856/ трепнуенѣ; /СДИ: МДМОРИБ/ Вранѣ; /СДИ: СВЧ-1/ кршенѣ; /СДИ: СВЧ-1/ срденѣ
ѓ) Бележење на *ќ* **ќ = к, кя, кю, ћ, к', ќ, к|, кь** божик(ћ) (над *к* е напишано *ћ*) 25 зб., 4 стр.; бубакъ 11 зб., 5 об. стр.; бубакенъ 12 зб., 5 об. стр.; бекяръ 18 зб., 5 об. стр.; бекярство 19 зб., 5 об. стр.; врюк'о 17 зб., 8 стр.; врюк'ина 18 зб., 8 стр.; врюќь 19 зб., 8 стр.; дукянъ, дукянче 20 зб., 13 об. стр.; кукя 12 зб., 24 стр.; кютамъ 15 зб., 25 стр.; кюркъ 16 зб., 25 стр.; к|е́се 24 зб., 27 стр.; маке'а 23 зб., 30 стр.; плакямъ (плаћамъ) 5 зб., 37 об. стр.; свек'(ћ)а (над *к* е напишано *ћ*) 2 зб., 41 об. стр.; цвекье 15 зб., 52 об. стр.; чеќичъ 25 зб., 54 об. стр.	ѓ) Бележење на *ќ* **ќ = к, кя, кі, ћ, ћя** /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ ('Ќустендил'); /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС: 12 февруари 1856/ пракямъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ плакя; /ПАТ: С/ бракя; /ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраћямъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ повеће; /ПИС: 4 септември 1856/ найвеће; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки
е) Бележење на *џ* **џ = дж** аба́джія 2 зб., 2 стр.; аджамія 12 зб., 2 стр.; аджамилакъ 13 зб., 2 стр.; баджа 3 зб., 3 стр.; бозаджія 24 зб., 4 стр.	е) Бележење на *џ* **џ = џ, дж, ж** /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Џамаларска; /ПАТ: В/ џаміи; /ПАТ: ОКОБП-2/ кираджіи; /ПИС: 25 септември 1856/ синжиръ; /С: И/ тенжера; /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи

Како што може да се согледа од табелата, и кај Џинот и кај Петковић очигледно е колебањето во поглед на означувањето на специфичните гласови меѓу кои и *ѕ́* и *ќ*, со таа разлика што кај Петковић често се среќава допишување на *ћ* и *ђ* над други графеми за овие гласови. Особено се интересни примерите кога Петковић ги користи графемите *ќ* односно *к’* и *ѓ’* за бележење на овие гласови, со што се јавува како директен претходник на Крсте Мисирков (Спасов 2005: 97–98).

Како и Џинот, Петковић на крајот на зборот, по согласка, употребува *ъ* односно *ь*, а еровите немаат гласовна вредност и ги употребува по традиција: айдукъ 10 зб., 2 стр.; бакамъ 2 зб., 3 об. стр.; бардакъ 3 зб., 3 об. стр.; бубакъ 11 зб., 5 об. стр.; десетъ 3 зб., 13 об. стр.; жвакамъ 24 зб. 18 стр.; витель 10 зб., 7 стр.; тръсть 11 зб., 45 об. стр.; гость (гостъ) 16 зб., 10 об. стр.; кървь 24 зб. 24 об. стр.

Петковић и Џинот ги употребуваат еровите за обележување на самогласното *р* (бъркамъ 3 зб., 4 стр.; бърго 8 зб., 4 стр.; грънчаръ 19 зб., 12 стр.; жъртва 6 зб., 18 стр.; мърморамъ 4 зб., 27 стр.; мърморенѣ 5 зб., 27 стр. vs /ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце; /ПИС: 10 август 1864/ содържава; /ПИС: 5 јуни 1877/ търпимъ; /ПИС: 5 јуни 1877/ върна (дождь) (‘врнеше’); /ПИС: 1 јули 1877/ невоздържанието; /ПИС: 1 јули 1877/ църквата; /ПИС: 1 јули 1877/ църквите; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: М-Б/ търговцыте; /ПАТ: JCC/ Говърлево; /П: ЖИМ/ Скърбенъ; /П: ЖИМ/ потърпите; /СДИ: Б/ Бърбърко; /СДИ: ДЧМГОН/ първое; /С: УСУ/ църковны; /П: РВ/ търпиме; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна).

Според Спасов (2005: 300), правописот на Константин Петковић, во однос на словенската писмена традиција, можеме да го означиме како умерено иноваторски.

Во споредба со речникот од 1848 г., збирката поговорки[301] на Петковић има прилично поупростен правопис и поупростени правописни принципи. Во збирката на поговорки, Петковић ја избегнува употребата на графемите што не означуваат реални гласови и отфрла графеми што се дел од црковнословенската традиција, како што се *ѫ, ьѫ, ѧ, ьѧ, ї, ю, ы, ѣ*, кои претходно ги користи во речникот[302].

За разлика од писмената практика на Џинот, но и од претходните дела на Петковић, во збирката поговорки во голем број случаи не се употребува темниот вокал на крајот на зборот, по согласка, со што Петковић дава значаен придонес во поглед на упростувањето на правописот: /2/ бог; /5/ сне́г; /15/ че́шел; /17/ пе́тел; /61/ ве́тер; /62/ пи́пер; /61/ те́мјан; /132/ дъжд. Во овој контекст, треба да се истакне и колебањето во поглед на употребата на темниот вокал, при што се среќаваат исти зборови еднаш напишани со темен вокал, а другпат напишани без: /121/ от и /129/ отъ (предлог).

Графискиот систем во делата на Пулевски не е идентичен – се забележуваат разлики меѓу делата што се печатени во Белград[303] и делата што се печатени во Софија[304].

Во *Речникоѿ оџ четири јазика*, отпечатен во Белград, во 1873 г., е употребен поархаичен графиски систем, додека *Речникоѿ оџ ѿри јазика*, отпечатен во Белград, во 1875 г., е напишан со реформираната Вукова кирилица од 30 графеми (Стаматоски 1986: 47). Пулевски, во *Речникоѿ оџ ѿри јазика*, нагласува дека неговата книга е

[301] Интегрален текст на збирката поговорки (*Бъл҃гарски народни ѿословици*) на Константин Петковић е даден во првиот дел од книгата *Избрани ѿо҃главја оџ исѿоријаѿа на макеџонскиоѿ ѿисмен јазик – Бојаѿа на јазикоѿ* од Љ. Спасов (Спасов 2005: 284–291; 313–325). За терминолошката регулација, според која поимот поговорка се толкува како поопшт од поимот пословица, в. *Поѓоворкиѿе како авѿономен семиоѿичен и јазичен микросисѿем* (Спасов 2005: 326–339).

[302] Во речникот, графемите *я*, *ю*, *щ*, *ъ*, *ь* се употребуваат редовно, додека графемите *ѥ* (*ѥ*), *ѣ*, *ы*, *і*, *ї*, *ѫ*, *ьѫ*, што се под влијание на традицијата и на рускиот јазик, се употребуваат ретко.

[303] Стаматоски (1986: 47) нагласува дека постојат одредени разлики и меѓу делата печатени во Белград.

[304] Делата на Ѓорѓи Пулевски се разгледани на стр. 49–54 во овој труд.

пишувана на „славјански“ и ги наведува сите графеми од азбуката што ја користи – вкупно 35 (Пулевски 1875: 113): а, б, в, г, д, е, је, ж, з, и ј, к, л, љ, м, н, њ, о, п, р, с, т, у, ф, х, ц, ч, ш, ји, ја, ѳ, ђ, ћ, џ, ју. Во речникот од 1873 г. ги употребува знаците *ѣ*, *я*, *ы*, *ю*, *ъ*, *ь*, додека во речникот од 1875 г. *ѣ = је*, *ы = ји*, *я = ја*, *ю = ју*. Според Конески (1986: 211), Пулевски го има предвид системот на традиционалната кирилица дополнет со некои нови графеми, а испушта некои од старите графеми, но во системот ја додава нивната гласовна вредност (*ѣ = је*, *ы = ји*, *я = ја*, *ю = ју*).

За азбуката пишува и во неговата *Слоѓница речовска* (*Славянско-насельенискимакеѳонска Слоѓница речовска*), отпечатена во Софија, во 1880 г. Тој, прикажувајќи список на сите букви, истакнува дека „славянска букварка скровена е со 44 славянскихъ букви“ (Пулевски 1880: 8): „**Ѧ. Б. В. Г. Д. Є. Ж. Ꙁ. З. І. И. К. Л. М. Ν. О. П. Р. Ꙍ. Т. Ѵ. Оу. Ф. Х. Ѿ. Ц. Ч. Ш. Щ. Ъ. Ы. Ь. Ѣ. Ѥ. Ю. Ѫ. Ѯ. Ѧ. Ѻ. Ѭ. Ѯ. Ѱ. ѲІ. Ѵ.**“ Пулевски отфрлува десет букви, меѓу кои и *s*, ја додава буквата *џ* и така повторно доаѓа до графиски систем од 35 букви (Пулевски 1880: 11): „**Ѧ. Б. В. Г. Д. Є. Ѥ. Ж. З. Ї. И. К. Л. М. Ν. О. П. Р. Ꙍ. Т. Ѵ. Ф. Х. Ц. Ч. Ш. Ъ. Ы. Ь. Ѣ. Ю. Ѫ. Џ. Ѧ. ѲІ.**“

Во писмената практика на Пулевски очигледно е упростувањето на правописот, но тој применува и некои постари графеми. Не е сосема доследен во поглед на примената на графискиот систем што го препорачува и за кој смета дека е најсоодветен – графемата *я* речиси редовно ја употребува иако ја нема меѓу триесет и петте графеми за кои се определува, а воопшто не ги употребува графемите *ѫ* и *ѧ*. Ова може да се објасни со фактот што во триесеттите години на 19 век, под влијание на руската граѓанска азбука, наместо *ѧ* сè повеќе се употребува графемата *я*, а во осумдесеттите години *я* веќе целосно ја има истиснато *ѧ* (Стаматоски 1986: 48).

Имајќи ги предвид анализите на Т. Стаматоски (1986: 46–58), како еден од проучувачите на писмениот јазик на Пулевски, и нашите сопствени анализи, во споредбата на писмената практика на Пулевски и Џинот најпрво ќе се задржиме на специфичните гласови за македонскиот јазик – *ѕ́*, *ќ*, *ј*, *љ*, *њ*, *џ*.

Табела бр. 2: Споредба на бележењето на гласовите *ѕ́*, *ќ*, *ј*, *љ*, *њ* и *џ* во писмената практика на Ѓорѓи Пулевски и Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Од писмената практика на Ѓорѓи Пулевски	Од писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот
а) Бележење на *ѕ́* **ѓ = ђ, џ, гь(я)** – во *Речникоѿ оф чеѿири јазика*: већа 21; већи 21; преџа/прећа 31; лећењъ/лећанъ 33; Ђаволль 55; сунђеръ 60; потврдђено 61; граѓанинъ 78 – во *Речникоѿ оф ѿри јазика*: раѓајет 6; раѓаите (се) 8; помеѓу 17; меѓу 19; меѓа 20; паѓат 20; сунђер 35; панаѓури 44; туѓи 92; паѓајед 88; граѓа 99; измеѓу 99; преѓе 127; меѓусобно 158 – во *Слоѓница речовска*: гьоа 17; гьиди 17; гьяконъ 17; гьумрукъ 17; гьузель 17; гьяволъ 17	а) Бележење на *ѕ́* **ѓ = жд, ді, ђ, г, (г)ю**[305] /ПИС: 6 јануари 1857/ гражданство; /ПИС: 29 декември 1856/ (скоплянски) граждане; /С: БП/ между; /С: БП/ чужди; /ПИС: 5 јуни 1877/ діаволътъ; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ діакона (‘ѓакон’; формата содржи падежна наставка); /С: СИ/ Діаволъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПИС: 25 септември 1856/ калугеръ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Георгій; /ПИС: 27 август 1856/ Кара-Георгіево; /ПИС: 12 февруари 1868/ (истраживанѣ старине за) зграђа (се однесува на истражување за обезбедување материјал – документи, податоци и сл.); /ПИС: 1 септември 1856/ зграђа (за наша србска исторія); /ПАТ: СОСНМП/ Гюргіовдень; /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія (*ѓумрукчија* –

[305] Џинот ја изостава почетната графема *ѓ* на диграфот *ѓю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на специфичниот глас *ѕ́*.

	цариник; од тур. *gümrük* – царинарница)
б) Бележење на *ќ* **ќ = ћ, кь(я), щ, шт** – во *Речникоѿ оџ четири јазика*: Божиќ 12; дуќан 18; куќа 18; мустаќи 21; плеќи 21; ќораф 23; гаќи 30; бобаќъ 31; покуќнина 33; покуќанство 33; ќоше 35; ќошакъ 35; ќурка 44; ќосъ 45; гороцвеќе 49; лешта/леща/леќа 49; домаќинъ 70; домаќинка 70 – во *Речникоѿ оџ ѿри јазика*: трећијот 6; ноќот 7; вељејеќи 8; помоќ 14; сеќаваме 16; ќа (кажед) 17; цвеќе 25; треќо 30; шеќер 33; бобаќ 64; ноќја 88; ќерамиди 99; чекајеќи 97; бруќе 99; рабоќе 100; куќава 100; домаќин 101; преписувајеќи 121; идуќа 123; куќа 135; моќ 139 – во *Слоѓница речовска*: кья (видимъ) 17; кукья 17; кукьи 17	б) Бележење на *ќ* **ќ = к, кя, кі, ћ, ћя** /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ (‘Ќустендил’); /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила (збороформата содржи падежна наставка); /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС: 12 февруари 1856/ пракямъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ плакя; /ПАТ: С/ бракя; /ПИС: 30 август 1876/ кукя; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраќямъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ повеќе; /ПИС: 4 септември 1856/ найвеќе; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки
в) Бележење на *j* **j = j, й, я, іь, і, и, ь** – во *Речникоѿ оџ четири јазика*: светия 14; сотворения 14; Яануаръ 25; войвода 53; войска 58; бегай 66; настойникъ 68 (но и: настоиникъ 54); обичай 78; маимунъ 48; вуиковецъ 52; маисторъ 56; воиникъ 58; маика 63; гледаи 94 (но, на истата страница и: погледај); земьотресъ 14; морски јежъ 51; земьомерије 59; рекоје 8; госпоја 8; број 10; огреја 15 (но и: огрея 14); јозикъ 21; украшеније 30; јогленъ 38 – во *Речникоѿ оџ ѿри јазика*: тије 12; вечнијот 12; таја 13; воспитаније 13; мије 14 (‘ние’); движеније 15; онаја 17; једнаква 18; краи 5; наинапред 5; доиде 5; свои 6; рађаите се 8; управуваите 9; тои 10; доидуваме 14; калаи 28 – во *Слоѓница речовска*: наінапредъ 3; коі 4; своі 4; іьозиковъ 6; свекоі 11; изражаі 12; іьованъ 17; іьовановіьовъ 17	в) Бележење на *j* **j = j, й, я, ѣ, ю, і** /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда; /ПИС: 6 јануари 1857/ 6 Јануарій 1857; /ПИС: 30 август 1876/ никой; /ПИС: 30 август 1876/ той; /ПИС: 22 октомври 1878/ некой; /СДИ: РПЧ-1/ Благой; /ПАТ: ОКОБП-1/ Ядранско приморіе; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /П: ТИ/ ябока (‘јаболка’; множинска форма); /С: БП/ явиме; /ПИС: 7 мај 1856/ Янина (се однесува на градот Јанина; грч. *Ιωάννινα*); /П: ПЈБМ/ јунацы; /СДИ: ДЧМГОН/ союзы; ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ Х. Константиновъ
г) Бележење на *љ* **љ = лѣ, ля, ль, лю, л, лј, љь, љ, љј** – во *Речникоѿ оџ четири јазика*: хиляда 29; наполѣ 34; прљѣно 40; лубичъца/љубичица 49; зелѣ 50; криля 51; улѣ 51; оделѣни 61; волю/волју 79; неволя/неволју 80; странолубије 91; челловѣколјубије 91; честолюбиф 91; родолљубиви – во делот *Роџолљубиви сѿомоштествоваѿели* – во *Речникоѿ оџ ѿри јазика*: видељината 5; аљ 6; одељи 6; биљки 6; раздељуват 6; кољку 7; љјуди 11; људи 12; невољји 12; ваљчеста 17; љицето 18; вељит 19; аљишта 54; љен 54; иљи 79; љетно 88; љубезна 94; обљигација 94; посље 102; мљеко 137; љеб 137; огљедало 141; прибљижив 144; љубов 158 – во *Слоѓница речовска*: бельези 3; жельаеме 7; љутъ 16; вельиме 17; ильи 17	г) Бележење на *љ* **љ = лѣ, ля, ль, лю** /ПИС: 27 август 1856/ пепелѣ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплѣ; /ПИС: 5 јуни 1877/ лѣностьта; /ПИС: 9 февруари 1855/ хиляда; /ПИС: 12 февруари 1856/ земля; /ПИС-2: 28 април 1856/ воля; /С: БП/ крыля; /ПИС: 1 јули 1877/ неволя; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ являмъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ учительство; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ польза; /ПИС: 12 февруари 1856/ люби; /ПИС: 12 февруари 1856/ властолюбство; /ПИС: 12 февруари 1856/ гостолюбивый; /ПИС: 12 февруари 1856/ любовъ
д) Бележење на *њ* **њ = нѣ, њј, ня, нь, њ, њј, нья** – во *Речникоѿ оџ четири јазика*: Преображенѣ 13; биенѣ 24; сиренѣ 39; животинѣ 40; цивинѣ 40; коньъ/коня 40; янѣ 41; рамнѣ 43; мекинѣ 50; диня 50; конјьска мува 52; князъ 53; сфиняръ 56; читанѣ 61; повезуванѣ 61; одобренѣ 61; роднинѣ 64;	д) Бележење на *њ* **њ = нѣ, ня, нь(я)** /ПИС: 9 февруари 1855/ знанѣ; /ПИС: 7 мај 1856/ милостинѣ; /ПИС-1: 28 април 1856/ истраживанѣ; /ПИС: 12 февруари 1856/ князевы; /ПИС: 1 септември 1856/ (Манастирско село) Бошняни; /ПИС: 6 јануари 1857/ кньижество; /ПИС-1: 9

створенѣ 67; иманѣ 69; кушенѣ 83; теранѣ 84 – во *Речникоѿ оⷭ ѿри јазика*: семиња 6; моринја 6; деӈја 7; животиње 8; пилињата 9; сочување 13; милување 14; слушање 15; имиӈја 18; коњ 24; пиљињја 34; светкање 88; потребување 100; кӈига 124; коӈјов 136 – во *Слоѓница речовска*: мисљење 3; речување 3; иминья 7; коньо 16; пишење 16; виканѣ 20; седенѣ 20	септември 1856/ Бошньякъ; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ коньи (‘коњи’); /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 30 август 1876/ іманѣ; /ПИС: 19 октомври 1856/ трепнуенѣ; /СДИ: МДМОРИБ/ Вранѣ; /СДИ: СВЧ-1/ кршенѣ; /СДИ: СВЧ-1/ срденѣ
ѓ) Бележење на *џ* **џ = ц, ж, ђ** – во *Речникоѿ оⷭ четири јазика*: патлицанъ 50; папуџија 55; меянжия – во делот *Роⷭолљубиви сѿомоштествователи* (*ж* наместо *џ*); но и: џучъ 39 (*џ* наместо *ж*) – во *Речникоѿ оⷭ ѿри јазика*: џадији 27; мерџан 35; маџарски 41; поморанџа 47; ђеновеиски 61; но и: Кржаљији 48; бојажиски 100 (*ж* наместо *џ*); џици 61; џупа 65 (*џ* наместо *ж*) – во *Слоѓница речовска*: џамъ 26; џамаданъ 26; џубе 26; хаџи 26; Џулыия 26	ѓ) Бележење на *џ* **џ = ц, дж, ж** /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Џамаларска; /ПАТ: В/ џаміи; /ПАТ: ОКОБП-2/ кираджіи; /ПИС: 25 септември 1856/ синжиръ; /С: И/ тенжера; /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи

За разлика од Џинот, Пулевски не ја употребува графемата *щ*[306]. Исто така, тој не ги употребува графемите *ж*[307] и *ѧ*[308]. Како и Џинот, и Пулевски не ја употребува графемата *ѕ* иако таа е дел од најстарата кирилска азбука на старословенскиот јазик. Гледано од дијалектолошки аспект, во родниот говор на Пулевски, галичкиот, не се среќава согласката *ѕ*, па на нејзино место во писмената практика ја употребува графемата *з*.

И Џинот и Пулевски употребуваат *ъ* или *ь* на крајот на зборот, по согласка, а еровите ги употребуваат и во бележењето на самогласното *р*: зборъ 8, говоръ 8, зборникъ 8, знакъ 8, речъ 8, речникъ 8, создателъ 12, избавителъ 12 (*Речник оⷭ четири јазика*); язикъ 3, требетъ 4, речъ 5 (*Слоѓница речовска*); завързани 4, извършуваме 7 (*Слоѓница речовска*); рьбетница 22, рьтеница 22, грьсъ 23, дрьвено 51, сфьрделль 57, крьвнина 73, крьвавъ 73 (*Речник оⷭ четири јазика*) vs /ПИС-1: 9 септември 1856/ Братъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ даръ; /ПИС: 9 февруари 1855/ плодъ; /ПИС: 25 септември 1856/ Млетакъ (антропоним); /ПИС: 25 септември 1856/ духъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ начинъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ сотрудникъ; /ПИС: 1 јули 1877/ църквата; /ПИС: 1 јули 1877/ църквите; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: М-Б/ търговцыте; /ПАТ: ЈСС/ Говърлево; /П: ЖИМ/ Скърбенъ; /П: ЖИМ/ потърпите; /СДИ: Б/ Бърбърко; /СДИ: ДЧМГОН/ първое; /С: УСУ/ църковны; /П: РВ/ търпиме; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна.

Според Конески (1986: 223), во вториот речник на Пулевски се согледува неговиот обид за надминување на родниот говор и за смислено проширување кон

[306] Оваа графема не се среќава и кај Марко Цепенков (Стаматоски 1986: 57).

[307] Пулевски (1880: 19, 21) не ја употребува воопшто графемата *ж*, единствено го објаснува нејзиниот изговор и се задржува на случаите во кои се пишува (Пулевски 1880: 21): „овая (ж) затегнато-извиена буква. замошне. редокъ изражаі ни требетъ. само негде, негде! за некоі. стихъ песнинъ. ю изявуваме. воховаквихъ подобнихъ стихови као. І. нежальи. стано мори не се плачи. нерони тие съжлзи. кървави. ІІ. нерони тие сълзи къжжрвави! потие ільелье беельи образи.“

[308] Пулевски не ја употребува воопшто графемата *ѧ*, се задржува на нејзиниот изговор објаснувајќи во кои случаи се пишува, но не дава ниту еден пример бидејќи веќе е заменета со *я* (Пулевски 1880: 26).

далеку поширока говорна област. Сосема јасно е дека тој се залага за упростување на графискиот систем и, воопшто, на правописот, во период кога правописните принципи на Вук Караџиќ се широко прифатени[309]. Исто така, Пулевски се надоврзува на веќе започнатиот процес од страна на неговите претходници во Македонија, меѓу кои и Џинот, кои во извесен степен тежнеат кон фонетски правопис.

И покрај тоа што Јордан Хаџи Константинов-Џинот го поврзуваме со идеите на „среднистите“, од направените споредби произлегува заклучокот дека неговиот писмен јазик го покажува зародишот на стремежот за осовременување на азбуката и, воопшто, на правописот имајќи го предвид изговорот. Џинот е еден од првите македонски автори што се служел со позната граѓанска кирилица – гражданка. Иако се залагал за архаизација на формите, во однос на правописот недвосмислено се изјаснува за упростување и против употребата на ъ, ѫ и ѣ (в. повеќе Конески 1986: 102–103). Според Конески (2021: 16), Џинот се вбројува меѓу македонските културни и просветни работници што прв реагира против наведените графеми нарекувајќи ги „рогати“ и „каравлашки“, поради тоа што се употребувале во т.н. *влахо-буѓарски* текстови и во романската кирилица. Иако бројот на графемите што ги користи Џинот е двојно поголем од бројот на гласовите во македонскиот јазик од 19 век, сепак, со неговите дискусии започнува обидот за поедноставување на графискиот систем и правописот преку отфрлање, најпрво, на трите графеми. Очигледен е обидот при пишувањето да се води од изговорот, но не успева практично да го примени тоа за што се залага декларативно – секоја графема да биде писмен знак за соодветната фонема и графискиот систем да се ослободи од непотребните графеми. Писмената практика на Џинот и неговите статии во кои се образложуваат јазични прашања се добра основа за „македонистите“ и, секако, за првата стандардизација[310] на македонскиот писмен јазик од 1903 г.

[309] Упростувањето на графиските системи на речниците (*Речникоѿ оџ четири јазика* и *Речникоѿ оџ ѿри јазика*), особено на *Речникоѿ оџ четири јазика*, е разбирливо: тие излегуваат во време кога во Србија победуваат Вуковите принципи, при што печатење на државни изданија со новиот правопис се дозволува од 1860 г., а стариот правопис е задолжителен во училиштата речиси уште една деценија, до 1868 г. (Стаматоски 1986: 57).

[310] За терминот *ѿрва сѿанџарџизација* в. стр. 38–39 во овој труд.

4. Споредба на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од бугарската и српската јазична средина

Споредбата на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од бугарската и српската јазична средина претставува важен дел од намерите за идентификација и анализа на јазичните влијанија и поширокиот општествен контекст во писмениот јазик на Џинот. Оваа споредба овозможува подобро разбирање на придонесот на Џинот во процесите што ги продолжуваат неговите следбеници, чија крајна цел е стандардизација на македонскиот јазик.

Граматиката на Неофит Рилски (Неофит Рилски; 1793 – 1881) се вбројува во граматиките со најголемо влијание во Бугарија и во Македонија, а особено е популарна меѓу македонските претставници на 19 век што се залагале за еден вид среден, односно за заеднички македонско-бугарски јазик, каков што е случајот и со Џинот (в. Спасов 2005: 41–42). Според Конески (2021: 130), Џинот и познатиот бугарски граматичар Неофит Рилски имаат слични ставови за писмените јазици – писмениот јазик не треба да биде копија на народниот јазик, затоа што и двајцата го имале примерот со грчкиот јазик. Една од претпоставките е и тоа дека граматиката на Рилски, објавена под насловот ***Болгарска грамматіка сега перво сочинена*** во 1835 г., во Крагуевац, Србија, извршила големо влијание и кај Џинот, што се одразува и во неговиот писмен јазичен израз.

Според Венедиктов (1990: 9), Неофит Рилски прв го поставува прашањето за создавање стандардизиран бугарски јазик. Од аспект на основата на бугарскиот писмен јазик, Рилски се залага за мешана основа, а црковнословенскиот јазик треба да биде „контролор“ во процесот на утврдувањето на нормата (Спасов 2000: 40). Во вториот дел на граматиката, во делот со наслов *За краткиѣ правила на правописѡ, каде се пишуваатъ големи букви* (***За кра́тки тѣ пра́вилца на-правописа́нїе то, де́ка се напи́сѹватъ голе́ми бѹ́квы***), Рилски разгледува одделни правописни правила започнувајќи со правилата што се однесуваат на пишувањето голема буква (Рилски 1835: 158–163). Поставените правописни правила ги потврдува со примери, а се осврнува и на исклучоците од правилата. Според него, со голема почетна буква се пишуваат првиот збор во реченицата, првиот збор по реченица што завршува со точка, сопствените имиња на луѓето, градовите, местата (Рилски 1835: 158): „**Пе́тръ вели́кїй, Алекса́ндръ Мѫкедо́нскїй, Ѣкатери́на Ѳле́ксїевна, Клеопатра. Вїе́нна, Петрѹ́ргъ, Мо́ска**[311]**. Ко́сово по́ле, Россі́ѧ, Герма́нїѧ, Ѳфрика, Аме́рика. Їорда́нъ, Дѹ́навъ, Ма́рица, Йскръ, Стрѹ́ма. Блатійское мо́ре.**“ Исто така, според Рилски (1835: 159), со голема почетна буква се пишуваат „имињата што означуваат некое достоинство“: „**Ца́рь, Воево́да, Ѳрхїепи́скопъ, Кня́зь, Прѝнгипсъ**.“ И во писмената практика на Џинот, називите на титулите (цар, паша, бег) што стојат до личните имиња најчесто се пишуваат со голема почетна буква: /ПИС: 27 август 1856/ Мехметъ Али Бега; /ПИС: 7 мај 1856/ Синанъ Паша; /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Богоръ; /ПИС: 25 септември 1856/ Царь Лазарь; /ПИС: 7 мај 1856/ Царь Јустиніянъ; /ПИС-2: 23 април 1859/ Царь Манойлъ; но и: /ПИС: 7 мај 1856/ царь Душанъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ царь Урошъ; /ПИС: 1 септември 1856/ царица Милица; /ПИС: 27 август 1856/ Ибрахимъ-бега. Како

[311] Станува збор за Москва, според тогашното именување на градот во повеќе несловенски јазици: англ., герм., алб. и сл.

и Цинот (сп.: /П: ПСУМ/ Географія; /ПИС: 4 септември 1856/ Исторія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Номизматика; /ПИС: 9 февруари 1855/ Миѳологія; /СДИ: МДМОРИБ/ Реторика; /С: Б-ЛБ-4/ Етимологія; /С: УСУ/ Алгебра; /С: УСУ/ Астрономія; но и: /ПИС: 9 февруари 1855/ Српска грамматика Синтактическа; /ПИС: 9 февруари 1855/ фисика), и Рилски (1835: 159) ги пишува имињата на науките со голема почетна буква: „**Грамма́тїка, Фїло́сфїа, Богосло́вїа, Геогра́фїа**.“ На крајот од делот за употреба на голема почетна буква, Рилски нагласува дека со голема почетна буква се пишуваат придавските форми што се изведени од сопствени имиња или од „имиња што значат достоинство“ (Рилски 1835: 159): „**Вїе́нскїй, Бава́рійскїй Ѻдонъ, Росси́йское во́инство. Ѧлекса́ндровъ сы́нъ, Ѧрхїепископскїй са́нъ**.“ Во писмената практика на Цинот, со голема почетна буква се пишуваат присвојните придавки изведени од лични имиња со наставките *-ов*, *-ев* и *-ин*: /ПИС: 27 август 1856/ Сисифови (муки); /ПИС: 27 август 1856/ Танталово (мученіе); /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (коньи) Діамидови; /ПИС: 1 септември 1856/ (крепость) Стрезова; /ПИС: 1 јули 1877/ Хрістово (добро); /ПИС-2: 7 јуни 1856/ Божидарови (книгы); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (згради) Марковы и Вукашиновы; но и: /ПИС: 25 март 1856/ влькашиновы. Во анализираниот јазичен материјал од текстовите на Цинот, голем е бројот на придавките, особено на односните придавки, што се пишуваат со голема почетна буква: /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (вепръ) Каледонски; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Велешкій (владыка); /ПИС: 1 септември 1856/ (села) Црногорски (се однесува на Скопска Црна Гора); /ПИС: 19 октомври 1856/ Скопско (училище); /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Тетовски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Кратовски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Галицкы; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (места) Велешки; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Прилепски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Бытолски; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (мѣста) Тыквешки; /ПИС-3: 9 септември 1856/ (Мѣста) Воденски.

Потоа следува делот во кој Рилски (1835: 159–163) се задржува на употребата на графемиите *и*, *ї*, *ы*, *ѧ*. За графемата *и* забележува дека се пишува на почетокот на зборот, на средината на зборот меѓу две согласки и на крајот на зборот во случаи кога не се пишува *ы* (Рилски 1835: 159): „**и́грамъ, и́гла́, е́ди́нъ, твори́ти, би́хъ, же́нски, мѫ́шки**.“ Потоа ја опфаќа ситуацијата во која за бележење на самогласката *и* се користат и други графеми како што се *ї*, *і*, *ы*, *ѵ* (Рилски 1835: 159): „**Ѝзва́ждатсе не́кои рѣ́чи цо се пи́шатъ и́лѝ съ ї, за разли́чїе рѣ́чи о̑тъ рѣ́чи. Н. п. ми́ръ и̑ ми́ръ. вїно̀ и̑ вы́нѹ. Ѝли́ чѹжестра́нны, і̑долъ, і̑рмо́съ, і̑ндіктъ, і̑косъ, вїсоко́съ, Ні́лъ, лїтѹргі́а, и̑ дрѹ́ги таки́ва. Ѝ сосъ ѵ, ми́ро, крѹ́ста́ллъ, ѵ̑поста́сь, и̑ дрѹ́ги. Ѝ въ предло́гатъ при, претва́расе въ ї, кога́ то стои́ предъ не́кои самогла́сны бѹ́квы. Като н. п. прїе́млю, прїиди́те, прїобрѣто́хъ, прїа́хъ, и̑ проч.**“

Понатаму, Рилски се задржува на пишувањето на графемата *ї*, а меѓу примерите што ги наведува за употребата на оваа графема е сопствената именка ***Ї*ордан̀ъ** (Рилски 1835: 160). Во текстовите на Цинот, кои се објавени во *Цареградски вестник*, неговото име се пишува со почетна *І*: /ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ Х. Константиновъ; /П: ТИ/ Іорданъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ Іорданъ. Во писмата на Цинот, како и во трите ракописи, името редовно се пишува со почетна *Ј* (/ПИС-1: 9 септември 1856/ Јорданъ Х. Константіновъ; /ТР: СМ/ Јор. Х Константиновъ), па нејасно е дали станува збор за интервенција на редакцијата на *Цареградски вестник* или, пак, за промена што Цинот свесно ја направил по бројните забелешки за неговиот јазик (в. стр. 66 во овој труд).

Со *ы* во основата на зборот, според Рилски (1835: 161–162), се пишуваат следните зборови: „**Бы, бы́къ, бы́лїе, бы́стрый (т. е. ско́рый, а̑ нѐ това̀ цо вы́каме**

бы́стръ) бы́ти, вы, вы́дра, вы́икамъ, вы́нѫ (всегда̀), вы́ма, высо́кїй, вы́ю, вы́ѧ (ши́ѧ), влады́ка, грызѫ́, ды́мъ, ды́нѧ, дыха́ю, колыбе́ль, кори́сть, кори́то, копы́то, кры́ю, лы́сый, мы, мы́сль, мы́то, мы́нъ, мы́шъ, мы́шца, мы́ю, монасты́рь, ны́нѣ, пелы́нь, па́стырь, плыска́ю, плы́ти, пры́щь, пѫзы́рь, пыта́ю, пы́хаю, ры́ба, рыга́ю, ры́жїй, ры́къ, ры́сь, ры́ю, скры́паю, слы́шѫ, стры́й, сты́дь, сты́ню, сы́тный, сы́нъ, сы́плю, сыла́ю (т. е. посыла́ю), сы́ръ, сы́рый, сы́тый, ты́, ты́ква, ты́каю, ты́лъ, ты́сѧща, ѹ̂бы, четы́ри, ѧ̂зы́къ, ѧ̂зы́къ, ѝ си́чки те цо происхо́датъ о̂тъ ни́хъ.“ При разгледувањето на употребата на графемата ***ы***, Рилски (1835:160) наведува дека се среќава во рамките на множински форми (меѓу другото, нагласува дека станува збор за именки од женски род што во еднина завршуваат на **-а**, пред која има **б**, **в**, **д**, **з**, **л**, **м**, **н**, **п**, **р**, **с**, **т**, **ф**, **ц**, **ѳ**). Тој се задржува и на употребата на ***-їй*** (Рилски 1835: 161): „**въ си́чки те прилага́телны ѧ̂мена̀ въ ѧ̂мени́телныатъ родит. дател. винит. ѝ зват. безъ оу̂сѣ́чен. е̂ди́нств. ѝ бини́телныатъ мно́жеств. н. п. сватый, ста́рый, мла́дый** (...) **Ѝзва́ждатсе о̂тъ това̀ пра́вило слѣ́дѫщи те прилага́телни, кои́ то се всегда̀ пи́шатъ съ їй, ѝ въ ни́кой паде́жь ни е̂ди́нственъ ни мно́жеств. прїи́матъ ы. бли́жнїй, бра́тнїй, бѫ́їй, ве́рхнїй, вече́рнїй, влады́чнїй, велїй, вчера́шнїй, вы́шнїй, го́рнїй, до́баїй, до́лнїй, дома́шнїй**...“

Од друга страна, Цинот за бележење на гласот *и* користи шест различни графеми: *и И*, *ы Ы*, *і І*, *ї Ї*, *ѵ Ѵ*, *ьі*. Најчеста употреба за означување на гласот *и* има графемата *и* која ја среќаваме кај сите видови зборови, во различни позиции во рамките на зборот: /С: И/ Именникъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ други; /ПАТ: ОКОБП-1/ кожи; /С: БП/ учители; /ПИС-2: 28 април 1856/ нашите; /ПИС: 23 февруари 1857/ описание; ПИС: 30 август 1876/ има. Цинот, како и Рилски, доста често ја користи графемата *ы* во множинските форми на именки и придавки, како множинска наставка, а се среќава и во множинските форми на глаголските придавки: /ПАТ: П/ еснафы; /ПАТ: П/ монасы; /ПАТ: ОКОБП-1/ книгы; /С: БП/ Грецы; /С: БП/ зубы (vs зуби); /С: БП/ похвалны; /П: ТИ/ столицы; /ПАТ: ЦГС/ минералы; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ исписаны; /ПАТ: ОКОБП-1/ дивыте. Графемата *і* често се употребува во позиција пред самогласки или во почетокот на зборот: /ПАТ: ОКОБП-1/ Патріарха; /ПАТ: ОКОБП-1/ Іустиніанъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ мужіе (‘мажи’); /ПАТ: ОКОБП-1/, /С: БП/ писаніе; /ПАТ: ОКОБП-1/ Евангеліе; /П: ТИ/ пріимай; /П: ТИ/ Іорданъ; /ПАТ: П/ Маріа. Ретка употреба за означување на гласот *и* има графемата *ѵ* (/ПАТ: ОКОБП-1/, /ПАТ: ОКОБП-2/ Описаніе; /ПАТ: ЉПТ/ Љубљано-Пеонія; /Т: О/ Обявленіе), додека графемата *ї* се употребува во позиција пред самогласки и се среќава исклучиво во едно писмо на Цинот, во писмото од 9 септември 1856 г., упатено до Друштвото за српска словесност од Белград: /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе фисическо; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе Мѣста Нагоричино. Во песната *Рекаѿа Вардар* (*Рѣка Вардаръ*), издадена во весникот *Македонија* во 1926 г., се употребува и диграфот *ьі*: /П: РВ/ търговцьі; /П: РВ/ старьі; /П: РВ/ Тетовцьі; /П: РВ/ Мьіяцьі.

Во последните три параграфи на делот што се однесува на правописот, Рилски (1835: 162–163) се задржува на употребата на графемата ***ѧ.*** Според него, оваа графема се среќава кај именки од женски род (Рилски 1835: 162): **пѫсты́нѧ**, **рабы́нѧ**, **Книги́нѧ**, **Греки́нѧ**, **Сербки́нѧ**, **Монахи́нѧ**. Но, ***ѧ*** не се пишува во туѓите зборови (Рилски 1835: 163): **Геогра́фїа**, **Ѧ̂строно́мїа**, **Канцелла́рїа**. Во писмената практика на Цинот, графемата ***ѧ*** се среќава исклучиво во преписи на постари текстови или делови од нив (в. стр. 142–145 во овој труд).

Во првата половина на 19 век, во бугарскиот писмен јазик доаѓаат до израз цртите на црковнословенскиот правопис дури и кај автори кои се залагале за употреба на народниот говор (Мирчев 1979: 369). Меѓу актуелните прашања во бугарската средина од 19 век се прашањата кои се однесуваат на правописот, односно дали новиот правопис во својата основа треба да го има народниот говор или треба да ги следи правописните правила на црковнословенскиот јазик. Во дискусиите за правописните принципи на бугарскиот јазик се вклучуваат: Петар Берон (Петър Берон/Петър Хаджи Берович), Најден Геров (Найден Геров Добревич), Христаки Павлович (Христаки Павлович Дупничанин), Константин Фотинов (Константин Георгиев Фотинов), Васил Априлов (Васил Евстатиев Априлов), Љубен Каравелов (Любен Стойчов Каравелов), Христо Ботев (Христо Ботьов Петков), Марин Дринов (Марин Стоянов Дринов). Јазичните дискусии што се однесуваат на изборот на јазичните елементи што ќе ја дадат основата на бугарскиот писмен јазик, како и на развојот на правописните принципи, се претставени во овој труд во делот *1.1. Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот* (в. п. стр. 21–30).

Во писменио јазик од првата половина на 19 век присутни се особеностите на црковнословенскиот правопис, кои ги согледуваме и во граматиката на Рилски (1835 г.), но и кај други негови бугарски современици. Потврда за ваквото тврдење, меѓу другото, се специфичните графеми и дополнителните знаци што ги користи и Петар Берон (1799 – 1871) во неговиот *Рибен буквар* (***БУ҃КВА́РЬ СЪ РАЗЛИ́ЧНЫ ПОУ҃ЧЕ́НІѦ***)[312] од 1824 г., кој е пресуден во оформувањето на новобугарскиот писмен јазик (Мирчев 1979: 369). Дополнителни знаци и специфични графеми што се дел од црковнословенската традиција користи и Рилски. Во споредба со писмената практика на Рилски и Берон, Цинот покажува дека е чекор понапред од аспект на модернизацијата на графискиот систем што го користи, употребувајќи некои дополнителни графеми и специфични знаци само при препишување текстови или делови од постари текстови (в. стр. 142–145 во овој труд). Како што е претходно наведено, за некои постари графеми Цинот се изјаснува дека не треба да се употребуваат. Берон ги користи грчките букви омега, ипсилон, тета, пси и кси, лигатурата ѕ, стариот знак *s*. Ја користи и графемата *џ*, иако африкатот *џ* е нов за бугарската кирилица и се среќава во подоцнежни текстови (Мирчев 1979: 369). Исто така, како и Цинот, ги користи ъ и ь во финална позиција: **чи́нъ**, **ѣ́сть**, **наѹ́чатъ**, **па́къ** (Берон 1824: 10); **совѣ́тъ**, **любо́вь**, **до́бръ**, **сто́ришъ** (Берон 1824: 61); **ра́ждатъ**, **ше́сть**, **дне́сь**, **ма́сть**, **голѣ́мъ** (Берон 1824: 113).

Во книгата *Изводъ отъ физикѫ*[313] (*Кратък преглед од физика*) на Најден Геров (1823 – 1900), отпечатена во 1849 г. во Белград, за прв пат во бугарскиот правопис се прави разграничување на употребата на ѫ и ъ имајќи ја предвид етимологијата (Мирчев 1979: 371). Геров (1849: 190–208), во делот што се однесува на гласовите (***Книга трѣтѧ – за гласа или акустика***) започнува од објаснувањето на создавањето на гласовите, а потоа преминува на дефинирањето на различните видови гласови. Од аспект на применетите правописни принципи, ќе се задржиме на начинот на пишување на членските морфеми кај именките и кај придавките – во оваа книга се пишуваат полуслеано, со употреба на цртичка: **трептенїе-то**, **тѣло-то**, **причина-та** (Геров 1849:

[312] <https://www.loc.gov/item/76515894> пристапено на: 15.10.2024 г.
[313] <http://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/983> пристапено на: 20.10.2024 г.

191); **гласъ-тъ**, **въздухъ-тъ** (Геров 1849: 192); **Тврьды-ты**[314], **вода-та**, **вдлъбнѫто-то** (Геров 1849: 193). Од друга страна, во писмената практика на Цинот се најбројни примерите во кои членските морфеми ги пишува слеано со именките и придавките, што претставува важна разлика со неговите бугарски современици: /ПИС: 7 мај 1856/ хрістяныте; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ времето; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ разоренiето; /ПИС: 1 септември 1856/ црквата; /ПИС: 1 септември 1856/ стапалата; /ПИС: 27 август 1856/ Славяныте; /ПИС: 19 октомври 1856/ писмото; /ПИС-2: 23 април 1859/ гласниците; /ПИС: 7 мај 1856/ сладкото; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ возлюбленното; /ПИС: 12 февруари 1868/ србската; /ПИС: 12 февруари 1868/ нашата; /ПИС: 12 февруари 1868/ учените. Ова особено доаѓа до израз во неговите писма, додека во текстовите што се објавени во *Цареградски вестник* се поброjни примерите во кои членските морфеми се запишани полуслеано со именката, односно со придавката: /ПИС: 25 септември 1856/ крепость-та; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ кротость-та; /ПАТ: В/ икона-та; /ПАТ: ЈСС/ зыдары-те; /ПАТ: ОП/ езеро-то; /ПАТ: СДД/ кандила-та; /СДИ: РПЧ-2/ жены-те; /ПАТ: С/ древны-те; /ПАТ: В/ красны-те; /ПАТ: К/ стары-те; /ПАТ: К/ кратовски-те. Ваквата практика на полуслеано пишување може да се објасни како можна корекција извршена од редакцијата на весникот или, пак, како обид на Цинот да го прилагоди својот писмен јазик по бројните забелешки што биле упатувани во врска со неговиот јазичен израз. Членските морфеми во писмениот јазик на Цинот се напишани и разделено во помал број примери кои се дел од текстови објавени во *Цареградски вестник*: /П: ПСУМ/ наука та; /СДИ: РПЧ-2/ деца та; /СДИ: РПЧ-2/ петли те; /СДИ: РПЧ-2/ стреи те; /С: Б-ЛБ-3/ падежи те. Како што е познато, изделувањето на членските морфеми претставува вообичаено правописно правило во овој период.

И Рилски, во својата граматика, членските морфеми ги пишува разделено: **напечáтенiе то**, **потрéбни те**, **начáло то** (Рилски 1835: 71); **Бóлгаре те**, **сúчки те**, **трéто то**, **лúчни те** (Рилски 1835: 150); **злáто то**, **блáто то**, **жúто то** (Рилски 1835: 166). Се среќаваат и формите од следниов тип: **Бóлгарскїатъ** (Рилски 1835: 149); **дáтелныатъ** (Рилски 1835: 150); **члéнатъ**, **родúтелныатъ** (Рилски 1835: 164).

Христаки Павлович (1804 – 1848), авторот на првата бугарска книга со граѓанска азбука (Мирчев 1979: 372) со наслов *Аритметика или наука за броевите*[315] (*Арıѳметıка или наука числителна*[316]), иако е против употребата на еровите во финална позиција, како и против употребата на сите други непотребни графеми, сепак, во неговата писмена практика не е сосема доследен во поглед на наведеното[317]. Во книгата *Аритметика или наука за броевите* речиси не ги употребува јор и јер во крајна позиција: грош, знак (Павлович 1833: 2); человѣк (Павлович 1833: 7); остаток (Павлович 1833: 8); найголем, можат (Павлович 1833: 41); друг, дадат, примѣр, купил, род (Павлович 1833: 55); грош, чинат, требуват (Павлович 1833: 56); аршин (Павлович 1833: 57); щастлив, нещастлив, малолѣтен, долговѣчен, упорит (Павлович 1833: 82); седмичен, праздник, месец, четверток, Понедѣлник, Петок (Павлович 1833: 118) vs тридесеть, седмь, деветьдесеть, то єсть (Павлович 1833: 3); разность (Павлович 1833: 8); часть, зарадь (Павлович 1833: 36); день, кровь, пъть (Павлович 1833: 82); търсишь, найдешь (Павлович 1833: 118). Слични ставови против употребата на некои графеми

[314] **Тврьды-ты** (**тѣла**) – тврдите.

[315] <https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/899> пристапено на: 20.10.2024 г.

[316] Книгата е отпечатена во Белград, во 1833 г.

[317] Непотребните графеми (со мали исклучоци – заб. на Б. Маринова) не се употребуваат само во неговата *Аритметика или наука за броевите*, додека во неговата граматика го применува стариот правопис (Мирчев 1979: 372).

(ъ, ѫ, ѣѫ) има и Цинот[318], но во практиката графемата ъ ја употребува редовно, ѫ ја употребува ретко, додека ѣѫ не се среќава во анализираниот јазичен материјал.

Цинот и неговиот бугарски современик Васил Априлов (1789 – 1847) имаат слична практика во поглед на употребата на еровите во крајна позиција. Априлов во познатата книга *Мисли за сеґашноѿто буґарско учење*[319] (*Мысли за сегашно то бӑлгарско учение*), отпечатена во Одеса, во 1847 г., редовно ги употребува еровите во крајна позиција, но исто така ја употребува и графемата ѫ: составихѫ, можахѫ, показахѫ, рѫкописы, языкъ, мысль[320], животъ (Априлов 1847: 4); Бѫлгаринъ, писменность, безъ, пѫть, печататъ (Априлов 1847: 13); Калоферъ, Пазарджикъ, чинятъ, научатъ, пратихѫ, продолжаватъ, пакъ, завистъ, отъ (Априлов 1847: 45). Графемата ѫ има широка употреба за бележење на темниот вокал во бугарскиот јазик во првата половина на 19 век, а подоцна оваа функција ја преземаат и еровите (Мирчев 1979: 371). Априлов се залага за фонетски правопис и за единствен писмен јазик што ќе се користи во образованието (Мирчев 1979: 373).

Еровите во крајна позиција се среќаваат и кај Марин Дринов (1838 – 1906), чиј правопис е традиционален[321]: Солунъ, нихъ, единъ, историкъ, Вардаръ, Истокъ, споменувѫтъ (Дринов 1869: 34); народъ, громовитъ, добитъкъ, докажемъ, прекратимъ, прегледъ (Дринов 1869: 78); Дунавъ, петь-шесть, езикъ (Дринов 1869: 83). Околу 1870 г. во рамките на бугарската периодика се јавува движење за упростување на правописот чии носители се Љубен Каравелов и Марин Дринов, а слична еволуција се забележува и во цариградските печатени изданија (Андрейчин 1979: 228).

Во писмената практика на Цинот се среќаваат придавски форми што завршуваат на *-ий* , *-ій*, *-ый*, кои може да се толкуваат како влијание на црковнословенскиот и на рускиот јазик: /ПИС: 25 март 1856/ великий; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ простосрдечный; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ ревнивый; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ верный; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ постояный; /ПИС: 27 август 1856/ мраморный; /ПИС: 27 август 1856/ Планинскій; /ПИС: 27 август 1856/ Египетскій; /ПИС: 27 август 1856/ блудный; /ПИС: 27 август 1856/ заблуденый; /ПИС: 1 септември 1856/ младый; /ПИС: 19 октомври 1856/ Ришелевскій (Лицей); /ПИС: 19 октомври 1856/ готовый; /ПИС: 29 декември 1856/ Плачевный; /ПИС: 29 декември 1856/ бѣдный; /ПИС: 15 февруари 1857/ Любезный; /ПАТ: ОКОБП-1/ Славянскый; /ПАТ: ОКОБП-1/ Болгарскый. Ваквите придавски форми што завршуваат на *-ий*[322] се среќаваат во бугарскиот јазик, во делата што ги поврзуваме со најраната преродбенска книжевност и претставуваат важен белег на повисокиот стил на јазикот. Од друга страна, за привржаниците на новобугарската школа, употребата на ваквите форми претставува отстапување од карактеристиките на говорниот јазик и во овој контекст Богоров во првото издание[323] на својата граматика[324] ги користи, додека во второто[325] издание[326] на истата граматика е против

[318] Според Шоптрајанов (1949: 68), книгата *Аріѳметіка или наука числителна* од Христаки Павлович била дел од богата библиотека на Цинот и во неа, на неколку места, било запишано неговото име.
[319] <https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/965> пристапено на: 25.10.2024 г.
[320] Мысль (буг.) – мисла.
[321] Дринов, М. 1869. *Погледъ врьхъ происхожданье-то на блъгарскіи народъ и начало-то на блъгарската исторія* / отъ М. Дринова. Въ Віенѫ у книгопечятн. Л. Соммеровѫ.
<https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/29825> пристапено: на 5.10.2024 г.
[322] Според Попова (1979: 291), ваквите црковнословенски и руски форми на *-ый* (*-ий, -ій*) во бугарскиот јазик се сфаќале како формални соодветници на членуваните форми од народниот јазик што завршуваат на *-ия(т)*. Формите што завршуваат на *-ий* редовно се употребуваат во преродбенската проза сè до 50-тите години на 19 век, по што започнуваат да ги заменуваат членуваните форми на *-ият* (*-ия*).
[323]<https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/750> пристапено на: 7.10.2024 г.
[324] Станува збор за *Пѫрвичка бѫлгарска грамматика*, отпечатена во Букурешт, во 1844 г.

нивната употреба, како и против употребата на еровите во крајна позиција (Попова 1979: 292–293).

Без сомнение, како и кај голем број современици на Џинот во Македонија и во Бугарија, реформата на српскиот јазик и правопис чиј носител е Вук Стефановиќ Караџиќ (Вук Стефановић Караџић) веројатно извршила влијание и врз Џинот. Реформата на Караџиќ претставува антитрадиционалистички настап што е успешно спроведен во српската средина, а имала и свој одраз во развојот на писмените јазици од јужнословенската јазична средина во 19 век, па дури и во 20 век (Конески 1981: 169). Еден од претходниците на Караџиќ е Доситеј Обрадовиќ (Доситеј Обрадовић) кој пишува книги на народен јазик согледувајќи ја важната улога на народниот јазик, а како што е познато, Џинот како пример ја користел Доситеевата *Ижица* за создавањето на *Таблица ѣрваја*.

Како и Џинот, и Доситеј Обрадовиќ во *Ижица*[327] користи јор и јер во крајна позиција: любовь, безъ, єсть, чистъ, постъ, крвь, отъ, младенцемъ (Обрадовиќ 1836: 10); каменъ, потокъ, добаръ, некаквомъ, паметь, сласть, човекъ, вась, данъ (Обрадовиќ 1836: 57); великимъ, разсужденіемъ, часть, хлебь, Богъ (Обрадовиќ 1836: 113); любишъ, оћешъ, готовъ самь, одъ, рођенъ, имамъ, кажемъ, хоћешъ, мучишъ (Обрадовиќ 1836 : 130).

За вистински реформатор на српскиот јазик и правопис се смета Сава Мркаљ (Сава Мркаљ; 1783 – 1833) кој ги отфрлува непотребните графеми и ги менува веќе постоечките графеми или група графеми преку додавање или одземање одделни функции (Младеновић 2019: 126). Реформата на Мркаљ[328] е образложена во книгата ***Сало дебелога ера либо азбукопротрес***[329], отпечатена во 1810 г., во Будим. Мркаљ (1810: 14) ја добива следната азбука: **а, б, в, г, д, є, ж, з, и, і, к, л, м, н, о, п, р, с, т, у, ф, χ, ц, ч, ш, ь**. Како и голем број негови современици, вклучувајќи го и Џинот, иако предлага реформа, сепак, во неговата книга се употребуваат некои од графемите што, според него, треба да се отфрлат[330]: **рѣчи**, рѣчни, **сирѣч**, **разумѣвасе** (Мркаљ 1810: 2); **нїе**, **примѣр** (Мркаљ 1810: 5); **показую**, **дреманѣ**, **требую** (Мркаљ 1810: 6); **Славянски** (Мркаљ 1810: 9); **ѱалму**, **помно** (Мркаљ 1810: 10); но и: **вешти** (Мркаљ 1810: 1); **сообштава** (Мркаљ 1810: 2). Согласката *ђ* ја предава со ***дь***: **тудьу** (Мркаљ 1810: 3); **такодьер** (Мркаљ 1810: 5). Согласката *ћ* ја предава со ***ть***: **Третьи** (Мркаљ 1810: 9); **Мразовитьа** (Мркаљ 1810: 10); **свети Тьирило**[331], **веть** (Мркаљ 1810: 11). Мркаљ во оваа книга претставува и список на графемите што во моментот на издавањето на книгата се користат за пишување на српски јазик (Мркаљ 1810: 6): **а, б, в, г, д, є, ж, ѕ, з, и, ї, к, л, м, н, о, п, р, с, т, ѳ, у, ф, χ, ѿ, ц, ч, ш, щ, ъ, ы, ь, ѣ, ѥ, ю, ѡ, ѧ, ѫ, ѯ, ѱ, ѳ, ѵ**. Се изјаснува дека е против употребата на јор – според него, нема потреба од оваа графема затоа што не покрива реален глас (Мркаљ 1810: 13): „**За дебело ер (ъ) не треба**

---

[325] <https://sever.libraryvt.com//bg/lister.php?iid=DO-8S0003223> пристапено на: 7.10.2024 г.

[326] Станува збор за *Пѫрвичка бѫлгарска словница*, отпечатена во Истанбул, во 1848 г.

[327] <https://digitalna.nb.rs/view/URN:NB:RS:SD_4CB1563D6E6E03BBED1E3449439DAF74> пристапено на: 10.10.2024 г.

[328] Во *Предѣговорѡ̄т* (***Предисловїе***) на својата книга (Мркаљ 1810), уште на првата страница, го истакнува придонесот на Доситеј Обрадовиќ за српскиот писмен јазик, меѓу другото, и за тоа што Обрадовиќ започнал со отфрлање на јор во некои случаи.

[329]<https://digital.bms.rs/ebiblioteka/pageFlip/reader/index.php?type=publications&id=4107&m=2#page/1/mode/2up> пристапено на: 10.10.2024 г.

[330] Ги отфрла следните графеми (Мркаљ 1810: 14): **ѕ, ѳ, ѿ, щ, ы, ѣ, ѥ, ю, ѡ, ѧ, ѫ, ѯ, ѱ, ѳ, ѵ**.

[331] Се однесува на свети Кирил.

ни да говоримо. Никаков бо не представлѧ гласчить, писме ние, и никад потребе от нѣга не имасмо.“ Потоа го поставува прашањето за употребата на јер (Мркаљ 1810: 13): „**No што тьемо из танкога ера (ь), задержати га или отбацити; кад ни оно писме ние? – Колико се до мога мнѣниѧ каса, требало би нам писмена дь, ль и нь (као што имамо ть)** (...) **Тако би азбука наша добила 29 писмена, измедьу кои никаково многозвучно, никаково звукопремѣнльиво, замѣньливо или сложено било не би.**“

Од аспект на предавањето на специфичните графеми во писмената практика на Мркаљ, диграфите **ть**, **дь**, **ль**, **нь** ги означуваат согласките *ћ*, *ђ*, *љ*, *њ*, додека графемата **і** („десетерично *и*“) се користи за обележување на согласката *j* во сите позиции во зборот: **ньима, медьу** (Мркаљ 1810: 1); **бу҃дутьи** (Мркаљ 1810: 5); **видльивост** (Мркаљ 1810: 11); **Іели не из смисла и слога ріечи?** (Мркаљ 1810: 16). Во споредба со Мркаљ, Цинот ги предава специфичните гласови *ѓ*, *љ*, *њ*, и *ќ* на следниве начини[332]:

ѓ = жд, ді, ђ, г, (г)ю[333];
љ = лѣ, ля, ль, лю;
њ = нѣ, ня, нь(я);
ќ = к, кя, кі, ћ, ћя.

Како што е познато, Караџиќ во два наврати ја усовршувал српската азбука – во 1814 г. и во 1818 г. со намера целосно да го спроведе фонетскиот принцип[334] поаѓајќи од реформираната азбука на Сава Мркаљ (Чигоја 2010: 535; Младеновиħ 2010: 317–318). На овој начин, Караџиќ, отфрлувајќи ги непотребните графеми, успева да создаде азбука која содржи 30 графеми. Во неговата *Писменица* (*Писменица сербскоѓа ıезика, по ѓовору проспоѓа народа*[335]), Караџиќ (1814: 9) нагласува дека српската азбука содржи онолку графеми колку што му се потребни на српскиот јазик и го предава списокот на графемите:

„Сад наша Азбука, или, како прос**т**и Сербльи по Сербиїи и по Херцеговини говоре, Б у к в и ц а, има 29 писмена, медьу коїима ни їедно ни їе сувише, ни їедно звукопремїенливо, ни**т**и коїе недос**т**аїе, него и їе **т**аман онолико, колико своїс**т**во Сербског їезика изискуїе: а, б, в, г, д, дь, е, ж, з, и, ї, к, л, љ, м, н, њ, о, п, р, с, **т**, ћ, у, ф, х, ц, ч, ш.“

На азбуката се задржува и во познатиот *Срп̄ски рјечник*[336] (*СРПСКИ РЈЕЧНИК, ис**т**олкован ЊЕМАЧКИМ И ЛАТИНСКИМ РИЈЕЧМА*) од 1818 г. Во врска со азбуката, Караџиќ истакнува (1818: XXIX): „У Српском језику има 28 прос**т**и гласова (**т**. ј. **т**ако чис**т**и, да се више не могу раздијели**т**и), који се најпаме**т**није могу записа**т**и ево овим словима: а, б, в, г, д, ђ, е, ж, з, и, ј, к, л, љ, м, н, њ, о, п, р, с, **т**, ћ, у, ц, ч, џ, ш.“ Понатаму, тој се задржува на употребата на одделни графеми. Истакнува дека графемата *х* треба да се употребува за пишување туѓи зборови, а секако и за словенски и за руски зборови (Караџиќ 1818: XXXIV): „Ис**т**ина да у Српском језику нема ни једне ријечи, ђе би се *х* изговарало, али га опе**т** морамо узе**т**и за **т**уђе ријечи (овђе

[332] Бележењето на специфичните гласови во писмената практика на Цинот е дадено во делот *2.3. Пишување на соѓласкиш̄е*.
[333] Цинот ја изостава почетната графема *ѓ* на диграфот *ѓю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на согласката *ѓ*.
[334] Во 1814 г. ги воведува графемите *ћ*, *љ*, *њ* и *ѳь*, а во 1818 г. – *ђ*, *џ* и *ј*, со што ја завршува реформата на српската кирилица и создава совршена азбука според принципот *еѳен ѓлас – еѳна буква* (Грбиħ 2014: 62).
[335] <http://www.digitalna.nb.rs/view/URN:NB:RS:SD_02F04265A5384CE4D4DAEFE93E800D67#page/0/mode/1up> пристапено на: 18.8.2024 г.
[336] <https://archive.org/details/srpskirjecnik00kara/page/n5/mode/2up> пристапено на: 22.9.2024 г.

треба разумјети и саме Славенске и Росијске ријечи, које ми сад узимамо, н. п. воздух; ја овђе нити би смијо уписати возду, ни воздуг, ни воздуј, ни воздук: зашто онда нити би била ријеч наша ни Росијска), као и *ф*.“ Слична забелешка има и за графемата *ф* (Караџиќ 1818: XXXIII–XXXIV): „Но будући да у нашему језику има ријечи Турски, које се изговарају са *ф* (н. п. ћерћеф, аферим, седеф и т. д.) (...) зато ћемо и ми узети *ф* међу наша слова.“ За Караџиќ, графемата *ь* не означува никаков глас, туку претставува знак со кој се врши смекнување: „Није (данас) слово никакво, него је знак, који умекшава полугласна слова, н. п. учитель, конь, лебедь, радость чати се учитељ, коњ, лебеђ, радосћ, и т. д. У старим књигама Славенским нема ниђе дебелога јера (ъ) него свуда мало (ь) н. п. вь заповћдехь твоихь; кь заповћдемь твоимь (...)“ (Караџиќ 1818: XXXIV–XXXV).

Обележувањето на самогласното *р* Караџиќ го објаснува на следниот начин (1818: XXIX–XXX): „Кад *р* чини слог, а пред њим, или за њим, стоји самогласно слово, онда нам треба метнути дебело јер (ъ) између *р* и самогласнога слова, како знак, да оно самогласно слово не иде к *р*, него да је *р* само за себе слог, н. п. гр - о - це, у - мр - о, о - вр - а - о, за - р - за - ти, по - р - ва - ти се, и остале овакове ријечи треба писати: гръоце, умръо, овръао, заързати, поървати се и т. д. Овђе би се могао метнути и какав други знак мјесто ъ, н. п. гр’оце, или гр-оце, или још како друкчије; али је ъ најприличније зашто је познато међу људма, да ништа не значи.“

Табела бр. 1: Споредба на начините на предавање на самогласното *р* во писмената практика на Вук Караџиќ и Јордан Хаџи Константинов-Џинот

Начини на предавање на самогласното *р* во писмената практика на Вук Караџиќ[337]		Начини на предавање на самогласното *р* во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот	
ер	Сербскога (Караџиќ 1814: 1)	*р*	/ПАТ: ОКОБП-1/ црква
	садержава (Караџиќ 1814: 1)		/ПИС-4: 12 јуни 1856/ срце
	држао (Караџиќ 1814: 3)		/ПИС: 9 октомври 1856/ први
	задержао (Караџиќ 1814: 4)	*р’*	/ПИС: 19 октомври 1856/ др’жи
	дерва (Караџиќ 1814: 46)		/ПИС: 1 септември 1856/ бр’зо
	дерво (Караџиќ 1814: 48)		/ПИС: 9 октомври 1856/ Ср’бски
	первоме (Караџиќ 1814: 75)	*’р*	/П: ЖИМ/ м’ртовъ
	први (Караџиќ 1814: 82)	*ър*	/ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце
	Церної (Караџиќ 1814: 105)		/ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ
р	крв (Караџиќ 1818: XLI)		/ПАТ: ЈСС/ Говърлево
	крвљу (Караџиќ 1818: XLI)	*ьр*	/ПАТ: ЦГС/ Цьрна
	дрва (Караџиќ 1818: XLI)	*ер* *ер*	/ПИС 25 септември 1856/ жертва
	дрвета (Караџиќ 1818: XLI)		/П: ТИ/ сердце
	дрвена (Караџиќ 1818: XLII)		/ПИС: 12 февруари 1856/ смерть

[337] Примерите во дадената табела произлегуваат од делата *Писменица* (1814 г.) и *Срйски рјечник* (1818 г.) од Вук Караџиќ.

р	брз (Караџиќ 1818: XLII)	*ре*	/ПИС: 1 септември 1856/ крестовидно
	први (Караџиќ 1818: XLII)		/СВЧ-1/ древо то (‘дрвото’)
	црвени (Караџиќ 1818: XLII)		/ПАТ: ОКОБП-1/ (храмъ Св. Іоанна) Крестителя
	Српски (Караџиќ 1818: XLIV)		
	четвртог (Караџиќ 1818: XLIV)	*ро*	/ПАТ: ОКОБП-1/ безкровная (‘бескрвна’)
	трче (Караџиќ 1818: LIII)		/С: БП/ хладнокровіе
	Грчки (Караџиќ 1818: LIV)	*жр*	/ПАТ: ОКОБП-2/ (Обытель) Зжрзе (‘Зрзе’)
	црква (Караџиќ 1818: 890)		

Како што е претходно наведено, Цинот го предава самогласното *р* на повеќе начини (*р*, *р’*,*’р*, *ър*, *ьр*, *ер*, *ре*, *ро*, *жр*), но најбројни се примерите во кои самогласното *р* го пишува без придружна буква (*р*). Кај Караџиќ, споредувајќи ги двете дела од 1814 и 1818 г., лесно се воочува тенденцијата самогласното *р* да се пишува без придружна буква.

Во споредба со Караџиќ и со Мркаљ, Цинот користи многу повеќе графеми и диграфи во својата писмена практика за обележување на гласовите во македонскиот јазик (в. стр. 72 во овој труд).

Графемата *ѣ*, која се среќава во писмената практика на голем дел од српските современици на Цинот, е дел и од писмената практика на Цинот. Тој редовно ја користи кај презимињата што во српската јазична средина завршуваат на *-ѣ*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Х. Трајковиѣъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ (Браћа) Поповиѣи (‘браќата Поповиќ’); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Г. Стефанъ Верховиѣ (не се употребува јор/јер во крајна позиција); /ПИС-1: 4 декември 1858/ Якшиѣъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Неманиѣи (се однесува на српската династија Неманиќ); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ Лю ! бо ! ми ! ра ! П! Не! на ! до ! ви ! ѣа! (*Ненадовиѣа* – зборформата содржи падежна наставка); /С: Б-ЛБ-4/ Караџиѣа (зборформата содржи падежна наставка); /ПИС: 4 септември 1856/ Кралевиѣа (зборформата содржи падежна наставка); /ПИС: 19 октомври 1856/ (Заповѣдай Брате В.) Якшиѣе (вокативна форма). Исто така, со графемата *ѣ* се пишува и името на месноста Сливовиќ (месност во општина Чучер-Сандево, во близина на Скопска Црна Гора): /ПИС: 1 септември 1856/ Сливовиѣъ.

Оваа графема се среќава и во рамките на именките, во различна позиција на зборот, главно за обележување на гласот *ќ* или, поретко, за бележење на српското *ѣ* во зборови преземени од српскиот јазик: /ПИС: 12 февруари 1856/ браћа (‘браќа’); /ПИС-1: 9 септември 1856/ собраћа (со употреба како именска форма); /ПИС-1: 28 април 1856/ Браћа; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ Браћа (мой); /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (Сладкій ми) Браћо; /ПИС: 6 јануари 1857/ ћућа (‘куќа’); /ПИС: 6 јануари 1857/ поћућнина[338] (‘покуќнина’); /ПИС: 1 јули 1877/ кућа (‘куќа’); /ПИС: 1 септември 1856/ (200) кући; /ПИС: 19 октомври 1856/ (годишна) плаћа (‘плата’); /ПИС: 19 октомври 1856/ помоћъ (’помош’); /ПИС-1: 4 декември 1858/ помоћъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ (Скоро мои) Браћо; /ПИС-1: 23 април 1859/ плаћа; /А-2/ нећатъ. Кога станува збор за графемата *ѣ*,

[338] Формите *ћућа* (vs *кућа*), *поћућнина* (vs *покућанство*), како и колебањето во поглед на употребата, покажуваат дека Цинот е почетник во изучувањето на српскиот јазик. Овие примери, исто така, може да се толкуваат и како хиперкоректност.

што се среќава кај современиците на Џинот од српската јазична средина, треба да имаме предвид дека оваа графема во писмената практика на македонска територија се јавува уште во 16 век, а не е исклучено таа да се употребувала и порано (Стаматоски 1986: 26).

Меѓу позначајните моменти од животот на Џинот, што е во тесна врска со неговиот писмен јазик, е моментот кога тој најавува дека сака да го промени својот писмен јазик што го користи во соработката со *Цареградски вестник*. Така, со писмото од 9 февруари 1855 г., упатено до Белградското читалиште, бара да му дадат „една Српска граматика синтаксическа, и една Логика... и една свеска Шумадинка... Ова искам за да преокренам правописо ми на српски“ (Димитровски 1983б: 54). Од направените споредби може да се заклучи дека Џинот свесно го менува својот правопис во зависност од намената на текстот и во зависност од тоа со која научна или друга општествена институција од Србија или од Бугарија соработува. Во анализираниот јазичен материјал, во текстовите што се објавени во *Цареградски вестник*, како и во писмата од 30 август 1876 г. и 5 јуни 1877 г., испратени до пријател на Џинот од Македонија, речиси не среќава графемата *ѣ*[339], а ретки се и србизмите. Во писмото од 1 јули 1877 г., упатено до истиот пријател на Џинот, графемата *ѣ* ја употребува само еднаш: /ПИС: 1 јули 1877/ кућа.

Во јазичните ставови на Џинот се одразени влијанијата на процесот за упростување на правописот на српскиот писмен јазик кој бил во поодминатa фаза, а значајно влијание имаат и јазичните дискусии во Бугарија со иста цел – модернизација на азбуката на бугарскиот писмен јазик. Во оваа насока, обидите за упростување најдобро се согледуваат во неговите намери да се отфрлат од употреба графемите *ъ*, *ѫ*, *ьѫ*, но и во бележењето на самогласното *р* затоа што Џинот прв во својата практика заклучува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна буква и ваквата негова практика е наследена и од страна на Мисирков, а присутна е и во денешниот современ правопис на македонскиот јазик (Конески 1986: 23). Во текстовите што се објавени во *Цареградски вестник* се воочуваат повеќе сличности со бугарските современици (особено во начинот на пишување на членските морфеми). Ваквата сличност веројатно се должи на интервенциите од страна на редакцијата на весникот по бројни забелешки што се однесуваат на јазикот на Џинот. Во писмата што се упатени до соработници на Џинот кои се членови на Друштвото за српска словесност се забележува употреба на србизми, но и на одредени графеми што во конкретните примери ги поврзуваме со српскиот јазик од тоа време: /ПИС: 1 септември 1856/ зграђа (срп. *грађа* – граѓа, материјал, документи, податоци и сл.): /ПИС-1: 4 декември 1858/ помоћъ.

Нема сомнение дека Џинот поаѓа од македонската јазична реалност во решавањето на правописните прашања. Во неговата практика се согледуваат некои јазични тенденции што се типични за времето во кое живее, како што се употребата на еровите во крајна позиција и начинот на предавање на специфичните гласови, но лесно се извлекува заклучокот дека поаѓа од македонската јазична реалност бидејќи не ги зел готовите решенија за бројните правописни предизвици ниту од бугарските, ниту од српските современици.

[339] Во анализираниот јазичен материјал што е објавен во *Цареградски вестник*, графемата *ѣ* се среќава во пишувањето на презимето на еден од противниците на Вуковата реформа – д-р Јован Стејић (Јован Стејић): /С: Б-ЛБ-3/ Дръ. Іоаванъ Стеићъ.

5. Заклучни согледувања

Јордан Хаџи Константинов-Џинот се вбројува во првите македонски интелектуалци од 19 век кои го отвораат прашањето за идниот писмен јазик, со што дава голем придонес во интензивирањето на македонистичкото движење во осумдесеттите години на 19 век. Во докторскиот труд со наслов *Правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во споредба со неговите современици* е докажан стремежот на Џинот за упростување и модернизација на правописните правила, со што се потврдуваат поставените хипотези (главната – 1 и дополнителната – 2) кои беа појдовни точки во истражувањето:

1. *Јордан Хаџи Константинов-Џинот, како еден од првите што го отворил прашањето за писменио̄т јазик во Македонија, има значајно место во развојот на македонскиот писмен јазик.*

2. *Може да се следи придонесот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во оформувањето на македонскиот писмен јазик преку ставовите за модернизација и упростување на правописот и преку употребата на живиот народен говор*.

Кога зборуваме за сложените процеси што се во насока на модернизација на македонскиот правопис, не треба да ги заборавиме и веќе започнатите, па дури и речиси завршените процеси на стандардизација на писмените јазици на балканските словенски и несловенски народи. Земјите кои порано стекнале одредена автономија, во почетокот на 19 век веќе успеале да решат значајни прашања поврзани со стандардизацијата и оформувањето на своите национални, односно народни писмени јазици, додека оние кои останале под подолг османлиски притисок заостанале во овој сложен процес.

Грција е првата држава на Балканот која успешно се ослободува од османлиското владеење и воспоставува автономија. Во почетокот на 19 век, во Грција е актуелно познатото грчко јазично прашање (грч. *το γλωσσικό ζήτημα*) кое се однесува на изборот на идниот писмен јазик, а дебатата е насочена кон тоа дали народниот грчки јазик – димотики (грч. *δημοτική*) е соодветна основа за националниот писмен јазик или улогата треба да ја преземе катаревуса (грч. *καθαρεύουσα*) – конзервативна верзија на новогрчкиот јазик, создадена кон крајот на 18 век како компромис меѓу старогрчкиот и современиот народен јазик. Албанците не се соочуваат со истите проблеми како другите балкански народи, бидејќи немаат долга писмена традиција, иако низ историјата користеле повеќе азбуки. Во втората половина на 19 век, со почетокот на албанското културно и национално будење, започнуваат првите обиди за стандардизација на јазикот и покрај постоечките предизвици од различните дијалекти и азбуки.

Македонскиот, српскиот и бугарскиот јазик покажуваат разлики и сличности во процесот на стандардизација сфатен како нормализација на правописната, фонетската, граматичката и лексичката норма на писменио̄т јазик што се одвива во текот на 19, односно 20 век (Спасов и др. 2022: 62). Од големо значење за стандардизацијата на српскиот јазик, но и на бугарскиот и на македонскиот јазик, е реформата на Вук Караџиќ која кај Бугарите и кај Македонците поттикнува засилена дебата за упростување и модернизација на правописот.

Македонските текстови со грчко писмо имаат значајна улога во развојот на македонскиот писмен јазик, особено во деловите на Македонија кои биле под силно грчко културно и општествено влијание. Во овие текстови се користи прилагодениот грчки алфавит, така што кирилицата престанала да се употребува активно. Клучен фактор во изборот на графемите од грчкиот јазик е изговорот – се избира графемата

која најмногу одговара на изговорот на соодветниот глас во македонскиот јазик, а доколку е потребно, се применуваат комбинации од графеми и/или дополнителни знаци. Македонските текстови напишани со грчко писмо ја истакнуваат употребата на македонскиот народен јазик, што има значајна улога во развојот на идниот писмен јазик и во намалувањето на влијанието на црковнословенскиот јазик бидејќи доаѓа до прекин на црковнословенската писмена традиција.

Во втората половина на 19 век, во Македонија, постојат две различни гледишта за создавањето на писмениот јазик. Според застапниците на првото гледиште (меѓу кои е и Јордан Хаџи Константинов-Џинот), потребно е да се создаде заеднички македонско-бугарски јазик во кој ќе преовладуваат елементите на македонскиот јазик, додека застапниците на второто гледиште промовираат идеја за оформување на посебен македонски писмен јазик. Покрај ова, се поставуваат и прашањата за македонскиот правопис. Јордан Хаџи Константинов-Џинот е еден од првите што отвораат дискусија за правописните прашања, додека Константин Петкович се издвојува како еден од главните носители на идејата за упростување на правописот на македонскиот писмен јазик. Во овој период навлегува и руската граѓанска азбука, позната под името гражданка, која ја согледуваме и во писмениот јазик на Џинот.

Јазичниот материјал што е предмет на анализа во овој труд произлегува од различни видови текстови кои се објавени во различни публикации и во различни периоди од животот на Џинот. Со цел да се избегнат потенцијалните корекции од редакцијата на познатиот неделник *Цареградски вестник* (*Цареградски вѣстникъ*), каде што Џинот објавил значителен дел од своите текстови, вниманието е насочено кон неговите писма што се објавени од Х. Поленаковиќ во 1955 и 1971 г. (Поленаковиќ 1955; Поленаковиќ 1971б). Писмата од 1876, 1877 и 1878 г. се сметаат за дел од подоцнежните записи на Џинот, со оглед на тоа што неговиот живот завршува во 1882 г. Тие ја рефлектираат состојбата на неговиот писмен јазик од периодот кога веќе надминал многу јазични и правописни дилеми. Покрај писмата, анализата вклучува и други материјали: оригинални записи на Џинот во ракопис што се чуваат во Бугарскиот историски архив во Софија, текстови од периодот 1851 – 1859 г. кои се објавени во *Цареградски вестник*, еден текст од весникот *Македонија* (*Македония*) од 1926 г., како и две збирки афоризми објавени од Х. Поленаковиќ во 1954 г. (Поленаковиќ 1954б). Во анализата не се вклучени текстовите што се предадени според современиот правопис на македонскиот јазик. Исто така, не се земени предвид ниту текстовите што се објавени како анонимни во *Цареградски вестник*, но кои според јазикот, стилските карактеристики и другите обележја му се припишуваат на Џинот.

Анализата на избраните писма, литературни и публицистички текстови покажува дека Јордан Хаџи Константинов-Џинот за означување на гласовите во македонскиот јазик го користи следниот инвентар на графеми:

Табела бр. 1: Инвентар на графеми што ги употребува Јордан Хаџи Константинов-Џинот за обележување на гласовите во македонскиот јазик

а А	б Б	в В	г Г	д Д	жд Жд, ді Ді, (г)ю (Г)ю	е Е, є Є, Э	ж Ж
з З	и И, ы Ы, і І, ѵ І, ї Ї, ьі	ј Ј	й Й	ѣ Ѣ	я Я	к К	л Л, ъл, лъ, л’
ль Ль, лѣ Лѣ, ля Ля, лю Лю	м М	н Н	нѣ Нѣ, нь(я) Нь(я), ня Ня	о О	п П	р Р	р’, ’р, ър, ьр, ре, ер, ро, жр
с С	т Т, t	кя Кя, ћя Ћя, кі Кі	ћ Ћ	у У	ф Ф	х Х	ц Ц
ч Ч	џ Џ	дж Дж	ђ Ђ	ш Ш	щ Щ	ю Ю	ѳ Ѳ
ѧ, ѩ	ъ Ъ	ь Ь	ѫ Ѫ				
Постари графеми и други знаци со ретка употреба во преписи на (делови од) постари ракописи	ѡ, ѷ, ѕ, ѹ̂, ѹ̈, ґ, ѵ̆, ѽ, ѧ, ѥ, ◌͡◌						

Анализата на јазичниот материјал покажува дека Јордан Хаџи Константинов-Џинот се залага за модернизација и упростување на правописот, но во практиката не го реализира целосно тоа за коешто се залага декларативно. Од аспект на модернизацијата и упростувањето на правописот, сепак, направил многу имајќи ги предвид сите околности, вклучувајќи ги и влијанијата на руската и црковнословенската традиција, јазиците со кои бил во контакт – српскиот и бугарскиот јазик, како и тешките услови за живот и работа во бурниот 19 век. Од анализата на јазичниот материјал и од направените споредби произлегоа следните заклучоци:

1. Врз основа на инвентарот на графемите, може да се заклучи дека Џинот, во својата писмена практика, користи седумдесетина писмени знаци (вбројувајќи ги сите дифграфи и графемите со правописниот знак апостроф) за означување на гласовите во македонскиот писмен јазик од педесеттите до осумдесеттите години на 19 век.

2. За обележување на самогласката *е* најчесто се користи графемата *е* (*е*, *Е*), а поретко ја употребува графемата *є* (*є*, *Є*) која ја поврзуваме со руската граѓанска азбука и која во 19 век се користела и во српскиот јазик сè до реформите на Вук Караџиќ: /ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПАТ: СОСНМП/ елекъ; /С: Б/ Етна; /ПИС: 25 март 1856/ Списаніє; /ПИС: 27 август 1856/ єсть. Во помал број случаи, за означување на гласот *е* се користи уште една графема што била дел од руската граѓанска азбука од 18 век, а активно се користела и во 19 век – графемата *Э*. Оваа графема се среќава во почетна позиција на зборот и исклучиво како голема буква: /ПИС-2: 28 април 1856/ Энглези-те; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Эмманоила (царя).

3. Гласот *и* се бележи со шест различни графеми: *и И*, *ы Ы*, *і І*, *ї Ї*, *ѵ І*, *ьі*: /С: И/ Именникъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ други; /ПАТ: П/ монасы; /ПАТ: ОКОБП-1/ книгы; /ПИС: 23 февруари 1857/ важны; /ПИС-2: 12 јуни 1856/ изгубены; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ исписаны; /ПАТ: ЉПТ/ Кавадарцы (Говедарцы); /ПИС: 19 октомври 1856/ пытамъ; /ПИС: 6 јануари 1857/ причыны; /ПАТ: ОКОБП-1/ Іустиніанъ; /ПАТ: ОКОБП-1/, /ПАТ: ОКОБП-2/ Описаніе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе; /П: РВ/ търговцьі. Како и некои негови современици, меѓу кои и Неофит Рилски (Рилски 1835), графемата *ы* ја употребува како множинска наставка кај именките и кај придавките, а се среќава и во множинските форми на глаголските придавки.

4. Самогласното *р* Џинот го предава на повеќе начини (*р*, *р’*,*’р*, *ър*, *ьр*, *ер*, *ре*, *ро*, *ѫр*), но најбројни се примерите во кои самогласното *р* го пишува без придружна буква (*р*): /ПИС-4: 12 јуни 1856/ срце; /ПИС: 30 август 1876/ трговцы; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кр’сточва; /ПАТ: ОКОБП-1/ Тр’ново; /ПАТ: СОДРСБ/ см’рть; /П: ЖИМ/ м’ртовъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце; /ПИС: 1 јули 1877/ търнѣ; /ПАТ: ОКОБП-1/ жертва; /П: ТИ/ сердце; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна; /СВЧ-1/ древо то; /ПИС: 1 септември 1856/ крестовидна; /ПАТ: ОКОБП-1/ безкровная; /С: БП/ хладнокровіе; /ПАТ: ОКОБП-2/ Зѫрзе (‘Зрзе’); /ПАТ: ЦГС/ Бѫрдовцы (се однесува на с. Бардовци, Скопско). Според Конески (1986: 23), Џинот прв во својата практика утврдува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна графема, а ваквата негова практика е продолжена од Мисирков и е интегрирана во правописот на современиот македонскиот јазик. Ваквата практика на пишување на самогласното *р* се среќава и кај Вук Караџиќ, што укажува на тоа дека можеби станува збор за влијание од неговите правописни принципи.

5. Јордан Хаџи Константинов-Џинот во своите текстови ги употребува графемите *я* и *ѣ* (*я* = *ја*; *ѣ* = *је*; *ѣ* = *е*; *ѣ* = *ја*): /ПИС: 12 февруари 1856/ дѣло; /С: БП/ Нарѣчіе; /ПИС: 30 август 1876/ піенѣ; /ПИС: 12 февруари 1868/ истраживанѣ; /ПИС: 25 септември 1856/ гроздѣ (форма на збирната множина); /С: БП/ языкъ; /ПИС: 7 мај 1856/ Янина; /ПАТ: ОКОБП-1/ Касторія; /ПИС: 19 октомври 1856/ Помпея; /ПИС: 30 август 1876/ поученія; /ПИС: 9 февруари 1855/ хронологія; /ПИС: 9 февруари 1855/ Географія; /С: БП/, /ПИС: 25 септември 1856/ моя; /ПИС: 1 септември 1856/ коя; /ПАТ: ОКОБП-1/ Краля (зборофомата содржи падежна наставка). Графемата *ѣ* ја пишува на нејзиното етимолошко место под влијание на црковнословенскиот правопис и претставува важен дел од практиката до средината на 19 век, додека графемата *я* ја поврзуваме со руската граѓанска азбука.

6. Џинот, декларативно, се залага за отфрлање на три графеми што се дел од црковнословенската традиција – *ъ*, *ѫ* и *ьѫ*, но во својата писмена практика, по традиција, редовно ги користи графемите *ъ* и *ь* во финална позиција на зборот – по согласка. Оваа практика се забележува кај сите видови зборови (менливи и неменливи): /ПИС-1: 9 септември 1856/ любовь; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ честь; /ПИС: 12 февруари 1856/ чисть; /ПИС: 1 јули 1877/ нашь; /ПИС: 27 август 1856/ имѣеть; ПИС-2: 28 април 1856/ оть; /ПИС: 25 септември 1856/ Пасошъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ Прилепъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 27 август 1856/ нашъ; /ПИС: 4 септември 1856/ готовъ; /ПИС: 23 февруари 1857/ шестъ; /ПИС: 29 декември 1856/ вамъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ учамъ; /ПИС: 25 септември 1856/ имамъ; /ПИС: 25 септември 1856/ безъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ заръ; /ПИС: 15 април 1856/ унапредъ; /С: БП/ напоконъ (срп. *напокон* – најпосле); /ПИС-2: 28 април 1856/ аманъ (извик за изразување молба за милост, помош).

7. Графемата *ѫ* ја користи многу ретко и тука во најголем степен се гледа осовременувањето на графискиот систем: /ПАТ: ОП/ хвѫрлили (‘фрлиле’); /ПАТ: ОКОБП-1/ Дебѫрца; /ПАТ: ОКОБП-2/ Зѫрзе; /ПАТ: ЉПТ/ дѫлга (‘долга’); /ПАТ: СДД/ дѫлбока; /П: РБ/ бѫдро (‘бодро’). Во поголем дел од примерите, графемата *ѫ* се користи за обележување на самогласното *р* и самогласното *л*, при што таа, како придружна графема, добива улога на темен вокал (*ă*). Графемата *ьѫ* не се среќава во анализираниот материјал освен во случаите кога Џинот повикуваа таа да не се употребува во писмената практика.

8. Специфичните гласови *ѓ́*, *ќ*, *љ* и *њ* ги предава на следниот начин:

Табела бр. 2: Бележење на гласовите *ѓ*, *ќ*, *љ* и *њ* во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот

ѓ = жд, ді, ђ, г, (г)ю[340]	/С: БП/ между; /ПИС: 5 јуни 1877/ діаволътъ; /ПИС: 1 септември 1856/ зграђа; /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПАТ: СОСНМП/ Гюргіовдень; /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія (*ѓумрукчија* – цариник; тур. *gümrük* – царинарница)
љ = лѣ, ля, ль, лю	/ПИС: 27 август 1856/ пепелѣ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплѣ; /ПИС: 5 јуни 1877/ лѣностьта; /ПИС: 9 февруари 1855/ хиляда; /ПИС-2: 28 април 1856/ воля; /ПИС-2: 28 април 1856/ учительство; /ПИС: 19 октомври 1856/ пріятельството; /ПИС: 25 март 1856/ любопитство; /ПИС: 25 септември 1856/ Любанцы
њ = нѣ, ня, нь(я)	/ПИС: 12 февруари 1868/ рукоплесканѣ; /ПИС: 30 август 1876/ яденѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /ПИС: 12 февруари 1856/ князевы; /ПАТ: В/ Пчиня; /ПАТ: ЉПТ/ свиня; /П: ТИ/ дѣчиня; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бошньякъ; /ПИС: 30 август 1876/ конь; /ПИС: 25 септември 1856/ Обявленье
ќ = к, кя, кі, ћ, ћя	/ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПАТ: ОКОБП-2/ керки; /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПИС: 25 септември 1856/ ке поможатъ; ПИС: 12 февруари 1856/ пракямъ; /ПАТ: С/ бракя; /СДИ: СВЧ-2/ кукя; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила (зборофомата содржи падежна наставка); /ПИС-1: 4 декември 1858/ Якшићъ; /ПИС: 1 септември 1856/ кући (‘куќи’); /А-2/ нећатъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраћямъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ ће чинамъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ повеће; /ПИС: 4 септември 1856/ највеће

9. Графемата *s* не се среќава ниту еднаш, а Џинот ја употребува *з* во сите позиции каде што според денешниот правопис се користи *s*: /ПИС: 19 октомври 1856/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-2/ зиданъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ зидовы; /ПАТ: ЈСС/ зыдары-те; /ПАТ: ОКОБП-1/ звѣзда; /ПИС: 27 август 1856/ звона (‘sвона’; множинска форма на именка); /ПИС-1: 23 април 1859/ се обзирамъ; /ПИС: 27 август 1856/ зѣло (стсл. ѕѣло – мошне).

10. Џинот ја користи графемата *ј* за означување на согласката *ј* во следните случаи: /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ (vs /ПАТ: ЉПТ/ Іорданъ); /ПИС: 1 јули 1877/ Јисусъ Хрістосъ; /ПИС: 1 јули 1877/ Јуда; /ПИС: 6 јануари 1857/ Јануарій; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ (да си) појавите. Гласот *ј* го бележи и на вообичаен начин – со *й*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ той; /ПИС: 9 февруари 1855/ овой; /ПИС-1: 9 септември 1856/ край; /ПИС: 30 август 1876/ рай; /ПИС: 25 септември 1856/ чай; /СДИ: РПЧ-1/ Благой; /ПИС-1: 23 април 1859/ Василій; /ПИС: 5 јуни 1877/ немайки; /ПИС-2: 7 јуни 1856/ найстары; /ПИС: 12 февруари 1856/ пріимай (форма на заповедниот начин).

11. Графемата *џ* во анализираниот јазичен материјал се среќава ретко, а согласката *џ* често ја бележи исто како и други негови современици – со *дж* или само со *ж*: /ПАТ: В/ џаміи; /ПИС-1: 7 јуни 1856/ џандрливость; /ПАТ: ОКОБП-2/ кираџіи; /ПИС: 25 септември 1856/ синжиръ; /С: И/ тенжера; /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія; /ПИС-3: 7 јуни 1856/ киражіи.

12. Графемата *ћ*, која е дел од писмената практика на Џинот, се среќава и кај голем дел од неговите српски современици. Оваа графема во писмената практика на македонска територија се јавува уште во 16 век, а не е исклучено таа да се употребувала и порано (Стаматоски 1986: 26). Џинот редовно ја користи кај презимињата што во српската јазична средина завршуваат на *-ћ*: /ПИС-1: 9 септември 1856/ Трајковићъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Браћа Поповићи (‘браќата Поповиќ’); /ПИС-1: 9 септември 1856/ Стефанъ Верховић. Оваа графема се среќава и во рамките на именките, во различна позиција на зборот, главно за обележување на гласот *ќ* или, поретко, за бележење на српското *ћ* во зборови преземени од српскиот јазик: /ПИС: 12

[340] Џинот ја изостава почетната графема *ѓ* на диграфот *ѓю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на специфичниот глас *ѓ*.

февруари 1856/ браћа; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (Сладкій ми) Браћо; /ПИС: 1 јули 1877/ кућа; /ПИС: 19 октомври 1856/ плаћа (‘плата’); /ПИС: 19 октомври 1856/ помоћъ (‘помош’).

13. Графемата *щ* се користи за бележење на согласната група *шт* во следните примери: /ПИС: 22 октомври 1878/ Щипъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ щомъ; /ПИС-1: 23 април 1859/ щетни; /ПИС-1: 9 септември 1856/ читалище; /ПИС: 1 јули 1877/ општината; /ПИС-2: 23 април 1859/ општо; /ПИС: 12 февруари 1868/ училища; /ПИС: 5 јуни 1877/ ще се исушитъ. Наспроти овие примери стојат примерите во кои се употребува графемата *ш* во рамките на согласната група *шт*: /ПИС-3: 12 јуни 1856/ што; /ПИС: 1 септември 1856/ Штитови; /ПИС: 4 септември 1856/ посѣштавате.

14. Графемата *ю* се користи за бележење на гласовната група *jy-* во почетокот или во средината на зборот (*-jy-*): /ПИС: 12 февруари 1856/ јусовыте; /ПИС: 1 јули 1877/ јулъ (‘јули’); /П: ПЈБМ/ јунацы; /СДИ: ДЧМГОН/ союзы. Се среќава и во рамките на падежните наставки кај именските зборови, и тоа во:

- дативни форми: /ПИС: 23 февруари 1857/ киражію (да платимъ); /ПИС: 29 декември 1856/ кажете и Х. Георгію (брата свог’ да поучи); /ПИС: 30 август 1876/ (написвамъ) пріятелю;
- вокативни форми: /ПИС: 1 јули 1877/ Пріятелю мой (обраќање на почеток на писмо).

Оваа графема и графемата *л* го образуваат дифрафот за бележење на согласката *љ*: /ПИС: 1 септември 1856/ трудолюбиви; /ПИС: 19 октомври 1856/ човеколюбіе.

15. Графемата *ѳ* (тита; грч. *θῆτα*; *ѳ*, *Ѳ*), која се користи и во раната кирилица, но потекнува од грчката азбука, во писмената практика на Џинот се употребува многу ретко, пред сè, во зборови што водат потекло од грчкиот јазик вклучувајќи и грчки антропоними и топоними: /ПИС: 9 февруари 1855/ миѳологическо (според грч. *μυθολογία* – митологија); /ПИС-3: 7 јуни 1856/ Ѳеофілакта (грч. *Θεοφύλακτος* – Теофилакт); /ПИС: 25 март 1856/ Ѳимонъ (грч. *Θείμων* – Тимон); /ПИС: 25 септември 1856/ Ѳермопилъ (во овој случај – ‘теснец’, според грч. *Θερμοπύλες*). Покрај графемата *ѳ*, Џинот многу ретко ја користи и графемата ѧ (ѧ, ѳ) што е дел од старословенската азбука и се изговарала како грчката буква тита (*ѳ*). Во писмената практика на Џинот се среќава во рамките на антропоними од религиозната сфера: /ПИС: 1 јули 1877/ Ѳома (Тома; грч. *Θωμάς*); /ПИС: 1 јули 1877/ Матѳей (Матеј; грч. *Ματθαίος*); /ПИС: 1 јули 1877/ Ѳаддей (Тадеј; грч. *Θαδδαίος*).

16. Во преписите на постари текстови или делови од нив, Џинот употребува постари графеми и други знаци (ѡ, ѵ̑, ѕ, ѹ̑, ѹ̈, ґ, ѷ, ѽ, ѣ, ◌͡◌) кои не се дел од неговата вообичаена писмена практика во оригиналните литературни дела, во писмата до пријателите и во најголем дел од писмата до Друштвото за српска словесност од Белград.

17. Во врска со примената на принципот на едначење по звучност може да се заклучи дека побројни се примерите во кои две согласки со различна звучност, што се наоѓаат во непосреден допир во говорната низа, остануваат непроменети и не се изедначуваат по звучност (СзСб > СзСб[341] – 83 %; СбСз > СбСз[342] – 10 %, односно вкупно 93 % од примерите во анализираниот јазичен материјал): /ПИС-1: 9 септември 1856/ под**п**исъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ ср**бс**ки; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ о**тг**оворите; /П: ЖИМ/ жени**тб**а. Многу мал број примери покажуваат едначење по звучност, односно

[341] Сз – согласка звучна; Сб – согласка безвучна.
[342] Истото.

кога една до друга ќе се најдат звучна и безвучна согласка, тие се изедначуваат според втората согласка, па се добиваат две безвучни согласки (само 7 % од примерите): /ПИС-1: 9 септември 1856/ и**сп**росихъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ и**сп**ишамъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ о**тс**вудъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ ра**сп**ратете. Нема ниту еден пример што покажува едначење по звучност со резултат две звучни согласки.

18. Со голема почетна буква се пишуваат: првиот збор во реченицата; личните имиња, презимињата, фамилијарните имиња и други определби што влегуваат во состав на името; имињата на жителите на региони и држави, вклучувајќи ги и називите на етничките групи на Балканскиот Полуостров; географските имиња; називите на органите на власта; верските институции и називите на верските објекти. Доста интересни се случаите во кои за означување на имиња на жители на држави (Турци, Грци) употребува мала буква. Во ваквите случаи контекстот најчесто е негативен, односно се сугерираат негативни ставови и непријатни чувства на Џинот кон припадници на наведените етнички групи во периодот кога од страна на турската и грчката власт постојано е прогонуван: /ПИС-2: 28 април 1856/ Будући отъ учительство ми се е згадило, и до душа мрзко ми е, гонители **грецы** коските ми изглодале (...); – /ПИС: 22 октомври 1878/ (...) **турцыте** още како що си знаятъ и ткаятъ (...); – /ПИС: 12 февруари 1856/ Латины, **грецы** и Немцы и Французы и Енглезы (...).

19. Јордан Хаџи Константинов-Џинот ја избегнува употребата на членските морфеми бидејќи, според него, тие претставуваат пречка за неговата замислена архаизација на јазикот. Во случаите во кои ги употребува, ги пишува на три начини: слеано со основната форма на зборот, разделено или полуслеано – со употреба на цртичка (-). Најмногубројни се случаите во кои членските морфеми се пишуваат слеано со именката (63 % од примерите), додека најмал број се случаите на разделено пишување (11 %). Интересен е примерот во кој доаѓа до израз колебањето во поглед на пишувањето на членските морфеми – во рамките на еден текст, во три последователни искази, применува различен начин на пишување на членските морфеми кај именките (полуслеано, разделено и слеано пишување): /СДИ: ДЧМГОН/ **Свѣтъ-атъ** е първое сотвореніе. **Небо то** второе. **Землята** третое.

20. Колебањето на Џинот во поглед на употребата на одделни графеми и во примената на одредени правописни принципи кои самиот ги предлага или претставуваат дел од тогашната писмена практика е разбирливо од причини што тој е еден од првите што се вклучуваат во дискусијата за идниот писмен јазик и за неговиот правопис во услови кога не постои стандардизиран јазик.

21. Џинот ги употребува следните интерпункциски знаци: точка (.), прашалник (?), извичник (!), запирка (,), точка и запирка (;), две точки (:); три точки (...); загради ( ); наводници („“). Во писмената практика на Џинот не се среќава интерпункцискиот знак полунаводници. Директниот говор го обележува со црта (тире), со наводници или воопшто не го бележи со интерпункциски знаци. Џинот ги користи следните правописни знаци: точка, запирка, црта (тире), цртичка, загради, коса црта, апостроф, ѕвездичка, белина, но и други знаци како што се степен (º) и специјалниот знак за означување парични средства (≠). Во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот не се употребуваат надреден знак и две точки како правописни знаци.

22. Во анализираниот јазичен материјал не се среќаваат скратеници – акроними. Џинот, заради заштеда на време и простор, често пати скратува некои пофреквентни зборови, при што скратувањето на зборовите не ја намалува разбирливоста на

текстовите: Г. – господин (/С: Б-ЛБ-4/ Г. Василій Априловъ); Дръ. – доктор (/С: Б-ЛБ-3/ Дръ. Іоаванъ[343] Стеићъ).

23. Делењето на зборот на крајот од редот во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот се разгледува во неговите оригинални записи – ракописи затоа што во нив е исклучена можноста за извршени корекции од страна на различните редакции што ги издаваат и реиздаваат неговите творби. Кога нема доволно простор за последниот збор во редот, тој се дели – едниот дел останува, а другиот дел се пренесува во следниот ред. При пренесувањето на зборот во нов ред се употребува знакот цртичка (-) што се пишува по првиот дел од зборот: /ТР: УЦВ/ учи-лището; /ТР: СМ/ пра-ви; /ТР: УЦВ/ без-честь.

24. Јордан Хаџи Константинов-Џинот ги пишува туѓите имиња со кирилично писмо, така како што се изговараат, а притоа ретко користи графеми што се дел од туѓата писмена традиција. При пренесувањето на туѓите имиња има предвид дека нивните гласовни вредности се прилагодуваат кон гласовниот систем на македонскиот јазик, а гласовите што ги нема во нашиот јазик се предаваат со наши слични гласови: алб. *Durrës*[344] – /ПИС: 9 февруари 1855/ Дурусь[345]; лат. *Aurora* – /П: А/ Аврора; срп. *Сѫтефан Верковић* – /ПИС-1: 9 септември 1856/ Стефанъ Верховић; буг. *Кюстендил* – /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ; грч. *Σέρρες* – /ПИС: 9 февруари 1855/ Серресъ; грч. *Οὐρανία* – /СДИ: МДМОРИБ/ Уранія; анг. *The Times* – /ПАТ: М-Б/ Таймсъ (Тимесъ); анг. *The Telegraph* – /ПАТ: М-Б/ Тилеграфъ.

25. Писмата, литературните и публицистичките текстови на Џинот се добро организирани од аспект на композицијата, при што составните делови најчесто се соодветно визуелно изделени. Текстовите се одликуваат со јасна и едноставна содржина и често пати во нив се одразува и емоционалната состојба на Џинот, особено во периодите на прогонства и измачувања.

Процесот што е насочен кон упростување на правописот на српскиот писмен јазик, како и јазичните дискусии во Бугарија со иста цел – модернизација на азбуката и, воопшто, на правописот на бугарскиот писмен јазик, наоѓаат свој одраз и во јазичните ставови на Џинот. Обидите за упростување на правописот најдобро се согледуваат во намерите на Џинот да се отфрлат од употреба графемите ъ, ѫ, ѭ, но и во бележењето на самогласното *р* затоа што тој прв во својата практика заклучува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна графема и ваквата негова практика е наследена и од страна на Мисирков, а присутна е и во денешниот современ правопис на македонскиот јазик (Конески 1986: 23). Всушност, со обидот за отфрлање на графемата ъ, Џинот започнува процес на оддалечување од писмената практика во бугарската јазична средина, а со јасното изјаснување против употребата на ѫ и ѭ, тој се обидува да постави основа за самостоен правописен пристап. Нема сомнение дека правописните решенија на Џинот се базираат на македонската јазична реалност. Во неговата практика се согледуваат некои правописни принципи што се типични за времето во кое живее, како што се употребата на еровите во крајна позиција и начинот на предавање на специфичните гласови. Но, од направената споредба лесно се извлекува заклучокот дека Џинот поаѓа од македонската јазична реалност бидејќи не ги зел исклучиво готовите решенија за бројните правописни предизвици ниту од

[343] Се однесува на д-р Јован Стејић (Јован Стејић), еден од противниците на Вуковата реформа. Очигледно е дека Џинот се колебал при пишувањето на името (сп.: /ПИС-1: 9 септември 1856/ св. Јоаннъ; /ПИС-2: 4 декември 1858/ Св. Јоаннъ Дамаскинъ).

[344] Имињата на албански, српски, бугарски и грчки јазик, напишани со коси букви, ја одразуваат нивната форма во соодветните современи стандардни јазици.

[345] Драч, денешна Р Албанија.

бугарските, ниту од српските современици, туку се обидува да понуди и да примени свои правописни и, воопшто, јазични решенија.

Современиците на Јордан Хаџи Константинов-Џинот употребуваат традиционални кирилски графиски системи и правописни принципи што не се специфизирани и, главно, се во процес на модернизација и усовршување или, пак, имаат ставови за архаизација и обид за некаква практична реализација, со што даваат силен поттик за натамошни значајни промени кои ќе доведат до нормирање на правописот.

И покрај тоа што Џинот најчесто се доведува во врска со идеите на „среднистите“, споредбите покажуваат дека во неговиот писмен јазик се согледуваат почетоците на стремежот за осовременување на азбуката и, воопшто, на правописот имајќи го предвид изговорот. Иако се залагал за архаизација на формите, односно за усложнување во поглед на морфологијата – преку синтетизмот, неговиот став за правописот е јасен и недвосмислен: тој се изјаснува за негово упростување и е против употребата на графемите *ъ*, *ѫ* и *ѭ*. И покрај тоа што бројот на графемите што ги користи Џинот (вклучувајќи ги сите диграфи и графемите со правописниот знак апостроф) е двојно поголем од бројот на гласовите во македонскиот јазик, неговите дискусии претставуваат почеток на обидите за поедноставување на графискиот систем и правописот преку елиминација на трите графеми и преку пишувањето на самогласното *р* без придружна графема. Очигледно е дека Џинот при пишувањето се водел од изговорот, но не успева практично да го примени тоа за што се залага декларативно – графискиот систем да се ослободи од непотребните графеми и секоја графема да биде писмен знак за соодветната фонема. Неговата писмена практика, како и статиите во кои ги образложува јазичните прашања, претставуваат добра основа за развојот на идеите на „македонистите“ и, несомнено, за првата стандардизација на македонскиот писмен јазик во 1903 г. (Spasov 2008: 421–422).

Јордан Хаџи Константинов-Џинот, и покрај неговите ставови за архаизација на јазикот, има значајно место во развојот на македонскиот писмен јазик. Тој влијае на започнувањето на сложениот процес на модернизација и усовршување на правописот на идниот македонски писмен јазик и преку употребата на живиот народен говор, што понатаму ќе продолжи со Константин Петкович, браќата Миладиновци, Григор Прличев, Ѓорѓи Пулевски, Марко Цепенков и ќе заврши со конечната стандардизација на македонскиот јазик во 20 век.

6. Забелешки и список на скратеници

ПИС – писма

1. **/ПИС: 9 февруари 1855/**[346] – писмо од 9 февруари 1855 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
2. **/ПИС-1: 9 септември 1856/**[347] – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
3. **/ПИС-2: 9 септември 1856/**[348] – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
4. **/ПИС-3: 9 септември 1856/**[349] – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
5. **/ПИС: 12 февруари 1856/**[350] – писмо од 12 февруари 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
6. **/ПИС: 25 септември 1856/**[351] – писмо од 25 септември 1856 г., упатено до Јован К. Поповиќ (Јован К. Поповић), член на Друштвото за српска словесност од Белград.
7. **/ПИС: 25 март 1856/**[352] – писмо од 25 март 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
8. **/ПИС: 15 април 1856/**[353] – писмо од 15 април 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
9. **/ПИС-1: 28 април 1856/**[354] – писмо од 28 април 1856 г., упатено до Читалиштето на Друштвото за српска словесност од Белград.
10. **/ПИС-2: 28 април 1856/**[355] – писмо од 28 април 1856 г., неадресирано, но веројатно упатено до Друштвото за српска словесност од Белград.
11. **/ПИС: 7 мај 1856/**[356] – писмо од 7 мај 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
12. **/ПИС-1: 7 јуни 1856/**[357] – писмо од 7 јуни 1856 г., упатено до Друштвото за српска словесност од Белград.
13. **/ПИС-2: 7 јуни 1856/**[358] – писмо од 7 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
14. **/ПИС-3: 7 јуни 1856/**[359] – писмо од 7 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
15. **/ПИС-1: 12 јуни 1856/**[360] – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
16. **/ПИС-2: 12 јуни 1856/**[361] – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

[346] Поленаковиќ (1955: 9–10).
[347] Поленаковиќ (1955: 7–9).
[348] Поленаковиќ (1955: 11).
[349] Поленаковиќ (1955: 12–13).
[350] Поленаковиќ (1955: 14–16).
[351] Поленаковиќ (1955: 16–18).
[352] Поленаковиќ (1955: 18–20).
[353] Поленаковиќ (1955: 31).
[354] Поленаковиќ (1955: 22).
[355] Поленаковиќ (1955: 23–24).
[356] Поленаковиќ (1955: 24–26).
[357] Поленаковиќ (1955: 29–30).
[358] Поленаковиќ (1955: 30–31).
[359] Поленаковиќ (1955: 32).
[360] Поленаковиќ (1955: 28–29).

17. **/ПИС-3: 12 јуни 1856/**[362] – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
18. **/ПИС-4: 12 јуни 1856/**[363] – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
19. **/ПИС: 27 август 1856/**[364] – писмо од 27 август 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
20. **/ПИС: 1 септември 1856/**[365] – писмо од 1 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
21. **/ПИС: 4 септември 1856/**[366] – писмо од 4 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
22. **/ПИС: 9 октомври 1856/**[367] – писмо од 9 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
23. **/ПИС: 19 октомври 1856/**[368] – писмо од 19 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
24. **/ПИС: 19 ноември 1856/**[369] – писмо (во форма на признаница) од 19 ноември 1856 г.
25. **/ПИС: 29 декември 1856/**[370] – писмо од 29 декември 1856 г., испратено до професорот Владимир Јакшић (Владимир Јакшић), член на Друштвото за српска словесност од Белград.
26. **/ПИС: 6 јануари 1857/**[371] – писмо од 6 јануари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
27. **/ПИС: 15 февруари 1857/**[372] – писмо од 15 февруари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
28. **/ПИС: 23 февруари 1857/**[373] – писмо од 23 февруари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
29. **/ПИС-1: 4 декември 1858/**[374] – писмо од 4 декември 1858 г., упатено до Друштвото за српска словесност од Белград.
30. **/ПИС-2: 4 декември 1858/**[375] – писмо од 4 декември 1858 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
31. **/ПИС-1: 23 април 1859/**[376] – писмо од 23 април 1859 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
32. **/ПИС-2: 23 април 1859/**[377] – писмо од 23 април 1859 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.

---

[361] Поленаковиќ (1955: 33–34).
[362] Поленаковиќ (1955: 34–35).
[363] Поленаковиќ (1955: 32).
[364] Поленаковиќ (1955: 35–37).
[365] Поленаковиќ (1955: 37–40).
[366] Поленаковиќ (1955: 40–41).
[367] Поленаковиќ (1955: 41).
[368] Поленаковиќ (1955: 41–44).
[369] Поленаковиќ (1955: 44).
[370] Поленаковиќ (1955: 45).
[371] Поленаковиќ (1955: 46).
[372] Поленаковиќ (1955: 49–50).
[373] Поленаковиќ (1955: 50–51).
[374] Поленаковиќ (1955: 53).
[375] Поленаковиќ (1955: 54).
[376] Поленаковиќ (1955: 55–57).
[377] Поленаковиќ (1955: 57–58).

33. **/ПИС: 12 февруари 1868/**[378] – писмо од 12 февруари 1868 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
34. **/ПИС: 10 август 1864/**[379] – писмо од 10 август 1864 г., упатено до д-р Јанко Шафарик (Јанко Шафарик), член на Друштвото за српска словесност од Белград.
35. **/ПИС: 30 август 1876/**[380] – писмо од 30 август 1876 г., упатено до пријател на Џинот.
36. **/ПИС: 5 јуни 1877/**[381] – писмо од 5 јуни 1877 г., упатено до пријател на Џинот.
37. **/ПИС: 1 јули 1877/**[382] – писмо од 1 јули 1877 г., упатено до пријател на Џинот.
38. **/ПИС: 22 октомври 1878/**[383] – писмо од 22 октомври 1878 г., упатено до пријател на Џинот.

ПАТ – патописи

39. **/ПАТ: С/** – патописот [*Скопје*][384], објавен во *Цареградски вестник* бр. 200 од 14 ноември 1854 г.
40. **/ПАТ: В/** – патописот *Велесъ* [*Велес*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 204 од 18 декември 1854 г.
41. **/ПАТ: П/** – патописот *Прилепъ* [*Прилеп*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 205 од 25 декември 1854 г.
42. **/ПАТ: К/** – патописот [*Кратово*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 208 од 15 јануари 1855 г.
43. **/ПАТ: М-Б/** – патописот *Манастир (Битољ)* [*Манастир (Битола)*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 210 од 29 јануари 1855 г.
44. **/ПАТ: ОП/** – патописот *Охридъ или Преспа* [*Охрид или Преспа*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 218 од 26 март 1855 г.
45. **/ПАТ: ЉПТ/** – патописот *Љубљано-Пеонія (Тиквешъ)* [*Љубљано-Пеонија (Тиквеш)*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 214 од 26 февруари 1855 г.
46. **/ПАТ: ЦГС/** – патописот *Цьрна Гора Скопска* [*Црна Гора Скопска*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 211 од 26 февруари 1855 г.
47. **/ПАТ: ЈСС/** – патописот *Южна страна Скопска* [*Јужна страна скопска*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 225 од 21 мај 1855 г.
48. **/ПАТ: СДД/** – патописот *Скопски доказателства (документи)* [*Скопски сведоштва (документи)*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 240 од 3 септември 1855 г.
49. **/ПАТ: СОДРСБ/** – патописот *Статистическо описаніе на Дебрска Река въ Стара Болгарія* [*Статистички опис на дебарска Река во стара Бугарија*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 412 од 1 јануари 1859 г.
50. **/ПАТ: АОБОТП/** – патописот *Архіепископія Охридска или Болгарская, и обытель Трескавечкая или Прилепская* [*Архиепископија Охридска или Бугарска, и манастир трескавечки или прилепски*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 420 од 28 февруари 1859 г.

[378] Поленаковиќ (1955: 58–59).
[379] Поленаковиќ (1955: 59–60).
[380] Поленаковиќ (1971б: 340–341).
[381] Поленаковиќ (1971б: 342).
[382] Поленаковиќ (1971б: 343–344).
[383] Поленаковиќ (1971б: 344–345).
[384] Покрај дословно предадените наслови, во квадратни загради се дадени и нивните еквиваленти на современ македонски јазик – заб. на авторката.

51. **/ПАТ: ОКОБП-1/** и **/ПАТ: ОКОБП-2/** – патописот со наслов *Описаніе на Кр'сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ* [*Опис на Кичево, Охрид, Битола и Прилеп*], објавен во два дела во *Цареградски вестник* – бр. 422 од 14 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-1/) и 423 од 21 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-2/).
52. **/ПАТ: СОСНМП/** – патописот *Статистическо описаніе. Споменикъ за села называемый Моріево Прилепско* [*Статистички опис. Сведошива за селата наречени Мариово, Прилепско*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 458 од 3 декември 1859 г.

П – поезија

53. **/П: ТИ/** – песната *Трудъ ми е Името* [*Труд ми е името*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 64 од 8 декември 1851 г.
54. **/П: РБ/** – песната *Рай Божій* [*Рај Божји*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 55 од 6 октомври 1851 г.
55. **/П: ДВ/** – песната *Діонисъ Вакхо, е Вы! Вакхо!* [*Дионис Вакхо*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 64 од 8 декември 1851 г.
56. **/П: А/** – песната *Аврора*, избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 88 од 21 јуни 1852 г.
57. **/П: ПСУМ/** – песната *Плачь на Скопско-то училище, многотрудное* [*Плач на скопското училиште*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 68 од 5 јануари 1852 г.
58. **/П: ЖИМ/** – песната *Женитба Ива отъ Меглена, Болгарска Войвода. Въ Царствование-то Царя Шишмана* [*Женидба Ива од Меглена*][385], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 439 од 11 јули 1859 г.
59. **/П: ПЈБМ/** – песната *Припѣвъ още отъ язычества*[386] *Болгарскаго въ Македонія* [*Припев од древните верувања на Бугариште во Македонија*], избор од поезијата, објавена во *Цареградски вестник* бр. 431 од 16 мај 1859 г.
60. **/П: РВ/** – песната *Рѣка Вардаръ* [*Реката Вардар*], избор од поезијата, објавена во весникот *Македонија* бр. 69 од 31 декември 1926 г.

СДИ – сценско-дијалошки игри

61. **/СДИ: МДМОРИБ/** – сценско-дијалошката игра *Мінерва и деветъ Музы и Острымечь се разговараятъ,ради изгубена Българія* [*Минерва, деветте музи и Остримеч разговараат за изгубена Бугарија*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 48 од 18 август 1851 г.
62. **/СДИ: РПЧ-1/** и **/СДИ: РПЧ-2/** – сценско-дијалошката игра *Разговоръ или прави человѣкъ* [*Разговор или вистински човек*], објавена во два дела во *Цареградски вестник* – бр. 53 од 22 септември 1851 г. (/СДИ: РПЧ-1/) и *Цареградски вестник* бр. 54 од 29 септември 1851 г. (/СДИ: РПЧ-2/).
63. **/СДИ: МДЖ/** – сценско-дијалошката игра *Метаніе добро е жребіе. Доброто на куму има да падне. – Журналъ* [*Фрлање на доброто како жреб*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 89 од 28 јуни 1852 г.

[385] Во еквивалентот се задржани падежните наставки со цел да се зачува јазичната автентичност на изразот.
[386] Рус. *язычество* – многубоштво; во овој случај станува збор за нехристијански, паганси верувања и обичаи.

64. **/СДИ: Б/** – сценско-дијалошката игра *Басня* [*Басна*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 190 од 11 септември 1854 г.
65. **/СДИ: СВЧ-1/** и **/СДИ: СВЧ-2/** – сценско-дијалошката игра *Седумъ возрасти человѣческій* [*Седум возрасти човечки*], објавена во *Цареградски вестник* во два дела – бр. 56 од 13 октомври 1851 г. (/СДИ: СВЧ-1/) и бр. 57 од 20 октомври 1851 г. (/СДИ: СВЧ-2/).
66. **/СДИ: ДЧМГОН/** – сценско-дијалошката игра *Діалектически чинъ на молитва та Господня, Отче нашъ* [*Дијалектички чин на молитвата Господова, Оче наш*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 62 од 24 ноември 1851 г.
67. **/СДИ: УУ-1/**, **/СДИ: УУ-2/**, **/СДИ: УУ-3/**, **/СДИ: УУ-4/** – сценско-дијалошката игра *Училище и ученіе* [*Училиште и учење*], објавена во *Цареградски вестник* во четири дела – бр. 93 од 26 јули 1852 ч. (/СДИ: УУ-1/), бр. 94 од 2 август 1852 г. (/СДИ: УУ-2/), бр. 95 од 9 август 1852 г. (/СДИ: УУ-3/), бр. 96 од 16 август 1852 г. (/СДИ: УУ-4/).
68. **/СДИ: ПБД/** – сценско-дијалошката игра *Педагогизмъ за Болгарскы-те дѣца* [*Педагогија за бугарските деца*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 102 од 27 септември 1852 г.

С – статии

69. **/ПИС: Т-1861/** – трактат [*Айдинъ, 15 Маій 1861*] [*Ајдин, 15 мај 1861*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 24 од 10 јуни 1861 г.
70. **/С: ВП/** – статија со наслов *Вѣнецъ пѣрвый* [*Венец пѣрв*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 63 од 1 декември 1851 г.
71. **/С: Б/** – статија со наслов *Богъ* [*Бог*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 44 од 21 јули 1851 г.
72. **/С: УСУ/** – статија со наслов *Ученіе у Скопско то училище* [*Учењето во скопското училиште*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 59 од 3 ноември 1851 г.
73. **/С: СИ/** – статијата со наслов *Сновидѣніе или истинословіе* [*Сновидение или вистинословие*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 51 од 8 септември 1851 г.
74. **/С: Б-ЛБ-1/** – статијата со наслов [*Болгарски*] *ъ, ѫ, ѣ, литери Болгарски* [*Бугарски – ъ, ѫ, ѣ, букви бугарски*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 82 од 19 април 1852 г.
75. **/С: Б-ЛБ-2/** – статија [*Болгарски – Продолженіе*] [*Бугарски – Продолжение*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 83 од 26 април 1852 г.
76. **/С: Б-ЛБ-3/** – статија [*Болгарски*] *Продолженіе* [*Бугарски – Продолжение*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 84 од 3 мај 1852 г.
77. **/С: Б-ЛБ-4/** – статијата со наслов *Болгарска писмменость. Прикладъ на ъ, ѫ, ѣ. Продолженіе и конецъ* [*Бугарска писменост – Примери за ъ, ѫ, ѣ. Продолжение и крај*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 85 од 10 мај 1852 г.
78. **/С: ОС/** – статијата со наслов *Обычаи Славянски* [*Обичаи словенски*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 101 од 20 септември 1852 г.
79. **/С: БП/** – статијата со наслов *Болгарска писмменость* [*Бугарска писменост*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 92 од 19 јули 1852 г.
80. **/С: С/** – статија [*Суеверија*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 88 од 21 јуни 1852 г.
81. **/С: И/** – статија со наслов *Именникъ – къща и покъщина* [*Список на називи – куќа и покуќнина*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 433 од 30 мај 1859 г.

Т – текстови

82. **/Т: О/** – текст со наслов *Обявленіе* [*Сообщтение*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 149 од 28 ноември 1853 г.
83. **/Т: И-ПС/** – текст со наслов *Извѣстіе – Преводи и сочиненія* [*Известување – Преводи и творби*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 424 од 28 март 1859 г.

А – афоризми

84. **/А-1**/ и **/А-2/** – афоризмите на Џинот, две збирки – (1) 13 април 1856 г. (/А-1/) и (2) 9 ноември 1856 г. (/А-2/), објавени без измени од Поленаковиќ (1954б: 72–78).

ТР – текстови во ракопис

85. **/ТР: СМ/**[387] – текст со наслов *Страданіе мое* [*Страдание мое*], Фонд 786 Nº – 1 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис.
86. **/ТР: УЦВ/**[388] – текст со наслов *Умъ царуе и вѣруе* [*Ум царува и верува*], Фонд 786 Nº – 2 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис.
87. **/ТР: ДЛ/**[389] – дел од ракопис, Фонд 786 Nº – 3 во Бугарскиот историски архив во Софија.

[387] Факсимилите се дадени во делот *7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања* (в. п. стр. 262).
[388] Истото.
[389] Истото.

7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања

Во делот ***Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања*** се дадени факсимили на три ракописи напишани од Јордан Хаџи Константинов-Џинот во педесеттите години на 19 век, кои се чуваат во Бугарскиот историски архив (Български исторически архив) кој работи во рамките на Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија (Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“). За жал, Државниот архив на Република Северна Македонија (вклучувајќи ги сите негови подрачни одделенија што влегуваат во состав на Архивот) не располага со ракопис на Џинот.

Трите ракописи се дел од фондот број 786[390] и се во врска со литературната дејност на Џинот. Ракописите содржат сведоштва за училиштето на Џинот во Скопје, во 1853 г., за положбата на учителите во Скопје, како и податоци за тогашната црковна борба. Според податоците на Бугарскиот историски архив, подготовката на овој архивски материјал ја извршила Милкана Бошнакова (Милкана Иванова Бошнакова), бугарска историчарка и архивистка, при што работата започнала на 19 јуни 1989 г., а завршила на 20 јуни 1989 г. Дел од материјалите се доста оштетени и е направен обид за реставрирање. Ракописите се потешко читливи бидејќи се напишани на исклучително тенка хартија, дури и провидна, при што често доаѓа до мешање на текстот од предната и обратната страница. Два ракописи (Фонд 786 Nº – 1; Фонд 786 Nº – 2) имаат големи оштетувања. Најоштетен е третиот ракопис (Фонд 786 Nº – 3), поради што не може да се открие ниту насловот на текстот. Читливоста е намалена и поради избледеното мастило на хартијата која е стара повеќе од 170 години.

Во овој докторски труд се претставени следниве ракописи:

1. Фонд 786 Nº – 1, *Сѫраданіе мое* [*Сѫрадание мое*][391] – подолг авторски текст на Јордан Хаџи Константинов-Џинот што содржи сведоштва за работата на неговото училиште во Скопје. Ракописот има осум страници и е напишан на 20 јули 1853 г., според датумот што е наведен од страна на Џинот во долниот лев агол на осмата страница. На крајот, во долниот десен агол на осмата страница, се запишани името и презимето на авторот – „Іор. Х Константиновъ“.

2. Фонд 786 Nº – 2, *Умъ царуе и вѣруе* [*Ум царува и верува*] – текст што содржи сведоштва за положбата на учителите во Скопје. Ракописот е доста оштетен и содржи четири страници. На крајот, на четвртата страница во долниот десен агол, се запишани името и презимето на авторот, а во левиот агол е наведен датумот – 26 август 1853 г.

3. Фонд 786 Nº – 3, дел од ракопис – поради оштетување не може да се определи насловот на текстот кој се однесува на македонско-грчката духовна борба во Скопје. Ракописот содржи вкупно четири страници. На крајот, во долниот лев агол се наоѓа годината на настанување на овој ракопис. Оштетени се податоците што се однесуваат на денот и месецот, како и првите две цифри од годината (логички се заклучува дека недостасуваат цифрите „18“). Единствено што останува да сведочат за годината на настанувањето на овој ракопис се цифрата на десетките – „5“ и нечитливата цифра на единиците која наликува на „2“ (со забелешка дека цифрата „2“ има нестандардна форма, при што наликува и на писмениот знак за бројот 3, што дополнително го

[390] Томова Д., Нушев Ц. 1995. Обзор на архивните фондове, колекции и единични постъпления, съхранявани в Български исторически архив, книга VIII (от фонд 601 до фонд 800; редакция: Д. Томова, Ц. Нушев; съставили: В. Василева, М. Добрева, Н. Запрянова, М. Бошнакова, Ц. Нушев, Е. Миладинова, И. Георгиева. София: Народна библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, Български исторически архив.

[391] Покрај дословно пренесените наслови, во квадратни загради се наведени и нивните еквиваленти на современ македонски јазик – заб. на авторката.


отежнува прецизното датирање). Поради наведените околности, се остава отворена можноста за датирање на ракописот со 1852 или 1853 г. (сп. Томова, Нушев 1995: 315–316). На крајот на текстот, во десниот долен агол на четвртата страница, се запишани името и презимето на авторот.

Наведените материјали од овој дел заземаат важно место во истражувачката постапка, бидејќи се вклучуваат и во анализата со цел да се исклучи влијанието на редакциите, коректорите и сл. во печатените верзии на текстовите на Џинот. Наведените ракописи се обезбедени со реализираната посета на Бугарскиот историски архив во Софија. Во Архивот е направен увид во материјалите на споменатиот фонд (Фонд 786), а потоа е побарано тие да се добијат како репродукции во електронска форма[392], во формат TIF/TIFF – формат на слика што се користи за да се обезбеди висококвалитетна графика. Во врска со ова, мора да се нагласи дека ракописите во нивната електронска форма се доста почитливи отколку ракописите на хартиените оригинали.

Факсимилите што се прикажани во овој труд се графички обработени[393] со цел да се зголеми нивната читливост, бидејќи, како што беше наведено претходно, станува збор за тешко читливи текстови кои на одредени места се и целосно нечитливи (в. стр. 264–280 од овој труд).

[392] Објавените факсимили се дел од материјали кои имаат историско и јазично значење и во овој докторски труд се вклучени исклучиво за потребите на истражувањето. Објавувањето нема комерцијални цели и не е дозволена употреба на факсимилите без претходна согласност на авторката на трудот и на Бугарскиот историски архив во Софија.


[393] Со цел да се прикаже автентичниот изглед на факсимилите, во трудот е вклучен и еден пример што не е подложен на графичка обработка (в. стр. 280 во овој труд).



1.1. *Страданіе мое* [*Страдание мое*] од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 1; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.2. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 2; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.3. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 3; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.4. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 4; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.5. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 5; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.6. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 6; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.7. *Страданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 7; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




1.8. *Сѣраданіе мое* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 8; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




2.1. *Умъ царуе и вѣруе* [*Ум царува и верува*] од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 2, страница бр. 1; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




2.2. *Умъ царуе и вѣруе* од Јордан Хаџи Константинов-Цинот; Фонд 786 № – 2, страница бр. 2; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




2.3. *Умъ царуе и въруе* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 2, страница бр. 3; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




2.4. *Умъ царуе и вѣруе* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 2, страница бр. 4; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).




3.1. Дел од ракопис на Јордан Хаџи Константинов-Цинот; Фонд 786 № – 3, страница бр. 1; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).



3.2. Дел од ракопис на Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 3, страница бр. 2; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).



3.3. Дел од ракопис на Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 3, страница бр. 3; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).



3.4. Дел од ракопис на Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 3, страница бр. 4; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).



4. *Страданіе мое* [*Страдание мое*] од Јордан Хаџи Константинов-Џинот; Фонд 786 № – 1, страница бр. 1; Бугарски историски архив – Национална библиотека „Св. Кирил и Методиј“, Софија (Български исторически архив – Национална библиотека „Св. св. Кирил и Методий“, София).

8. Литература

а) на кирилица

Алексиев, А. 2001. *Потрага по традиција и континуитет (литературно-историски и театролошки истражувања)*. Скопје: Гоце Делчев.

Андрейчин, Л. 1979. „Езикови особености на Ботевата публицистика и поезия“. *Помагало по история на българския книжовен език (възрожденски период)*, съставител: В. Попова. София: Наука и изкуство, 226–247.

Андрић, А. 2017. *Историја Срба*. Београд: АТЦ.

Априлов, В. 1847. *Мысли за сегашно то бѣлгарско ученıе* / отъ Василія Априлова. Одесса: въ Градскѫ тѫ печатницѫ. <https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/965> пристапено на: 25.10.2024 г.

Барду, Н. 2009. *Ароманците во балкански контекст – студии и прилози*. Скопје: Унија за култура на Власите од Македонија.

Басотова, Љ. 1983. „За драмолетот *Сербија шатаетсја в земљ своих* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Прилози*, кн. VIII, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 81–88.

Басотова, Љ. 1991. „Антиката како инспирација во драмскиот опус на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Жива антика*, бр. 9. Скопје: Сојуз на друштвата за антички студии на Македонија, 85–90.

Белић, А. 1935. *Галички дијалекат*. Београд: Српска краљевска академија.

Бернштейн, С. Б. 1958. „*Варфар* К. П. Мисиркова“. *Slavistična revija*, XI, 3–4. Ljubljana: Slavistično društvo Slovenije, Inštitut za slovenski jezik pri Slovenski akademiji, Inštitut za literature pri Slovenski akademiji, 178–186.

Берон, П. 1824. ***БУ́КВА́РЬ СЪ РАЗЛИ́ЧНЫ ПОУЧЕ́НІѦ*, собра́ни Ѿт Пе́тра Х. Бе́ровича**. <https://www.loc.gov/item/76515894> пристапено на: 15.10.2024 г.

Битовски К., Конески Бл., Константинов М., Пандевски М., Поповски В., Ристовски Бл., Тодоровски Г. 2003. *Историја на македонскиот народ – Македонија во деветнаесеттиот век до Балканските војни (1912 – 1913)*, том трети, редактор: К. Битовски. Скопје: Институт за национална историја.

Битовски К., Шукарова А., Панов М., Ѓоргиев Д., Катарџиев И., Стојчев В., Велјановски Н., Чепреганов Т. 2008. *Историја на македонскиот народ*. Скопје: Институт за национална историја.

Богоров, И. А. 1844. *Пѫрвичка бѫлгарска грамматика* / написа Иванчо Андрєовъ. Бѫкѫрещъ: Въ Типографіѭтѫ на Серд. К. Пенковичь. <https://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/750> пристапено на: 7.10.2024 г.

Богоров, И. А. 1848. ***Пѫрвичка бѫлгарска словница* / написа И. Ѧндрєовъ. Ст҃амболъ: Въ Тискарницѫтѫ на Таддє́ѧ. Дивичіа́нъ.** <https://sever.libraryvt.com//bg/lister.php?iid=DO-8S0003223> пристапено на: 7.10.2024 г.

Богоров, И. А. 1882. *Словница за изучавание на бащиния наш язик*. Русе: Н. К. Жейнов.

Брозовиќ, Д. 2000. „Стандардизацијата на македонскиот јазик во светлината на социолингвистичката типологија“. *Процесот на стандардизацијата на македонскиот јазик во споредба со соодветните процеси во другите словенски и балкански јазици* – тркалезна маса по повод 125-годишнината од раѓањето на Крсте Мисирков. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 9–19.

Велев, И. 2006. *Низ преминот на традицијата (книжевно-историски погледи)*. Скопје: Дијалог.

Венедиктов, Г. К. 1990. *Болгарский литературный язык эпохи возрождения – проблемы нормализации и выбора диалектной основы*. Москва: Наука.

Видоески, Б. 1977. „Тенденции во развојот на македонскиот дијалектен јазик во XIX и XX век“. *Прилози*, год. 2, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 79–94.

Видоески Б., Марковиќ М. 2001. *Дијалектологија на македонскиот јазик I*, (приредил М. Марковиќ, според Б. Видоески). Едиција *Црвено и црно*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Виноградов, В. В. 1978. *История русского литературного языка*. Москва: Наука.

Геров, Н. 1849. *Изводъ отъ физикѫ*, написанъ отъ Найдена Герова, ч҃ѧсть прьва. Бѣлградъ: печ҃ѧтано въ правителственѫ книгопеч҃ѧтнѭ. <http://digilib.nalis.bg/xmlui/handle/nls/983> пристапено на: 20.10.2024 г.

Граматика СБКЈ 1982 – 1984: *Граматика на съврменния български книжовен език. Фонетика. Морфология. Синтакса*. 1–3, София: Българска академия на науките.

Грбић, Д. 2014. „Преглед историјског развоја ћирилске писмености код Срба од њених почетака до победе реформе Вука Караџића“. *Језик и писменост/Language and literacy*. Крагујевац: Народна библиотека „Вук Караџић“ (Београд: Службени гласник), 43–68.

Грицкат, И. 1969. „Језик књижевности и књижевни језик – на основу писаног наслеђа из старијих епоха“. *Јужнословенски филолог*, 28/1–2. Београд: Институт за српскохрватски језик, 1–35.

Даничић, Ђ. 1847. *Рат за српски језик и правопис*. Будим: у штампарији Пештанскога универзитета. <http://digital.bms.rs/ebiblioteka/publications/view/2171> пристапено на: 9.7.2023 г.
Десподова, В. 1996. „Јазичните особености на *Кратка словенска граматика* од Григор Прличев“. *Македонскиот јазик во XIX век – по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев*; *Зборник од реферати поднесени на Научниот собир по повод стогодишнината од смртта на Григор Прличев*. Скопје: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет, Катедра за македонски јазик и јужнословенски јазици, 51–58.
Деспотовска, Б. 2010. „Некои аспекти на јазикот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Зборник на трудови од Шестиот научен собир на млади македонисти*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 123–135.
Деспотовска, Б. 2014. *Јазичниот синтетизам во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот* (магистерски труд). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.
Димитровски, Т. 1982. *Од Пејчиновиќ до Рацин – јазични и литературно-историски прилози.* Скопје: Култура.
72. Цепенков, М. (Марко К. Цѣпенковъ). 1903б. „Църне войвода“, първо дѣйствие, продъл. отъ брой 14. *Автономна Македония*, брой 15, 12 Октомврий 1903. София: Печатница на Гавазовъ и Чомоневъ, 3.
73. Цепенков, М. (Марко К. Цѣпенковъ). 1903в. „Църне войвода“, второ дѣйствие, продъл. отъ брой 17. *Автономна Македония*, брой 18, 2 Ноемврий 1903. София: Печатница на Гавазовъ и Чомоневъ, 2–3.
74. Шапкарев, К. 1868. (Единъ Македонецъ). *Голѣма бѫлгарска чи҃танка или Вт҃ора-т҃а час҃т҃ь на Бѫлгарскыи҃т҃ъ буквар҃ь, на нарѣчіе По-вразуми҃телно за Макед҃онскыи҃т҃ъ Бѫлгары.* Цариградъ: въ Печатницѫ-тѫ на В. Македоніѭ.
<https://www.strumski.com/books/Kuzman_Shapkarev_Bylgarska_Chitanka_II.pdf> пристапено на: 16.6.2023 г.

б) на латиница и/или грчка азбука

75. Mazon, A. 1936. *Documents contes et chansons Slaves de L'Albanie du Sud*. Paris: Librairie Droz.
76. Стоиловъ, А. П. 1916. *Документи и бѣлѣжки отъ миналото на Българитѣ въ Македония. Отдѣленъ отпечатъкъ отъ Сборника на Българската академия на наукитѣ*, кн. IX. София: БАН, 18.
77. Giannelli C., Vaillant A. 1958. *Un lexique macédonien du XVIe siècle*. Paris: Institut d'Études slaves de l'Université de Paris.

Биографија на авторката

Билјана Маринова е родена на 26 јули 1984 г. во Битола. Основното и средното образование – општа гимназија ги завршува во родниот град, насочувајќи се кон областа на хуманистичките науки. Образованието го продолжува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, каде се запишува на Катедрата за македонски јазик и јужнословенски јазици. Студиите ги завршува во септември 2007 г. со просечен успех 9,69 и се стекнува со стручниот назив професор по македонски јазик и литература.

По завршувањето на студиите се вработува како наставник по македонски јазик во Основното општинско училиште „Св. Климент Охридски“ во Битола, каде што работи до ноември 2010 г. Од ноември 2010 г. до денес работи како наставник по македонски јазик и литература во Средното општинско техничко училиште „Ѓорѓи Наумов“ – Битола. Во 2018 г. ја извршува и функцијата помошник-директор, при што како координатор на неколку проекти дава значаен придонес во подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес во Училиштето.

Во периодот од 2008 до 2010 г. е ангажирана како ментор за практична настава по предметот Методика на наставата по македонски јазик за студенти од Педагошкиот факултет во Битола, при што активно учествува во организацијата и спроведувањето на нивната практична подготовка. Во 2009 г. се стекнува со лиценца за лектор и е ангажирана како лектор во рамките на неколку проекти. Билјана Маринова е член на Здружението на лекторите на Република Северна Македонија.

За време на студирањето на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, ѝ е овозможен студиски престој за изучување на бугарскиот јазик во рамките на Меѓународниот летен семинар за бугарски јазик и култура на Великотрновскиот универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Р Бугарија. Учесник е на повеќе научни конференции, меѓу кои се издвојуваат Меѓународната конференција за студенти и докторанди во Трнава, Република Словачка, како и научни собири и конференции организирани од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура и други научни и образовни институции. Исто така, активно се вклучува во реализацијата на обуки и семинари од областа на образованието, а во неколку проекти учествува и како обучувач, придонесувајќи за професионалниот развој на наставниот кадар и за примената на современи методолошки пристапи во наставниот процес.

Своето професионално усовршување го продолжува на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје запишувајќи се на двегодишни постдипломски студии од научната област македонски јазик. Особено се интересира за областите историја на македонскиот јазик, синтакса и методика на наставата по македонски јазик. Постдипломските студии ги завршува со просечен успех 10 и по одбраната на магистерскиот труд со наслов *Јазичниот синтетизам во писменият јазик на Јорѳан Хаџи Константинов-Џинот* (2014 г.) се стекнува со научниот назив магистер по филолошки науки. Во ноември 2022 г. се запишува на трет циклус студии – докторски студии на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, на студиската програма Македонистика – македонски јазик и лингвистика.

Ангажирајќи се во голем број локални проекти од сферата на образованието, дава особен придонес во рамките на афирмацијата на македонскиот јазик, литературата и културата.

АВТОРЕЗИМЕ

1) Авторезиме на докторската дисертација

2) Doctoral dissertation auto-summary

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – СКОПЈЕ
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ – СКОПЈЕ

Билјана Миле Маринова

ПРАВОПИСНИТЕ ПРАВИЛА ВО ТЕКСТОВИТЕ НА ЈОРДАН ХАЏИ КОНСТАНТИНОВ-ЏИНОТ ВО СПОРЕДБА СО НЕГОВИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

Авторезиме на докторска дисертација

Скопје
2025

СОДРЖИНА

1. Вовед....3
1.1. Цел на трудот....3
1.2. Значење на изборот на темата (причина за избор, очекуван научен придонес)....4
1.2.1. Научен придонес....5
1.2.2. Нацрт на содржината на трудот....5
2. Методи и начин на работа....6
3. Резултати на истражувањето....7
4. Заклучок....12
5. Список на скратеници....13
6. Користена литература....14

1. Вовед

Проучувањето на јазичните состојби во македонскиот 19 век е од исклучително значење за историјата на македонскиот јазик. Оваа комплексна и обемна тема привлекува внимание на голем број истражувачи со оглед на тоа што сè уште постојат одредени аспекти што не се доволно проучени во рамките на македонската наука за јазикот. Поради тоа што недостасуваше пообемна анализа – кај нас и пошироко, во рамките на нашата наука за јазикот се наметна потребата за пообемно истражување чиј предмет ќе бидат правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, еден од најистакнатите македонски интелектуалци од 19 век. Како резултат на констатираната неопходност на истражувањето на овој значаен сегмент од историјата на македонскиот писмен јазик произлезе докторската дисертација со наслов *Правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во споредба со неговите современици*.

Од аспект на правопис, текстовите од 19 век се одликуваат со доста разлики кои, пред сè, се резултат на различните гледишта за оформувањето на писмениот јазик, познати во науката како „среднистички“ и „македонистички“, при што е невозможно да се утврди единствена форма. Јордан Хаџи Константинов-Џинот е еден од првите кои го отвораат прашањето за писмениот јазик во Македонија, по што во осумдесеттите години на 19 век следува поголемо засилување на македонистичкото движење.

Предмет на научен интерес во оваа докторска дисертација се правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во споредба со јазичната практика на неговите современици. Писмениот јазик на Џинот одразува извесна модернизација во поглед на правопис, но истовремено и архаизација од аспект на морфологијата, поради применетиот синтетизам како дел од неговиот обид за оживување на граматичките модели на словенската писмена традиција со цел да се обнови падежниот систем во македонскиот писмен јазик. Џинот има значаен придонес за засилувањето на македонистичкото движење и за важните решенија што следуваат во поглед на изборот на дијалектната основа и упростувањето на правописот на македонскиот писмен јазик.

1.1. Цел на трудот

Целта на оваа дисертација е да се утврди и споредбено да се прикаже примената на правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот за да се докаже тенденцијата за упростување на правописот која се базира на живиот говор. Исто така, овој труд ги идентификува можните правописни влијанија од литературата со која Џинот бил во контакт, како и влијанието на неговите современици врз неговиот писмен јазик.

Анализата и споредбите се фокусираат на следниве аспекти: составот и системот на азбуката (графемите); пишувањето на самогласките и согласките; правописните правила засновани на фонетски промени кај согласките; употребата на голема и мала почетна буква; слеаното, полуслеаното и разделеното пишување на зборовите; интерпункцијата; правописните знаци; скратениците и скратувањата на зборовите; делењето на зборот на крајот од редот; транскрипцијата и транслитерацијата на туѓите имиња; географските и други имиња; оформувањето текст/делови од текст/писмено обраќање. Во анализата како контролен пункт се

користат различни изданија на правописите на македонскиот, бугарскиот и српскиот јазик од минатото и денес, а исто така се користат и статии што се однесуваат на правописните прашања во сите три средини – македонската, бугарската и српската.

Од особено значење за македонската лингвистика се анализата и споредбата на ставовите и јазичната практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со ставовите и јазичната практика на неговите современици од македонската, бугарската и српската јазична средина (Партениј Зографски, Ѓорѓи Пулевски, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Григор Прличев, Константин Миладинов, Константин Петковић, Неофит Рилски, Христаки Павлович, Петар Берон, Васил Априлов, Иван Богоров, Најден Геров, Христо Ботев, Доситеј Обрадовиќ, Сава Мркаљ, Вук Караџиќ).

Истражувањето е клучно за пронаоѓање одговори на бројни отворени прашања кои и понатаму се предмет на расправа во македонската (и во бугарската) научна средина.

1.2. Значење на изборот на темата (причина за избор, очекуван научен придонес)

Научните сознанија кои се во тесна врска со предметот на истражување покажаа дека во рамките на македонската наука за јазикот беше потребно да се направи пообемно истражување чиј предмет се правописните правила во текстовите на Џинот, бидејќи недостасуваше пообемна анализа. Писменият јазик на Џинот бил предмет на интерес на Х. Поленаковиќ, Бл. Конески, Т. Димитровски (Поленаковиќ 1951; 1954а; 1955; 1957; Конески 1950; 1986; 1987; Конески, Јашар-Настева 1972; Димитровски 1982; 1983).

Во рамките на македонската наука за јазикот недостасуваше сеопфатна анализа што ќе ги прикаже во целост ставовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот за упростувањето и модернизацијата на системот на графемите за бележење на гласовите во македонскиот писмен јазик од 19 век, како и правописните правила, но и нивната практична примена во неговите дела објавени во тогашните весници и во неговите писма. Од големо значење за изборот на темата на оваа докторска дисертација е и тоа што беше утврдено дека правописните правила во текстовите на Џинот, како и споредбата со практиката на неговите современици, кај нас и пошироко, не се детално разработени.

За разлика од писменият јазик на Џинот, неговото литературно творештво е анализирано од страна на поголем број истражувачи (Конески 1950; 1981; 1986; 1987; Тодоровски 2004; Шоптрајанов 1949; Кантарџиев 1996; Зографска 1978; Басотова 1983; 1991; Тоциновски 1983; Друговац 1996; Џамбазовски 1956; 1983; Матковски 1966). Најзначаен придонес во проучувањето на животниот пат и дејноста на Џинот имаат дадено Харалампие Поленаковиќ и Ванчо Тушевски (Поленаковиќ 1951; 1954а; 1954б; 1957; 1967; 1969; 1973; Тушевски 1996; 2000; 2001; 2003; 2013).

Дополнителна мотивација за изборот на темата беше и претходното сопствено искуство од областа на проучувањата на писменият јазик на Џинот што произлегува од работата на магистерскиот труд со наслов *Лазичниот синтетизам во писменият јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот* (Деспотовска 2014), одбранет во 2014 г. на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје. Оваа докторска дисертација се надоврзува на наведениот магистерски труд и дава значаен придонес во проучувањето на писменият јазик на Џинот како важен аспект во годините пред стандардизацијата на македонскиот јазик.

Животот и дејноста на Џинот, како и неговиот писмен јазик, сè уште предизвикуваат интерес и во бугарската научна средина, па оттаму научните сознанија кои произлегуваат од анализата ќе бидат од значење за јужната славистика.

1.2.1. Научен придонес

Оваа докторска дисертацијата ќе помогне во проширувањето на сознанијата за сложениот процес на развој на македонскиот писмен јазик во неговиот претстандарден период со тоа што ќе покаже нови теми во науката за македонскиот јазик од периодот на 19 век. Дисертацијата го потврдува значајното место што го зазема Јордан Хаџи Константинов-Џинот во развојот на македонскиот писмен јазик благодарение на ставовите за модернизација и упростување на правописот и на употребата на живиот народен говор.

Резултатите од истражувањето ќе најдат своја примена во областа на македонистиката – во сферата на научните истражувања на македонскиот јазик од областите историја на македонскиот јазик, историска граматика и историска фонологија на македонскиот јазик, дијалектологија, морфологија, лексикологија, стилистика. Овој труд ќе има особен придонес во понатамошните истражувања од историјата на јазикот и историската граматика истовремено збогатувајќи ги научните перспективи во областите на јужната славистика и на балканистиката.

Согледувањата и заклучоците можат да најдат своја примена во анализата на македонските текстови од 19 век. Сознанијата што произлегуваат од истражувањето претставуваат надополнување на историјата на јужнословенската лингвистика и литература, но и историјата на лингвистиката и литературата на словенските и на балканските народи.

1.2.2. Нацрт на содржината на трудот

Со оглед на обемноста на предметот на истражување, докторската дисертација е поделена на осум дела. Во *Воведот* на дисертацијата се дава општ приказ на општествено-историската и јазичната ситуација во Македонија во 19 век, се воведува предметот на истражувањето, се образложуваат целите и методите на истражувањето, се презентираат теориските поставки и релевантната литература.

Во првиот дел на трудот, *Преглед на тенденциите за решавање на правописните прашања во 19 век кај јужнословенските писмени јазици (македонскиот, бугарскиот, српскиот) и кај балканските несловенски јазици (грчкиот, албанскиот, ароманскиот*, покрај општиот приказ на решавањето на правописните прашања кај јужнословенските и балканските несловенски јазици, се разгледуваат правописните решенија и практики на „среднистите“ и „македонистите“ во однос на македонскиот јазик и правописните решенија и практики во македонските текстови со грчко писмо (алфавит).

Во вториот дел од трудот, *Правописните тенденции и правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот*, се разгледува инвентарот на графеми што го користи Џинот за бележење на гласовите во македонскиот јазик. Во овој дел се опфатени: пишувањето на самогласките; пишувањето на согласките; согласните групи; правописните правила засновани на фонетски и морфонолошки промени кај согласките; употребата на големата и на малата почетна буква; слеаното, полуслеаното

и разделеното пишување на зборовите; интерпункцијата; правописните знаци; скратениците и скратувањата на зборовите; делењето на зборот на крајот од редот; транскрипцијата и транслитерацијата на туѓите имиња; географските и други имиња; оформувањето текст/делови од текст/писмено обраќање. Детално се разгледува примената на правописните принципи во анализираниот јазичен материјал и се врши споредба на резултатите од анализата со правописните правила во *Правопис на македонскиот јазик* (2015 г.) и *Македонскиот правопис* (1945 г.).

Во третиот дел се прикажува споредбата на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од македонската јазична средина („среднистите“ и „македонистите“). И покрај тоа што Џинот го поврзуваме со идеите на „среднистите“, од направените споредби произлегува заклучокот дека неговиот писмен јазик ги покажува почетоците на стремежот за осовременување на азбуката и, воопшто, на правописот имајќи го предвид изговорот.

Споредбата на применетите правописни правила во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со правописните правила на неговите современици од бугарската и српската јазична средина, која е претставена во четвртиот дел на овој труд, претставува важен дел од намерите за идентификација и анализа на јазичните влијанија и поширокиот општествен контекст во писмениот јазик на Џинот. Оваа споредба овозможува подобро согледување на придонесот на Џинот во процесите чија крајна цел е стандардизација на македонскиот јазик.

Во делот *Заклучни согледувања* се резимирани согледувањата од претходните делови, при што се нагласува придонесот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во оформувањето на македонскиот писмен јазик преку ставовите за модернизација и упростување на правописот и преку практичната реализација со употреба на живиот народен говор.

Потоа следуваат деловите *Забелешки и список на скратеници*; *Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања* и *Литература*. Делот *Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања* содржи факсимили на три ракописи напишани од Јордан Хаџи Константинов-Џинот во педесеттите години на 19 век, кои се чуваат во Бугарскиот историски архив (во рамките на Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“) во Софија.

2. Методи и начин на работа

Методологијата на истражувањето е структурирана преку неколку клучни чекори. Најпрво, се врши ексцерпција на соодветни примери од текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот, со посебен фокус на: азбуката (составот и системот на бележењето на гласовите); пишувањето на самогласките и согласките; правописните правила засновани на фонетски промени; употребата на голема и на мала почетна буква; начинот на пишување на зборовите (слеано, полуслеано, разделено); интерпункцијата; правописните знаци; скратениците; делењето на зборот на крајот од редот; транскрипцијата и транслитерацијата на туѓи имиња; географските имиња и оформувањето на текстови. Примерите произлегуваат од писмата на Џинот, од поезијата, сценско-дијалошките игри, патописите, афоризмите и од неговите статии објавени во *Цареградски вестник* (*Цареградски вѣстникъ*), од текстовите што се објавени во списанието *Гласник* (*Гласникъ*) на Друштвото за српска словесност од Белград, од ракописите на Џинот што се обезбедени од Бугарскиот историски архив во

Софија. Од анализата на примерите се утврдува системот на графеми што го користи Џинот, се идентификуваат конкретни правописни правила и се дефинираат правописните правила што ги применува во различни видови текстови. Се спроведува статистичка обработка, а резултатите од анализите се прикажуваат табеларно. За добиените сознанија се изготвуваат и компаративни табели. Постапката се базира на споредба на јазичниот материјал со правилата и примерите што произлегуваат од *Правопис̄от на македонскиот̄ јазик* (2015 г.) и од *Македонскиот̄ правопис* (1945 г.), но и со писмената практика на современици на Џинот.

Исто така, се разгледуваат можните влијанија на редакциите и коректорите во објавените текстови во познатиот неделник *Цареградски вес̄тник* и со цел да се избегнат можните корекции, вниманието е насочено кон неговите писма што се објавени од Х. Поленаковиќ (Поленаковиќ 1955; 1971). Покрај писмата и текстовите што се објавени во *Цареградски вес̄тник* во периодот 1851 – 1859 година, анализата вклучува и други материјали: оригинални записи на Џинот во ракопис што се чуваат во Бугарскиот историски архив во Софија, еден текст објавен во весникот *Македонија* (*Македония*) од 1926 година, како и две збирки афоризми објавени од Х. Поленаковиќ во 1954 година (Поленаковиќ 1954б). Со анализата не се опфатени текстовите што се предадени според современиот правопис и текстовите што се објавени како анонимни во *Цареградски вес̄тник*, но кои му се припишуваат на Џинот имајќи ги предвид јазикот и стилските карактеристики.

Во текот на целата ексцерпција и при разработката се споредуваат резултатите од анализите на примерите, се извлекуваат заклучоци поаѓајќи од присутната тенденција кон модернизација и упростување на правописот. Меѓу методите што се користат посебно значење има методот на ексцерпција. Се употребува аналитичко-синтетичкиот метод, при што се соединуваат практиката и теоријата. Статистичкиот метод се користи при споредувањето на примерите од текстовите на Џинот со примери од *Правопис̄от на македонскиот̄ јазик* (2015 г.) и *Македонскиот̄ правопис* (1945 г.), како и со примери од текстови на современиците на Џинот. Се користат и методите на дескрипција, класификација, генерализација, специјализација, докажување и побивање. Со примената на методот на индукција се собираат што повеќе податоци за применетите правописни принципи, а истражувањето станува поисцрпно. Подоцна се применува методот на дедукција, со што на проблемот му се посветуваме од теоретски аспект.

3. Резултати на истражувањето

При анализата на сложените процеси што се насочени кон модернизација на правописот на македонскиот јазик треба да ги имаме предвид и веќе започнатите, па дури и речиси завршени процеси на стандардизација на писмените јазици кај балканските словенски и несловенски народи. Балканските земји што успеваат порано да стекнат извесна автономија, успеваат да ги решат значајните прашања поврзани со стандардизацијата и оформувањето на своите писмени јазици уште во почетокот на 19 век.

Грција, првата држава на Балканскиот Полуостров која стекнува автономија успешно ослободувајќи се од османлиското владеење, уште во почетокот на 19 век го актуелизира познатото грчко јазично прашање (грч. *το γλωσσικό ζήτημα*) кое се однесува на изборот на идниот писмен јазик. Дебатата е насочена кон тоа дали народниот грчки јазик – димотики (грч. *δημοτική*) може да биде соодветна основа за националниот

писмен јазик или улогата треба да ја преземе катаревуса (грч. *καθαρεύουσα*) – конзервативна верзија на новогрчкиот јазик, односно еден вид компромис меѓу современиот народен јазик и старогрчкиот.

Албанците, за разлика од другите балкански народи, со почетокот на албанското национално будење во втората половина на 19 век ги започнуваат првите обиди за стандардизација на албанскиот јазик и покрај големиот број предизвици наметнати од различните дијалекти и од многуте азбуки.

Македонскиот, српскиот и бугарскиот јазик покажуваат разлики и сличности во процесот на стандардизација[1] сфатен како нормализација на правописната, фонетската, граматичката и лексичката норма на писмениот јазик што се одвива во текот на 19, односно 20 век (Спасов и др. 2022: 62). Од големо значење за стандардизацијата на српскиот јазик е реформата на Вук Караџиќ, која има свој одраз и во бугарскиот и во македонскиот јазик со силниот поттик за упростување и модернизација на правописните системи.

Значајна улога во развојот на македонскиот писмен јазик, особено во деловите на Македонија кои биле под силно грчко влијание (конкретно, во Јужна и дел од Централна Македонија), имаат македонските текстови со грчко писмо во кои се користи прилагодениот грчки алфавит. Овие текстови ја нагласуваат употребата на македонскиот народен јазик и даваат голем придонес во намалувањето на влијанието на црковнословенскиот јазик.

Македонскиот 19 век го обележуваат две различни гледишта за создавањето на писмениот јазик. Застапниците на првото гледиште (меѓу кои е и Јордан Хаџи Константинов-Џинот) се носители на идејата за создавање заеднички македонско-бугарски јазик во кој ќе доминираат елементите на македонскиот јазик, додека застапниците на второто гледиште се залагаат за оформување на посебен македонски писмен јазик.

Јордан Хаџи Константинов-Џинот се вбројува во првите претставници на македонскиот 19 век кои активно се вклучуваат во филолошките дискусии за писмениот јазик и за неговиот правопис. Од аспект на правописот и изборот на графемите, Џинот се залага за упростување преку отфрлање на одредени графеми како што се ъ, ѫ и ѧ. Во однос на граматика, се залага за архаизација преку синтетизмот што го применува како показател на неговата тенденција за користење на граматички модели на словенската писмена традиција со цел да се постигне одредено обновување на падежниот систем во македонскиот јазик.

Според инвентарот на графемите, може да се заклучи дека Џинот, во својата писмена практика, користи седумдесетина писмени знаци (вбројувајќи ги сите диграфи и графемите со правописниот знак апостроф) за означување на гласовите во македонскиот писмен јазик од педесеттите до осумдесеттите години на 19 век.

[1] Македонскиот, бугарскиот и српскиот јазик имаат доста сличности во процесот на стандардизација поради тоа што развојот на современиот јазичен стандард во македонската, бугарската и српската средина се става во релација со рускоцрковнословенската рецензија која доминантно се употребува во овие краишта во 18 век како писмен јазик, мешана со домашната традиција на црковнословенската писменост (Спасов 2000: 37).

Табела бр. 1: Инвентар на графеми што ги употребува Јордан Хаџи Константинов-Џинот за бележење на гласовите во македонскиот јазик

а А	б Б	в В	г Г	д Д	жд Жд, ді Ді, (г)ю (Г)ю	е Е, є Є, Э	ж Ж
з З	и И, ы Ы, і І, ѣ І, ї Ї, ьі	ј Ј	й Й	ѣ Ѣ	я Я	к К	л Л, ъл, лъ, л’
ль Ль, лѣ Лѣ, ля Ля, лю Лю	м М	н Н	нѣ Нѣ, нь(я) Нь(я), ня Ня	о О	п П	р Р	р’, ’р, ър, ьр, ре, ер, ро, ѫр
с С	т Т, t	кя Кя, ћя Ћя, кі Кі	ћ Ћ	у У	ф Ф	х Х	ц Ц
ч Ч	џ Џ	дж Дж	ђ Ђ	ш Ш	щ Щ	ю Ю	ѳ Ѳ
ѧ, ѫ	ъ Ъ	ь Ь	ѫ Ѫ				
Постари графеми и други знаци со ретка употреба во преписи на (делови од) постари ракописи	ѡ, ѷ, ѕ, ѹ, ӱ, ґ, ѵ, ѽ, ѧ, ꙗ, ◌͡◌						

Постарите графеми и другите знаци (ѡ, ѷ, ѕ, ѹ, ӱ, ґ, ѵ, ѽ, ѧ, ꙗ, ◌͡◌), кои не се дел од неговата вообичаена писмена практика, се среќаваат во преписите на постари текстови.

Како што може да се утврди и од погоре дадената табела[2] (Табела бр. 1), за означување на еден ист глас често пати користи различни графеми:

- *е*, *Е* vs *є*, *Є* vs *Э* (/ПИС: 1 јули 1877/ еретицы; /ПИС: 25 март 1856/ Списаніє; /ПИС-2: 28 април 1856/ Энглези-те);
- *и, И* vs *ы*, *Ы* vs *і*, *І* vs *ї, Ї* vs *ѣ*, *І* vs *ьі* (/ПАТ: ОКОБП-1/ други; /ПАТ: П/ монасы; /ПИС: 23 февруари 1857/ важны; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ исписаны; /ПАТ: ЉПТ/ Кавадарцы (Говедарцы); /ПИС: 6 јануари 1857/ причыны; /ПАТ: ОКОБП-1/, /ПАТ: ОКОБП-2/ Описаніе; /ПИС-3: 9 септември 1856/ Описанїе; /П: РВ/ тьрговцьі);
- самогласното *р* го предава на повеќе начини (*р*, *р’*,*’р*, *ър*, *ьр*, *ер*, *ре*, *ро*, *ѫр*), но најбројни се примерите во кои самогласното *р* го пишува без придружна графема и без апостроф (/ПИС-4: 12 јуни 1856/ срце; /ПАТ: ОКОБП-1/ Тр’ново; /П: ЖИМ/ м’ртовъ; /ПИС: 22 октомври 1878/ сърдце; /ПАТ: ОКОБП-1/ жертва; /ПАТ: ЦГС/ Цьрна; /СДИ: СВЧ-1/ древо то; /ПАТ: ОКОБП-1/ безкровная; /ПАТ: ОКОБП-2/ Зѫрзе).

Џинот, по традиција, редовно ги користи графемите ъ и ь во финална позиција – по согласка, кај сите видови зборови (менливи и неменливи): /ПИС-1: 9 септември 1856/ любовь; /ПИС-2: 28 април 1856/ день; /ПИС: 1 јули 1877/ Господень; /ПИС: 1 јули 1877/ нашь; /ПИС-2: 28 април 1856/ оть; /ПИС: 12 февруари 1856/ робъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ Охридъ; /ПИС: 9 февруари 1855/ Јорданъ Х. Константіновъ Чиновъ Трайковъ; /ПИС: 19 октомври 1856/ петъ; /ПИС-1: 9 септември 1856/ погубатъ; /ПИС: 25 септември 1856/ надъ; /ПИС-2: 28 април 1856/ заръ; /ПИС-2: 28 април 1856/ аманъ.

Специфичните гласови *ѕ́*, *ќ*, *љ* и *њ* ги предава на вообичаен начин за времето во кое живее: *ѕ́ = жѕ*, *ѕі*, *ђ*, *ѓ*, *(ѓ)ю*[3]; *љ = лћ*, *ля*, *ль*, *лю*; *њ = нћ*, *ня*, *нь*(*я*); *ќ = к*, *кя*, *кі*, *ћ*, *ћя*:

[2] Редоследот мала/голема буква е според *Правопис на македонскиот јазик* од 2015 г. (Правопис на македонскиот јазик 2015: 3).

/ПИС: 1 септември 1856/ зграђа; /ПИС: 19 октомври 1856/ калугеръ; /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія; /ПИС-2: 28 април 1856/ воля; /ПИС-2: 28 април 1856/ учительство; /ПИС: 25 март 1856/ любопитство; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Скоплѣ; /ПИС: 1 јули 1877/ трнѣ; /ПАТ: В/ Пчиня; /ПИС-1: 9 септември 1856/ Бошньякъ; /ПИС: 25 септември 1856/ шекеръ; /ПИС: 19 октомври 1856/ чекайки; /ПАТ: ОКОБП-1/ Кіостендила; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ испраѣямъ.

Графемата *s* во анализираниот јазичен материјал не се среќава ниту еднаш, а Џинот ја употребува *з* во сите позиции каде што според денешниот правопис се користи *s*: /ПИС: 19 октомври 1856/ созидалъ; /ПАТ: ОКОБП-1/ зидовы; /ПАТ: ОКОБП-1/ звѣзда; /ПИС-1: 23 април 1859/ се обзирамъ.

Графемата *џ* се среќава ретко, а согласката *џ* често ја бележи исто како и други негови современици – со *ѳж* или само со *ж*: /ПАТ: В/ џаміи; /ПАТ: ОКОБП-2/ кираджіи; /ПИС: 12 февруари 1856/ киражія.

Џинот редовно ја користи графемата *ѣ* кај презимињата што во српската писмена практика завршуваат на *-ѣ* (/ПИС-1: 9 септември 1856/ Трайковиѣъ). Оваа графема се среќава и во рамките на општите именки, главно за обележување на гласот *ќ* или, поретко, за бележење на српското *ѣ* во зборови преземени од српскиот јазик: /ПИС-1: 12 јуни 1856/ (Сладкій ми) Браѣо; /ПИС: 19 октомври 1856/ плаѣа (‘плата’); /ПИС: 19 октомври 1856/ помоѣъ (‘помош’).

Со графемата *щ* ја бележи согласната група *шт͡ш* (/ПИС: 22 октомври 1878/ Щипъ; /ПИС-1: 12 јуни 1856/ щомъ), но наспроти овие примери стојат примерите во кои се употребува графемата *ш* во рамките на согласната група *шт͡ш*: /ПИС-3: 12 јуни 1856/ што; /ПИС: 1 септември 1856/ Штитови.

Во врска со примената на принципот на едначење по звучност може да се заклучи дека се поброjни примерите во кои две согласки со различна звучност, што се наоѓаат во непосреден допир, остануваат непроменети и не се изедначуваат по звучност (СзСб > СзСб[4] – 83 % од примерите; СбСз > СбСз[5] – 10 %, односно вкупно – 93 % од разгледаните примери): /ПИС-1: 9 септември 1856/ подписъ; /ПИС: 12 февруари 1856/ србски; /ПИС-3: 12 јуни 1856/ отговорите; /П: ЖИМ/ женитба.

Во писмената практика на Џинот, со голема почетна буква се пишуваат: првиот збор во реченицата; личните имиња, презимињата, фамилијарните имиња и други определби што влегуваат во состав на името; имињата на жителите на региони и држави, вклучувајќи ги и називите на етничките групи на Балканскиот Полуостров; географските имиња; називите на органите на власта; верските институции и називите на верските објекти.

Џинот ја избегнува употребата на членските морфеми бидејќи тие претставуваат пречка за неговата замислена архаизација на јазикот преку обидот за извесно обновување на падежниот систем. Во случаите во кои ги употребува, ги пишува на три начини: слеано со основната форма на зборот (/ПИС-2: 28 април 1856/ косата), разделено (/СДИ: СВЧ-1/ древо то) или полуслеано, со употреба на цртичка (-) (/ПАТ: В/ икона-та). Најмногуброjни се случаите во кои членските морфеми се пишуваат слеано со именката (63 % од примерите), додека најмал број се случаите на разделено пишување (11 %).

---

[3] Џинот ја изостава почетната графема *ѓ* на диграфот *ѓю* што според традицијата во 19 век се користи за означување на специфичниот глас *ѓ*: /ПИС: 1 јули 1877/ юмрукчія (*ѓумрукчија* – цариник; од тур. *gümrük* – царинарница).

[4] Сз – согласка звучна; Сб – согласка безвучна.

[5] Истото.

Џинот ги употребува следните интерпункциски знаци: точка (.), прашалник (?), извичник (!), запирка (,), точка и запирка (;), две точки (:); три точки (...); загради ( ); наводници („“). Директниот говор го обележува со црта (тире), со наводници или воопшто не го бележи со интерпункциски знаци. Ги користи следните правописни знаци: точка, запирка, црта (тире), цртичка, загради, коса црта, апостроф, ѕвездичка, белина, но и други знаци како што се степен (º) и специјалниот знак за да означи парични средства (≠).

Џинот, со цел да се заштеди простор и време при пишувањето, често пати скратува некои пофреквентни зборови, при што скратувањето на зборовите не ја намалува разбирливоста на текстовите: *Г.* – господин (/С: Б-ЛБ-4/ Г. Василій Априловъ); *и др.* – и друго (/ПИС-1: 9 септември 1856/ и др.). Во анализираниот јазичен материјал не се среќаваат скратеници – акроними.

Делењето на зборот на крајот од редот во писмената практика на Јордан Хаџи Константинов-Џинот се разгледува во неговите оригинални записи – ракописи со цел да се исклучи можноста за корекција од страна на редакциите што ги издаваат неговите творби. Кога нема доволно простор за последниот збор во редот, тој се дели – едниот дел останува, а другиот дел се пренесува во следниот ред. При пренесувањето на зборот во нов ред се употребува знакот цртичка (-) што се пишува по првиот дел од зборот: /ТР: СМ/ мо-же; /ТР: УЦВ/ учи-лището; /ТР: УЦВ/ без-честь.

При пренесувањето на туѓите имиња има предвид дека нивните гласовни вредности се прилагодуваат кон гласовниот систем на македонскиот јазик, а гласовите што ги нема во нашиот јазик ги предава со наши слични гласови: алб. *Kavajë*[6] – /ПИС: 9 февруари 1855/ Кавая[7]; лат. *Aurora* – /П: А/ Аврора; срп. *Стефан Верковић*[8] – /ПИС-1: 9 септември 1856/ Стефанъ Верховић; буг. *Кюстендил*[9] – /ПИС-2: 9 септември 1856/ Кестендилъ; грч. *Σέρρες*[10] – /ПИС: 9 февруари 1855/ Серресъ; грч. *Οὐρανία* – /СДИ: МДМОРИБ/ Уранія; анг. *The Times* – /ПАТ: М-Б/ Таймсъ (Тимесъ).

Литературните и публицистичките текстови, како и неговите писма, се добро организирани од аспект на композицијата, а составните делови најчесто се соодветно визуелно изделени. Писмата на Џинот често пати започнуваат со мото (народна мудрост, стихови – на македонски или грчки јазик, куси искази на грчки јазик) од десната страна, а некогаш содржат и цртежи кои се наоѓаат на левата страна, од почетокот. Текстовите имаат јасна и едноставна содржина и често пати ја одразуваат емоционалната состојба на Џинот, особено во периодите на интензивни прогонства и измачувања.

[6] Kavajë – според современиот стандарден албански јазик.
[7] Кавая, град во Западна Албанија.
[8] Стефан Верковић – според современиот стандарден српски јазик.
[9] Кюстендил – според современиот стандарден бугарски јазик.
[10] Σέρρες – според современиот стандарден грчки јазик.

4. Заклучок

Во докторскиот труд *Правописните правила во текстовите на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во споредба со неговите современици* е докажан стремежот на Џинот за упростување и модернизација на правописните правила, со што се потврдуваат хипотезите (главната – 1 и дополнителната – 2) кои беа поставени на почетокот:

1. *Јордан Хаџи Константинов-Џинот, како еден од првите што го отворил прашањето за писмениот јазик во Македонија, има значајно место во развојот на македонскиот писмен јазик.*

2. *Може да се следи придонесот на Јордан Хаџи Константинов-Џинот во оформувањето на македонскиот писмен јазик преку ставовите за модернизација и упростување на правописот и преку употребата на живиот народен говор.*

Јордан Хаџи Константинов-Џинот има значајна улога во процесот на модернизација и развој на правописот на македонскиот писмен јазик со неговите идеи за поедноставување на графискиот систем и, воопшто, на правописот. И покрај неговите декларативни заложби за упростување, практичната примена на неговите идеи останува ограничена, но тие, сепак, претставуваат важна основа за понатамошниот развој на македонската филолошка мисла. Иако не ги применува во целост правилата што ги предлага, особено во поглед на употребата на графемата ъ во крајна позиција, сепак, се забележува обид за упростување со тоа што го употребува живиот народен говор во неговата писмена практика, не ја употребува графемата ѣ, додека ѫ се среќава сосема ретко, главно, како придружна графема на самогласното *р*. Џинот прв во својата практика заклучува дека е економично самогласното *р* да се пишува без придружна графема и ваквиот начин на бележење е наследен и од Мисирков (Конески 1986: 23).

Упростувањето на правописот на српскиот писмен јазик, како и јазичните дискусии во Бугарија со иста цел – модернизација на графискиот систем и, воопшто, на правописот на бугарскиот писмен јазик, имаат влијание и во формирањето на јазичните ставови на Џинот. Применетите правописни принципи, во кои е очигледно дека Џинот поаѓа од македонската јазична реалност, го оддалечуваат од српските и бугарските правописни традиции и современици. Со тоа, тој поставува основи за посебен македонски правопис.

Колебањето на Џинот во поглед на употребата на одредени графеми и во поглед на примената на некои правописни принципи кои самиот ги предлага или, пак, се дел од тогашната писмена практика, е сосема разбирливо поради тоа што тој е еден од првите учесници во дискусиите за оформувањето на идниот писмен јазик и неговиот правопис во време кога сè уште не постоела стандардизирана појава на јазикот.

Наспроти неговите заложби за архаизација на формите, односно за усложнување во поглед на морфологијата преку синтетизмот, Џинот покажува свест за потребата од модернизирање на правописот. Неговите идеи влијаат на интензивирањето на сложениот процес на модернизација и усовршување на правописот на македонскиот писмен јазик што завршува со стандардизацијата на македонскиот јазик во 20 век.

5. Список на скратеници

ПИС – писма[11]

1. **/ПИС: 9 февруари 1855**/ – писмо од 9 февруари 1855 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
2. **/ПИС-1: 9 септември 1856/** – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
3. **/ПИС-2: 9 септември 1856**/ – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
4. **/ПИС-3: 9 септември 1856/** – писмо од 9 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
5. **/ПИС: 12 февруари 1856/** – писмо од 12 февруари 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
6. **/ПИС: 25 септември 1856/** – писмо од 25 септември 1856 г., упатено до Јован К. Поповиќ (Јован К. Поповић), член на Друштвото за српска словесност од Белград.
7. **/ПИС: 25 март 1856/** – писмо од 25 март 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
8. **/ПИС-2: 28 април 1856/** – писмо од 28 април 1856 г., неадресирано, но веројатно упатено до Друштвото за српска словесност од Белград.
9. **/ПИС-1: 12 јуни 1856/** – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
10. **/ПИС-3: 12 јуни 1856/** – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
11. **/ПИС-4: 12 јуни 1856/** – писмо од 12 јуни 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
12. **/ПИС: 1 септември 1856/** – писмо од 1 септември 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
13. **/ПИС: 19 октомври 1856/** – писмо од 19 октомври 1856 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
14. **/ПИС: 6 јануари 1857/** – писмо од 6 јануари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
15. **/ПИС: 23 февруари 1857/** – писмо од 23 февруари 1857 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
16. **/ПИС-1: 23 април 1859/** – писмо од 23 април 1859 г., испратено до Друштвото за српска словесност од Белград.
17. **/ПИС: 1 јули 1877/** – писмо од 1 јули 1877 г., упатено до пријател на Цинот.
18. **/ПИС: 22 октомври 1878/** – писмо од 22 октомври 1878 г., упатено до пријател на Цинот.

ПАТ – патописи

19. **/ПАТ: В/** – патописот *Велесъ* [*Велес*][12], објавен во *Цареградски вестник* бр. 204 од 18 декември 1854 г.
20. **/ПАТ: П/** – патописот *Прилепъ* [*Прилеп*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 205 од 25 декември 1854 г.
21. **/ПАТ: М-Б/** – патописот *Манастир (Битоља)* [*Манастир (Битола)*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 210 од 29 јануари 1855 г.
22. **/ПАТ: ЉПТ/** – патописот *Љубляно-Пеонія (Тиквешъ)* [*Љубљано-Пеонија (Тиквеш)*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 214 од 26 февруари 1855 г.
23. **/ПАТ: ЦГС/** – патописот *Цьрна Гора Скопска* [*Црна Гора Скопска*], објавен во *Цареградски вестник* бр. 211 од 26 февруари 1855 г.
24. **/ПАТ: ОКОБП-1/** и **/ПАТ: ОКОБП-2/** – патописот со наслов *Описаніе на Кр'сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ* [*Опис на Кичево, Охрид, Битола и Прилеп*], објавен во два дела во *Цареградски вестник* – бр. 422 од 14 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-1/) и 423 од 21 март 1859 г. (/ПАТ: ОКОБП-2/).

[11] Поленаковиќ (1955: 7–57; 1971: 337–347).

[12] Покрај дословно предадените наслови, во квадратни загради се дадени и нивните еквиваленти на современ македонски јазик – заб. на авторката.

П – поезија

25. **/П: ЖИМ/** – песната *Женитба Ива отъ Меглена, Болгарска Войвода. Въ Царствование-то Царя Шишмана* [*Женидба Ива од Меглена*][13], објавена во *Цареградски вестник* бр. 439 од 11 јули 1859 г.
26. **/П: А/** – песната *Аврора*, објавена во *Цареградски вестник* бр. 88 од 21 јуни 1852 г.
27. **/П: РВ/** – песната *Рѣка Вардаръ* [*Реката Вардар*], објавена во весникот *Македонија* бр. 69 од 31 декември 1926 г.

СДИ – сценско-дијалошки игри

28. **/СДИ: СВЧ-1/** – сценско-дијалошката игра *Седумъ возрасти человѣческій* [*Седум возрасти човечки*], објавена во *Цареградски вестник*, прв дел – бр. 56 од 13 октомври 1851 г.

С – статии

29. **/С: Б-ЛБ-4/** – статијата со наслов *Болгарска писмменость. Прикладъ на ъ, ѫ, ѣ. Продолженіе и конецъ* [*Бугарска писменост – Примери за ъ, ѫ, ѣ. Продолжение и крај*], објавена во *Цареградски вестник* бр. 85 од 10 мај 1852 г.

ТР – текстови во ракопис[14]

30. **/ТР: СМ/** – текст со наслов *Страданіе мое* [*Страдание мое*], Фонд 786 Nº – 1 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис.
31. **/ТР: УЦВ/** – текст со наслов *Умъ царуе и вѣруе* [*Ум царува и верува*], Фонд 786 Nº – 2 во Бугарскиот историски архив во Софија; ракопис.

6. Користена литература

Басотова, Љ. 1983. „За драмолетот *Сербија шатаетсја в земљ своих* од Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Прилози*, кн. VIII, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 81–88.

Басотова, Љ. 1991. „Антиката како инспирација во драмскиот опус на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Жива антика*, бр. 9. Скопје: Сојуз на друштвата за антички студии на Македонија, 85–90.

Деспотовска, Б. 2014. *Јазичниот синтетизам во писмениот јазик на Јордан Хаџи Константинов-Џинот* (магистерски труд). Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“.

Димитровски, Т. 1982. *Од Пејчиновиќ до Рацин – јазични и литературно-историски прилози*. Скопје: Култура.

Димитровски, Т. 1983. „Јордан Хаџи Константинов-Џинот и јазикот на Македонците (говорен и писмен)“. *Прилози*, кн. VIII, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 45–65.

Друговац, М. 1996. *Македонската книжевност за деца и младина – од Џинот до Чинго*. Скопје: Детска радост.

Зографска, Е. 1978. „Кон две драмски творби со античка тематика од Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот, 399–410.

Кантарџиев, Р. 1996. „Јордан Хаџи Константинов-Џинот – преродбеник и просветител“. *Просветно дело*, год. 50, бр. 5. Скопје: Министерство за просвета на Народна Република Македонија, 3–13.

Конески, Бл. 1950. *Македонската литература во 19 век (краток преглед и текстови)*. Скопје: Државно книгоиздателство на НР Македонија.

Конески, Бл. 1981. *За литературата и културата*. Скопје: Култура/Македонска книга/Мисла/Наша книга.

Конески, Бл. 1986. *Македонскиот XIX век (јазични и книжевно-историски прилози)*. Скопје: Култура.

Конески, Бл. 1987. *Јордан Хаџи Константинов-Џинот*, *избрани страници*. Скопје: Матица македонска.

Конески Бл., Јашар–Настева О. 1972. *Македонски текстови од X до XX век*. Скопје: Универзитет „Кирил и Методиј“.

[13] Во еквивалентот се задржани падежните наставки со цел да се зачува јазичната автентичност на изразот.

[14] Факсимилите се наоѓаат во делот *7. Избор на факсимили и потребни нивни објаснувања* од докторскиот труд.

Матковски, А. 1966. „Џинот како прв собирач на стари ракописи и книги“. *Библиотекарска искра*, списание на Друштвото на библиотекарите, год. 3, бр. 9–10. Скопје: Библиотечен центар при Народната библиотека, 62–78.
Поленаковиќ, Х. 1951. „За библиотеката на Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, книга 7. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, 3–28.
Поленаковиќ, Х. 1954а. „Биографски прилог за запознавањето на Џинот – едно автобиографско писмо на Џинот од 1956 година“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, книга 7. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, 61–67.
Поленаковиќ, Х. 1954б. „Две збирки од афоризми на Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*, книга 7. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје, 69–78.
Поленаковиќ, Х. 1955. *Кореспонденцијата на Јордан Хаџи-Константинов-Џинот со Друштво српске словесности*. Скопје: Филозофски факултет.
Поленаковиќ, Х. 1957. „Врските на Јордан Хаџи Константинов-Џинот со Друштво српске словесности“. *Beogradski međunarodni slavistički sastanak* (15 – 21.IX 1955). Beograd: Izdanje Organizacionog odbora, 647–651.
Поленаковиќ, Х. 1967. „Сарадници Друштва српске словесности из Македоније“. Посебни отисак из *Споменице у част новоизабраних чланова Српске академије наука и уметности*, књ. 30. Београд: Српска академија наука и уметности, 203–215.
Поленаковиќ, Х. 1969. *Страници од македонската книжевност*. Скопје: Македонска книга.
Поленаковиќ, Х. 1971. „Неколку необјавени писма од Јордан Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*. Скопје: Филозофскиот факултет, Историско-филолошки оддел, 337–347.
Поленаковиќ, Х. 1973. *Во екот на народното будење*. Скопје: Мисла.
Спасов, Љ. 2000. „Разликите и сличностите на процесот на стандардизацијата меѓу бугарскиот, српскиот и македонскиот јазик (некои аспекти на проблемот)“. *Процесот на стандардизацијата на македонскиот јазик во споредба со соодветните процеси во другите словенски и балкански јазици* – тркалезна маса по повод 125-годишнината од раѓањето на Крсте Мисирков. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 37–47.
Спасов Љ., Јовановски Д., Јованова-Грујовска Е., Габер В. 2022. „Првата стандардизација на македонскиот јазик на К. Мисирков наспроти конечната стандардизација и улогата на Бл. Конески во неа“. *Македонски јазик*, LXXIII, Скопје: Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 57–73.
Тодоровски, Г. 2004. *Книга за Џинот*. Скопје: Матица македонска.
Тоциновски, В. 1983. „Џинот како литературна инспирација“. *Прилози*, кн. VIII, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 151–158.
Тушевски, В. 1996. „Влијанието на руската културно-просветна литература врз творештвото на Јордан Константинов-Џинот“. *Македонско-руските врски во XIX и почетокот на XX век*. Скопје: Сојуз на друштвата на историчарите на Република Македонија, 185–196.
Тушевски, В. 2000. *Поетика и реторика на новата македонска книжевност – XIX век*. Скопје: Менора.
Тушевски, В. 2001. „Славјански дом – училиштето на Јордан Џинот во Скопје“. *Литературен збор* – 1, 2. Скопје: Сојуз на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија, 7–9.
Тушевски, В. 2003. *Јордан Хаџи Константинов-Џинот, живот и дело*. Скопје: Менора.
Тушевски, В. 2013. *Нова македонска книжевност*. Скопје: Менора.
Џамбазовски, К. 1956. „Јордан Хаџи Константинов-Џинот како заштитник на старите славјански книги и ракописи“. *Библиотекарска искра* – списание на Друштвото на библиотекарите, год. 2, бр. 5/6. Скопје: Библиотечен центар при Народната библиотека, 53–64.
Џамбазовски, К. 1983. „Јордан Хаџи Константинов-Џинот поборник на културно-просветните врски на македонскиот со српскиот народ во средината на XIX век“. *Прилози*, кн. VIII, бр. 1–2. Скопје: Македонска академија на науките и уметностите, 105–116.
Шоптрајанов, Ѓ. 1949. „Библиотеката на Јордан Хаџи Константинов-Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот – Скопје*, кн. 2. Скопје: Филозофски факултет, 3–151.

Извори

1. Поленаковиќ, Х. 1955. *Кореспонденцијата на Јордан Хаџи-Константинов-Џинот со Друштво српске словесности*. Скопје: Филозофски факултет.
2. Поленаковиќ, Х. 1971. „Неколку необјавени писма од Јордан Џинот“. *Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје*. Скопје: Филозофскиот факултет, Историско-филолошки оддел, 337–347.
3. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. 1851. „Седумъ возрасти человѣческій“. *Цариградски вѣстникъ*, число 56, 13 Октомврія 1851. Цариградъ: Типографія-та Ц. Вѣстника, 3–4.
4. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. 1852. „[Болгарски] Продолженіе“. *Цареградски вѣстникъ*, число 84, 3 Май 1852. Цариградъ: Типографія-та Ц. Вѣстника, 3–4.
5. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1852. „Болгарска писмменость. Прикладъ на ъ, ѫ, ѣѫ. Продолженіе и конецъ“. *Цареградски вѣстникъ*, № 85, 10 Маія 1852. Цареградъ: Типографія-та Ц. Вѣстника, 3–4.
6. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1852. „Аврора“. *Цареградски вѣстникъ*, № 88, Іюнія 21, 1852. Цареградъ: Типографія-та Ц. Вѣстника, 4.
7. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1854. „Велесъ“. *Цареградски вѣстникъ*, № 204, Декемврія 18, 1854. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 4.
8. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1854. „Прилепъ“. *Цареградски вѣстникъ*, № 205, Декемврія 25, 1854. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 3–4.
9. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1855. „Манастырь (Битоля)“. *Цареградски вѣстникъ*, № 210, Яннуарія 29, 1855. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 3–4.
10. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1855. „Цьрна Гора Скопска“. *Цареградски вѣстникъ*, № 211, Февруарія 5, 1855. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 3–4.
11. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1855. „Любљано-Пеонія (Тиквешъ)“. *Цареградски вѣстникъ*, № 214, Февруарія 26, 1855. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 3–4.
12. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. 1859. „Описаніе на Кр’сточва, Охридъ, Бытола и Прилепъ“. *Цареградски вѣстникъ*, № 422, Мартъ 14, 1859. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 3.
13. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. (Іорданъ Х. Константиновъ). 1859. „Описаніе на Кр’стчова, Охридъ и Бытола“; Продолженіе отъ число 422. *Цареградски вѣстникъ*, № 423, Мартъ 21, 1859. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника, 2–3.
14. Хаџи Константинов-Џинот, Ј. 1859. „Женитба Ива отъ Меглена, Болгарска Войвода. Въ Царствование-то Царя Шишмана“. *Цареградски вѣстникъ*, № 439, Іулія 11, 1859. Цареградъ: Печатница Ц. Вѣстника и Содружія, 3.
